ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК — СКОПЈЕ
L'INSTITUT DE LA LANGUE MACÉDONIENNE — SKOPJE
Посебни изданија, книга 3 * Éditions spéciales, livre 3

БОЖО ВИДОЕСКИ

КУМАНОВСКИОТ ГОВОР

СКОПЈЕ — SKOPJE
1962

СКРАТЕНИЦИ

Archiv	=Archiv für Slavische Philologie, Berlin
Белић, Дијалекти	=А. Белић, Дијалекти Источне и Јужне Србије, Београд 1905
Berneker, SEW	=E. Berneker, Slavisches etymologisches Wörterbuch, I, II, Heidelberg 1908—1913
Broch, Dialekte	=O. Broch, Die Dialekte des südlichsten Serbiens, (Schriften der Balkankommision, Linguist. Abt., I, Heft III), Wien 1903
Vaillant, L'évang. de Kul.	=A. Mazon, A. Vaillant, L'évangéliaire de Kulakia, un parler slave du Bas-Vardar, Paris 1938
Vasmer, REW	=M. Vasmer, Russisches etymologisches Wörterbuch, Heidelberg 1950 nt.
ВИљ	=Васил Иљоски, Ленче Кумановче (ракопис)
Вук	=Вук Стеф. Караџић, Српски рјечник[4], Београд 1935
Геров	=Н. Геровъ, Рѣчникъ на блъгарскый языкъ, I—IV, Пловдивъ 1895—1908
ГзбСФФ, и. ф. од.	=Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, Историско-филолошки оддел, Скопје
ГзбСФФ, пр. мат. од.	=Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, Природно-математички оддел, Скопје
ГлСНД	=Гласник Скопског научног друштва, Одељење друштвених наука, Скопје
ГСУ	=Годишникъ на Софиския университетъ, Историко-филологически факултетъ, София
Ел	=Г. Елезовић, Речник косовско-метохиског дијалекта, I, II, Београд 1932, 1935
ИА	=Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, т. II. кн. 1, Скопје 1952
ИССФ	=Извѣстия на Семинара по славянска филология, София
ЈФ	=Јужнословенски филолог, Београд
Книжици	=Книжици за прочитъ, съ белетристическо, техническо, научно и забавително съдържание, Солунъ
Конески, Граматика	=Б. Конески, Граматика на македонскиот литературен јазик, I, II, Скопје 1952, 1954
Lexicon	=F. Miklosich, Lexicon paleoslovenico-graeco-latinum, Vindobonae 1862—1865
МЈ	=Македонски јазик, Скопје
Минало	=Минало, българо-македонско научно списание, София

Младенов, ЕР	=С. Младеновъ, Етимологически и правописенъ речникъ на българския книжовенъ езикъ, София 1941
МП	=Македонски прегледъ, София
Pop, Dialektologie	=Sever Pop, La Dialectologie, Aperçu historique et méthodes d'enquêtes linquistiques, I, II, Louvain 1950
Rad	=Rad Jugoslavenske akademije znanosti i umjetnosti, Zagreb
RES	=Revue des études slaves, Paris
RJA	=Rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika, izd. Jugoslavenska akademija, Zagreb 1880 нт.
СбНУ	=Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, София
СДЗ	=Српски дијалектолошки зборник, Београд
Селищев, Очерки	=А. Селищевъ, Очерки по македонской диалектологии, Казанб 1918
Селищев, Полоі	=А. Селищев, Полог и его болгарское население, София 1929
СйБАН	=Списание на Българската академия на наукитѣ, София
Тон	=Тонфилъм (ракописна пиеска)
ХВ	=Ј. Хаџи Васиљевић, Јужна Стара Србија, I, Београд 1909
Hirtz	=M. Hirtz, Rječnik narodnih zoologičkih naziva, knj. I, II, Zagreb 1928, 1938—1947
ХП	=Х. Поленаковиќ, Пословици од Куманово (ракописна збирка)
Šulek	=В. Šulek, Jugoslovenski imenik bilja, Zagreb 1879

Скратеници на имињата на селата

Арб	=Арбана́шко	*Др*	=Дре́нъ^{а}к
АїС	=А́гино Се́ло	*Жеї*	=Же́гњане
Баj	=Ба́јловце	*Јач*	=Ја́чинце
Бель	=Бељаковце	*Кан*	=Канаре́во
Бујк	=Бу́јковце	*Кеш*	=Кете́ново
Буков	=Буко́вљане	*КБ*	=Ку́тли Бе́г
Буч	=Бу́чинце	*Клеч*	=Кле́човце
В	=Винце	*Коин*	=Ко́инце
Гер	=Ге́рман	*КК*	=Кри́ви Ка́мен
Гин	=Ги́новце	*Кук*	=Ку́клица
ГК	=Го́рно Ко́јнаре (Скопско)	*Кум*	=Кума́ново
Град	=Гради́ште	*Лоп*	=Ло́пате
Ддр	=Дељадровце	*Љуб*	=Љу́бинци
Деил	=Деи́ловце	*Мал*	=Ма́лотино
Див	=Ди́вле	*Маш*	=Мате́јча
Длъб	=Длъбочи́ца	*Мил*	=Миладиновци
Длъб(к)	=Длъбочи́ца (козјачка)	*Милуш*	=Милути́нци
		МлН	=Мла́до Нагори́чино

Можд =Можди́вњак
Мурī =Му́ргаш
Мьī =Мь́глинце
Ник =Ники́љане
Обл =О́блавце
Одр =О́дрено
Оп̄ =О́пила
Ор =Ора́шъ[а]ц
Ос =Оси́че
От̄ =Ото́шница
Пез =Пе́зово
Пель =Пе́љинце
Пен =Пе́ндаќ
Пет̄р =Петрали́ца
Проj =Про́јевце
Пс =Пса́ча
Пч =Пчи́ња
Рад =Ра́дибуш
Рам =Ра́мно
Ранк =Ранко́вце
Ром =Рома́новце
Руć =Ру́ћинце
СтН =Ста́ро Нагори́чино
СтБ =Студе́на Ба́ра
Ст̄ =Сте́панце
Стр =Страци́н
Стрез =Стре́зовце
Таб =Таба́новце
Тал =Талашма́нце
Топ̄ =Тополови́ќ
Чел =Челопе́к
Чет̄ =Че́тирце
ШР =Шо́пско Руда́ре

СПИСОК
НА УПОТРЕБЕНАТА ЛИТЕРАТУРА

Аванесов Р. И., Очерки русской диалектологии I, Москва 1949.

Белић А., Дијалекти Источне и Јужне Србије, Београд 1905.

Белић А., О дијалекатском материјалу О. Броха у књизи: Die Dialekte des südlichsten Serbiens, СДЗ, књ. II, 1911, стр. 1—104.

Белић А., Аорист имперфективних глагола, ЈФ, књ. V, 1925—1926, стр. 171—182.

Белић А., Галички дијалекат, Београд 1935.

Белић А., Савремени српскохрватски књижевни језик, II део: Наука о грађењу речи, Београд 1949 (литографисано).

Белић А., Историја српскохрватског језика, књ. II, св. 1, 2, Београд 1950 (литографисано).

Беличъ А., Диалектологическая карта сербскаго языка, С. П., 1905. (Сборникъ по славяновѣдѣнию II).

Broch O., Die Dialekte des südlichsten Serbiens, Wien 1903 (Schriften der Balkankommission, Linguist. Abt., I, Heft III).

Видоески Б., Поречкиот говор, Скопје 1950 (Дипломски работи, кн. 1).

Видоески Б., Акцентот во кратовскиот говор, МЈ, III, 1952, бр. 3, 4, 5, 6,

Видоески Б., Северните македонски говори, МЈ, V, 1954, кн. 1, стр. 1—30, кн. 2, стр. 109—198.

Вуковић Ј., Говор Пиве и Дробњака, ЈФ, XVII, 1938—1939, стр. 1—113.

Глиморовъ М., Говорътъ на малорѣканцитѣ (мияцитѣ) въ Дебърско, ИССФ, кн. II, 1907, стр. 201—304.

Грицкат И., О перфекту без помоћног глагола у српскохрватском језику и сродним синтаксичким појавама, Београд 1954.

Думевъ В., Воденскиятъ говоръ, МП, XIII, 1943, кн. 3, стр. 8—42, кн. 4, стр. 26—88.

Елезовић Г., Извештај са дијалектолошког путовања од Вучитрна до Пећи, СДЗ, књ. II, 1911, стр. 464—473.

Ивановъ Д., Гевгелийскиятъ говоръ, София 1932.

Ивановъ Й., Сѣверна Македония, София 1906.

Ивановъ Й., Сѣверозападнитѣ македонски говори — Тетовско, Скопско и Кратовско, Минало, кн. I, 1909, стр. 61—66.

Ивановъ Й., Български старини изъ Македония[2], София 1931.

Ивић П., Дијалектологија српскохрватског језика, Нови Сад 1956.

Ивковић М., Акцентски системи српско-македонских говора, ЈФ, II, 1921, књ. 3—4, стр. 254—271, IV, 1924, стр. 46—71.

Jagić V., Ein Kapitel aus der Geschichte der südslavischen Sprachen, Archiv, B. XVII, 1895, s. 47—87.

Конески Б., Прилепскиот говор, ГЗбСФФ, и. ф. од., кн. 2, 1949, стр. 247—301.

Конески Б., Побѫжда — Побоужда, MJ, II, 1951, бр. 9—10, стр. 217—221.

Конески Б., Граматика на македонскиот литературен јазик, I, II Скопје 1952, 1954.

Лавровъ П., Обзоръ звуковыхъ и формальныхъ особеностей болгарскаго языка, Москва 1893.

Leskien A., Die Betonungstypen des Verbums im Bulgarischen, Archiv, XXI, 1899, c. 1—10.

Lunt H., A Grammar of the macedonian literary Language, Skopje 1952.

Mazon A., Contes slaves de la Macèdoine sud-occidentale. Étude linguistique; textes et traduction; notes de folklore. (Travaux publiés par l'Jnstitut d'études slaves, I), Paris 1923.

Mazon A., Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du Sud, (Bibliothèque d'études balkaniques V), Paris 1936.

Mazon A., Vaillant A., L'évangéliaire de Kulakia, un parler slave du Bas-Vardar (Bibliothèque d'études balkaniques VI), Paris 1938.

Милетић Б., Црмнички говор, СДЗ, књ. IX, 1940, стр. 211—663.

Мирчевъ К., Къмъ македонската диалектология, МП, IX, 1938, кн. 1 и 2, стр. 63—70.

Мирчевъ К., Стари и нови iterativa въ източно-македонскић говори, СпБАН, L (24), 1934, стр. 197—222.

Мирчевъ К., Неврокопскиятъ говоръ, ГСУ, XXXII, 1936, стр. 1—134.

Мирчев К., Историческа граматика на българския език, София 1952.

Mladenov S., Geschichte der bulgarischen Sprache, Berlin 1929.

Мусић А., Аорист имперфективних глагола у српскохрватском језику, ЈФ, V, 1925—1926, стр. 27—41.

Маслов С., Из наблюдений над категориями вида и времени в современном болгарском языке, Доклады и сообщения Филологического института, вып. 1, Ленинград 1949.

Mahtigal R., Slovanski jeziki², Ljubljana 1952.

Новаковић С., Законски споменици, Београд 1912.

Oblak V., Macedonische Studien, Die slavische Dialecte des südlichsten und nordwestlichen Macedoniens, Wien 1896 (Sitzungsber. d. Akad. d. Wiss. Phil.-hist. Kl., Bd. CXXXIV, Abh. VIII).

Павловић М., Говор Сретечке Жупе, Београд 1939.

(Петров Ѓ.), Материали по изучването на Македония, София 1896.

Pop S., La Dialectologie, Aperçu historique et méthodes d'enquêtes linguistiques, I, II, Louvain 1950.

Ramovš F., Historična gramatika slovenskega jezika, II, VII, Ljubljana 1924, 1935.

Романски С., Долновардарскиятъ говоръ, МП, VIII, 1932, кн. 1, стр. 99—140.

Sandfeld K., Linquistique balkanique, Problèmes et résultats, Paris 1930.

Селищевъ А., Очерки по македонской диалектологии, т. I, Казань 1918.

Селищев А., Полог и его болгарское население, Исторические, этнографические и диалектологические очерки северозападной Македонии, София 1929.

Селищев А., Говоры области Скопья, МП, VII, 1931, кн. 1, стр. 33—82.

Селищев А., Славянское население в Албании, София 1931.

Селищев А., Македонские кодики XVI—XVIII веков, Очерки по исторической этнографии и диалектологии Македонии, София 1933.

Селищев А., Диалектологическое значение македонской топонимии, Сборникъ въ честь на проф. Л. Милетичъ, София 1933, стр. 29—46.

Селищев А., Хаджи Йоаким и язык его книг, МП, IX, 1935, кн. 3 и 4, стр. 133—155, X, 1936, кн. 1 и 2, стр. 118—142.

Skok P., О bugarskom jeziku u svjetlosti balkanistike, ЈФ, XII, 1933, стр. 73—146.

Стеванович М., Ђаковачки говор, СДЗ, књ. XI, 1950, стр. 1—152.

Стојановић Љ., Стари српски записи и натписи, Београд.

Стойковъ С., Показалецъ на обнародванитѣ материали по българска диалектология, Сборникъ на Българската академия на наукитѣ, т. XXXI, София 1937.

Стойковъ С., Българска диалектология (за I курс на учителските институти), София 1955.

Таховски А., Грчки зборови во македонскиот народен говор, Прилог кон етимолошкиот речник на македонскиот јазик, Скопје 1951.

Ташковски Д., Карпошовото востание, Скопје 1951.

Тодоровъ Ц., Сѣверозападнитѣ български говори, София 1936 (Сборникъ за народни умотворения и книжнина, кн. 41).

Томановић В., Мешање речи, ЈФ, XVII, стр. 201—214.

Томановић В., Мешање речи и народна етимологија, ГЗбСФФ, и.-ф. од., кн. I, 1948, стр. 71—92.

Трифуновски Ј., Кумановско-прешевска Црна Гора, Београд 1951 (Насеља, књ. 33).

Угринова Р., Говорите во Скопско, Скопје 1951 (Дипломски работи, кн. 2).

Урошевић А., Куманово, ГЗбСФФ, пр.-мат. од., кн. 2, 1949, стр. 1—42.

Филиповски И., Неготинскиот говор, Скопје 1952 (Дипломски работи, кн. 4).

Хаџи Васиљевић Ј., Драгаш и Константин Дејановић и њихова држава, Београд 1902.

Хаџи Васиљевић Ј., Устанак Срба у Кумановској и Паланачкој кази у 1878, Београд 1906.

Хаџи Васиљевић Ј., Јужна Стара Србија, књ. I: Кумановска област, II: Прешевска област, Београд 1909, 1913.

Цоневъ Б., История на български езикъ, А. Обща часть, Б. Специални части, Томъ втори, София 1934 (Посмъртно издание подъ редакцията на проф. д-ръ Ст. Младеновъ).

Цоневъ Б., История на български езикъ, Б. Специални части, Томъ трети и последенъ, София 1937 (Посмъртно издание подъ редакцията на проф. д-ръ Ст. Младеновъ).

Цоневъ Б., История на български езикъ, А. Обща часть, т. I, София 1940 (Второ, посмъртно издание подъ редакцията на проф. д-ръ Ст. Младеновъ и доц. К. Мирчевъ).

УВОД

§ 1. Јазичната територија што ја разгледуваме овде опфаќа неколку географски целости. Централно место зазема областа Жеглигово, која се протегнува од Скопска Црна Гора па до Пчиња на исток, а на север до планината Руен. Тој е најнизок, најплодороден и најнаселен крај во областа. Низ него поминува реката Пчиња и нејзината десна притока Којнарска а после Кумановска Река, што се влива нешто појужно од селото Доброшане. На север жеглиговската рамница се продолжува меѓу Руен и Црна Гора во Моравската долина, а на југозапад има врска со Скопско поле. Долината на Пчиња Жеглигово го сврзува со козјачкиот крај и Горна Пчиња, а на југ со јужниот дел на Скопско Блато.

Друга поистакната целост претставува Славиште. Таа е мала област во средниот тек на Крива Река, на исток и југоисток затворена со планината Осогово, на запад со Страцинската Планина, а на север со стрмните страни на Билин и планината Герман. Долината на Крива нагло се стеснува нешто малу посеверно од с. Мождивњак.

Областа меѓу Пчиња и Крива Река се вика Средорек, од која на север се наврзува Козјачија, а на исток спрема Славиште ја затвораат страцинската височина и Гоглин. Овој е планински крај и спаѓа меѓу најпасивните наши области. Нешто малу поблаг е теренот на аголот каде што се составуваат Пчиња и Крива. Целата оваа област испресечена е со повеќе долови и рекички, од кои се поголеми Петрошница и Бистрица. На тој простор се издигнуваат неколку врвови над 1000 метра, на пр., Гоглин, Перен, Козјак, Герман и др.

Јужно од Крива Река па до границата со Овчеполието, која ја сочинуваат планините Голо Брдо, Градишката и Колицката Планина, се простира Которлък или Которско. Тука има повеќе рамница, а најголемата височина достигнува меѓу 800 и 900 метра. Преку Гради ка Лука оваа област има природна врска со Овче Поле.

На западната страна од Жеглигово се издига Црна Гора, која ја дели Кумановската котлина на северозапад од Горна Морава, а на југозапад од Скопска Црногорија и Скопската котлина.

Сите овие пет географски целости, иако различни по пластиката на теренот, образуваат една поголема област — кумановска.

§ 2. Макар што е релјефот на споменатите области различен, тие меѓу себе се добро поврзани и образуваат една економска целина. Козјачките села по долината на Пчиња и нејзините притоки имаат природна врска со Кумановско поле. Исто така погодни сообраќајни врски има меѓу Жеглигово и Црногорија од една страна и Жеглигово и Которлък од друга, а Славиште со другите области е сврзано со главната комуникација што ја поврзува Североисточна Македонија со Скопје и натаму со централните и западните наши области.

Покрај Овчеполието Жеглигово е најжитороден крај во североисточниот дел на нашата Република, а Куманово најголемо житно и сточно пазариште[1]). Порано кон оваа област гравитирале и прешевско-бујановачките села, целата Прешевска Црногорија, дел од Горна Пчиња и северниот дел на Овчеполието со западните кратовски села.

Жеглигово, Козјачијата, Славиште, Црногоријата и Которско, а можеби и Овчеполието, обласна и економска целост образувале најверојатно и порано, пред да се развие како економско средиште во оваа област Куманово[2]). Освен природната поврзаност на овие краишта и географската нивна положба за заедничкиот живот на целата област може понешто да се наслути и од историските документи што се однесуваат за овој крај, макар што такви нема многу.

§ 3. Кумановската територија добро е поврзана и со околните области. По правецот исток — запад низ целата област поминува патот Крива Паланка — Куманово — Скопје со кој источно од Страцин се сврзува кратовскиот пат. Низ Жеглигово поминува вардарско-моравската комуникација која во Куманово се вкрстува со паланечкиот пат. Преку неа Куманово се сврзува на север со Прешево, Бујановац и натаму со Врање, одн. Гњилани, а на југозапад со Скопје. Од Куманово еден пат води за Овче Поле и натаму за Штип.

Благодарејќи на погодната географска положба кумановската област отсекојпат била раскрсница на двете најважни балкански комуникации. До изградувањето на вардарската железница (1873) вардарско-моравската комуникација, која го сврзува јужниот дел на Балканскиот Полуостров со северниот и со Средна Европа, позната во народот на овој крај под имињата солунски или царски пат, водела преку Овче Поле по правецот на денешниот штипски пат, откаде што еден крак се двоел за Велес, а другиот продолжувал за Штип и Струмица, и натаму за Солун, одн. за Серез. Преку

[1]) Ј. Хаџи Васиљевиќ, Јужна Стара Србија, књ. I, Београд 1909, стр. 78.

[2]) Како економски центар Куманово почнува да се развива од XVII век, кога и прв пат се споменува. Меѓутоа, полн расцут тоа достигнува дури во XIX век, кога наполно ги конкурира дотогашните економски центри во Жеглигово — Табановце, Нагоричино, Стрезовце и Клечовце. (Сп. А. Урошевиќ, Куманово, ГЗбСФФ (пр.-мат. од.), кн. 2, стр. 13 нт.).

него се одвивал најголем дел од патничкиот и трговскиот сообраќај, и воопшто сета трговија по правецот Солун—Ниш—Белград и обратно[3]). Неговата важност се намалува дури по пуштањето на железницата Солун—Скопје, а уште повеќе по пуштањето на моравската железница (1888) и нејзиното сврзување со вардарската преку Скопје.

Овој пат покрај економското и други значења важна улога изиграл и во ширењето на разни јазични појави или во забрзувањето на разни процеси во говорите на тој дел од нашата Република. Јужните изоглоси на ред појави во текот на времето се поместувале во тој правец кон југ (сп. изоглосите на рефлексот *y* од *ļ, на рефлексите *ќ, ѓ* од **t'*, **kt'*, **d'* и др.).

На кумановскиот терен со споменатиов пат се вкрстувал и т. н. цариградски (стамболски) пат, т. е. патот што води од Ќустендил за Скопје. Во средниот век и во времето на турското господство на Балканот овој пат бил втора по важност балканска комуникација што го сврзувала источниот дел на Балканскиот Полуостров со западниот и со Јадранското Приморје. Тој претставувал истовремено и единствена врска меѓу северните наши области како и денеска.

Еден крак од овој пат од Жеглигово се двоел преку Црна Гора за Косово и натаму. Нашава област преку него одржувала живи врски со Гњилани и воопшто со косовскиот крај сè до пуштањето на моравската железница и издигнувањето на Бујановац како економски центар во долината на Јужна Морава по српско-турските војни во осмата деценија на минатиот век. По ова време, а особено по изградувањето на патот Гњилани — Урошевац[4]) и Гњилани—Бујановац, спомената пат наполно ја губи својата важност и се напушта. Овие два пата (Ќустендил — Скопје и Жеглигово — Косово) изиграле доста голема улога во раздвижувањето на населението во овие области, што оставило видни траги и во развитокот на поодделни локални говори на ова подрачје.

На споменативе две главни балкански комуникации преку кумановската област излегувале уште неколку сообраќајни линии. По долината на Крива Река еден пат водел од Кратово, а по долината на Пчиња друг водел од Велес што поминувал преку Катланово. Со Горна Пчиња нашава област ја сврзувал пат што одел по долината на реката Пчиња. По сврзувањето на Врање, Куманово, Скопје и Велес со железнички сообраќај последниве два пата наполно го загубиле своето значење, а по сврзувањето на Кратово со кумановско-паланечката комуникација се напуштил и кратовскиот пат по Крива.

---

[3]) А. Урошевиќ, op. cit., стр. 5.
[4]) Ј. Хаџи Васиљевиќ, цит. дело, стр. 30.

§ 4. За утврдување на дијалектните врски меѓу поедини говорни области потребно е познавање на нивното минато, а особено движењето на населението и неговото мешање како во поново, така и во постаро време.

За постариот период, нажалост, податоците за нашава област се многу скудни. Во XI век се споменуваат Славиште и Козјак[5]) и козјачка епископија, која, според Хаџи Васиљевиќ, била во денешниот козјачки крај[6]), но повеќе ништо не знаеме. Од преттурскиот период нешто повеќе податоци историјата ни дава за XIII и XIV век, откога е оваа област приклучена кон Немањиќската држава. Во времето на српскиот државен живот во нашиве области сè до крајот на XIV век, кога дефинитивно пропаѓа државата на Дејановите наследници (1394) кумановскиот крај, кој во спомениците се споменува само под името Жеглигово, одн. жеглиговска земја (во некои погрешно и град Жеглигово), бил една меѓу најважните области во јужниот дел на државата, секако и еден вид културен центар. Како потврда за тоа можат да ни послужат и неколку цркви и манастири од тоа време подигнати од српските владетели и други великодостојници. Кон средината на XIV век Жеглигово со Козјак и Славиште стануваат центар на Дејановото владение, во составот на кое влегувале и околните области[7]). Од оваа област после се развило северно-македонското кнежевство на Дејановите наследници, кое трае, како што споменавме, до 1394 година.

За етничкиот состав на населението во овој (преттурски) период и за племенската припадност на словенскиот елемент историските извори не кажуваат многу. Погоре видовме дека на теренот на нашава област се вкрстувале најважните балкански патишта по кои почесто поминувале разни завојувачки војски. Нема сомнение дека честите борби меѓу поодделни балкански држави за превласт во вардарско-моравската долина го ремателе животот и постојаноста на населението во целиот овој крај и соседните области. На разместувањето и мешањето на населението влијаеле исто така и тогашните феудални односи и разграничувањата меѓу поедини феудални господари. Не е исклучено дека имало овде и колонисти од подалечни области, зашто во тоа време колонизации често се вршеле.

Првиот период на турското ропство, како и голем дел други наши области, е сосема темен. Судејќи по некои записи изгледа дека просветната дејност по црковните институции во овој крај продолжила уште за извесно време. Тука нашол поволно склониште за својата работа и Владислав Граматик, кој прво работел во Нагоричино, а после во матеечкиот манастир.

---

[5]) Сп. Й. Ивановъ, Български старини изъ Македония, София, 1931², стр. 552.

[6]) Ј. Хаџи Васиљевиќ, цит. дело, стр. 475, 489.

[7]) Сп. кај Ј. Хаџи Васиљевиќ, Драгаш и Костантин Дејановиќи и нихова држава, Београд 1902.

Од крајот на XVII век па наваму во нашите северни области имаме знатно поактивен политички живот. За време турско-австриските војни од 1689 до 1690 г. и востаничкото движење во соседните српски области активно учество во борбите против Турците зема и цела Северна Македонија, а кумановската област станува центар на Карпошовото востание[8]). Неколку помали движења забележени се во XIX век, меѓу кои едно во 1837 г., што стои во врска пак со движењата во посеверните области, и друго во 1878 г., што ја зафатило и целата кривопаланечка област[9].) Во текот на XIX век две поголеми движења во овој крај имаме и меѓу шиптарското население, едно во 1832 г., и друго во 1842 против реформите, што го опфатило целиот Арнаутлак[10]).

Честите немири како во нашава, така и во околните области, и строгите интервенции на турските војски многу повлијаеле и за некои измени што настанале меѓу нашето население во овој крај.

По австриско-турските војни и задушувањето на востанието во северните наши области, поради репресалиите и одмаздите на турските власти голем дел од населението од востаничките краишта мигрира на север. Уште една поголема миграција забележена е во втората половина на XVIII век за време крцалиските нереди.

На местото на иселеното население се доселувало друго, главно од околните области, кое исто така морало да го менува своето живеалиште. Низ целиот XVIII и XIX век се вршат миграции на македонското население и од западните области кон исток и север, и дел од тие миграциони струи се движеле преку нашава област, било да оделе во северен правец по долината на Морава, било на североисток по комуникацијата Скопје—Паланка—Ќустендил за Бугарија. Нема сомнение дека за мешањето на населението во нашава област придонесле во извесна мера и тие миграции.

Од почетокот на XVIII век почнува да се менува и етничкиот состав на населението во кумановската област. По големата селидба 1690 г. турските власти почнуваат да населуваат во рамницата покрај реките турски колонисти и Цигани, а во западниот дел, во Црногорија, постепено се населуваат Шиптари.

Овој процес на иселување на домашното население и доселување на население од други области трае низ целиот XVIII и XIX век, па и подоцна. Освен политичките настани за мешањето на населението важна улога изиграле и економските фактори. Господарите од чифличките села населувале чифчии од појужните наши области, а во поново време во пониските села почнало да се населува и население од планинските места, особено од Горна Пчиња и Козјачијата.

---

[8]) Д. Ташковски, Карпошовото востание, Скопје 1951, стр. 21.

[9]) Ј. Хаџи Васиљевиќ, Устанак Срба у Кумановској и Паланачкој кази у 1878, Београд 1906.

[10]) Ј. Хаџи Васиљевиќ, Јужна Стара Србија I, стр. 482.

Разместувањето на населението што станувало во границите на самата област за нас нема поособена важност.

Така за последните две-три столетија составот на населението во разгледуванава област стално се менувал, старото население се мешало со ново.

§ 5. Денеска на кумановската територија има 150 населени места, сметајќи ги тука и градот Куманово и некои новоосновани населби, како на пр., Брзак, Букурица и др. Најголем дел на населението го сочинуваат Македонци. Најкомпактно македонското население е во Славиште, Которско и во средоречките села во Козјачијата, т. е. во оние области што се поодделечени од вардарско-моравската комуникација.

Со српски како мајчин јазик има поголем број доселеници во с. Тромеѓа, кое се наоѓа во близината на Куманово на неговата источна страна, во Љубодраг, Ново Село, Умин Дол (сите се наоѓаат на патот Куманово—Скопје), потоа во Мршевци, Брзак, Биљановце, Речица, Матејча и во Куманово, и по неколку фамилии во Којнаре, Лопате, Опаје, Табановце и др. места. Повеќето од споменативе села (Тромеѓа, Речица, Љубодраг, Ново Село, Умин Дол, Мршевци, Брзак) се основани по балканските и Права светска војна со колонисти од разни краишта од Србија и Македонија.

Поголем дел од несловенското население се паѓа на Шиптари со мајчин јазик шиптарски. Шиптарскиот елемент е распореден по црногорските села и во селата што се наоѓаат во подножјето на Црногоријата. Исклучиво шиптариски населби се: Никуштак, Виштица, Рапољце, Стрима, Рковце, Глажња, Гошинце, Белановце, Стража, Извор, Алашевце, Слупчане, Руѓинце (црногорско), Оризаре, Лишково, Ваксинце (сите во Црногоријата) и Длъга (на левата страна на Пчиња); во Отља се задржале уште четири словенски фамилии. Шиптарско население превладува и во Матејча, Лојане, Сопот, Опаје, Лопате, Сушево; поголем број фамилии има во Романовце, кумановско Горно Којнаре, и по неколку во Текија, Режановце, Шупли Камен, Студена Бара и Бедиње. Освен тоа приличен број шиптарски фамилии живеат во Куманово (951 жител според статистиката од 1952 година).

Турско малцинство има во градот (3858 жители по пописот од 1952) и во селата Текија и Клечовце, и по неколку домаќинства има во Романовце и Миладиновци (Аџаларе). Овде не ги земаме скопските Средно и Долно Којнаре.

Черкеско Село е населено со Черкези, кои се дојдени овде во втората половина на минатиот век[11]).

Стално циганско население со мајчин јазик циганси има во Куманово, Љубодраг, Табановце, Лојане, Романовце, Алгуња, Петралица, Доброшане и др. Во Куманово има стотина цигански фамилии со мајчин јазик македонски[12]) и десетина во с. Коњу.

[11]) Ј. Хаџи Васиљевић, цит. дело, стр. 186.
[12]) А. Урошевић, op. cit., стр. 30.

Од несловенско население има уште Власи по неколку домаќинства во Куманово, Доброшане и Коњу, и неколку грчки родови во Куманово.

§ 6. Што се однесува за потеклото и составот на словенското население, во еден од претходните параграфи споменавме дека покрај старинците има и добар дел доселеници. Иако од овој крај имало чести мигрирања, понекојпат и масовни иселувања, сепак голем дел од старото население се задржал во границите на областа. Меѓутоа, не може да се има сосема точна слика за односот меѓу старинците и доселениците, зашто во тој поглед не се вршени подетални испитувања. Спрема податоците црпени од белешките на професорот д-р Бранислав Русиќ за славишките села и цитираната книга на Хаџи Васиљевиќ, како и спрема нашите сведенија прибирани на теренот, доселениците (мислиме само на оние што се дојдени од други области) сочинуваат нешто над педесет проценти од денешното население.

Кај придојденото население со оглед на дијалектните области во кои припаѓало порано можеме да изделиме две групи. Поголем дел од него се паѓа на доселеници од призренско-јужноморавската дијалектна област, поточно доселеници од Горна Пчиња и воопшто од врањскиот крај, потоа од Прешевско, Гњиланско, Горна Морава и целата Црногорија. Помал број има од косовско-метохиските краишта[14]).

Меѓу самите доселеници пак можеме да изделиме неколку слоја. Има многу стари, доселени пред 200—300 години, потоа доселеници од пред сто години и што се доселиле во поново време, главно по балканските војни. Најстарите „дошљаци" по потекло се претежно од северозападните области, а во другиот слој превладуваат од северните краишта. Најновите се колонисти, исто така во поголем број од моравските области, и ја населуваат потесната кумановска област.

Не е незнатен и бројот на доселениците од јужните и западните наши области. Има од Штипско, Скопско, од централните краишта и Западна Македонија, и се населувале етапно. Поголем број фамилии од Велес и Башино Село преселени се во градот Куманово во поново време[15]).

По надворешните манифестации на животот меѓу старинците и доселениците не се забележуваат разлики. Тие исто така сочинуваат апсолутно единство и во говорот, со исклучок на најновите колонисти.

---

[14]) Податоците за доселеното население се црпени од следните расправи: Јован Хаџи Васиљевиќ, Јужна Стара Србија, књ. I, II; Св. Томиќ, Скопска Црна Гора (Српски етнографски зборник, књ. VI), Београд 1905; А. Урошевиќ, Куманово, ГЗбСФФ (пр.-мат. од.), кн. 2; Јован Ф. Трифуновски, Кумановско-прешевска Црна Гора (Насеља, књ. 33), Београд 1951.

[15]) А. Урошевиќ, op. cit., стр. 29, 30.

§ 7. Кумановскиот говор зазема централно место во северномакедонската група говори[16]), кои со југоисточните српски и северозападните бугарски т. н. преодни говори[17]) претставуваат еден дијалектен тип. Тој е еден од оние наши говори каде што има најмногу вкрстување на црти од разни дијалектни области и затоа ни се претставува како најтипичен преоден говор.

Иако кумановската област претставува посебна говорна индивидуалност во нашиот северен дијалектен појас, сепак границите на кумановскиот говор спрема околните говори не се толку остри. Спрема некои говори е дури тешко да се најде некоја поспецијална говорна црта според која би можело да се повлече говорната граница. Така, на пример, на север, спрема прешевско-бујановачката говорна област освен членот нема нито една друга позабележителна црта по која би се разликувал нашиов говор од прешевскиот. Изоглосите на оние црти што ги сметаме за покарактеристични во нашите северни говори, на пр., рефлексот *лъ* од **l̥* зад денталите, наставката *-еќе* (*-јќе*) во глаголскиот прилог, имперфектната наставка *-а* во 3 л. мн. и др., ја преминуваат говорната граница и завршуваат знатно посеверно од неа во прешевско-бујановачката територија. Членот пак, што ни останува како единствена поважна особеност со која се одделува кумановскиот говор од прешевскиот и говорот на Горна Пчиња, ќе видиме понатаму, се наоѓа во процес на губење. Веќе спрема другите области разликите се повидни, негде и доста големи. Дури и спрема говорот на Скопска Црногорија, со кој граничи кумановскиот на западната страна, и со којшто стои најблиску по својата структура, разликите се доста јасни. Скопскоцрногорскиот говор, на пример, не познава партицински форми од типот *рекја* 'рекол', кои се карактеристични за кумановската територија и за граничните српски дијалекти. Од друга страна во Скопска Црногорија уште се пазат остатоци од старото јотување во 1 л. едн. на сегашното време кај глаголите од типот *моли* (сп. *брању*, *бељу*, *кошу*, *муќу*), а во морфологијата — остатоци од дативната форма со флексија кај личните и роднинските имиња од машки и женски род (*Стојану*, *Секулу*; *Анѓе*, *Божане*), или форми од посесивниот датив (сп. *Милану Зеновому снаа му*, *таткo је Петре Шишковези*). Овие црти кумановскиот веќе не ги познава, или се јавуваат сосем спорадично во вид на петрефакти. Но најглавна разлика меѓу овие два говора е системот на акцентирањето. Под влијание на централните наши говори во скопскоцрногорскиот говор се развило третосложно акцентирање, додека во кумановскиот, ќе видиме, имаме поархаично акцентско место. Секако вакви разлики има уште, особено во синтаксата и во лексиката, и на некои од нив ќе биде укажано при излагањето на дијалектниот материјал.

---

[16]) Сп. MJ, V, стр. 1 нт.

[17]) Белић, Дијалекти; Ц. Тодоровъ, Сѣверозападнитѣ български говори, (СбНУ XLI), София 1936.

Со овчеполскиот, кратовскиот и кривопаланечкиот говор, со кои се граничи на југ и исток, говорните разлики се уште поголеми. Во својот историски развиток овие говори биле под силно влијание од југ и исток и во многу ја измениле својата структура. Во овчеполскиот говор, кој е сепак најблизок до кумановскиот од споменативе три, старото меко *l'* се затврднало до степен на полумек изговор (*неделʹа*), а мекото *n'* се изедначило со *н*, освен во некои одделни случаи каде што се пази мек изговор; општата форма кај именките на *-а* под влијание од југ се изедначила со основната (номинативната), а во множината се генерализирала наставката *-и* (*ниви*); глаголите од *и*-група минале во *е*-група (*носе*, *седе*), како во штипскиот и другите источни говори. Од друга страна тој не знае за аористната наставка *-ше* (3 л. мн.) и за партицискатa *-ја*. — Сите овие разлики важат и со кратовскиот говор. Освен тоа к мановскиот и кратовскиот говор се разликуваат и по членската форма за машки род, по наставката за 3 л. мн. на сегашното време, по изговорот на тврдото *л* во одредени позиции, по образувањето на општата форма кај именките од машки род и по ред други црти и од граматиката и од лексиката.

Меѓу кумановскиот и кривопаланечкиот говор разликите се уште повидливи (в. во MJ IV, бр. 5 и 6, V, стр. 1—30). Незабележителна е границата меѓу овие два говора само на мал простор меѓу Стража и Герман. Северните кривопаланечки села преку Стража и Билин — Нерав, Огут, Метежево и другите на север, по структурата на својот говор поблиску стојат до кумановскиот. Единствена повидна разлика меѓу нив и говорот во славишките села, со кои се граничат, е акцентот. Споменативе паланечки села го пазат старото акцентско место готово во сите позиции — и кај именките од типот *жена́*, *дете́*, кај глаголите од типот *бере́* и сл.

На еден мал простор на југозапад кумановската област се граничи со скопскиот блатски говор, кој влегува во состав на централната дијалектна област. Муѓутоа, ни на тој дел говорната граница не е остра, иако се работи за состав на два говора кои се различни по своите основни црти. Преодот и меѓу нив е постепен.

§ 8. Погоре споменавме дека единствена позначајна црта со која се изделува кумановскиот говор од пршевскиот и од говорот на Горна Пчиња, кои претставуваат единство со врањскиот говор, е членот. Затоа северната граница на нашиов говор ќе ја повлечеме спрема северната изоглоса на членот. Во најгруби црти граничната линија (по правецот запад—исток) оди од Црни Вр (врв на Црна Гора западно од с. Стража) преку Руен, Старац и излегува на Козјак. Последни кумановски села на овој дел се Табановце, Алгуња и Пељинце. Од Козјак границата оди по венецот Козјак — Широка Планина — Герман — Биљин — Стража. Најсеверни кумановски села тука се Мъглинце, Буковљане, Длъбочица и Герман. Како што гледаме, на големо пространство на северната страна имаме

природна граница. — На исток, спрема кривопаланечкиот и кратовскиот говор, граничната линија од Стража скршнува кон југ, поминува источно од Длъбочица, ја сече Крива Река на просторот меѓу Мождивњак и Конопница и излегува на Осоговската Планина, на врвот Лисац, откаде што свртува на југ во правецот на селата Талашманце, Тополовиќ и Вакъв, кои остануваат на кумановска страна. — Спрема овчеполскиот говор исто така немаме природна граница. Граничната линија таму оди преку Голо Брдо, кое се наоѓа југозападно од селото Шопско Рударе, поминува јужно од Пезово и излегува на Градишката Планина, така што селото Градиште го земаме во Кумановско. Оттука границата продолжува во правецот на селата Живиње (некои го изговараат Живење) — Сушица — Дивле. — Спрема Скопско Блато границата оди по линијата Дивле—Миладиновци (Аџаларе)—Бујковци и излегува на Скопска Црна Гора, на врвот Ќафа, кој се наоѓа југозападно од селото Никуштак. — Спрема скопско-црногорскиот говор граничната линија оди по венецот на скопскиот и кумановскиот дел на Црна Гора, каде што се наоѓаат врвовите Ќафа, Муратица, Бели Камен, Барјак и Црни Вр.

При одредувањето на јужната, западната и источната граница не се раководевме по една определена црта, туку тргнувавме од целата структура на говорот во граничните села. Затоа споменативе граници не се поклопуваат насекаде ни со границите на областа, ниту со границите меѓу поедини носии, иако кај нас ареите на поодделни говори најчесто се поклопуваат со ареите на носиите, особено со женската[19]). Така, на пример, селата Миладиновци, Бујковци, Бучинце, Дељадровце и Агино Село, кои имаат блатска носија, отсекојпат и економски и административно биле сврзани за Скопје. Нивниот говор, меѓутоа, знатно се разликува од блатскиот, а не е идентичен и со кумановскиот. Тие образуваат еден преоден говорен појас меѓу споменативе два говора каде што се вкрстуваат црти и од едниот и од другиот. Но со оглед на фактот што во нив повеќе превладуваат кумановски особености, ние и ги приклучуваме кон кумановската говорна област. Во селата пак Дивле, Горно Којнаре и Сушица, кои се наоѓаат на тромеѓа меѓу скопската, овчеполската и кумановската говорна област имаме влијание од три страни; тука се испреплетуваат црти од три дијалектни средини. Економски и административно и тие се сврзани за Блатијата, а носијата им е претежно овчеполска, макар што по нешто се сврзува и со блатската. — Еден таков преоден појас имаме и меѓу кумановскиот и овчеполскиот говор, во кој влегуваат селата Живиње, Колицко, Скачковце, Кучкарево, Градиште и Пезово. Селата што се наоѓаат од левата страна на Крива почнувајќи од Шопско Рударе па до Мождивњак, т. е. Тополовиќ,

[19]) За нашава област тоа соодветство го забележил Јован Хаџи Васиљевиќ во цитираната книга, стр. 296.

Кетеново, Талашманце, Опила, Одрено, Писача, Мождивњак, образуваат преоден појас спрема кратовскиот говор, макар што е нивната поврзаност со кумановската јазична област поупадлива.

§ 9. Што се однесува на надворешните влијанија, највидливи се тие на северозападната и југоисточната страна, точно на оној простор каде што поминува вардарско-моравската комуникација — во потесната кумановска област. Погоре видовме дека во тој дел и најмногу се мешало населението, и најмногу има доселеници. Не е сосема незнатно и влијанието што го претрпел нашиов говор и на јужните и источните граници. Во излагањето понатаму ќе имаме прилика да укажеме кои од особеностите се внесени отстрана, од каде се дојдени и до колку се раширени на нашиов терен.

§ 10. Во врска со односите во границите на самиот кумановски говор треба да истакнеме дека означената територија не претставува апсолутно единство во секој поглед. Надворешните влијанија, што не дејствувале подеднакво и рамномерно на целава наша област, допринесле да се јават мали нијансирања меѓу поедини краишта во областа. Така, на пример, процесот на губењето на членот не ја опфатил подеднакво целата територија. Во тесната кумановска област членските форми на *-ѣ* и *-н*, ќе видиме, се загубиле наполно, а во процес е и губењето на формите на *-т*. Во источниот дел, меѓутоа, сеуште добро се пазат сите три вида членски форми. Исто така целата област не е единствена ни во поглед на имперфектните наставки за 1 и 2 л. множина, и други позитни особености. За сите тие појави ќе зборуваме понатаму.

§ 11. Досегашната литература за кумановскиот говор ја сочинуваат две-три статии и неколку белешки.

Први директни податоци од нашиов терен дава еден анонимен автор во солунските *Книжици за прочитъ*, кн. I, 1889, стр. 40—41. Тој објавува тука неколку гатанки и пословици и една кратка приказна, а под текстот дава и неколку јазични белешки.

Неколку позабележителни особености од овој говор истакнува малку подоцна Ѓорче Петров во книгата *Материали по изучѣването на Македония*, София 1896, стр. 544—546.

Во статијата на Јордан Иванов *Съверните македонски говори — Тетовско, Скопско и Кратовско*, напечатена во софиското списание *Минало*, кн. I, 1909, кн. 1, нашиов говор се засегнува спорадично а илустриран е само со една песна и една приказна.

Малку нешто повеќе тој ни е претставен во географско-етнографската студија на Јован Хаџи Васиљевиќ *Јужна Стара Србија*, књ. I: *Кумановска област*, Београд 1909. Во уводниот дел кон текстовите, стр. 333—337, Хаџи Василевиќ дава неколку паралели меѓу кумановскиот и врањскиот говор, кои не се секојпат среќно избрани и погодени. Со неколку реченици тој ја определува територијата на овој говор и местото негово меѓу соседните дијалекти. Нема сомнение дека има и точни констатации, но има

исто така и погрешни тврдења. Неточно е пред сè неговото тврдење дека во крајните планински села: Дејловце, Длъбочица, Буковљане и др. акцентот паѓа на последниот слог кај именките од типот *жена* и *дете*. Поважен е за нас материјалот што го приведува тој — текстовите, меѓу кои има и добро забележени, и речничките прилози расфрлени овде-онде низ книгата.

Во нашиот сумарен извештај од дијалектните испитувања во Североисточна Македонија — *Северните македонски говори*, Македонски јазик, г. V, 1954, стр. 1—30, на кумановскиот говор му е посветено најмалку внимание, така што ни оттука не може да се добие појасна слика за неговата структура.

Спорадично ова јазично подрачје се засегнува во книгата на Селишчева *Очерки по македонской диалектологии*, Казань 1918, во Белићевата студија за говорите во Јужна и Источна Србија *Дијалекти Источне и Јужне Србије*, Београд 1905, и во неговата *Діалектологическая карта сербскаго языка*, Санктпетербургъ 1905; потоа во студиите на Миливој Павловиќ *Говор Сретечке Жупе*, СДЗ VIII, Београд 1939, и *Принцип корелативности у еволуцији језика и некорелативност дијалекатских црта Горњег Повардарја*, Годишњак Скопског филозофског факултета, кн. I, 1930, стр. 297—312.

§ 12. Многу е скуден и фолклорниот материјал од оваа област. Погоре споменавме дека во *Книжици за прочитъ* има неколку пословици и гатанки и една приказна, а во *Минало* една песна (стр. 75) забележена во Бајловце и една приказна (стр. 75—76) од Младо Нагоричино. Повеќе текстови објавува Јован Хаџи Василевиќ во спомената книга: 17 прозни прилози и повеќе народни песни или делови од песни. По неколку прилози има во белградското списание *Братство*, кн. V, 1892, стр. 169—181 (десет песни), кн. XI, 1906, стр. 162, 163, 203—204, во зборникот на Петар Драганов *Македонско-славянскій сборникъ*, вып. I, С.-Петербургъ, 1894, стр. 5—6, 22—23, 29—31, 56—58, 62, 72—73, 95—97, 100—101, 131—133, 181, 219—222[20]) и во *Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина* на Министерството на народно просвештение, София, кн. XI, 1894, стр. 64, кн. XV—XVI, стр. 168. Во книгата на Спиридон Гопчевиќ *Стара Србија и Македонија*, Београд 1890 (превод од германското издание) има една одломка од народна песна од Куманово. Во *Царигрaдски гласник*, г. VII, 1901, бр. 39 објавена е една народна песна, во г. VIII, 1902, бр. 26 — три свадбарски песни од Куманово, во бр. 30 — една песна од Јачинце, бр. 45 — четири песни од Клечовце, и во г. IX, 1903, бр. 2 — две песни од Табановце. Песни со мелодии од овој крај има во збирката на Влад. Ѓорѓевиќ *Српске народне мелодије*, Скопје 1928, стр. 1—4, кај Добри Христов во зборникот 66 *народни пѣсни*

[20]) Цитирано според Ст. Стойковъ, Показалецъ на обнародванитѣ материали по българска диалектология, Сборникъ на Българската академия на наукитѣ, т. XXXI, София 1937.

на македонскиѿѣ бъ̀лари, София 1931, стр. 56, и во книгата на Љ. и С. Д. Јанковиќ *Народне иѿре*, кн. III, Београд 1939, стр. 263—270, № 45—58. Според показалецот на Стојков материјал во стих од нашава област има во *Албумъ — Алманахъ „Македония"*, Софија 1931, прозен текст во *Извѣстия на Народния етнографически музей* въ София, кн. VI, стр. 126.

Во најново време публикувани се песни во скопското списание *Нов ден*, 1947, бр. 8—9, стр. 92, и во збирката *Македонски народни ѿесни*, забележени на фестивалите во Битола и Шт п, Скопје 1948, стр. 242—259.

Мал речнички прилог имаме во цариградските *Новини*, кн. IV, 85, стр. 3, и VI, 73, стр. 1—2.

Во вториот том, кн. 1, на *Историски архив* на Комунистичката партија на Македонија, Скопје 1952, објавени се повеќе статии и одломки од весниците *Дедо Иван* (стр. 11—25) и *Октобрис* (стр. 244—255), обата орган на Кумановската партиска организација.

Поголем дел од овој материјал, бидејќи е бележен за други цели а не за филолошки студии, се одликува со многу фактички грешки и други недостатоци. Нешто се подобри текстовите што се објавени во *Книжици* и прозниот текст во *Минало*, меѓутоа, ни тие не се без недостатоци. Особено не се сигурни фонетските особености. Во приказната во *Минало* допуштени се грешки и во акцентирањето (сп. *ре́кнал, отку́де, до́шеа* цар, место *рекна́л, отку́де́, дошёа*, одн. *дошо́ја*; исп. таму и формата *обрна́ли* место *обрна́ле*, и др.). Извесна вредност за јазична студија имаат и прозните текстови во книгата на Хаџи Василевиќ, но, за жалост, освен еден тие не се акцентирани. — Од стилска и синтаксичка гледна точка интересен е материјалот од весниците *Дедо Иван* и *Октобрис*. Но тие пак носат други недостатоци, главно од фонетска природа, а во речникот се среќава по некој збор земен од српскиот книжовен јазик.

Освен печатениот материјал на рака имав и три ракописни, уште необјавени текста: драмата од Васил Иљоски *Ленче Кумановче*, пиеската *Тонфиљм* и една *Збирка на ѿословици* од проф. д-р Х. Поленаковиќ.

§ 13. Со цел да дадам проверен материјал и колку што може попотполна слика на кумановскиот говор во сите правци, при прибирањето на материјалот се раководев од оние принципи што се препорачуваат најмногу во современата дијалектологија[21]).

Со оглед на големото пространство на областа и неуедначеноста на говорот, прво ми беше потребно да изберам неколку потипични села и да се запознам со нивниот говор. Во правецот Табановце—Четирце—Никуљане—Челопек—Коинце—Жегњане—Малотино—Арбанашко—Деиловце—Дренък—Страцин—Руѓинце

[21]) Сп. А. Белиќ, Мисли о прикупљању дијалекатског материјала, ЈФ VI, 1926—1927. — Р. И. Аванесов, Очерки русской диалектологии, I, стр. 235 и натаму. — Sever Pop, La dialectologie, I, Louvain 1950, с. 39—44.

при првата екскурзија во август 1952 година подолго време се задржав во селата Никуљане, Жегњане и Страцин. Забележаниот материјал го средував на теренот и она што ми беше несигурно веднаш го проверував. Откога ќе се запознаев поподробно со говорот на селото избрано како центар за моите испитувања во една помала област, правев помали екскурзии до околните села. При ова патување задача ми беше да ја утврдам и северната граница на нашава говорна област, и затоа морав да посетам повеќе села во Прешевско и Горна Пчиња. — Летните месеци во 1953 година низ оваа област презедов две поголеми патувања — едно во правецот: Миладиновци—Агино Село—Романовце—Куманово—Младо Нагоричино—Канарево—Страцин—Ранковце—Гиновце—Конопница—Крива Паланка—Узем (на бугарската граница), задржувајќи се подолго време во Романовце, Младо Нагоричино и Ранковце, и друго во правецот: Миладиновци—Горно Којнаре—Винце—Пчиња—Орашъц—Мургаш—Довезенце—Бељаковце—Коњу—Шопско Рударе—Тополовиќ—Талашманце, и во обратен правец: Вакъв—Сакулица—Татомир—Кокошиње—Павлешенци—Градишге. При првото патување ги посетив готово сите села што се наоѓаат лево и десно од патот Куманово—Крива Паланка, а таму каде што ми беше потребно да го одредам правецот на некоја црта или да утврдам некоја изоглоса одев и во поодделечени села. На другото патување важно ми беше да ги утврдам границите спрема скопскиот, овчеполскиот и кривопаланечкиот говор. — Испитувањата ги продолжив и во 1954 година. Повеќе овој пат се задржав во Славиште, во потесната кумановска област и во граничната област со скопскиот говор. На кратко време за утврдување на некои изоглоси и проверување некои црти, за кои немав доволно материјал, одев и во други места во областа.

За да можам да објаснам некои појави и да го одредам местото и односот на нашиов говор спрема другите северни говори, потребни ми беа познанија и од тие говори, кои се исто така неиспитани. Со цел да се запознам со говорот на околните области, посебни испитувања презедов во Кривопаланечко, Овче Поле, Скопска Црна Гора и северниот дел на Полог[22]).

Материјалот е бележен од типични претставници на овој говор. Настојував да организирам разговор меѓу повеќе луѓе без мое учество. Таму пак каде што ми беше нужно да проверам некоја форма, барав одговор во реченица каде што ќе биде употребен односниот збор.

Дијалозите и непосредниот говор што го водат мештаните без учество на испитувачот секојпат е најсигурен јазичен материјал, зашто тогаш најмалку може да се влијае врз нивниот говор. Помалку е сигурен материјалот забележан во разговорот во кој активно учествува и испитувачот, зашто во такви случаи месното население се стреми да го прилагодува својот збор спрема сого-

[22]) Сп. во мојот извештај во Македонски јазик, V, стр. 1.

ворникот, поготово кога е тој за нив „службено" лице. Најмногу тука трпи акцентот. Особено пак често при вакви разговори јазични изопачувања се јавуваат кога се зборува на политички теми, на теми што се во врска со војската или администрацијата, зашто мажите ја владеат обично литературната терминологија од овие области.

Материјалот од народните умотворби е уште помалку сигурен, особено песните. Тие лесно се преносат од еден крај во друг и при примањето се запазуваат и изворните гласовни или други особености. Од друга страна тие обилуваат во многу случаи со архаизми, потеклото на кои испитувачот секојпат не може лесно да го установи.

Проверувањето на материјалот го вршев на повеќе објекти во едно место или на повеќе места, кога се работеше за појави уште несталожени. При изборот на објектите водев сметка, како што препорачува Поп, тие да се мештани кои живееле стално во родното место, тука да им се родени и обајцата родители, како и брачниот другар, ако е објектот женет — мажена. Жените секојпат се подобри информатори во секој поглед. Јазичните посматрања ги вршев на луѓе од разна возраст, особено кога ми беше нужно да ги проследам оние јазични процеси што се наоѓаат уште во развој, како и оние црти што се на исчезнување.

§ 14. За обележување на специјалните гласови, било да се тие фонеми или само фонемски варијанти, употребуваме знаци што се најуобичаени во лингвистичката наука кај нас. Така, на пример, со ъ го предаваме „темниот" вокал без оглед на неговото потекло. Отворениот изговор на овој глас го бележиме со допишување на десната страна мало *а* — $ъ^{а}$. — Специјалниот изговор на вокалите *е* и *о* во акцентирана позиција го означуваме со знакот ˆ над споменативе букви, т. е. *ê*, *ô*. — Лабијализацијата на вокалите *а*, *е* и *ъ* ја бележиме со допишување во горниот десен агол мало *о* — $а^{о}$, $е^{о}$, $ъ^{о}$. — Должината ја изразуваме со цртичка над буквата за односниот глас, на пр., *ā*, *ē*, *ō*, или кај консонантите *g̅*, *c̄* и сл. — Точка над буквата означува затворен изговор на даденият вокал, сп. *ȧ*, *ė*, а под буквата означува дека гласот се изговара со извесна редукција, на пр., *ạ*, *ẹ*, *ọ*. Степенот на редукцијата не е одбележуван. — Неслоговното *и* го бележиме со *i̯*, а неслоговното *у* со *u̯*. — Последниов знак го употребуваме и за билабијално *b*, бидејќи разликата меѓу неслоговното *у* и билабијалното *b* е незнатна. — Акцентот го обележуваме како и обично — со знакот ′, сп. *á*, *é*, *ъ́*, итн., а споредниот акцент со знакот за гравис ` — (*à*, *è*, и сл.). — Средното (полумекото) *л* пред тврдите вокали, пред согласка и на апсолутниот крај на зборот го означуваме со *л′*, мекото *л* со *љ* во сите позиции, а лабијализираното *л* со *л̣*. — Со *к′*, *ī′* ги предаваме палаталзираните *к*, *ī* (пред *е* и *и*) и палаталните *ќ*, *ѓ* (исто така пред предните вокали во одделни случаи), бидејќи нивниот изговор во споменатава позиција многу не се разликува. — Веларното *н* го бележиме

со знакот η. — Со знакот ^{x} го означуваме придивот (аспирацијата) што се јавува во некои случаи место загубеното *х*. — Со $\overline{ш}'$, g' ги означуваме соодветните меки согласки. — Редуцираниот изговор на консонантите го изразуваме со пишување на мали букви над редот, сп. редуцирано *ј* во *кијна*, или $\overline{ш}$ во *жи$^{\overline{ш}}$це*. — Полузвучниот изговор на звучните согласки на крајот го означуваме описно — со допишување зад звучната согласка и соодветната беззвучна, на пр., *б$\overline{у}$* (полузвучно *б*), *і^{к}*, итн.*

§ 15. Класирањето на материјалот е извршено по оној ред што се практикува најчесто во дијалектните студии, и како што сметавме дека ќе биде најпрегледно за да се даде целосна слика на говорот. Во фонетиката прво е даден општ поглед на гласовниот систем денеска, а после се разгледани поодделно гласовите. За поголема прегледност акцентот е даден одделно, а акцентираниот материјал е распореден спрема зборовните групи. При прегледот на зборовните групи (во морфологијата) истовремено зборуваме и за значењата на формите, додека во синтаксата се разгледани некои појави во врска со реченицата, нејзиниот склоп, и редот на зборовите. Сврзниците ги разгледуваме заедно со реченицата во синтаксата. За исцрпност во лексиката во вакви студии не може да се мисли. Сметавме за потребно да укажеме само на најважните речнички појави што стануваат денеска во врска со богатењето на речничкиот фонд и да дадеме најопшт поглед на лексичкиот состав на овој говор и неговата фразеологија**.

Како илустрација на говорот на крајот соопштуваме неколку текстови.

Со оглед на тоа дека има црти што не се распространети на целата оваа област и појави уште незавршени, и за да може да се види нивната ареа, покрај секој пример го даваме, како што е уобичаено во современата дијалектологија, во скратеници името на местото каде што е забележен тој.

---

*) Гласовните модификации што се јавуваат во одредени услови, како на пр., редукцијата на неакцентираните вокали, отворениот изговор на *е* и *о*, лабијализацијата на некои неакцентирани вокали или повишената артикулација нивна, изговорот на *и* како *ј* и на *ь* како *ъ*, преодот на *н* во η, смекнувањето на *к*, *т* пред вокалите од преден ред, изговорот на *ќ* како *к'* и на *л* како *л̣*, и др. со специјалните знаци ги обележуваме само во оние параграфи каде што се зборува за тие појави. Инаку на други места специјалниот изговор на гласовите го обележуваме само спорадично, во некои посебни случаи. Исто така само во одделни случаи го обележуваме и вокалното *р*. Ова ограничување го наложија тешкотиите што се јавија при печатењето.

**) Поподробно за лексиката на овој говор ќе зборуваме на друго место.

ФОНЕТИКА

Гласовниот систем

§ 16. Гласовниот систем на кумановскиот говор го сочинуваат шест самогласнички и дваесет и пет согласнички фонеми.

Покрај вокалите *е, и — о, у, — а* овде имаме и еден среднојазичен вокал од средно издигнување, кој го обележуваме со знакот *ъ*. Така вокалниот систем на нашиов говор претставен графички ни ја дава следнава слика:

и *у*

е *ъ* *о*

а

Овие се основни фонеми. Покрај нив овој говор познава и ред нивни варијанти. Така, на пример, покрај нормалното *а* се среќава и еден среден глас меѓу *а* и *е*, понекојпат и со нешто понапрегната артикулација, и лабијализирано *а*; *е* и *о* можат да се сретнат во одделни зборови и под извесни услови и како затворени и како отворени. Исто така и вокалот *ъ* се јавува во неколку варијанти. Како типичен него го сметаме тогаш кога се наоѓа под акцент; во таква позиција неговата артикулација е најпрецизна. Во неакцентиран слог пак обично се изговара поотворено, како среден глас меѓу *а* и *ъ* (*ъ*^{а}). Во одделни зборови може да се чуе и лабијализирано *ъ*. Најмалку варирања наоѓаме кај вокалите *и* и *у*.

Дифтоншки групи за нашиов говор не се карактеристични, зашто обично хијатот се пополнува, и не се јавуваат услови за дифтонгизација. А во оние случаи каде што по загубата на некоја согласка меѓу вокалите не се јавил хијатски глас, секоја фонетска единица си го пази своето образување неизменето.

Вокално *л* овој говор нема, како што нема ни вокално *м*, односно *н*, а *р* може да биде слогообразно под истите услови како во другите наши дијалекти: на апсолутниот почеток ако зад него следи консонант, или во позиција меѓу две согласки; вокалноста тоа ја задржува и во оние случаи каде што се загубил следниот консонант и после се нашло во позиција непосредно до вокал (*bръ*^{а}*ш*, *bpobu*).

Согласнички фонеми се:

п — *б*	*т̄* — *д*		*к* —
ф — *в*	*с* — *з*	*ш* — *ж*	
	ц — *ѕ*	*ч* — *џ*	*ќ* — *ѓ*
м	*н*		*њ*
	л		*љ*
		р	
			ј

Консонантизмот на овој говор, како што се гледа, не се разликува од консонантизмот во другите дијалекти. Како фонема во консонантскит систем овде не суштествува *х*.

Уснените *п*, *б*, *м* имаат нормална артикулација и никојпат не се палатализираат. Нема особени промени ни во изговорот на *ф*, до колку тоа се пази во говорот на некои претставители. — *В* е најчесто лабиодентален глас со нормална артикулација, но имаме и билабијално *в* како алтернационен вид на првово.

Исто така нема промени во артикулацијата на денталите *т̄* и *д*; интердентални варијанти на овие гласови нема, ниту пак тие се палатализираат. Истото важи и за *с* и *з*.

Согласката *н* пред *к*, *ѓ* се артикулира на мекото непце, имаме варијанта *ŋ*.

Пред вокалите од заден и среден ред *л* се изговара како и во другите наши говори. Лабијализирано *л* може да се сретне на ограничено пространство и тоа само во една позиција (на апсолутниот крај) и во одделни случаи пред согласка. Средно *л* имаме пред вокалите од преден ред. Спорадично, повеќе како индивидуална црта, во оваа позиција може да се чуе вопросниов глас и со повишена артикулација. Мекото *љ* овде има еднаква вредност со српското.

Гласот *ј* се јавува во повеќе варијанти — има цела низа преливи од фрикативно *ј* до неслоговно *і̯*.

Неколку варијанти имаме и за *ќ*, *ѓ*. Пред предните вокали првиов глас има знатно повлечена артикулација накај мекото непце — имаме еден вид палатално *к*, кое го предаваме со знакот *к'*. Во другите позиции тие се фрикативни гласови, кај некои претставители и во одредени услови се изговараат со појачана фрикација, понекогаш пак палаталната нијанса повеќе иде до израз. Како алтернационен вид за *ќ*, *ѓ* во одделни случаи среќаваме и *т̄'*, *д'*. Но треба да се истакне дека таа не е општа појава. Ова што го рековме за споменативе гласови важи за сите случаи без оглед на нивниот постанок.

Покрај нормалните *к*, *ї* имаме и палатализирани (*к′*, *ї′*). Воопшто пред вокалите од преден ред споменативе гласови се смекнуваат, впрочем како и во другите северни говори.

Во извесни случаи може да се чуе еден грлен согласнички призвук (*ˣ*) таму каде што имало порано *х*, но без фонемска вредност.

За гласовите *ш*, *ж* и за африкатите *џ*, *ч*, *ѕ* и *ц* нема што да се истакне особено. Последниве два ги наоѓаме во оние случаи каде што се јавуваат тие и во централните говори.

Овде ги приведовме само поважните фонемски разновидности. При разни погодби можат да се чујат уште ред преливи и нијансирања, особено кај самогласките, но поради ограниченоста на примерите каде што се јавуваат тие не ги споменуваме, а и немаат некоја поголема важност за прашања од принципски карактер. Понатаму во излагањето на некои од нив ќе обрнеме внимание.

Самоїласки

§ 17. Вокалниот систем на кумановскиот говор од литературниот јазик се разликува и по бројот на фонемите, а во многу случаи и по нивната природа.

Изговорот на вокалите условен е од повеќе фактори: од местото во зборот, од акцентот и од карактерот на консонантите што се наоѓаат во нивно соседство. Најконстантна е нивната вредност кога се наоѓаат во акцентиран слог, односно најнепостојана кога се неакцентирани.

§ 18. Нагласените *а*, *и*, *у* главно се слагаат со истите гласови во централните говори, респ. со литературниот јазик и во качествен и во количествен однос. Тие се нормални гласови — *а* од среден ред и ниско издигнување на јазикот, со средна отвореност и нормална напрегнатост; *и* е од преден ред, висок, а *у* од заден ред со нормална лабијализација; сп. *ба́ба*, *ї́ла́ва*, *ја́ї̄ье*, *ча́ша*, — *и́ла*, *си́ла*, — *ку́ла*, *му́ка*.

Затворен изговор на *а* во оваа позиција може да се чуе само спорадично во одделни зборови. Затоа и нема потреба да приведуваме примери.

Нешто поспецифичен изговор под акцент имаат вокалите *е* и *о*. Овие два гласа имаат специјална артикулација. Таа не е онаа артикулација на којашто свикнало нашето уво. Тие се еден вид дифтоншки гласови, но не од затворен тип, како што се, на пример, прилепските *е*, *о*[23]), или дифтоншкото *о* во мијачките говори[24]). Кумановските *е́*, *о́* се повеќе отворени гласови од типот

[23]) Б. Конески, Прилепскиот говор, ГЗбСФФ, и. ф. од., кн. 2, 1949, стр. 253—254.

[24]) М. Глиговъ, Говоръть на малореканцитѣ (мияцитѣ) въ Дебърско, ИССФ, II, стр. 232. — А. Белић, Галички дијалекат, стр. 85.

$\widetilde{e}^{a}$, $\widetilde{o}^{a}$. Отворената нијанса особено добро се забележува кога на слогот со *е*, *о* паѓа истовремено и логичкиот акцент, додека при брзо говорење таа е помалку упадлива, или воопшто не се забележува.

Ваква артикулација на споменативе вокали карактеристична е и за јужноморавскиот и ресавските дијалекти[25]), а во помала или поголема мера ја познаваат и другите наши северни говори[26]). Зборувајќи за овие гласови во врањскиот говор, Белиќ пишува: „Утисак од наглашеног *é* добија се као нека врста дифтонга $\widetilde{e}^{ä}$ или $\widehat{e}^{a}$; каткада је то *е* врло затворено и цео се дифтонг чује као нека врста $\widehat{\underset{\cdot}{e}}^{a}$. То исто вреди и за *о*. Под акцентом оно се чује као $\widetilde{o}^{ä}$ или често $\widehat{o}^{a}$ (*о* врло затворено, $\widehat{uo}$ $\widehat{\underset{\cdot}{uo}}^{a}$ и сл.). Управо се чује од *е* (или ѐ) и од *о* (или ȍ) цео н з нијанси до *а*. Каткада се ти дифтонзи изговарају непотпуно, тако да до уха дође само *ä* или ȍ затворено" (СДЗ II 90). Оваа констатација наполно важи и за кумановските *é* и *ó*. Дифтоншкиот карактер на овие гласови поизразен е во козјачките села и во Славиште, а веќе во селата што се наоѓаат јужно од патот Крива Паланка — Куманово отворената нијанса слабее.

Сп.: *бе́ло* МлН, *бе́лка* Деил, *бе́ïа* Стрез, *бе́ше*, *бле́сав*, *бле́нче*, *ве́ти* а*љ*у́*ша* Стр, *ве́дро* МлН, *вѣ́нъ*^{a}*ц* Обл, *врете́но* Ник, *ïле́дам* Стр, Мал, Ник, *ïле́то* Ранк, *ïле́тав* Стр, *ïоле́мо* МлН, *ïоле́ме* каце Руѓ, *ïре́бе* СтН, *де́лба* Бајл, *дете* Рад, СтН, Чет, *дете́нце* Обл, *де́ца* Кан, Кум, Обл, *де́сно* Обл, *есе́ти* Стр, *дебе́ло* МлН, *доле́ко* Стрез, Стр, *довле́чете* Др, *желе́зо* Одр, *же́ïа* Деил, *же́на* Одр, Жег, *зате́че* Стр, *заме́си* Петр, ќе се *зве́ремо* МлН, *изве́ду* Одр, *испре́де* СтН, *коле́ра* Стр, *Кре́мен* Обл, *ле́то* Ст, Чел, *ле́ти* Можд, Ст, *ле́ïа* Одр, *ле́са* Гин, *ле́ќа* Стр, Кан, Петр, *ле́ï* Стр, *ле́тва* Др, *ле́ва* Стр;

бо́ла Одр, *бо́ле* ме *о́чи* Таб, *бо́са* Стр, *во́да* Клеч, Ст, Топ, *ïо́сти* Гин, на *ïо́сти* СтН, *ïо́съ*^{a}*ти* Одр, *ïо́стите* Гин, *ïото́во* Кан, Гер, *ïо́ло* Дим, *до́ле* От, Одр, *дево́јка* Одр, Др, Ос, *Димо́нце* Кук, *до́ма* МлН, *До́ца* Стрез, *дојдо́ше* СтН, да не *заïо́ри* Стр, *зо́ра* Топ, *изо́ре* Гер, *ко́за* Ранк, Ос, Арб, *ко́зуту* Обл, Ранк, *ко́са* Ранк, Др, Деил, ќе се *ко́си* Кан, *ко́ске* Вет, *ко́рен* Арб, прет *ко́ши* Рад, *ко́чина* Рад, Др, *ко́рице* Стрез, *кро́сно* Ранк, *мо́дро* Клеч, *мо́же* да се *сре́тне* Обл *мо́ли* СтН, *но́ïа* Ранк, Обл, Кан, Мат, *око́сиш* сено Кан, *о́са* Кук, Рад, *ото́чке* Пс, Ранк, Одр, Стр.

---

[25]) СДЗ II 91.

[26]) Б. Видоески, Северните македонски говори, МЈ, V, кн. 1, с. 13—14, кн. 2, с. 127.

Самоѓаскиѓе во неакценѓиран слоѓ

§ 19. Неакцентираните самогласки по правило овде се изговараат со извесна редукција на гласот. Квантитативни разлики меѓу нагласените и ненагласените самогласки има и во централните, и во другите наши говори, и воопшто во јазиците со динамичен акцент. Во кумановскиот говор, меѓутоа, таа редукција е појака, поупадлива, онаква каква што ја наоѓаме неа и во кратовскиот, кривопаланечкиот или во соседниот врањски говор[27]). Во сите овие говори ненагласените вокали се изговараат пократко од нагласените. Но степенот на редукцијата не е секојпат, при сите услови и за сите гласови еднаков. Тој зависи многу често и од темпото на говорењето, и од логичкиот акцент. При брзо говорење неакцентираните гласови се изговараат понекојпат и многу кратко, губејќи ја и својата основна боја. Од друга страна редукцијата не се врши рамномерно ни во сите слогови во зборот. Крајниот отворен вокал, кој е обично граматичка наставка, многу ретко и многу малу се редуцира. Единствено тоа не важи за проклитичките зборови, кои влегуваат во акцентски композиции со други зборови, и во нив нормално вокалите подлежат на редукција. Во сите други позиции неакцентираните гласови се редуцираат, и тоа до колку се пооддалечени од акцентираниот слог до толку е и поголема редукцијата.

Освен акцентот на редукцијата на вокалите доста често влијаат и околните консонанти. Така, на пример, ненагласените самогласки во соседство на сонантите, а особено со *р*, се изговараат со поголема редуцираност.

Сите вокали не се редуцираат во подеднаква мера. Со поголема доследност редукцијата се забележува кај вокалот *а*, особено во слоговите пред акцентот; сп.: *а̀бърџи́ја* Мат, *а̀шчи́ја* Кум, *ба̀шчалъ̀к* Кум, *ба̀рдакўља* Стр, *Блаѓо́ја* Ром, *ба̀ра̀ба́р* Ст, *ба̀ре́м* Кум, *ва̀льа̀вича́р* Ранк, *ѓра̀ѓа́ни* Петр, *Гра̀ди́ште* Ник, *ѓра̀бу́ља* Кан, *за̀ѓа́р* Стр, *за̀што́* Коин, Бајл, *за̀то́j*, *испра̀ти́ле* СтН, *испра̀ши́ле* га Обл, *кра̀ва́јче* Ник, *ка̀лчи́не* за опѓнци МлН, *ел' кра̀j-ме́не* Гер, *ѓа̀рта́љке* Стр, *ѓа̀рта́љи* Кум, *ѓра̀ша́ја* МлН, *ѓра̀шу́љке* Стр, *ѓрѓа̀в* човек Кум (*а* е овде многу кратко, и воопшто пред сонантите редукцијата е поголема), *ра̀бо́та* Гер, Ранк, *ра̀ки́ја* Чел, Ник, Коин, *Ра̀мни́ште* Кан, *ра̀мни́ца*, *ра̀збо́јник* Стрез, *са̀ла̀му́р* Кум (соленица), *са̀нда̀́к*, *са̀нда̀́че* Кан, Ранк, *са̀нтра́ч* Стр, *са̀тъ̀р* Ор, *ша̀ка̀́в* Кан, *ша̀ко́j* живи́ше Клеч, *ѓра̀вуља́ци* МлН, *ша̀ми́ја* СтН; или во сврзникот *да*: *не́ке да̀-ра̀бо́ти* Ром, *да̀-се́ди* Мат; во предлозите: *на̀-њѐѓа* Клеч, *на̀-ма́јку ми* Проj, *за̀-њѐѓа* тој е мло́го Дов, итн.

Во соседство со *р* доста често, особено во брзиот говор, овој вокал толку се редуцира што може и да се загуби, предавајќи ја слоговната функција на *р*, сп.: *брда́ци* Кум, *брда́вица* Клеч, *Врџи́ница* Ор (Варџиница), *ѓрѓа́нињ[а]ѓи* Ор, *ѓрна́ѓ* Кум (гранап), *ѓрни́ца*,

[27]) СДЗ II 83—84.

ѓрни́чи се Одр, на *ѓрни́цу* Петр, *ѓрна́ѣа* Ром, у *Грди́ште* НС, на *Грди́ште* Ор, на *ѓрди́шки* манасту́р Бељ: *ѓрадѝшки* Ор, *ѓрма́да* Кум, *Дрѓу́ковъ^{а}ц* Мург (месност Драгуковъц), *крвја́че* ме́симо СтН, *Петрли́ца* Рад, *Петрли́чка* Ма́ала МлН, *ѓрта́љи* Клеч, *ѓрши́ька* Клеч, Стр, или во предлогот *крај=крј*, *кр*: ќе ле́га *крј*-ње́га Ранк, *крј*-мене Рад, *крј*-се́стру-ву би́ле Стр.

Обична е редукцијата и на вокалите *е*, *о*; сп.: *бе̨лушѣра́к* Ник, *ље̨че̨рња́к* Ранк, *Дре̨нѓък*, *де̨да̨-Ге́ле* Ник, *е̨вза̨ни́ја* Ор, *Ере̨бича́рник* МлН, *је̨зи́к* Дов, *је̨де̨ња́к* АгС, *ко́шчице̨ѣе* Одр, *кре̨ка́ле* жа́бе Ром, *ле̨бле̨би́ја*, *ѓре̨че̨чу́је* Чет, *ѓре̨ко-зи́му* Обл, *ѓе̨шки́р* Кум, *ѓре̨ле́жина* Стр, *ре̨ше̨та́љке* Стр (на разбој), *ре̨де̨ни́к* Деил, *че̨ти́ри ка́ме̨на* Дим, — *бе́ре̨ше̨мо* Милут, *но́се̨ше̨мо*, *но́се̨ше̨ѣе* Длъб;

ље̨де̨ничја́р Ор, *ље̨ље̨ва́р* Руѓ, *ѓо̨рни́ца* Чет, *ке̨ѓиља́к* Мал, *ке̨жо̨де́р* СтН, *ке̨не̨ѓиљар* Мал, *ке̨ке̨ша́рник* МлН, Ник, *на́дље̨р* Чет, *ке̨ри́ѣо̨ѣо* Одр, *ѓе̨ѓа́рак* Ор, *ѓе̨ѓа̨ди́ја* Обл, итн.

Потполна редукција на овие гласови забележив во *ље̨рѣе́но* Кум, до колку овде немаме поврзување со глаголот *ље̨рѣи*, *ље̨рнзе́но* Мург, спрема оваа форма после и *ље̨рнза* 'бронза'.

§ 20. Особено е видна разликата во изговорот во акцентиран и неакцентиран слог кај вокалот *ъ*, кој е и најинтересен и најкарактеристичен глас во вокалниот систем на кумановскиот говор.

По својата основна положба *ъ* е среднојазичен глас од редот на *а*, но се артикулира нешто повисоко од *а*. При неговото образување јазикот средно се издига; резонаторската празнина е помала од празнината на *а*, и затоа неговиот тон е повисок од тонот на *а*. Таква артикулација има овој глас и во другите северни говори на целиот појас (MJ IV 120, V 14, 128), а таков е тој и во граничните призренско-јужноморавски дијалекти[28]).

Во сестраната анализа на вопросниов глас во тимочко-јужноморавската дијалектна област Белић особено ја истакнува неговата напрегнатост, полугласност и краткост[29]). Напрегнатоста на артикулационите органи карактеристична е и при образувањето на кумановското *ъ*, особено кога е тоа во акцентиран слог. Меѓутоа, не би можело да се рече дека е овој глас и „полугласник", редуциран вокал, пократок од кратките. Ми се чини дека терминот „полугласник", што е уобичаен во досегашната литература, не е сре́ќно погоден, зашто никако не одговара на вистинската вредност на овој глас. Тој не е ни „полугласник" нити пак „пократок" од другите вокали, туку е вокал од посебен тип, и ги има сите особини на другите самогласки.

Како другите самогласки така и *ъ* најконстантен е во акцентиран слог, каде што имаме најпрецизна артикулација. Во неакцентирана позиција, при полабава артикулација тој е знатно поотворен, губи од својата напрегнатост, и тоа колку што е подалеку

[28]) СДЗ I 43 нт., II 87, VIII 50 нт.
[29]) Белић, Дијалекти, стр. 43—45.

од акцентот толку станува поотворен. Во оваа положба можеме да го чуеме во цел ред преливи и варијанти од *ъ* па до *а*; во некои случаи, ќе видиме понатаму, и гласовно се изедначува со *а*. Ваква тенденција кон поширок изговор покажуваат и другите вокали кога се наоѓаат во оваа позиција (во неакцентиран слог, в. § 21)*.

Неакцентираното *ъ* во соседство со *р* доста често и наполно се редуцира, сп.: *бе́тър* Чел, Чет, или *бе́тр* Чел, *бе́р*, *ја́бр* Мал, *мо́кр* Др, *сбе́кр* Ст, и др. (в. § 38).

Потеклото на овој глас му е различно. Редовно и во сите позиции на зборот ваква вредност наоѓаме место етимолошките полугласки и секундарното *ъ* (в. примери подолу, § 31). Во извесен број зборови тоа се добило од *л* (заедно со *л*), на пр.: *слънце*, *слъза*, *кълне*, *клъче* и сл. (§ 47).

Аналошко *ъ* имаме во: *ньќъс* СтН (=*ноќъс*, каде што е добиено *ъ* спрема *дънъс*), *ко́бчъаќ* Ор, Ст, Ос, у *ко́бчъаїъатъ* Одр, сп. кај ХВ *у ковчаї* (340), *стъе́ъан* Ник, *ўїљъаН* Ор (место *ковчеї*, стсл. *ковъчеіъ*, *стъейен*; во *уїљъаН*, стсл. жгль, се генерализирала целата наставка, како и во другите наши говори), *їъзъар* Бујк, покрај *їъзер* АгС, *стъо́жъар* Мал (место *стожер*, стсл. стожеръ); спрема членската форма *-ътъ* преобразувани се и формите *-ъb*, *-ън* (од *-оb*, *-он*), на пр.: *човъ́къаb*, *човъ́къаН* итн. (в. § 184).

Во овој говор, и воопшто во североисточната дијалектна област, со *ъ* се заменува по правило турскиот вокал *ı* Сп.: *алтъ́н*, *алтънли́ја* (т. altın), *алтъ́ни* Ранк, *азъ́н*, *азъ́нлък* Кум, Ром (т. azgınlık), *алъ́шверии* (alış-veriş), *бакъb* Пч (ар. vakıf), село *Вакъb*, *естъ́к*, *естъ́ци* Ст, *зъба́н* Ор (т. zıbın), *јазъ́к* (т. yazık), *јанлъ́ш* (т. yanlış), *кадъ́на* Ник, В, *кадъ́не* Кум (kadın), *къ́на* Кум, *катъ́к* (т. katık), *кадъ́р* Ор, *кадъ́ръаН* Пч (ар. kadır), *калъ́тъ* Град (kalıp), *късмъ́тъ* АгС, Отља, *къ́шила* Оп, *къ́тъна* година Руѓ, *мањъ́ри* Кум, АгС (т. mangır), *мъ́здрак* Стр (ар. mızrak), *налъ́не* Кум, *съ́клетъ* (ар. sıklet), *сандъ́к* Кум, *сакъ́с*, *чам-сакъ́с*, *чалъ́ми* В, *чакъ́л* Ранк, *чадъ́р* Ром (т. çadır); во суфиксот *-лък*: *азъ́нлък*, *ашамилъ́к* Ром, *башчалъ́к* Чел, *їаздалъ́к* Чет, *кала́балъ́к* Чет, Ник, итн. — Сп. и: *абъ́тъ*, *бакъ́р* Ник, *јаъ́р*, *јаїлъ́к*, *канъ́ъ*, *чалъ́м*, *чапкъ́н* и др. сл.

Има извесен број зборови во кои се јавува *ъ* на местото на вокалот *а*, на пр. *зър*, *чъм*, *чък*, но за тоа ќе спомнеме подоцна (в. § 25).

---

*) *Забелешка.* — Оваа варијанта слабописмените луѓе ја предаваат секогаш со гласот *а*, додека првата (под акцент) ја испуштаат. Во материјалите на Хаџи Васиљевиќ и во статиите во споменатиот том на Историски архив нагласеното *ъ* е предадено со знакот ', а неакцентираното со *а*. Така овие две варијанти ги бележат и Иљоски и авторот на „Тонфиљм" (сп. *мрсан*, *силан*, ХВ, *миран* Тон, *аран*, *јарам*, *почетак*: *к'да*, *с'ја*, *с'прев* ИА). Овој факт може многу да каже и за нивната слухова разлика. Погрешно е, меѓутоа, да се мисли дека се работи во случајов за две фонеми. Ненагласеното *ъ* е само алтернационен вид за *ъ*.

§ 21. Како последица на квантитативните измени на вокалите во неакцентирани слогови се јавиле во бројни случаи и измени од квалитативен карактер.

Има случаи кога неакцентираните вокали, како и во соседниот јужноморавски дијалект (СДЗ I 31, 34, II 86—87), се изговараат и нешто поотворено. Самогласките *е*, *о* во такви услови ја изменуваат својата артикулација накај *а*, а *и* и *у* накај соодветните средни гласови (*е*, *о*). Во извесен број зборови тие поминале и во сосема ново качество. Така, на пример, место *е* доста често во говорот на некои претставители, особено во козјачките села и во Славиште, слушаме *а*, одн. ạ во примерите: *за̄ји́н* Обл, Ор, Гер, покрај *нека́-ī̄а* и *нака́-ī̄а* Мал, *ī̄ạта̄ри́ца* В, *ра̄ше́то* Стр, *са̄му́н* Гер, *ī̄ạна̄ри́ња* (од истиот објект), *ча̄ју́р* Ор, Мат; во козјачките села со *а* може да се чуе изговорено и името на селото Челопек, сп. *Ча̄лопе́к* Ник, Коин, Жег, Коин, покрај *Чолопе́к* (в. подолу); во Шопско Рударе има месност *Санокóс*, а во Орашъц забележив *Аґу́пка*, пак само како месно име; името на славишкото село *Óдрење* може да се чуе и како *Óдрање* Гин, Кук.

Со *а* место *о* ги забележив: *ạрни́ца* Буков, *ạрма́н* Лоп, *ạша́ф* Арб, *ạрī̄ани́за̄ција* Пч, *афạнзи́ва* Арб, Ром, *дạла́ма* Ор (т. dolama), *дạла́ī̄* Руґ, *кạми́ри* Длъб, *мạти́ка* МлН, Ст, Мал, съ^{а}с *мạти́ка* Пч, *мạни́ста̄ра* Мург, *мо̄тави́лка* Коин, ХВ 342, *ī̄ạточа́ра* Ник, Кан, *ī̄ạди́ште* От, и топ. *Пади́ште* Пс, *ра̄ґу́ша* о́вца Мал, Др, *ра̄ґо́жа* Кум, В, *Ра̄ґожа́рница* (месност) Ст, *Рạма́новце* (село) Пч, Ор.

Не се бројни ни примери со *е* место *и*, сп.: *бре̄га́да* Ром, у́дев по *бези́ну* Кум, *ка̄пета́л* Ром, *леси́ца* Чет, Мург, *леси́це* Чел, Стр, Ор, *Леси́чји Рӣт* Коин, *ме̄ри́ше* Пч, Мал, Мург, а после и *ме́рис*, *по̄лети́ка* Ром, Стр, Мал, *пусте̄ња́к* Дов, *пусте̄ња́ци* Ром, *ќе̄ли́м* Кум, *мелеца́ј*^{а}*ц* Коин, Жег.

Треба да се нагласи дека повеќето од овие примери во приведениве фонетски форми се среќаваат само во говорот на понекои претставители. Единствено зборовите *лесица* и *мерише* редовно и на целата кумановска област се употребуваат со *е*. Но тие во овој облик се познати и во источните наши дијалекти.

Меѓу примериве има и такви каде што измената на вокалите може да се објасни и на подруг начин. На пример, за преодот на *е* во *а* во *нака*, или за измената на *о* во *а* во *арма́н*, *аша́ф*, *дала́ма*, *дала́ī̄*, би можело да се претположи и асимилација. Во *мо̄тави́лка* појавата на *а* м. *о* може да се објасни и со народна етимологија, како што сметаме дека е добиено *е* во *те̄ње̄ни́ца* Мург, *те̄ње̄ни́це* Кук, Дов, Мург (*тӣањица* + *те̄ње*, *те̄ли*=*те̄ањица* > *те̄ње̄ница*), *масле́нка* Кум, Ник, Мал, *масле́нке* Мал, Ст (спрема *маслен*, *масленица*), можеби нешто слично и *слезе́нка* Стр, но не можат да се објаснат по ваков или сличен начин и другите примери. Паѓа в очи дека добар број од примериве се туѓи зборови. Таквите зборови се најчесто непроизводни, а промените

од ваков вид обично стануваат во такви примери и во случаи каде што етимологијата е заматена.

§ 22. На изговорот на вокалите во неакцентираните слогови често влијаат и околните согласки.

Под влијание на лабијалните консонанти и сонантот *л* артикулацијата на *а* се менува накај *о*, или пак се изедначува со него. Но веднаш треба и да истакнеме дека оваа појава може да се следи само во одделни зборови. Сп.: *боба-Стáна* Ор, мија смо *боба-Мáрини* Прој, или месни имиња *Боба-Цвéтина Њúва*, *Боба-Ристéнин Чукáр* Длъб(к), *Боба-Анѓина Њúва* Буков, *воїáн* В, *воїáнче* Мург, смејáло се грнче на *воїáнче* Кум, ХВ, Коин, *вальовéсто* Ос, а после дало и *вальувéсто* Гер, *наóпоко*, сь^{a}с кожýси огрнени *наóпоко* Кум (овде можеле да допринесат за преминот на *а* во *о* и околните слогови), *мојóр* Чел, *омбáр* МлН, Дим, Клеч, *Омбарúште* (месност) Ранк, оште еднó *омбарúште* Рад, у *омбáр* Клеч, *потлицáн* В, ГК, Ор, Пч, Стр, Клеч, *потлицáни* Кум, Ор, ШР, Стр, Одр, Ранк, Стрез, *Подúна* Дов, *Гóцева Подúна* Бељ, но само *пáдина*, *собáјле* Ром, Обл, Ник (сабаиле < сабахиле), *сомáр* Кук, *Сомарцúн Дóл* (месност) СтН, *тобóр* Дим, едън *тобóр* вójска Руѓ; *долéко* Кан, ГК, МлН, Бујк, *долéчко* СтН, *долéчно* Мург (во оваа форма се употребува и во скопско-црногорскиот говор), *Толашмáнце* Одр, Оп (Талашманце), *шолвáри* Тал, Ор.

§ 22^{a}. Со поголема лабијализација во споменатава позиција се изговара и *о*. На неговиот изговор во овој правец делуваат и заднонепчените согласки. Сп.: *їоḷéм* Отља, нéрет *їоḷéм* Ром, сéло *їоḷéмо* Пез, *коḷрúва* Ор, Петр, *коḷрúја* Мал, Длъб, *коḷбúла* Жег, *коḳóшка* Ром, Ник, *коḳóшке* Ром, Ник, ќути како *коḳóшка* АгС, *коḷншúја* Ор, *поḷтáра* Град, *поḷтáньа*^{a}*ц* Руѓ, От, *поḷстекúја* Ор, *щоḷбúсане* кобúле Ор, *соḷбéлька* Ор, *соḷбéл'ка* В;

или со *о* > *у*: *бубóбњаци* покрај *бобóбњаци* Дов, *дулáма* Чет покрај *долáма* и *далáма* (в. погоре), *їулéмо* Пез, Мург, Град (најчесто вака се јавува и во овчеполскиот говор, а Белиќ го наоѓа и во јужноморавските), *јáїушка* ГК, во народна песна забележив и *Јáїуде* (Сву ноќ *Јáїуде* седело Ранк, — секако *Јаїода*), редовно *куманúка* Стр (трева команика, сп. буг. команига и комонига, комоника, рус. команика, пол. komanica, срп. и сл. komonika), *кукóшке* Коњу, *щувúсано* Мург, *сувéлька* Ор, Ст.

Туѓите зборови како *кумандáл* МлН, *кумúшта* В, ГК, Град, *кумúсија* Пез, Ор, *куméндија* Руѓ, АгС (и така се најчесто) со *у* се среќаваат и во говори што не знаат за редукција ни за лабијализација[30]), па затоа е и тешко да се заклучува дали и во нив преодот на *о* во *у* е од овој вид.

§ 23. Во соседство со тврдонепчените и венечните согласки неакцентираното *а*, како и во јужноморавскиот дијалект[31]), се изго-

[30]) Б. Конески, Прилепскиот говор, стр. 9.
[31]) СДЗ I 17—23, II 85—86.

вара со нешто повишена артикулација накај вокалот *е*, а во некои случаи тоа преоѓа во *е*.

Со поголема доследност оваа појава се врши во соседство со *ј*, а особено кога се наоѓа зад него. Секое *а* во таа позиција има вредност *ӓ*, до колку не се прегласува во *е*. Сп.: *јӓсӣка* Ос, *јӓстӣк* Жег, *јӓстӣци* Ник, *јӓјченӣк* Стр, Ром, *јӓјчӣнце* Стр, *јӓшӣја* Дим, Руѓ, *јӓїурӣда* Ст, *Јӓнӣка* Кан, *јӓјчӓрӯша* Пет, Милут, *јӓрӣм* Рад, Мал, *дрӯїојӓче* В, Ник, Обл, *прӣјӓшӣељ* Кум, Ос, *пӣојӓс* Кум, Ор, или: *дијенӣјка* ГК, *јеїњӣнце* Кук, малӣчки *јеїњӣнка* Стр, *Јеловӣрник* Деил (во други говори јаловарник), *Јесикӣр* Др, *јебанџӣја* Стр, *ебанџӣја* Ранк, Одр, *ебънџӣја* ХВ 348, *естӣк* АгС, *естӣци* Кум, *ештеїӣн* ХВ 345, *јештеїӣн* Чет, Мург (т. ja'aghan), *ерӣм* Одр, *пӣојес* Ст, Отља, ХВ 303, *пӣоес* Ор, Коњу, Ст, Ранк, Ст, *пӣоеси* Руѓ, *пӣошче* Стр, *прӣјештӣљ* Стр, Ст, најути гости и *прӣјештељи* Тон, *прештӣљка* Стр, *прештӣљ* Гин, Одр.

Колкава е улогата на акцентот во овој поглед ни покажуваат следниве паралели: *прӣјӓшӣељ — прештӣљ*, *јӓїње — јеїњӣнце*, *јӓбана* (поретко јабанӣ) — *јебанџӣја* (сите примери забележени се од еден објект).

Со други согласки: *Трӣјӓн, Трејӓнке* Деил (вок.); *Трејӓнке* морӯ, кудӣ се денӣ, морӯ? Др (само и овде имаме соседство со *ј*); *їремӓда* Ор, Стр, Мург, топ. *Бӣла Гремӓда* Чет, *Гремӓде* МлН, *Гремӓѓе* Ник, *Гремӓчики* Деил, покрај *їрамӓда* От, *їрмӓда* Стр, но: *Грӓмада* В, *Грӓмади* Град покрај *їремӓди*, *печӣлиь* ИА, *машӣјчӣни*: *Машӣјча* Чел, *чекӣја* Стр, извӓди óстра *чекӣја* Ранк, *чекӣче* Стр, Одр, Ст, сп. и кај ХВ 303, *черапӣстио* КК (: чарӣпа Кан, чарӣпе Ст), — *шеињӯр* Кум, *шеїеињӯица* Коин, Дов, *шеїеињӯице* Мург, *фењӣла* вуњена Мал, *їӓздерица* Гер. Во *їлавешӓр* Стр ваков услов нема и треба да се бара друго објаснение; една претпоставка е да се преобразувало спрема *їлавешина*. Во *бӣрӣм* Стр, Кук, Обл возможна би била и асимилација.

§ 24. Како што гледаме, квалитативни измени на вокалите се вршат главно во неакцентирани слогови, и тие се од два вида: 1) измени што настанале претежно како резултат на пасивната артикулација на вокалите, и 2) измени што се извршиле под влијание на околните согласки. Во резултат на измените под 1) се добиваат отворени гласови, а на измените под 2) — затворени, и тоа во едни случаи лабијализирани во соседство на лабијалните, меконепчените и *л*, а во други затворени во смисла на повишување нивната артикулација — под влијание на некои тврдонепчени и венечни согласки.

Во врска со овие појави треба да истакнеме дека ни една од нив не се врши со апсолутна доследност. И измените од првиот вид, и измените од вториот тип се вршат само во одделни зборови и наспоредно со новата (изменетата) форма се употребува и старата (неакцентираната); понекојпат и двете ќе ги чуеме од едно исто лице.

Ни сите вокали не се засегнати во еднаква мера. Најмали промени претрпеле високите *и, у*.

Во поголема или помала мера сите овие појави познати се и во југоисточните српски дијалекти од тимочко-јужноморавски тип и во северозападните бугарски говори. Воопшто во сите тие говори вокалите се одликуваат со голема подвижност.

§ 25. Најпосле ќе приведеме извесен број примери во кои измената на вокалите е од подруг карактер.

а) Во неколку случаи место вокалот *а* редовно на целата територија се среќава *ъ*. Сп.: *амъ́н* Чет (т. aman), *мъ́згале* Ос (т. mazgal), *мъ́сти* Кум, Чет 'вапцува, боиˈ, *измъ́сти* Дов, Мал, Деил, *тамъ́н* Кум, Ст (т. taman); *бъ̨лъ́ми* Ранк (т. balgam), *одъ́мна* Др, *одъ́мњашно* Ром, до *съ́м* до њéга 'самоˈ, до *съ́м* до гýмно Ром; — *бъ̨ждъ́р* Кум, Топ, *бъ̨ждъ́рница* Стр (т. bac dar), *мъ̨къ́р* Стр, Кук (в. Младенов, ЕР, 286); — *зъ́ѣне* Стр, мéчката *се зъ́ѣне* Одр, *зър* Ник, Кум, Кан, па *зър, зъ́рем* ВИљ, *озъ́т* В, АгС; — *чък* Кум, Ос, Одр, Жег, *чъ́к* до тáм Ст, *чъ́к* до април Кан, (т. çak), *чъм* Арб, Деил (т. çam).

Од прегледов на примериве можеме да го констатираме следново: прво, преодот на *а* во *ъ* се јавува само во акцентиран слог; второ, во најголем број случаи *а* (*ъ*) се наоѓа во соседство со лабијалниот назален сонат, во неколку случаи во соседство со *р* и консонантите *з* и *ч*; и трето, добар дел од примерите се туѓи зборови. Во туѓите зборови, видовме и порано, во овој говор вокалите доста често се подложуваат на промени. За измените придонесле, без сомнение, околните гласови. Во соседство со *м*, поретко и во соседство со *р* и некои од сибилантите и шушкавите гласови, во нашите говори доста често самогласките ја менуваат својата артикулација.

Редовно со *у* < *о* се употребуваат зборовите *ту́мба* Ром, АгС, *ту́здер* В, Отља, *уто́љ* Ст, Ник, и спорадично *бу́мба* Ор, В, *ду́ри* В, Ор: *бо́мба* Чет, Кум, *до́ри* Ст. Сите тие во овие форми познати се и во поголем дел од централните и западните говори, кои инаку не знаат за редукција. Во граничните села со скопскиот говор се среќава и *такуќере* спрема *тако́ќере* на другата територија. — Покрај *о́коло* Руѓ, Тал, *о́коле* Пез, Град, Дов се среќава и *у́кол* и тоа само кога оди заедно со *на́кол* — *у́кол на́кол* Мург, Стр 'околу наоколуˈ. Можеби овде целиот израз да е добиен и од *у окол на окол*. — Во *у́тур* Дов, Стр, Ник, покрај *у́тор*, и *ку́кул'* Мил (< кукол') преодот на *о* > *у* се објаснува со асимилација. Така се добило и *у* од *и* во зборот *чуру́лка* Мал, Ник.

Асимилација, контракција, образување на долги самогласки и елизија

§ 26. Непосредноста на вокалите во многу случаи се избегнува, како и во црногорскиот говор, со вметнување на хијатски гласови, сп.: *ја́ва, ма́ва, сна́ва, и́мава*, итн. Таму пак каде што тоа не е сторено,

и двете самогласки се изговараат со полна артикулација, дури и кога се обата еднакви; на пр.: *кабáат* В, *máала* Мург, *máана* ГК, *рáат* Пч, Стр, *сáат* Коњу, *снáа* Др, Руѓ, — *дрéе* Гин, *смéемо, доóди.*

Многу се ретки случаи да се изговараат тие слеано како во централните области. Таков изговор забележив во *бā́ѓи* ГК (баеги), *орбо* (дрво) < *ороóбо* < *ораóбо*, *Илúндън* < *Илúин*, *Самарџúн Дóл* СтН < *самарџиин, чúсà.* — Покрај *мáќаа* < *маќеа* може да се сретне и *мáќа*, но оваа форма е веројатно преобразувана спрема *мајка*, а нема контракција на две *а*. Спрема *маќаа*, покрај *мáќеба*, образуван е зборот *óќаа* 'очув' (во некои поречки села и *оќуф*).

§ 27. Секундарни должини се јавуваат освен во случаите со контракција и во некои примери каде што се загубило *х*, сп. *бē̄то*, *дȗне*, *ш̄úне* и сл. Во последниве случаи може да се јави дури и секундарен вокал: *бóоча* < *бохча*, *бууна́*, *мееле́м*, или во 1 и 2 л. мн. на имперфектот: *úмаамо*, *úмаа ш̄е* < *имахмо*, *úмах ш̄е* (в. § 75).

§ 28. Елизија обично настапува, како воопшто во нашиот јазик, во брзиот говор и на составот меѓу проклитичките зборови и зборовите на кои тие се наслонуваат акцентски. Најчесто вокалот се губи во кратките заменски форми и во морфемата *ќе* кога следниот збор почнува со самогласка. Сп.: *м'опсúпа* Ром, *ќе ш̄' изло́жи* Коњу, *ї' изгоро́ше* Ос, *ї' испра ш̄úле* Кум, како *ї' утепа́ле* Бујк, теа да *с' изе́деѣ* Мург, што *с' издишýјеш* Мил, они *ї' испра ш̄úле* њума, *ї' испра ш̄úле* њија Град; ја *ќ' искóчу* сега Ром, ако не врне *ќ' úма* собóр Др, кудé *ќ' úдеш̄е* Кум; поретко и во сврзникот *да*: *д' úдемо* у гóсте АгС, она неќе *д' úде* Стр. Во негацијата *не* и во предлозите елизија не се врши. Треба пак да нагласиме дека овде вокалите не испаѓаат во споменативе случаи со онаква доследност како во појужните говори.

Доста често крајното *и* се губи во императивните форми од глаголите *држи, бежи, ош̄ежи*, сп.: *беш' ш̄áмо* Ст, *дриш'* Пч, *ош̄е́ж'* Гер, — *а* во *ела*: *ел'* ти Ранк, *ел'* крај мéне Гер, — *е* во *ајде*: *Ајд'* да га сипу ВИљ, или *ај'* да си úдемо Ром. Исто така често се испушта крајното *е* и кај глаголот *може* во сег. време: не *мож'* да úде.

На почетокот на зборот *е* се губи во частичката *еш̄е*: *'ш̄é* колúцко је Стр, *'ш̄é* га мачорúште Одр, а *а* во *Араńѓел*: на *свеш̄и Рáńѓела* Пч, на *свеш̄и Рáńѓел* Бељ, Ос, но и: на *свéшоїа Арáńѓела* Кум, Ром.

Еднаш погоре споменавме дека покрај *ýдоле, нáдоле, нáоколо* обични се овде и формите *ýдле* Др, да фáтимо *нáдле* СтН, Бајл, *ш̄óдле* Кан (подоле), *ýкол нáкол* (около наоколо).

Во зборовите *баба* и *чича* (*чичо*) употребени атрибутски понекојпат се губи целиот слог: *Ба-Рáдина* крýшка Мил, *ча-Кóце* Мург, *ча-Јобáн* или *чо-Јобáн* Стр, *чо-Трéндо* ВИљ (чичо). — Покрај *зашш̄о* имаме и *заш'*: Тýј га беше убúле човéка, *заш'* га видéле

на пенцéр Кум. — Крајниот слог често се испушта и во заповедната форма од глаголот *чека*: *Чé* да вúду Стр, *чé* де Ром, како и во прилогот *још̄е*, сп.: *још̄ѝ еднó* Кан, одн. *ош̀* едн̀ пут Пч, *иш̀* еднó врéме Ор.

§ 29. *Подвижни вокали на ап̄солут̄ниот̄ крај.* — Во кумановскиот говор, и воопшто во североисточните наши говори, како и во јужноморавските, има извесен број зборови, главно прилози, во кои крајниот вокал се јавува како факултативен глас: се употребуваат паралелни форми со и без крајниот глас. Некои посебни услови за употребата на едната или другата форма нема.

Во повеќе случаи како таков се јавува вокалот *а* и тоа редовно во партикулата *-ка*, сп.: *дéка* смо ГК, *дéка* ќе чéкаш сѣга Пч, *дéка* óќеш печáли Кум, *обдéка* Кум, Пч, *одобдéка*, *одондéка* Ор, *дондéка* Мург: *од̄éк* бéа Можд, *од̄éк* сà Жег, *додéк* Јач, *додéк* бешó ја кмет АгС; или: *от̄ýда* Кум, Ор, ГК, *одобýда*, *одонýда* Мург : *от̄ýд* Кум, Ром, Ст, Мал, *одобýт̄* Кук, Мал, Ст, *одонýт̄* Кум, Стрез, Ром, нéма *откýт̄* Ром; — *оздóла* ГК (во Ор забележив и *оздóле* спрема *доле*) : *оздóл* В, Ром, — *озг̄óра* ГК, Мург : *озг̄óр* Др, Ром, Мург, — *сѣ́га* Ник, Ор: *сък* Ор, Таб Руѓ, *отс̀ък* Кум, *т̄ѣ́га* Пез, Ром, Дов, Кан : *т̄ѣ́* отúшле Одр, *оѝлѣ́к* Мал, до *т̄ѣ́к* Ник, — *кѣ́да* Тал : *къ́т̄* Мат (така почесто), *до къ́т̄* Кум, Коин, Ник, — *т̄оúрва* Бујк : *т̄оúрв* Кум, В, Мург, Гин, — *истúна* : *истúн* си је такój Кум, — *половúна* : *половúн* Пч, *половúн* франк романски Стр, на *половúн* ноќ дојдóше Кум, — *т̄ýја* Мат, В, *от̄ýја* врáќамо се Ром, *дот̄ýја* ГК : *т̄ýј* ќе úмру Ник, *от̄ýј* Ст, *от̄ýј* до *т̄ýј* Оп, — *ичéра* Кум, Отља, *јучéра* Длъб : *јучéр* Ос, Деил, *ичéр* Кум, Пез, Одр, Оп, — *нéка* : *нéк* му удáри АгС, *нéк* му смѣ́кне кошýљу да вúди тáтка АгС; покрај *дома* имаме и *дом*, сп,: къ́т му отúду *дом* Мал, ќ'úду *дом* Жег, ќе си úду *дом* Ст.

Нестално *о* имаме во примерите: *т̄ам* Ром, Чет, *т̄áм* е *д*олéко Пч, *онáм* Коин, Др, *обáм* Ник, и во сложените *пó̄т̄ам* Одр, *пó̄т̄ам* сéдни Стр, но почесто *пó̄т̄амо*, *пóбамо* Ор, ГК, и готово редовно *нáбамо* Пч, Ор, Мал, *нáамо* Одр, *нáт̄амо* АгС, В, Ранк; покрај *како* и *как* : кој знáје *кáк* се покварује Ром; покрај *óколо* Ник, *ýколо* Ранк, сви по рет *ýколо* Ранк и *ýкол* Дов, Јач, Коњу, *ýкол* чýваше стрáжу Рад, потоа *пол̄ък* Жег, покрај *пол̄ъко* и *пол̄ъка*, *кам*: *кáм* терзújо клáшње Стр, покрај *кáмо*.

Подвижно *е* забележив во *óш̄е*, *јóш̄е* Одр, Ст, Ром, *јéш̄е* Одр : *óш* трéќи пут, *óш* едн̀ пут Пч, или *иш̄е* : *íш* држáва си је Јач,

а *и* се испушта во предлозите *заради*, *поради* и во *дури*, сп.: Они стóив *позад*-рúт Деил, *позад̄* Челопéк Чел, *дур* ГК, Кум : отúде *позáди* гóл Пч, *дури* В, Ор, *дори* да дójде ќе почéкамо СтН; две форми имаме и од заменката *сваки* : *Сваки* си рабóти како знàје, *Сваќ* човéк башкá табиéт Клеч.*

---

* За образувањето на поодделните случаи дадено е објаснување кај Белиќа, ***Дијалекти***, 265 нт.

§ 30. *Губење на слоjообразната вредност на вокалите.* — Неакцентираното *и* во позиција зад друг вокал и овде преоѓа во неслоговно ј, на пр.,: *собáјле* < *сабаиле* Ром, *голéмјъат* < големиъ^{a}т, множинските форми *мој, твој* < *мои, твои*, но оваа појава не е распространета во таква мера како што се јавува во другите наши дијалекти, сп.: *мóите, твóите, повóи, славéи* Мург, и сл.

Во оваа позиција (зад вокал) и *у* преоѓа во *и̯* > *ь* во 3 л. мн. на сегашното време: *úмау* (< *имају*) > *úмаи̯* > *úмаь* (в. § 43).

Од историјата на вокализмот

§ 31. Пред сè нè интересираат оние гласови што во историскиот развој на нашиот јазик качествено се измениле и дале различни резултати по говорите. А тие се: полугласките, носовката од заден ред и вокалните *л* и *р*.

*ъ, *ь

На поголемо пространство од нашата јазична територија се запазила разликата во гласежот меѓу етимолошките ъ и ь. Во крајните источни говори, источно од линијата Солун—Неврокоп, ь > *е*, поретко ъ, а ъ > *о*, ъ[32]). На сета друга територија западно од споменатава линија и на север до линијата Злетовска Река (до нешто малу јужно од Злетово) — Судиќ — Врсаково — Кнежје — Цидимирци (на кратовско-овчеполскиот дел) — Дивле — Миладиновци — Брњарци — Стајковце — Г. Оризаре — Вучи Дол — Кучково (на скопскиот) — и нешто малу јужно од Тетово (во Полог) за ь има *е*, а ъ > *о*. На северниот дијалектен појас, меѓутоа, развитокот на споменативе гласови одел во друг правец — конивното изедначување, како во српскохрватските дијалекти. Во својот историски развиток и двата вокала гласовно се изедначиле и дале еден резултат — среднојазичен глас од *а*- база, за чија гласовна вредност споменавме погоре. Таква вредност етимолошките ъ и ь имаат и во граничните српски дијалекти од призренско-тимочки тип[33]) и некои северозападни бугарски говори[34]).

Со поголема доследност ваков резултат за ъ, ь наоѓаме во слоговите од основниот дел на зборот. На пример:

ь=ъ: *бѣ́зди* Ник, Ор, смр́ди та *бѣ́зди* Стр (*< *pьzděti*, срп. бàздjети, сл. pəzdím, буг. бъздя, р. бздить, Vasmer REW 84; македонското *бàзди* е секако секундарно образување), *блѣ́шти* Ор (во западните говори и *блешти*), *вѣ́здъ^{a}н* ГК, Кум, *дѣ́н* Кум, Стр, Ор, Чел, Топ, *дѣ́ње* Град, Петр, В, *дѣ́нта* отúшле Ранк, *дъ^{a}нѣ́с* Ром, Рад, *дъ^{a}нѣ́ска* Ник, *Илúндъ^{a}н* Кум, Ор, *илиндѣ́нци* Ранк, *Мúтровдъ^{a}н*, *Велúдъ^{a}н* Ник, но и *Велúден* во позападните села (В, ГК, Ддр, АгС), *сѣ́т* Петр, Љуб, МлН, Кан, Пч, Ром, *сѣ́дъ^{a}т* Ор,

[32]) Сп. V. Oblak, Macedonische Studien, с. 12, 14. — К. Мирчевъ, Неврокопскиятъ говоръ, стр. 11, 15.

[33]) СДЗ I 42 нт., VIII 51—67, XI 38.

[34]) Ц. Тодоровъ, Съверозападнитѣ български говори, стр. 48—58.

Оп, *сѣдоби* Кум, Ром, Жег, *изсѣда* Мург, Ник, *засѣдам* Руѓ, *да се осѣда* Пч, месност *Сѣдана Стру́ја* Коњу, *съди́на* Бајл, *съдáр* Ор, Ром, *лък, лѣка* В, *лѣка* му зе́мња Ром, *лѣко* му њему́ Ром, Кум, да му *лѣкне* Стр, *олькну́је* му Кум, *лѣсно* Мал, Чел, *полѣк* Жег, *полѣка* Чет, *полѣчко* Ник, Кан, *полѣчка* От, Одр, *полѣцка* Кум, Обл, Ник, *лън* Ник, Кум, Град, место *Лѣнишше* Чет, Отља, *лѣнено* пла́тно Кум, *лѣска* Ник, Стр, *лѣсна* Чел, *лѣштиь* шти́кови Кум, *лѣшти* Ранк, Ора (льштати, Lex.), *Лѣскаь Ка́мен* Чет, *мѣска* Ос, Рад, Тал, Ник, Пч, *мѣшче* и *мѣсче* Кум, *мѣ̄ла* Кум, Ник, Ранк, *мѣ̄личка* Ранк, *мѣ̄лињáво* Одр, с. *Мѣ̄линце* (во Козјак), *оп̄ѣнци* Кум, Гер, Петр, Ор, Пч, *оп̄ѣньᵃк* Град, *оп̄ъᵃнчáр* Петр, Бајл, *п̄ъᵃкѣл* Арб, Чет, Ранк, с. *Пѣклишше, п̄ањ* Стр (се употребува само во изрази, на пр.: Спле́ла си га тврдо како *п̄ѣњ*, испре́ла си га дебе́ло како *п̄ѣњ*, сто́и како *п̄ањ*), *пъс* Стр, Рад (се употребува во изразот: наостри́л се како *п̄ъс*, — инаку се вели *куче*), *сѣ̄а* В, Мил, ГК, Кум, Прој, Мург, *до сѣ̄а* Дов, Ранк, *сък* Жег, Кум, Ник, Коин, Ранк, *сък ќе* те де́ру Арб, *сѣ̄а́шно* ГК, *сѣ̄а́шнотo* вре́ме В, *сѣ̄ѣшњи* Мург, *съb, сѣ̄ви* е́сен Чел, *сѣска* Стр, *сѣка* га ку́чето Ром, АгС (кор. *сък-*, сп. Цонев, История III 144—5), *шѣмно* В, Пч, Рад, Тал, *шъᵃмни́на* Чел, *шъᵃмни́ца* Кум, *шѣмни се* Мил, *се шѣмни* ГК, Ром, *се шъᵃми́ња* Др, месност *Тѣмни До́л* Оп, *пошъᵃмне́ло* му лу́це Рад, *шѣнко* Доб, *шѣньᵃк* Кум, *испъᵃнчи́ло се*, све се излити́ло Ора; *Тѣнка Пути́на* Чет, *Тѣнко До́лче* Дов, *по́шънко* нека је Дим, *сѣмне* Стр, кът *осѣмне* тък ќе и́деш Стр, *осъᵃмнáмо* Петр, почна́ да *расъᵃмнýје* Ром, на *съᵃмневáње* дојде Кум, *осъᵃмнáле* Стр, *съмнýје* Кум, *съᵃмне́ва* Ор, *съмнýшка* Длъб 'зора', *съb* дън Мил, преко *съb* нарот Пч, *цвѣшеше* Мург, и со метатеза *цѣвши* Кум, Пч, Ор, Пез, *ѓурѓúне расцъᵃвшéле* Кум (за корените *свь-* и *цвь-* и измените на групата *вь* во нив види кај Белића, Дијалекти 55—56), да ти *игѣшне* Мат, Арб, ШР, Стр, *чéкај* да ти *шѣшну* ни́што Стр, *шѣшъᵃш* Ранк, *шъшо́ши* Стр;

ъ=ъ: *бъ̄дњак* Др, Руѓ, Кук, Ник, *бъ̄дњи вéчер* Мал, Чет, Ор, Ром, *бъс* Ник, Стр, *бъ̄зје* Чел, *бъ̄сови* Чет, *бъ̄зови* Ник, *бъ̄зи́њак* Град, месност *Бъ̄зᶜ* Деил, *бъ̄чва* Кум, Деил, Тал, закука́л *бъ̄чвýшу* Одр, *бъᵃчвáр* Кум, месност *Бъ̄чва* Ор, *Бъ̄чвишше* Коњу, *бъ̄ши* да *бъ̄ши* Одр, *бъ̄ши* Длъб, *бъ̄ши* не́ќе да ка́же Стр (<*bъ̀hnǫti, стсл. бъшиѭ, схр. башити, диј. бьши[35]), буг. бъша, Младенов ЕР 54), *бъш* (в. Диј., 48) Коин, *бъ̄ш* тако́ј ГК, *бъ̄ш сък* АгС, е *бъ̄ш* тако́ је Стр, *бъ̄шка* Кум, Жег, Руѓ, *бъ̄шче*, *бъ̄шке* Мург, *бъ̄шле*, *бъ̄шла* Мал, *бъᵃшљúb* Чел, Кум, *бъᵃше́нче* Мург, *дъш* В, ГК, Ром, Чел, Ник, *дъ̄жеви*, *дъ̄жови* Ром, *дъ̄ска* СтН, *дъ̄скани* сандъци Пч, да *и́здъᵃне* Чет, *издъᵃна́* Чет, *уздъ̄не* Пч, *зъ̄лва*[36]) Кум, Чел, Дим, Руѓ,

---

[35]) Зборник филолошких и лингвистичких студија А. Белићу, Београд 1921, стр. 255.

[36]) Во коренот на овој збор не се содржи вокално *л*, како што истакнува Мирчев (ГСУ XXXV, 10, с. 4). Во сите наши говори каде што за *ъ* има *о*, во оваа форма имаме *ол*, и таму каде што *л* дало ъ, лъ, ъл или се пази вокалното *л*. Ова го потврдува и материјалот од другите словенски јазици, в. кај Vasmer, REW 460; Vasmer претполага форма **zъly*, г. *zъlъve*.

Кан, Ром, *зъл* Стр, *зъл* живо́т живе́е Стр, *къ̄т* Ор, Кум, Ранк, *къ̄т ќе* па́дне Коин, до *къ̄т* Др, Кум, за *къ̄т* ти пи́ше Чел, до *кѣда* ГК, српски рит *кѣда* бе́ше Кум, *къ^{а}дѣшње* Ник, *ни́къ^{а}т̄* Ор, Пч, *къ̄тго́дър* Чет, *кѣсно* бе́ше Пс, Рад (<кьсьнь)[37]), *лѣжа* АгС, да ти ка́жу едну́ *лѣжу* Мург, *лѣжља* Стр, *лѣжѣц* Ранк, *лъ^{а}жа́ч*, *лъ^{а}жа́чи* Ор, *лѣже* Мал, жми да те *лѣжу* Др, *изл^{а}жа́* ме Кум, *лѣжи́ца* Кум, Жег, *лъ^{а}жича́рник* Мил, покрај пообичните *ложи́ца*, *ложича́рник* (в. подолу), *мъ* (мъхъ, *мов* во централните говори) Чел, Стр, Деил, Рамно, Арб, *мѣкне* Ром, да *примѣкне* Ор, *измѣкне* че́тата От, *измѣца* Ник, *измѣцај* га Чет, *смѣкни* Стр, нек му *смѣкне* гаќе Одр, *размѣцаш* Град, *умѣца* Пез (поречката форма *молкне*, галичката *мл̥кне*[38]) се нови, секундарни образувања), *нѣќве* Ст, Чел, Ник, Коњу, *радѣква* Стр (стсл. ръдъкы, сп. мијачко *рдоква*[39]), *сън* Кум, Пч, Рад, Ром, на *сн̄* ми дојде́ Ор, *сън съ^{а}ни́ја* Чет, *съ^{а}ни́т̄* Гер, Рад, Жег, *съ^{а}нли́ва* Кум, што си *съ^{а}ни́ја*, *съ^{а}ну́је*, *съ^{а}нува́ја* Пч, *сѣ̄ка* Мил, Кум, Коин, ќе га *сѣ̄не* Стр, АгС, *сѣ̄ни се* Дов, *сѣ̄ра́ се* В, *съ^{а}п̄и́ња*, *съ^{а}п̄на́* съ^{а}с *сѣ̄ку* Ранк, *сѣ̄т̄*, *сѣ̄тови* Чет, *сѣќе* Коњу, ШР, Тал, Топ 'пита од пчели со мед' (сп. стсл. сътъ, р. сот, слов. set, sat, срп. сат, саќе, буг. сът, во западните мак. говори сот, мн. сотој и содој — спрема садој), *сѣне*, да *исѣне* во́да Ром, ќе *исѣне* Ор, *исъ^{а}на́ло* Чел, Бељ (стсл. съхнѫти), *т̄ък* Кум, Кан, *т̄ѣ̄а* АгС, Дов, ШР, *т̄ѣ̄ај* ре́кја Ром, *т̄ѣ̄ајке* Стр, *т̄ѣ̄ајќ'е* Ром, *т̄ѣ̄акај* Стр, *т̄ъ̄ја́шња* држа́ва Чел, *т̄ъ̄ѣшње* Дов, *т̄ѣкмо* Мал, Стр, *т̄ѣкма* Ранк (тъкъмо), *т̄ѣкни* га СтН, не́ќе да га *т̄ѣкне* Кум, *т̄ѣкни* га с прс Стр, *т̄ъ^{а}кна́* ме, *т̄ъкна́ле се* Чел, *по̄т̄ѣкни* га нека ста́не Ранк (тъкнѫти), *т̄ѣ̄ка* НС, *за̄т̄ѣ̄че* Мург, *по̄т̄ѣ̄ка* Пч, и месност *Т̄ѣ̄њак* Можд (тъпътати, рус. топтать); заменските форми: *т̄ъј*, *об̄ј*, *он̄ј*.

§ 32. Во оваа позиција само во неколку одделни случаи наоѓаме за полугласките други вредности.

За стсл. *снъха* и на ова јазично подрачје се употребува *сна́а* ГК, Пч, Кум, одн. *сна́ва* Ст, Ник, *сна́ва̄та* Ник, мн. *сна́е* В, *сна́је* Коин Жег. Така е и во другите северни говори. Како што е познато, во формата со *а* место ъ овој збор се јавува во поголем број ъ, ь $>$ *о*, *е* — говори, со исклучок на мијачките каде што имаме *сноа*; во охридскиот покрај *снаа*, одн. *сна̄* се среќава и формата *сьна* (од *снъа*), но само со експресивно значење[40]). Во солунските и неврокопскиот, каде што првичната вокализација на ъ во кореновите слогови не е извршена, имаме *снъха*[41]). Исто така формата со *а* се употребува на целиот призренско-тимочки дијалектен појас, и во некои говори во Западна и Северозападна Бугарија.

[37]) Сп. едно толкување за постанокот на оваа форма во Български език, III—4, стр. 243.

[38]) СДЗ VII 105.

[39]) Кај Пулевски *ърдоква* (Белиќ, Галички дијалекат, 99).

[40]) М. Петрушевски, Неколку експресивни зборови од охридскиот говор, MJ, VI, кн. 1, стр. 50—51.

[41]) V. Oblak, Macedonische Studien, с. 12; К. Мирчевъ, Неврокопскиятъ говоръ, стр. 11.

Во бугарските говори Младенов појавата на гласот *а* ја објаснува со аналогија спрема хипокористиконот *сваха*[42]). За нашите говори, јасно е, ова толкување не може да важи, бидејќи зборот *сваха* не се употребува. Претпоставката на Петрушевски[43]) — дека овде се работи за секундарен глас приемлива е за нашите ъ, ь > *о*, *е* — говори. Во северните, меѓутоа, каде што за секундарниот ъ имаме иста вредност како за етимолошките, преодот на ъ во *а* фонетски не може да се објасни, поготово што се наоѓа тоа во акцентиран слог. Останува како можно или *а* да се јавило со асимилација, како што претполага Облак[44]), или пак целата форма е внесена однадвор, било од југ или север, што ни се чини за поверојатно.

Од основата *чьс-* имаме од една страна *чес*, сп. и́ма голе́м *че́с* Стр, ќе *чести́тиъ* Кум, *че́стити* ца́ре Ор, отидо́ше на *чести́то* Кум, а од друга *час-*, сп. *ча́сти* Ром, ќе те *ча́сту* Кум, да *се почаститимо* СтН. И едната и другата форма за говорите од овој тип не се карактеристични; во народната реч со значење на *чест* по-обичен е турскиот збор *икра́м*.

Покрај *сѣъ^{а}бѣлце* Стр, Ранк, Одр, Гер се употребува *сѣ́бло* Стр, Ранк, Рад, Кан, и гл. *растебли́ло се* Одр, *растебли́ла* Стр. Во формата со *е* познат е овој збор и во кривопаланечкиот говор. Гласовно на овој терен таа не можела да се добие. Исто така фонетски не можело да се добие *е* од* *ь* во овој говор ни во зборот *пеньу́га*, кој се употребува на целата кумановска територија, како и во другите североисточни говори[45]).

Во славишките села покрај *шъпо́ти* (< шьп-) се среќава и *шопо́ти* Гин, *шопо́тимо* Одр, Оп, што ти *шопо́теше*, што *шопо́тесте* Стр, каде што е добиено *о* со асимилација спрема следниот слог. Да се работи тука за фонетска измена, тогаш не би имало пречка истиов глас да се јави и во перфективниот глагол *шѣ́пне*, аор. *шъпна́*, парт. *шъпна́ла*, или во *шѣ́пти*; во нив, меѓутоа, не се јавува.

Формите *бозиньак*, *то́кма* (=токмо), *сот* (в. *сът* погоре), што ги среќаваме во граничните села со блатскиот говор, спрема *бъс*, *тъкмо*, *съ́т* на другата територија, јасно е, се јавиле под влијание на скопскиот блатски говор.

§ 33. Ваков резултат за полугласките имаме и во префиксите, освен во *бъ-* и *бъзъ-*, и во предлогот *съ*.

Сп.: *зъ́бре* Мил, *изъ^{а}бра́ло* Бајл, *изъ^{а}тр́л* Ранк, *изъ^{а}тка́* Стр, Бељ, *одѣ́пне* га Стр, Обл, *одъ^{а}пна́* Ор, — *разѣ́пнене* ко́же Мург, — *съ^{а}бра́ се* се́ло Мал, ќе *се съ^{а}бе́ре* Арб, *съ^{а}бра́ше* ме Бајл, да ги *съ^{а}бе́ремо* Чел, све жи́во ќе *съ^{а}бе́ре* Кум, — *събу́ди* га и ње́га Одр, — *съ^{а}јузи́ле се* Ранк, — *сѣ́пре* ме, *съ^{а}пна́л* Ор, *съ^{а}пе́л се* Ранк, *сѣ́пре се* Жег, *съ^{а}пре́а* Можд, сѣк *се съ^{а}про́а* љу́дите Ранк, во́јската не́

---

[42]) S. Mladenov, Geschichte der bulgarischen Sprache, Berlin 1929, с. 103.
[43]) MJ VI—1, 50—51.
[44]) V. Oblak, Macedonische Studien, с. 15.
[45]) Во оваа форма се среќава и во некои западни бугарски говори, негде превладува, негде наспоредно со пън'уга (сп. Тодоров, цит. дело, 69, 72).

се съ^{a}пи́ра, съ^{a}пи́рај, съпна́ се Ранк, *съ^{a}пи́ња се* Стр, Ст, јучёр *съ^{a}пињáмо* ги кóњи Ром, *съ^{a}пињáеќе* Ром, запрежáч да *съ^{a}пи́ра* Стр, *посъпре* Чел, да *се съпру* Пч, — *съ^{a}ледáло* Одр, *съкри́* гу монúцију Кан, еднó зрнце *съ^{a}кри́ено* Коин, *съ^{a}ши́ја* съ^{a}м одéло Чел, да *се съ^{a}ши́је* Дов, — да те *съ^{a}слушу́је* Тýрчин Ром, *съ^{a}слушу́јеb* ги Ст, — лéбъ^{a}т *съ^{a}стина́* Ос, *съ^{a}ледá* Пч, *съ^{a}ледáмо* Ор, *съ^{a}ранив* Лоп, — *съпре* Лоп, *съ^{a}пре́ле* Мург, месност *Съ^{a}стáнци* Чел (тука се состануваат три реки), — *съ^{o}бóр* Ос, Др, *съ^{a}бóр* Мал, Арб. Наспоредно со последнава обична е овде и формата *собóр* Кум, Ранк, Ор, Мал, Жег во која *о* можело да се добие и фонетски на овој терен: *събóр* > *съ^{o}бóр* (под влијание на лабијалната артикулација на *б* вокалот ъ се лабијализирал) > *собóр*; така и во глаголите *собýје* Отља, *соблéкја* Кум, такój *се соблéкја* Ник, *соблáча се* Чел, покрај *съ^{o}блéкја* Коин, *съ^{o}блéкле* кошýље Ор, или *съ^{a}блáчајпе* ме Чет. — На целата оваа област, а така е и во другите северни говори, редовно се употребуваат со *о* < ъ зборовите *сóспа* (кор. *съп-*, Младенов, ЕР, s. v.) и *сосéм* (стсл. съвьсѣмь), но тука појавата на *о* е од подруг вид.

Добро се пази вокалот ъ во предлогот *съ*, кој се употребува овде удвоен: *съ^{a}с* рабóта АгС, *съ^{a}с* њúја не мóже да се жúви Пч, после отúшле *съ^{a}с* тóга дéду Кум, *съ^{a}с* кóња, *съ^{a}с* Вýчка В, или: *съ^{a}* свáкога има такъв лав Ром, *съ^{a}*_зóр Мал, *съ^{a}*_Стојáна, *съ^{a}*_штó Ор. Само во граничните села со скопскиот блатски говор наспоредно со *със*, *сас* може да се сретнат и *со*, *сос*; сп.: К' úду на пазáр *сос* Вáнета Мил, *сос* мéне бéше Бујк, *сос* товáри нóсеше ГК.

Само спорадично во оваа позиција може да се сретне *а* м. ъ, и тоа во неакцентиран слог; сп.: *изапкáје* В, *разапúњам* Ор, *изабрáло* Мург, *узабрéло* НС, *изабрáше*, *сас* Крсту Кум, *уза* слúву Петр, Љуб.

§ 34. Во суфиксите исто така имаме рефлекс ъ, кој е потипичен кога се наоѓа под акцент. На пример (ќе приведеме и понови образувања):

-ък: *врвчък*, *желудък* Стр, *sвизък* МлН, *мужък* Одр, Стр, *момък* Длъб, *ручък*, *скробък* Одр, *ушък* Петр, Пс; *единък* у тáтка Мург; — *белýшъ^{a}к* Ник, *добúшъ^{a}к* АгС, Чел, *забúшъ^{a}к* Чет, *десéшъ^{a}к* Чел, *обóј^{a}к* Коин, Мат, От, *опънъ^{a}к* Ром, Кум, *пужáљъ^{a}к* Коин, *пéсъ^{a}к* Пч, *пипéръ^{a}к* АгС, *пýпъ^{a}к* АгС, Ор, *свршéшъ^{a}к* Кум, *прáсъ^{a}к* АгС, *чéшвршъ^{a}к* В;

крóшъ^{a}к Чел, Ор, Руѓ, *нúсъ^{a}к* Ник, *нúзъ^{a}к* В, *плúшъ^{a}к* Ст, Мург, *рéшъ^{a}к* Пч, Ор, Ст, Др, *слáшъ^{a}к* Мург, Мал, *шънъ^{a}к* В, *шéшъ^{a}к* Кан, Коин; сп. и *еднък* Пч, Кум, *једнък* Ник, Коин, одн. *веднък* Рад, Гин (< едьнъкъ, въ-едьнъкъ) 'веднаш';

или *-чък*: *висóчъ^{a}к* Мал, Ор, Др, *големъчъ^{a}к* Арб, *слáбъ^{a}чъ^{a}к* Жег, Мал, *стáръ^{a}чъ^{a}к* Ор; сп. и: *колúцъ^{a}к* АгС, *толúцъ^{a}к* Ром; *-ъчки*: *мéшъ^{a}чки*, *нóсъ^{a}чки* Мург, *палáнъ^{a}чки* Стр;

-ъл: *котъл* Стр, Тал, *орѣл* Оп, От, Ранк, *петъл* Ос, Стр; *бúтъ^{а}л* Ром, *кóтъ^{а}л*, *óръ^{а}л*, *пéтъ^{а}л*, *сврдъ^{а}л*;

-ън: *едън* Стр, Руѓ, Рад, *едън* пут; *бéдъ^{а}н*, *бéсъ^{а}н* Одр, *бóлъ^{а}н* В, *бéръ^{а}н* Мал, *блáжъ^{а}н*, *воденúчъ^{а}н* кáмен Руѓ, *глáдъ^{а}н* Пч, *грéшъ^{а}н* Пч, *грóзъ^{а}н* Одр, *жéдъ^{а}н* Мург, В, *злáтъ^{а}н* Чел, *лъсъ^{а}н* Мал, *мúръ^{а}н*;

-ъшњи: *дъ^{а}нъшњи* Кум, Ром, а спрема оваа придавка образувани се *съ^{а}гъшњи* Стр, *съ^{а}гъшњо* Др, *тъ^{а}гъшњи* Стр, Ранк;

-ъц: *брáтъц* Одр, *дебелъц* Стр, *живъц* Стр, *конъц* Стр, Рад, *квасъц* Тал, *свéтъц* Стр, Ранк, и др.; — *братáнъ^{а}ц* В, Ром, *бежýнъ^{а}ц* Ром, *брáтъ^{а}ц* АгС, Ром, Кум, *глýсъ^{а}ц* Ник, *глýшъ^{а}ц* Руѓ, *жельýдъ^{а}ц* Ор, *здрáвъ^{а}ц* Руѓ, *јáръ^{а}ц* Кум, Пч, *јáзавъ^{а}ц* Кан, *квáсъ^{а}ц* АгС, Одр, *Ковачéвъ^{а}ц* Мал, *комáръ^{а}ц* Ром, *крáтовъ^{а}ц* Кум, *лесковчáнъ^{а}ц* Ник, *мртъвъ^{а}ц* Чел, *мóлъ^{а}ц* Ром, *лéбъ^{а}ц* В, *Орáшъ^{а}ц*, *прекýтъ^{а}ц* Ром, *поклóпъ^{а}ц* Мал, *тијáнъ^{а}ц* нé съ^{а}м АгС, *стáръ^{а}ц* Пч, *старúнъ^{а}ц* Коин; *тиѓéльъ^{а}ц* Мург;

-ъце (<*ън -ьце*): *брашънце* Мал, *платънце*, *писъмце* Жег, Др; *житънце* Стр;

во непродуктивни основи:

јáръм Рад, Гер, — *остън* Ор, Жег, *óстъ^{а}н*, мн. *остъни* В, *óбъ^{а}н*; *какъb*, *овакъb*, *онакъb*, *такъb* Ром, Др, ШР, *нúкакъ^{а}b*, *свáкакъ^{а}b*; *óбъ^{а}с* В, ШР, *объс* Рад, Стр; *оцът* Ор, Тал, Мал, Ранк; *лáкъ^{а}т*, *лáкъ^{а}тче* Мал, *нóкъ^{а}т*, *нóкъ^{а}тче* Жег, Пуз, Ор;

во прилозите: *дъ^{а}нъс*, *дъ^{а}нъске* Одр, Ранк, Рад, *есенъс* Чел, *есенъска* ГК, *есенъске* Одр, *ноќъске* Ранк, Град, Ор, *ноќъска* Гин, Ник;

такво е по потекло ъ и во членската форма *-ът*: *бéтъ^{а}ръ^{а}т*, *бóлъ^{а}т*, *óгъ^{а}ньъ^{а}т*, итн. (в. § 183).

§ 35. Во периферните села и спрема скопската и спрема кривопаланечката област во наставките за полугласките има *а*: *такáb*, *обáкаb*, *онáкаb*; *пéсак*; *лéбац*, *квáсац*; *óbас*; *бóлан*, *мýчан*, *мúран*, *дéсан*, *снáжан* ГК; *мóмак*, *пýпак*, мн. *пупáци*, *рýчак*, мн. *ручáци*, *пéтак*, *четвр̀так* Мил, *завúтак*, *трéсак* Петр; *лáкат*; *слéпац*; *глáдан*, *сúлан*, *сúтан*, *тéсан*, во чл. ф. *мáртинат*, *реденúкат*, *свéкарат* Мил, *босúл'ак*, *éданат* брат, *óрал* Бујк, *бýкат*, *стáрацат*, *лъсан* Буч, *бýдан*, *лáдан*, *лѣжан*, *мумурýзан* леп, *рáжањ*, дъ^{а}нъс је *пóсан* дън Можд, *зелéњат*, *њójан* Пс, и др. На тој дел од нашава област не се ретки случаите со *а* м. ъ и во друга позиција, се разбира, никогаш не во акцентиран слог, сп.: *изатикáно* је плáтното Ром, *изатикáено* Ор, Пч, *изатикáете* Стр, *изатикáле* Можд, *разатúњам* Ор, *одатинá се* АгС, *одатинáја* Гер, *иза*-њéга Длъб, *уза*-слúву Петр, *уза*-цркву Мал, *данъске* СБ, *такъл* Одр, *бъздан* ГК. Примери со *а* како рефлекс за полугласките не се непознати и на другата територија кумановска, особено во наставките. Во многу случаи акустички е тешко да се разликува темниот вокал таму од неакцентираното *а*.

Ваква вредност за полугласките среќаваме и во другите северни говори, но само на оној нивни дел што непосредно граничи со *о е* (< ъ ь) — дијалекти. Сп.: *држáван*, *мóкрија̀т*, *најрш-*

њак, сврдал, ўшак во кривопаланечкиот, *пе̄так, сврдал, сре́дањ, сре́ќан* во кратовскиот говор; во јужниот појас на Скопска Црногорија во наставките и во членската форма за машки род *а* е општа замена: *јушак, најрсшак, ручак, обас, болан, еден, раман, разан, сложан, глушац, конац, слепац*[46]. Исто таков е случајот и во северните тетовски села: *ошанак, решак, ручак, кошал, пешал, пькал, раман, тесан, мољац, мршоац, удоац, високиат, чуќат* (с. Вратница). — Како да се објасни овде *а* место ъ ь? Географската распространетост на појавава доволно укажува дека не може да се мисли ни на влијание однадвор, нити на фонетски процес. На претставителите на овој дијалектен појас северномакедонската варијанта $ъ^{a}$ (во неакцентиран слог) им звучела многу блиску до неакцентираното *а* и тие ја примале како *а*.

§ 36. Во селата што непосредно граничат со скопскиот говор (Миладиновци, Горно Којнаре, Бујковци) се среќаваат и форми со *о* и *е* < ъ, ь: *о́вес, ја́рем, за́ем, ру́чек*, но *руча́ци* Мил; особено често се јавува *е* во наставката *-ец*, која сè повеќе продира; сп.: *кли́нец, ко́нец, мо́лец, пу́шец, удо́бец* Мил, *сбо́нец, сбе́шец* Бујк. Во Миладиновци готово се генерализирала членската форма *-от*: *колеши́вот, са́марот, чо́векот*, а не се ретки вакви членски образувања ни во Бујковци и Горно Којнаре, сп.: *ме́ракот*, уде́ни ми га *ко́нецот* Бујк. Исп. во тие села и: *у́зел', че́шел'* В, *ја́рем* покрај *ја́рам*.

Во Романовце покрај *едън*, имаме *едини́ца* (шамија), редовно *че́шељ*,; во Стрезовце забележив *едени́чка* (скутача): *едени́ца* Ор, Мург: *единьа́к* Стр, а секаде *едън*; сп. и *шпршељ* (стрьшљ).

Во селата на граничниот појас покрај *пе̄тал — пе̄шел, кошал — кошел, сврдал — сврдел* се среќаваат и: *пе́шол* Бујк, Мил, В, изма́вај *пе́шолот* В, *ко́шол* ГК, В, *сбр́дол* В, па и *ку́шол* ГК, покрај *ку́шел — ку́шал*; последниов пример со *о* го забележив и во славишкото село Ранковце. Сигурно е дека и тие се образувани на овој терен, зашто во околните говори вакви форми не се познати.

Како што гледаме, граничните села ни даваат доста интересен материјал во поглед на развитокот на полугласките. Во нив можеме да следиме како се борат во подвижниот дел на зборот рефлексите од две различни дијалектни средини. Во едни суфикси превладува еден рефлекс (сп. -от, -ец), во други друг (на пр. -ан, -ак), а негде се употребуваат наспоредни форми и со *а* и со *о*, одн. *е*, дури и во говорот на едно исто лице. И најпосле наоѓаме и нови резултати, како што е случајот со споменатите образувања на *-ол*. Во непроизводниот дел на зборот, меѓутоа, имаме сосема сталожена состојба. Ваква е положбата со споменативе гласови во сите гранични села, на целиот појас меѓу северните и ъ ь > *о е* — говори и на кривопаланечкиот, и на кратовскиот, и на овче-

[46]) MJ IV 178, V 15, 136—137.

полскиит дел, и секаде таму каде што има вкрстување на говорите и мешање на населението.

§ 37. Развитокот на полугласките во соседство со лабиоденталот *b* во предлозите *bъ* и *bъzъ* и во почетокот на зборот одел по друг пат. На целата северна дијалектна област во сите случаи во оваа позиција има *у*, како во српскиот јазик. Така и по оваа црта северните говори се разликуваат од говорите на другата наша територија. Поправо *у* < *bъ* во предлогот го наоѓаме и во сите крајвардарски говори, само таму тој е внесен од север. Сп.: Иду *у* Кума́ново, *у* гра́т, *у* се́ло, *у* ку́ку ти улего́; — о́ди *уз* бу́ло, *уз* ре́ку Чел, мина́ *ус* ку́ку Коин, *уз* о́цину воденю́цу, *уз* ја́с Ос; како префикси: *уӣре́ӣне* Чет, *уле́ӣосмо* та́м Мал, *улеӣну́је*, *ула́за* Ром, *уна́са* у ку́ку Мург, *унесо́* Ор, да *уде́ну* ко́ньᵃц Дов, да га *уьле́че* Коњу, Дов, *уьбе́ди* га Ник, и само така (в. § 262).

Сп. и во почетните отворени слогови: *уну́к*, *уну́ка* Ром, Одр, Ранк, *у́нучики* КБ, *уну́тра* АгС, Кум, Ор, ГК, *јуче́р* (со секундарно *j*), *удо́ьᵃц*, *удоьи́ца* (така на целата територија). Единствен исклучок во овој поглед претставуваат зборовите *то́рник* МлН, Дов, Чет и *тора́к* АгС (вътор-), кои се изговараат како во појужните говори, откаде што се и внесени во овие форми.

Оваа црта во кумановскиот говор е фиксирана уште во 14 век во еден запис на некој Радин од Нагоричино, сп. *ѕ соуштаци*[47]).

ъ²

§ 38. И место сек. ъ, како во другите северни говори и воопшто во граничните српски и бугарски дијалекти, има темен вокал, кој по своите особини е еднаков со рефлексот за етимолошките полугласки. Се јавува во неколку варијанти, со разни степени на отвореност — како нормален среднојазичен вокал (ъ), како ъᵃ или *а̇* (затворено *а*), а негде и се изедначува со етимолошкото *а*, се разбира само во неакцентирана позиција.

—*trъ > -ър: *бу́стьᵃр* Чел, Мал, Стрез, Дов, Ор, *бу́стар* В, Бујк, Буч, *бе́тьᵃр* Чел, СтН, Ром, *бе́тар* Град, *бе́ьᵃр* Ром, Град, Бујк, *бе́дьᵃр* дъ̀н Ром, АгС, *ӣа́бьᵃр* Ор, *ӣабъ̀рско* место Длъб (на селото Габър), *го́бьᵃр* Пс, АгС, Кум, Кан, *го́бър* Ник, *и́тьᵃр* Ник, Бајл, Коњу, *и́тар* В, *и́тър* Съ, Чел, *је́дьᵃр* Дов, АгС, *мо́кьᵃр* Ник, Мург, Чел, *му́дьᵃр* Ник, Кум, Ром, на *о́дър* ле́жи Др, *о́стьᵃр* Чел, *о́стар* ГК, В, Бујк, *сбе́кьᵃр* Ром, Мург, В, куде́ *ӣо́дьᵃр* В, кът *ӣо́дьᵃр* АгС, Пч. — Наспоредно со овие форми не ретко ќе чуеме и примери, особено во козјачките и славишките села, во кои темниот вокал се редуцирал во еден мал вокален призвук пред *р* (ᵊ*р*), на пр.: *бе́тᵊр* Чел, Чет, *бе́ӣᵊр* Чет, Коин, *ӣа́бᵊр* Жег, или: *бе́тр*, *ӣа́бр* Мал, *и́тᵊр* је мло́го Руѓ, *мо́кър* Кум и *мо́кр* Др. — Редукцијата на вокалот ъ во оваа група (со *р*) е општа појава во нашите северни

[47]) Селишев, Очерки, стр. 37.

говори, како и во соседните српски и бугарски дијалекти[48]). Дали овде, можеби, не се пази постарата стадија во изговорот на групата *-тр*? Погоре видовме дека во соседство со *р* се редуцираат и другите вокали (в. стр. 31), а тоа значи дека причина за оваа појава е самата согласка *р*[49]).

§ 39. Исто ваква вредност имаме и за групата — *tlь: *тъкъ^{a}л* Ром, АгС, *тъ^{a}къл* Чел, Ст, *такъл* Ник, *тобъ^{a}л* Жег, Руѓ, Гин, *тобъл* леп Деил; во глаг. форма на *л*: *текъ^{a}л* Мург, Кан, *истекъ^{a}л* ракúју Ранк, *рекъ^{a}л* Кум, *рекъл* Одр, Оп, *стрúъ^{a}л*, *острúъ^{a}л* Прој, Рад, *текъ^{a}л*, *затекъ^{a}л*, *отекъ^{a}л*, итн. Во западните периферни села и: *рéкал* В, ГК, Мил, *тресéкал*, не *мóгал*, *улéгал* Бујк, и др. — како во јужниот дел на Црногорија и северните тетовски села.

На целата територија имаме *чéшъ^{a}љ* Кум, Ром, Ник, Пуз, Рад, со исклучок во западните периферни села каде што може да се чуе и *чéшељ* покрај *чéшаљ* (*чешал'*); сп. и *шупéљка* Ор, Ранк (стсл. шоуплъ).

§ 39^{а}. За групата -*tmь има неколку варијанти. Најчесто и тука се јавува вокалот ъ, сп.: *óсъ^{a}м*, *сéдъ^{a}м* Кум, Лоп, Жег, *осъ^{a}мдесé*, *седъ^{a}мдесé* Мал, Ст, *седъ^{a}мнáесе* гóдине Коњу, чýја *съ^{a}м* га *нé съ^{a}м* га видéја Арб, нé *съ^{a}м* Кум, Ром, Отља, Ор, *съ^{a}м* Ник, Руѓ, Бајл, Ос. Примери со *а* превладуваат во позападните села, сп. *сéдам*, *óсам* ГК, АгС, Ддр, *нé сам* В, или во селата што граничат со кривопаланечкиот говор: *сéдам*, *óсам*, бúл *сам* Пс, Можд. — Во посевернuот дел на Козјачијата спорадично се среќаваат и форми со *о* < ъ, сп. :*сéдом*, *óсом*, *осомнáес* КК, *óсом* Длъб(к) покрај *сéдъ^{a}м* (од исто лице), или пак со *ъ^{o}*: *óсъ^{o}м*, *осъ^{o}мнáесе* Длъб(к), а во Отља покрај *сéдъ^{a}м*, *седъмдесе* забележив *óсум*, *осýмдесе*. — Ова шаренило во поглед на рефлексот на сек. ъ во соседство со лабијалното *м* го наоѓаме и во другите северни говори. Рефлексот *о* може и фонетски да се објасни (*ъ* > *ъ^{o}* > *о* под влијание на лабијалната артикулација на *м*). Но со оглед на тоа дека *о* најчесто се јавува во бројот *осум* и неговите изведенки, не е исклучено тоа да се јавило и со асимилација, или пак дејствувале и двете појави едновремено.

§ 39^{б}. Во неколку форми се среќава и зборот 'оган' (огнь): *óгъ^{a}њ* Ник, Мал, СтН, Кан, Ранк, Стр, *óгъ^{a}њъ^{a}ш* Коњу, *óган* Кум, Ром, АгС, Дим, Одр, *óган* Бујк, Мил. Во последниве две села може да се сретне и *óг'ин*. Последната варијанта (со *и*) обична е и во блатските села[50]), откаде што е и внесена овде. Но и во блатскиот говор таа е добиена однадвор, преку велешкиот од долновардарските. Како се добило во неа *и* види објаснение кај Вајана[51]).

---

[48]) Broch, Dialekte, стр. 156, 286; Белић, Дијалекти, стр. 124.

[49]) Селищев, Очерки, с. 55.

[50]) Р. Угринова, Говорите во Скопско, стр. 8.

[51]) Vaillant, L'évang. de Kul., с. 24. Посебно на оваа форма се осврнува К. Мирчев во ГСУ XXXV (бр. 10), стр. 6.

Други случаи со секундарна полугласка: *мр̀тъ^{a}b* Руѓ, Арб, Ос, Мург, *мр̀тъ́bъ^{a}ц* Чел, Др, Стр, *мр̀тъ́bци* Ром, Рад, Топ; формата *мр̀тъ́bъ^{a}ц* покрај *мр̀тъ^{a}b*, која се среќава во некои западни села (АгС, Ддр, В), образувана е по аналогија на именките на *-объц, -обци*; — *масъ̀лце* Мал (во централните *масо̀лце*), *па̀смце* Жег, Чет, Оп, и *па́сънце* Чет, едно́ *па́сънце* и три́ шешља́нке Чел, *ре́бърњак, ре́бърњачки* Мург, *сре́бърну* кути́ју Ор; *ја̀ъ^{a}њци* Ник; — *бо́съ^{a}к, мо́зъ^{a}к* Ос, Др, Ром.

§ 40. Дали е и на оваа територија секундарно по потекло ъ во примерите: *бъ́дњак* (*бадник, бъдник, бодник* во другите говори), *бъ́зди* (*базди* во централните), *лъ́же, лъжи́ца, къ́сно, мъ́ла, мъ́ска, осъ́мне, съ́мне* (*осамна, усамна* во повардарските и некои источни говори), *тъ́нко, по-тъ́кни* (*потакни*) — тешко е да се заклучува. Затоа нив и не ги изделивме во посебна група.

Покрај *лажи́ца* на целата разгледуванава област се употребува и *ложи́ца* Коин, Кум, Ор, Чел, *ложи́цу* дај Ранк, земала *ложи́цу* да растрља ле́куту Одр, и *ложича́рник* Ор покрај *лъжича́рник* (формите со *о* се дури пообични, почести). Во втората варијанта (со *о*) овие два збора познати се и во другите наши северни говори, сп.: *ло́јца, ло́јчарник* во северните тетовски села (Вратница, Одри, Рогачево), *ло́жица, ложи́чарник* во црногорските (MJ V 137), *ложи́ца, ложи́чка, ложича́рник* во овчеполскиот (с. Павлешенце). Исто така обични се тие и во српските дијалекти од призренско-тимочки тип (СДЗ I 82, 399, VIII 104, 137, 151), во косовските[52]), дури и во некои западни бугарски говори (сп. *ложи́ца* во трнскиот). Преодот на ъ > *о* се извршил на овој терен по гласовен пат: под влијание на артикулацијата на сонантот *л* рефлексот на полугласката се развивал накај *о*.

Најпосле да споменеме и за формите од коренот *чьт-*. Со значење *чита* 'legere' се употребува и овде црковнословенската форма *чати*, сп.: ќе *ча́ти* поп Кум, *чати́ле* голе́ме моли́тве Ор, ќе *отча́ту* Ром, да му *прочати* пи́смо АгС, *чате́ње* Кум, Стр, Ор.[53]) Со овие значења таа се употребува на поголемо пространство од нашата јазична територија: во северната дијалектна област и готово во сите крајни источни и југоисточни говори. Во западното наречје пак превладало литературното *чита*, а *чати* се среќава како архаизам и тоа најчесто со значење 'споменува' (сп.: Некој ме *чати*, ми горат образите — во поречкиот, кичевскиот, демир- хисарскиот, охридскиот говор).

На кумановскиот терен се употребува и формата со *и* — *чита*, но не со значење 'legere'. Глаголот *чита* таму значи, како и во некои источни српски говори[54]), 'сака', но само кога се сакаат двајца млади (момче и девојче). Ова е нијанса од она значење што го

[52]) Г. Елезовић, Речник косовско-метохиског дијалекта I, Београд 1932, s. v.

[54]) *Чита* со ова значење до колку се употребува треба да се смета за литературен збор.

[54]) Iveković-Broz, Rječnik hrvatskoga jezika (Zagreb 1901), s. v.

содржи денеска рус. глагол *сочетать*. Сп.: *чи́тав се* момче и девójче Кум, они *се чи́тав* Ром, *зачита́ле се* Стр, *счита́ле се* Ник. Од оваа основа изведени се после именките *читани́к* Кум, Пч, Стр, *читани́ци* Стр, Кум, Кан, ХВ 345, *читани́ца*, мн. *читани́це* Кум, Ник 'љубовник, љубовница'.

Така во овој говор се одржале и двете основи од вопросниов глагол — *чъ̄т-* и *чит-*.

*ǫ, *ę

§ 41. Траги од некогашната носовост на ова јазично подрачје нема. Зборовите *ја́nsa* Бујк, Ром, Кум, Стр и *ѣ́nsa* Ром, АгС се внесени од појужните дијалекти, како и во скопско-црногорскиот говор; на тоа укажува и рефлексот *а*, одн. *ъ* во коренот.

§ 42. За носовката од преден ред има редовно *е*, и во оние случаи каде што таа во централните и во западните говори била заменета со *ѫ*, на пр.: *зи́к* Мил, АгС, В, *зи́че* ГК, *зи́к* Стр, Ром, Ор, *е́дар* Бујк, АгС, *е́дро* Дов, Ник, Кук, *је́рба* Кум, Отља, *је́рбе* Стр, Одр, *е́рба* Пс, *е́чи* Мат, Руѓ, *е́чи* до́лъ^{a}т Гин, *ечме́н* Ор, АгС, *јечме́н* Оп, Кум, Ром, *ечмени́ца* слама Пч, *ечме́н* леп Мург. Формата *ичиме́н* (забележена во Тат), која е карактеристична за северните кратовски села, е фонетска варијанта од *ечме́н*.

Покрај *за́ец* Ник, Мал, Отља, *за́ечко* месо Мург, *за́ечка* кожи́нка Пез, се среќава и формата *за́јац* Ром, Кум, Ор, а во селата што непосредно граничат со Блатијата и *за́јак* Бујк, ГК, Мил, Ддр. Последнава е веќе јасна: се јавила под влијание на скопските говори. Формата *зајац* се јавува на пошироко пространство: на нашата територија се среќава во говорот на Скопска Црногорија (MJ V 133), во кривопаланечкиот (MJ IV 157) и во северните кратовски села, а на српската константирана е во призренскиот (СДЗ VIII 29), јужноморавскиот, каде што го објаснува Белић преодот на *е* во *а* како последица на пасивната артикулација во неакцентирана позиција[55]), и во косовско-метохискиот дијалект[56]).

§ 43. Поинтересна е за нас замената на носовката од заден ред. И во коренот и во наставките, со исклучок на суфиксот *-на-* и имперфектната наставка за 3 л. мн., на целата кумановска област за *а* има рефлекс *у*. На пример: *ӯолу́б^{ū}* Мъг, *ӯо́луби* Др, Ник, Град, *ӯолуби́ца* Коин, месни имиња *Го́лубник* Ор, *Голу́бов Арӯа́ч* Град, патроними *Го́лубӣ* СтН, *Го́лубе* В; *ӯру́ди* Кум, *ӯусе́ница* В, *ӯусени́ца* АгС, Арб, *ӯусени́чав* Мал, *ӯузи́ца* Ром, Ор, Стр, Пс, топ. *Забе́ј Гузи́ца* Стр, *ӯу́зъ^{a}чк'и* Кук, *ӯу́зечки* Пс, *ӯу́зачки* Одр, топ. *Заӯу́зина* Др, *Гу́жњи Гро́ӣ* Оп, *ӯузе́р* на клас Стр, *ӯолоӯу́с* МлН, *ӯолоӯу́за* Стр, *криволӯу́за* Рад, *ӯужња́к* 'газното црево', *ӯу́жњо цре́во*, *ӯузоде́рица* Стр (погрден назив за дете што плаче), *ӯну́сно* Мал, Ранк, *дуӣ*, *дуби́ца* ШР, Ст, СтН, *дуборе́зно* Ор, *ду́бово* дрво Пч, имиња на

[55]) Белић, Дијалекти, стр. 35.
[56]) Г. Елезовић, Речник косовско-метохиског дијалекта, I, стр. 190.

места *Дýбје* Др, Ром, *Дубúца* Ник, *Дубрáва* Мат, Отља (< *dǫbr-, сп. Berneker, EW, s. v.; Белúќев зборник, 1921 стр., 127—8), *зýби, зазýбица* Стр, Тал, Чет, *зýбъ^{а}ц* Врез, с. *Зýбовце, жéл'уд* В, Гк, Мил, *жељудúца* Ром (=желудец, стсл. желѫдъкъ, во западните говори *желадник*), *јýже* Кум, *јýжињаша* Ром, *јужúца* Ранк, *јужáр* Кум, *јýжњак* Бујк (стсл. ѫжь) 'вид змија', *клýшче, кудé* (*нúкуде, свéкуде* В, Вак, *ошкýдш* Ранк), *кушúна* Кум, *кудéља* Ник, *кудељúца* Ром, Кук, *кýкул'* В, *кýша се* Кум (пообично се употребува со вакво значење *бања*), *кýсне* Кум, Мат, Ром, Ранк, *кýшњи зýби* Мург, *кýшњаци* Ром, Оп, *љýчи* Кум, *љýчи* ги óвце Пч, *љýчиb* Стр, *одључúмо* Пељ, *лýка* Таб, и месни имиња *Пойóва Лýка* Стр, *Гóрна Лýка* Ор, *Лýка* Мат, Ор, Мург, *мýда, мýдъ^{а}р* човéк Руѓ, млóго је *мýдро* дéте Чет, *мýка* Кан, В, *мýчи се, мучéње* Град, *мýши* Кум, *мýшну* вóду, *мýќак, мýќци* Ром, *мýќко* Стр, *мýчник* Гер 'ковчег за брашно', *мýкенúца* Ор, *мýжи, мýшко, мужјáк* Ст, *ошýда* В, па и *одобýш* ГК, Пч, Стр, *одонýш* Ст, *одонýда* Пч, *óбруч* Ор, Бељ, *óбручи* Дов; формата *óбърч* (забележена во Тополовúќ) покрај *óбруч*, карактеристична е за кратовскиот говор (MJ IV 159), и секако отаде е и внесена; *пóпрук* Дов (со ова значење почесто се употребува *колáн*), *йáук* Кум, От (стсл. паѫкъ, паѫжкъ), *пáвук* Ор, Грд, Мург, *паужúње* Оп, *паужúна* Град, Пез, Отља, *пав жúна* Ст, Стр, *йудáр* Ник, *йудáри* све *йýдиb* Пч, *испýди* Гин, *прóйуда* Стр, *йудáрница* Др, Коњу, *йонýда* Кум, *йонýду* да ву однéсеш Деил, да гу *йонýдиш* Врез, *йýйка* Ор, Мат, *йуш* Кум, кóлко *йýша* си бýја Чет, *йушúнка* Ром, *йýшъ^{а}ц* Бељ, *йýшник, йушувáле* си Мург, *йушонóі* Стр (стсл. пѫтоногъ), *йýпъ^{а}к* Вет, Ор, *йрушт, йрýчка* Ранк, *йрýка* Ник, *рушт* Кук, *пóрушт* Мург, *рýка* Ром, с *рýку* Коњу, *рýчно* девéрче АгС, *рукáb* Мал, *рукавúнка* Деил, *нарýчи* Кум, *поручúле* Вет, *рýчка* Град, *рукáшка* В, Стр, От, *рукавéшка* Пез, *руїá се* Ром, *поруїája се* Ор, Ст, *поруїáше* Коин, *стýпка* Стр, МлН, *ступáлька* Арб, Вет, *ступúца* Мил, Бујк, *ступáло* Пч, *ступúле* беше Коњу, ќе *стýпну* АгС, *настýпи* зúма Дов, *скýш* Кум, *струк* Оп, *струк* цвéќе Руѓ, *струїа* Ник, Стр, Вет (стсл. стрѫга, пол. strąga, во централните говори *страіа*, гал. *строіа*; сп. СДЗ VII 89, в. и толкувањето на П. Скок во Гласник Скопског научног друштва XII, 211), и месност *Струїа* Жег, *субóша* Кум, *сýдоbи* (за вода) Ор, Кум, *шупáн* Кум, Мат, *шýїа* Ром, *шýжно* ми је Пч, *нашужúло* му се Коњу, *шужáљке* От, Цвет, *шýда, шj éj* Стр, *шуш* човéк Ром, *шрýка, шрýба* шајáк Ранк, у *шрýбу* га съ^{а}бéре Арб, *шрушт, ýзъ^{а}л* Ром, Тал, АгС, *ýзал* Бујк, слéпи *ýзъ^{а}л* Ром, Тал, *ýшъ^{а}к* Стр, ШР, *ýшак* Можд, *ýшор* Стр, Ор, или *ýшур* Пез, Мил, Стр: *óшар* Гер (стсл. жтръ, лит. *jaũtor*), *ýїлеbе* Петр, Стр, *ýїльа^{а}н* Ор, *ýїљáри* Длъб, *ýдица* Ром, *унýшра* Стр, АгС, *унушрáшњо* Чел, или со загубено почетното *у* кога оди со предлози: ќе исфрљив *од нушра* благо ИА (25), *однушра* да разбива ИА (16); кај личните заменки *њу, њум, їу, шуј, обýј, онýј*; во морфемите: *зúмус* Мат, *зúмуска* Ром, *сbунóќ* Мат, Ранк; — општата форма кај именките на *-а* на целата територија завршува на *-у*, сп.: Видé ли гу *Сáвку*, *съ^{а}с Дéну*, на *Цвéшу*, измъкнá гу *сbу чéшу*,

врзá гу *сьúњуш̄у*, до *Крúьу Рéку*, по *кúселу ьóду*, за *шарéну долáму*, се смéтне от *крýшкуш̄у* (§ 174); 1 л. презент: *сéду*, *сéчу*; во 3 л. мн. по фонетски пат *у* се изменило во ᵘ̯ прво кај глаголите со наставката *-ају* (*-ау-* > *-аᵘ̯-* > *-аb-*), а после се генерализирало *-b* (<ᵘ̯) и кај другите глаголи (§§ 30, 275).

§ 44. Поинаков резултат за ѫ имаме во суфиксот *-на-*, сп. *ūад-на*, *диī-на*, *диī-на-л*, и во наставката за 3 л. мн. во имперфектот, сп. *ьика-а*, *бере-а*, одн. *береше-а*. Меѓутоа, порано и овде сме имале *-у-*. Во посеверните села и денеска сеуште можат да се сретнат имперфектни форми на *-у* (*-ьу*), како и во говорот на Скопска Црногорија (MJ V 130, 133). Под влијание на појужните говори старата имперфектна наставка била потискувана од *-а*, која после превладала и се генерализирала. Како одел процесот ни покажува скопскоцрногорскиот говор, во кој наспоредно се употребуваат и образувања на *-у*, одн. -ᵘ̯, и форми со наставката *-а*. Во тој поглед може да биде поучна и аористната форма (3 л. мн.) како во кумановскиот така и во црногорскиот говор. И во двата наспоредно егзистираат и постарата наставка *-ше*, и општомакедонската *-а*.

Наставката *-на-* се генерализирала на целиот северен појас, па и во некои српски дијалекти — врањскиот[57]), сретечкиот[58]) и ѓаковичкиот[59]).

Во јужните славишки села *а* во составот на наставката сѐ повеќе продира и во 3 л. мн. на презентската форма, сп. *бéраш̄*, *ьржаш̄* (§ 276). Во некои села се јавува дури и темен вокал, сп. *дéрьш̄*, кој исто така на нашиов терен е само морфолошка црта (§ 278).

Понатаму ќе видиме дека по ваков начин во нашиов и воопшто во северните ѫ > *у* — говори се добила и формата *сá* (3 л. мн. од *сум*), која се употребува наспоредно со *су* (в. § 281). Рефлексот на ѫ во неа Селишчев го определува како напрегнат глас од среден ред („...гласным напряженным, близким к среднему ряду")[60]).

Зборот *имáќан* Буј к: *имáќъᵃн* Чел исто така во овој облик е внесен од појужните наши говори.

§ 45. Во појужните села на целиот појас до Крива Паланка се употребуваат покрај *їузиџа*, *їузечки*, одн. *їузачки* и формите *їьс* Буј к, АгС, Кук, Тал, *їъзъчки* Ром, Отља, *їъзачки* Ор, Пез, покрај *їýзер* и *їъзъᵃр* АгС, В, Мург, Буј к, *їьзéр* АгС, вр и *їьзéр* Кум, и редовно *їьнsа*; пообична е на тој дел и формата *їњсно* Пез, Стр, Коњу.

Примерите *їьс*, *їњс* и нивните изведенки со темен вокал м. ѫ се употребуваат и во другите северни говори; сп.: *їъзаш̄*, *їъзеш̄а*, *назáдїъзам*, *їъзарлак* (: *подїазник*), *їњсам* во северниот дел на те-

[57]) Белић, Дијалекти, 610, 613.
[58]) М. Павловић, Говор Сретечке Жупе, стр. 43.
[59]) М. Стевановић, Ђаковачки говор, стр. 47.
[60]) Селищев, Полог, стр. 313. — Слично го опишува овој глас и Начов: „а се изговара тъмно между а и и" (Пер. сп., XXXIX, 414).

говскиот говор (Вратница, Рогачево, Белојште), *їъс*, *їнъс*, *їъзачки* — во Скопска Црногорија[61]), *їьнсно*, *їъс* : *подїазник* во кривопаланечкиот и кратовскиот[62]). Во последниов и во овчеполскиот говор формите со *у* и не се среќаваат. Образувањата со основата *їъс* пообични се и во скопските *ѫ* > *а* — говори.

Фонетскиѣ од *у* на овој терен не можело да се добие; формите *їузица* и *їнусно* тоа најдобро го потврдуваат. Останува како можно да примиме дека вопросните форми се внесени однадвор, како и *їѣнsа* (в. погоре), и после се генерализирани. Тоа е до толку поверојатно што се работи за зборови со поособено значење. Во северните тетовски села тие се јавиле под влијание на другите, појужните полошки говори што знаат за замена на *ѫ* > *ъ*. Прашање е како, по кој пат се внесени тие во кумановскиот и другите североисточни говори. Во штипскиот и кочанскиот, од каде што најмногу би очекувале, имаме обично рефлекс *а* < *ѫ*.

Исто така отстрана е примен и прилогот *сѣшто* (стсл. сѫшти, схр. сушти, рус. суштий, б. съшт, съшто) кој се употребува во Славиште: *сѣшто* такój Длъб, *сѣшто* такво́ От, Петр. — Таму може да се сретне и формата *еднѣши* Тал, *еднѣшке* Одр, Оп, покрај пообичната *едън пут*. И двата примера карактеристични се за кривопаланечкиот говор (MJ IV 158).

Во граничните села со кривопаланечкиот говор Длъбочица и Мождивњак покрај *унýтра*, *унýтре* ја забележив и формата *унéтре*, позната и во кривопаланечките и источните кратовски села. Според едни тука имаме остаток од старото мешање на носовките[63]), а според други *е* се добило со асимилација[64]).

За стсл. *жіръ* (< *Qgrй, сп. рус. угорь, сл. ogrc, vogrc, чеш. uher, пол. wągry, буг. въгаре́ц[65]), мак. лит *јаїорец*, *јаїарец*, диј. jangarec, wa^{n}górec[66]) овде се употребуваат формите *ýїрк*, *ýїрци* Петр, Гер, — *јéїрк*, мн. *јéїрци* Арб, Мал, како во скопско-црногорскиот (MJ V 132), — *сóїарьацъ* Ранк, Стр, во граничните села со Блатијата *јáїарец* Мил, Буjк, а во Дивле и Г. Којнаре *báїарци*; последниве две форми карактеристични се за скопските *ѫ* > *а* — говори.

Не може фонетски да се објасни овде појавата на *о* во глаголот *шóшњи* Чел, Мал, *шóш'њи* Ник, *шóшња* éсено вре́ме Стр, *шóшне* Руѓ (=*шашне*, *шашнеж* во централните говори, *шушњи*, *шушањ* во српхрв., пол. tęten, стсл. *шѫшънжши*). Во оваа форма тој се употребува и во другите северни говори, сп. *шóњи* во кривопаланечкиот, кратовскиот, така и во кочанскиот, *шóшони* во тетовскиот и скопско-црногорскиот.

[61]) MJ, V, 132.
[62]) MJ, IV, 158, 161.
[63]) ГСУ, XXXII, с. 7.
[64]) Тодоров, цит. дело, 202.
[65]) RES, XXVII, 39—40.
[66]) Mazon, Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du Sud, Paris 1936, с. 28; MJ VI—2, 128; сп. уште: *јаїарец* во прилепскиот, *јаїрца* во Скопска Каршијака.

*l

§ 46. Поинаков развиток од другите наши дијалекти на оваа територија имале и групите *ъл — ьл* и *лъ — ль* во соседство со консонантите. Под едни услови *л* се лабијализирало и дало *у*, како во повеќето српски дијалекти, а во други *л* останало, а зад него се развил темен глас кој ја презел слоговната функција.

Рефлекс *у* наоѓаме редовно зад лабијална согласка; сп.: *бу́ва, бу́ве* Кум, Ром, Коин, *бу́а, бу́је* Деил, Ос, Оп, *вук* Кум, Ром, Др, В, ГК, Град, *ву́ци* Ор, ШР, *вучи́ња, вучици* Ром, *вучи́ца* Деил, Руѓ, лично име *Вука́н* Пч, *Ву́чко* В, топ. *Ву́чки До́л, Вукови́ја* Отља, *Ву́чја Па́дина* Град, *Ву́чји Ру́пи* Можд, *ву́на* Мил, Ром, АгС, Кум, Отља, *ву́нено* аљи́ште Пч, Кук, *ву́насто* Рад, *ја́бука* Ром, Кум, Рам, *ја́буке* Ст, Чет, Таб, *ја́букеше* ШР, *ја́буковача* (ракија) Цвет, Мал, Рам, *ја́бучица* Ст, Мал, *му́зе, му́земо* Ник, Коин, Мат, *музе́ра* Арб, *музни́ца* Ром, От, Можд, *измузе́* АгС, *музе́рник* ШР 'место кај што се молзат овците', *музе́ње* Стрез, *му́ња* Ром, Кум, сп. и *аламу́ња* Руѓ (големи ветрови), *пужа́лка* Ром, *пужа́лке* Пч, Стр, *пужа́лче* мало Мург, *пужа́јка* Кум, *пу́жељ* Деил, *пу́жал'*, *пужа́ли* Мил, топ. *Пужа́рник* Арб, *пун, пуно* Мат, Отља, НС, Град, Кет, Рад, они гу *напуни́ја* једну врчву АгС, да *се напу́ни* В, *пу́нив* ШР, *напу́нив* Бељ, *препуни́ше* гу ча́шуту Др, *пуљоила́вци* Стр, *пуње́шачки* вез Мург, *попу́њето* место Ор, *спузна́ се* Ор, Пч, Бељ, Деил, ќе *се спу́знев* Чел, село *Пуза́лка*; и овде *Бу́парин, Бупа́рија*, редовно и *пу́ковник* Кум, Ник, Кан.

Зад *ж* во едни случаи има *у*, сп.: *жут* Длъб, Кук, ШР, Пч, *жу́ти* Арб, Стрез, *пожуте́ло* Ром, Ор, *жута́јка* АгС (птица), *жу́тка* Пч, Кум, Град (пченица), *жути́ца* Ром (болест), *црна жути́ца* Ор, *жу́тко* Пез, Град (во јајце), *жутиц* Стр (вид круша), топ. *Жу́ти Ка́мен* Дов, — во други *лу* > *љу*, сп.: *жљу́чка* Кум, Кук, Стр, Дов, Ник (воопшто на целата кумановска област), *жљу́чни бо́лес* Пс, Можд, *жључ* Ор, Град, НС, Пез, *жљу́на* Топ, Гин, Рад, Кук, Др (еден вид жолта птица, сп. во поречкиот *жоња, жо̨ња*).

И зад *к* најчесто место вок. *л* наоѓаме реф. *у*: *кук* Пч, Град, Пез, Тал, *ку́кови* Гин, Стрез, Мал, Дов, *кучи́ста* Мат, Ник, Оп (од коноп), сп. *колчиште* во поречкиот, *кълчиште* во Кичевско, галичко *кло̨чиште, кълчиште* во источните говори). На тесниот граничен појас спрема прешевско-врањската дијалектна област ваков резултат дало *ло̨* и во изведените зборови од основата *клн-*: *ку́не* Чел, да *се заку́не* Жег. Меѓутоа, на сета другата територија овде *ло̨* > *ъл*: *кълне* АгС, ГК, Кум, Деил, Тал, *кълневе се* Ром, *прокълнено* Дов, Мург, *закълнен*, да *се закълне* Стр, *прокълна́ја* га Ром.

Исто така нема единство на кумановскиот терен ни во врска со вредноста на *ло̨* во коренот *илт-*, сп.: *ілът* АгС, Ром, еден *ілът* воду Стр, *ілъ́тка* Кум, Ор, Оп, *ілъ́тај* Ник: *ілит* Коин, Чел, *ілитне* Жег, Пел — и редовно вака во козјачките села приближно до линијата Четирце — Старо Нагоричино. Последниве образувања

(со *ли*) карактеристични се за скопскоцрногорскиот говор и за јужноморавскиот дијалект), а појавата на *и* Бернекер ја поврзува со итеративните глаголи *glitati, poglitati*[67]).

На целата кумановска област во образувањата од коренот *хдц-* за вок. *л* имаме вредност *лъ*: *лъцна́* Деил, Ос, Ром, *лъцкаш* Ник, АгС (сп. *олцна* во прилепскиот, *ълцна* и *кълцна* во кичевскиот, демирхисарскиот, *ъца, ъцка* во тиквешките и источните говори).

Во позиција зад дентална согласка *у* забележив во формите од придавката *дужъ^{а}н, дужна* Кум, Ром, Ор, Одр, *дужъ^{а}н* ми је Стр, или изведените *дужни́ци* Арб, *задужи́ја съ^{а}м се* мло́го Ст, и во *ст̄уп̄* Мург, *ст̄у́бови* В, Ранк, Рад.

§ 47. Во сите други случаи за $\overset{\circ}{л}$ има или *лу* или *лъ*. Вториов рефлекс редовно и на целата територија се јавува во: *длък* Кум, Ром, Др, *по́длък* Ром, *длъ̄о* Пч, Ор, Стр, Ранк, Ст, Арб, *длъ̄и́* АгС, *по̄длъшко* Ор, *по̄дльжи́ се* вре́ме ГК, *длъ̄ико́са* Кум, *дльжи́на* Ор, В, Пч, сп. и месни имиња *Длъ̄о* (село), *Длъ̄о Рамни́ште* Кол, *Длъ̄и Ка́мен* Пељ, *Длъ̄а Лу́ка* Коњу, *Длъ̄а́ча* Мург, — во глаголот *заслъни* Мил, да га *заслъну* лубе́нче Ром, *заслъни* гу овој књу́гу Кум, *заслъну́је се* От, не *заслъ́кај* ме Мат (сп. *заслнеш* во галичкиот, СДЗ VII 208, *засолне*, одн. *засолни* во некои централни говори, *засъне* во источните и тиквешките, *засьне* во велешкиот; исп. и ќустендилската форма *засъ̄там*, СбБАН L 122, тимочката *заслну́ла*, СДЗ I 98) и во образувањата од коренот *т̄^{а}к-*, кој се изменил на оваа територија по гласовен пат во *кдк-* (в. § 92): *клъче* Ром, Стр, АгС, *клъчу* лук Мал, *клъчемо* пипе́р Ор, *клъцам* Прој, *клъцано* Пч, *клъцано* зе́ље Гер, да *склъчемо* Руѓ, *прекльца́ле* му прсти Стр, *клъца* Кум, Стр, *клъцањ* Деил, Ник, *клъчњик* Мал, В, *клъчник* Мил, ГК (: *т̄олчам, т̄олчник* во централните, *т̄ъчник* во источните и тиквешките). Најчесто со *лъ* се употребува *слъ́нце* Буч, Бујк, Кум, Мат, Ник, Мал, да те огре́је *слъ́нце* АгС, сп. и *слънчоиле́д̄* Ром, да *се послъ́нча, слънча́ле се* цел дън Кум; само во Ал забележив *слу́нце*. — Образувањата од коренот *ст̄^{а}лб-* се среќаваат во по две варијанти: во јужните села на целиот појас имаме *слъба* В, ГК, *слъби* Мил, *слъбе* Пч, СтН, *слъбица* Пс, Гин, Одр, Оп, ШР, Коњу, спрема *слу́ба, слу́бица* на другата територија, сп. *слу́бе* Ром, Кум, Ор, Мург, Тал, Топ, Ранк, Арб, *слу́бица* Стр, Др, Ос, Руѓ, *слу́п̄^{а}ц*, мн. *слу́т̄ци* Стр, СтН, Чет (на кола)[68]); исп. и топ. *Слуп̄* Отља, *Слу́п̄ане* (село во подножјето на Црногорија̀та; во една грамота на Душана од 1355 г. забележено е во формата *Ст̄ильп̄ьчаны* [69])). — Формата *слъза* може да се сретне само во селата што непосредно граничат со скопскиот блатски говор, сп.: *слъза* В, дро́бни *слъзи* зарони́ле Бујк, *слъзи* му о́чето Мил; на сета другата територија се употребува

[67]) Berneker, SEW, s. v.

[68]) Сп. кај Елезовиќ, цит. речник, под *слӯац*. Во Скопска Црна Гора се среќава и во формата *склӯац*.

[69]) Fr. Miklosich, Monumenta serbica, Viennae 1858, s. 144.

слу́за Кум, Ник, Отља, *слу́зе* МлН, Др, Бајл, Руѓ, *слу́зиь* му о́чи Ник, *наслу́зени* са̀ му о́чи Ром.

Вакво е по потекло *лъ* и во образувањата од основата *дл̥б-*, сп.: *длъбо́к* Мил, Бујк, *длъбо́ко* Стр, Кет, *длъби́на* ГК, за *длъбо́ку* Ора, *издлъби́ло се* Кан, *задлъби́ло се* МлН, Ранк, Одр, или во топ. називи *Длъбо́ко* ГК, *Длъбо́ки До́л* Бељ, *Длъбо́ка Маслени́ца* Ор, с. *Длъбочи́ца*.

Основите **glǫb-* и **dl̥b-* во нашите говори често се мешале една со друга како поради сличноста на нивните значења, така и поради фонетската промена на групата *дл* во *ѣл*. Во западното македонско наречје и во јужните говори превладала формата со ж, сп. *ѣлобок* во галичкиот, *ѣль(м)боко* во костурските, или со измена на *ѣ* во *g—глабок, глайка, глабина, глаби* во централните говори, па дури и *злабок, злайка, злаби* (со промена на *гл* во *зл*) во поречкиот (Видоески, Поречкиот говор, стр. 11). На тој дел од нашата територија остатоци од основата *дл̥б-* ни се познати досега во поречкиот говор, сп. *долбаш*, дали го *издолба* коритото, *издолбај* е лајцата [72]) (сп. рус. долбать, буг. дълбъ, слов. dolbem, чеш. dloubati, пол. dłubać <* dьlbti[73]). Во северните говори, меѓутоа, се генера изирала, како и во српските дијалекти, формата со вокално *л* (*дл̥б-*) [74]). Сп.: *длъбим, длъбоко, длъбина* во тетовскиот, *длъбоко* во скопските со Скопска Црногорија, овчеполскиот и кратовско-кривопаланечката група говори (MJ IV 158—159); така и во источните, сп. *длъбо́ко* во кочанскиот, *длъбок* и *дъбок* во велешкиот [75]), *дъбок* покрај *дибок* во штипскиот, *дл̥бо́к* во долновардарските (како *кл̥на́*) [76]), одн. *дл̥бок* во солунските [77]).

Во козјачките села покрај *длъбок* се среќава и формата *длибо́к* Коин, *длибо́ко* Чел, Клеч, и месни имиња *Длибо́ки До́л* Клеч, Стрез, Чел, *Длибо́ка Пре́слоӣ* Коин, која е добиена веројатно по аналогија или со мешање на придавките *висок* и *широк* [79]). Оваа варијанта (со *ли*) ја наоѓаме на поголемо пространство во тимочко-јужноморавската дијалектна област [80]) и во некои северозападни бугарски говори [81]), а од нашите ја познава и кривопаланечкиот (MJ IV 158). Во тиквешките и некои источни говори, каде што за ь има ъ, сп. *съза, бъна* итн., се скеќава формата *дибок* (< *дъбок* + *висок, широк=дибок*) [82]). — Место '*колба*' овде имаме *кльу́је* Стр, Жег, или *кльу́ца* СтН, Стр.

---

[72]) Видоески, Поречкиот говор, стр. 59. — Може да се *долба* само дрво, а во камен, земја и др. се *глаби*, одн. *злаби*.

[73]) Berneker, SEW, 250—251.

[74]) В. поинаку кај Селишчева, Полог, сс. 310, 313, 318 и во МП, IX, кн. 3 и 4, стр. 51.

[75]) Archiv, XVII, 443.

[76]) Vaillant, L'évang. de Kul., с. 25.

[77]) V. Oblak, Macedonische Studien, с. 39.

[79]) Со мешање ја објаснува оваа варијанта во српските говори В. Томановиќ, ЈФ XVII 207; сп. и СДЗ I 123.

[80]) Белиќ, Дијалекти, стр. 122.

[81]) Тодоров, op. cit., 101—102.

[82]) Archiv, XVII, 443. Сп. и ГСУ, XXXV, 7.

§ 48. Како што гледаме, развитокот на вокалното *л* во нашиов говор не бил еднаков во сите случаи и позиции. На неговото место наоѓаме три вредности: *у*, *лу* и *ль*; *їмт̄* и *длибок* се секундарни образувања и како такви немаат важност за третирањето на основниот проблем во врска со судбината на овој глас.

Како се објаснува оваа разнообразност на рефлексите на вопросниов глас?

За решавањето на ова прашање потребно е да се има увид денешната состојба во врска со заменатa на ļ и во другите северни говори.

Во поглед на рефлексот *у* се слагаат апсолутно сите говори. Во скопско-црногорскиот освен во приведениве примери *у* редовно се јавува уште во гл. *бyче* 'влече' и изведените од него зборови (*обyче*, *собyче*, *сbyче*), во *жуч*, *жуња*, *куне*, *т̄yче*, *т̄yчник* и *дyбоко*. Како втор рефлекс таму се јавува *лу* и тоа редовно во *слyба*, *слузе*, *слунце* и нивните изведенки. Така е во правите црногорски села и во нив нема ниту еден пример со *ль*. Во граничните села со блатскиот говор не се среќава замената *лу*; место него се јавува само *ль*: *сльнце*, *сльза*, *сльбица*, а освен н в ваква вредност има и во *дльк*, *дльбок* и *т̄льчник*, покрај *т̄yчник* (MJ V—2, 138—140).

Во северните тетовски села примери со *лу* нема. Зад денталите редовно има *ль*, сп.: *дльо*, *дльбоко*, *сльбица*, *сльпка*, *сльнце*, *засльни*, *т̄льче*, *т̄льцањ*, но таму и *кълне*. — Истата положба ја наоѓаме и во овчеполскиот и кратовскиот говор, сп.: *дльк*, *дльбок*, *сльба*, *сльбица*, *сльнце*, *засльни*, *сльза* (Кратово, Св. Николе), *т̄льчник*, *т̄льче* (Св. Николе); во другите случаи има *у*. Во кратовските села спорадично може да се сретне и по некој пример со *ъ* (*къцам*, *їъ̄там*), како во кочанскиот, а во северните села уште превладуваат *жльч*, *жльчка*, спрема *жлъч* и *жъчка* во јужниот дел. Зборот *жльчка* на југ се среќава сè до линијата Г. Кратово — Шопско Рударе (на кратовскиот дел) и Татомир—Кокошиње (на овчеполскиот).

Во кривопаланечкиот освен во *дльк*, *длъжан*, *сльза*, *сльнце*, *засльни*, *кльца*, *кльчник*, реф. *ль* редовно има во *їльт̄*, *їльт̄ам*; во другите случаи стои *у*, *ъл* во *кълне* и изведените од него форми, и *лу*, одн. *лъу* во *жльучка* и *жльуна* (MJ IV 206—209); сп. и кај Крчовски: длъги, слъба, слъзи, глътнат, пак дури и клънала; последнава форма Селишчев ја чита *кълне*. Во другите случаи има *у*[83]).

Во поглед на рефлексите на ļ со кривопаланечкиот говор се согласуваат и бугарските говори во Трнско, Кустендилско и Дупничко[84]).

Јужноморавскиот дијалект знае само за рефлексите *у* и *лу*; последниов редовно се јавува во *длyї*, *длужьᵃн*, *слyба*, *слyне*, *слунце*, *клyче*, *жльуна*, *жльучка* и нивните изведенки; во сите други случаи има *у* (*бyче*, *їyт̄а*, *куне* итн.)[85]).

---

[83]) А. Селищев, Хаджи Йоаким и язык его книг, МП, X, 1—2, стр. 122—124.
[84]) Тодоров, op. cit., стр. 119—122.
[85]) Белић, Дијалекти, стр. 114—122.

Како што гледаме, рефлексите *у* и *лъ* суштествуваат на целото северно јазично подрачје и се јавуваат во две различни позиции: првиот зад лабијална согласка, и тоа апсолутно редовно, без исклучок, а вториот (*лъ*) зад денталните, исто така со апсолутна доследност во јужниот појас. Формите *дубоко*, *тучник* во црногорскиот, или *дужъ[а] н*, *стубови* во некои северни кумановски села се внесени од српските дијалекти. Зад меконепчените и зад *ж* се јавуваат дијалектни варирања со поодделни локални говори. — Тоа значи дека причина за различниот развиток на вокалното *л* бил карактерот на претходниот глас[86]). Под влијание на лабијалната артикулација на претходната согласка кон лабијален изговор се одвивал и рефлексот на l̥, и како краен резултат се добило *у*. И овој рефлекс во нашите северни говори писмено е засведочен уште во почетокот на 16 век[87]). Денталната артикулација, меѓутоа, дејствувала во друг правец: зад *л* се јавил полугласнички елемент кој по време од l̥ ја презел и слоговната функција. — Дека развитокот на вокалното *л* бил условен од карактерот на претходната согласка укажуваат и полските примери dług, tłusty, słońce[88]), чешките dluh, sloup[89]); зад лабијалите и веларите во полскиот вокалното *л* дало oł, eł. — Зошто нема единство во развојот на вокалното *л* и зад веларите и *ж* е друго прашање, секако и доста интересно. Не е исклучено дека на различниот развиток на вопросниов глас нешто помогнале и следните гласови.

Рефлексот *лу*, видовме, се среќава на поограничено пространство — во правите црногорски села и во северниот дел на кумановската област, и се јавува во определен број случаи. Бидејќи тој се јавува под исти услови во кои имаме на другата северна територија *лъ*, тоа е сигурно дека на нашиов терен не можел да се развие. Како што е познато, *лу* е црта на јужните српски дијалекти. Во српскиот јазик таа е позната уште од најстарите споменици (Белиќ ја наоѓа и во двете евангелија — на Мирослава и Вукана, како и во зборникот на поп Драгојло)[90]). Според Белиќа формите со *лу* и на јужноморавскиот терен не се аутохтони, туку се внесени од позападните дијалекти[91]). Во нашиве говори поготово е така.

*r̥

§ 49. За групата *tr̥t имаме вокално р кое по својата природа не се разликува од истиот глас во литературниот јазик: *брдо*, *бр*, *срце*. Во почетокот на зборот малу појасен вокален елемент забележив во зборот *ърши́на* СтН, Кан, Рад, сп. топ. *ърши́на* Вак; во другите

[86]) На ова прв обрна внимание во нашиве говори Селишчев, Полог, стр. 310, и во МП X, 1—2, стр. 123.
[87]) MJ, V, 2, стр. 138—139.
[88]) N. van Wijk, Les groupes ьr, ъr, ъl, ьl en slave commun et en Russe, ЈФ XVIII, стр. 45.
[89]) R. Nahtigal, Slovanski jeziki, 2 izd., Ljubljana 1952, str. 124.
[90]) Билиќ, Дијалекти, стр. 118.
[91]) ib., 120 нт.

случаи тој не се јавува, сп.: *рш, рт, рѓа* Ранк, Ос, *р̀жан* Ор. Ваква вредност за овој глас имаме и во *сре́брн* Длъб, *зат̀рмо* Кум, *зат̀рло се* се́ме Мал, *зат̀рле се* Гер.

Во извесен број примери на овој терен се добило ново вокално *р* од групите *ра, ар, ро, ре*, сп.: *ѓрни́ца, крј, ѓрта́ли, Петрли́ца, — бр̀нза, — брте́но* и др. (§ 19), и од *ър* во примери од типот *бе́тр, ѓа́бр, сбе́кр* (§ 39).

§ 49[а]. *ѣ > *е*. Таква вредност имаме и зад *ц*, сп.: *це́ло, це́ди, цеди́ло, цели́на* Ранк, От, Топ, Мург, и во глаголот *је́де* Кум, Чет, Ник, Ор, Пч, *је́деb* Ром, Ор, *једе́ње* Мург, *јешљи́b* Стр, Рад.

Рефлекс *а* забележив во зборот *ора́* Ор, Ник, Коин, Мур, с. *Ора́, ора́ъ[а]ти* Коњу, Ранк, *ора́си* Ор, Пч, и од него изведените форми, сп. *орашкови́ња* тра́ва Ор, *ора́шче* Ром, АгС, с. *Ора́шъ[а]ц, ораѓба* шу́ма Стр. Како што е познато, овој збор во п иведенава форма се употребува и во српските екавски говори. Секако таа е стара црта и во нашиве говори. И порано еднаш нагласивме (MJ V 140) дека на оној дел од нашата територија каде што се употребува *ора* се пази *а* и во зборовите *тра̀ва* и *ѓра̀поръ[а]ц* (*ѓра̀порец*). Ова е важно да се потцрта за поредбените студии во врска со природата на гласот *р* во постаро време. — Во неколку примери место ѣ наоѓаме *и*: *ни́кој* (некој) Ром, *ни́кој* пут *ни́кое* си вре́ме Кум, *ни́ко* вре́ме МлН, у *ни́која* комши́ју Ранк, *ни́што* (= нешто) кум, Град, Мург, Чел, Мал, *нѝде* Мат, Дов, Град. Овие икавизми, кои се карактеристични за призренско-јужноморавските говори (СДЗ I 425) откаде што се и внесени во кумановскиот, се среќаваат во сите наши северни говори а спорадично и во источните (сп. Vaillant, L'évang. de Kul., 132).

Соѓласки

л, л', љ

§ 50. Тврдото *л* има нормално образување. Само во славишките села што се наоѓаат источно од Крива Река (Псача, Мождивњак, Одрено, Опила, а на југ и Талашманце) на апсолутниот крај на зборот и пред согласка тоа се изговара со поактивно учество на усните — имаме еден вид лабијализирано *л* (*л̂*), сп.: *весе́л̂, вана́л̂ се, доше́л̂, закла́л̂, зајоведа́л̂* Одр, *запали́л̂, изврте́л̂, испрати́л̂, ора́л̂* Оп, *одве́л̂, тѝл̂* Тал, *строши́л̂* Пс; *се́л̂ски, бо́л̂но*.

Ваков изговор на *л* карактеристичен е за кратовско-кривопаланечката група говори под чие влијание и се јавило тоа во споменативе славишки села. Треба, меѓутоа, да се нагласи дека кратовското и славишкото тврдо *л* во реченава позиција нема сосема идентична артикулација. Кратовското е потипично; тоа ја нема онаа преграда што е карактеристична за нормалното *л*, додека во славишките села, како и во селата по Осоговијата и на кривопаланечкиот и на кратовскиот дел, преградата е само ослабена, но уште суштествува. Освен тоа кратовската варијанта се

изговара при поактивно учество на обете усни, со поголемо нивно заокруглување. Со други зборови, во кратовскиот говор, каде што е и центарот на оваа појава, имаме билабијално *л*; процесот на лабијализацијата на *л* е наполно завршен, додека во нашиве и осоговските села тој се наоѓа во тек.

Во средните слогови пред согласка степенот на лабијализацијата на *л* е уште понезначителен, често и не се забележува, освен во прилошките зборови *ко́дко, ма́дко, ни́кодко, бо́дко, оно́дко, то́дко* Одр, Оп, каде што може *л* дури и да се загуби: *ко́ко, то́ко, ово́ко* (но само *малко*). Но тие со ваков изговор на *л* можат да се чујат на целиот граничен појас со Овчеполието на запад до Скопска Црногорија (MJ V 19, 150), каде што лабиовеларизацијата на *л* како појава не е позната; сп. таму: Дај ми *ма́дко* ле́п Мург, *то́малко* Ранк, Стр, *то́дко* съ^{a}м се нљутѝл Дов, *то́дко* ШР, Ор, *ко́дко* Вет, Дим, Стрез. Во кратовскиот говор вопросниов глас се лабијализира и во оваа позиција со апсолутна доследност, сп. *а́дьа, понеде́дник, се́дски.*

Целиот овој процес во врска со измената на веларното *л* кон билабијално (*у*) доста добро може да се следи и во долнополошките говори. Во појужниот дел пред согласка и на крајот на зборот имаме, како и во кратовскиот, билабијална варијанта, а што се оди по на север и североисток лабијализацијата намалува, така што веќе во крајните северни села (Вратница, Белоиште, Рогачево) едвај и може да се забележи. Така Селишчев и овде бележи две варијанти на овој глас (Полог, 293).

Интересно е да се одбележи дека во споменативе славишки села веларно *л* може да се чуе и пред *ј*, сп.: *бе́лјъ^{a}т* Топ, *дебе́лјъ^{a}т* Тал, Одр, *на́малјъ^{a}т, це́лјъ^{ъ}т* Оп (читај *бел-јъ^{a}т* и сл.). Во кратовскиот говор вакви примери се среќаваат повеќе (MJ V 20).

Пред предните вокали може да се сретне спорадично *л* со нешто поснижена артикулација. Таков изговор забележив во говорот на некои претставители во примерите: *голе́мо* Ст, *ле́ке* Коин, *ли́ска* Чел, *Лубáде* Арб, *Со́лишта* Цвет (читај *л*, не *л'*).

§ 51. За палаталното **l'* имаме две варијанти: *л'* („средно", „полумеко") и *љ* (меко).

Првава се јавува во граничните села со скопскиот блатски говор (Винце, Г. Којнаре, Дељадровце, Бујковци, Миладиновци, спорадично во Агино Село), како и во преодниот појас спрема овчеполскиот говор (Градиште, Колицко, Живиње), сп.: *бл'у́је* Бујк, *бришáл'ка, дéл'а* дрва ГК, *дрвул'а́к* В, *жéл'уш* Бујк, Мил, *кл'уч* Ддр, *ку́кул'* Мил, *кудéл'а* В, *л'ушпа* Мил, *мрил'а́ци, недéл'а, оïрл'а́ци, пол'а́ци* В, *повéл'а, сел'а́ни* ГК, *сувéл'ка* Град, или *бо́л'а* ГК, Др.

На сета другата територија се употребува гласот *љ*. Значи неговата јужна изоглоса оди по линијата: Талашманце — Шопско Рударе — Коњу — Пезово — Пчиња — Студена Бара — Агино Село, и оттаде после се продолжува на Скопска Црногорија (Цре-

шево—Бразда). На кривопаланечкиот терен ваков изговор може да се чуе сè до границата со бугарската јазична територија на исток и до Крива Река на југ.

Кумановското *љ* има иста гласовна вредност со српскохрватското. При неговата артикулација врвот на јазикот се допира на долните предни заби, а предниот дел налега на венецот и на предниот дел на тврдото непце каде што се образува преграда[91]).

Сп.: *бљу́је* Кум, Ор, *ба́ља* Ор, *ваљавéсшо* АгС, *ваљавúца* Бељ, Пч, *дéља* Кум, *кључ* Кум, Стр, Ор, *кљу́ка* коко́шка Ром, *кљун* Мург, *кљунúца* Пч, *ка́шља* Ст, *ко́ља* Мург, Дов, *љуш* Кум, Ром, *љу́ши*, *љу́сйа* Арб, Стр, *љу́љка*, *мéља* Ром, *йо́ље* Чет, Ник, Жег, *йоља́на* Коин, *Ба́бина Поља́на* Ор, *йљу́ка* Ор, *йљу́је* Таб, *йљубáчка* Др, *шрéљав* Коин, *чéшља се* Ст, *чéљаш* Ст, Мал, — во наставките *-шељ*, *-ља*, *-уља*, *-аљка*, *-иљка*, *-љив* или во образувањата со *-j*, *-ја* (§§ 157, 189): *йријáшељ*, *недéља*, *кудéља* Ром, Можд, *йосшéља* Ор, — *близнакýља*, — *брисáљка* Чет, *бркáљка* Кум, — *въ^{а}шљúв йрабежљúв*, — *краљ* Пч, Кум, *ркóљ* Ор, Чет, — *Гóљак* Др, *дебељáк* Мат, *йрљáк* Руѓ, *сељáк*, *сељáни*, *йркљáн* Пез, — *вóља* Кум, — *насиљáва* Кум, *насељáва се* Др, *јáвља*, *досшáвља*, — *сáбља*, — *бóље*, итн.

Повеќе примери приведовме за да се види со каква доследност се пази вопросниов глас. Процесот на веларизацијата на *љ* нашиов говор не го зафатил. Тврдото *л* во 1 лице едн. на сегашното време кај глаголите од типот *моли*, сп. *мóлу* Ор, Кум, не *мóлу* нúкога Др, *разбóлу* Ром, *раздéлу*, ќе *запáлу*, *жáлу*, *йечáлу* Ник, — не е добиено по гласовен пат. Во говорот на Скопска Црногорија мекоста се пази и на ова место: *мóљу*, *сóљу*, итн.

§ 52. Освен наследеното *љ* на овој терен *љ* се добило и по новото јотување, сп. *зéље*, *кóље* и сл. (§ 91). Потоа него го наоѓаме место групата *л* + *j* во туѓи зборови, на пр.: *босúљак* Пч, *босúљъ^{а}к* Чел, *иљáдо* Ор, Стр, Одр, Мал.

Во примерите: *жљан* Др, или *џљан* Ст, *жљеш* Пч, *жљéбови* В, *жљебáрка* Ор, *ижљéбано* Стр, *ижљебá* Ранк, *жљýчка* Ос, АгС, Деил, *жључ* Кум, — *чљан* Руѓ, — *шéїљу* Ром, *шéїљи* Коњу, *шеїљúле* смо Ор, *истéїљи* Стр, *пошеїљúца* АгС (на плуг) и други слични — *љ* се добило од *л* фонетски. Во кумановскиот, како и во кривопаланечкиот и воопшто во „шопските" говори и на српската и на бугарската страна, сонантите *л* и *н* лесно се акомодираат спрема алвеоларните *ш*, *ж* и меконепчените гласови (*к*, *ї*) (Белић, Дијалекти, стр. 220—240; Тодоров, цит. дело, стр. 187). Значи, овде имаме прогресивна асимилација.

§ 53. Има, меѓутоа, извесен број примери каде што наоѓаме *љ* место *л*, а фонетски тоа не може да се објасни. Сп.: *Миљúца* Ник, покрај *Милúца*, *мáљине* Др: *мáлина* Кум, Ор; редовно *љ* срекáваме во глаголот *љýчи*, *љýчимо* Кум, Ром, *љýчимо* óвце Ст,

[91]) Бранко Милетић, Изговор српскохрватских гласова (СДЗ V), Београд 1933, стр. 75.

како и во *брљи* Чел, *брљи́ле* Пч, *ќе брљу* Ст, *профрљи́ше* Коин, *де́љи* СтН, *де́љимо* Ос, *ќе ги поде́љимо* АгС, *печа́љиб* Ром (: *печа́лу*), *расељи́ле се* Др; сп. уште: *про́летно* вре́ме Стр, покрај *про́летно*, и топонимите: *Каљи́ште* Ор, *Пе́љинце*, *Соколји́ца* Жег, *Партаљи́ца* Ор, *Петраљи́ца* покрај *Петрали́ца* Гин.

Во повеќето од примериве *љ* се наоѓа пред вокалот *и*, па би можело да се помисли дека за смекнувањето на *л* токму тој придонесол. Во некои скопско-црногорски и тетовски села (Одри, Белоиште) навистина во ваква позиција *л* се изговара со нешто повишена артикулација (MJ V 150—151). Кумановскиот говор, меѓутоа, оваа појава не ја познава, сп. во него: *ли́це*, *либа́да*, *лис*, *ли́ба*, *сли́ба*, и само така. Возможно е *љ* овде да се добило по аналогија на слични образувања: во глаголите *дељи*, *насељи*, *фрљи* спрема соодветните итеративни форми: *подељава́мо* Мал, Коин, *насиљава* Ром, *расељава*, *фрља* (*брља*); спрема придавката *каљи́в* (каллив) во *каљи́ште*; по аналогија на *парта́ль* — *Партаљи́ца*; спрема некоја слична форма и во *печа́љи*, можеби и во *ључи*. Во *до́љан* ГК, *до́љьᵃн* спрат Мург *љ* е внесено од формите *долња*, *долњи* (сп. *Долња Маала* Чел, *Долња Лука* Кос, *Долња Рудина* Пч, *Долњо Водно* СтН), а таму пак мекоста се добила од назалниот палатал (*долњи* > *долњи*).

н, *њ*

§ 54. Карактеристично е за алвеоларниот назал во овој говор што може лесно да ја приспособува својата артикулација кон артикулацијата на соседните согласки.

Во групата со меконепчените согласки, како и на другата наша територија, тој се артикулира на мекото непце, во артикулационата сфера на *к*, *ѓ*. Само овде, и воопшто во северните говори, меконепчената артикулација на *н* му дава назална боја и на претходниот вокал, сп.: *бя̃ŋка* АгС, Ром, Руѓ, *бя̃ŋк'е* Мург, *ся̃ŋке* Стр, — *бря̃ŋја* Чет, Буков, *фря̃ŋје* Мал[92]). Така е кога назалниот консонант стои пред *к*, *ѓ*.

Кога се наоѓа *н* зад овие гласови, тогаш неговата артикулација обично се задржува во областа на тврдото непце, и може тоа да прејде во *њ*[93]). Почесто оваа појава се врши во соседство со звучниот велар (*ѓ*), сп.: *би́ѓња* Пез, *ди́ѓње* Арб, *ѓња́сно* Пс, *ѓње́здо* Ст, *Орлово Гње́здо* ШР, *ѓње́ше* Коњу, *заѓњето́мо* Петр, *наѓње́ле* Ор, *ѓњи́ла* Ник, Ор, Стр, *ѓњи́ле* крушке Ор, месност *Гњи́ла* Мург, *Гњи́лиште* Оп, *ѓњој* Жег, *ѓњо́ште* Др, Ст, *ја́ѓње* Ст, Мал, *јаѓње́нце* Коин (: *јаѓанца*), *Ја́ѓњило* Стр, *изјаѓњи́ше се* о́вце Арб, *ќе ле́ѓње* Дим, СтН, *ле́ѓњемо* Лоп, *ѓреѓње́ле* кру́шкете Стр, *сѓре́ѓњени* Стр, *ѓуре́ѓње* Таб, *ѓуњеа́ле*, *ќе ѓуњи́еb* кру́шкете Стр. Во повеќето од приведениве примери оваа појава ја наоѓаме одразена и во некои

[92]) Така е и во скопско-црногорските села, сп. MJ V 125, 151.

[93]) Белић, Дијалекти, стр. 220—222; Ramovš, Historična gramatika slovenskega jezika, II, стр. 91.

српско-хрватски и словенски дијалекти, и зарегистрирана е доста рано.

Мекиот назал (њ) место *н* во соседство со *к* го забележив во: *не́кња* Кум, Ник, Коин, кое е после преобразувано во *ње́кње* Одр, *ње́кња* Стр, Дов (*н* — *њ* > *њ* — *њ*), *кле́кње* на коле́но Кум, оне *рекња́ле* Дим, *т̄е́кње* Ор, али ќе ви *т̄е́кње* СтН, покрај *кле́кне*, *ре́кне*, *т̄е́кне*.

§ 55. Исто така *н* > *њ* и зад палаталните гласови, сп.: *ја́ќњик* В (после *ја́т̄'њик*), *ку́ќњо* место Мат, во новообразуваниот збор *укуќњица* АгС, Ром, *меѓњик* Пез (после *меѓњи́к* — во истото место), *меѓњици* Петр, у *но́ќњо* до́ба Чет, *но́ќњо* Ник (> *нош'њо*), *помоќњица* АгС, *сре́ќњо* Чет, или во придавките од типот *ора́ќњи* (вол) Одр, *стојаќња* (вода) Одр, Ранк.

§ 56. Старото меко **н'* на целата кумановска територија се пази готово доследно во сите позиции, значи и на апсолутниот почеток, па дури и во глаголската придавка, каде што инаку другите стари меки гласови, како што ќе видиме понатаму, по морфолошки пат се заменети со соодветни веларни согласки. Сп.: *њеїо́b*, *њеїо́bи*, *њо́ј*ъ*н*, *њин*, *њеїа*, *њему*, *њум*(*а*), *њи*, *њија*: *њи́ва* Кум, Мат, Руѓ, От, Тал, — *коњ*, *коњани́к* Ор, От, *о́їањ* Ор, Тал, *о́їъ*а*ањ* Ник, Кум, *књи́їа* Кум, Арб, Ор, *т̄ењу́їа* Агс, СтН; — *bи́шња* Мал, *кро́шња* Деил, *кла́дња*, *но́шња* Мал, *т̄ри́кажња* Ранк, Дов, Кум, *цре́шња* Ор, *цре́т̄ња* Ст, Кум, — *милости́ња* Стр, *т̄усти́ња* Мал, *робіи́ња* Руѓ, — *дрвењак* Пч, *имењак* Мал, *камењак* Руѓ, *коренња́ци* В; — *бъдњи* вечер, *bечера́шњи* Ром, — *кла́ња се*, *ме́ња се*, *мењава*, глаг. прид. *бра́њен*, *де́њена*, *же́њен*, *збу́њени*, *ра́њен*, *це́њен* (в. § 89, 301), или *брањени́ца* Тал, *т̄уњени́ца* Мал, *рањени́ца* Чет, *т̄осињени́к* ХВ 333.

Со ваква доследност споменатиов глас се пази и во другите северни говори што знаат за меко *л* (*љ*). Така, јужната изоглоса на случаите со *њ* на апсолутниот почеток (*њеїоb*, *њума*, *њиba*) оди приближно со изоглосата на гласот *љ*, т. е. Шопско Рудare — Пезово — Пчиња — Агино Село (на кумановскиот дел). Веќе во оние села што непосредно граничат со скопскиот и овчеполскиот говор, каде што има средно *л* (*л'*), во споменатава позиција затврднало и *њ*: *не́їа*, *ни́ba* Бујк, *ни́но*, *неїо́bo*, *но́јзино* ГК, *ни́ја*, *но́јзин* Ддр; сп. таму и: *bишна*, *цре́шна*, *же́нен*, итн.

§ 57. По гласовен пат ново *њ* на овој терен се добило, освен по новото јотување, на пр. *дре́ње*, *сb и́ња* (в. § 91), уште и во групите *їњ*, *књ*, *ќњ*, за кои споменавме погоре, како и во групата *мњ* < *мј* (§ 80). — Во граничните села со кратовскиот говор спорадично се среќаваат примери со *њ* < *н*+*ј* (< *и*) во определената форма за машки род кај придавките: *зеле́њъ*а*т̄* Вак, *црњъ*а*т̄* ШР, *шаре́њъ*а*т̄* Топ. — Фонетски може да се објасни тоа и во *коњши́ја* СтН, *коњши́је* Дим, *коњши́ка* Стр, *bрешњи́к* Чел (в. и за *л* во истава позиција),

§ 58. Има добар број случаи каде што се добило *њ* и по аналогија (место *н*). Така, на пример, во: *гре́бењ*, *гре́бењци* Дим, *дрењ* Ос, *дрмо́њ* Ор, Бујк, *ка́мењче* Гер, *ко́штањ*, *ле́штањ* Жег, Ст, *прстењ* Мил, Бујк, *тр̄њ* Бељ, сп. и *тр̄њоба́че* (крушке) Мал, — тоа се јавило спрема множинските образувања со наставката *-ње* (*дрење*, *тр̄ње*, итн.). Во некои случаи, сп. *дрмо́њ*, *ко́штањ*, *ле́штањ*, *њ* веќе се генерализирало, додека покрај другите случаи се среќаваат и форми со *н* — *дрен*, *прстен*, *тр̄н* (последниве се пообични). Можеби да е такво по потекло *њ* и во *бӯти́њ* Стр, покрај *бӯти́н*, *бӯти́м*. За во туѓите зборови *тро̄њ*, *шӣањ* (спрема последниов и *шӣањи́ца* Обл) тешко е да се каже, зашто тие и во други наши дијалекти ги среќаваме во формата со *њ*. Во *гле́жањ* МлН (стсл. глезнъ, -ьнь, Младенов ЕР 101) можеби тоа да е и наследено (сп. срп. глезањ).

Продирањето на *њ* од мн. ф. во основата во оваа категорија зборови е општа појава во говорите во Горно Повардарје. Во скопските говори во Блатијата и Црногорија и во северните тетовски села тоа се врши со поголема доследност (в. MJ V 155—156).

Во глаголите *бра́њи* Рад, *бра́њимо* Ранк, *жењи́л се*, *се же́њи* Петр, *засењи́ се* Ор, От, *избуњи́ло се* Рад, *кањи́ле*, све *се напуњи́ло* КрК, Петр, *ме́њи*, *проме́њи*, *поклоњи́ло се* ШК, *рањи́ле* *ја* Јова́на Ос, иде да *се це́њи* Рад, Петр, *њ* можело да се јави под влијание на глаголската придавка (*бранењ*, *женењ*, и сл.) или соодветните итеративни глаголски образувања. Не може да се мисли на фонетски процес, зашто во други случаи пред *о* назалот *н* не се смекнува. Формите со *њ* од овие глаголи почести се во северниот дел на Козјачијата и во Славиштите, а обични се исто така и во кривопаланечката говорна област.

Во случаите како *гра́њка*, после и *гра́њче* Стр, *гра́њчики* Дим, — *пече́њка* СтН (тиква), *плете́њке* ХВ 306, *се́њка* Руѓ, Стр, *ја́њке* (сливе) Стр, би се очекувало, според она што го рековме погоре за гласот *н* пред *к* (*ѣ*), не *њ* туку *ŋ*. Палаталниот назал, веројатно, и овде е добиен со аналогија (: *гра́ње*, *пече́ње*, итн). — Секако аналошко е *њ* и во: *рамњи́ште* Мал, Ник, и топ. *Рамњи́ште* Бајл, *зимњи́ца* Коин, *воловоѓњица* Стр, *гранји́ца* Пч, Ор, *ко́њци* Мал, *земњи́к* Стр, *бу́њено* (аљи́ште) Мал. Аналогијата во оваа смисла особено можела да биде поинтензивна во придавско-прилошките образувања, сп.: *дома́шњо* Ос, *на́јкашњо* Обл, *ра́мњи*, и топ. *Ра́мњи Рит* Вак, *за́водњо* бе́ше ГК 'обиколно', или *обамња́та* Одр. — Со мешање на наставките *-ън* и *-њи* образувани се: *вече́рашњ*^{а}*ањ* Жег, Ник, *го́рањ* Коин, Ос, *дома́шњ*^{а}*ањ* Руѓ, Жег; во *до́љан* Мат *њ* не можело да се јави поради мекото *љ*.

j

§ 59. Најтешко е во овој говор да се одреди вредноста на гласот *j*. Тој е релативно нестален глас, а лабавата артикулација е главна негова особина. Неговиот изговор зависи пред сè од

темпото на говорењето, од позицијата во која се наоѓа и од местото на акцентот.

Најчесто тој се изговара како неслоговно *и*, кое при брзо говорење во сврзаната реч може да се чуе сосем слабо (i̯), додека во бавен темпо на говорење и при побавен изговор може да се чуе подобро; тогаш тоа, како што забележува Брок[94]) за истиов глас во југоисточните српски дијалекти, суштествува и психолошки. Но тој може да се чуе и како спирант, со шум карактеристичен за фрикативните гласови. Таков изговор имаме при услови на појачана артикулација.

Неговиот изговор во многу зависи и од природата на околните гласови. Пред предните вокал природно е дека ќе биде најнепостојанен, додека пред другите гласови е постабилен.

Близината, одн. далечината на акцентот исто така влијае на неговиот изговор. Во соседство на акцентиран слог и *j* се изговара нешто поинтензивно, повеќе се пази, отколку кога е поодделечено од акцентот.

Поради сета оваа сложеност на условите при изговорот на вопросниов глас, ние го среќаваме во ред варијанти и нијанси: како спирант (*j*), неслоговно *и*, како слабо *j* (*j̯*) и слабо *i̯*, или пак негде и воопшто не го слушаме. Дури и во говорот на едно исто лице можат да се сретнат сите овие нијанси.

Меѓутоа, во споредба со другите наши говори, пред сѐ со централните, *j* овде се пази подобро. Така, на пример, во почетокот на зборот тоа може да се чуе и пред *е*, сп.: *је̏де*[95]) Мал, Ор, Мат, Коњу, *је̏демо* Ор, ШР, Кум, *је̏деше* Пч, Кан, Стр, Рад, *је̏ја* Отља, СтН, *је̏ле* Обл, *Јеловда́рник* Деил, *је̏зеро* Мал, Ник, *језери̏ште* Мал, Бујк, *је̏ш* Бујк, *је̏шче* Ос, *је̏жови* Мург, *јеле́к*, *јеле́ци* В, *јести́ќ* Ст, *једны́к* АгС, *једењак* АгС, *је̏сен*, *је́ла* Мал, Жег, *је̏ребица* Деил, 3 л. едн. од 'сум': лѣ́ко ти *је* те́бе ГК, му́ка се *је* виде́ло Др, он *је* бу́ја Жег, или со негацијата *не*: *не́ је* Кум, Пч, *не́ је* има́ло Др; *је̏трва* Стр, Руѓ, *је̏ш* Чет 'јад', *је́чка* Ст, Др, Ос, *је́чи* Руѓ, Ор, Мат, *јези́к* Кук, Коин, *јези́ци* В, *јечме́н* АгС. Слабописмените луѓе во овие случаи готово редовно пишуваат *j*. Исто така во најголем број случаи го наоѓаме и во материјалите шго ги имавме на рака. Но исто така не се необ ни и примери со загубено *j*, особено во појужните села и во Славиште: *е́дро* жи́то Жег, *е́дар* АгС, *е́зеро* Ос, *Езери́нски Дол* Коин, *Еребича́рник* Дов, *е́ребица* Отља, *едьн* Жег, *една́* ШР, съ^{a}с *едно̄а* ца*ндара* Др, за *еднуш̄у* Др, *едени́ца* Ром, овъј *е́сен* Ст, *есе́ње* Коин, *есе́њо до́ба* Деил, *е́лен* Руѓ, *ечме́н* Стр, Ник, *ечмени́ца* АгС, *Ечми̏ште* Др, и др.

Веќе пред *и* во почетокот воопшто не се слуша: *и̏ште*, *ичи̏ра*.

---

[94]) О. Брокъ, Объ исчезновении междугласнаго *и*, *j*, Сборникъ статей посвященыхъ учениками и почитателями академику и заслуженному ординарному профессору Филиппу Феодоровичу Фортунатову, Варшава 1902, одд, отпечаток, стр. 2.

[95]) За сите видови на гласот *j* од технички причини ќе употребуваме само еден знак (*j*).

Пред тврдите вокали пак се среќава готово редовно: *јáре* ГК, *јáзабъ^{а}ц* В, *јáсен* Деил, *јáко, јáјце, јáсле,* — *Јóска* Ник, *Јордáн* Мил, *Јобáн* Кум, *јóшше* Дов, Ор, Топ, Ос, Др, поретко *óшше Ром*, Бујк, *ош'* Пч. Во оваа позиција (пред *у*) имаме дури и појава на секундарно *ј*, сп. *јурúéш* Лоп, Мат, АгС, *јурнéк* Кум, Ром.

§ 60. На апсолутниот крај на зборот *ј* се губи само во неколку одделни случаи: во предлогот 'крај', сп.: *кра мéне* умúра Мург, *кранáс* Лоп (в. § 212), во 2 л. едн. во заповедниот начин кај глаголите од типот *шијам*: *нашú се* Кум, *убú се* Кум, *скри* га, *шокрú ѣу* Ор, потоа во заменката *чиј*: *чи* је тој детишáр Коин, и во зборот *лúша* Стр, покрај *лúшај* Др, Кан.

§ 61. Во средните слогови пред согласката или кога влегува во состав на формантите *ј* по правило се пази: не *бójше се* Кум, *зájци* Ос, *њójзе* В, *лójзе*, во сложените глаголи со 'иде': *дојдóше, нájде* Мург, — или пред вокалот *а*, сп. *дрбја, дибјáк* Коин, во глаг. *л*-форма: *дóшја, шекја, рéкја.* Што се однесува до неговата акустичка вредност, најдобро се слуша кога се наоѓа пред согласка, а најслабо е пред вокалите *е* и *и*: *бóрје, ѣробје, крáбји.* Пред предните вокали а во соседство со *ч* согласката *ј* понекогаш и се губи наполно, сп. *Вýчи Дóл* Ор, брáбоњке *óбче* (поретко *óбчје*), *óбчи* лој Стр, *óбче млéко* Ор, *Обче Пóље, Здрáбчи Кáмен* Др, *еребúчи* В. Покрај *шрéмрежје* Пс се среќава и *шрéмреже* Стр, АгС, Ддр.

§ 62. Изговорот на *ј* меѓу вокалите, како што споменавме, зависи пред сè од карактерот на околните гласови, а особено од вокалот што следи.

Пред *и* готово никојпат не се слуша *ј*: *бróши, бróимо, бróиб, дóиш, сшóиш* Кум, *шóише* Мал, *двоúца* Арб, Кум, *мои, швои, свои, рáзбои, славéи*; *нéчии, чии*, итн.

Пред *е* изговорот на *ј* е факултативен. Во бројни случаи може да се чуе слабо *ј*, а може и да не се чуе, сè зависи од опстојателствата што ги споменавме погоре.

Во групата *-ее-* најчесто не се слуша: *вешрéе* Коин, Коњу, *ѣобéе* Ст, не *смéемо* Стр, *сшарéе* ГК, или до колку се среќава при извесни услови, тоа е многу слабо, понекогаш едвај забележително, сп. *сеʲеш, сеʲеб* Ник, не *смéʲе* Ром.

Истово може да се однесува и на групите *-ое-, -ае-, -уе-*:

кое да га кóљам В, *мóешо* ГК, *шóева* Мат, и *мóʲе* Жег, *мóʲеѣа* командúра В, *нéкоʲе* врéме Ром, *осóʲе* Буков, Др, *шóје* Руѓ; готово редовно се слуша во сложениот глагол *шојéде* Пч, Кум, *шоједе́* ме: *éде* Стр (од едно исто лице);

не *знáе* Ник, свéкој *знáе* ГК, *зáедница* Бујк, *шráе* Пч, *шкáеб* Кум, — и: *знáʲе, шráʲе, шкáʲеб* Ор;

ошидýе Др, *свршýе* В, *шодлешýе* Пч, и: *купýје* Чел, *прашýје, сшанýʲеб* Дов, *чýʲеш* ли Вет;

ми́еb Мат, *ти́еb* Ром, — *ми́јеш* Кум, *набѝ́јеш* Пез, *чи́јe*; нешто почесто се слуша во множинските форми кај именките на *-ија*: *зми́је* Ром, Кум, *чивчи́је* АгС, *коњши́је* Стр.

И кај Иљоски, и во материјалите во Историски архив во споменативе групи готово редовно стои *ј*, сп.: не *смеје*, *моје*, *твоје*, *заједно*, *сшије*, *срамује*, *сънује* ВИљ, *заједно*, *које*, *останујеb*, *утеѓујеb*, *појавује се* ИА, *знајеш* ли ти Тон. И малуписмените луѓе пишуваат тука обично *ј*.

Нешто е попостојанен овој глас во групата *-еа-*: *Андре́ја* Др, *зѝреја́* МлН, *живејáле* Коин, *киселопе́ја* Ос, *напреја́ се* Стрез, *посејáле* Ром. Овде се јавува дури и секундарно *ј*, на пр.: *почéја* В, не *тејá* да сéди АгС, покрај *теá*, *почéа* В.

Редовно *ј* се слуша во групата *-ија-*: *змија* Ст, *ѓрадобија* Кум, Деил, *исушија се* В, *купија*, *ничија* Ник, *пијáн* Чет, *пријáтељ* Жег, *пијáнка* АгС, *рак'ија* Кум, *убија се* Мил.

Исто така добро се пази тоа и во групата *-иу-* (*-ију-*), сп.: во 1 л. ед. през. *бију*, *мију се*, да га *съ^{a}шију* Ром, ќе *сшију*, да *шију* Пч, или: *нéчију*, *корију*, *чинију*. И воопшто во сите случаи каде што има состав на кој било вокал со *у*, одн. *ју*, *ј* се пази; сп.: *мáју се* Ник, *кáју* Кум, *бáју*, — *Блаíóју* Ос, Ник, *бóју* Кук, *брóју*, *пóју*, *мóју*, *нéкоју*, — да *поседју*, не *смéју* Ром, — *бљýју*, ќе *се обýју* Ор, да *се отрýју* Прој, *чýју* све Кум, *кажýју*, *купýју* итн. Во 1 л. ед. кај глаголите овој глас се чувствува веќе како составен дел на формантот.

Во групите *-оа-* и *-аа-* вопросниов глас никојпат не се губи: *мáја* Дов, *сáја* Мург, *стáја* Пч, *ткајáла* АгС, *ткајáч* Мат; — *Блаíóја*, *Миливóја* Ст, *бóја* Кум, Стр, *броjáч* Ор, *пojáле*, *пojáч* Мал, *пóјас* Кум, *Стojáн* Стр, Кум; *кójá*, *мóја*; *бројá*, *бројáла*. Воопшто групите *-аа-* и *-оа-* во нашиов говор се необи ни. Во оние случаи каде што во тие позиции се загубило *х*, се јавил хијатски глас (в. § 79).

§ 63. *Појава на секундарно ј*. — Примери со секундарно *ј* во однос на централните и западните говори овде има знатно помалку. Како хијатски глас во овој говор, како и на другата северна област, се јавува почесто *b*, дури и во соседство со вокалите од преден ред.

ј од *е* имаме само во глаголскиот прилог, па и тука не секојпат, сп.: *мучéјќе* От, *косéјќе* Пез, *познавájќе* Пч, *пробаѓájќе* Ор, и сл. — По гласовен пат тоа се добило и во примерите како *њúјно*, *њúјне* АгС, *њúјни* В, ќе *пúјнеш* Мал, *кúјна* Мал, *кúјне* Длъб — место *х*; место *ќ* стои *ј* во *синоj*, *синојка* Ром. — Ново е по потекло тоа и во наставката *-ја* во глаголската л-форма: *úшја*, *носúја*, итн.Сп. уште и: *јучéр* Кум, Ром, *јýтре*, или: *јурнéк*, *јуриéт*; потоа примери од типот *собáјле* (< собаиле), *мој* (< мои), итн. (в. § 30).

b

§ 64. Кумановското *b* е нормален лабиодентален глас, како и во другите источни говори, без оглед на неговото место и потекло; сп.: *бра̏̄че, бо́га, бле́че* Ор, *бра́ка, вечера, — Жи́вко, крвни́к, тра́вка* Ор, *ча́вка, — здрав, прав*, во 3 л. мн. презент: *и́мав, ви́кав, но́сив.*

Меѓу вокалите може да се сретне и лабаво артикулирано *b*, понекојпат и сосем слабо, кое при брзо говорење може дури и да не се чуе. Воопшто меѓу вокалите можат да се чујат неколку варијанти на овој глас, што зависи пред сè од темпото на говорењето. Но во најголем број случаи и во оваа позиција тоа има лабиодентална артикулација.

Билабијално *b*, какво што познава скопско-црногорскиот говор (MJ V 145) и јужноморавскиот дијалект (Дij., 153), на нашава територија се јавува само спорадично, и тоа главно во 3 лице множина на сег. време, каде што е тоа добиено од *у* (в. § 30, 275); на пр.: *ви́кау* Ст, не *да́вау* Мал, *и́мау* Коин.

§ 65. Етимолошкото *b* се пази доста добро во сите позиции; сп. меѓу вокалите: *Бла̏̄овец* Чел, *воловар* Кум, Стр, *̏̄обе́да* В, Мат, *̏̄обедар* Дов, *јабор* Мат, *ковач, ковачница* Ник, *меќава* Мал, *мр̏̄то́въ[а]ц* Чел, *њеѓо́во, невоља* АгС, *осно́ва* Кум, *̏̄цувисана* Буков, *̏̄тресе́вина* Бујк, *̏̄товар* Кум, Ник, *човек* Мат, Дов, *чува* Пез, — *бариво* Мал, Мат, — *буковина, ̏̄готовина, — ̏̄главица* Чет, *комовица* ШР, *ласта-вица* Дов, — *волови* Кум, *виро̀ви* Коин, — *Ли̏̄товиќ* Ник, *Тоѓоловиќ*, — *Перало̀во, Цвѐ̄ково Трло* Мил итн. Само неколку случаи (во оваа позиција) забележив со загубено или многу слабо *b*: *би́ол* ГК, *биволи́ца* АгС, *јаор* ГК, Мил, *на́ора* ГК, *на́амо* Кум, Ор, Обл, *на́амо* вртив по бла́цки АгС (покрај *бивол, јабор, на́вамо*), *̏̄о́наамо* Мат, Лоп, жена му *̏̄страи́ла* све за умирање ХВ 340, *уба́ачко* Ром, ВИљ, дури и *у́бачко*; во месните имиња: *Ба́рдево* Пч, *Ба́чео Прис̀о́је* Мург, *Ба́чео Трло* Мил, *Па́влево Њи́вче* Ор, *Пе́реа Ливада* АгС, *Ш̀о̏̄оа Ру̏̄а* АгС, *Ра́јкови Гу́мна* Ор. — Како што гледаме, повеќето од приведениве примери се забележени во граничните села со скопскиот говор (ГК, Мил, АгС), а тоа доволно зборува за влијанието што го укажале скопските говори во кои загубата на интервокалното *b* е веќе завршен процес.

Најлабилно е *b* во консонантските групи *-̏̄тв-, -свл-*, во група со *љ* (*-вљ-*) и во наставката *-вски*, каде што најчесто и се губи. Но за тоа ќе зборуваме подоцна (в. § 94).

§ 66. *Појава на секундарно b.* — Во ред случаи во овој говор имаме ново по потекло *b*. Такво е тоа, на пример, во: *ле́ба, сна́ба, чо́ба* и други зборови со загубено *х* (в. § 74), или: *Арнаву̏̄ти* Др, Ром, *кавурка* ГК, *кавури* Ром, Ор, Чет, *̏̄а́вук* Ос, Др, *̏̄авучи́ња* Ник, Чет, *̏̄авучи́на* Стр, *Павун* Стр, Чел, *чавуш, чавуши* Стр, *̏̄тивун* Мал, Мъг, *̏̄тивон* Ром, *̏̄тивунисувају* Ром. Овде имаме една определена позиција каде што се вметнува *b* — вокална група

каде што е вториот вокал *у*. Последниве примери најубедливо зборуваат дека е вакво по потекло *b* и во случаите каде што стои на местото на *х*, т. е. дека таму тоа не е добиено од *х* фонетски.

Во неколку случаи имаме *b* добиено по аналогија: *чиb*, *чиba*, *чиbo*, *чúbu*, *нéчиb*, *нúчиb* (спрема посвојните придавки на *-ob*; в. и во енклитичната форма *by* (в. § 211).

По гласовен пат *b* се јавило во 3 лице множина на сегашното време од вокалот *у*, сп.: *збúрab* < *збирау* преку *збираџ* (в. §§ 30, 43, 275).

Во најголем број случаи и во кумановскиот говор за туѓото *ф* наоѓаме *b*, сп.: *абиóн* Мург, В, Пч 'афион', *банéла* Одр, *бáбрика* Др, *бамúлија* Лоп, при *бамилúјūу* Ранк, *бáша* Одр 'фаша', *бáрба* МлН, *бес* Коин, Ор, Мург, АгС, Руѓ, Стр, *бит̄úль* СтН, Мург, *бúт̄ил'* Мил, *бúра* Пч, *бидáн* Стр, *бидáнка* СтН, Рад, *билџúан* Ор, СтН, Стр, Ранк, Дим, Отља, *Бúлит̄* СтН, *бост̄áн* Длъб, *биранлúја* Кум, *бронт̄* Ник, Стр, *бустáн* Ст, *бúрња* ГК, АгС, В, Стр, *бурњаџúја* Кум, Ор, Руѓ, *бúта* Ром, Клеч, Кум, *бúте*, *бúсте* Кум, *брт̄úна* Чел, *брéнкъат̄* Руѓ, *Вранцúзи* Ранк, *бранцúски* јастък Кум, *брáнīа* Ранк, *Зáбир* Мург, *кабáна* Лип, *Сарабúн* Чел, *т̄áјba* Руѓ, Стр, *т̄елибóн* Чет. Меѓутоа не се непознати и примери со *ф*, сп.: *афиóн* Кум, *Зáфир* Чет, у *кафáну* Ник, *кúфер* Кум, *офиџúр* Ник, *кафе* Кум, ВИљ, *т̄ефт̄ерчéнце* ВИљ, *фáбрика* Стр, Др, *фамилúја* Ник, *фенéла* МлН, *фино* Коин, Кум, *фит̄úльъат̄* Жег, *феньéр* Чел, *фронт̄*, *фúрња* Кум, СтН, *фес* СтН, *фустáн* МлН.

Забелешка: Во славишките села примери со *ф* се среќаваат само спорадично. Нешто се почести во северозападните села и во градскиот говор. Васил Иљоски редовно употребува *ф*.

s

§ 67. Согласката *s* се јавува во исти услови како во другите дијалекти:

на апсолутниот почеток пред вокал: *Sáне* Кум (лично име), *sáѓъan* Чет, *sáдњи* пут СтН, *sáдњо* крóсно В, па и *нásат̄* Кум, Мург, *osát̄* Ром, Ник, Руѓ, *ogsát̄* Чет, *унásат̄* Пч, *насáдица* Ранк, све *насáдица* иде Стр, *sáѓбина* Ор, *sébīар* Пч, Бујк, *sébīаръat̄* В, *sebīáри* Кум, Чет, *сébeb* ми рýке Чет, *sémнат̄* Пс, после и *нáseб* Мал, *nasébне* Стр, немój да *oséбне* Мал, *Sebрњáк* Чет, *séнsa* Ром, *сémња* В, *сémњу* оралúју Коњу, покрај *зémња*, *sémт̄аре* Ор, *sифт̄* Чет, Бујк, *súра* Бујк, *зasирáја* Ст, *súбри* АгС, *Sýра* Пез (женско име), *сýница* Пез, Град, *Sýка* Стр (женско име), *Sьна* Стр (месност), *сът̄* Кум, Ник, Ранк, *съдúна* Др, одн. *сит̄* ГК, Бујк;

во групата *sb-* во почетниот слог: *sbáна* Пез, *sbáно* место Ор, *sbéзда* Мал, Ник, Чет, *sbéрка* Ддр, *sbєр* Чет, *усbерúја се* Руѓ, *Sbéздине Куќе* Тал (место), *sbúска* Чет, Коин, *sbизък* МлН, *sbерињáк* Пч, *sbизáр* Мат, *sbон* Ор, Чет, *sbóни* Чел;

зад *н*: *брnsa* Ор 'брондза', *брnséно* Мург, *бенsúн* Ром, *īанsáло* Бујк, *īънsáло* Чел, АгС, *séнsa* Ник, *запренsýје се* Руѓ, *јáнsa* Пч, Чет,

Кум, *ке́нsа* Руѓ, *мрансу́лци* Бујк, *кленсáјк'и* Чет, *искле́нsа* Чет (ХВ 347),

во група со *р*: *бáрsа* КБ, *srцки* В, *оsрну се* Коин, *заsрнáја се* Ст, *наsрќе* Чет, *оsрќе се* Мал, *поsрќе* Ор, *наsрќаш* Коњу, *бáрsило* Стр,

и уште во неколку други случаи: *Óсерум* Биљ (месност), *осýра* Коин, иде и *осýра се* Арб 'обзира'; сп. и *осбá се* В, *осáба се* Чет, Пч, Ор, *осýба* Чет, Кум, Бујк, ГК: *ogсóбu* му се Ор, *ogсóбu се* Ром, Мург.

ќ. ѓ

§ 68. Гласот *ќ*, како и во повеќето наши говори, има прилично лабава артикулација. Тој може да се образува на целата површина на тврдото непце; местото на затворот што го образува средниот дел на јазикот со тврдото непце, по зборовите на Селишчева [96]), се колеба во оној меѓупростор од местото на образувањето на палаталното *ш'* па до местото каде што се артикулира *к'*. Отаде произлегуваат сите оние разновидности што ги наоѓаме за *ќ* на кумановската територија.

Овој глас се јавува во две основни варијанти: *ќ* — тврдонепчен африкат, кој може да биде изговорен со послаба или со појачана фрикација, и *к'* — палатален глас, којшто може да се чуе со разни степени на палаталност. — Повеќе како индивидуална црта се среќава и еден вид меко *ш'* (среден глас меѓу палаталното *ш* и *ќ*).

Сите тие разновидности познати се на целата северна дијалектна област (МЈ V—2, стр. 141—142), како и во соседните јужноморавски говори [97]).

Втората варијанта (*к'*) се јавува во определени позиции — пред вокалите од преден ред, но не секојпат и доследно во сите случаи. Така, на пример, покрај *врук'úна* АгС, Ром, Кум, Др, Пал, *домак'инљк* Ор, *домак'úца* Ром, Коин, *úрáк'ица* Ор, Мург, *к'é́рка* Кум, Пч, Мург, *бéк'е* Рад, Стрез, Клеч, *мук'ени́ца* АгС, *к'е* Ром, Кум, Пез, Кан, *к'éше* Пч, АгС, В, или во наставката за глаголскиот прилог *-ек'е* (*-ек'и*), сп.: *викáек'е* Пч, *сшадáек'е* ШР, *носéек'е* итн., не ретко ќе чуеме и *врукúна* Ром, *домакúн* Ник, *кéрка*, *ќе* покрај *цвеќе* Прој, Кум, и *цвек'е* Кан. — Пред *е* спорадично може да се чуе и слабо палатализирано *к*, како во скопските говори (МП VII, стр. 645—4), кое по својот акустички впечаток напати и не се разликува од обичното *к* во истава позиција. Малуписмените луѓе во вакви случаи најчесто пишуваат *к*, што јасно зборува и за нивната претстава за тој глас.

Меѓутоа, вака *ќ* никојпат не може да биде изговорено и во *вреќе*, *врéќиче*, *вреќеши́нке*, *вреќеши́на* (: *вреќа*), *свеќе*, *свéќиче* (: *свеќа*), *оќе*, *неќе* (: *оќу*), *врýќе* (: *вруќ*, *врýќо*) и други слични примери.

---

[96]) Селищев, Очерки, стр. 140.

[97]) Broch, Dialekte, с. 34 нт.; Белић, Дијалекти, стр. 166 нт.

Врската со основната форма, во која *ќ* се наоѓа во друга позиција, овде попречила за промена во артикулацијата на *ќ* накај *к′*.

Ни првата варијанта не е апсолутно идентична по артикулацијата со западномакедонското *ќ*. Кумановското, и воопшто северномакедонското *ќ*, е претежно палатален глас со многу слаба фрикација. А такво е тоа и во соседниот врањски говор [98]).

Со нешто малу поповлечена артикулација се изговара и гласот *ѓ* без оглед на неговото потекло.

tj* (кt′*) — **dj*

§ 69. Место овие групи, со исклучок на дватри случаја, имаме, како и во другите северни говори, *ќ* и *ѓ* во сите позиции.

**tj*, **кt′* > *ќ*. — Во одделни зборови: *броќ* 'Rubia tingtorum' Мург, Пез, Стр (стсл. *брошть*, сп. срп. *брођ*, сл. broč, буг. *брош* покрај секундарното брожд, Младенов ЕР, s. v.), *беќе* Ор, Руѓ, *бек′е* Рад, Ник, Стрез, *бе́ќем* Ранк, *бо́бек′е* В, ГК, ШР, *бо́ќка* СтН, *бо́ќњак* и после *бо́шт′њак*, *бреќа* Кум, Обл, дај ми туј *бреќешти́ну* Мал, *бруќ* Коњу, Обл, *бруќо* вре́ме Ром, *бруќа*, *бо́бруќа* Др, месност *Вру́ќа Во́да* Ор, *брук′и́на* Обл, Пч, АгС, Кум, Мал, Ром, Руѓ, *бруќи́на* Ром, *їаќе* Ст, Кум, СтН, *їаќере́с пешт′ел* Стр, *їаќа́рес* Бујк, *їа́ќњик* В, Дим, после *їа́шт′њик* Чет, *разїа́ќен* В, *разїаќи́л се* Пч (*разїрашти́л* Одр е ново преобразување), *домак′и́н* Кум, Обл, и *домаќи́н*, *домаќинлък* Ром, *куќа*, *куќешти́не*, *ку́ќњо* место и после *куш′њо*, *йокуќа́р* Чет, топ. *Злоку́ќане* [99]), *леќа*, *ма́ќеа* Коин, *ма́ќеba* Ник, *ма́ќаа* Стр, *ма́ќа* Пез (маштеха), *мук′ени́ца* АгС, Коњу, *муќени́ца* Стр, *меќа́ba* Коњу, *обу́ќа* Стр, *обу́ќе* Чел, *йлеќа* Др, *йлеќка* Чет, Стр, *йлеќке* Ранк, откаде после *йлешке* Стр, *йраќа* Коин, Коњу, МлН, *йраќе* Ник, *йраќка* Ник, Чел, *йраќи́ца* ШР, *йрак′и́ца* Мург (на самар), *сbеќа* Стр, Кум, Пч, *сbе́ќњик* Кум, *среќа* Руѓ, у *сре́ку* Дов, *сре́къ^{а}н* Стр, Обл, Стрез, *несре́ќа* Ст, *сbаќа* Ранк, Ром, *ќуш* В, такъв *ќуш* има Ор (сп. схр. ћуд < *tjudъ, стсл. штоудъ) [100]),*ќуши* Ром, он си *йоќу́ши* Ник (штоутити); — во формите од глаголот *ќу* — *оќу*: *ќу*, *ќе*, *о́ќе*, *неќе*, *ќел*, *ќеше*;

во наставките: *-ић* (< -*itjь), *-оќа* (< -*otja), во формите на *-еќе*, *-еќи* (за глагол. прилог), *-ќа*, *-ќаba* (за образување несвршени глаголи), сп.: *О́рловић* Чет, *сестри́чић*, — *блаїо́ќа*, *лошо́ќа*, — *беќа́ba*, *обеќа́ba* (< об-вѣштати), *йлаќа* и др., како и во образувањата од типот *блаќа́ни* АгС, *оїуќа́ни* (: Блато, Огут), кај придавките на *-ќи*, од типот *шелеќи* (<* telęt-jь); или во придавките од видот *имаќан* Бујк, *ораќъ^{а}н*, *пераќъ^{а}н* итн. (в. § 189);

— *ноќ*, *сваки но́ќ* Мург, у *ноќно* доба Др, *но́ќњо* вре́ме Пч, *ноќе* Пч, Ром, *нъќbе* Ст, Др, Ранк (сп. *ноќви*, *ношви* во другите

[98]) Broch, Dialekte, c. 34 нт.; Белић, Дијалекти, стр. 170.

[99]) В. кај Селишчева поинакво толкување (во Сборникъ въ честь на проф. Милетичъ, София 1933, стр. 36).

[100]) Leskien, Grammatik der serb. croat. Sprache, 1914, c. 40.

говори, срп. *нâкве* < *nъktva [101]), *Пе́ќ* Ор, ШР (име на месност), *пе́ќ* МлН, *по́моќ* Пч, ГК, ШР, *помо́ќњик* Кум, *помо́ќница* Пез, *ќерка* Кум, *к'ерка* Ор, Ром, Пч, две *к'ерке* ШР, бе́ше съ^{a}с *к'е́рку* ву Ор, и *керка* Стр, *си́ноќ* АгС, Ром, Кум, Коњу, *си́ноќа* В, Пч, *си́ноќе* Рад, Ги[illegible], *си́ноќка* Коин, Жег (сп.: зимуска, ноќеска), *си́ноќњи* Арб, *синоќа́шњи*, *синоќа́шъ^{a}н* Ник.

Наспоредно со последниве се употребува и *си́нојка* Ром, Кум, одн. *си́нојке* Стр, каде што се добило *j* фонетски од *ќ* (*ќк* се раздвојувало во *јк*, сп. во поречкиот говор и *обојка* =*олошка* во другите говори, одн. *боќка* во северните). — Спрема *синоќка* — *си́ноќ* од *синојка* се изделила формата *синој* Др, Ранк.

Сосем спорадично во јужните села покрај *си́ноќни* и *синоќа́шњи* може да се сретне и придавката *си́ношњи*, сп. *си́ношњи* ле́п Коњу, *си́ношња* во́да Град, која е карактеристична за појужните говори, откаде што е секако и внесена [102]).

**dj* > *ѓ*: *веѓа* Ром, Чел, *вѕѓе* АгС, *веѓи́ца* Мург, Град (раб на скутача), *вѕѓа* Ранк, иска́ле *во́ѓу* Др, *воѓе* Др, Мург, Стр, Кум (со значење *наводаџија*), *ѓраѓа*, *ѓраѓе́вине* Кум, *ѓо́споѓа* Кум, на *Ве́лику Го́споѓу* Мал (покрај Богородица), *краѓа* ГК, Мург, Стр, Рад, *меѓа* Пч, Рад, Кан, *меѓу* Ор, Ром, *и́змеѓу* Др, Мург, *ѓо́меѓу* Кум, *меѓа́к* Стр, Ос, *ме́ѓњик* Пез, после *ме́ѓњик* Град (*ѓњ* > *ињ*), *ме́ѓњици* Гер, *ѓреѓа* Ст, Рад, *ѓрѕѓе* Бујк, ГК, *ѓре́ѓеска* ГК, *ѓре́ѓъ^{a}н* Ст, *на́ѓреѓъ^{a}н* Пез, *ѓонаѓреѓан* Бујк, *ѓослéѓъ^{a}н* (стсл. послѣжде), *рѓа*, *рѓо́сан* Ор, *рѓо́ше*, име на месност *Рѓаб Чука́р* ШР, *сваѓа* Кум, ува-ту́ле се у *сва́ѓу Руѓ*, *зава́ѓа* Пч, они са́ у *зава́ѓу* Жег, *суѓени́ца* Кум, Арб, Ст, до́шле *суѓени́це* да су́див Ник, поретко *суѓе́ње* Град, Руѓ, *ѓуѓ*, *ѓу́ѓа*, *ѓуѓи́нъ^{a}ц* Пез, *ѓако́ѓере* Коњу, *ѓаку́ѓере* ГК, *у́ѓе* Дов (и овде се употребува само во изразот *не́ка му је у́ѓе* [103]), *чаѓе* Пч, Мург;

потоа во морфемата *-ѓа-* кај итеративните глаголи, сп.: *не вúѓав* Арб, *ѓаѓа*, *досáѓа*, *добáѓа*, *ѓаѓа*, *ѓосѓра́ѓа*, *раѓа*, и сл., и во образувањата со наставките *-јан-*, на пр.: *ѓра́ѓани* Одр, Ор, Кум, *белѓра́ѓани* Кум, *бр̀ѓани* Цвет, *-јак*: *ро́ѓак* Кум, Ник, во глаголската придавка *ро́ѓен* дăн Кум, и во придавките од типот *ѓобе́ѓи*, сп. *ѓобе́ѓа* ко́жа Ст, *ѓобе́ѓо* ме́со Мат; сп. и *Медбе́ѓица* Руѓ (месно име, од *медвеѓи*).

За стсл. *прѣмеждие* и овде се употребува контаминираната форма *пре́мреже* АгС, МлН, Одр, Стр, одн. *пре́мрежје* Пс, Гер [104]), или во машки род *пре́мреж* Пч, Коњу, *едъ̑н пре́мреж* прође́ ми Град. Во Бујковци ја забележив и формата *пре́мрежа*, каде што именката *мрежа* влегла во целост како втора компонента. Спорадично се јавува и црковната форма *премеждáние* Гин, Одр.

---

[101]) Ramovš, Historična gramatika, II, стр. 255; сп. и толкувањето на Бернекер во Јагиќев Зборник, с. 602.

[102]) Оваа форма можела да се добие и спрема образувањата од типот *дъ^{a}ньшњи*, *вечерашњи* (сп. ГЗбСФФ, и.-ф. од., I, 73).

[103]) Б. Конески, Прилепскиот говор, стр. 262.

[104]) К. Мирчевъ, Къмъ македонската диалектология, МП, XI, 1 и 2, стр. 70.

§ 70. Рефлекс *шт* забележив само во *пе́штера* Ор, Пч, Град, одн. *пе́штер* Ст, Рад, Одр, Др, сп. и месност *Пе́штера* Пч, *Пе́штер* Коњу, — а *ж*(*д*) во името на селото *Ра́дибуш* < *Радибужд* (во Славиште)[105]).

Првиов збор не е толку типичен; во оваа форма (со *шт*) се среќава и во некои српски дијалекти, и тоа почесто како месно име, сп. *Пештер* во Србија (Етн. зборник V, 1070) и во Црна Гора (в. RJA, s. v.).

Поинтересно е за нас името на славишкото село ***Радибуш***, и тоа до толку повеќе што се работи за топоним, каде што гласовите и гласовните процеси најдолго остануваат неизменети. Во формата со *жд* ова име ни е познато уште од XIV век: во Душановиот хрисовул на хилендарскиот манастир од 1358 г. се споменува во падеж „и Радибоуждоу горню сь обрьшиємь и сь планиномь"[106]).

Коренот *-бужд-* Селишчев го изведува од -bud- +*j*-[107]), и врз основа на овој топоним тој заклучува дека „в ранний период жизни славянских групп в этой части Македонии, сочетания с *шт* (*жд*) вместо **tj* (**dj*) представляли одну из основных черт говора этих групп"[108]).

Името на споменатово село не е осамен пример со *жд* во нашите северни области; сп. *Побужје* во Скопска Црногорија, кое Селишчев исто така го изведува од коренот -bud-[109]), а Конески од -bǫd-[110]); примери пак со *шт* има уште повеќе, сп. *Баште́во* во Кривопаланечко, *До́броште*, *Не́раште* во северниот дел на Полог. Месни имиња со *шт*, *жд* има дури и преку Шар, во Призренско, на пр. *Добрушта*, *Љубижда*, а во споменициte од XIV век се споменуваат и *Небреѣоште*, *Гражденик*, *Ображда*, *Чрѣboiлажде*, *Тораждa*[111]). Сите овие имиња не можат да се објаснат поинаку, освен како што претполага Селишчев. Од ова следува заклучок дека во постаро време ареата на рефлексите *шт*, *жд* < **tj*, **dj* се простирала знатно по на север од денешните граници на нашата јазична територија[112]). Но доста рано овие групи (шт, жд) почнале да бидуваат истиснувани и заменувани со гласовите *ќ*, *ѓ*. Во Северна Македонија примери со *ќ*, *ѓ* забележени се од

---

[105]) Зборовите *мошњо*, *напрежњи*, *послежњи*, кои во говорот на Скопска Црногорија се сосем обични, на кумановското јазично подрачје не се употребуваат; *нужда*, *еднъш*, *двапш*, *тришш* се среќаваат многу ретко и тоа само во јужните и југозападните периферни села.

[106]) С. Новаковић, Законски споменици, стр. 435.

[107]) МП, X, 1—2, стр. 120; Сборникъ въ честь на проф. Милетичъ, София 1933, стр. 35. — Мене ми се чини поверојатно дека се работи овде за коренот -bǫd- (MJ V 145), како што е случајот во *Побужје* < (*Ро*)bǫd- (MJ II 218 инт.)

[108]) А. Селищев, Хаджи Йоаким и язык его книг, МП, X, 1—2, стр. 129.

[109]) А. Селищев, Говоры области Скопья, МП, VII, 1, стр. 45—46.

[110]) Б. Конески, Побжжда — Побоужда, MJ, II, стр. 218.

[111]) С. Новаковић, Законски споменици, стр. 688, 689.

[112]) П. Скок претполага дека ареата на рефлексот *шт* на запад се простирала до линијата Котор—Пешта (ЈФ XII 107).

почетокот на XV век, сп. ~ ѣі *кюкь*, ~ ѣі *кѫкь*, *съграѣеномѫ* (во запис од XV в. во требологиј од XIV век, Хлуд. зб., *N*• 162)[113]). Селишчев претполага дека во овој запис е одразен говорот на Скопска Црногорија (Очерки, 139).

к, ī

§ 71. Општа е тенденција во нашите северни говори мекопепчените *к* и *ī* пред предните вокали да се палатализираат. Разлика меѓу поодделни локални говори се јавува само во степенот на палаталноста. Така, на пример, во тетовскиот говор тие се артикулираат знатно понапред: главното место на артикулацијата се пренесува на средното тврдо непце, како и во велешкиот говор, додека во говорите во Скопската котлина и во североисточните поместувањето на артикулацијата е понезнатно.

На кумановската територија процесот повеќе напреднал во јужниот дел и тоа на целиот појас од Скопска Црна Гора до Осогово. Акустички овде најдобро се забележува палатализацијата на *к*, и тоа особено кога се наоѓа пред *и*. Во таа позиција меката варијанта прилега на велешкото *к'*. Меѓутоа, колку се оди посеверно од патот Куманово — Паланка степенот на палаталноста се намалува, така што веќе во северните козјачки села и едвај може да се забележи, особено пред вокалот *е*.

Сп.: *бя̀к'е* Мург, *бъ̀шк'е* Јач, *дебо́јк'е* Мург, *дӯ́шк'е* Пч, съ^{a}с *друѣ́чк'е* Ранк, *коко́шк'е* АгС, *ма́јк'е* моро́ Кан, *ока́лък'е* Кум, у *ру́к'е* ШР, *Сшо́јк'е* В (вок.), *Смрдли́к'е* Ор, *со́рк'е* 'реси' Мург, *шъѣајк'е* Стр, *ша́шк'е* АгС, — *јаѣушк'и* ГК, *к'и́шка* МлН, *К'и́шка* Мил, Пч, *Ма́ла К'и́шка* Дов, *к'и́шени* Топ, *нак'и́шени* Ор, *кру́шк'и*, *коко́шк'и* ГК, *К'иро* Ор, *пошек'и́ја* Ор, *рак'и́ја* МлН, Пч, *сек'и́ра* Стрез, Бујк, мло́го *се сек'и́раше* Кум, *шик'и* Пч; — *бла́ѣ'и* Кум, Ром, *Аѣ'ино Село* Ром, *Дльѣ'и Ри́ш* МлН, испеко́ *ѣ'и* В, *о́ѣ'ин* В, Жив.

Во материјалите на Хаџи Васиљевиќ понекогаш мекото *к* е предадено со *ћ*, сп. *руће* (360), *сећира*, а Иљоски го бележи понекојпат со *кј*: *шикји* (чит. тик'и).

х

§ 72. Како во другите северни говори така и во кумановскиот согласката *х* како фонема не суштествува. Во некои случаи зависно од положбата во зборот и природата на околните гласови таа се загубила наполно без да остави некакви траги, и така е најчесто. Во говорот на некои претставители во одделни случаи може да се чуе еден сосем слаб, едвај чуен издишен елемент, и во мал број примери место неа стои некој друг глас, кој како што ќе видиме, во едни случаи се развил фонетски, а во други по аналогија.

[113]) Цитирано спрема Селишчева, Очерки, стр. 139.

Во почетокот на зборот и пред вокал и пред согласка *х* се загубило. На пример: *ајдýк* Кум, СтН, *áјка* ШР, *адéт* Стрез, *ан, ак, árно* Мал, ШР, *álba* Одр, *амбáр* Пч, Ром, *áпе* Мат, *ипар* ГК, Мил, *иљáдо* Стр, Ор, Ранк, *óца* Кум, *ич* От, *óќу* Ор, *óди* Коин, *ýљи* Пс, не *ýљи* на бóга, *унéр* Тал; — *лет, лáдно* Руѓ, Мург, *тéше* Мург, Обл, Стр, *тéсмо* Ст.

Во говорот на постарите, или поточно на најстарите, во оваа позиција спорадично може да се чуе, како што рековме, слаб аспириран елемент, но без фонемска вредност. Обично таков придив се јавува во туѓи зборови. Сп: *хáloba* бóја Мург, *хáloвo* па црвéно Пез, *хajдýци* Ник, съ^{a}с *хат* Ст, *хак, хárno*, лично и *хубáвo* Ст, *хájge* АгС, *хáръ^{a}н* човéк Мург, *хадéт, хáпе* Рад, *хýљи* Петр, *ханáма, хубáва* вечéра Руѓ, по *хуриéт* после Ст.

Ваков изговор познаваат во поголема или помала мера и другите околни говори и на нашата и на српската страна (Дij., 207), а Селишчев забележил и во некои полошки села (Полог, 323). Пред седумдесетина години за кратовскиот говор Каранов пишува: „Звукътъ х постоянно е като придихание, на пр. 'убав'"[114]), а после ги дава и примерите: сна'а, реко'. Денеска, меѓутоа, последниве примери и други слични се изговараат без аспирација.

Литературните ил туѓите зборови што почнуваат со *х* се предаваат, како и во другите наши говори што не знаат за *х*, со најблиската по артикулација меконепчена согласка *к*; на пр.: *крисјáни* Ром, *кристијáни* ГК, *Исýс Христóс* АгС, војвóда *Крúстo* Лоп, покрај *Ристо, рисјани, крáбар* Мал, сп. и: *антикрúс, бркoвúстu* Мург, *аркúва* Пч, *монáркија* Ник, Димитар *Влаков* Ор, *Стракúл* Коин (народно име е Страшко), или *Окрит*, кога се сака да се предаде литературниот изговор, инаку се вели *Орит*. Само во *колера* Ор, Мург, В редовно стои *к* м. *х*. Во овие примери, јасно е, имаме проста замена на еден глас што не суштествува во сведста на луѓето со друг сличен, а не некаков звукофизиолошки процес.

Во *јуриéт* АгС, Ром, Ор, Пч, Ник, покрај *уриéт* (хуриет), гласот *ј* се развил допрва откога се загубило *х*.

§ 73. Исто така *х* се загубило наполно и на апсолутниот крај на зборот; сп.: *бу* Пез, Мург 'буф', *В*ла Ник, Коњу, *бр* Мург, ГК, на *бр* топóлу Одр, *бра* Кум, *ѓра* В, Ник, Стр, *ѓлу* Ром, *ѓре* Руѓ, Мат, голéм *ѓре* Одр, свети *Ду* В, на свети *Ду* Ор, *ме* Ор, Ром, Мат, Кум, *мъ* Руѓ, Стр, Чел (стсл. мъхъ), *њи* В, Пч, за *њи* Ор, Мург, Чел, *сѓра* Оп, Др, *су* Ник, *су* пут Мург, *су* леп Град, *ѓи* Пс, и топ. *Пи* Можд, *ѓр* Длъб (првут, прша), *ѓи* Кум, дува *ѓи* вéтър СтН, — *кожý* Мург, Ром, Кум, Одр, Рад, село *Коњý*, *Орá* (село), *орá* — *ораси* Мал, Дов, *ѓердý* Мат, Коин, *реѓý* Ос, *сиромá* Др, Руѓ, Кум, *слу* ќе му забúеш Стр (слух); 1 л. аорист *дојдóх, ѓродадóх, сѓлетóх* Руѓ, *имáх*, итн.

---

[114]) Периодическо списание на Българското книжовно дружество, София, кн. V, 1883, стр. 122.

Крајниот вокал во приведениве случаи има сосем нормална должина, како и во секој друг случај во ваква позиција. Она што прави впечаток како да се изговараат самогласките со извесно удолжување е акцентот; акцентираните вокали обично се изговараат подолго од неакцентираните. Истово, сметам, важи и за некои други источни говори што знаат за губење на овој глас во споменатава позиција. Дека е ова така можат да не́ уверат оние форми во кои акцентот не паѓа врз последниот слог ,сп.: *сиромá*: *сúрома*, *кожý*: *кóжу*, *орá*: *óра*. Ова го истакнуваме затоа што често се мисли дека во источните и северните говори наши во случаите каде што се губи *х* на крајот самогласката пред него се удолжува.

Само во неколку случаи во оваа позиција за *х* има друг глас: *с* во *óрас* Мил, Бујк, покрај *óра*, *л* во *пе̄рдул* (забележено во истиве две села), и *b* во *суb* Мил, ГК, Бујк, *ѣлуb* ГК, *кóжуb* (мн. кожýси) Бујк, покрај *су*, *ѣлу*.

Веќе во првиов случај очигледно е дека е *с* внесено од множинската форма (*ораси*). Така би можело да се објасни и појавата на *b* во *суb* и *ѣлуb* (од *суba*, *субо*, одн. *ѣлуba*, *ѣлубо*, каде што имаме хијатско *b*), но не е исклучено тоа да се јавило под влијание на блатскиот говор. Во *кóжуb* така е сигурно. Аналогно образување е веројатно и *пе̄рдул* (сп. ќуфул). Последниов збор промена претрпел и во скопско-црногорските села, но таму се добил поинаков резултат (*пе̄рдо*, мн. *пе̄рда*, спрема *пе̄ро-а*).

§ 74. Во меѓувокална позиција $х > \varnothing$: *јáа* Пч, *јáаш* Ник, *кабáа̄т* В, *мáала* Мург, *мáана* ГК, има другу *маáну* Стр, *мáам* Пез, *маани́ца* што га *мáаb* Мург, *рáа̄т* Пч, *рáа̄т* да заспúју Стр, *сáа̄т* ГК, Кум, Коњу, *снáа* Руѓ, Др, Оп, *сабáале* ГК, В, и *сабā̄ле* Стр, *сáан* Пч; *ѣребā̄та* Пч, *ѣрéъ^{а}т* АгС, *дрéа* Кук, *дрéе* Гин, *меáна* Ранк, *рéа*, *сā̄трéа* Пч, Ор, Чел, *ѣраóр*, *ѣраóръ^{а}т* Мург, на *заóт* слѣнце Град, *сā̄тáоръ^{а}ц* и *сā̄тáворъ^{а}ц* Град, *наóѓа* маану Ник, *заóди* Пч; *дúа*, *дианúја* Кум, Можд, *Гра́ниште* (месност) Град, *доóди* Мург, *по̄проóдно* мéсто Дов, *Проодúште* Мил, *сóа*, мн. *сóје* Стр, *тūío* Ник; *ѣréobи*, *стрáobи* Чел; *прӯт* Кум; *ѣорýа* Ст, *дýодъ^{а}н* ГК, *дýobи* МлН, *мéур*, *меýри* ГК, *суóѣројзе* ШР, *уапáло* АгС, *бýа*, мн. *бýје* Ник, *мýа* В, Кум, Чет, Ос, *суáр* Пез, *рýо* Ст, тај девójка бúла *руáта* млóго *рýо* имáла Др, *јýа* Ст, Руѓ, *уо* Кум, Коин, Деил, *страује* Пч, В, *уапáла* ме óса Ром; во 3 л. мн. аор. -имперф.: *бéреа* Стр, *врнáа се* Оп, *дојдóа* Ром, *леѣнáа*, итн.

Наспоредно со овие примери се употребуваат и случаи со *b* (м. *х*) во истава позиција. Сп.: *бýba* В, *дýba* В, ГК, *јýba* Ром, *мýba* Бујк, *мýви* ГК, *óќуba* В, *рýбо* АгС, *Сýбо Бр̀до* Оп, *Сýви Дóл* Бељ, *ýбо* АгС, Бујк; *јáба*, *мáба* Бујк, *измáбај* пéтелот ГК; *снáба* Ст, Арб, *снáбӯту* Деил, *сóба* Др (соха), *чóба* Чет, *лéба* АгС, Ром, *мáќеба* Руѓ, Коњу, *стрéба* Стр, Чет, има деведесе и девет *ѣréба* АгС, *пр̄ба* пúлето Бујк (прха), или: *добáѓа* Ром, Ор, *набáѓа*, *пробáѓа* Кум, *забóѓа* Мат, Чет, покрај *доáѓа*, *наóѓа*, *ѣрáбор* Бујк.

Со поголема доследност *b* се јавува во 3 л. мн. на минатите определени времиња, на пр.: *бе́ba*, *bо́geba*, *ге́leba*, *ле̄́aba*; *gojgо́ba* Ром, *odbegо́ba*, *украдо́ba* (в. § 286, 295).

Случаите со *b* се употребуваат претежно во селата што непосредно граничат со скопската област и во северниот појас, главно во козјачките села. Вакви форми можат да се сретнат и во Прешевско. — Лабиоденталот *b* овде се јавил по загубата на *x* за да го пополни настанатиот хијат. Дека е таа нова појава зборува и фактот што примерите со *b* ги среќаваме најчесто во говорот на помладите, додека кај постарите се знатно поретки. Оваа појава доста е раширена во скопските говори, во некои категории зборови *b* се јавува и во велешкиот, како и во полошките говори.

Во *ā́зука*, мн. *ā́зуке* Кум, Стр, Ранк, Ник, Ром немаме фонетска измена на *х* > *к*, како што мисли Тодоров (op. cit. 170), туку *-ха* било истиснато од продуктивната наставка *-ка*, и тоа доста рано, сп. *ā́газоукъı* во српскиот препис на Шестодневот од Егзарха[115]). Во оваа форма (со *-ка*) споменатиов збор се употребува на пошироко пространство: на целата наша северна јазична област од Тетово па до границата со бугарската територија, вклучувајќи ги тука и скопските говори во Блатијата и Каршијака, овчеполскиот и кочанскиот. Освен тоа неа ја познаваат и јужноморавскиот (Белић, Дијалекти, 210) и некои западни бугарски дијалекти (Тодоров, ibid.)

§ 75. Интересна појава во врска со загубата на *х* имаме во позиција пред согласка. Во источните славишки села што се наоѓаат десно од Крива Река, како и во Осоговијата[116]), во таа позиција место *х* во говорот на постарата генерација уште може да се чуе зад удолженият вокал многу слабо издишно *х*, сп.: *бȳ^xна́* у њија Стр, *бо̄́^xча* Оп, *бȳ^xне* Оп, *бе̄́^xшо* Пс, *избе̄́^xше́ло* Одр, *изгӣ^xна́* Гин, *Ора̄^xче* Можд. — Веќе во говорот на помладите се губи наполно и оваа последна трага на *х*, но при тоа должината претходниот вокал и понатаму ја задржува; сп.: *гȳ́ни*, *гȳна́* Оп, Одр, *ā́ша* съ^а^с крила Стр(павта < пахта), *исъна́ло* Пс, Одр, *ȳ́рна́* Оп: *ȳ́рне* (прхне). Во некои случаи вокалот пред *х* се удолжил до толку што се добива впечаток како да имаме два исти вокали што припаѓаат на два различни слога. На пример: *бо́оча*, *бууна́*, *бу́уне*, *бе́ешо*, *гу́уне*, *гу́уни*, *меелé́м* Оп, Одр, *ме̄ле́м* Стр. Преку удолжувањето дошло до удвојување на вокалот и пред наставката во 1 и 2 л. мн. на минатото определено несвршено време, каде што потоа новодобиениот вокал станува морфолошки знак за разликување имперфектната форма од презентската кои имаат еднаков акцент (в. § 293). Така, од *и́махмо* преку *и́ма̄мо* сме добиле *и́маамо*, или од *и́махше* > *и́ма̄ше* > *и́мааше*.

---

[115]) П. Лавровъ, Обзоръ звуковыхъ и формальныхъ особеностей болгарского языка, Москва 1893, стр. 94.

[116]) MJ V 18.

На другата територија удолжувањето на вокалот е минимално, или пак такво удолжување воопшто нема. Сп.: *бе̄шта* Чет, *бе̄што* Кум, *дӯни* Жег, *по̄дӯни* Мал, да *изди́ну* Кук, поче́кај ма́ло да *уздъ̀немо* Чет, *исъна́ло* Кум, ќе га *ја̄ну* В, къ̀т *изма́не* Пч, да *исъ̀не* вода Ст, *ме́лем* В, да *ши́немо* Мал, немо́ј да *ӣрне* Лоп, *ши́не*, *ши́на* малко ветарот ГК, *че́ре* В; 1 и 2 л. мн. аорист: *бидна́мо* Ор, *затечо́мо* Чет, *отна́мо* Коин, *буна́ше* ли Ор; исп. и: *њи́ни*, *њи́ните* В, Пч, Мург, *муљо́сан* Стр, *ши́ја* Ос.

Само во неколку случаи на ова место за *x* наоѓаме слабо артикулирано *j*: *њи́ jно*, *њи́ jне* же́не АгС, *њи́ jни* зако́н Ром, ќе *ши́ jнеш* ли Мал, *ки́ jни* Длъб, *ши́ jша* покрај *ши́ xша* и *ши́ши́ jа* Ос. Промената на *x* (преку едно слабо палатално *x′*, блиско по артикулацијата до неинтензивното *j*) во *j* е општа појава во нашите источни говори во кои *x* се загубило или се најдува во процес на губење. Но бидејќи во нашиов говор приведениве примери со *j* < *x* се среќаваат и без *j*, и така е најчесто, се поставува прашањето: кои од нив треба да ги сметаме овде за основни. Секако оние што се почести, т. е. случаите без *j*. Меѓутоа, не се исклучува и можноста процесот *x* > *j* да се јавил и на овој терен. Не е редок случај од една гласовна појава при исти услови да се добијат два резултата слични меѓу себе. Гласот *j* овде е толку слаб што при неинтензивен изговор едвај и може да се забележи. Значи, по загубата на *x* за компензација останало само просто течење на воздушната струја која при поинтензивен изговор на зборот може да се доближи до слабо *x′* или *j*. Но од друга страна не е неверојатно случаите со *j* да се внесени однадвор — од појужните говори, каде што е оваа појава знатно пошироко распространета.

Во крајните западни села под влијание на скопскиот говор во неколку примери и во оваа позиција наоѓаме *b*: *јáвнал*, *размавша́ла*, *кре́вко* Бујк, *оӣлувна́ја* от пуќање Ром, *бувна́л* Пч, *дувна*, *ши́вши́ја*, *бе́вшто* аљи́ште, *шо́вши* (< похти) ГК, *обевше́ла* В.

§ 76. *Развитокот на групата xb-*. — Групата *xb-* во почетокот на зборот во нашите говори дала различни резултати — *b* и *ф*. И двава рефлекса Селишчев ги изведува од еден среден билабијален глас (меѓу *ф* и *b*) [F^w], кој после лесно можел да се развие и во фрикативно *ф*, или фрикацијата ја загубил и се добило *b*[117]. Тоа значи дека *b* во такви случаи е нов, секундарен глас, а не е запазено етимолошкото *b*, како што смета Младенов[118]).

Во кумановскиот говор, а така е и во другите северни говори, место оваа група ги наоѓаме обата гласа — *b* и *ф*, само другиов е знатно поограничен. Сп.: *ба̄ши* Ор, *ба́не*, *вана́*, *вана́л* Одр, *вана́ле* Оп, Ранк, *ба́не* се за гла́ву Ранк, *ваши́* ме ноќ Кум, *ваши́ше се* Пч,

[117]) Селищев, Очерки, стр. 122—125; Македонские кодики XVI—XVIII веков, стр. 215.

[118]) S. Mladenov, Geschichte der bulgarischen Sprache, s. 143.

Кук, ако те *ба̄шимо* Стр, ако га *ба́ну* Мург, *заба́шен* съ^{a}м В, *ба́неше* Гин, Ник, *ба̄ши́ја* Чет, *уба́ши се* пољак Мург, *ба́ќаb* НС, *наваќа́ле се* Мат, *ба́ќамо* Топ, *извакаше* Роп, Вак; к'е *брљу* Ор, Мург, *брљи́ле* Ст, Пч, *пребрљи* Пез, *брљала* Ранк, Стр, *брљај* Одр, се́ме ќе *се брљи* МлН; што *се ба́лиш* Бујк, *по̄вальи́ла се* на му́жа ву Др, *вали́ле се* Кум, Дов, да га *по̄ба́лимо* В, мло́го *се ба́љиb* Ор,

и: *фа́ни* га, *прифа́ни* Тал, *фа̄ши́ше* Одр, *фаќа́а се* војво́дете Ранк, *фа̄ши* Мал, *прифа́ќам*, *зафа́ќам* Кум, *уфа̄ши́ја* га Др, *фа̄ши́ва* га Кум, *фа̄ши́ше* Ос, *фа́ла* на бо́га Чел; *фрљи́* Хел, *фрљи* ако мо́жеш Деил, *фрљиb* Кум, *уфрљиb* вра МлН, *фрљаb* Кум, Обл, *фрљено*, *нафрља́ше* Чет.

§ 77. Како што се гледа, процесот на загубата на *х* во кумановскиот говор е завршен. Последна трага од него претставува редуцираниот призвук пред согласката во некои источни села.

За времето кога почнал да се врши овој процес во нашиов говор во отсуство на пишан материјал од постаро време тешко е да се установи нешто поодредено. Сигурни сме само дека во почетокот на XVIII век во североисточните говори на кра^{j}от на зборот *х* веќе не се изговарало, а за групата *хb-* сме имале *ф*. За тоа ни сведочат следниве написанија: придѡ (зде придѡ а҃зъ) < *придох* — во приписка од 1728 година[119]), и: ни, ѱатасмо (много ѿ ни, ѱатасмо) во една друга приписка од 1751 година[120]). Во една приписка од втората половина на 17 век (1672) во 3 лице мн. во аористот *х* уште се пази, сп. дадоха кандило срѣбрьно[121]). По тоа што во оваа приписка е употребена и аор. форма на *-ше* (приидоше), денеска карактеристична само за кумановскиот говор, можеме да судиме дека авторот нејзин бил од кумановскиот кра^{j}, каде што се мешале уште тогаш аористните форми на *-ха* и *-ше*.

Измена на соѓласките во соѓласнички ѓрупи

§ 78. *Состав од звучна и безвучна соѓласка во непосреден допир.* — Едначењето на согласките по звучност се врши на познат начин; сп.: *бра̄ши*, *сбáдба*, *бéкско* Ром, — *белиѓéнче* Пез, пак и *пандибéк* Стр (пантивек); пред африкатите: *брéкче* Ор, *брéкчики* АгС, *нóкче* (нога) Мал. По исто правило тие се едначат и во допир меѓу два збора кога меѓу нив нема пауза: *ус-ӣу́т* Ор, како на *лéт-се-дипá* Мал (лед).

Групата *сb* обично се пази неизменета: *сбáдба* Ор, Стр, *сбéка* Кум, Ор, *сбéкрва* Мил, итн. Само спорадично, и тоа повеќе како индивидуална црта, може да се чуе *b* со нешто малку појачана фрикација (*Φb*), на пр.: *сΦбáка* Коњу, *сΦведóк* Чел, *сΦбáри* Ник.

[119]) Й. Ивановъ, Български старини изъ Македония^{2}, стр. 166.
[120]) Й. Ивановъ, ib., стр. 168.
[121]) Й. Ивановъ, ib., стр. 165, бр. 30.

§ 79. *Состав на две еднакви согласки.* — Две еднакви согласки во непосреден допир во една акцентска единица или се стегаат во еден долг глас, или пак едната од нив испаѓа. Удолжување најчесто среќаваме кај денталите, сп.: *оделија* се Мург, *одек* бса Можд, *одек* **сâ** Жег, Мал, *отуја* враќамо се Ром, *отуј* до туј Оп, *о-дом* Коин, *о-дъньс* (од дънъс), *о-десно* Кум, дежуран је *о-дебеш* саат Кум;

сп. и: *съ-сламу* Дов, *съ-сбојуту* чету Мург, *съ-сељани* Кум, — *и-земњу* излезе Коин, — *кр-село* Чел (крс село), *кр-сламу* Деил, — *у-село* Жег (уз село), и така најчесто на составот од предлог и именка. Но од друга страна имаме: *исели́ја се* Ром, сви се *расели́ше* Ник, *расечи* гу ди́њуту АгС, *расъ^{a}ни́ло* Мург, све *се разелени́ло* СтН, да *се ижљеба* Стр, *ижљеба́* Ранк, или *шестоштине* (шес стотине), и сл.

Состави на согласки различни по артикулацијата

§ 80. Упростувањето на согласничките групи се врши на два начина: или една од согласките во групата ја изменува својата артикулација и ја прилагодува кон артикулацијата на другата согласка за да се постигне полесен изговор на согласничката група, или пак некоја од нив наполно се редуцира (губи).

Најчести измени од првиов вид стануваат во групи со назални гласови.

bн > *мн.* — Така, на пример, групата *bн* во определен број случаи се изменува во *мн*, појава позната и во многу други наши дијалекти. Сп.: *одамна* Ром, Чет, Коњу, *одамна* вре́ме Стр, *одъмна* Др, или: *одамњашно* СтН, *одамњашна* Ром, *дамњашъ^{a}н* Ор, — *рамни́ца* Чет, *израмни́* Ор, Руѓ, *рамно* Куп, АгС, *рамна* је њива Чет, спрема нив и *рамъ^{a}н* Мал, село *Рамне* и прид. *рамънски*, *рамънска* чкоља, *рамънска* кори́ја Мал, Арб, после и *рамњи́ште* Ник, — *йомно* Чел, АгС, — *зламница* Длъб (перница), — *ламна*, *ламни́ца* Мил, Бујк; *ламња* АгС, Коњу, *ламњуту* АгС, *ламњи́ца* Чет, Коњу — се понови преобразувања; потоа образувањата од коренот *сбьн-* > *смн-*: *съ^{a}мна́ло* Отља, *съ^{a}мна́* Чел, Кум, *осъмне* Ник, Мург (сп. во велешкиот говор *осамна*), а во народната песна имаме и *димна* гора; *ле́мња* се среќава поретко (забележив во ГК и Руѓ), пообична е формата со *b*: *ле́бна* Мург, Ник, Коњу, *ле́бње* Мург, топ. *Ле́бње* Буков.

Во соседство со назалниот лабијал *м* во назален глас преоѓаат во некои случаи и согласките *љ* и *ј* (*мљ*, *мј* > *мњ*). Само овде имаме прогресивна назална асимилација, додека во погорниве случаи имавме регресивна. Сп.: *зе́мња* (< *земља*) Мал, Кум, Коњу, Ранк[122]) (така е и во Скопска Црногорија и во полошките говори),

[122]) Сп. земнѧ во една приписка (на поп Никола) од крајот на XIII или почетокот на XIV век (Й. Ивановъ, Български старини, 103).

земњáни сýдови Стр, *земњúца* АгС, и понатаму *земњотрéс* Чел, *земњúк* Чет, Ром (: *земљáк* От, В), *римњáни* Ник, покрај *римљáни* Жег и *римјáни* Стр, — *Дамњáн* (< *Дамјан*, *Damianus*) Чет, Ром, Дов, *Дамњáница* Чет, и топ. *Дамњáница*, *лáмња* Стр, *сламњáча* Чел, *тамњáн* Ник, Стр, Коин, *тъ^{a}мњáн* В, Пч, Мат, *тамњанýта* Стр (грозје).

Од друга страна пак групата *бн*, која во повеќето наши говори се изменила во *мн*[123]), во овој говор, како и на другата северна дијалектна област, се пази неизменета: *дéбне* Ос, *издебнá* га Мал, покрај *дéбам*, *дéбај* га Стр, *издебá* От, — *сéбне* Жег, *назéбне* Стр: *сéбеb* ми рýке Руѓ.

§ 81. Во овој говор, како и во соседниот јужноморавски дијалект и воопшто во поархаичните српски говори[124]), денталите *с* и *з* се изменуваат во *ш*, *ж* пред палаталните *љ*, *њ*. На пример:

сљ > *шљ*: *брешљýте* АгС, *дрешљúва* слúва Чет, *дрешљúвка* Ник, (дрсливка), *завúшљиви* Стр, *јешљúв*, *јешљúво* (јеслив) Стр, *злоéшљиво* Стр, *жалошљúва* жéна Ос, Ог (жалосљива), *мришљúв* Кум, донéја је *мришљúвку* дúњу АгС, *мришљúв* Стр, *прошљáк* Кум, Стр, *прошљáкъ^{a}т* Ранк, *прошљакúња* Стр, *рошљúва* трáва Стр, Ранк; *съ^{a}ш — љýди* Дим, *съ^{a}ш — љýлкуту*.

сњ > *шњ*: *напришњак* Стр, *прешњáк* Стр (пресњак= преснек), *прúчешња* Ор, Ром, да зéмемо блáгу *прúчешњу* АгС, едЂн *рушњáк* Др (русњак), *съ^{a}ш-њум* чука СтН, *съ^{a}ш-њим* СтН, *съ^{a}ш — њúја* Дим, *ш — њéга* Стр, *съ^{a}ш — њýма*, она мисли *ш — њу* збóри Стр.

зљ > *жљ*, *зњ* > *жњ*: *гужњáк*, *гýжње* црéво Стр, *мржљúв* (мрзлив), *прикáжња* Мат, Руѓ, Ранк, *прикáжњуту* што ти казá Ранк, да ти кáжу једну *прикáжњу* Дов, *скáжња* ГК; они *ижљупúле* мумурýс Ранк, *ижљупúле се* Стр, *ражљапабúло се* дéтето, *ражљупúле*, *ражљупúле* компúри Ранк; *беж-љýди* Стр, *беж-њéга* ќе да жúву Стр, не мóж *беж-њéга* Мал, кудé úдеш *беж-Љýбета* Деил, останá дéте *беж-љýљку*, и *беж-њúву* останá, легнáл *брж-њéга* Стр, *иж-његóву* куќу, *иж-љýљку* испаднá, *крж-љýди* заминáле, *ниж-њúву*, продjé *уж-њýма*, *уж-њúву* Стр, Ранк. — Но не се необични ни ретки и форми со неасимилирани *с*, *з*, особено во оние случаи каде што имаме состави со предлог, сп.: *облизнúла се* Стр, *с-љýди* Кум, Ранк, *съ^{a}с-љýди* се живéе СтН, *из-његóво* лóјзе Кук, *съ^{a}с-његóвога* тáтка Ром итн.

Забелешка. — Промената на групите *с*, *з* + *љ*, *њ* во *ш*, *ж* со поголема доследност се јавува во говорот на постарото поколение.

§ 82. Исто така овие два гласа (*с*, *з*) се менуваат и пред африкатот *ч* (каде што се содржи *ш*), само тука обата во *ш*: *брéшчики* АгС, *брéшче* Мал, *грóшче* Пез (гроз-д), *клáшчето* АгС, Ром,

[123]) К. Тошев, Промената на консонантските групи *бн* и *bн* во *мн*, МЈ, I, стр. 59—61.

[124]) Белић, Дијалекти, стр. 219.

кришчики Кум, *ли́шче* Мал, АгС, Ник, *ли́шчики* Мал, *мо́шче* Ддр, Ник, Одр, Ор, *мумуру́шче* Ром, *ма́шче* Др (од *мас*), *мъшче*, *мъшчето* Ор (мъс-ка), *пра́шче* Мал (прасе), *пла́шчиња* Кан (плас-т), *пра́шчики* Лоп, *пра́шчиња* Мал, *пojа́шче* Мат, Град, *рашчепу́ља* Стр, *та́шче* Ром, *та́шчики* Ст (тас) и др. Не се непознати и примери со *сч*, но се доста ретки, сп.: *кла́сче* Град, *кла́счето* АгС, *фе́сче* Кум, Ор. — Веќе кај глаголите во префиксите (*из-*, *раз-* > *ис-*, *рас-*) ваква промена се јавува многу поретко; сп.: *исчи́сти* Кум, *исчуbа́ja* Ром, *исча́дено* Кум, *расче́пи* гу, *расче́шај* Кум, *исче́шљам* АгС, и др. и поретко со *ш*: *ишче́шља* Коин, *ишче́ши* ко́ња Гер, *ишчеречи́ле* ШР, не мога́ да *се ишче́пи* Стр, или: *исшче́ка*, *исшчу́ка* Ром.

Ваков резултат (*шч*) има и за некогашната група *хч*, која во централните и западните говори се изменила во *bч (фч)*. На пример: *ба́шча* Кум, *ба́шчу* В, Ор, ГК, *бо́шча* Коњу, покрај *бо^{x}ча* и *бо́оча*, *бошчалък* Деил, *бошчалъци* Кум, *bршче* Ор, *кожу́шче* Ром, Чет, *гра́шче* Кум, *ора́шче* Руѓ, *сна́шче* Ст и *сна̄шче* Кук (должината на *а* во последниов пример добиена е спрема *снаа*).

Групите *шч* и *сц*, кои во некои централни и западни говори се измениле во *bч* ,*bц* (преку *хч*, *хц*[125]) во овој говор, како и во другите североисточни дијалекти, се пазат неизменети; сп.: *биљу́шче* Ст, *bъшче* Кум, Ст, Мал, *кру́шчики* Жег, Мург, *ко́шче* (кош), *но́шче*, *но́шчики* Стр, АгС, *о́пашче* Ром, *пу́шче* (пушка); *Вла́сци* Стр, *ме́сце* Мал, Руѓ, *пра́сци* Ст, Мал, Пч, *исце́паш* Ром, *исцепи́ја* Мат, Ник, *расце́пено*, *расце́пени* ка́мен Жег, *исце́ду*, *расъ́фти* Кум.

§ 83. *Забна согласка + пространа.* — Денталите *т* и *д* со прострујните *с*, *з*, *ш*, како и во другите говори, се асимилираат во африкат, и тоа: *т*, *д* + *с* > *ц*; *т*, *д* + *ш* > *ч*; *т*, *д* + *з* > *s*. Сп.: *оцеко́* Ст, *опре́де* Ром, *оце́кал* га све Гер, во придавските образувања со наставките *-тски* и *-дски*: *арна́уцки*, по *бла́цки* АгС, *лопа́цки* Ром, *гра́цки* Мург, *Либа́цки Ка́мен* Ос, се́ди *љу́цки* АгС, зе́мња *ри́цка* В, *о́рицки* Кум. Но наспоредно со овие се среќаваат и форми со слабо *т*, *д* во споменатава позиција; на пр.: *о^{т}цеко́* Мал, Жег, да га *о^{т}це́чу* Ром, *о^{т}цеја́ла* това́р бра́шно Ор, *о^{т}це́фте* ГК, *о^{т}цпре́т* Длъб, а во брзиот говор и: *ни^{т}-це* те́ра *ни^{т}-це* во́ди (нит-се), *ни^{т}-це* о́ди *ни^{т}-це* се́ди Бујк. Последниве случаи укажуваат и на една ваква можност при упростувањето на вопросниве групи: првин да се изменило *с* во *ц*, па после *т* да отпаднало (т. е. *одсефте* > *отсефте* > *отцефте* > *о^{т}цефте* > *оцефте*). Оваа претпоставка ја прима Тодоров за западните бугарски дијалекти (СбНУ 41, стр. 206). Сп. *пе́чеш* Др, Кум, *печести́на* Кум, Стр, СтН, — *оса́т* Ор, От, Мал, и *о^{д}са́т* Ром, *по^{д}са́ди* Ник, *о^{д}со́би се* В.

§ 84. *Забните т, д+њ.* — Групите *тњ* и *дњ* > *т'њ*, *д'њ*. Така покрај: *пре́дњиште* Мург, *пре́дњи* В, *средњи́ште* Мург, *Сре́дњи Ри́т* Стр, *сре́дњото* дрвце Ор, *после́дњото* Пч, *са́дњо* В, или:

[125]) А. Селищев, Македонские кодики XVI—XVIII веков, стр. 217.

бъ̑дњи ве́чер, *ӣрудњáк* Ник, *шóшњи* и др., ќе чуеме: *ӣруд'њáк*, *ӣрýд'-њиъ^{а}ш* дел Стр, *кýш'њи* зýби Мал, *кýш'њи* зуб^{п} Арб, попадна́ше сви *кýш'њи* зýби Петр, *кýш'њáци* Чет, *послéд'њи* (: послéгън) Стр, *прéд'њи* Мъг, *срéд'њи* рит Пч, *Срéд'њо Рúшче* Мал. Согласките *ш* и *д* во последниве примери се слушаат како средни гласови меѓу *ш*, *д* и *ќ*, *ѓ*. — Интересно е дека штом ќе се разделат овие групи, на пример кај придавките во формата за машки род кога се образува таа со наставката *-ън* (*-ан*), место *д* стои обично *ѓ*, или глас многу сличен до *ѓ*, сп. *срéѓъ^{а}н* Пч, *срéѓъ^{а}н дъ̑н* Кум, *срéѓъ^{а}нъ^{а}ш* рекнája Кук, *Срéѓъ^{а}н Чукáр* Чет (топоним), *сáѓъ^{а}н* ШР, *послéѓъ^{а}н* Ст, *напрéѓъ^{а}н* Град, — а место *ш* — *ќ* или некој негов варијант: *ќýќь^{а}н* зуп Мург.

Овој вид регресивна (палатална) асимилација, која во некои српски дијалекти се јавува со поголема доследност (ЈФ XVII 116 и натаму), ја познава и соседниот кривопаланечки говор (сп. *кýш'њи*: *кýќен зýш*, с. Трново).

§ 85. *ш*+*с*, *ш*. — Во оваа група појави спаѓа и измената на согласничките групи *ш*с, *ш*ч во *ш*ц, *ш*ч, макар што имаме тука нешто посложен процес: *ш*с, *ш*ч — *ш*^{т}*с*, *ш*^{т}*с* > *ш*ц, *ш*ч. Сп.: *шцýје* Коњу, *шцýјеь* га Ст, *шцóвисан* Коњу, *шцојсáло* Ст, *шцојсáн* Стр, *шцојсýје* Руѓ, нека *шцóјше* Ор, Руѓ, овија *шцета* ХВ 339, *Пцáча* (с. Псача) Одр, Ранк, у *шцáчку* цркву Длъб, *шцачáни* Гин, Одр, *шцáли* у цркву Одр, *стúпца* Стр, *отцечéње* Петр, *тешцúја* Стр, Ром, Дов, узни *тешцúју* Кум; — *шченúца* В, Пч, Кум, Ник, *шченúчно* брáшно Пч.

§ 86. Разносложна асимилација има во: *штршељ* Стр, Мат, све *се шýши* АгС, *Шýшпица* ГК, *марастúр* Др, покрај *суши*, *Сушица*, *стршељ* (стрьшьль) (регресивна), — *бáбрика* Чет, *фáфрика* Стр, *фáфрични* клинци Одр, покрај *фáбрика*, *прéперица* Стр, Ос (препелица), *мрамúњак* Стр, *мрабúњци* Кум, *мъ̑ль̑њáво* Кум: *мъ̑линьáво* (прогресивна).

§ 87. *Други измени на согласките*. — За групите *чр-* и *чвр-* во почетокот на зборот и овде имаме доследна замена *цр*, *цвр*: *црн*, *црьъ^{а}ц* Руѓ, *црвéн*, *цврстo* Кум, *цврс* како дрен.

Во неколку случаи носниот лабијал *м* во соседство со денталите *т*, *з* и пред *ш* преоѓа во *н*, и тоа редовно во: *óтне* Ром (<*отме*), да ги *óтне* АгС, Арб, *отнáл* В, *се óтна* ГК, — *пáнти* Кум, Ор, Одр, не може да *пáнти* Ром, кој ти *пáнти* Чел, от *пантивéк* Кук (: пáмну Кум), — *ýзне* Чет, кóња ќе ти *ýзне* Др, ако *ýзне* Ром, *ýзни*, *ýзнете* Дов, ако га *ýзне* Деил, *конúја* Ор, Мург, Кум, у *конúи* ГК, *конúје* Мат, Мил, Кук, и после *коњúје* Отља.

Промената на *м* во *н* во приведениве примери е општа појава во североисточните говори и датира од поодамна време. Во кумановскиот говор таа е забележена уште во 1690 година во еден

запис во црквата св. Ѓорѓија во Младо Нагоричино, сп. Да се знае кад поотнаше Немци[126]).

Сп. и: *ѣ́сна* Ст, Ор, покрај *ѣ́сма* Ром, Пч. Покрај *памѣивек* забележив и *панѣивек* Ранк, *пáндивек* Стр (< пантивек).

Селото *Жéѣьане* Жег, Ром, Коин, се среќава и во формата *Жéѣњане* СтН, Мал.

Групата *сѣ* најчесто се пази неизменета: *сѣап*, *óсѣъ^{a}р* и др., па дури и *сѣрекнá се* Коњу, на *сѣрéк* спи́је Ор (сп. стрѣгъ), покрај *шѣрек* ГК. Но од друга страна имаме *Триѣени́к* Ор (месност): *Трсѣени́к*. Исто така *с* се пази во *љýспа* Срб (: *лушпа* во централните говори); покрај *шмрка* В се среќава и *смрка* Каң (смрькати), сп. и *смркуљáво* место Дов, Коњу, а покрај *шкрáпља* Чел, Отља и, *скрáпља* Стр.

Консонантската група *зї* > *жї* во: *жїлобáн* Ор (*зїлоб* > *жїлоб*+*ан*; сп. *жїлоб*, или само *жлоб* во некои српски дијалекти[127])), *жљан* 'глужд' (можеби се добило со мешање од *жлоб*+*жїлоб* и *чљан*), *жїýра* ШР, Чет (< *сїура*, *сїурија*, грч. *skoría* > *зїура*). Понатаму групата *жї* можела да премине во *џї*, та покрај споменативе примери се употребуваат и формите: *џїýра* Дов, Чет, Коњу, *џолбáн* Мург (со метатеза), или *џљан* Ст (со исто значење како *жїлобан*, одн. *џїлобан*), како што се употребуваат наспоредно и формите *жвáка* Коњу, *жвáкаш* Стр и *џвáка* Ор. Наспоредно со *жїлобáн* и *џїлобáн* се среќаваат и *жолбáн* Пч, *џолбáн* В, Пч (со загубено *ї*).

Само во еден пример забележив *ќ* место *ч* — во зборот *ѣеќýрка* Стр, Ранк, Ник, Др, СтН, Кум. Во оваа форма тој се среќава и во некои бугарски преодни говори (СбНУ 40, стр. 169), во кои К. Мирчев го објаснува како хипердијалектизам (Годишник СУ 45, стр. 10), што ми се чини малу веројатно.

§ 88. *Измена на соѓласките по аналоѓија, народна еѣимолоѓија и со мешање на зборовите.* — Аналогијата во промената на гласовите во северните говори игра прилично видна улога. Така, на пример, спрема мн. ф. *ѓлýсци* образувано е *ѓлýсъ^{a}ц* Ник (*с* — *ш*), спрема формите за женски и среден род *реѣка*, *реѣко* преобразувана е и формата за машки род *рéѣъ^{a}к* В, Пез, Чел; така и: *слáѣъ^{a}к* Ранк, Тал, Мат, *ѣéшъ^{a}к* В, Мург, Отља, *ѣпéшъ^{a}к* живóт Арб (*ш* — *ж*), *нúсъ^{a}к* Длъб, От, Одр, *ѣóнисъ^{a}к* Коњу, *снúсъ^{a}к* Пез; или: *брáѣъ^{a}ц* Арб, СтН, Руѓ (: *брашци*). По овој начин е добиено *ж* во *бежýнъ^{a}ц*, мн. *бежýнци* Ром (: гл. бежи), *ѣ* место *д* во *оѣóше* Мал (: *оѣúшле*, *оѣúшија*). За појавата на аналошки *љ*, *њ*, *ј* и др. гласови споменувавме во претходните параграфи.

Сп. уште: *Настрáѣин* Руѓ, *Настрацúн óџа*, *Стрáцин óџа* Оп, *ѣропаѓáнѣа* Ор, АгС 'пропаганда', *арлоѣпáни*, *боѓáч* (*богáч*+*бóѓа*), *ѓајдарџúја* (*ѓајдáр*+*ѓајдаџија*), итн.

---

[126]) Хаџи Васиљевиќ, Јужна Стара Србија I, стр. 479—480.
[127]) Ivekoviċ — Broz, Rječnik hrvatskoga jezika, II, стр. 868.

Согласките во група со *j*

§ 89. *Остатоци од старото јотување.* — За старите групи **sk*, **zg*+*j* и за групите **stj*, **zdj* доследно на целата територија има *шт*, *жд*: *гу́штер*, *кле́ште*; *мождúвњак*, *мождањúк* Руѓ, *мождењúк* Стр. Само во крајните источни села што непосредно граничат со кратовскиот говор забележив неколку случаи со *шч* (во наставката *-ишта*), сп.: *ку́пишча* Кет, *те́лишча*, *со́лишча* Топ, покрај пообичните *ку́пишта*, *те́лишта*, *со́лишта*. Примерите со *шч*, до колку не се индивидуална црта, можеле да бидат внесени од кратовскиот говор (в. MJ V 18).

Во извесен број изведени глаголи со наставката *-ја* (*-jaba*) место *шт* има *шќ*, на пр.: *измешќáва* Кук, *намéшќамо* Ром, *опрошќáва* Пч, *прошќáва* ГК, он *се упропашќáва* В. Меѓутоа, овде не се работи за гласовен процес; *ќ* се јавило по аналогија спрема образувањата од типот *враќа* кој има како опозиција форма со *т* (*врати*). Преобразувањето на споменативе глаголи отишло дури и подалеку: спрема неизведените форми во итеративната се јавило наместо *ш* — *с*, сп.: *просќáва*, *опросќáва* Град, *просќéвамо* Кум (в. § 266). Така, спрема *врáти*: *враќа* се јавила опозиција *прости* : *просќáва* (< *проштаba*).

Во пасивната придавка се пази само стариот назален палатал (*њ*), но ни тој не доследно во сите случаи; покрај *врáњено* Арб, *врáњени* МлН, *забрáњено* Ос, Др, *жéњен* Ст, МлН, Ник, *збýњени* Арб, *кáњен* СтН, *непроméњено* Мал, *проméњен* Арб, Жег, *нарáњен* Ранк, *посúњен* Кум, *посúњено* МлН, *рáњен*, *цéњен* Чел, *цéњено* МлН, *уклóњене* Ром, *урáњена* МлН, и др. (в. § 301), се употребуваат и форми со тврдо *н*, сп.: *некáнени* гóсти Чет, *заплéнен* Ник, *забрáнено* Др, *проménени* Ор, СтН, *напýнен* Мат, *посúнено* Ром, *рáнен* Ник. Во појужните села последниве образувања се и многу почести, а во говорот на помладите може да се рече и превладуваат. Во козјачките села пак, како и во кривопаланечкиот, скопско-црногорскиот и јужноморавските говори, формите со мекиот назал се пообични.

Остатоци од старото јотување на групата *gj* во оваа категорија се запазиле во: *рóѓак* Кум, *рóѓен* Арб, Коин, она му бúла мáјка *рóѓена* Мал, *одрéѓено* Жег, имáло је школо *одрéѓено* Жег, *усáѓено* Коин, покрај *рóден*, *одрéдено* (последниве се пообични); сп. и: *суѓенúца* Кум, Арб, Ст, спорадично *суѓење* Град, а обично *осýден*, како *накúтен*, *некрстено* итн.

§ 90. Во овој говор наоѓаме повеќе примери со т. н. епентетско *љ* отколку во другите наши дијалекти. Редовно тоа се јавува во група со *b* кај глаголите изведени со наставката *-ја* (*-jaba*), како и во говорот на Скопска Црногорија. Сп.: *забрáвља* Чет, Руѓ, Кум, *забáвља се* Мат, *испрáвља* Пез, *јáвља* Коин, *остáвља* Мург, или *остáља* Отља, *постáвља* и *постáља* Ор, *распрáља* Ор, Пч, *распрáвља* Пч, *престáвља се* Мал, *стáвља* Ор, *упрáвља* Мург, Пез,

и сл. (в. § 265); потоа во *ѓрмљáва* Стр, Мург, *конóпље* Мург, Кум, Чел, Пч, Мат, Стр, *конóпле* Ром, В, Бујк (стсл. конопла, р. конопла, сл. konoplja, схр. конопље) и изведениите *конопљáр* Ром, *конопљáрке* Чет, Ранк, Стр, *конопљáрка* Ранк, *конопљáрче* (врапче) Мург, *конопљúшше* Ром, месност *Конопљúшше* Чет, *косовљáни* Ник, Мал, *дрóпља* Стр (птица), *сáбља* Др, Стр, Чет, *сáбље* Ор, Стр, *сáбљушу* СтН, одн. *сáбл'а* Ром, АгС; сп. и топ. *Србљáчка Стрáна* Чел. — Доследно *љ* (*л'*) во оваа позиција се јавува и во зборот *шкрáпља* Чел, Ник, Отља, *скрáпља* Стр, МлН, 'scorpion' (стсл. *скрапиа*, во западните говори *шкрапија*, *чкрапја*, во скопските и некои полошки говори *шкрапила*).

Во редот на овие примери би дошле и имињата на селата *Буковљане* (< bukov+jan-e) и *Дúвље* Кум, Ник, Мург, Ор, Пч, одн. *Дúвле* В, ГК, Суш, Мил[128]) и изведените од нив зборови (*буковљáнски*, *буковљáнъ^{a}ц*, *дивљáни* Пч, Лазо *Дивљáнъ^{a}ц* Кум, *дивљáнски* Ор). Сп. и *зéмња* < *земља*: *земљáк* От, *римњáни* покрај *римљáни* и *римјáни* (в. § 80).

Зборот *сáбља* во оваа форма (со *л*) се употребува на пошироко пространство: на целата северна дијалектна област, сп. *сабл'а* во тетовскиот (Селищев, Полог, 333), кратовскиот, кривопаланечкиот, говор, а од источните констатиран е во кочанскиот, пијанечките, малешевските на исток до Разлошко (МП VI, 3, стр. 108). — Ареата на *ѓрмљава* и *конопље* е знатно помала: тие се констатирани уште во Скопска Црна Гора, северниот дел на Овчеполието и спорадично се јавуваат во кратовскиот и кривопаланечкиот говор.

§ 91. *Нобо јотување.* — Тешко е да се каже нешто поопределено дали и овде групата *-gj-* (< *-jg-*) кај сложените глаголи со 'ити' останала неизменета, како што е случајот во другите наши говори. Формите со *-jg-* денеска се почести на целава разгледувана област, но исто така не се необични и образувањата со *-ѓ-*. Така, покрај *дójде* Ор, Ник, Арб, Ранк, *дојдó* Ор, *дојдóше* Мил, *зájде* Кум, Ром, Стр, *нájде*, *пójде*, *прójде* Ор, Мург, АгС, Др, Мат, *најдóмо* Отља, *пројдóмо* Мург, ги среќаваме и: да *дóѓеш* Ст, *нáѓу* АгС, не мож' да га *нáѓу* Чет, да *се нáѓеb* Др, *наѓó* Мал, *пóѓете* Пч. — Ваков паралелизам во употребата на споменативе форми наоѓаме и во говорот на Скопска Црногорија (MJ V 153), додека во кривопаланечкиот последниве образувања се јавуваат само спорадично.

За групите *-шњ-*, *-дњ-* и *-њј-* и овде имаме *ќ*, *ѓ*, *њ*. На пример: *бráка* Ор, ГК, Коњу, *шúке* Кум, Ник (почесто се употребува со ова значење *пијалък*), *съ^{a}с* тој пусто *шúке* Ром, *прýке* Мург, *прýка* Мил, *прóлеќе* Бујк, *распýке* Мат, и топ. *Распýке* Бујк, *съке* Мат, Коњу (: *съш*, *съшоbи*), *шрéки* Кум, Ром, Рад, *шрéки* пут Пч, *шрек* Кум, Чет, *шрéкоїа ќе прáшамо* Стр, *шрéкаша рéкла* Кум, *шрекúна* В, *цвéке* Ст, *цвéка* Ор, Мург, според оваа после е образувана и формата *цвéкка* Ст, Мург;

[128]) Сп. П. Скок, Из топономастике Јужне Србије, ГлСНД, XV—XVI, 119.

ѓа́вол Кум, Пч, Жег, *ѣрема́ѓе* Ник, Топ. *Ѣрема́ѓе* Ст, *зѣоѓе*, *незѣоѓе* Ром, а после *незѣоѓа* АгС, *леѓа* Стр, Кум, *леѓе* Деил (<*lędvьja[129]) >* *ледьја*), *л'уѓе* ГК, *л'уѓа* Бујк, *Љуба́ѓе* Арб, *оѣра́ѓе* Коњу, *оѣра́ѓи* ГК;

ка́мење В, *ка́мења* АгС, *ѣрстења* Ддр, *ре́мења* Коњу, *ѣрње* Ддр, В, *ѣрња* Бујк, глаг. им. *једе́ње*, *кла́ње*, итн. Наставката *-ње* како продуктивен формант почнала да се шири и на други именки, сп. *ѣа́диње* В, АгС, *ѣла́ниње* ГК, *Јазби́ње* Жег.

Во овој говор, како во скопско-црногорскиот, јотувањето се извршило и во групата *-љ-*, сп. *би́ље* В, Мил, *весе́ље* Мал, *зе́ље* Мал, Пч, Чел, Жег, Стр, *ко́ље* Мург, Ром, Пч, *се́деље* Бујк, исп. и *еванѣе́ље* Кум, покрај *еванѣе́лије*, *ванѣе́лија*, — одн. *зеле* АгС, ГК и воопшто во селата каде што почнало затврдувањето на старото меко *л*. Групата *л* + *ј* овде е тешка за изговор и во сите случаи каде што имаме во централните говори *л*+*ј*, во кумановскиот наоѓаме *љ*, одн. *л'*, сп.: *Вељан*, *иљадо*, *ѣољак*, *сељак*, т. е. *ѣол'ак*, *сел'ак*, и др. (в. § 55).

За групита *с*, *з*+*ј* познато е дека во нашиот јазик, на целата негова територија, останале неизменети. Овде заслужува внимание групата *-зј-* поради една друга појава: како и во другите северни говори и соседните српски дијалекти така и овде по гласовен пат таа се изменила во *-јз-*[130]); на пр.: *ѣро́јзе* Кум, Ор, Ром, Ранк, Одр, *ѣројза́ри* В, *ѣројзе́нце* АгС, *ѣројзи́бер* Кум, *ло́јзе* АгС, Мат, Кум, Топ, имиња на месности: *Ло́јзе* Деил, *Шанѣа́реви Ло́јза* Арб, *Сѣа́ри Ло́јза* Ром, *Ло́јзишѣе* НС, *Ко́јзак* Жег, Мал, Арб, Стр, *ко́јзи* Мал, *ко́јзо мле́ко* Жег, Др, *ко́јза ѣуѣи́нка* Ранк, *Ко́јзи Дол* Арб, Мъг.

Сп. и: *ли́сје* Ром, Кум, *раскрсје* Ром, *Бре́сје* Ос и *Бре́зје* Арб. Збирната множина се образувала во овие случаи од поновата основа (без *-ѣ*): *лисѣ* > *лис*+*је*. Во *ѣројзе* по загубата на крајното *д* групата *зј* > *јз*.

Последниве примери укажуваат дека упростувањето на крајните групи *-сѣ* и *-зд* се извршило порано пред да се изврши поместувањето на границата на слогот. Во спротивно би се извршило јотување, зашто *ѣ* и *д* со *ј*, како што видовме, се асимилирале. Се разбира, и метатезата на групата *-зј-* можела да се изврши допрва откога се упростила согласничката група *-зд-*.

Групите од *усна согласка* и *ј* и на овој дел од нашата територија останале неизменети, сп.: *ѣро́бје* АгС, В, Арб, *жа́бја* но́га Ник, *ри́бја* чо́рба Кум (почесто ќе се рече: *од риби*), *здра́вје* Буков, Чет, Мал, *зѣла́вје* Ор, под *зѣла́вје* Ром, АгС, *кра́вјо* мле́ко Чел, *цре́вје* Чет, Коњу, *Ско́ѣје* Ром, *сно́ѣје* Мал, Др, Ранк, итн.

---

[129]) Berneker, SEW, 705.

[130]) Селищев, Очерки, стр. 79; Белић, Дијалекти, стр. 146.

Состав на согласки со слична артикулација

§ 92. Примери со извршена дисимилација нема многу. Најчесто се разедначува назалната група *мн* — и тоа на тој начин што втората согласка се изменува во *л* (*мн* > *мл*), но само во почетокот на зборот. Така, покрај *мно́го* Ор, Кан, Одр, Ранк, *мнози́на* Дим, Пс, се употребуваат и формите: *мло́го* Кум, В, Мург, Арб, От, Коњу, *мло́гу* ГК, *на́јмло́го* ШР, *млози́на* Мал, они са *млози́на* Жег: *мно́го* Ранк, но: *намножи́ше се* Ник, они *се намножи́ле* Ст, Стр. За ваква промена на споменатава група знаат и другите северни говори, сп. *мло́го* во полошките (Селищев, Полог, 336), *мло́го*, *млозина* во кратовскиот и кривопаланечкиот.

Во средината на зборот вопроснава група се пази: *шъмно* Кум, *сшъ^{a}мни́ло се* Ор, Стр, *шъ^{a}мни́ца* Отља, Дов, *шъ^{a}мни́на* Чел, *ўмно* Ром, Пез. Примерите како *нашéвњак* (=*нашемник* во другите наши дијалекти) Мат, Стр, (в. и кај ХВ 351) и *пошъ^{a}вне́ло* Арб, каде што имаме регресивна дисимилација, можеле да бидат внесени од јужноморавските говори во кои вакви случаи има повеќе, сп. таму и: *зевњик*, *зевња*, *Давњанов* (Днј., 231; сп. и СДЗ VIII 124).

Меѓото *ќ* пред *њ* преоѓа во *ш'*: *ша́ш'њик* Чет, *но́ш'њо* време Пч, Гер, или *ноќно* Стр, *ку́ш'њик* човек Стр 'домаќин', *куш'њи́ца* Ранк, Стр, *поку́ш'њина* (: покуќбина), *уку́ш'њица* Кум, *сре́ш'њо* Коин, нека ги је *сре́ш'њо* Мал, *сре́ш'ња* била Стр. Но паралелно со овие се употребуваат и формите со *ќњ*: *ша́ќњик*, *уку́ќњица* АгС, Ром, *сре́ќњо* и *сре́ќно* Чет, *ноќњик* В.

Малку посложен процес имаме во: *вошља́к* Ор, *вошља́че* Ор, Пч (од *воќњак*); преодот на групата *ќњ* во *шљ* се извршил преку *ш'њ*.

Во извесен број случаи разедначување се врши и во групите: *дл*, *шл* и *шљ*. Сп.: *дл* > *йл*: *йле́шо* Чет, Мал, Коњу — промена позната во повеќе наши говори; — *шл* > *кл* во зборовите изведени од коренот *шлк-*, кој се развил во овој говор во *шљк-*, од. *клък-*: *кљче* лук Ор, *кљчи* Деил, да *се скљчемо* Кум, *кљчник* Пез, *кљца* Кум, Ром, *кљцан* Ос, *кљцањ* Мург, и во *кла́ник* Мил (сп. *шланик* во другите наши говори); — *шљ* > *кљ*: *ше́кља* Град, Мург 'котлец'.

Промена на денталот *д* (пред *н*) во *й* имаме во зборот *йно* Мал, *йно́шо* АгС, Ром, покрај *дно*, *дна*. — Сп. и: *Гмшо́р* Ст, Мат, Ром, (*йл* — *йр*), *канљи́во* Клеч (од *калљиво*).

Разносложна дисимилација забележив во *лебобе́р* Кум.

Метатеза

§ 93. Ни случаи со метатеза нема многу. Редовно со метатеза се јавуваат: *барја́к* Кум, Стр, Рад, *барја́ци* Ор, *йа́рван* Мал, *йарва́ни* Мил, ГК, *йа́рвани*, *йа́рванче* Ром, месност *Га́рван^{a}ц* Бел; потоа во групите *сb* и *зј*: *сbе*, *сbи*, *сваки*, — *йро́јзе*, *йрозји́бер*, *ло́јзе*, *Ко́јзак*, *ко́јзо*. Сп. уште: *брéверица* Дим, пргаво је како *брé-*

ѣерица Стр, покрај *бѐрѣерица*, *сре́ńи* во топонимот *Сре́ńи Рит* ШР (*сре́дњи* > *сре́њд'и* > *сре́ńи*), *траа́на* Љуб (*тарана*, тур. *tarchana*); покрај *Бајра́м* се слуша и *Барја́м* Стр, Дим. Формите *рила* (лира) и *зъ́ла* (*зъ́лба*), карактеристични за скопско-црногорските села, овде не се употребуваат, сп. *зъ́лба*, *лира*, а место *тарун* (во западните говори) имаме *тану́р* Стр, Ранк, Кан.

Со метатеза во раздалечени слогови ги забележив: *про́кај* Стр и *бренѐвеци* Гер, покрај *бенѐвреци*.

Губење на соѓласките

§ 94. *Губење на соѓласките во соѓласнички ѓрупи.* — Погоре споменавме дека согласничките групи што се тешки за изговор се упростуваат и со испаѓање на некоја од согласките.

Најчесто се губат, како и во другите наши дијалекти, оклузивните консонанти. Тоа е и природно, зашто тие во соседство со друга согласка обично се изговараат со слаба експлозија, која може да се загуби и наполно.

Согласката *т* редовно испаѓа во групата *-стн-* кај придавките (во формата за женски и среден род, како и во множината): *ко́рисно* Ром, *жа́лосни* Кум, *ма́сно* Кум, *по́сни* Оп, *ра́досна* Мат, па спрема овие образувања и во формата за машки род: *жа́лосъ^{a}н*, *ма́съ^{a}н*, *мрсъ^{a}н*, *по́съ^{a}н*, — и пред наставката *-ство*, сп.: *бра́ство* Кум, *боѓа́ство* Ник и *боѓа́сто* Пч, *кме́сто* Ром.

Доста често овој глас се губи и пред африкатите *ч*, *ц*, во кои се содржи веќе *т*, сп.: *доби́че* Ник, Мург, *добиче́нце* Руѓ, *бръце* Ник (бртце), *жице* Ром, Руѓ, *оце́пи се*, *оцепи́л се* је Ор, *призе́ци* Др, покрај *призе́тци* Мург, и редовно *сатче*, *метче* (мед). Но во оваа позиција можат да се сретнат и примери со делимична редукција на споменатиов глас, на пр.: *жи́^{т}це* Кум, Мург, *кори́^{т}це* Мал, *либа́^{т}че* ШР, *пру́^{т}че* Ор, *ри́^{т}че* Ор, Мат, Пч.

Сп. уште: *по́слано* Пч (во групата *-стл-*), *ли́сје*, *бре́сје* (*-стј-*); *осни́к* Пч (*остник* : *остен*).

Заднонепченото *ѣ* се губи пред *н* во глаголот 'дигне', на пр.: да си *поди́немо* зграѓу Ор, *подина́ло* Стр, *дина́ла* ГК, *ќе ди́немо* МлН, дај да ги *ди́немо*, — поретко и пред *њ* во глаголот 'ојагњи', сп. *ојањи́ла се* о́вца Жег, *изјањи́ле се* све овце Ник, покрај *ојагњи* Стр, Чет, Пч, Ор. Првиов глагол во формата без *ѣ* познат е и во говорите во Скопската котлина и во Велешко.

Експлозивните *п*, *б* и *т* се губат и во извесен број префиксирани глаголи; сп.: *окла́диь се* Руѓ, Стр, *оклади́ле се* Чет, Руѓ, *околи́ле* ги Ром, они ги *околиша́ле* Мург (последниов можел да се образува и спрема прилогот *около*), *оси́ра* Мал, Коин, Арб, *оси́раь се* Кум (обзира), *осрну се* Мал, *оспе се* Мал, *оцепи́ло се* Гер (отцепило), *оцеди́ло* Љуб (отцеди), до колку во последниве нема мешање на префиксите *од-* и *о* (*об*)-.

Во почетокот *п* се губи редовно во *тиќе* От, Ос, Топ (*птиќе*), додека во *птица* пак редовно се пази.

Во префиксите: *без-*, *из-*, *низ-*, *раз-* согласката *с* (< *з*) кога се наоѓа пред *ц* или се губи наполно, сп.: *ицепи* Др, *ицéпи* га Ром, *ицепија* Коин, *ицеди́ло* Љуб, *рацепи́* га *дрво* Ник, *рацьᵃвтéло* се Мат, или само се редуцира: *иᶜцéпи* Ст, Др, Коин, *раᶜцéпи* Ос, Ст, *раᶜцьᵃвтéло* Кум. Но исто така не се необични и форми со запазено *с*, на пр.: *расцепи* Отља, ќе га *исцéду* Чел, нека *се исцéди* Жег, *расцьвтéло се* све Пч, *расцéпени* ка́мен Жег.

Пред *ш*, меѓутоа, се губи редовно, сп.: *ишúша* Кум, *рашетáло се* Кум, Ранк, да гу *рашúје* цéлуту кошýљу Руѓ, Ос.

Сп. и: *ижљéбано* Стр, *ижљебá* Стр, Ранк.

Доста често се губи лабиоденталот *в* во *-ствo*, сп.: *аџúсто* Ст, *брáтсто* Кум, *брáсто* Мург, Обл, *богомóлсто* Кук, *вóтсто* Пез, *друсто* Мал, *друшто* СтН, *детúњсто* Кум, *задовóљсто* Чел, *јунáсто* Кук, *кмéтсто* Стр, Ром, *љýсто* Бељ, *мнóсто* вójска ШР, *познáнсто* Стр, *пријатéљсто* Ром, *проклéтсто* Кум, *рóпсто* Дов, *упýтсто* ГК, *убúсто* Ром, *цáрстото* ГК, *цáрсто* Ранк — поретко во наставката *-вски*: *бýјкоски* сà све овце Ддр, *романоско* је тој место АгС, *попóска* ќерка, но и: *брáствo* Ор, *љýствo* Ор, *пријатéљствo* Кум, Мург, *убúствo* Пч, Кум, или *попóвски* кожý је тој Ор, *попóвска* ќерка В.

Исто така се испушта овој глас и во соседство со сонантот *љ* (*-вљ-* > *-љ*). Така покрај: *забрáвља*, *остáвља*, *распрáвља* итн. имаме: не *забрáљам* ВИљ, *забрáља*, *забрáљаш* със кога зборuш Стр, *настáља* ШР, *остáља* Отља ,стално га *остáљав* Ор, *остáљам* Кум, там ќе не *остáљаш* Ранк, *постáља* Ор, иде да *распрáља* Кан, *распрáљај* ВИљ, *спрáља* Пч, Обл, Мал, да *се спрáља* Ранк, *стáља* Ор, *стáљам* Стр, Руѓ, Клеч, *црљúв* Чел, Мал. — Покрај *врвца* Ром, МлН, се употребува и формата *врца* Коин, Ранк, Ора, наврже на *врца* Др (вторава е пообична); покрај *лóква* во Довезенце еднаш забележив и *лóка*. — Обични се овде формите: *стóри* АгС, Ор, ГК, *слéче* Мат, Ранк, Пч, поретко *ствóри* Чет, СтН.

Сп. уште неколку примери во кои се губат согласките: *чешúре* Кум, Стр (чакшири), *љшти* Дов, *љшти* срча, покрај *блшти* Пс, Ор; покрај *толко*, *тодко* обична е формата без *л*: *тóко* Оп, Рад, Ранк, НС, Пез, *тóко* тамо Дим, *тóко* је, *тóко* стиза Стр, исп. и: *кóко* Стр, *тóкав*, *овóкав* Пез; последниве примери особено се чести во Славиште и во граничните села со Овчеполието и кратовскиот говор, додека во Козјачијата тие се знатно поретки од формите со *л*: *тóлко* Руѓ, *кóлко*, *онóлко* Дов, Дим, *тóдко*, *овóдко* Одр (в. § 55). — За *тевлик* (во западните говори)овде се употребува *тевúк* Стр (на јарем, сп. во граничните српски говори *тељић*). — Покрај *блáгослов*, *благослóвено* ќе чуеме и *благосóвено* Кум, *блáгосов* В.

Групата пак *стр*, која во некои наши говори се упростила во *ср*, на целата оваа област се пази неизменета, сп.: *бúстра* вóда СтН, месност *Бúстрица* Ос, *стрúна* Ром, *стражáр* Чет, *стра*,

стра́уеш Ром, *стра́да*, *пострада́ле* В, *Страци́н*, *стре́ла* Мург, *стру́ти се* Стр, *се́стра*, *Стри́ма* (село), *стру́ја*, *отка́стриь* Др, *ја́стреј* Ст, *стри́же* Др. Во групата *ср* се јавува дури и секундарно *ш* (в. подолу). Исто така се пази и согласката *д* во групата *здр*: *здра́во* Кум, *оздраве́ја* Кум, Чет, *здра́вје* Ор, *ме́здра* Ром, итн.

§ 95. *Губењето на соїласките во меѓувокална йозиција.* — Во меѓувокална позиција согласките се пазат доста добро. Само во неколку случаи забележив загубено *д*, сп. во броевите 20, 30, 40: *дваесе*, *триесе* Кум, Ор, Мал, *два́ес едно́* Ор, *четересе́* Кум, Ром, при брзо броење и во 50: *е́есе* АгС, Мург, *е́ес едно́* Град. *Шеесе* — *шеесе́* е веќе општа форма во нашите дијалекти. — Покрај *Боїоро́дица* Жег, АгС, Арб може да се сретне (само ретко) и *Боїоро́јца* Пч, на *Боїоро́јцу* Ор, *Голе́ма Боїоро́јца* Ник. — Во граничните села со скопскиот говор *д* често се испушта во формите од глаголот 'дам', сп.: он ќе ти *да́е* АгС, ти ќе *да́еш* ли Ром, да ми *да́еш* писмо Ром, што ќе ми *да́еш* да излечу твоју ќерку Пч. — Согласката *ї* често се испушта во глаголот 'благослови': *бласи́ља* Ник, кът ручамо млого *бласиљамо* Чет, но и: да *блаїосло́ви* Ром, *блаїосло-ви́ја* Кум, да је *блаїосло́вено* Бујк. — Покрај *оти́де* во периферните југоисточни села може да се чуе и *ојде́* Вак, *ојде́* ли си он Топ, Тал. — Исп. и *йре́еска* В, ГК покрај *йре́ќе*, *йре́ќеска*.

Освен губењето на *д* во броевите, која е општа појава во северните говори, сите другиве примери, како што укажува и нивната географска распространетост, се внесени од оние говори со кои се граничи кумановскиот на југ.

Случаите каде што се губат интервокалните *b* и *j* ги споменавме порано (в. §§ 64, 69).

§ 96. *Скратување на цели слоїови* — се врши во зборови што се употребуваат многу често, во поздрави, императивни форми и во броеви при брзо броење. Така, на пр., покрај *ілéдај* може да се сретне и формата *ілеј* ГК, *ілеј* да ми га предаеш у руке ХВ, *йоілéј* какъв је Ром, покрај *чéкај* имаме и *чек'* Кан, *чек* да ти изеса́пу ВИљ, покрај *лéїај* и *леї* Ник, ХВ 343. Често се губи крајниот слог во формите на глаголот 'може', сп.: не *мож* да идеш Чет, не *мож* да се најéдеш (в. § 273).

Исп. уште: *дик* се ГК, *ај* (=ајде) Ром, АгС, во наздравување: *на́-здрав* Гер (=на здравје). — За скратувањето на зборовите *баба* и *чича* и за испуштањето на крајниот слог во некои броеви в. §§ 29, 215.

§ 97. *Појава на секундарни соїласки.* — Вметнување на нови согласки се должи или на аналогија или пак за олеснување изговорот. Освен хијатските *b* и *j*, за кои споменавме порано (в. §§ 65, 70, 74), нови согласки се јавуваат, како и во многу други наши говори, во групите *с*, *з*, *ж*+*р*. Такво е по потекло *ш* во примерите: *стре́бро* Коњу, *стре́ка* От, *стре́да* АгС, тури рогóжу на *стре́де*

Ром, *страмо̀та* Пез, и *д* во: *ждре́бе* Мал, Руѓ, *ждребà̀ци*, *ждрѐбчики* Ром, *ждребе́нце* Кум, *здрак* ШР, *здрà̀ци* Топ, *здрел* ШР. Само ова вметнување на споменативе гласови не се врши доследно и на целата територија. Паралелно со приведениве примери се употребуваат и форми без *т*, *д*, сп. *зрел* Кум, Ром, *сре́бро* Мал, Руѓ, *сре́ка* ги је Ор, у *сре́ду* Мат, Пч, Кум. — Вакво е по потекло *д* во формата *гле́ждањ* Стр, покрај *гле́жањ* Отља (стсл. глезнъ, -ьнъ, рус. глезна, срп. глежњак), *р* во *ме́зга* (рус. *мезгá*, срп. *мезга* < **mězga*, *Vasmer*, *REW*, s. v.): *ме́зга* Пч; тоа можело да се јави спрема *ме́здра*, *мездра́к*. — По аналогија во неколку случаи се јавува секундарен велар во група од *консонант* + *л*, сп.: *жљеба* Пез (: жљеба), *жљеб* Жег, *чкљан* ШР, нема млого *чкљáнови* Коин (покрај *чљан*). — Пред денталите во неколку примери се среќава секундарен назал, сп. *куме́ндија* Пер, В, *запренѕу́је* Ник (: *преза*), пред *б* во *кло́мбуръ^{а}ц* Стр (стсл. клобоукъ, Младенов, ЕР 239). — Аналошки образувања се и: *мешла́ч* Кум (метла + метач), *првно* В, Мург (по аналогија на *едно* или *последно*), *чив*, *чива* итн. (спрема *њеѓов,-а*), два *кла́ста* Ром (*клас* — спрема *лис*, два *листа*); сп. и: *мони́стра* (стсл. монисто).

Согласките на апсолутниот крај на зборот

§ 98. *Упростување на групите -ст, -шт, -жд, -зд и губење на некои согласки.* — Согласките *т* и *д* од групите *-ст*, *-шт* и *-жд*, *-зд* на апсолутниот крај на зборот се губат и во овој говор со апсолутна доследност: *брес* АгС, ГК, *Бла́говес* Чел, *бо́лес* Ор, Кум, *гос* Кум, *грс* Ник, *ду́жнос* Кум, *жа́лос* Ранк, *крс* Жег, Ром, *лис* В. *мос* Арб, Ст, после и *мо́съ^{а}т* Одр, *мо́сови* Можд, *мла́дос*, *па́кос*, *ра́дос*; *бу́нас* Мал, *ваљаве́с* АгС, *беличе́с* Ник, *гри́вес* Кум; *шес* Мург. Од формата со загубено *т* се образуваат во многу случаи и множинската и членуваната форма, на пр.: *ли́сат* ГК, *бла́съ^{а}т* Пс, Стр, *мо́съ^{а}т*, *мо́сови* Пс. — *гриш* АгС, Бујк, *беш* Пч, *заш* се де́лите ГК, *пош* Др; — *дъш* Ром, член. *дъ́жъ^{а}ш* Ор, еден *грос* Бујк, *грозс* Ник.

Освен тоа крајното *т* редовно се губи во броевите од 11—19 и во десетиците од 20—90, сп.: (*ј*)*една́есе*, *дбана́есе*, *трина́есе четрна́есе*, итн., *дба́есе*, *тро́есе*, *четъресе́* (в. § 215).

Упростувањето на споменативе согласнички групи е општа појава во нашиот јазик, и причините се исти. Кај броевите, меѓутоа, загубата на крајното *т* има и поограничена област, а и причините се од подруг вид. Во некои говори, на пр., во прилепскиот[131]) и во полошките[132]), во кои *т* се губи уште и во членската форма *-от* и во 3 л. множина на сегашното време, загубата на вопросниов глас и кај броевите може да се протолкува како фонетски процес.

[131]) Б. Конески, Прилепскиот говор, стр. 263, 269, 296.
[132]) Селищев, Полог, стр. 335.

Во кумановскиот пак, како и во другите околни говори, каде што во другите случаи *т* на крајот се пази, причините за неговото губење се од подруг вид. Според Белића, кој оваа појава ја разгледува врз материјалот на југоисточните српски дијалекти, *т* прво се загубило во оние случаи каде што му претходел забниот спирант *с* (сп. *једњаест*, *дванаест*, *дваест*) и по аналогија спрема нив тоа после се загубило и во: *четиресе́*, *педесе́*, *шеесе́*, итн., каде што поради акцентот вокалот *е* не се загубил[133]).

§ 99. *Обезвучување на звучните согласки на апсолутниот крај.* — Обезвучувањето на крајните звучни согласки е нормална појава и на оваа територија: *бъс* Ник, *ілок* Чет, у *ірат* Кум, на *ілет* АгС, *ірош* Ст, врне *дъш* Ром, *извот* Пс, *јеш* Мал, *кът* Др, Ор. Но овде не се непознати и примери во кои крајните звучни консонанти се изговараат како средни гласови меѓу звучните и незвучните, какви што познава скопско-црногорскиот (MJ V 159) и јужноморавскиот дијалект (Диј., 240). Сп.: ора́шачки *брод*^{т} Ром, *бе*ї^{k} Чет, *ѓо́луб*^{п} Коин, *ѓо́сподт* Мал, *же́лудт*, *медт* Ст, *народт* Чел, *на́предт* Ник, тъј *че́љадт*, *аљба́з*^{с} Арб, Мал, па дури и *мазс* Ст (мас-т). Како што гледаме, вакви форми повеќе се среќаваат во козјачките села.

§ 100. *Замена на консонантите во туѓи зборови.* — За туѓото *f*, се истакна и порано, има две вредности — *ф* и *b*; сп.: *фањéла*, *фино* (ит. *fino*), *фењéр* (т. *fener*), *фишек* (т. *fişek*), *фурна* (осм. *furun*), *ефенџија* (т. *efendi*), *ефтин* (нгр. *efthinos*), *кофа* (т. *kova*), *кафе* (осм. *kahve*), *софра* (нгр. *sofras*); *Јосиф*, *нафора*, *џифун*, итн,. одн. *ванела*, *вес*, *венер* и сл. (сп. § 65). Согласката *т* ја наоѓаме во старите грчки заемки *трай* (*trafos*) и *Трипун* (*Triphon*), познати во оваа форма и во другите говори. — За грчкото *к* (κι, κε) стои *ќ*: *к'елија*, *ќердо́ше* АгС, *биса́ѓи*, покрај *биса́зи* (*disakki*), *муста́к*, поретко *муста́к*, мн. *муста́ци* Мал, каде што се јавило *к* по аналогија[134]). — За турското *k* имаме *ќ* и *к*, сп. *ќусте́к* и *ќосте́к* (т. *köstek*), *ќутуќ* (*kütük*), *ќоше* (*köşe*), *ексик* (т. *eksik*), *ка́зма* (т. *kazma*), *кастиле* (т. *kastile*) — (*ќ* стои за *k*+*ö*, *ü*), а за *кі* — *к'и*, сп.: *к'ибрит* (т. *kibrit*), к'ирија (т. *kira*-, в. Наш језик I, 203). — Место 'тула, тувла' во кумановскиот се употребува формата *туѓла* (сп. т. *tuğla*), позната и во некои српски дијалекти[135]). — Сп. и: *фањéла* (т. *fanela*), *коштáн* Ром, Ор, Пч (*:костен* во западните говори, ит. *castagne*), *чкоља* Петр, Др, Ник (*scholeion*); *дубáк* Ром, и *дулáк* Кум, *минтáн* Стн, Мург, Ора и *мибтáн* Ст, *ла́мба* Кум и *ла́мба* Стр, Ст.

---

[133]) СДЗ, I, стр. 245—246. Тука е дадено и објаснение како се загубило неакцентираното *е* во броевите.

[134]) Сп. Зборник радова САН XLIV, Визант. институт САН, књ. 3, стр. 143.

[135]) Сп. толкувањата на А. Таховски, Грчки зборови во македонскиот народен говор, Скопје 1951, с. 51; И. Поповић, Грчко-српске лингвистичке студије III, стр. 148.

СИСТЕМОТ НА АКЦЕНТИРАЊЕТО

§ 101. Кумановскиот акцент по својата природа не се разликува од акцентот во другите наши говори: и овде тој е експираторен. При таков акцент природно е што нагласениот вокал се изговара за нијанса подолго од ненагласените, и таа е општа особина во нашиот јазик. Меѓу поодделни говори може да има само нијансирања во јачината на гласовниот удар, во интензитетот на акцентот.

Местото на акцентот

§ 102. Општо земено системот на акцентирањето во кумановскиот говор се слага со акцентскиот систем во кратовскиот, овчеполскиот и во говорите од штипско-струмички тип[136]). Како во тие говори така и во нашиов (на целата негова територија) акцентот не е позиционо определен како што е случајот во западномакедонското наречје — на третиот, или во костурско-корчанските говори — на вториот слог[137]). Овде тој е *слободен*: може да стои на секој слог во зборот, сп.: *ѓркљáн*, *рукáв*, *ручѣ́к*, *чијá*, *обдé*, *рекó*, *пáднá* (на последниот), *крт̄и́њак*, *љубáда*, *невéс̄та* (на претпоследниот), *јáзавъ^{а}ц мáт̄орка*, *пирóвина* (на третиот од крајот), *бúволица*, *бр́кавица*, *кóш̄терица*, *пу́авица*, *т̄áт̄ковина* (на четвртиот), итн.

Отстапувања во овој поглед среќаваме само во неколку крајни југозападни села гранични со скопскиот говор, каде што имаме една друга појава. Но за тоа ќе зборуваме понатаму.

§ 103. Друга карактеристична црта на кумановскиот акцент е т. н. *парадиг̄матичност* на неговото место. Генерализирано е едно акцентско место низ целата парадигма што може да ја има дадениот збор. Се разбира, тоа важи за промените што му ги даваат на зборот граматичките наставки. Така, на пример, во сите форми што може да ги има зборот *воденичар* акцентот паѓа врз еден ист слог (на суфиксот -ар), сп. *воденичáр*, оп. ф. викни га тóга *воденичáра*, вок. *воденичáре*, мн. два *воденичáра*, *воденичáри*. Или да земеме придавка, на пример, *зелéн*: ж. р. *зелéна*, ср. р. *зелéно*, мн. *зелéни*, *зелéне*, оп. ф. *зелéноѓа*, *зелéну*. Кај глаголите оваа појава се огледува на глаголските форми, сп. през. *нóсу*, *нóсиш*, *нóсимо*, *нóсит̄е*, *нóсиб*, зап. начин *нóси*, *нóсет̄е*, имперф. *нóсеше*, *нóсеемо-нóсешемо*, итн., аор. *носи́*, *носи́мо*, *носи́т̄е*.

Членската форма исто така не влијае врз местото на акцентот. Горните примери членувани гласат: *воденичáръ^{а}т̄*, оп. ф. *воденичáротоѓа*, *воденичáровоѓа*, мн. *воденичáрит̄е* итн., или од при-

[136]) М. Ивковиќ, Акцентски системи српско-македонских говора, ЈФ, II, 3—4, стр. 254—271, IV, стр. 46—71.

[137]) A. Mazon, Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du Sud, s. 22.

давката *зелен*: *зелéньᵃт̄*, *зелéното*, *зелéните*, *зелéнуту*, *зелéнуьу*, *зелéнотоја* и сл.

Отстапување во врска со кажаново во претходната точка покажуваат едносложните именки *вол* и *пой*, некои заменски форми, а во поисточните славишки села и партицепските форми на *-л* од глаголите с у м и о ќ у. Множинските форми од споменативе именки имаат акцент на наставката, сп. *волóви* (на целата територија), *попóви* (во некои славишки и козјачки села), покрај *пóпови*, чл. *волóвите*, *попóвите*. Со ваков акцент првиов збор се среќава на целата источна јазична територија сè до границата со скопскиот и велешкиот говор (в. ЈФ IV 46, MJ V 120).

Формите за женски и среден род од заменките *кој*, *чиј* на поголем дел од оваа област се акцентираат на последниот слог: *којá*, *којó*, *чијá*, *чијó*, и во мн. *кои́*. Во некои славишки села покрај *би́ла*, *тéла*, *би́ло*, *тéло* ќе чуеме и *билá*, *билó*, *билé*, *телó*, *телé*, (: *бил*, *тел*), како во кривопаланечкиот говор (в. § 142).

Различно се акцентираат еднинската и множинската форма и кај некои именки од среден род што образуваат множина со двосложната наставка *-иња*, сп. *иубúња* : *иýбе*, но таму разместувањето на акцентот е од подруг вид (в. § 123).

За неподвижноста на кумановскиот акцент можеме да зборуваме, како што се гледа, само до колку станува збор за промени на зборовите што се изразуваат со граматичките наставки. Меѓутоа, при изведувањето на зборовите, т.е. при промените што ги внесуваат лексичките морфеми горново правило не важи. За такви случаи акцентот доста често го менува своето место, сп. *зът̄* : *зъдáр* : *зъᵃдúна*, *ѣлáва* : *ѣлаватáр* : *ѣлабúна* : *ѣлаветúна* : *ѣлабúца* : *ѣлабýч*, *бóга* : *бóден* : *боденúца* : *боденичáр*, *брáниш* : *брáњен* : *брањенúца*. Во кои сè случаи и под кои услови се врши разместувањето на акцентот во изведените образувања тешко е да се установи. Старата законитост е нарушена, како што ќе видиме, со прегрупирањето на акцентските типови.

§ 104. Ваков е акцентот — *разносложен* и *парадигматичен* готово на целиот источен појас од нашата територија од Солунскиот Залив па до границата со српската јазична територија на север, на исток до границата со кривопаланечкиот говор, одн. неговиот источен дел, пијанечко-малешевската група и источно-солуките говори, а на запад до границата со скопско-велешката и тиквешко-мариовската група[138]), со некои помали варирања меѓу поодделни локални говори. Спрема тоа северната граница на оваа акцентска област онаква како што ни ја дава Ивковиќ (цит. студија, 49) е неточна. Кумановскиот, овчеполскиот и кратовскиот говор ништо повеќе не се разликуваат во акцентски поглед од кочанско-штипско-струмичката дијалектна област, отколку, на пример, говорите во

[138]) М. Ивковић, ibid. — В. Думевъ, Воденскиятъ говоръ, МП, XIII, стр. 68—85, — MJ III 58 инт., V. стр. 6—13.

Долно Повардарје. Порано еднаш покажавме дека разликите меѓу кратовскиот и кочанскиот, одн. штипскиот акцент се минимални (МЈ III, бр. 3, 4, 5, 6), а истото тоа ќе го потврди, ќе видиме, и материјалот од кумановскиот говор.

Сличен акцент со кумановскиот има и јужниот дел на јужноморавскиот, поточно прешевскиот и врањскиот говор, на север до Стубол и на исток до Бабина Пољана[139]).

§ 105. За да се добие појасна слика за местото на акцентот во разгледуваниот говор, акцентскиот материјал ќе го изложиме по зборовните категории. Сложените и туѓите зборови ги изделуваме во посебни групи, зашто тие имаат некои свои специфичности. Потоа ќе дадеме преглед на акцентското место во групи зборови што чинат акцентски целости. Месните имиња имаат посебна важност за установување на акцентското место, та затоа ги даваме одделено од другиот материјал.

I *Акцентот на одделни зборови*

Именки

Именки од машки род

§ 106. За акцентот на еднозложните именки нема што да се истакне поособено. На целата оваа територија во акцентски поглед тие се изедначиле, сп. *гро́бови*, *да́рови*, *но́жови*, итн. Исклучок претставуваат, споменавме, *вол*, мн. *волови́*, и во некои крајни североисточни села *по̄п*, мн. *по̄пови́* Арб, Маг, ШК, Петр. Така се акцентираат овие зборови и во кратовско-овчеполската група, значи како во штипско-струмичката дијалектна област (ЈФ IV 46).

Двозложните именки што завршуваат на вокал исто така не претставуваат некој посебен интерес во поглед на акцентското место. И тие образуваат еден тип: акцентот редовно паѓа на почетниот слог. Тие се главно лични имиња на *-е*, *-о*, *-а*, *-ко* и *-ље*, сп. *Ма́рко*, *Ко́ста*, *Ми́ле*, *це́ље* и сл.

Повеќезложните образувања што завршуваат на вокал не можат да се акцентираат на последниот слог. Тие се исто така именки што означуваат лице, изведени со двозложните суфикси *-ија*, *-ина*, извесен број сопствени именки на *-ја* и неколку изведенки на *-ко*. Акцентот кај нив паѓа обично на претпоследниот слог, т. е. кај изведенките на *-ија* и *-ина* на првиот слог од наставката, сп.: *суди́ја*, *Ѓорѓи́ја*, *Или́ја*, *Манаси́ја*, но *Дими́трија* Др, *Ме̄то́дија* Ром, — *брди́на* Ст, *биволи́на* Ст, Арб, *јуначи́на* Тал, *овчари́на* СтН, *пе̄тли́на* СтН, *ѓрашети́на* Кум, *орлети́на* Мал, *дубети́на* Ром (в. § 155), — а кај образувањата на *-ја* и *-ко* на слогот пред наставката: *Благо́ја* Ром, Др, *Добриво́ја* Чел, *Миливо́ја* Ник, *Ста̄но́ја*

[139]) Белић, Дијалекти, 285, 286.

Ром, — *Андре́ја* Мал, Стр, — *Анѓе́лко*, *Васи́лко*, *Миле́нко*; *їуре́лко* В, *дебе́лко*, *оцепо́лко* Пч, Ор, *растресе́нко* В, *расипа́нко*, *старе́јко* и *старо́јко* Др, Оп, итн.

Кај именките на согласка акцентот се среќава на сите слогови, но најчесто е на двата последни. И кај нив во едни случаи тој паѓа на суфиксот, а во други стои на слоговите од основниот дел.

§ 107. На суфиксот редовно имаат акцент именките што значат работник на *-ар* и *-ач*, сп.: *брда́р*, *boгáр*, *bолáр*, *bратáр* АгС, *јужáр*, *козáр*, *мечкáр* Ром, *пудáр*, *рибáр*, *чубáр*, *ваљавичáр*, *їлаватáр*, *їобедáр* Чет, *дештишáр* АгС 'мушко дете од 15—18 години', *колачáр* Ром, *покуќáр* Чет, *првичáри*, *сировáри* 'луѓе што се преправаат на Нова година и викаат сирово' Ора; — *їледáч*, *пráч*, *ковáч* Кум, *лъжáч* АгС, *мерáч*, *мењáч*, *носáч* Дов, *сејáч* АгС, *сbирáч* Мат, Мург, Ор, *штровáч* Ор (в. § 155).

Претежно ваков акцент имаат и другите образувања на *-ар*, *-ач*, сп.: *їусáр* Чет, *камењáр* Мург, *шобáр* Мал, *чепáр* (на вила) Руѓ, или: *лопатáр* АгС (жител на селото Лопате), *Шиптáр* Ник, — *їлоїобáчи* трње Чет, *запрежáч* Руѓ, *забујáчи* Мат, *прскáч* АгС, *пуњáч* (за батерију) Деил, *подноїáчи* Ник.

Помалку примери има со акцентот на почетниот слог: *бýмбар* Ром, *пúсар* Пч; *лáстар* Ром и *ластáр* Рад, Гин, покрај *дúнар* Кум и *динáр* Ранк, Стр.

На последниот слог, т. е. на наставката во најголем број се акцентираат изведенките со суфиксот *-ак* и неговите деривати: *брбáк* МлН, *їабрáк* Жег, *жребáк* АгС, *пошпáк* Пч, *сливáк* Коњу, Коин, *церáк* Коин, *шумáк* ШР, *шумáци* Чет; *морјáк* Жег, *мешљáк* (вид круши) Пч, Кум, *сељáк* Кук, *сењáк* Ром, *прњáк* Ор, Мург, *шињáк* Мал, *јунáк* Кум, *мрпвáк* Ор, Мург, *простáк* Отља, *ситнáк* В, *синáк* Мург, *дошљáк* Чет; *крпињáк* Мург, *краишњáк* Мал, *киселjáк* Пез, *растобáк* Рад, *средуљáк* Пез, *станобáк* (камен), *црвењáк* Кук, *церобáк* Рад, *једењáк* Пч (единец), *четвртáк* Дов 'читиригодишен јунец', *оїрл'áк* В. Зборот *просjак* го имам забележено со двоен акцент: *прóсjак* Ст, Стр и *прóсjак* Пч, Ром. Но од друга страна имаме и: *бóжjак* Пч, В, *кýтњак* Ром, *лéшњак*, *лéшњаци* Ст, Чет, *лáдњак* Ор, *слáмњак* Можд, *ýмњак* Ст, *шýшљак* Град; — *bечéрњак* Ранк, *їолопúтњак* (растение) Град, *пупýњак* Чел, *потýрњак* Ор, *ускýтњаци* Мург, *натéвњак* Ор, *полéвак* Деил; или во образувањата од типот: *бозúњак* В, *гудúњак* Ром, *крпúњак* Пез, *крпúњкопоїа* Длъб, *мрамúњак* Руѓ, *мравúњци* Кум, *можджúвњак* 'клинот што ги држи табаните на колско тркало' Ор.

§ 108. Образувањата со суфиксите *-ик*, *-ник* се од два типа:
а) со акцентот на производниот дел: *їобедáрник* (: говедáр), *їркљáник* АгС, *закóници* (: закóн), *кокошáрник* Жег, *коњáрник* Чел, *козáрник* Жег, *расáдник* Ранк; *їáкњик* Коњу, *дéлник* Пч, Ор, *лúсник* Чел, *лúсници* Коин (: лист), *пýтник* Ром, *рáлник* Ор (: рало); *прéшник* Ор, *намéрник*, 'снабник, наводација', *наслéдник* Ром, *оїлéдник*

(=прстенција) В, *подја́ник*, *пресе́дник* Ром, *рабо́тник*, *разбо́јник* Ром, *ски́тник* Ор;

б) со акцент на наставката: *брсни́к* Ор, *бојни́к* Ром, Др, *бршьи́к* Ром, Стр, Кум, *коњани́к* Чел, два *коњани́ка* Ром, *крвни́к* Пч, *крупни́к* 'вид жито' Жег, *ледни́к* Кум, *мождањи́к* Руѓ, *осни́к* 'остенче', *полчени́к* Ор, *подводни́к* Мал, *четни́к* Ром, покрај *че́тник* Жег; така и изведениките од глаголска придавка: *деленик* Чел, *досељени́к* Ром, *мученик*, *осуѓени́к* Ор, *рањени́к* Чет, Мал, *редени́к* Чет, *соленик* Чел, *ученик* Пч, *читани́к* Кум, Пч (в. § 155).

§ 109. Именките со подвижно ъ во суфиксот (-ък, -ъл, -ъц) не се акцентираат еднакво на целата територија од разгледуваниов говор. Во источниот дел приближно источно од линијата Осиче—Руѓинце—Коњу се пази старата разлика во акцентското место меѓу образувањата од типот *вењъц*, *оръ́л*, *ручъ́к* — со акцент на суфиксот, и образувањата од типот *стáръ^{а}ц*, *мóзъ^{а}к* — со акцент на основниот дел, но само во еднината, додека во множинската форма сите тие се акцентираат на основата (*вéнци*, *стáрци*); на пример: *жељудъ́к* Стр, *мужъ́к* (=маже) Одр, Стр, Чел, *мужъ́к* Ст, *ручъ́к* Ранк, Пен, да туру *ручъ́к* Одр, *скробъ́к* Одр, *ушъ́к* Пс: *ýшъ^{а}к* Одр, — *кошъ́л* Стр, Тал, От (: *кóшли*), *оръ́л*, *орљъ^{а}ш* Одр, *пешъ́л* Длъб, Тал, Ос, От, *пъ^{а}къ́л* Стр, Ст;—*врапъ́ц* Одр : *врáпци*, *глушъ́ц* Топ, Тал, *дебељъ́ц*, *жушъ́ц*, *живъ́ц*, *своръ́ц* Стр, *јадъ́ц* Топ, *јунъ́ц*, Можд, Длъб, *колъ́ц*, *конъ́ц* От, *квасъ́ц* Тал, *кушљъ́ц* (дел на разбојот) Ранк, Стр, *љ^{а}жъ́ц* Рад, *лимъ́ц* Стр, *мољъ́ц* Можд, *пливъ́ц* Рад, *светъ́ц* Стр, Ранк, *синъ́ц* 'вид круша' Стр (: *стáръ^{а}ц* Ранк). Непренесен акцент овие образувања имаат во кривопаланечкиот и во североисточниот дел на кратовскиот говор (MJ III 106—107, V 7—8). Во поглед на акцентот кај овие именки не претставуваат единство ни говорите од штипско-струмички тип. Во кочанскиот говор, на пример, акцентот стои сеуште на суфиксот, сп.: *вењéц*, *глушéц*, *квасéц*, *јунéц*, додека во штипскиот тој најчесто е пренесен.

Во селата пак што се наоѓаат западно од споменатава линија сите приведениве примери имаат пренесен акцент. Така таму тие се изедначиле акцентски со образувањата од типот *стáрьц*; на пр.: *жељýдъ^{а}к* Жег, *мóмъ^{а}к* Ром, Ор, Кан, *пéтъ^{а}к*, *пýтъ^{а}к* Отља, *рýчъ^{а}к* Кум, Ром, *спúсъ^{а}к* Мал, Чел; *десéтъ^{а}к* Ром, *опúнъ^{а}к* Стр, Ор, и др.; образувањата од глаголска основа веќе на целата територија имаат акцент на кореновиот слог: *добúтъ^{а}к* Чет, *долá ъ^{а}к* Кум, *обóјъ^{а}к*, *обójци* Чет, *посéдъ^{а}к* Ор, *свршéтъ^{а}к* Кум; — *кóшъ^{а}л-кóшли*, *бръ^{а}л*, *пéшъ^{а}л*, *сврдъ^{а}л* Ник, *пъкъ^{а}л* В, Дов, Ром; *врáпъ^{а}ц* Арб, Др, Одр, *вењъ^{а}ц* Чел, *грнъ^{а}ц*, *зýбъ^{а}ц*, *јáръ^{а}ц*, *кóњъ^{а}ц*, *квáсъ^{а}ц*, *клúнъ^{а}ц* Руѓ, *лéбъ^{а}ц* СтН, *мóљъ^{а}ц* Кум, Оп; *слéпъ^{а}ц*, *свéтъ^{а}ц*, *сáмъ^{а}ц* Ром, *шуѓúнъ^{а}ц* Ром, *удóвъ^{а}ц* Ж; глаголските образувања со оваа наставка исто така се акцентираат на основниот дел и тоа на целата кумановска област: *мрмóръ^{а}ц* Мал, *пр̀скавъ^{а}ц* Пч, *пашúљъ^{а}ц* АгС, *стрéљъ^{а}ц* Ранк, *трíбъ^{а}ц* Ром.

Образувањата од именска основа на *-(j)аньц* што значат жител или припадник на народност се акцентираат на првиот слог од суфиксот: *Америка́ньᵃц, боса́ньᵃц, ѓалича́ньᵃц, Ита́лија́ньᵃц, ѓирока́ньᵃц, скоѓја́ньᵃц.*

§ 110. На претпоследниот слог паѓа акцентот претежно и во разни други образувања што имаат подвижно ъ, сп. *бе́ѓъᵃр, ѓа́бъᵃр, о́дъᵃр, сбе́къᵃр*; — *ла́къᵃѓ, но́къᵃѓ, ѕъ́ѓъᵃѓ*; — именките, 'јаръм, овьн, оцът' се среќаваат со двоен акцент: *о́бъᵃн* Кум, *ја́ръᵃм* Ром, Ст, Жег, Ник, *о́цъᵃѓ* В, Пч (и така најчесто во западните села): *ја́рьм* Рад, Стр, *об́ьн* Стр, *оц́ьѓ* Мал, Стр, Ранк, Жег; покрај *ос́ьн* Ром, Ор, Жег, Одр и *о́сѓъᵃн* Ром, В, покрај *об́ьс* Стр, Рад и *о́бъᵃс* Ор, Кум, СтН.

§ 111. Разни други образувања. — На последниот слог редовно се акцентираат уште и: *обича́ј*, — *беле́к*, мн. *беле́ци* Ор, *чобе́к* Ор, Кум, Стр, *чобе́ци* Кан, — *зи́к* Кум, Мург, ШР, *млади́к*, *млади́ци* Ор, *ну́к* Мал, Кан; во Пч го забележив со двоен акцент: *у́нук* и *ну́к*; *ѓреде́ль* Руѓ, Мург, *куколь* Ст, *мрсо́ль* Пч, Мат; *ѓркља́н* Ор, *кукља́н* Ром, *кочи́н* Ор, *ѓупа́н* Стр, *ѓлѓа́н* Ром, *жѓлоба́н* Ор; лични имиња: *Боја́н, Вељи́н, Драѓа́н, Дамња́н, Душа́н, Злата́н, Јорда́н, Иља́н, Мила́н, Стоја́н, Смиља́н, Траја́н, Цвета́н*, — *Младе́н*, — *Божи́н* Ст, *Боѓати́н* СтН, *Весели́н* Коин, *Јаѓоди́н* Др, *Миладѝн* Др, *Стојади́н* СтН, *Серави́н* Жег; *Евре́м* Мал, *Зави́р* АгС, *Љубоми́р* Ст; — *јечме́н* Ром, Ор, *домаќи́н* Ром, *пели́н* Мал, *ѓети́н* Ром, *зако́н* Петр, *ѓрвбо́ѣ* СтН, *блаѓу́н* Др, *рачу́н* Ос, Арб, — *коно́ѓ, вечер* Кум, *ѓъзе́р* Пч, Ром, *собо́р, събо́р* Кук, Др, *мачо́р* Руѓ, *ѓраб́р* Кум, МлН, *божу́р* Ник, *меу́р* Мал, — *живо́ѓ* Ор, Ром, Таб, Ник, *имо́ѓ* Ник, Мат, Ст, — *божи́к* Кум, Мат, Одр, *младѝк* Кум, Ст, Оп, *ѓоли́к* Арб, *ѓили́к* Ор, — сите именки што завршувале на *х*: *кожу́* Кум, Дов, *ора́* Стр, Пч, Дов, *очу́ь* ВИљ, *пасту́ь* Кум, *ѓерду́, репу́* Ром, *сирома́* Кум, Стр, Мург; сп. и: *боѓата́ш* Чет, *ѓолема́ш* Кум.

Не е исто така мал бројот ни на именски образувања што денеска не се продуктивни, а кои се акцентираат на слоговите од основата; сп. *сла́вуј*, мн. *сла́вуи* Ст, Ранк, *за́бел* Дов, *пе́ѓел* Ор; *би́вол, ќа́вол* Чет, *ѓу́жељ* Деил, *стршељ* Ор, Кук, *че́шъᵃљ* Лоп, Кум, СтН, именките на *-ѓељ*: *пре^{ѓ}цеда́ѓељ* Ром, *роди́ѓељ* Кум, *служи́ѓељ, учи́ѓељ* Пс; различно се акцентира *ѓријаѓељ*: во поисточните села акцентот паѓа на последниот слог — *ѓриеѓе́ль* Стр, Ранк, а во западните се среќава и со акцент на претпоследниот — *ѓријаѓељ, ѓријаѓељи* Кум, Ор, АгС, Ник (сп. рус. прия́тель, срп. шток. прија̏тељ); — *ѓа́рван* Мал, *ѓре́шљан* АгС, Ром, и имињата *Сѓе́ван, Сѓо́јман* Чел; именките од типот 'камен' на целата територија се акцентираат на кореновиот слог (со нив се изедначиле и оние од типот 'кремен'): *ѓре́бен, ѓру́мен, ка́мен, ко́рен, ре́мен, ѓрстен* Деил, *ѓла́мен, стрмен*; така и *ја́сен* Жег, *не́вен* Кан, *у́ѓлен*. — Именките на *-јанин* и *-чанин* различно се акцентираат: *блаќа́нин, орашча́нин*: *дума́новѓанин* Кум, *-ин*: *Арнау́ѓин, Бу́ѓарин, Евре́ин,*

Ци̏панин; — *Вука́шин* Ник, *Драгу́тин*, *Живо́ин* Чет, *Милу́тин* Пељ; сп. и: *Па́ун* Кум, *Три̏фун* Ор, Ром; — *би́сер*, *гу́шшер* Ром, *де́вер* Кум, *се́вер*, *сшо́жер* Мат, *пе́шшер* Ст, *че́мер* Ник, *ја́вор* Ор, Оп, — *Ми́лош* Чел, *ра́бош* Ром, *гри́вњеш* Стр, *мо́дреш* В, *о́паш* Ор, Коин,В.

Глаголските именки без наставка го носат обично акцентот на производната основа.

Именки од женски род

§ 112. За именките од женски род на *-а* има едно општо правило: акцентот не може да стои на последниот слог. Тогаш е јасно дека двосложните зборови ќе се акцентираат на почетниот слог: *ба́ња*, *пле́ва*, *же́на*, *но́га*, *во́да*, *ру́ка*.

Повеќесложните именки можат да се акцентираат на слоговите до претпоследниот, сп.: *коли́ба* Кум, *шара́ба* Ник, *моли́шва* Чет, *рого́жа* АгС, *шрпе́за* Коњу, *јару́га* Ст, *помо́ја*, *повиш́ке* Кум, — *црни́на* Ор (на вториот); *ја́года* Пч, *ло́бода* Мал; *ја́бука* Оп Ст, Ром, *ба́бичка*; *го́дина* Чел, Мал, *ко́чина*, *ко́зина* Пељ, *пе́шшера* Пч (на третиот); — *бе́верица* и *бе́рверица*, *бр̏кавица*, *ви́волица* Ор, *ви́сменица*, *др̏савица* Стр, *е́ребица* Др, *ка́шерица*, *ко́шшерица* Ор (на четвртиот од крајот).

Но бидејќи овие се главно суфиксни образувања, и за да имаме појасен преглед на материјалот и подобар увид на прегрупирањето на старите акцентски типови, и нив ќе ги разгледаме по групи според суфиксите.

§ 113. Именките што завршуваат на *-ба*, *-ва*, *-ја*, *-да* и *-идба*, *-аја*, *-уја*, било да се наследени или понови образувања, се акцентираат главно на претпоследниот слог: *кору́ба* Др, *коли́ба* Ор; глаголските именки од типот *печа́лба* Мал, *пого́дба* Мург, *шеја́ба* Дов, *шеско́ба* Кум, Чел; — *јеш́рва* Ром, АгС, *свекр̏ва* Дов; *држа́ва* Ром, Кум, *мека́ва* Мал, *осно́ва*; *копри́ва* Стр, Кум, — *моли́шва* Чет, Ник; *бриги́дба* Кук, *дели́дба* Мал, *жени́дба* Коин, *сели́дба* Кум; — *шурчуљаја* Длъб; *брешљу́је* АгС, Др, *мачу́га* Рад, *пеперу́га* Ос, *пењу́га* Др, Жег, *чучуљу́га* Ранк; — *гра́мада* В, *ја́года* Пч, *ло́бода* Мал, Ст; со двоен акцент се јавува *сло́бода* и *слобо́да* В, Пч.

§ 114. Именките на *-ија* се од два акцентски типа. а) Кај поголем број акцентот паѓа врз првиот слог од наставката: *раки́ја* Прој, Стр, *шеџи́ја* Ром, *чиви́ја* Руѓ; *дубони́ја* АгС, *носи́ја* Кук, *поноси́ја* Мург; лични имиња: *Мари́ја*, *Собу́ја* Ром, и др. б) На слоговите од основата се акцентираат претежно имиња на земји или покраини: *Алба́нија* Ром, *Буга́рија*, *Ита́лија*, *Ср̏бија*, *Слове́нија*, и некои туѓи зборови применети главно по литературен пат, сп. *копера́ција*, *куме́ндија* Арб, *коми́сија* Коин, *лу́трија* Кук, *мили́ција* Мат, Руѓ, *мони́ција* Кум, *по́рција* АгС, *ча́рнија* Ст,

§ 115. Именките изведени со суф. *-ка* се претежно образувани од именки од машки род и акцентот кај нив останува на слоговите од основниот збор, сп.: *говедáрка* (: говедáр), *плевáрка* Ор, *пријатéлка* Ос; лични имиња: *Васúлка* Ст, *Веселúнка* Стр, *Душáнка* Стр, *Милáнка*, *Стојáнка*, *Трејáнка* Деил, имиња на животни: *бечéрка*, *субóтка* (крави); — *дебарчáнка* Мат, *отљáнка*, *пироканка* Кум; *Ђарошáнка* Ром; *Албáнка*, *Бúгарка*, *Рúсинка*, *Тúрчинка*, *Цúганка*; *дијанúјка* Пч, *колúбка*, *кошúлка* Ром, *ливáтка* В. Од придавска основа: *горчелúвка* Град, *прслúвке* сливе Ром, *трнóвка* Жег, *гróздовка*, *кóсовка* СтН.

Одделна група претставуваат образувањата изведени од глаголска основа. Акцентот кај нив паѓа на слогот пред наставката (*-ка*), сп.: *бежáнка* В, *ваљáнка* АгС, *венчáнка* Ор, *пráнка* Кум, *печéнка* АгС, Мург (: пéче, пéчен) и сл. (в. § 159).

Посебна акцентска група сочинуваат именките на *-ка* од типот: *плáтушка* Мург, *сúсерка* Деил, *сúрутка* Кум, *úтајка*, *чáпоњка* Коин, *шéшљанка* Чет; потоа разни културни заемки, на пр., *мúзика* Кум, *фáбрика* и др.

Суфиксните образувања со двосложните наставки *-ика* и *-инка* имаат акцент на суфиксот: *благúника* Ос, *зеленúка* Деил, *јасúка* Буков, *перуúника* Мат, *црвенúка* Длъб, *чемерúка* Арб, *чубрúка* Ром; *кожúнка* Руѓ, *лозúнка* ГК, *слúгинка* Ник, *чеклазúнка*; *Влаúнка*, *Гркúнка* Коњу; — *девојчúнке* Рад, Гин, *ластúнка* АгС, *вреќúнка* Ник, *кошарúнка* Бељ.

Кај образувањата со наставката *-ачка* акцентот паѓа врз неа без оглед на значењето: *гледáчка* Кум, *плетáчка* Ром, *вршáчка* Ром, *давáчка* Арб, Мург.

Кај изведенките на *-ичка* во едни случаи акцентот паѓа на производната основа, сп.: *бáшичичка*, *врбичка*, *бóдичка* АгС, *глáвичка*, *úглички* Кум, а во други на суфиксот: *брадúчка* Др, *жилúчка* АгС, *мушúчка* Кум.

Сите образувања на *-аљка* и *-иљка* се од еден акцентски тип. Акцентот стои на суфиксот: *бришáљка* Ром, *бъцкáлька* Ник, *закачувáљка* Ром, *кршáљка*, *метáљка* АгС, *нишáлька* Чет, *наврзáлька* Ст, *помагáлька* Мат, *ступáлька* Стр, Мург, *сукáлька* Жег (§ 158).

§ 116. *-ља*, *-уља*: *доúља*, *родúља*; *кудéља* Ром, *недéља*, *постéља* Пч; — *ајдукýља*, *бикýља*, *бардакýља*, *зимњакýља* и сл. и редовно со таков акцент (в. § 156).

Образувања со суфиксот *-ина* и неговите деривати. — Изведенките на *-нина*, *-арина* и *-етина* обично се акцентираат на суфиксот: *главнúна* Кум, *крвнúна* Ор, Чел, *рамнúна* Ор, — *возарúна* Ром, — *бабетúна*, *баретúна*, *вреќетúна*, *главетúна* итн. (в. § 163).

Образувањата на *-ина* се од два акцентски типа. а) На наставката паѓа акцентот кај изведенките од типот: *главúна* Пез, Руѓ, *постељúна* Ник, *долúна*, Чел, *крајúна* АгС, *прашúна* Коин, *ртúна* Арб; *месечúна* АгС, *пажúна* Ром; — *белúна* Кум, *врућúна* Ром,

Јач, *длибúна* Ром, *дужúна* В, *длужúна* Кум, *дебелúна* В, *крибúна* Мат, *киселúна*, *модрúна* Чел, *низúна*, *правúна* Чел, *сировúна* Жег; *пешúна* Ром, *мнозúна* Оп, Ор, Др, *колцúна* Пч, Руѓ; — одделни лексички единици: *дешелúна* АгС, *купúна* Ром, *малúна* Оп, От, *падúна* Жег, Обл. б) На основниот дел: *áлина*, *бóрина* ГК, *завéшина* Стр, *прáвдина* Кум, *ýшрина* Ром, *дóбрина* Ром, *нóвина*, *жéшшина* Пч; *дéлбине* Пч, *машóчина* Мург, *бúшшина* Чел, *сýдбина* Ор, и др.

Двојност во акцентирањето покажуваат и изведенките со суфиксите *-овина*, од. *-евина* и *-шшина*: *буковúна* Чет, Жег, *зимовúна*, *ладовúна*: *шáшковина* Кум; — *боѓáшшина* Чет, *немáшшина*: *сватошшúна* Кум.

Наставката *-иња* секојпат е нагласена: *вечерúња* Одр, *добрúњу* ВИљ, *убавúња* В, Обл (§ 160).

§ 117. Исто така редовно носат акцент и наставките *-оша*, *-ошија* и *-оќа*: *ѓреóша* Пс, Отља, *срамóша* Кум, Ор; — *бесношúја* Пч, *босошúја* В, *ѓолошúја* Мург, *срамошúја* Пч; — *блаѓóќа* Ранк, *прошóќа* Руѓ, *слепóќа* Ром, итн. (§ 160).

§ 118. Образувањата на *-ица*. — Кај образувањата со наставката *-ица* и нејзините деривати имаме посложена акцентуација. Во бројни примери акцентот паѓа врз наставката, а исто така бројни се случаите со акцентот на основниот дел. На пример: а) со акцент на наставката: *бачúца* (: бач), *ьучúца*, *ѓрмúца* Пс, *дубúца* Ник, Руѓ, *кљунúца* Пч, *кмешúца*, *краљúца* СтН, *сшолúца* Жег, Обл; *биволúца* (: бúвол), *деверúца* Длъб, *заѓарúца* Жег (: зáгар), *чукарúца* Ор, *капранúца* Стр; — *брашанúца* (: брашáнъ^{a}ц), *жељудúца* Ром, Кум, *маѓарúца* Ор, Мург, *сиромашúца* (: сиромá); *ечменúца* слама АгС, *казанúца* Мал; *водúца* Одр (: вóда < водá), *ѓлавúца* Чел, *земњúца*, *кравúца* Ранк, *ножúцу* Одр, *срамошúца* Чет и др; б) со акцент на основниот дел: *кр̀шица* Чет, *плýшица* (: плуг); *пољáкица* (: пољáк) Ром, *скúшница* (: скúтник), *сшопáницу* Ст, *јýжица* (: јýже); — *бáбица* (: бáба), *дýшица*, *жáбица* Одр, *пáрица* Ранк, *рýчица* Одр, *крóшњица* Деил, *цр̀квица* Чел; *мáјчица* Одр, *кóичицеше* Одр, *сшóчица* Ранк; *девójкица* Мал, *колúбица* Ник. Дали ќе падне акцентот на основниот дел или на наставката, се гледа, во многу случаи зависи од тоа каков бил акцентот порано; оние именки што имале подвижен акцент обично се акцентираат на суфиксот, макар што не се врши тоа со апсолутна доследност. Аналогијата и тука до голема мера ја пореметила законитоста во акцентскиот премет.

Ваква двојност во поглед на акцентското место покажуваат и изведенките од придавска и глаголска основа. Сп. а) *здравúца* Чел, *јунúца*, *лудúца* Ст, *ранúца* Пч, *црнúца* В, *сшуденúца* Топ, *црвенúца* АгС, *ситнúца* Мург, *ситнúцу* крушку Одр; *воденúца* Чел, *дрвенúца* Ор, *зимњúца* Деил, *леденúца*, *рамнúца* Ник, *рженúца* Ст, *шамнúца* Ст; — *бращенúца* Тал, *баренúца* Ст, Стр, *крсшенúца* Др, *мукенúца рањенúца* Чет, *сеченúца* Мург, *сшаниúца* Ор, *цешаниúца*, *чуканúца* АгС, *лознúца* Арб, *смолнúца* Пч, *орнúца* Мал; — *дренов-*

ни́ца ІІІР, АгС, *ловни́ца* Отња; *бејали́ца* Ст, *сијали́ца* Кум; — б) *бе́шшица* ВИљ, *ја́ловица* Пч, *кри́вица*, *кра́ставица* Ник, Чел, *ко́мовица* От, *ре́скавица* Мург, *шума́шица* Руѓ; — *ѓра́њица* Пч.

Образувања на *-вица*, *-ница* и др.: *и́лавица*, *ла́зарица* Стр, *ла́шавица*, *шу́авица*, *ри́кавица*, *у́ставица*; *бра́шница* Можд, *заду́шница* Чет, Ор, *ки́шница* Мъгл, *неби́дница* В, *шодо́јница* Можд, *шобо́јница* : *ло́зница* Арб, *смо́лница* Пч.

Сп. уште: *коби́ла* Мал, *ками́ла* В, Пч, *шоро́ла* Кум, СтН, Ор, *коша́ра* Ст, *шоточа́ра* Ник, *струѓа́ра* Ром, *бече́ра* Ром, Одр, *секи́ра* Кум, Мург, *клису́ра*; *неве́сша* Ром; *кошу́ша* Ос, Деил, *опу́ша* Дов, Мург, *раки́ша* Др.

Именки од среден род

§ 119. И именките од среден род никојпат немаат акцент на последниот слог. Двосложните се сите од еден тип — со акцент на кореновиот вокал: *бла́шо*, *жи́шо*, *зла́шо*, *се́но*; *мо́ре*, *шо́ље*; *ви́но*, *њъ́здо*.

Кај повеќесложните именки акцентот може да стои на сите слогови освен на последниот: *аљи́ште* Ранк, *боѓа́шсшо* Пч, *бреше́но* Ром, *коле́но* Дов, Оп, *наковáлно* Јач, Кук, *шобе́смо* В, *ѓобе́до* Ром, *кори́шо* Мат, *желе́зо* Ос, Рад (на претпоследниот), — *ра́скрсје* АгС, *ѓре́мрежје* Ор, *ду́ало* Мал, *е́зеро* Мал, Ор (на третиот), итн.

Образувањата на *-ибо* се акцентираат на основниот дел: *ѓо́рибо*, *шле́шибо*, *ше́чибо*.

§ 120. Индиферентни се спрема местото на акцентот и суфиксите *-це* и *-че*. Акцентот кај изведените со овие наставки стои на истиот слог како во основниот збор. На пример: *ба́рибце* (: ва́риво), *бреше́нце* (: вреше́но), *коле́нце* Дов, *кори́шце* Ор, *мошави́лце* АгС; — *амба́рче* (: амба́р), *ава́нче* (: ава́н), *барда́че* Кум, *виљу́шче* Мал (: виљу́шка), *ѓрудни́че* Ром, *ѓерда́нче*, *доби́че* Јач, *коѓра́љче* АгС; *ѓу́шшерче* Мат, *де́верче* Кук, Отња, *и́зворче* Кум, *ја́буче* Мал, *ја́риче* Дов (: ја́рица), *кр̀лешче* Оп, АгС, *ка́менче* Пч, *о́блаче*, *шо́есче* Коњу.

Меѓутоа, нивните варијанти *-енце* и *-иче* се однесуваат поинаку. Образувањата на *-енце* имаат редовно акцент на суфиксот, одн. на првиот негов слог: *брде́нце* Стр, *ѓрозде́нце* Ранк, *добиче́нце* Стр, Кук, *дешене́нце* АгС, *ждребе́нце* Мал, Ник, *јаре́нце*, *јаѓњене́нце* Мал, *крсше́нце* Стр, *маѓаре́нце* Ст, Пч, Дов, *маче́нце* Кум, *пиле́нце* Жег, *пешле́нце* Оп, Ром, *сине́нце* Стр, *шорбе́нце* Одр (в. § 162).

Изведените на *-иче* (*-инче*) се од два типа: кај едни акцентот паѓа на суфиксот ,сп.: *башчи́че* Мург, *водѝнче* Пч (: во́да < вода́), *крошњи́че* Жег, *чешми́че* Ник, а кај други стои на основниот дел, на пр.: *бре́киче* Ром, *неве́сшиче* Кук, *неве́сшинче* Пч, куде́ *куќи́чено* Ранк, *че́рпиче* Ром; со двоен акцент го забележив зборот *шо́рбиче* Кум, Стр, *шорби́че* Руѓ, Стр.

§ 121. Два акцентски типа имаме и кај образувањата со суфиксот *-ало*: а) со акцент на наставката: *клеша́ло*, *нишáло* Чет,

ѕтупа́ло Стр, *струга́ло* Коњу; *бели́ло*, *коси́ло* Кан, *лепи́ло* Ром, *црни́ло* Мал, Мург, *ѕеди́ло* Др; б) но и: *ѣнѕало* Чет, *дрдало* Мал, *дуа́ло* Мал, *зи́мало* Стр, *ме́рило* Одр, *повѐзало* Стр.

Сп. и: *бури́ло* Стр, Коин, *ѕни́ло*: *бр̀дило*, *набр̀дило* Стр.

§ 122. И образувањата со суфиксите — *ишше*, *-лишше* и *-овишше* во акцентски поглед можеме да ги разделиме во две групи:

а) со акцент на наставката: *буњи́ште* Ор, Мат, Оп, *ѕињи́ште* Стр, *пепели́ште* Отља, *песочи́ште*, *пазари́ште* Ор, *режњи́ште* Руѓ, *стрњи́ште* В, *шавари́ште* Чел; — *ајдучи́ште* Пч, *вучи́ште* (: вук) АгС, *жандари́ште* Пч, *жени́ште* В, *слами́ште* Ром, *ѕорби́ште* (§ 161);

б) на основата: *ѕро́биште*, *ѕро́бишта* Ник, *ѕњо́ште* Ст, *по́диште* Руг, *е́чмиште* Стрез, *ло́ѕиште* АгС, *со́лиште* Ранк, *ѕрено́киште* Кум, *си́риште* Пч; — *вр̀та́лиште* Град, *ѕра́лиште* Кум, Ром, *скака́лиште* Ор, Одр.

§ 123. Интересно е дека како лексичка морфема во поглед на акцентското место се однесува и множинската наставка *-ња*. Со оваа наставка имаме два вида акцентски образувања: а) со акцент на наставката, на пр.: *девојчи́ња* Мат (: девојче), *дечи́ња* Одр, В, *ждреби́ња* Отља, *момчи́ња* Пч, Ранк, *маѓари́ња* Отља, дветри *парчи́ња* Стр, *ѕенѕери́ња*, *ѕуби́ња* Стр, Мург; — б) со акцентот на основниот дел: *бра́ѕчиња* Прој, *вра́пчиња*, *волóвчиња* Мург, *и́миња*, *јужиња*, *клу́пчиња*, *ко́лчиња* Пч, *ка́билиња* В, *кр̀пчиња* МлН, *пра́сциња*, *пра́сиња*, *ѕе́лчиња* Кум (в. § 147).

Во граничните села со овчеполскиот говор повеќе се генерализира едно акцентско место — на наставката, како што е сторено тоа во овчеполско-кратовската и штипско-струмичката група (ЈФ IV 57—58), сп. во Градиште: *воловчи́ња*, *времѝња* (: *врéминја* во Мат, Прој, *волóвчиња* Мург).

Множинската наставка *-ики* никојпат не е нагласена, сп. *бра́вчики*, *ја́рики*, *пи́лики*, *ну́чики*.

Акцентот во туѓите зборови

§ 124. Туѓите зборови подлежат главно на истите акцентски правила што важат и за другите именки. Именките што завршуваат на согласка обично се акцентираат на последниот слог. На пример: *ѓенера́л*, *ѕуне́л* Мал, *шрапне́л* Рад, — *аспири́н* Кум, *бензи́н* В, — *балка́н*, *биѕо́н*, *ѓрамофо́н*, *камио́н*, *реóн* Кум, *шпио́н* Ром, *шпивóн* Петр, *пиштóљ* Ник, — *бригаде́р*, *офице́р*, *офици́р*, *мајо́р*, или *пуѓа́ш* и др.

Така е и во турските зборови кои се и најбројни меѓу туѓиците. Сп. *бајра́к* и *барја́к*, *бата́к*, *басама́к*, *дувáк* Ром, *јума́к* Стр, *кача́к*, *капа́к*, *качама́к* Ст, *кушља́к*, *мера́к*, *соса́к*, *шокма́к*, *чарда́к*, *чира́к*, *чита́к*, *шаја́к*; *ѓевре́к*, *еле́к*, *јурне́к*, *ќуше́к*, *чере́к*, *шебе́к*; *беѓли́к*, *ибри́к*, *пешели́к*; *ајду́к*, *кулу́к* Руѓ, *паму́к*, *суру́к*, *шарачу́к* Ром;

ба̄ть̀к Ор, *ба̄тль̀к*, *есть̀к*, *јаїль̀к*, *ка̄ть̀к* (т. katȉk), *кор̀ьк*, *сандь̀к* Ром; наставката *-лък* секогаш е нагласена, сп. *ацамиль̀к*, *а̄пашль̀к* (§ 160);

абáн, *бо̄стáн*, *бердáн*, *ьӯстáн*, *ьилцáн*, *їајта̄н*, *їердáн*, *дукáн*, *колáн*, *казáн*, *јорїáн*, *ка̄трáн*, *меїдáн*, *минта̄н* и *мивта̄н* Ст, *нишáн*, *орман* Лоп, *їелиьáн*, *та̄бáн*, *тиїáн* и *тиїáњ*, *тавáн*; — *ћерéн*, *леїéн* Пељ, *мердевéн* Кум; — *зејтúн*, *изъ̀н* Ст 'изин';

амбáр, *ајьáр*, *бунáр*, *бекáр*, *измикáр* Ст; *беїлéр*, *тевтéр*, *фењéр*, *чембéр*, *баúр*, *сејúр*, — *намкóр*, *та̄бóр*, — *са̄тъ̀р*;

долáї̄, *ќебáї̄*, *себáї̄* и *себéї̄* Ор, *чорáї̄*;

арїáта̄, *їазаркáта̄* Кум, *ајáта̄* Ор;

бакчúш, *їаздáш*, *дервúш*, *кардáш*, *келéш*, *каúш*, *кодóш*, *сарóш*, *чаýш*. Исп. уште: *амáл*, *карта̄л* Мург, *їарта̄ль* Арб, Ранк, *четáл* Одр, *фодýл*, *цуцýл*; *дембéль*, *речéль* и *реџéль*; *зулýм*, *килúм*, *ќосéм*; *мелéз*, *мешерúс* Ор, и др. — Изведениките на *-џúја* (*-чија*), кои се доста бројни во нашиов говор, секојпат се акцентираат на наставката, сп. *їајдаџúја*, *евзаџúја*, а во вокативната форма акцентот паѓа на последниот: *їајдаџúй* (в. § 155). — Но меѓу турските зборови има и такви кај кои акцентот може да падне и на последниот отворен слог, на пр.: *јабанá* Одр, *бељá* Гин, *ќе си тýру бељá* Ранк, слуша од *бељá* Стр, *џагé* Ранк покрај *џáге*.

Акцентот на сложените именки

§ 125. Пред сè нас нè интересира акцентот на правите сложенки.

Сложенките што им е втората компонента глаголски дел имаат акцент на вториот составен дел: *ьодоте́к* Стр, *ьодоп̄ój* Кум, *колоьóс* Чел, *Козлодéр* Коин (месно име), *мишомóр* Лоп, *очобóль* Стр, *слънчоїлéта̄* Ром, Руѓ, *санокóс* ШР, — *боїомóлсто* Кук, *їрадобúја* Стр, Деил, *киселопéја* Ос, Деил, *злокóбник*, *душоїýбница* Стр, *руководи́тель*, *сланопáѓа* Пч (§ 166).

Сложените образувања што им е вториот дел именка се од два акцентски типа. Во образувањата од типот *белоїъ̀ска*, *ьадоду́шник*, *дебелокóрка* акцентот најчесто паѓа врз втората компонента, сп. *домазéта̄* Коин, *средорéк* Ром, *стоноí* Љуб 'стоногалка', *Голомéница* Можд (месност), *модроїлáьци*, *куцозýпци* Стр, *трилéтница* АгС, *праóрке* Кум, *Добросéљане* Ром, *Злокýкане*, итн. Сложенките пак без составен вокал имаат акцент на слоговите од првата компонента: *Аганáсовдъ^ан* Ром, *Дýодъ^ан* ГК, *Мúтровдъ^ан* Ор, *úмендъ^ан* Кум; или: *клýндрьо*, *кóњштрк* Стр, *пýпмара* Бујк 'бубамара', но: *клинчóрба* покрај *клúн-чóрба* Стр, Рад, *бýбамáра* Кан. Последнава сложенка со ваков акцент се среќава и во говорите со третосложен акцентски систем.

Во императивните сложенки обично носат акцент обата составни дела. И тоа на првата компонента тој паѓа врз наставката (*-и́*), сп. *ьлечи́-клáшье* Љуб, Стр, *млати́-кýчка* Стр, *трди́-бýка* Стр,

мрсѝ-пе́шко Стр, *пали́-сла́ма* Рад, *пандѝ-бе́к*, но и *пандибе́к* Љуб; — *разбе́ј-ја́јда* Љуб, топ. *Разбе́ј-јузи́ца* и *Забе́ј-јузи́ца* Стр. Сложената *пужи́-му́ж* Др може да се чуе и со еден акцент, сп. *пу́жимуж* Ран, Стр, Рад.

§ 126. *Сложени именки со претставки.* — Акцентирањето кај образувањата од овој тип е различно.

Изведените именки од сложени глаголи (префиксирани), било да се со суфикс или без, обично се акцентираат на префиксот без оглед на бројот на слоговите. На пример: *за́бржња* Стр, *За́брта* МлН (име на месност — тука се врти Пчиња), *за́седа*, *за́преја* Ор, *за́лоја*, *за́рада* Пч, *за́брана* Кум, *на́прада* Ром, *на́праба* Ник, *на́ука* и *о́дука* Петр, *о́прада* Ник, *о́праќе* Коњу, *о́блоја* В, Стр, *о́струшка* Гер, *о́тпуска* Ник, *о́тока* Гер, *о́ттока* Пч, Петр, *по́дноба* АгС, *по́тера* Стр, Стрез,*про́тока* Кум, *про́пуда*, *пато́ка* Мал, *по́дбала* Љуб, *по́нуда*, *по́ставба*, *по́дноба*, *пре́прада*, *по́длоја*, *по́шкоба*, *по́треба*, *пре́прека*, *по́јодба* Мург, *у́праба* Кум (изведени со суфикс); така и: *за́клетва* Пч, АгС, *за́друја*, *про́лука* Стр; *по́дбеска* Ст, *по́дношка* Рад;

до́јобор ГК, *за́сек* ГК, Тал, *за́тбор* Стр, СтН, *за́клоп*, *за́оп*, на *за́оп* сљнце Град, *и́сип* Мург, *и́збор* Кук, *на́бој* Ддр, *на́бој* СтН, *на́нис* Стр, *на́сип* Др, *на́пер* Стр, *о́ткос* Ранк, *о́блок* Ром, *о́тбор* Гер, Пч, *о́ток* Ор, *о́шкип* Гер, *о́мит* Мург, *о́дбор* Кук, Руѓ, *по́дљуп* Гер, *по́лок*, *по́тсме* СтН, *про́рок* Ром, *по́дбос*, *по́ттор* Стр, *по́чек* Ранк, *пре́клоп*, *пре́бој* Стр, *пре́коп* В, *пре́шеч* Руѓ, *пре́слоп* Мург, *по́рун* Стр, Мург, *ра́сап* Стр, *ра́стеж* Стр, *ра́стеј* Таб, *су́јрей* Стр, *у́врат*, *у́мит* Стр, *у́јобор* Лоп, Ор.

Во сложените глаголи, меѓутоа, акцентот секојпат паѓа на основниот дел, сп. :*забра́ни*, *напра́ви*, да се *отту́шти*, да му *потé-рамо*, *прошéче*, *понуди*, *пошко́веш* Ром, *засéче*, *затво́ри*, *заоди* сљнце Одр, *набу́је* Пч, *обло́жимо*, *отво́ри*, *отéче*, ке *почéка*, *растéјне*, и сл. Случаите како *за́тре* Стр, *зъ́бре*, *по́мре* Град не ги земаме предвид.

За изведените именки од сложени глаголи со други суфикси, видовме, важат други закони (сп. *забу́тъ^{а}к*, *полéвъ^{а}к*, *повóдник*). Така и за изведените имиња со предлози, како што се, на пр.: *безвéрник*, *бездýшник*, *безýмник* Кум, *подноја́ч* Ник, *подбра́дъ^{а}к* Ор, *задýшнице*.

Претставката *пра-* во *пра́поръ^{а}ц* Стр секојпат се нагласува. Сложените образувања со честичката *не-* како прва компонента и со грчкиот префикс *пара-* имаат два акцента (в. § 154).

Акцентот во месните имиња

§ 127. Разгледувањето на акцентот на месните имиња во една ваква работа има смисла и оправдание до толку, до колку тие покажуваат некакво отклонување од установените правила на со-

одветните категории зборови. Тие отклонувања се јавуваат најчесто поради смислоразличителната функција на акцентот да го разликува месното име од општото, или поради тоа што при систематизацијата на акцентското место, особено ако се врши тоа во поново време, топонимите доста често остануваат незасегнати. Во кумановскиот говор може да се сретне и едното и другото, макар што бројот на примерите не е така голем. Така, на пример, во оние југозападни села што имаат пренесен акцент на последниот слог и кај именките од машки род, ги забележив именьата: *Бубáк* Бујк, *Кладéнци* Мил (: бýбаќ, кладéнци). Во синорот на селото Шопско Рударе суштествува месност *Пéтй Кладанци* (тие се пет извора), а во Страцин *Трú Свéтй.*

Но во најголем број случаи месните имиња во нашава област акцентски се согласуваат со односните општи именки. Сп. имиња на *-úja*: *Авлúја* Пез, *Драïасúја* Чел, *Корúја* Чел; *-ак*, *-јак*: *Габрáк* Деил, *Плоштáк* Ник (: плоштáк Пч), *Камењáк* Можд, *Ремењáци* Деил, *Брзáк*; — *Бýјак* Коин, *Кóјзак* Арб, Стр, *Óрљак* Можд; *Мождúвњак*; *-ник*: *Голубáрник* Кум, *Голýбник* Ор, *Еребичáрник* Дов, *Лескáрник* Ор; *-ък*: *Съ^{а}стáнци* Чел; сп. и: *Гóлик* Ор, *Зáбел* Чел, *Гредéл* Жег; *Балвáн* Коин, *Пéрен* Деил, *Герéн* Коин; *Гúлúн* Др, *Стрáцúн*, *Таïачúн* Мал, *Цоцолúн* Буков; *Јесикáр* Др, *Пржáр* Ром, Пч, *Прашчáр* Жег, *Чукáр* Чел; *Орá*, *Коњý*.

Именьата на *-о(е)вьц* обично се акцентираат на основниот збор од кој е произведено името: *Бýковь^{а}ц* Чрл, *Брáшковь^{а}ц* В, *Вójковь^{а}ц* Пч, *Гулúновь^{а}ц* Чел, *Дојчúновь^{а}ц* Др, *Пр̀човь^{а}ц* Жел, *Рáјчевь^{а}ц* Коин, *Тополúновь^{а}ц* Чел, поретко на наставката: *Косóвь^{а}ц* Руѓ, *Ковачéвь^{а}ц* Ос, *Попóвь^{а}ц* Чел, *Соколóвь^{а}ц* Др, *Штрблóвь^{а}ц* Мург.

Две акцентски групи образуваат и именьата на *-ица*. Акцентското место условено е, како и кај општите именки со оваа иаставка, од природата на акцентот на основниот збор, така барем е во најголем број случаи. а) Со акцент на наставката: *Ковачúца* ШР, *Сокољúца* Жег, *Трнúца* Чел, *Трлúца* В, *Дљбочúца*; б) со акцент на производниот дел: *Балабáница* Др, *Витáница* Град, *Војвóдица* Мал, Коин, *Грнчáрица* ГК, *Дéделица* Коњу; *Бáбица* Чел, Ник, *Ливáдица* Ром, *Медвéѓица* Руѓ, *Бúстрица* Мал, *Вашљúвица* Чет, *Врáница* Ст; *Гр̀бавица* Деил. Кај именьата на *-ница* и *-овица* претежно акцентот стои на производиот дел: *Врчвáрница* Град, *Габрешница* Коин, *Говедáрница* Мал, Пс, *Добрóвница* Можд, *Повúшница* ШР (река), *Плакáрница Бељ*, Ос, *Осójница* Ор; *Бéљаковица*, *Бабáчковица* Тал, *Бáшковица* Отља, *Балабáновица* Буков, *Гáлевица* Ст, *Зељáнковица* Деил, *Кр̀левица*, *Пљáчковица* В, Опаја, *Тúревица* Јач, *Шáрковица* Ст.

Најчесто на слоговите од производниот дел паѓа акцентот и во образувањата на *-овце* и *-це*, сп. *Ржáновце*, *Бýјковце*, *Враïотýрце*, *Мъ̀ленце*, *Пéљинце*, *Рýѓинце*, *Стрéзовце*, *Чéтирце*, и *-јане*: *Буковљане*, *жéњане*, *Злокýќане*, *Никýљане*, *Новосéљане*.

Имињата на *-ишта* се од два типа: а) со акцент на наставката: *Градѝште* Мил, *Гноѝште* Длъб, *Кошарѝште* ШР, Руѓ, *Језерѝште* Мал, *Млечѝште* КБ, *Соборѝште* Пс, *Трлѝште* Мург, б) со акцент на основата: *Воденѝчиште* Мал, *Гу́мниште* Пез, *Гра́ниште* Град, *Е́чмиште* Др, *Кра́ниште* Мал, *Ло́јзиште* НС, *Ле́киште* Пез, Отља (в. § 122).

Сп. уште: *Почива́ло*, *Плака́ло* Пез, Коњу, *Пр́скало* ШР, *Пу́мпало* Кум.

§ 128. Од прегледов на акцентираниот материјал паѓа в очи дека најмногу промени во поглед на акцентското место претрпеле оние именки што завршуваат на вокал, а коишто имале порано акцент на последниот слог. Тие се именките од типот *жена*, *душа*, *борба*, *срамота*, *ширина*, *пелена* и сл. (сп. рус. *жена́*, *душа́*, *борьба́*, *ширина́*, *пелена́*, срп. шток. *жѐна*, *дȕша*, *бо̀рба*, *срамо̀та*, *ширȉна*, *пѐлена*), или *bедро*, *гнездо*, *решето*, *вретено* (рус. *bедро́*, *решето́*, срп. шток. *bѐдро*, *вретѐно*, *решѐто*). Сите тие денеска имаат пренесен акцент: *жена́*, *ду́ша*, *срамо́та*, *пелена́*; *bе́дро*, *гне́здо*, *реше́то*, *време́но*. По тој начин именките од акцентскиот тип *жена́* < жена́, *но́га* < нога́, *ру́ка* < рука́ се изедначиле со именките од типот *ба́ба* (шток. *ба̏ба*); именките од типот *bе́дро* < *bедро́*, *bи́нце* < *bинце́* со именките од типот *ме́сто* (рус. *ме́сто*, шток. *мѐсто*) образувале една група; повеќесложните именки, како *срамо́та*, *пеле́на*, одн. *време́но*, *реше́то* се измешале со многубројните образувања со акцентот на претпоследниот слог. Кај именките од машки род поголеми промени претрпеле еднослоѝните од типот *дом* (срп. шток. *до̀м*, *до̀ма*, мн. *до̀мови*, рус. *дом*, *до́ма*, мн. *дома́*, *домо́в*), *нож* (срп. *но̀ж*, *но́жа*, рус. *нож*, *ножа́*), кои се измешале со именките од типот *сват* (р. *сва́т*, *сва́та*, срп. *сва̀т*, *сва̀та*) и образувале една група, ср. мн. *до́мови*, *но́жеви*, *сва́тови* (: *волóви*, *попóви*, кои се единствени исклучоци), како и образувањата со подвижно *ъ*, од типот *мо́ль*^{ъа}*ц*, *о́рь*^{ъа}*л* и сл. Другите именки од машки род, двосложните и многусложните, старото акцентско место го пазат релативно добро, а кај образувањата од женски и среден род промените се минимални.

Пренесувањето на акцентот во споменативе групи знатно ја пореметило старата состојба во акцентските типови. Некои акцентски типови, особено тие што имале подвижен акцент, се прегрупирале во смисла кон упростување на акцентските групи. Така, на пример, од неколку акцентски типа кај еднослоѝните именки од м. р., и кај двосложните од ж. р. и ср. р. се добил само еден. Бројот на именките со акцент на вториот слог со тоа знатно се наголемил.

§ 129. Промените во акцентското место, како што видовме, се вршеле главно во последните два слога, додека во почетните слогови не се јавиле некои поголеми промени. Така, кај оние трисложни или четирисложни именки што имале порано ак-

цент на првиот, одн. на вториот слог од почетокот, тој се пази со прилична доследност и денеска; сп. *ма́кеба*; *ја́ѣода*; *ја́збина*, *ко́чина*, *ко́зина*, *ко́мина*, *но́вина*, *бѣшѣина*, *ро́вина*, *у́ѣрина*; *бе́шѣица*, *ма́ѣица*, *ја́ловица*, *кра́сѣавица*, *ѣскавица*, *бе́рверица*, итн. Но и: *до́брине*, *и́кона*, *су́дбина*, *ѣра́ница*, *ко́мовица* От, *кри́вица* Ник; *За́ѣорка*, *ло́бода*; во *ѣланина* акцентот е поколебан — имаме *ѣла́нина* Ник и *ѣланѝна* Ор. За глаголските именки изведени од сложени глаголи види напред (§ 126).

Повлекувањето на акцентот од последниот отворен слог забележено е од Олаф Брох, Белиќ и Милош Ивковиќ, првите двајца врз материјалот од врањскиот говор[140]), а Ивковиќ на материјалот од нашите источни и југоисточни говори[141]).

Како се објаснува акцентскиот премет? А. Белиќ оваа појава ја разгледува до колку се однесува на врањскиот говор, и според него на тој терен таа не е од фонетска природа (СДЗ, I, 285). Белиќ смета дека установувањето на современиот акцентски систем во споменатиов говор се извршило под влијание на македонските говори, „и зато је потребно ту страну врањског говора испитати заједно са говорима Ст. Србије" (СДЗ II 88, сп. и Диј., 285—287, и во критиката на Броховите Dialekte, СДЗ II 37), т. е. македонските. Ивковиќ, меѓутоа, на неа гледа како на гласовен процес. „За нас је несумњив факт да је у овим говорима (т. е. во штипско-струмичките и кукушко-воденските, б. н.) постојао гласовни закон о редукцији акцента на отвореним крајњим слоговима" (ЈФ II 265).

Ако е тоа така во говорите што ги испитувал Ивковиќ, тогаш истото мора да се прими и во кумановскиот и другите северни говори, бидејќи сите тие, како што се спомена, претставуваат еден акцентски тип.

Како најсигурен аргумент за претпоставката на Ивковиќа би бил фактот што во оваа зборовна категорија (именките) префрлањето се извршило со апсолутна доследност. Други аргументи за својата теза тој не приведува. Во овие неколку случаи што се акцентираат уште на последниот слог, на пример, формите за 2 и 3 лице еднина на аористот, формите за ж. и ср. род од бројот *еден* (*една́*, *едно́*) или случаите како *блазе́*, според Ивковиќа, акцентот е внесен или од други слични форми — во 2 и 3 л. аорист од другите лица (*ѣрча́* : *ѣрча́ме*), во *едно́* од формата за м. р., или се тие внесени отстрана во поново време (ЈФ II 264). Ова е сé што приведува Ивковиќ за поткрепа на поставената теза. Бројот на случаите со непренесен акцент во кумановската и кратовско-овчеполската говорна област е знатно поголем отколку во штипско-струмичките, сп. зам. форми *која́*, *којо́*, *чија́*, *чијо́*, *оваква́*, *ѣаква́*, *онаква́* (§ 200), прилозите *обде́*, *онде́*, *како́*, *каквво́*, *ебе́*, *еѣе́*, *зашѣо́* и др., а да не ги земаме предвид и бројните турски зборови или

[140]) Broch, Dialekte, 54. — Белић, Дијалекти, 286.
[141]) М. Ивковић, op. cit., ЈФ II, 3—4, с. 264—265.

зборовите како *кожу́*, *пердýу*, *орá*, *сиромá* и сл., или *пеdесé*, итн. А сите тие не можат да се објаснат ни со аналогија, нити со влијание отстрана.

Придавки

§ 130. Погоре споменавме дека и придавките имаат генерализирано едно акцентско место во сите форми образувани со граматичките наставки. Тие се управуваат спрема акцентот на формата за машки род, сп. *бéла*, *бéло*, *бéли*, *бéлуту*: *бел*, *бéлъ^{a}т*, *бéлотоїа*, *бéлоboїa*. Спрема тоа јасно е дека сите образувања што им е формата за машки род еднословна ќе имаат акцент на почетниот слог.

§ 131. Изведените придавски образувања спрема местото на акцентот можеме да ги поделиме во две поголеми групи: 1) кога акцентот паѓа на суфиксот, и 2) кога тој паѓа на производниот дел од составот.

Во првата група — со акцентот на суфиксот спаѓаат сите придавски образувања на *-љиb*, *-от*, *-ит* и *-обит*.

На пример:

-љиb: *bъ^{a}шљúb*, *їрабежљúb* Чел, *жалосљúb* Кум, В, *каменљúbo* место Ор, *мрзељúb* Мал, Руѓ, *мрзешљúb* Чел; така и: *брљúb*, *шупљúb* Чет, Кан, Бајл;

-ат: *боїáт* Мат, *бркáт*, *кошчáт* Ник, *крилáт*, *меснáт* Кум, *ноїáти* гре́бењци МлН, *окáт*, *плеќáт*, *сувáта* трава Кум, *срчáт* Кук;

-ит, *-обит*: *бележúта* Одр, *bapобúто*, *bетробúт* Чет, *bековúт* Кум, *bрловúто*, *їласовúто* Кум, *кишовúто* време Ранк, *каменúто* је овој место Др, *лековúт* Кум.

Така се акцентираат и оние неколку придавки на *-ок*: *bисóк* Жег, *bисóко* место Ст, *длибóк* Ром, *длибóко* Др, *дљбóко* Ор, *ширóк* Мат, *ширóка* њива Чел, *ширóка* падина Руѓ.

§ 132. Кај образувањата на *-ин*, *-њи*, *-ски*, *-ън*, *-ък* (*-чък*) акцентот најчесто се пази на слогот од зборот од кој е изведена придавката. Сп.

-ин: *Велúкин*, *Илúин* (: Илúја), *Мáрин*, *Póскин*; *бáбино* чéдо Кум, *еребúчин* Кум, *лисúчина* дупка Чел, *мáмин* син Ст, Ор, *снáшкин* Ник;

-њи: *божúќњи* пос Коин, *bечерáшњи* Ор, *сúношњи* гра Стр;

-ски: *арáпски*, *bојнúчку* кулу Ник, *болóbска* гуља Одр (сп. волóви), *држábски* имóти Ром, *јáтњешко* Пч, *кýчики касáпски* Кум, *коњýшки* (: Коњý), *кумáновски*, *лебáрску* соду К (: лебáр), *мајсторски* Ник, *óbнешко* месо Пч; акцентот во *биволéшко*, *биволéшка* кожа Чет, и *маїарéшки*, *маїарéшке* сливе Деил, Коњу, Кум, одговара на именките *биволúца*, *маїарúца*;

-ън: *ъоденúчъ^{а}н* кáмен Мург, *ъодúшъ^{а}н* Ром, *држáвъ^{а}н* АгС, *жáлосъ^{а}н*, *желéзъ^{а}н*, *мумурýзъ^{а}н* леп Жег; *ýморъ^{а}н*, *челúчъ^{а}н*, но *ъролéкъ^{а}н* рш Руѓ; сп. и *ъолемъ́чъ^{а}к* Мал, *малéцъ^{а}к* Коин.

§ 133. Другите суфиксни придавски образувања немаат уедначено акцентско место. Кај едни акцентот се префрла на наставката, кај други останува на производниот дел. Во многу случаи акцентското место кај нив се определува од тоа каков бил акцентот на производната основа во постаро време.

-ав: а) со акцентот на наставката: *брашњáв* Чел, *ъодињáво* место МлН, *ъетриљáво* време Кум, *кашљичáв* Кум, Чет, *козињáв* Мал, *мрсољáв* Кум, *метиљáво* и *митиљáво* Кум, *ъеъељáв* Ор; — б) со акцент на производниот дел: *ъ́рбав* Кум, *ъ́ушав*, *ъусéничав* Мал, *жúлав*, *жмýркав* Ор, *кáшав* Руѓ, *крáстав*, *кр̀ъав* Жел, *кáљав* АгС; *ълéтав* Ник, *др̀љав* СтН, Мал, *лúзъаво* Чет, *лъ̀скаво*, *љúъав*, *ъáлав* Др.

Од два акцентски типа се и образувањата изведени со проширување на оваа наставка: *беличáв*, *болникáв* Кум, *жутињáв* Чел, *жутињкáв* Кум, *зеленикáв*, *крастиљáв* Ром, *мъ̀љињáво* време Жег, *слабуњáв* Ром; — *ъетърњúчав* Ор, *шуљúкав* Коњу.

§ 134. *-ов*. Качествените придавки *јáлов* Чет и *сúров* Ст, Коин редовно се акцентираат на почетниот слог, а *ъотóв* Ром, Коин на последниот.

Посвојните придавки со оваа наставка се од два акцентски типа: а) во едни акцентот паѓа врз производниот дел: *Аритóновo* је тој Ник, *Бóъданов*, *Јованóв* Коин, *Јорданóв* АгС; *брáтњова* куќа Мал, *дéверов*, *домаќúнов* Коњу, *зéтњова* Жег, Мъг, *именъáкову* мајку Ос, *мýжова* кошýља, *обчáров* Кук, *свéкрова* Дов, *тáткова* куќа Кум, *Тýрчинов*, *ýјкова* девójка АгС (: дéвер, домаќúн) — *јáбуково*, *орáдово* дрво Руѓ, суо дрво *орóово* Петр, шума *орóва* Рад (орàова), *ъелúнов* Мал (јáбука, пелúн, орá).

б) На суфиксот тој се префрла обично кај изведените од имиња на растенија: *блаъунóво* дрво Коин, *брестóво* Арб, *букóв* и *бýков* Кум, *букóва* глава Кук, *вишњóво*, *дренóв*, *дубичóво* Стр, *дубóво*, *јасенóва* шума Стр, *крушóва* ракија Жег, *липкóв* Арб, *орашкóво* Клеч, *сливóва* ракија Пељ, *смрекóво* Ранк, *срчóво* Стр, *церóва* шума Жег, *црешњóв*, *црешњóва* Обл, *чъмóв* Мал.

Исп. и: *Петрóви* пости Стр, *божикéви* пости Ранк. — Придавките изведени од *ъоп* и *кум* се среќаваат со двоен акцент: *ъóъов* Ром, *ъóъова* ќéрка В, Пч: *ъопóва* је ќерка Др, Топ, *ъопóво* Др, што је *ъопóво* да је *ъотóво* Мъг, *кумóва* њива Ос: *кýмова* је тај куќа В.

Разновидноста на акцентирањето на споменативе придавки се објаснува со разновидноста на акцентските особености на нивните основи во постаро време. Основите на образувањата под б) во поголем број случаи имале подвижен акцент. По угледање на нив после почнале да го местат акцентот на суфиксот и други основи.

§ 135. *-ен.* 1. Придавките *зелéн* Кум, Руѓ, Мург, *румéн* Ром, *црвéн* Ор, Пч, Коин, *шарéн* ШР, Скач, *шарéни* чарáпе В, *шарéна* кошýља — на целата територија на запад до Винце—Студена Бара се акцентираат на последниот слог (во формата за машки род).

2. а) Изведенки со акцентот на производниот дел: *бýњен* Ор, *бýњено* аљиште Пч, *бóшчена* мушáма Кум, *лњнен* Мург, *молúтвену* вóду Кум, *сбáдбен* Ром; б) со акцентот на наставката: *брашнéн* Кум, *дрвéн* плук Чет, *маслéн* Кум, *плочéне* куќе Деил, *сламéн* Ор, *сламéна* колибица Ник, *солéн* Кум, *студéн* Пч, сп. и *Студéна* Бара, *Студéна* Вода Ос.

§ 136. *-ас(т),-ес(т):* а) *баљабéсти* зрна АгС, *їаќерéс* пéтъл Стр, *плочњабéсти* Ник, *пердушéс* петел Мал, *цуцулéсти* кáменчики Ор; *ѓувезнáсто* Ром, б) *бýнаста* Мал, *шúљасто* Ос.

Придавките од типот *имáкъ^{а}н* Кум, Чел, имаат акцент на претпоследниот слог. Така и образувањата од типот *їобéѓи, пилéко* (в. § 190). — *Вéсел, кúсел, лáком* и *пúштом* редовно се акцентираат на почетниот слог, а во *дебéл* Ник, Ранк, Руѓ и *їолéм* Пч, *їолéмо* село Ром, акцентот паѓа врз последниот.

§ 137. Сложените придавки обично имаат акцент на вториот составен дел: а) *белонóї, їолорýк, їолокрáк* Стр, *їолоїлáб* Ор, *старолúк, шумоїлáб* Руѓ, *пушонóї* Стр; б) *брзомéтно* орýжје, *самоýчка* рабóта Ром, *самовлáсъ^{а}н, самопрáвски* Ник; *їрадобúт* Ранк, *брзоплéт, кусоїлéт* и др. (в. § 191).

За акцентот на степенуваните придавски образувања в. § 154.

Заменски придавки

§ 138. Посвојните заменски придавки *мој, твој, наш, ваш, њój^{а}н* во сите форми се акцентираат на кореновиот слог. Само во некои најсеверни села во Козјачијата спорадично можат да се сретнат форми со акцент на последниот слог, сп. *мојý, мојúм* Мург, како во врањскиот говор (СДЗ II 51). Заменката *њеїóв* се акцентира на наставката. Во неопределените и негираните заменки акцентот паѓа на почетниот слог: *нéкакъ^{а}в, сбáкакъ^{а}в, нúкакъ^{а}в*, а во формите за признаци на последниот: *обакъ́в, такъ́в, онакъ́в* (*обакбáј, такбáј, онакбáј*), и во другите форми: *обакбá, обакбó, обакбúй, обакбé, такбá* ол. ф. *обакбóїа, такбóїа, обакбý, такбý* итн. Како последниве се акцентираат и прашалните: *какъ́в, какбá, какбó, какбý*.

Заменки

§ 139. Формите од личните заменки *ја, ти, ми, ви* се акцентираат на почетниот слог. Така и заменките за 3 л. :*óн, óна, óно, óни*, освен во крајните североисточни села каде што можат да се сретнат и со акцент непренесен :*онá, онó, онú, онé* Арб, Длъб (К), како во

врањскиот говор (СДЗ II 50). Почетниот слог е акцентиран и кај неодредените и одречните лични заменки. Показните пак имаат акцент на последниот слог: *обе̏ј*, *обáј*, *обóј*, *обéј*, *онѣ̏ј* итн., оп. ф. *обу́ј*, *ону́ј*, а во формите за м. и ср. р. *обóїа*, *обóму*, *онóїа*, *онóму*, мн. *обу́ја*, *ону́ја*.

Двосложните форми од прашалните заменки *кој* и *чиј* во Козјачијата и во Славиште редовно се акцентираат на последниот слог: *којá*, *којó*, *кои́*, *чијá*, *чијó*, а на другата територија се среќаваат и со пренесен акцент (в. § 211).

Броеви

§ 140. Формите на бројот *еди̏н* на целата територија се акцентираат на последниот слог: *еднá*, *еднó*, *едни́*. Кај основните броеви од 11—19 акцентот паѓа на слогот *-на-*, сп. *једъ^{а}нáес*, *дванáес*, *седъ^{а}мнáес*. Во 20 и 30 акцентиран е почетниот слог: *двáесе*, *три́есе*, одн. *двáес*, *три́ес*, а во 40 на последниот: *четересе́*, *четърéс* Кум, *четъресе́* Ник. Во Славиште на крајот акцентот стои и во десетиците од 50—90: *педесе́*, *шеесе́*, *седъмдесе́*, *осъмдесе́*, *девеесе́* Одр, Стр: *пéдесе*, *шéесе*, *седъ̀мдесе*, *осъ̀мдесе*, *девéдесе* — во западниот дел на кумановската област. Во стотниците од 400—900 се акцентира втората компонента: *четърсто́тине*, *петсто́тине*, *деветсто́тине*. Посложен е случајот со акцентот во бројот 1000: имаме *и̏љадо*, но две *и̏љаде*, сто *и̏љаде*.

Глаголи

§ 141. Системот на акцентирањето кај глаголите е знатно поупростен отколку кај именските зборови. Секоја парадигма има свој акцент.

Во презентот, заповедната форма, имперфектот и глаголската придавка тој паѓа врз кореновиот слог, одн. на суфиксот во суфиксните девербативни образувања. На пример:

Презент: *ви́кам*, *ви́каш*, *ви́камо*, *ви́кате*, *ви́кав*; — *но́су*, *но́сиш*, *но́симо*, — *бе́ру*, *бе́ремо*, *бе́реш*; така и: *бо́де*, *пре́бе*, *да́де*, *пе́че*, *зо́бе*, и др. слични, или: *бо́ли*, *по́ри*, *се́ди* и сл.; суфиксни образувања: *надзи́ра*, *попи́ра*, — *кажу́је*, *купу́је*, *прашу́је*; сложени глаголи: *доná́са* Ранк, *затвáра* Стр, *зако́ља*, да *затре́су* Дов, *испова́ка*, *изди́за* Ор. Така сите глаголски типови акцентски се изедначиле.

Заповеден начин: *ви́кај*, *ви́кајте*, *но́си* — *но́сете*, *се́ди* — *се́дете*, *бе́ри* — *бе́рете*, *пре́би* — *пре́бете*; од изведени девербативни глаголи: *попи́раj* — *попи́рајте*, *купу́ј* — *купу́јте*, *пису́ј* — *пису́јте*; така и *немо́ј*. На истиот слог стои акцентот и во сложените глаголи: *донéси* — *донéсете*, *пренéсете*, *избéри* и др., со исклучок на глаголот *подаде*, кој се среќава и со акцент на префиксот: *по́дај* ми гу секируну Коњу, или глаголите од видот *зѣ̀бри*, *по́пири*.

Имперфект: *и́маше* — *и́масмо*, *и́масте*, *и́мава*, одн. *и́маамо*, *и́маате*, одн. *и́машемо* итн.

Глаг. придавка: *бр̀зан*, *бр̀зана-о*, *бр̀зани*; *по̄тр̄ен*; *ис̄пи́ен*, *по̄кр̄ие́н* итн. Акцент на крајниот слог забележив само во формата 'распен' употребена како придавка во сложениот израз *рас̄пе́н пе́т̄ъ^{a}к* Стрез.

§ 142. Во аористната форма акцентот стои на наставката од основата кај сите глаголи: *има́*, *има́мо*, *има́т̄е* (*има́смо*, *има́ст̄е*); *дадо́*, *дадо́мо*, *дадо́т̄е*, *дадо́ба*, *дадо́ше*; *казуба́*, *казуба́мо*, *донаса́*, *п̄ренесо́*. Само спорадично, и тоа главно во западната половина, можат да се сретнат образувања со акцентот на префиксот, сп. *къ̄т̄* оно *по̄т̄ражи*, *у́зеде* ги, татко ми *по̄бе̄ѓна* Ор, Винце се *за̄пали* Кум и др.

§ 143. Глаголската форма на *-л* (*-ја*): *би́ја* — *бил*, *би́ла*, *би́ло*, *би́ле*; *бра́ја*, *бра́ле*, *набра́ја*, *носи́л*, *носи́ла*, *купува́л*, *умира́ле*; или: *ре́къ^{a}л*, *ре́кла*. Во Славиште на запад до Страцин и Дренък кај образувањата од последниов тип (рек-ъл) може да се сретне акцентот и на крајниот слог, сп. *дошъ́л* Одр, *дошъ́л* на удовицу Ранк, *ишъ́л* Ранк, *нашъ́л* Рад, Одр, *о̄т̄ишъ́л* Ранк, *п̄ошъ́л* Љуб, Гин, *п̄ошъ́л* си ву́къ^{a}т Одр, *рекъ́л* Ранк, *ишъ́ја* Стр, или: *дошла́* свињата Одр, *ишла́* куде́ *ишла́*, *о̄т̄ишла́* Ранк, *дошла́* Одр, ба́бата *о̄т̄ишла́* Ранк, *ишла́* куде́ њега Гин, *нашла́* по́арнога и *о̄т̄ишла́* Ранк, мн. *ишле́*, *дошле́*, *рекле́* — како во кривопаланечкиот говор, покрај *и́шја*, *на́шъ^{a}л*, *до́шъ^{a}л*, *п̄о́шъ^{a}л*, *о̄т̄и́шъ^{a}л* Одр, одн. *и́шла*, *и́шло*, *ре́кле* итн. (последниве форми се и почести). Освен овие глаголи со акцент на последниот слог во глаг. форма на *л* можат да се сретнат (само во селата источно од Радибуш—Опила) и помошните 'сум' и 'о́ку', сп. *била́*, *било́*, *биле́* Ранк, Одр, Гин, *т̄ела́* Ранк, Гин, Одр, она је *т̄ела́* Оп, *т̄ело́*, *т̄еле́* Одр, Можд, покрај *би́ла*, *т̄е́ла* итн.

Глаголскиот прилог: *има́е́ќе*, *ора́е́ќе*, *п̄ој̄а́е́ќе*, *носе́е́ќе*;

глаг. именка: *има́ње*, *нема́ње*, *ора́ње*, *п̄ој̄а́ње*; *месе́ње*.

§ 144. Ваква систематизација на акцентското место кај глаголите се извршила во кратовскиот говор и во јужниот дел на кривопаланечкиот на исток до линијата Градец—Конопница, како и во соседниот пр̄ешевско-врањски говор. Во овчеполскиот говор отстапува само акцентот на глаголската придавка, која може да биде акцентирана и на последниот слог од основата, сп. *ле̄ј̄на́т̄*, *искина́т̄*, но и: *изо́рана*, *обле́чен*, *о̄т̄бо́рен*. Во кочанскиот, штипскиот, радовишкиот и струмичкиот говор, како што е познато[142]), глаголската придавка во акцентски поглед оди со аористот. Овие говори покажуваат неслагање со кумановско-кратовската група и во поглед на акцентското место во заповедната форма. Во сложените глаголи таму акцентот паѓа на префиксот (ЈФ IV 65), што во кумановскиот говор не е случај, а во кочанскиот тука воопшто е

[142]) A. Leskien, Die Betonungstypen des Verbums im Bulgarischen, Archiv XXI, 1899, стр. 1—10.

нарушена парадигматичноста, зашто во множината акцентот оди на наставката, сп. *гójди*: *дојдéше*, *óри*: *орéше*, *úпрај* : *упрáјше*, која појава од Ивковиќа не е одбележена.

Прилози и частички

§ 145. Веќе кај прилозите и частичките не може да се установи некаква системност во врска со акцентското место. Тоа е разбирливо, зашто овде немало можност за создавање акцентски категории, како што е случајот кај менливите зборови. До колку се вршеле промени на акцентот во оваа категорија, тие се вршеле поодделно во секој збор.

Старите прилози, особено простите и образуваните од заменска основа, најчесто го пазат старото акцентско место; сп.: *обдé* СтН, Ст, *ондé* Гин, *обдéј*, *ондéј*, *какó*, *ебé*, *енé*, *етé* От, Ранк, Одр, *зашто́* Ор, Мал, *тако́*, *тако́ј*, *кудé*; или: *блазé* му на њега Ор, *дъ^{а}нь̀с*, *ноќь̀с*, *јесењ̀с* : *дь̀њем*, *зúмус*, *лéтос* (в. §§ 218, 219, 222).

Прилозите образувани од придавска основа, одн. од средниот род на придавките го задржале акцентот на придавката: *дебéло*, *убáво*, *црно*. Само во прилогот 'ретко' во Славиште забележив акцент на последниот слог: *ретко́* Гин, *ретко́* да запóмну Одр: *рéтко* Руѓ, Стр.

Кај глаголските придавки на *-ечким* акцентот се колеба меѓу последниот и претпоследниот слог: *стоечкúм*, *трчечкúм*, *седечкúм*, покрај *седéчким*, *одéчким* (§ 221).

Поинтересни се во акцентски поглед сложените прилози со предлози и разни частички. Во најголем број случаи кај нив акцентот стои на првата компонента (предлогот, одн. частичката).

Во образувањата со *на-* акцентот најчесто стои на предлогот: *нáбрго* Ор, *нáскоро*, *нáправо*, *нáкриво* Одр, *нáручно* Стр, *нáопако*, *нáпуно* Стр, *нáозгор* Ранк, *нáлево* Пч, *нáвамо*, *нáтамо*, *нáкуде* В, и *накудé* Петр, Коњу, *нágbор* и *нágbър* Обл, *нáгоре* Кум, Ранк, *нáдоле* се обрнá Чет, *нáвечер* Ор, Ст, Ром, *нáсабале* Кум, *нáстрана*, *нáистина* ГК, *нáсреде* Ор, *нáполе* рабóти Ром, Ранк. Ова не важи за образувањата од типот 'надебело'; кај нив акцентот по правило стои на основниот (придавскиот) дел: говóри *на-тињко* Др, држи се *на-голéмо* АгС.

На првата компонента стои акцентот и кај прилозите сложени со частичките *не-* и *ни-*: *нéгде*, *нúгде*, *нúкуде*, *нúкът* Ром.

Во степенуваните форми частичките *по-* и *нај-*, како и кај придавките, секојпат се акцентирани, сп.: *пóдлъго* Пч, *пóдлъшко* Ор, *пóболье* Кум, *пóвише* Одр, *пógоре* Ор, Отља, *пóлањи* Кан, — *нájгоре* Обл; *нájвише* СтН, но акцент може да има и основниот дел: *пóлъчка* Одр, *пóдругојáче* Ранк, Топ (в. § 154).

Во изразите од типот 'по старо', сп. тéра си *по стáро* Ор, збóри *по тýрски* Пч, предлогот *по* не се акцентира.

Образувањата со другите предлози се акцентираат различно. Прилозите *тој*, *туда*, *сък*, *къ̀т*, *дека*, *куде* и во сложените состави акцентот го задржуваат врз себе: *отȕј*, *дотȕј*, *отȕда*, *одонȕда*, *одобȕт*, *отовдéј*, *отсѣ̀к*, *докѣ̀т*, *одѣ́к*, *откудé*: *годбде.*

Предлогот *у* во вакви состави во бројни случаи се акцентира: *ȕбрїо* Ддр, *ȕдоле* Пч, *ȕдле* Др, *ȕлас* плáче Ранк, *ȕколо* Оп, сви по рет *ȕколо* Ранк, *ȕкришум* В, *ȕполица* В; покрај *ȕвечер* Ор, *ȕвечерта* беше кудé нас Јач, се срекáва и *увечéр* Мург; во *улево*, *удесно* акцентот најчесто паѓа на придавскиот дел: *улéво* Др, Кан, иди после *удéсно* Руѓ.

Состави со други предлози: *дóпута* Стр, *óдвише* се роди Кук, *прúвечер* Мург, да ми је на *пóдруку* Стр, и др. (в. § 218).

Интересни се поради акцентот и некои прилошки зборови од туѓо потекло. Во *бајаȉ́*, *башкá* Ник, Гин, *зорлé*, *навилé* Стр, *севтé* Ранк, *најсевтé* Одр, *отсевтé* Руѓ, *таминá* Стр, во источниот дел од овој говор акцентот стои на последниот слог.

*

§ 146. Ова што го изнесовме досега за местото на акцентот не важи само за крајните југозападни села гранични со Скопско Блато. Тие се Миладиновци, Бучинце, Дељадровце, Горно Којнаре, Сушица, Винце и Дивле. Во говорот на овие села постои тенденција да се установи акцентот на претпоследниот слог, како што е случајот во некои југоисточни скопскоцрногорски села, а со тоа се нарушила парадигматичноста на акцентското место во некои категории; сп. *рȕкав* : *рукáви*, *дȕкан* : *дукáни*, *Стȕјан* : на *Стојáна*. Членот, меѓутоа, и овде останува индиферентен во однос на акцентското место. На пример: *рȕкав* — *рȕкавъ^{а}т* (*рȕкавот*), *рукáви* — *рукáвите*.

Со поголема доследност двосложното акцентирање е спроведено кај именките и придавките.

Сите оние именки од машки род што на другата кумановска територија имаат акцент на последниот слог, во говорот на споменативе села тие се акцентираат на вториот слог од крајот; сп.: *блúзнак*, *пȍл'ак*, *прóсјак*, *сúрак*; *дúрек*, *чóвек*; *éзик*, *прáзник*, *ýмник*; *áјдук*, *свéдок*, *ýнук*; *вúтил'*, *мéтил'*; *гéрдан*, *дȕкан*, *кóлан*; *бр̀дар*, *кóлар*, *óбчар*, *пȕдар*; *гráор*, *мéур*; *óрач*, *пúтач*, *сéјач*; *кр̀леш*, *сóкол*; *гȕлаȉ́*, *дóлаȉ́* Мил, *бéглик*, *дúрек*, *мр̀шл'ак*; *бóстан*, *кóштан*, *тáван*; *бȕнар*, *сéбџар*, *кáнтар*, *пáзар*, *пúпер*, *сáмар*, *тóвар*; *бáјрак*, *вршник*, *дúбек*; *кáзан*, *кáтран*, *тȕган*, *лúмон* ГК; *кóжу*, *тѣ́мњан*, *ámбар*, *сѣ́дар*, *óрас* Бујк; *бójник*, *сél'ак*, *чúрак*, *чéтник*, *дрмоњ*: *блáчар*, *кóзар*, *óра* Див; повеќесложни: *деленúк*, *рањенúк*, *граничар*, *воденúчар*, *дрвéњак* Див, *копúл'ак*, *крпúњак*; *Богáтин*, *Весéлин*, *домáкин* ГК, *бајрáктар*, *говéдар*, *манáстир*, *мумȕрус*; *братȕчет* Мил.

Кај оние именки што го наголемуваат бројот на слоговите во множинската форма акцентот се враќа назад за да се задржи пак на вториот слог од крајот. Така множината од приведениве

примери гласи: *бли́зна̀ци*, *по́л'а̀ци*, *сира̀ци*, *чоѣ́ци*, *пра́знѝци*, *ајду́ци*, *сведо́ци*, *ну́ци*, *ѣи́ли*, *ѣерда́ни*, *дука́ни*, *брда́ри*, *овча́ри*, *пуда́ри*, *ора́чи*, *гула́ѣи*, *коша́ни*, *буна́ри*, *бршни́ци*, *ѣојни́ци*, *ора́си*, итн.; *копиљ̀а́ци*, *коњани́ци*, *пријате́љи*, *домаќи́ни*, *ѣолова́ри*, *печалба́ри*, *бра́тучеди*.

Вака акцентот го менува своето место во множината и кај именките од машки род од типот *би́сер*, *ја́рѣан*, *гре́бен*, *де́ѣер*, *е́лен*, *и́зѣор*, *ку́пњак*, *ла́стар* и др. слични, кои на другата кумановска област имаат акцент на почетниот слог; сп.: *јарѣа́ни*, *деѣе́ри*, *еле́ни*, *изѣо́ри*, *купња́ци* Мил, Бујк, *ласта́ри*, *лисни́ци* ГК, *мајсто́ри*, *одбо́ри*, *празни́ци*, *рални́ци* ГК, *разбо́и*, *славе́и* Мил, *стожа́ри* ГК; сп. и: *гуште́ри*, *оила́ѣи*, *ковче́зи* Бујк, *ѣза́ри* : *ѣзар*, *оште́ни* : *о́стѣн*, *руча́ци* : *ру́чек*, *пупа́ци* : *пу́пак*, *пета́ци* : *пе́так* Мил. — По овој начин во споменативе села се изедначиле акцентски именките од типот *деѣер*, *корен*, *облак*, *обруч*, *отров*, *прстен*, *пламен* (со акцент на почетниот слог) со именките од типот *закон*, *чоѣек*, *јаръм* (со акцент на крајот).

Треба да се истакне дека ваков однос на акцентските типови кај споменатава именска категорија не се врши со апсолутна доследност во сите села што ги приведовме погоре.

Во Винце и Г. Којнаре, на пример, добар број именки ќе ги сретнеме со двоен акцент. Доста често такво колебање има во говорот на едно исто лице, сп. *жи́ѣот* и *живо́т*, *се́л'ак* и *сел'а́к*, *мумру́рус* и *мумуру́с* ГК. Во Винце именките на *-ар* и *-ач* што значат работник сеуште го пазат акцентот на наставката: *брда́р*, *ѣолова́р*, *ѣоденича́р*, *јужа́р*, *пута́р*, *носа́ч*, *ора́ч*, *сеја́ч*, додека кај другите акцентот е главно пренесен. — Во случајов имаме добар пример што може да ни послужи како показ дека генерализирањето на акцентското место се вршело постепено во поодделни категории и групи зборови. Од друга страна преметот не станувал едновремено и рамномерно на целата означена територија. Во позападните села процесот знатно понапреднал опфаќајќи ги сите именски групи, освен образувањата со турската наставка *-лък* кои на целата област го пазат акцентот на последниот слог: *ајдукли́к*, *дештинли́к* В, *пазарли́к* ГК, *катизли́к* Мил.

Ова правило — да се задржи акцентот на претпоследниот слог не важи за едносложните именки што образуваат множина со двосложните наставки *-ови* (*-еви*) и *-овци* (*-евци*). Акцентот кај нив паѓа врз слоговите од основата, како и на другата кумановска територија, сп.: *бре́ѣови*, *ста́ѣови*, *сто́лови*, *че́ѣови* (исклучок и овде прави *ѣоло́ви*), — *Пе́шеви*, *Мали́новци*, *Сто́јчевци*.

Ваков премет би очекувале според онаа тенденција што ја истакнавме и во избројаната множина. Меѓутоа, во оваа форма акцентот останува на истиот слог како во еднината; сп.: *е́лен* — *еле́ни* : *дѣа е́лена*, *си́рак* — *сира́ци* : *дѣа си́рака*, *чо́кор* — *чоко́ри* : три *чо́кора*, *и́зѣор* — *изѣо́ри* : два *и́зѣора*, *ду́кан* — *дука́ни* : два *ду́кана* Мил, *ра́шѣак* — *рашѣа́ци* : два *ра́шѣака*, *о́ра* — *ора́си* : два

о́раа, *прија́тел'*: два *прија́тел'а* ГК, *по̄шли́ца̄н* — *по̄шлица́ни*: десет *по̄шли́ца̄на* В.

Така е најчесто и во збирната множина: *ка́мен* — *ка́мење*, *ре́мен* — *ре́мење* В, *о́сте̄н* — *о́сте̄ње* Мил.

Само во Дивле, и доста ретко во Сушица, можат да се сретнат случаи со акцент на претпоследниот слог и во формите за збирната и избројаната множина, но тие сеуште не се така обични во употреба. Сп. таму и: два *ора́ча* : *ора́чи* — *о́рач*, два *ко̄па́ча*, дватри *кожу́а* : *кожу́си* —*ко́жуь*.

Во општата и вокативната форма акцентот паѓа на претпоследниот слог само кај личните имиња што го наголемуваат бројот на слоговите, а тие се главно сопствените имиња на согласка; сп.: куде́ *Мила́на* бија: *Ми́лан*, на *Душа́на*, виде́ ли га *Дра̄ја́на* : *Дра́̄јан*, на *Васи́л'а*, на *Сто̄ја́на* : *Сто́јан*, на *Трӣју́на* : *Три́̄ун* Бујк. Другите именки и во овие две форми имаат акцент на кореновиот слог.

За оние именки што не го наголемуваат бројот на слоговите во множ. форма, како на пример, *бе́ньа̣ц* — *бе́нци*, *мо́мьа̣к* — *мо́мци* и сл., нема особено што да истакнеме.

Кај именките од женски и среден род веќе не може да се зборува за ваков премет, бидејќи и во другите кумановски села тие не можат да бидат акцентирани на последниот слог. Кај нив можело да настане некое поместување само во оние случаи што имаат акцент на третиот или четвртиот слог, како што се, на пример, образувањата од типот *бо́рина*, *јужица*, *е́ребица* и др. И навистина не ретко тие именки ќе ги чуеме овде и со акцент на претпоследниот слог, сп.: *бори́на*, една *го̄ди́на*, *еребе́́ица*, *јужи́ца* Див, покрај *бо́рина*, *го̄дина*, *јужица*; но: *гра́мада*, *зазу́бица* Бујк, *ја́бука* Мил, *ко́зина* Бујк, *ло́бода* Мил, *по́нуда*, *па́зука* ГК, *пу́стӣња*, *у́трина* ГК.

Во овој дел на кумановскиот говор има тенденција да се стабилизира акцентот на вториот слог и во множ. образувања на *-ија*. Во Дивле тоа генерализирање постигнато е прилично, сп.: *бра̄чи́ња*, *гудиња*, *кучи́ња*, *момчи́ња*, *пра̄си́ња*; во другите села пак примерите со акцент на кореновиот слог сеуште се чести: *и́миња* Бујк, *ка́билиња* ГК, *ша́̄чиња* В.

§ 147. Второсложното акцентирање до голема мера е постигнато и кај некои придавски групи.

Придавските образувања што се акцентираат на другата кумановска област на последниот слог во формата за машки род овде имаат стабилизиран акцент на претпоследниот слог. На пример: *бр̂ьиь*, *бьшьиь*; *ви́сок*, *дльбок*, *ши́рок*; *мети́ьав* ГК, *бу́ков*, *це́ров*; *зе́лен*, *цр̂вен*, *ша́рен*; *го̄лем*, *де́бел* Бујк, а во формите за женски и среден род: *брьи́ва*, *бьшьи́ва*, *виси́ка*, *буко́ва*, *зелена́*, *црвена́*, *го̄ле́ма*, *стӯде́на*, *дебе́ла*, — *брьи́во*, *виси́ко*, мн. *брьи́ви*, *виси́ки*, *дебе́ли*, *стӯде́ни*, итн.

Во акцентирањето на изведените придавки со суфиксот *-ски* нема промени: *бúволски, бúволско* (: *биволéшки*), *Пéтковски*.

Со пренесен акцент овде се јавуваат и поголем број од прилозите што на другата територија се акцентираат на последниот слог, сп.: *óвде* В, ГК, *óнде, éве, éне, зáшто, блáзе* му ГК, — како и заменските форми: *кóја, кóја, кóју, чúја*, итн. (§ 139).

§ 148. Кај глаголите парадигматичноста е нарушена само во аористната форма во сложените глаголи. Како и во говорот на југоисточните скопскоцрногорски села (MJ V 124), така и овде во аористот од сложените глаголи акцентот се префрла врз префиксот; на пример: Га *зáгуби* дънат В, Германáнац не *зáроби*, кáпу си *зáгуби*, *úскочи* прво Бобе, *úработи* ГК, *нáмножи* ГК, ја га *нáсади* у пýзу В, *óстана, óднема, óтна, óтидо*, ја га *пóвика*, се *прóпадна*, Крсто *ýтече*, по тој *ýпасна* рабóтата ГК, — и така само во еднината. Форми со ваков акцент, видовме, не се непознати и во другите кумановски села, само таму се знатно поретки, додека во западните тие се пообични, но исто така не се непознати и образувања со акцентот на последниот слог, сп.: *изорá, изнесó, испечé, напоú, ожнá, обрúй* В, *продължú* се ГК, *пренесó* В, *улеió, украдé*. — Простите глаголи по правило се акцентираат на последниот слог и овде. За пренесувањето на акцентот тука секако попречила презентската форма — да се избегне совпаѓањето на акцентското место. Веројатно затоа во сложените глаголи акцентот скока на префиксот.

§ 149. Ваков систем на акцентирање имаме на целиот тесен граничен појас меѓу скопскиот блатски говор (со третосложна акцентуација) и кумановско-овчеполската говорна област, почнувајќи од црногорските села Љубанце и Љуботен (MJ V 118) па до границата со велешкиот говор, а на север и исток до линијата Бучинце—Студена Бара—Малино—Живиње. Навистина, процесот при установувањето на акцентското место не е извршен подеднакво на целата оваа област. Со поголема доследност второсложното акцентирање се врши во позападните, одн. во поблиските села со говорите што имаат третосложен акцент.

Сличен е системот на акцентирањето, како што ни е познато, и во тиквешко-мариовските говори, вклучувајќи ја тука и Велешка Клепа[143]). Само што таму процесот ги опфатил готово сите зборовни групи.

§ 150. Како да се објасни овој паралелизам меѓу тиквешко-мариовскиот акцент и акцентот во споменативе скопско-кумановско-овчеполски села?

---

[143]) М. Ивковиќ, цит. студија, ЈФ IIV, 3—4 с. 254 и нт., IV, с. 46 нт. И. Филиповски, Неготинскиот говор, с. 18—24. — М. Конеска, Мариовскиот говор, с. 19—20.

Претпоставката за влијание отпаѓа, пред сé заради тоа што се овие области територијално оддалечени. Кога би имало влијание, тоа би можело да дојде само од југ, од тиквешките говори, каде што е процесот понапреднат. Но во таков случај тоа влијание најмногу би се осетило во велешкиот и штипскиот говор кои непосредно граничат со тиквешките. Меѓутоа, колку што ни е познато ваков акцентски систем немаме ни во едниот ни во другиот. Преселенички елемент од Тиквешијата во нашиве села исто така нема. Останува да примиме дека второсложното акцентирање е нова појава што се развила на овој терен. Причините за установувањето на овој систем можеле да бидат исти како во тиквешко-мариовските говори. Секако најглавна улога тука одиграла аналогијата. Бројната група зборови со акцентот на вториот слог повлијаела да се пренесе акцентот од крајниот слог и кај другите категории. — При објаснувањето на оваа појава не треба да се испушта од предвид и географската распространетост на овој акцентски систем.

Во секој случај денешнава состојба во врска со местото на акцентот во вопроснава област може да биде доста поучна и корисно да послужи во понатамошните студии околу прашањето за установувањето на двосложниот акцентски систем во нашите дијалекти.

II *Акцентот во реченична низа*

Акцентски групи со именки

§ 151. Можеме да изделиме три вида акцентски групи со именка: а) состав од именка и предлог, б) состав од именка и атрибутски збор, в) состав од именка и кратка заменска форма.

а) *Предлог+именка* (*заменка*). — Особина е на акцентот во овој говор, како и на целото северно јазично подрачје, да не се префрла од именките врз предлозите. Така предлозите и во каква да се синтаксичка служба, секојпат се проклитички зборови, освен оние што имаат свој акцент, на пр., *куде́*, *по́за* и др. сложени предлози.

Сп.: ќе и́ду *на-бо́ду* Мал, — но́си калени́цу *на-гла́ву* Руѓ, — отиде́ *на-го́сти* Ник, — држи га де́те *за-ру́ку* Ор, — *удари́* га *по-гла́ву*, — и́де *по-маде́* Ранк, — *у-зо́ру* отидо́ше Др, — остана́ *без-но́гу* Коин, чува́ га *под-гу́шу*, — викна́ла га *на-ру́чьак* Ром, — држи га де́те *у-ру́ке*, — он сто́еше *на-но́ге*, — фрли се *у-бо́ду*. Исклучоци во овој поглед нема, освен во сложените прилози како *у́гласе*, *наспрана*, *насабале*.

б) *Група од именка и атрибутски збор*. — Само во еден случај во вакви состави атрибутскиот збор се врзува акцентски за именката: кога е тој именка што значи професија или сродство и придавката *свети* во називи на црковни празници. На пример: Врáти се мáлко кудé *снашка-Éвку* ВИљ. — Знам, *брат-Бóшко* ВИљ. —

ба̄шко-Ма́на̄с, ја и *ба̄шко-Ва́не* Пч, *сва̄т-Ла́зо* Пч, *ше̄шин-Трајáн* Ор, — куде *баба-Ри́зу* В, *баба-Ма́рини* Пч, на *по̄п-Јована* је овӣј Др, *по̄п-Кипријáн* Мург, на *по̄п-Сто́јчевоīа* та́тка Мург, на *дега-Ра́де-ша* зет Ор, бог да га про́сти *дега-Ди́мка* Коњу, у *дега-Јова́нову* ба́шчу Мург, *чича-Трајáн* Обл, *ча-Ко́це* Мург, *чорбаџи-Сто́јко*, *џи-Трáјко*, — *свеūи-Пе́ūар*, *свеūи-Или́ја*, но: на *све́ūоīа Или́ју*, на *све́ūоīа Пе́ūра*. Меѓутоа, при особено истакнување на вакви зборови во реченицата, тогаш и тие можат да бидат акцентирани, сп. Бе́ше съ^{a}с њи́ја и *чи́ча Ко́це* и *те̄тка Ве́ра* Кум. Во сите други случаи, било да се наоѓа детерминантата пред именката или зад неа, не се образуваат акцентски групи.

в) *Состāв од именка и крāūкиūе заменски фóрми.* — Кратките заменски форми употребени зад именките во посесивна служба акцентски се наслонуваат на именката до која стојат. Таа е општа појава во нашиов јазик. Исп. *мáјка-ву* бе́ше у нас Кум, — на *мáјку-ми* брат Мал, — вика́ га *бра̄т-му* Мург, — на *чи́чу-ūи* ма́јка, — *мáјку-īи* њи́на, — *се́стру-ūи* гу сретна́, — понапрет избега́ле от *стри́ну-ву* Ранк.

Акцентска група тие образуваат и во вакви случаи: *кр̀ста-ми*, *лева́-ми*; потоа во изразите од типот: *стра́-ме*, *стра́-му* је, *жа́л-ме*, *срáм-īа* да и́де, *мерáк-ме* Стрез, *īа́јле-ме*, или со придавка: *ми́ло-īа* на човека да рабо́ти Ром. Исп. и: *ја̀ īа*, *ене́-īа* и сл.

Акцентски групи со глагол

§ 152. Глаголите можат да образуваат акцентски групи со кратките заменски форми, со формите на помошниот глагол *сум* и партикулите *ќе* и *би*, со негацијата *не* и некои прашални зборови и со сврзниците.

а) *Глāгол во група со крāūкиūе заменски фóрми.* — Кратките заменски форми кога стојат со глагол ниту во една позиција не можат да бидат нагласени. Секојпат акцентски се прислонуваат на глаголот и образуваат акцентска група. Во едни случаи тие се наоѓаат во енклиза — кога се употребени со заповедната форма, глаголскиот прилог, *се* во рефлексивните глаголи и други случаи.

Сп.: *За̄ūво́ри-īи* ни́м на едно ме́сто Мал, — *шу́ри-īи* во́ду на кокóшкете В; — *лекува́еќе-īу* пчелкуту Пч, — *мучéеќе-се* Ранк, — *мучéјќе-īа* От, — *косéјќе-īи* лива́дете Мург; — *врзáмо-īи* съ^{a}с појáси Ник, — *сретна́-īи* едън де́да ста́р АгС, — *одузеде́-му-се* на тӣј бе́к Коин, — *оūе́мо-īи* сви́ ша̀нци Ник, *ључи́мо-īи* о́вце Ор, — четѝри држáве *би́ше-īа* Ту́рчина Отља, — Ту́рци *по̄вика́ше-ни* Рад, — *пуш-ūи́ја-ни* Гин, — *носи́мо-īу* вре́ќу крс се́ло Чел, — *ќу́ūу-си* Ст. Така и во примерите од типот: *жи́в-ūи* њега Ром, — *нека́-īа*, *на́-ūи* гу кньи́гава Бујк.

Во проклиза се обично кога се наоѓаат во групата со сврзник, во прашања зад прашален збор, зад негацијата *не* и уште во некои други случаи. На пример: Они те́ше *да-īа-стре́љав* Чет, — зна́м *куде́-ūе-бо́ли* Руѓ, — *бо́к да-ви-уби́је* Кан, — при́чав *да-би́ле* и о́ни

тáм В, — отúшја кудé *шéшку-ьу* па *ју-ьикáја* Др, — поúшто *шеьúкаь* úди Мат, — дóкле *ше-мóлиь* зúмај АгС, — нúшто *né-му-одговорúла*, — *né-ли-ју-вúдиш*? — пóсле *ни-карáа* на Штип От, — сък *ни-сьúнáа* Рад.

Во група со сложени глаголски облици глаголските форми можат да се најдат и во енклиза и во проклиза. Сп. *Тражúја-си-ме*, *оцепúл-се-је*, *шепáле-сше-ја*, *изéла-ја* рúа бéше; — у Тúрско *се-је-почéло* Кан, дéца *сà-му-проси́ле* за лéп ГК, он *би-ја-убúја*.

б) *Глагол и негацијата не.* — Треба да разликуваме два случаја во поглед на акцентскиот однос меѓу негацијата *не* и глагол. Кога негативната партикула стои непосредно пред плагол (и тогаш е проста глаголска форма), на неа никојпат не се префрла акцентот. На пример: *не-мóжу*, *не-знáм*, *не-рабóшимо*, *не-нóсу*, нúшто *не-прáвиь*. Единствен исклучок претставува глаголот *сум*: *né-съ^{a}м*, *né-си*, *né-смо*, итн. Од *имам* се среќаваат негирани форми и со непренесен акцент, сп. *не-úма*, *не-úмаь*, и со пренесен: *нéмам*, *нéмамо*, *нéмаь*. Но ако меѓу негацијата и глаголската форма дојде проклитички збор — а тој може да биде само заменска форма или помошен глагол, тогаш добива свој акцент и негативната партикула. Во такви случаи се изменува односот на ненагласените делови пред глаголот спрема акцентираниот збор. Акцентски тогаш се врзуваат за негацијата *не*, а со тоа се изменува и нивната положба — од проклитики стануваат енклитики. На пример: *Нé-се* жúви Мат, — памýк *né-се* раѓа АгС, — *né-се* повратú; — *né-ни* пýштат преко грáдъ^{a}т Петр, — *né-му* следýје на њéга Ром, — зър њéму *né-му* досадúле Мург, — зар *né-ју* вúкаш Чет, — у нáше сéло *né-ју* бúва цáревка Др, — *né-ја* видó, — *né-ја* сáкам тóга човéка Кум, — *né-ја* нóси Стр, — *né-ји* се-допáда на њúја Ор, — *né-шти* се-одзúва Ром, — *né-шти* се-дáвав пáре Кан; — *né-је-имáло* бóрба В, — *né-сà-прáвиле* лóшо; — *né-се-је-знáло* кът ќе отстýпимо Чет, — јóш *né-беше* отúшја Жег, — а и: *не-бéше* отúшја.

Вакви акцентски групи образуваат глаголите и партикулата *не* и во другите североисточни говори (в. MJ V 9, III 146) и во некои југоисточни ск.-црногорски села. Само во последниве има повеќе примери со пренесен акцент на негацијата, и тие се главно еднозложни глаголи.

в) *Состав од глагол и прашален збор.* — Во прашални искази каде што имаме група од глагол со прашален збор акцентски целости се образуваат само со частичката *ли* која никојпат не се акцентира: *Видé-ли* га чúчу-ти? Мат. — *Отидóше-ли* сви? Кум. Во негирани искази *ли* оди зад частичката *не* и акцентски се наслонува на неа: *Нé-ли бéше* и он тáмо? Во сите други случаи се акцентира и прашалниот збор и глаголот освен формите на помошниот глагол *сум*, сп.: *Кój знáје*? Ром. — *Кój отúдé*? Мат. — *Којá бéше*? *Коúá знáје* кýче? Јач. — *Шшó рабóши*? В. Со сложените форми: *Којá ќе искóчи*? ВИљ. Със *коúá ќе úде* Град. Но: *Колúки-је*? *Чијá-си*? *Чúви-сà* овúја дéца? На *коúá-си*? Мат.

г) *Ѓруѓа од ілаїол и сврзник.* — Сврзниците во акцентски поглед не се однесуваат еднакво спрема глаголот. Има сврзници, како *да*, *ѓа* и др., кои се стални глаголски проклитики. На пример: Зна́је-ли *да-рабо́ѓи*? Ром. — Он не-теа́ *да-се́ди* съ^{а}с на́с Ор. — А бре овъј куде́ бе́ше *ѓа-не-ѣиде́*? Оди́ле, оди́ле *ѓа-ѓоста́ле.* Прилошките сврзници обично се акцентираат и не образуваат акцентска група со глаголот: *Како́ избеїа́мо*, ај си до́ма Ром. — Обле́чи два еле́ка, *зашто́ ќе-не-ѓе́ѣаь* Кум. И најпосле има и такви коишто во едни случаи се акцентираат, во други не. Исп. Уби́ле га то́га *што-беїа́л* Ор (овде *што* е релативен сврзник): Уби́ле-га то́га *што́* бега́л Пч (*што* тука е причински сврзник). Овде акцентот се јавува како морфолошки знак за разликување на значењата, да се избегне омонимијата.

Зборови што не се акцентираат

§ 153. Од досегашното излагање видовме дека кратките заменски форми (*ме*, *ми*, *ѓе*, *ѓи*, *ја*, *му*, *ьу*, *не*, *ни*, *ье*, *ьи*, *ји*, *им*, *се*, *си*) било во каква да се позиција не можат да се акцентираат. Освен нив не можат да се акцентираат и глаголските енклитики, партикулата *ли* и сврзникот *да*. Споменавме исто така дека можат да бидат слободни во акцентски однос други сврзници, на пр., *ѓа*. Обично не се акцентираат и приредените *и*, сп. *и-ја́ и-ѓи́*, ма́че *и-ку́че* трпив-ли се, во сложените броеви: два́ес-*и*-едно́, пе́десе-*и*-две́, *ни*: не́ма *ни*-ку́ку *ни*-коша́ру. Како постојани проклитики се јавуваат и сите прости предлози (в. § 151).

Појава на спореден акцент

§ 154. Има во нашиов говор случаи во кои покрај основниот, главниот акцент се јавува и еден послаб, спореден акцент. Тој секојпат стои зад главниот и се среќава, главно, во сложени зборови.

Обично со два акцента се јавуваат степенуваните придавски (и прилошки) форми, особено кога е придавката повеќесложна. Главниот акцент кај нив паѓа врз частичката, а споредниот на слоговите од основниот дел. Сп.: *ѣо́ілолѣ̀м*, *ѣо́мирилљѝь* Мург, *ѣо́ѣесѐл* Одр, у *ѣо́наѣрѐдњи* крај Гин, *ѣо́ѣриѣо́дно* ме́сто Дов, од Да́ру је *ѣо́зардзъ^{а}н* В, *ѣо́расѣѝкано* Чел, *ѣо́слабуњдь* Жег, *ѣо́мишилдьо* Ор, та́ј о́вца је *ѣо́ѣу̀наста*, *на́јѣослѐдъ^{а}н* кра́ј Ранк, *на́јлекѐдна* во́да Пч, *на́јсефѣѐ* Ранк. Но не се необични исто така и степенуваните форми со еден акцент. Најчесто го губат споредниот акцент едносложните и двосложните придавки; на пр.: *ѣо́стар*, *ѣо́стара* Чет, *ѣо́скуѣ* Мат, *ѣо́стари* се од на́с Мил, *ѣо́млад* од ме́не Ддр, *ѣо́ілавни* ме́ста Топ, *ѣо́нисъ^{а}к* од њу́ма, *ѣо́ниско* Ор, *ѣо́лањска* го́дина Стр, *ѣо́ѣруќ* Коњу, *ѣо́лъсно* В, *ѣо́ѣолъ^{а}н* ГК, Сла́вко је *ѣо́ѣрс* Пч, *ѣо́арно* га зна́м ја́ Пч, *ѣо́ѣлиски* смо, од на́с *ѣо́мирни* не́ма; оп. ф.: нашла́ *ѣо́арноіа* Ранк, *ѣо́староіа* чове́ка да пи́таш Јач; *на́јмал* Одр, *на́јдљък*

Стр, *нàјмала кѐрка* Ор, *нàјдобри*, *нàјстрашни* Пч, дури и во членуваната форма: *нàјмалъ^{а}тӣ*, *ӣбаранаӣ* В.

Употребата на два акцента во оваа категорија е општа појава во нашите источни говори со неопределено акцентско место[144]), и тоа на целиот појас од Солун па до границата со српската јазична територија, а после се наставува и во српските говори од јужноморавски тип[145]).

Освен споменатава категорија два акцента носат и сите други зборови што можат да се степенуваат; сп.: *ӣóмр̀за* Стр, кој сте *ӣójунàк* Ром, *ӣóширùна* Пч, *нàјчорбаџùја* Ор, *нàјрабдӣник* Ранк; — негираните форми на придавките: *нѐвесѐл* Одр, *нѐдръ^{а}н* Љуб, *нѐӣòслушан* Одр, *нѐмùръ^{а}н* Стр, *нѐсòлен* ШР, покрај *нѐсолен*, *нѐздрав* Руѓ, *нѐблак* Др, Рад (последниве се поретки); сп. и: *нѐчовѐк* Ранк, *нѐӣријàтељ*, *нѐдомаќùн* Милут; и образувањата со грчкиот префикс *ӣара-* : *ӣарáбдба*, *ӣарáдѐда*, *ӣарáунў̀че* Љуб, От, *ӣарáў̀нук* АгС; поретко и: *ӣáра-бáба*, *ӣáра-дéда*.

Како посебна група зборови со двоен акцент би можеле да ги земеме и глаголските форми што можат да се степенуваат. На пример: *ӣó-bдӣи* лéбъ^{а}ц АгС, *нáј-успѐва* дивјáк Отља, или: *ӣó-сесùли* АгС, и др. Но веќе изразот штом почне да се шири и акцентот на глаголската основа станува појак, а тогаш и повеќе лабави врската на честичките *ӣо-* и *нај-* со глаголот; сп.: *ӣó-је-* страувája Ст, овъ̀ј *ӣó-ӣи-знáје*, *нáј-се-је-раѓáло* Др, *ӣó-не-мóже да-*издржи Ром, или: *ӣó-ме-жáл*, *ӣó-ме-стрá* Стр, *ӣó-је-дóбро* Ник.

Со двоен акцент исто така можат да се јават и некои сложени зборови, на пр.: *bлечи́-клáшье*, *млаӣи́-кýчка*, *бýба-мáра* и др. (в. § 125).

[144]) Vaillant, L'évang. de Kul., 123.
[145]) СДЗ II 40.

МОРФОЛОГИЈА

Именки

Образување на именките

§ 155. Како во другите дијалекти така и овде најпродуктивни образувања што означуваат лица се со суфиксите *-ик*, *-ник*, *-ар*, *-ач* и *-ъц*. Сп.: *-ник* (*-ик*): *безбе́рник*, *безу́мник* Кум, *гре́шник*, *досто́јници* В, *зако́ници* ХВ, *маќе́шњик* Прој, *пу́тник* (од именски и придавски дел), *зѓобо́рник* В, *наме́рник*, *насле́дник* Ром, *оп̄ле́дник* Мург, *одме́тник* В, *рабо́тник*, *разбо́јник* АгС, *деленик* Чел, *доселени́к* Ром, *читани́к* Кум, Пч (од глаголски); *-ар*: *бъчва́р*, *воловáр*, *винáр*, *гълубáр*, *конопљáр*, *лојзáр*, *млинáр* ХВ, *шумкáр* Мал; *-ач*: *берáч*, или од аористната основа *брач* Ор, СтН, *брojáч* Мал, *боѓáч* Град (добиено со мешање на *водач* и *боѓа*), *лъ^{а}жáч* АгС, *метлáч* (од *метач* и *метла*), *продавáч* Ром, *стрељáч* Ром (: стреља); *-ъц*: *бежúнъ^{а}ц* Ром, *бегúњц* Кум, *бражáлъ^{а}ц* Коин, *прекúпъ^{а}ц* АгС, Пч (номина агентис), *Албáнъ^{а}ц*, *Италијáнъ^{а}ц*; *голéмъ^{а}ц* СтН, *крúвъ^{а}ц* Кум (од именска и придавска основа); пропирена (*-анъц*, *-чанъц*): *лесковчáнъ^{а}ц*, *отљáнъ^{а}ц*, *челопечáнъ^{а}ц* Ник, и сл.

Образувања на *-ак*, *-ин* и нивните деривати продуктивни се во онаа мера како во другите дијалекти. На пр.: *-ак* и *-јак*: *котљáк* СтН, Ст, *кошуљáк* Одр 'дете што уште не облекло гаќи', *имењáк* Чел, *морјáк* Жег, *пустињáк* Ник, Ром, *сељáк* Кум, Кук; *близнáк* Дов, Коњу, *бедњáк* је голéм Мург, *дubjáк* Ор, Коин, *јунáк* Мат, *простáк* Отља; *единњáк* ГК; *дошљáк* Руѓ, Чел;

-ин, *-јанин*: *душмáнин* Ст, *граѓáнин* Ник, тóга *сéљанина* га утепáле Ром; или имиња што значат национална и племенска припадност: *Арнаýтин* и *Арнабýтин*, *Рýсин*, *Тýрчин*; *блакáнин* АгС, *думáновчанин* Кум, *орашчáнин* Ор, *стéпанчанин* Арб. Последниве се претпочитаат пред образувањата на *-ъц*. — Наставката *-тељ* се среќава главно во наследени зборови: *прија́тељ* Руѓ, Стр, *роди́тељ* Мат, Кум, *учи́тељ* Пс, Др, освен тоа *претседáтељ* и *служи́тељ*, кои се литературни. — Жива е турската наставка *-џија*. Тие се претежно туѓи зборови, сп.: *алвамúја* Ром, *амúја* Чел, *абърмúја* Мат, *бурњамúја* Чет, *евзамúја* ВИљ, *јабанџúја* Кум, АгС, *муждемúја* ХВ, *папумúја* Кум, *ќарџúја* Чел; но не се сосем мал

број и зборови од словенска основа: *големија* Пч, *ловџија* Чел, Кум, *пристенџија*, *стројџија* Ор, *фалбаџија* Пч, *говорџија* ХВ. Сп. уште: *ашчија* Ор, *муабетчија* Ром, *оџакчија* Ор, *сатчија*, *четвртчија* Кум, *чибукчија* Ор, *шиникчија* ГК.

Образувањата од машки род на *-ија* се главно туѓи зборови, сп.: *арамија* Др, *кадија* Мал, *коњиија* Мат, итн.

Најчести сопствени имиња се со наставките:

-ан: *Бојан*, *Вељан*, *Драган*, *Душан*, *Златан*, *Милан*, *Радован*, *Стојан*, *Смиљан*, *Трајан*, *Цветан*; *-ин*: *Божин* Град, Ст, *Веселин* Коин, *Јагодин* Др, *Миладин* Др, *Стојадин* СтН, *Суботин* Коин; *-ко*: *Анѓелко*, *Василько*, *Дучико*, *Манаско*, *Миленко*, *Таназко* и др.; *-оја*: *Благоја* Ром, Др, *Добриоја* Чел, *Милиоја* Ник, *Станоја* Ром. — Имињата на *-ија*, сп. *Димитрија* Др, *Ѓорѓија* Кум, Кан, *Илија* Отља, *Манасија* Ник, *Методија* Ром и др. — имаат главно туѓа основа.

Покрај *старејко* имаме и *стареја* Др, Ор, Оп.

Именки за женски род од овој тип најчесто се образуваат со *-ка* и *-ица*. Првиов суфикс се додава на именки од машки род и служи како знак за родова припадност не внесувајќи промени во значењето на зборот. На пр.: *аџика*, *бојаџика*, *бостанарка*, *говедарка*, *другарка* Чет, *гостинка*, *домаќинка*, *Турчинка*; *берачка*, *метачка* инт.;

-ица: *врачарица*, *деверица* Длъб, *пољакица* Ром; *домаќица* Пч, *стопаница* Ст; *братаница*, *удовица*; *скитница* итн.

Обични се овде, како и во другите северни говори, со вакво значење и наставките *-аљка* и *-иљка*: *дојлька* Ром, *породиљка* Ор, Дов, *родиљка* Пч, *задојаљка*, *певаљка* СтН (изведени од глаголска основа).

На кумановското говорно подрачје се среќаваат со значење номен акционис и образувања со суфиксите *-(а)ља*, *-(и)ља* и *-уља*, кои во другите наши дијалекти не се познати. Првата се среќава почесто во североисточниот дел (во Славиште и во Козјачијата), додека суфиксот *-уља* има нешто поголема ареа; тој се јавува на сета кумановска територија, потоа во кривопаланечкиот говор и во северниот дел од кратовската област. Сп.: *ткаља* Руѓ, *дојља* СтН, *родиља* Ст, Ник, *породиља* Ранк; *ајдукуљата* Кум, *близнакуља* Пч, *бардакуља*, *бикуља*, *даруља*, *единакуља*, *матаруља*, *недаруља* Стр, *супругуља*, *предуља* Жег, *потпишуља* Кан, *потпишуљо* једна СтН, *побегуља* Кум, *сакатуља* Гер, *чепуља* Стр 'жена што стално развикува, се чепи' (в. § 116).

Се среќаваат во овој говор и образувања со наставката *-ља*: *грбља* Љуб, *лежља*, *цепља* Ранк.

Суфиксот *-иња* со вакво значење е многу редок; сп.: *Гркиња*, *Рускиња* Петр, *Франкиња*, покрај пообичните *Гркинка*, *Русинка*, *Француз̀инка*, потоа *пајторкиња* Кук, *прошљакиња* Стр (: просјак).

Се среќаваат, иако доста ретко, и образувања со суфиксите *-ача* и *-уша*, сп.: *бамтирача* Добр, *мрсољача* Стр, *промењача* Стр,

Ранк; — *ьодарýша* Ранк, *їоьедарýша*, *дрљýша* Стр, *јајчарýша* Ос, *козарýша*, *недељýша*, *овчарýша* Стр, Мал, *пешељýша* Град, Мург, *свињарýша* Стр, *ушљарýша* Пс, *џоџкарýша*, *џубарýша*.

Од личните имиња најчести се со суфиксот *-ка*: *Душáнка*, *Иьáнка*, *Јоьáнка*, *Миланка*, *Васúлка*, *Милýнка* итн., *-ана*: *Божáна*, *Крстáна* АгС, Др, *Петкáна* Чет, *-ица*: *Гóрица* НС, *Блáїица* Мат, *Љýбица* Ром, и др.

§ 156. Образувањата што означуваат називи на животни не се ни продуктивни нити многубројни. Најобични се за машки род изведенките на *-(ј)ак*, сп.: *їудúњак* Ром, *ждребáк* АгС, *кршњáк* Мал, Пез, *ирљáк* Жег, Руѓ, *пупýњак* Ром, *четвртáк* 'јуне на четири години' Дов, *-ъц*: *брáйъ^{а}ц* Ром, *їлýсъ^{а}ц*, *јýњъ^{а}ц*, *мáшъ^{а}ц* АгС, Ром, и др. но главно наследени. Обични се и имиња на животни со наставката *-ча*: *бéлча*, *сúвча*, и *-ко*: *вечéрко*, *жýшко*, *зóрко*, *лúско*, *недéлько*, *пéшко*, *срéшко*, *шóрко*, *четвршко*, *шáрко* Милут, Петр. Со *-оња* забележив само *сувóња* Стр (име на вол), покрај *сúвча*.

Од образувањата за ж. р. најбројни се со наставките *-ка*, сп.: *їрóздовка* Ром, Руѓ, *конопљáрка* Ранк, *престрéлка* 'вид змија' Пез, *симидáрка* Град, *кóсовка* Стр, *пчéлка* Ор; *-ица*: *биволúца* Ром, *бучúца* Ранк, *заїарúца* Жег, *їрлица* Чет, *еребица* Др, *јунúца* Ст. — Се среќава, но е многу ретка, и наставката *-уља*: *шарýља* Ст 'вид жарена змија', и *-уша*: *мркýша* Кук, *пешељýша* Мург, Град, *раїýша* Мал, Др.

§ 157. Нема некои посебности во нашиов говор ни во образувањето на именки што значат предмети (орудие, материја, растение).

Нешто малку повеќе отколку во другите дијалекти можеме да сретнеме образувања на *-ак*, *-јак*. Обично тие се образуваат од именска и придавска основа; сп.: *їроздáк* Ор 'грозд', *дрвуљáк* В, *дрвењáк* Ор, Коин, *зимњáк* Руѓ, *јасењáк* Пч, *кисељáк* Пез, *лéшњак* Ст, *мéшљак* Ор, Кан, *становáк* Јач; *брзáк* Дов, *вечерњáк* Ранк, *кýшњак* Ром, *пупóљак* Ранк, *слáмњак*, *ýмњак* Ст.

Суфиксите *-ик* и *-ник* со вакво значење се јавуваат со иста продуктивност како во другите дијалекти, сп.: *їáкњик* Дов, *колесни́к* 'кола со две тркала' Жег, *осни́к* Пч, *рáлник* Ор, *соленúк* Чел, *поводни́к* Мал, *реденúк* Деил, *шлъчник* ГК (од именска и глаголска основа и со значење орудие); *зељáник* Ст, *крупни́к* АгС, *мазни́к* Чет, и др. (предмети со разни својства).

Суфиксите *-ък* и *-ъц* се среќаваат главно во наследени зборови: *прáсъ^{а}к* АгС, *рýчъ^{а}к* Кум, *обójъ^{а}к*; *sвоньц* Стр, *колъц*, и др. (§ 34).

Побројни се, но не и продуктивни, образувањата на *-ач*: *запрежáч* Руѓ, *завијáчи* Мат, *прскáч* НС, *пуњáч* за *батéрију* Деил.

Многу се почести образувањата од женски род со наставката *-ка* и разни сложени со неа суфикси (*-арка*, *-ачка*, *-инка*, *-ика*); сп.: *дршка*, *лéјка*, *бостанáрка*, *жљебáрка* 'вид тесла со две сечива' Ор, *повесмáрка*, *пешљáрка* 'петелка за закопчување' Дов, *узбојáрка* Мург (орудие), *свилáрка* АгС, *їорчељúвка* Град, *песоклúвка* АгС,

прсли́вка (растенија); — *блаѓуни́ка* Ос, *ѓабри́ка* Пс, *зелени́ка* Деил, *јасѝка*, *кленѝка* Чет, *чубри́ка*, *чемери́ка* Арб (од именска основа, — сѐ имиња на растенија); — *кожѝнка* Руѓ, *лободѝнка* АгС, *лозѝнка* ГК, *чеклазѝнка* Ром (: чеклас); — *бејачка*, *бршачка* Ром, *заѕеѓачка* В, по аналогија е образувана именката *ноѓачка* Пч, покрај *ноѓарка* (сп. во некои западни говори *ноѓалка* спрема *подноѓалка*, на пр. во поречкиот и кичевскиот).

Суфиксот *-алка* овде се јавува во формата *-аљка*, каде што *љ* се добило по аналогија спрема образувањата на *-аља* (<**-alьja*)[146]): *бркаљка* Ст, *брисаљка* Ник, *вешаљка* Кон, *врзаљка* Стр, *заѕезаљка* Ор, Мил, *закачаљка* Ор, *мешаљка* АгС, *повраѓаљка* Чел, *црѓаљка* В (в. § 115).

Само неколку случаи забележив со *-уља*, сп.: *ѓребу́ља* Стр 'грибло', *зимнакýља* (круша) Руѓ, *кајмакýља*, *црепýља* Ник, *порепýља*.

Обични се со вакво значење и образувањата на *-ина*, *-овина*, *-ица* и нејзините деривати. На пр.: *корубѝнѐ* Коин 'коруби', *крстѝна*, *мешѝна* Чел, *пабучѝна* Ст, *ртѝна*; *бо́рина*, *ко́зина* Ор; — *буковѝна* КБ, *смрековѝна* Мал, *ораовина* В; *косе́вина* Стр; — *дрвенѝца* Ор (на самар), *зимњѝца* Чет, Мал, *лудѝца*, *леденѝца* Ст, *ранѝца* Пч, *ситњѝца*, *црнѝца*, *црвенѝца*; *ко́мовица* От, *рскавица* Мург (од придавка); *жељудѝца* Кум, Ром, *ечменѝца* слама АгС, *казанѝца* Мал, *катранѝца* Стр (од именка); знатно се поретки овие образувања од глаголска основа, сп. *баренѝца* Ст, Стр, *пуњенѝца* Мал, *сеченѝца* Мург, *цепанѝца* Ром; со предлог: *зазýбица* Ст, *накр́сница* Ром, *повѝлица*, *потéѓљица* АгС.

Интересни се овде образувањата со наставката *-ача* до толку што во другите наши говори денеска не се среќаваат (со исклучок во топонимијата): *беѓмача* (круша) Руѓ, *дебељача* 'мрзлива жена' Стр, *есењача* 'озимна крава', *кривача* Стр, *крстача* АгС, *левача* ХВ 395, *лисјача* 'лист од зелје' Коин, *лудача*, *пелињача* (ракија), *скутача* В, Мург, Ром, *сламњача* Пељ, *трновача* Мал, Чет, *трупача* Стр 'голема пила за сечење дрва'. Треба, меѓутоа, да истакнеме дека ни овде вакви образувања не се така чести, но сеуште се живи.

Образувања на *-а* од глаголска основа се обични како и во другите говори, сп.: *о́блоѓа* В, Пч, *о́ѓрада*, *по́става* итн.

Од среден род со вакво значење почести се изведенките со суфиксот *-ло* (*-ало*, *-ило*): *клепа́ло*, *нишáло* Чет, *косѝло* Кан, *крстѝло* ХВ, *повраѓáло* Мал, *точѝло* Град.

Суфиксот *-иво* се среќава во наследени зборови: *бáриво* Мал, Ст, Стр, *ѓо́риво* СтН, *крéсиво* Бујк, *плéтиво* Стр, Мал, *прéдиво* Мал, Коин, *пéчиво*, *сéчиво* Стр, Кум.

---

[146]) А. Белић, Савремени српскохрватски књижевни језик, II део: Наука о грађењу речи, Београд 1949, стр. 83. В. поинакво толкување кај Р. Бошковић, Развитак суфикса у јужнословенској језичкој заједници, Београд 1936, стр. 149 тн.

§ 158. Од суфиксните образувања што означуваат дејство најпродуктивни се именките со наставката *-ње: мељáње* Дов, *облачáње, појáње* Мал, *једéње* Пез (в. § 142). — Суфиксот *-ние* се јавува само во неколку збора примени од црковниот јазик, сп. *воскресéние* Кум, *вознесéние* Ор, *погребéние* Стр, но и *воскресéње, погребéње* Кум, и во имиња на црковни празници: *благовештéние, преображéние* покрај *преображéње, опщечéње* Петр, Гер.

Образувањата на *-а, -ба, -идба* и *-ачка* обични се колку и во другите говори: *бéрба, берúдба* Кум, *делúдба* Мал, покрај *дéлба, стрúжба* Мат; *дабáчка* Ранк, *живеáчка* Ром, Кум, *купувáчка* Дов, *тепáчка, умирáчка* Бељ.

Доста се чести со вакво значење образувањата со суфиксот *-ка* изведени од глаголска основа, на пр.: *венчáнка* Ор, *пијáнка* Ст, *мéнка* Мург, *смéнка* Ор, *печáлка* В, *крштéвка* Пч, и сл. (венчавање или венчанија, пиење, менување или размена, печалба, крштавање). Се шират за сметка на образувањата на *-ачка.*

Со значење дејство — процес неколку образувања забележив со суфиксот *-ња*: *зáбржња* Стр, *прóшња* Каң, *отúшја* по *прóшњу* СтН. Овој суфикс во другите наши говори денеска веќе не се употребува. Сп. уште: *клáдња* Ранк, Стр 'крстица со сноп је', *клáдње* Др, *прúкажња, прúчешња.*

Глаголски образувања од овој вид со суфиксите *-еж* и *-ствo* се многу ретки.

§ 159. Суфиксни образувања што означуваат апстрактни поими. — Образувањата со суфиксите *-ота* и *-отија* во кумановската област се нешто поретки, особено првите, отколку во појужните наши дијалекти. Со исто значење овде е жив суфиксот *-ока.* Така покрај *бесотúја* Пч, *босотúја* В, *голотúја, гадотúја* Мург, *лошотúја* ВИљ, *мрсотúја* Ром, *простотúја* В, *срамотúја* Кум, *слаботúја срамотúја* Пч, *тешкотúја* Град — обични се, може да се рече и пообични: *босóка* Др, Ранк, *голóка* Ром, *лошóка* Тал, *мрсóка* АгС, *простóка* Руѓ, *слабóка* Мал, *самóка* Др, *тешкóка* Др, Дов. Во Славиште, Козјачијата и воопшто во северниот дел последниве образувања се знатно почести. Сп. уште: *благóка* Мат, *врлóка* Стр, *длъгóка* ИА, *зебнóка, здравóка* Стр, *јакóка, јаснóка* Мург, Руѓ, *слепóка* Ром, *старóка* Топ, *чистóка* Кум.

Образувањата на *-óка* се претпочитаат пред тие на *-ота* и во другите североисточни говори (MJ V 29), а не се необични и во говорот на Скопска Црногорија (MJ V 168). Во говорите во Скопската котлина и во Велешко, меѓутоа, се нешто поретки, како и во Полог, а што се оди кон југ веќе и не се среќаваат.

Образувањата со суфиксите *-ина, -штина, -ос(т), одн. -ес(т), -ба, -да* се употребуваат во онаа мера како во другите дијалекти. Сп.: *белúна, високúна, брукúна, длибúна, богáштина* Чет, *болéштина, немáштина.*

Со вакво — апстрактно значење во нашиов говор обичен е суфиксот *-ња*: *добрúња* Кум, *голéма итрúња, јакотúња* пúста,

лошоти́ња Стр, *млади́ња* Стр, Кум, Чел, МлН, *пусти́ња*, *сироти́ња* Кум, *самоти́ња*, *свети́ња*, *суоти́ња*, *тврди́ња* Стр, *убави́ња* Кум, В, што је *убави́ња* Стр; *вечери́ња* Одр, *милости́ња* Кум. Вакви образувања карактеристични се за јужноморавскиот дијалект (СДЗ I 386). Од другите наши говори ги познава уште скопско-црногорскиот (MJ V 167), некои говори во Долни Полог (Селищев, Полог, 339) и спорадично се јавуваат во кривопаланечкиот. Како што се гледа, ареата на оваа црта е прилично ограничена: ја опфаќа граничната област меѓу српската и македонската јазична територија. Како се објаснува образувањето на оваа наставка? Белић ја сведува на стсл. -ыи̑и (< **уп'і*), која после под влијание на другите именки на *-а* дала *-ињa* (СДЗ I 386). Селишчев допушта и друга можност. Според него таа можела да се јави со мешање на *-ина* и збирната наставка *-иње*: спрема *убавиње*, *добриње* се добило *убавиња*, *добриња* (Полог, 339). Оваа претпоставка, меѓутоа, тешко би можела да се прими, зашто токму на оваа територија каде што суштествува вопроснава наставка збирните образувања на *-ње* кај овој тип именки (на *-ина*) се многу ретки, во североисточните говори се дури и необични. Така стои работата барем денеска. Толкувањето на Белића во случајов ни се чини поблиску до вистината. На споменатава територија *-ињa* се употребува и во други зборови, сп.: *пајсторки́ња*, *прошљаки́ња*, *присои́ња*, *Гркиња*, може да се чуе и *кнеѓиња*, а спрема нив е образувано *неколци́ња* Мал, *чъчкови́ња* Град, *орашкови́ња* Пез. Не е невозможно овие образувања да послужиле да се прошири *-ињa* и на други основи, и после да се осмисли и како посебна наставка за образување номина апстракта.

За образување именки со вакво значење од среден род се употребуваат суфиксите *-ство*, поретко *-ло*: *бра́ство*, *мртви́ло* Ник, *страши́ло* Кук.

Бројни се номина апстракта со турската наставка *-лък*, која се додава најчесто на туѓи основи: *азъънлъ́к*, *ацамилъ́к* Ром, *ајдукли́к* Кук, *ѓаздали́к* Мург, и др., поретко и на словенски: *домаќинли́к* Ст, *дешинли́к* Ранк, Рад, *трговили́к* Коњу, *чесли́к* ШР.

Има најпосле и извесен број именки од овој тип со наставката *-ија*, на пр.: *венчани́ја* В, *евшини́ја* Кум, *мешани́ја* Ром, *проклеши́ја* Коњу, АгС, *слободи́ја* Ром.

§ 160. Наставките *-ак*, *-јак*, *-ник*, *-ница*, *-иште*, како и во другите говори, се најчести за образување именки што означуваат место. Сп.: *ѓабра́к*, *камењак*, *шума́к*; *ѓоведа́рник* Мал, *змија́рник* В, *кокоша́рник* Жег, *жељка́рник* Чел; *бра́тница* Можд, *ѓро́бница* Мург, *пуца́рница* Лоп (спрема глаголот *пуца*); *буњи́ште* Оп, Ор, Мат, *конопљи́ште* АгС, *метеризи́ште* Ор, *мумурузи́ште* АгС, *мъсти́ште* ШР, *оѓњи́ште* Стр, Пч, *пазари́ште* ГК, *режњи́ште* Руѓ, *шавари́ште* Чел.

Само неколку случаи забележив со *-ара*: *sbонáра* Чет, *кошáра* Ст, *пошочáра* Ник, и *пивдра* и *струпáра*, кои се од поново време.

Сосем ретко се среќава со вакво значење суфиксот *-ло*, сп.: *почивáло* Кум, *ступáло* Ст 'стапало од нога', *крпúло* 'изриено место од крт'.

§ 161. Образување на деминутивно-галовни именки. — Најпродуктивни образувања се со суфиксите *-це*, *-енце* и *-че*. Сп.: *брце* (брдо), *бáривце* Мал, *брешéнце* Жег, *дрвце* Кум, Оп, *мéсце* Прој, — *брдéнце* Стр, *добичéнце* Стр, Кум, *детéнце* АгС, *јужéнце* Ром, *проздéнце* Ранк, *листéнце* Ор, Мург, *пешлéнце* Оп, Коњу, *синéнце* моје Стр, *торбéнце* Одр; како разновидност на овој суфикс се јавува во неколку случаи *-ънце*: *алиштънца* Кум, *лојзънце* АгС, *брашънце* Мал, Ник, Одр, *јајчънце* Стр, *местънце* МлН, Љуб, *седлънце* Ос, Мал, Руѓ, Рамно, *платънце* Пч; сп. и *пáсъмце* Пч, *писъмце* и *писмънце* Пч, Отља; — *пróшче*, *кршче* Ром, *сóлче* Кум (сол); *лисúче* Дов, *лубéнче* Ром (лубениче), *трпéшче* Руѓ (трпеза). Последниов суфикс станал овде толку продуктивен, што почнува да го потиснува и суфиксот *-це*, сп.: *дрвче* Кум, *прáшче* Лоп (прасе) покрај *прасéнце*, *тéлче* Пч (теле).

За деминутиви од женски род најупотребливи се наставките *-ичка* и *-ица*, сп.: *бáничка*, *бáшичка*, *брадúчка*, *бóдичка* АгС, *плáвичка* Кум, *жúличка* АгС, *пченúчка* Ор, *чуканúчка* Коњу; *бáбица*, *водúца* Одр, *земњúца* Ром, *ливáдица* Ст, *нóжица* (нога) Стр. — Образувањата со *-ка* се нешто поретки: *дијанúјка* Пч, *колúпка* В, ГК, *кошýлька* Ром, *ливáпка* В, *пчéлка* Ор.

Со деминутивно значење на целата кумановска територија, како и во другите североисточни говори, се употребуваат и суфиксите *-инка* и *-етинка*, кои се карактеристични за југоисточните српски дијалекти (СДЗ I 384). На пример: *бостанúнка* От, *будалúнка* Мат, *дебојчúнка* Рад, Гин, *ймав* две *дебојчúнке* Ранк, *котлúнка*, *кожушúнка* В, *кошарúнке* Коњу, *кушљачúнка* (: кушљáк), *облачúнка* ГК, *обчарúнка*, *путúнка* Ранк, Ром, Обл;

бабетúнка Чет, *брекетúнка* Обл, Ник, *женетúнка* Мат, *крабетúнка* Пч, *кукетúнка* Бељ, Дов, *ножетúнку* Стр, *њиветúнку* Коњу, *скупачúнка* Чел, *сливетúнка* Ранк, *торбетúнку* ми донéси Др, *кумбетúнку* кóве МлН.

Очигледно е дека и двата суфикса се добиле од дем. *-ка* во корелација со аугментативните *-ина* и *-етина*, но така што превладало значењето на првиов (деминутивното). После тие се апстрахирале како посебни наставки.

Како посебен суфикс *-инка* суштествува и во поречкиот говор, но таму веќе со аугментативно-пејоративно значење (сп. *детинка*, *прасинка*, *женинка*, *кукинка*; *коњинка*, *чоечинка*). Тоа значи овде превладало значењето во првата компонента (*-ина*).

Деминутиви со суфиксите *-ле* и *-уле*, од типот *косле*, *книжле*, или *дешуле*, *книжуле* во централните говори, овде се необични.

Знатно се поретки отколку во другите дијалекти и образувањата со наставката *-е*. Место неа се шират *-че* и *-енце*, одн. *-иче*. Така место *браше*, *крсше*, *ноже* во централните и западните овде ќе се рече: *браше́нце*, *крсше́нце*, *невѐсшиче*, *но̄гиче*, *ру́киче* Ор, а покрај *пѐшле*, *ко́шле*, *о́рле* имаме и *пѐшличе*, *ко́шличе* Кан, *орли́че*, *орли́чики* Петр.

§ 162. Образување на аугментативи. — Суфиксот *-иште* со аугментативно значење и овде се среќава, но не со онаква продуктивност како во другите наши дијалекти. Сп.: *ајдучи́ште* Пч, *вучи́ште* АгС, *девојчи́ште* Ром, Кум, *дешѝште*, *дрвѝште* Ром, *жандари́ште* Пч, *ждребѝште* Др, *женѝште* В, *коњѝште* ГК, *кожушѝште* Мург, *котли́ште* Ром, *сламѝште* Прој, *торбѝште*, *телѝште* АгС. Како што се гледа, приведениве примери се претежно од југозападните села.

Во Славиште, Козјачијата, и воопшто во селата што се наоѓаат северно од Крива Река пообични се аугментативни образувања со наставките *-ина* и *-етина*, сп.: *ајдучи́на* Арб, *брди́на* Ст, *биволи́на* Ст, *виљачи́ну* изва́ди Гер (виљак), *съди́на* Тал, *јуначи́на* Кук, *кожуши́на* Мал, те га *мачори́на* Стр, *мутавѝна* Арб, јак *обчари́на* Кук, едѣн *пешли́на* СтН, *сељачи́на* Стр, *човечи́на* Кан (од именки од машки и среден род), *кошулѝна* Ник, Чет. Попродуктивни се изведените со вториов суфикс. Се изведуваат именки од машки и од женски род, сп.: *грашешѝна* Кум, *дубешѝна* Ранк, коли́ко је длъ^{a}бо́к овѣ̀ј *долешѝна* Стр, једнóга *коњешѝну* проведо́ Ром, *котлешѝна*, *орлешѝна* Мал; — *бабешѝна* Ром, Кум, *бареши́на* лоша Стр, *брекешѝна* Одр, СтН, *главешѝна*, *девојчешѝна* Мат, Ром, *женешѝна*, све *женешѝне* Ром, *књигешѝна* Ст, *књижешѝна* Ор, *крпешѝна* В, *крављешѝна*, *кобилешѝна* Ром, стара *кукешѝна*, *мечешѝна* Дов, *ножешѝна* Кук, *обчешѝна* Руѓ, дале им по једну *пуичешѝну* Лоп, *свињешѝна* Ром, *сиочешѝна* Ст, *сламешѝна* Отља, *торбешѝна* В. Со вакво значење обата суфикса доста се распространети и во другите северни говори (MJ V 29, 167).

Само неколку примери забележив со суфиксот *-урина*: *главури́на* Кум, и топ. *Главури́на* Жег, *старчури́на* СтН.

§ 163. Именки со пејоративно значење нема многу. За машки род најобични се образувањата на *-ко*, сп.: *брко* Гер, Љуб, *гуре́лко* В, *дебе́лько* Ром, *оцепо́лько* Пч, Ор, *растресе́нко* В, и *-ча*: *бе́лча* Петр, *кри́вча* Милут, *кла́пша* Љуб (< *клапча*) 'со големи уши', *сли́вча* Гин. — Суфиксот *-ло*, кој се јавува во обликот *-ље*, е доста редок, сп.: *дрпље* Гер, *смрдље* еден Стр, *це́пље* Руѓ, Стр 'искинат човек'. — Два-три примери имам забележено на *-уљаша*, сп. *немчуља́ша*, *шурчуља́ша*, *шурчуља́ше* Стр. — Нијанса на пејоративност се содржи во образувањата на *-уља*, на пр.: *бику́ља*, *бардаку́ља*.

Неколку примери со *-оња*, сп. *брадоња*, *носоња*, забележени во Герман и Криви Камен, можеле да бидат и внесени отстрана.

§ 164. Други образувања. — Стариот деминутивен суфикс *-ишть* (< **-itjo*), кој на овој терен се изменил во *-ић*, се запазил уште во неколку случаи: *Божић* Кум, Мат, Ник, Одр, *младић* Кум, Ст, Оп, Ор, познати и во другите говори, *сестрићић* 'дете од сестра', *тилић* Стр 'тиље', и во месните имиња *Витлић* Др, *Лазарић* Чет, *Орловић* Чет (в. § 165). — Има овде приличен број зборови на *-аш*, на пр.: *големаш* Кум, *газдаш* Ром 'газда', *газдалаш* Стр, *комиташ* ГК, *манџупаш* Кум 'мангуп', *полетшкаш* Ром, *рсбијаш* Чет, *богаташ*, или *меѓаш*, и др.

Треба да се истакне дека се многубројни и во овој говор, како и на целиот северен појас, образувањата со туѓата наставка *-ија*. Тие се претежно туѓи зборови со разни значења, сп.: *арамија* Др, *аблија*, *анџарија* Стр, *драгасија* Ром, или хибридни: *венчанија* В, *поносија* ГК, *мешанија*, *месарија* Ник, *оралија* Пч, Кук, *проклетија* Коњу, *тријовија* АгС.

§ 165. *Топонимични суфикси.* — Од топонимичните суфикси најчесто на кумановскиот терен се среќава *-ъц* со дериватите *-овъц* и *-иньц* и множинските *-ци*, *-овци*, *-инци*, одн. *-це*, *-овце*, *-инце*:

Бумбаръ^{а}ц, *Гарванъ^{а}ц* Пел, *Еленъ^{а}ц* Дов, *Лиљъ^{а}ц* Мург, *Орашъ^{а}ц*; *Богобъ^{а}ц* МлН, *Змејковъ^{а}ц* СтН, *Иванковъ^{а}ц* Коин, *Орловъ$^{г а}$ц* Клеч, *Попобъ^{а}ц* МлН, *Стрнобъ^{а}ц*; — *Гиновци*, *Ранковци*, или: *Довезенце*, *Степанце*, *Четирце*; *Бајловце*, *Бељаковце*, *Биљановце*, *Зубовце*, *Клечовце*, *Стрезовце*; *Аљинце*, *Гулинце*, *Јачинце*, *Коинце*, *Пељинце*, *Руѓинце*.

Топонимичните образувања со мн. суф. *-ци*, *-овци*, *-инци* се пазат само на славишкиот терен, додека на сета другата кумановска област, како и во северниот дел на Скопска Црногорија, се генерализирале наставките *-це*, *-овце*, *-инце* (на старата акуз. множинска форма).

Исто така многубројни се и месните називи со суфиксот *-ица* (*-овица*, *-ница*): *Бугарица* Ора, *Букурица* Мат, *Длбочица*, *Куклица*, *Стублица*, *Остравица* Топ, *Петраљица*, *Сакулица* и др.

Знатно е помал бројот на образувањата од овој тип со суфиксите *-ово* (*-ево*) и *-ино*, и тие се претежно имиња на населени места: *Драганово* ГК, *Ильазово*, *Јумерово* МлН, *Канарево*, *Кучкарево*, *Карово* Оп, *Литково*, *Муталово*, *Пезово*, *Сушево*; — *Жељувино*, *Кокино*, *Малошино*, *Наторичино* (Старо и Младо).

Суфиксот *-јане* се запазил во имињата на селата: *Буковљане*, *Доброшане*, *Жегњане*, *Злокукане*, *Лојане*, *Никуљане*, *Новосељане* *Слупчане*,

а *-ић* одн. *-овић* > *-овић* во имињата: *Боровић* Топ, *Липовић* Ник, *Тополовић*. Во *Витлић* Др, *Лазарић*, *Орловић* Чет се работи за суфиксот *-ић* < *-*itjo*.

Од месните називи со суф. *-је* ги забележив *Орашје* Жив и *Слибје*.

Треба да нагласиме дека на кумановското јазично подрачје има голем број месни називи и со суф. *-ак* (*-јак*), *-ник*, *-иште* (сп. *Брзáк*, *Гóљак* Деил, *Елéњак* Бајл, *Мéчњак* Длб, *Орл'ак* ГК, *Плóштак* Мил; *Горник* Дим, *Јеловáрник* Деил; — *Бъчвиште* Коњу, *Бачéвиште* Бујк, *Слáвиште* и др.), но тие само со топонимична функција не се јавуваат.

Образување на сложени именки

§ 166. Во образувањето на сложените зборови овде нема некои посебности што би требало особено да се нагласат. За лица се најобични образувањата од типот *глабосек*, *душогубъ^{a}ц* (со втората компонента глагол со или без наставка), сп.: *глабосéк* Љуб, *кожодéр* СтН, ВИљ, *лицемéр* ВИљ, *самоýк* Кум, *крвопúја* Љуб, *шегобúја* Стр, *злокóбник* Стр, *криводéлник* Стр, *душогýбъ^{a}ц* Ранк, *криводéльъ^{a}ц* Стр, *праóръ^{a}ц* Љуб, *душевáдац* Љуб, *песнопójъ^{a}ц*, *гузодéрица* Рад, *душогýбица* Мал, *средопóсница* Кум, *песнопúјка* Ром, *првостéнка* Др, *саможúвњак* Љуб.

Состави со втората компонента именка (со или без наставка): *пуноглáвъ^{a}ц* От, *едноглáвци*, *едногóдъ^{a}ц* Стр, *тврдоглáвъ^{a}ц* Љуб, *куцозýбъ^{a}ц* Стр, *прекомóръ^{a}ц* АгС; *бадодýшник* Стр, *бртокýкник* Љуб, *дерокóжъ^{a}ц* Петр, *праóрка* Кум, *букóлáвка* правúла *мазнолáвка* носúла ХП.

Таканаречените императивни сложенки се поретки, сп.: *влечú-клàшња* Љуб, *дерú-кòжа* Гин, *млатú-кȕчка* Коњу, *мрсúпéтко* Стр, *нерани-мàјка* Љуб, *нерани-кȕка* Петр, *палú-плèмња* Рад, *разбéј-гàјда* Љуб; сп. и: *мамú-ишлèже* Стр (трева), *пȕжи-мȕж* Стр (полжав), *пандивéк* Ст, Љуб, *прдúбука* Ст (птица).

Од типот 'домазет': *старосвáт* Деил, *старосвáтица* Длъб, *миломýжица* Стр. — Образувањата од типот 'паднистани' (обата составни дела императиви) овде се необични.

За предмети и други поими исто така најобични се сложениците од типот 'водосвет', 'градобија', сп.: *богосвéт* Мург, *водотúк* От, *водокрс*, *водопój* Кум, *Володéр* Стр, *гројзобéр* Љуб, *земњоштрéс* Чел, Мург, *кожодéр*, *крвотók* Кум, *очобóљ* Стр, *сенокóс* Ор, *слунчоглéт* Ник, *слњчоглéт* Ром, Руѓ, *првотók* Ор, Ник, *самоýк*; *градобúја* Деил, *киселопéја* Ос, Деил, *главобóлија* Љуб, Ром; *свињомóръ^{a}ц* Гин, Ранк, *воловóдњица* Стр; *богомóлство* Кук, *буосéрка* Ранк, *самонúчка* Ор, *самоткáјка* Стр, *самотвóрка* Љуб, *руковéда* От, Чел, *сланопáѓа* Мал, *срчобóља* Стр; — од типот 'гороцвет': *белогъска* Ос, Деил; *самовúла* Стр, *благосéмка* Љуб, *средорéчиште* Љуб, *троенóже* Љуб, *петобáнка*, *петодúнарка* Ранк, *суодóлина* Ранк, Љуб, *средорéк*, *стонóг* Љуб; *модроглáвци* Стр, *деветожéнци* Стр, *пољоглáвци* Ранк, *црнокóњци*; *белоглáвка*, *дебелокóрка*, *мазноглáвка* Пс, *реткопóлка*, *црноклáсица* Ранк. — Поретки се сложени

зборови од овој тип со непосредно срастување, од типот 'кљундрво', сп.: *бубамáра*, *кљýндрво* Пч, Чет, *кóњштрк* Стр, *клинчóрба* Рад, Стр, *Солýнграт* ШР (месност). — Многу се ретки состави како 'тутун-ќесе', сп. *тутýн-ќéсе* Љуб, *чáј-шиќéр* Петр, *шиќéр-зéље* Стр.

Формите на именките

Именки од машки род

§ 167. Кај именките од машки род можеме да изделиме две поголеми групи. Една група образуваат личните имиња со именките што означуваат живо суштество, т. н. одушевени именки. Во еднината тие имаат три форми: покрај номинативната имаат општа и вокативна, кои меѓу себе се разликуваат и формално. Втората група ја сочинуваат општите неодушевени именки. Кај нив општата и номинативната форма не се разликуваат, а вокативна по својата природа тие немаат, освен во специјална употреба.

Спрема завршниот глас во номинативот кај именките од првата група разликуваме неколку типа: именки со вокалот *-а*, именки што завршуваат на *-е* или *-о*, и именки на *согласка*.

Општата форма кај првата група (*а*-тип) завршува на *-у*. Сп.: Видé ли га *Илúју* Ст, вúкни га *Метóдију* Жег, тѣј е на *Андрéју* Др, на *Блаѓóју* Стојáновога тáтка Длъб, до свéтога *Никóлу* съ^{а}м ја Ром, съ^{а}с *Никóлу* Пс; — дáја га на *аџúју* Ром, Руѓ, утепáше сéлскога *војвóду* АгС, довéде једнóга *комúшу* Кум, довéја једнóга *коњешúну* Ром, ќ'ѝдев кудé *кадúју* АгС, убúше једнóга *прóшу* у Кумáново Чет, отúшле кудé *судúју* Ор, *шýру* бéше довéја Ром.

Во овој тип спаѓаат овде и именките како *Арса*, *Блáжа*, *Бýда*, *Вáнча*, *Ѓóка*, *Крсша*, *Пéра*, *Рúсша*, *Сúаса*, *Сшójча*, *Сúúра* и др.; општата форма: на *Арсу* Табановачкога Ст, ќе га ýчу *Бýду*, съ^{а}с *Блáжу* Арб, за *Вáнчу* гајдаџúју Жег, вúкај га *Ѓóку* Кум, на дедa-*Крсшу* Ор, и *Пéру* га вúкај, *Сúасу* га видó, на *Рúсшу* Мал, бéше у *Сúúру* Коњу, на *Сшójчу* Коин, за *Трáјчу*, — како и именките од типот *дéда*, *чúча*, оп. ф.: И Трáјча га је питувáја овóга *дéду* Кум, ја съ^{а}м затéкја *дéду* мójега Ром, на *чúчу* ти Пч, нé га знáм *чúчу* ми Мъг.

168. Личните и роднинските именки на *-е* во општата форма и овде завршуваат на *-ша*: Наsрќаш ли га *Влáдеша* Тáшковога? Коњу; пóп га је предáја *Бóбеша* Отља, бéше му испратúја једнý мóлбу на *Вéлеша* Мат, снáа на *Дóнеша Качáра* ШР, на *Кúреша* Грка је фýдбал Ром, на деда *Кóлеша* В, съ^{а}с *Кúреша*, на *Крсшеша Кóњушкоїа* син Ор, бéше при *Мúлеша* Град, сáкава *Мáнеша* да га размéнив Отља, *Ордеша* ќе тýримо одбóрника Чет, или: *шáшеша* викáше га Ст.

Во селàта што се поблиску до скопските говори именките од типот 'Пера' се среќаваат и со *-е*, сп.: *Рúсше*, *Слáбе*, *Сúасе*, *Сúúре*,

Трáјче, во оп. ф. на *-та*: да га ви́камо *Ри́стета*, *Сла́вета*, *Сии́рета*, *Трáјчета* АгС, одн. со *-о*: *Ри́сто*, *Сиáсо*, *Сии́ро*, *Трáјчо*, оп. ф. *Ри́стота*, *Сиáсота* Бујк, како во скопските и полошките говори. Во СтН ја забележив и формата *Мето́дета*, сп. По́стар је од *Мето́дета* на́шега, спрема *Мето́дија*. Првава повеќе добива нијанса на галовност, како *татета*.

По аналогија на овие образувања во некои гранични села со Блатијата и овчеполскиот говор почнала општата форма да се образува на *-та* и од именките што завршуваат на *-а*, од типот 'Илија'; на пр.; съ^{a}с *Илијата* бе́ше, *Методијата*, но: за *Никола*; во Градиште: видо́ га *Илиета*, дадо́ му на *Илиета*, *Благоета*, *Андрéјета*. Во овчеполскиот говор вакви образувања се знатно почести (MJ V, 1, стр. 22).

Во источните славишки села општата форма од личните имиња на *-е* и *-о* завршува на *-те*, како во кривопаланечкиот и кратовскиот говор; сп.: питува́ле *Дýшкоте*, на *Крстоте* унýк Можд, *Ми́лете* Пс, *Ми́трете* Оп, Одр, повикáа га *Павлете*, бе́ше при *Стáнкоте*, на *Стáнкоте* брат Пс, за *Сии́рете* питувá, у *Сто́јчете* Можд. Споменатава наставка доста е раширена и во бугарските говори во Самоковско, Ќустендилско и Дупничко[147]). Овие образувања во нашите североисточни говори фиксирани се веќе во XVII век. Во една записка од XVII век во црквата св. Никола во Трново (Кривопаланечко) забележена е формата *Ниноте*[148]). Од XIX век вакви форми имаме повеќе, сп.: *оу Марко̀те*, *ѕ Стоилко̀те*, *ѕ Маринко̀те*, *ѕ Кр̀тъ̀те* — во приписка од 1787 година на еден апостол во Лесново[149]). Интересно е дека тие можат да се сретнат и во разни записки што настанале во позападниот дел од северното јазично подрачје. Така, на пример, во една приписка од 1842 г. на една руска печатна книга во нерешкиот манастир покрај *киръ Христота* ѣ̈рчїа имаме: *со приложѐніе киръ по̀па Ко̀тете сакелаґїа ѿ Скопѣ*[150]). Формата на *-та* обична е и денеска во скопските говори; меѓутоа, другата е непозната.

Според Тодорова крајното *-е* во споменатава наставка се јавило спрема номинативната форма, одн. претходното *е*. А тоа значи дека наставката *-те* прво се образувала кај именките од типот *Коле — Колете*, а после се проширила и на образувањата од типот *Марко — Маркоте*. Едно вакво толкување е логично во оние говори каде што на *-те* завршуваат именките од типот 'Марко' и именките од типот 'Коле'. Меѓутоа, во кратовскит говор оваа наставка ја имаат само именките на *-о*, сп. *Ма́ркоте*, *Стáнкоте*, *Пе́ткоте*, *Трáјкоте*, а оние од типот 'Коле' завршуваат на *-та*: *Ми́лета*, *Ми́трета*, *Пе́трета*. До колку последниве форми

---

[147]) Ц. Тодоров, цит. дело, стр. 267.

[148]) Зборник за историју Јужне Србије, књ. I, Скопље 1936, с. 267.

[149]) Й. Ивановъ, Български старини изъ Македония, с. 168.

[150]) Љ. Стојановић, Стари српски записи и натписи, књ. V, Београд 1925, запис бр. 9242.

не се понови преобразувања, тогаш тие се противат на објаснението што го дава Тодоров. — Што се однесува пак за постанокот на целата наставка *-ша*, објаснение дава Селишчев во *Полоī и еīо болīарское население*, стр. 338.

На целата друга територија роднинските и личните имиња на *-о* во општата форма имаат *-а*: Што ти расправ̀а за њи́ногa *ýјка* Ром, туј га тво́јега *ша́шка* најдо́ АгС, чува́л га *Ма́рка* ГК, съ^{a}с *Ву́чка*, бог да га про́сти деда-*Ди́мка* Стр.

§ 160. На *-а* завршуваат во општата форма и сите одушевени именки и личните имиња на согласка. Сп.: Уби́ја га *Аша́наса* В, на *Анīе́ла Пельи́нскоīа* Буко́в, Ми́та на *Васи́л'а* брат Мил, съ^{a}с оно́га *Деми́ра* Ор, о́ќете ли га *Јова́на* Буков, вати́ле не́кога *Јусу́фа* Мург, истера́ га *Ми́одраīа* ду́жнога Ор;

вржи то́га се́лскога *би́ка* Коњу, и́маш *бра́ша* Мъг, игра́ја съ^{a}м де́снога *бе́ка*, мо́јега *баџана́ка* утепа́ја Ром, не пи́тај *ђража́лца* пи́тај *īаша́лца* Ром, ШР, *војни́ка* смо виде́ле Ор, куде́ и́маш *бо́ла* за иља́да ба́нке В, они са ватиле жи́вога *бу́ка* Пч, и́мамо *īо́ста* Ром, не мога́ да дове́де то́га *друīа́ра* Кум, одведе́ једно́га *за́јца* Руѓ, *ко́ња* докара́ ли Пч, чу́ја съ^{a}м да си тражи́ја не́кога *мо́мка* Чет, утера́ја једно́га *ма́чака*, едно́га *мо́мка* цени́ из Лопа́те Ром, ќе ту́рав *о́дбора* Мал, потера́ *ūрља́ка* Кук. Така и имеѓката 'бог': фа́ла на *бо́īа* Чет, до ми́лога *бо́īа* Мург, и 'ѓавол': нека се жа́ли на *ѓа́вола* ако о́ќе Ор.

Неодушевените именки, како што споменавме, имаат само една форма и нема потреба да приведуваме примери.

§ 170. Вокативната форма се образува како во другите дијалекти. Најчести се вокативни форми на *-е*: *Бори́зе* Ст, *Боīаши́не* Мал, *Мила́не* Коњу, *Радоба́не* Жег, *Петру́ше* Мал, *Сараби́не* Жег, ста́ни *би́воле*, ај *бо́же* помо́зи Ст, немо́ј бре *бра́ше* зла́ть^{a}н Ром; а оно почна́ло да ви́ка: да́ви, *бу́че*, сви́њуту Одр; *домаќи́не*, и́маш го́ста Ром; сре́ќа ги је, бре *сва́ше* Пч.

Именките што завршуваат на мека согласка (*љ*, *њ*, *ј*, *ќ*) обично во вокатив имаат *-у*: *ко́њу* едн̀ан, *младићу* Кум, *ūријаше́љу* Рад, *славе́ју* Ранк. — Почесто на *-у* завршуваат и именките на *-к*, сп.: Изба́ви ме, *мо́мку*, што са́каш ќе ти да́ду Чет; — и тъг рекна́л по́пъ^{a}т: како́, *мо́мку*, па то́ј ли је љу́дење Одр. — И, бре *ненаситнику*, не мож да се најеш, ало житна ХВ 341. — А же́ната га у́чи му́жотога: *чове́ку*, зе́ми си ти пиштови́нкуту Одр. — Така и образувањата што завршуваат на *-ч*, *-ж*, *-и*: Ај *ора́чу*, како́ је? — Ете, *му́жу*, ја му гу дадо́ ќе́рку и венча́ гу Кум. — А чекај ти, *сарошу* ВИљ. — Кај именките на *-р* се употребуваат наспоредно обете наставки: Че́стити *ца́ре*, ја те мо́лу да ми гу да́деш ону́ј тво́ју слугинку Чел. — Е *ца́ру*, не́ли ти ја каза́. . . Ник. Од другите именки вокативни форми на *-у* се поретки. Сп.: А ти, *бра́шу*, ќерку за удава́ње ВИљ; ба́то *Али́ју* Мал, и др.

Именките на *-а* вокатив образуваат доста често и со *-о*, сп.: *аџи́јо*, *арами́јо* Кум; за́што да не, *аџи́јо* ВИљ; — до́бъ^{a}р дн̀ан, *кадијо*

Ром. По овие се повеле во козјачките села и личните имиња на *-ја*, одн. *-а*, сп.: *Алéксо* (: Алекса), *Илúјо* Рад, Ос, бáтко *Драгонúјо* Ст, *Метóдијо* Ос, покрај *Илúја* Др, кудé си *Илúја* Коин, *Благóја*.

Општа е појава во нашиот јазик вокативната форма да се изедначи со номинативната. Омонимија во такви случаи не се јавува, бидејќи вокативот има и посебна интонација. Овој процес во помала или поголема мера ги опфатил сите наши говори, меѓу кои и кумановскиот. Исп.: А бре *ѓáвол*, што направи́? — Ej, *Вук*, кудé си, нéма те? — Кудé, бре *прија́тељ*? Ром. *Стојáн*, кудé си? АгС

Од именката 'господ' и овде имаме две вокативни форми: *гóсподе* и старата *гóсподи* Ор, Кум, Мат.

§ 171. Множински наставки се: *-ови*, *-еви*, *-и*, *-е*, *-је*, *-ја*, *-овци*, *-ишта*. Сп.: *брéгови* Ром, *вúрови*, *дъ́нови* Ранк, *жљéбови* В; *нóсови* Арб, *пу́тови* Град, *сту́бови* От, итн. Именките од некогашната мека основа најчесто завршуваат во множината на *-еви*: *брójеви* Пс, Ром, *рójеви* Стр, Мал, *сójеви* Руѓ; *грóшеви*, *кóшеви* Ром; *нóжеви* Пс, Рад, Кум; *крáљеви* Отља, Ром, *мýжеви* ВИљ, *кљýчеви* Рад, Коњу, *цáреви* Мал. Но не се непознати и форми со наставката *-ови*, сп.: *грóшови*, *кóшови*, *кљýчови*, *нóжови* Рам, *брúчови* покрај *брúчеви* Длъб. Паралелната употреба на двојни форми кај последниве именки придонесла да се јават паралелизми и кај некои зборови од првата група, на пр. *глáсеви*, *јáзеви* покрај *глáсови*, *јáзови*. — Спрема *дъ́нови* образувана е формата *нóќеви*, одн. *нóќови* Пч, покрај *нóќи* Мал. — Покрај *пци* се среќава *пцета* Др, ХВ 339, макар што последнава не е така обична. — Формата *сúнци*, сп. кај Иљоски: Такој, *синци* мајчини, — покрај *сúнови*, претставува множина од 'синък'.

Со наставката *-ови* (*-еви*) само мал број двосложни именки образуваат множина. Тие се главно зборови кај кои се губи вокалот од основата во множинската форма, на пр.: *óгнови* АгС, *бéтрови* Оп, Кум, поретко *бéтри* СтН, или роднинските имиња: *сбéкрови* Отља, *тéтинови* Пс, *ýјкови* Пс, Оп, Одр (:*ýјковци* од *ýјковъ^{а}ц* 'комарец'), *чúчеви* Пс, Ром, *шýреви* Ром, *шýрови* Бујк, покрај *шýревци*, *тéтиновци*.

Од образувањата на *-и* ќе споменеме само некои што се понеобични за другите говори. — Од 'огъ^{а}нь' покрај *óгњови*, *óгнови* забележив и *óгњи* Чел, *óгњи* гóрив Ник. Две форми забележив и од 'ујак' — *ýјкови* и *ýјци* Одр. Сп. покрај *бéтрови* и *бéтри* Длъб; покрај обичното *дбóрови* во народна песна забележив *дбóри* (Јане мете тија рамни *дбори* Ранк). — Исп. *бúтли*, *кóтли*, *сврдли*, *ýзли* (од *узъ^{а}л*), поретко *ýзали*, *чéшли* Ор. Според нив е образувана формата *бúтли* од *бúтил'* ГК 'фитил'. Двојни форми се среќаваат и од 'сокол': *сóколи* Ром, Арб, Ст и *сóкли* В. — Како *бежýнци* Ром, *глýсци* Чет, *кóлци* Пч направена е формата *стóнокци* Ром. Образувањата од типот *добúтци* ГК, *мýкци*, *пéтци* Ранк, В, *четвртци* В послужиле како основа за други именки во кои нема темен глас во суфиксот, на пр.: *мравúњци* (: *мравúњак*) Ром, *крстúњци* Јач, *зељáнци*

Ор, Кум; множината од *ка́мен* гласи *ка́мења*, но и *ка́мњи* Ник, Кум. — Две множински форми имаме и од 'човек': *човéци*, како во источните говори, и збирната *љу́ди*. — Еднослоѓните 'бик', 'струк' множина можат да образуваат и со *-и*: *бúци* Пс, АгС, *стрýци* прáс Град, Пч, покрај пообичните *стрýкови*, *бúкови*. Оние еднослоѓни именки што завршуваат на *-и* во множината во другите говори, на ист начин образуваат и овде. Само од 'коњ' во славишкото село Мождивњак покрај *кóњи* забележив и *кóње*, чл. *кóњете*. Така гласи множината од оваа именка и во кривопаланечките села откаде што е внесена таа и во споменатово славишко село.

Повеќесложните именки што завршувале на *-х*, во множинската форма пред наставката имаат *-с-*: *кожýси*, *тердýси*, *сиромáси*, од *орá* — *оráси* Мал, Руѓ (плодот): *оráови* (дрвја).

Ги приведуваме поради промените на согласките во основата и формите: *брлоци* Ор, *белéци* Ром, *ковчáци* Петр, *пóлоци* В, *пáузи* Град (од *паук*).

Именките на *-а* во множината имаат *-е*, сп.: *áпете* Ор, *коншúје* Ром, *јаудúје* АгС, *пáшете* Пч, *прстењúје* Мург (в. § 176).

Обични се множински образувања со наставките *-овци*, *-евци* кај фамилните и роднинските имиња: *Божúновци* СтН, *Бéповци* Ст, *Рóбевци* Ром, *Вéљковци* Ст, *Велúчковци* Чет, *Грýевци* Дов, *Дéневци* Ром, *Ѓóрѓевци* Дод, *Ѓóрчевци* Ром, *Јовáновци*, *Кóлевци* Ром; *дéдевци* Ром, *нáши дéдевци* Кум, четворúца *дéдевци* úмам МлН, *тéшиновци*, *зéтовци*, *чúчевци* Ром, Стр, *шýревци* От, Ром.

Фамилни имиња можат да се образуваат и со наставката *-ови*, одн. *-еви*, и тоа главно во југозападните села: *Атанáсови*, *Дóнчеви*, *Јáневи* Пч, *Мáркови* В, *Мáневи*, *Пéшеви* АгС, *Тáсеви* Пч, *Трáјчеви* Ор, *Тóдеви*, *Ýрошеви*, *Шóпови* АгС, — како и на *-ци*, одн. *-инци*: *Јáчинци*, *Кóстинци* СтН, *Мијáлинци* Ник; но и *Курчúни* Мург.

Во Миладиновци неколку форми забележив на *-иња*: *Матéвчиња*, *Петрéвчиња*.

Во нашиот јазик наставката *-ишта* сè повеќе си пробива пат како множинска наставка губејќи го при тоа своето пејоративно значење. Како таква таа се среќава и во кумановскиот, и воопшто во североисточните говори. Така, еднослоѓните именки *дол*, *град*, *пут*, *сън* најчесто множина образуваат со *-ишта*: *грáдишта* Мал, *дóлишта* Др, *пýтишта* Мург, Руѓ, Кук, *съништа* Мал, покрај *грáдови* итн. Во сите овие примери *-ишта* има множинско, или поточно збирно значење без пејоративна нијанса, или пак таа сосем малу се забележува.

§ 172. Наставки за збирна множина се: *-је*, *-ја* и *-е* (со промена на претходниот консонант). Сп.: *брéзје* Арб, *брéсје* Ос, *трóбје* Арб, *дýбје*, *друмје* АгС, *дрéње* Др, *дворје* МлН, *клáсје* Мал, Мил, Пс, *лúсје* Ром, во нар. песна и *мéгје* (Тéчи, тéчи жýти *мéгје* Ранк), *рáсјете* Одр, *рáсје* ГК, *стóље* (Турúла им *стóље* да си сéдит Ранк), *цáрје* Длъб, *црéвје* Ранк, *шýмје* Пч. Поретки се образувањата на

-ја, на пр.: *ѓро́бја*, *ли́сја* и сл.; — *дрење* Ос, *бости́ање* Кук, *ѓло́жќе* Мург, *ка́мење* Мал, *л'у́ќе* Ддр, *ѓрсѓење*, *ра́мење* Ст, *ѓрње* Др, Кум, Ром, *ча́ќе*, *цвéќе*; — *бра́ка* Арб, Кум, Стр, *ко́ља* Град, *ка́мења* В, *ѓру́ка* Мил; спрема *бра́ка* направено е и *л'у́ќа* Бујк, покрај *л'у́ќе*, *љу́ди*.

§ 173. Избројаната множина се образува со наставката *-а*. Кога е именката придружена со прост број таа редовно завршува на *-а*, како во говорот на Скопска Црногорија, кривопаланечкиот, кратовскиот и воопшто во говорите од тимочко-јужноморавски тип. На пр.: *ѓричеѓи́ри би́вола* В, сна́ва има́ла *два́ си́на* близна́ка Ст, *десеѓ Бу́ѓарина* војни́ци От, *дванáес* војни́ка Пч, *сто́ ѓро́ша* ГК, *ѓри́ ѓроба́ра* Ранк, *два́ дъ́на* Пч, *два́ жа́ла* Ранк, *двéсѓе сéвѓара* тури́ја Ник, *дéвеѓ ме́ѓра* В, по *шéс ме́сеца* Мург, *пéѓ мелеца́ја* Мал, *сéдъ[а]м по́јаса* В, има́ло *ѓри́ по́па* и *чеѓи́ри учи́ѓеља* Ор, *два́ ра́шѓака* Пч, *ѓри́ сира́ка* В, *дéсеѓ ѓова́ра* пчени́ца Пч, *сто́ ши́ника* ГК, От, на́ши прене́ле *сто́ бајоне́ѓа* Бељ, плати́ја је ка́зну *сто́ пéдесе дина́ра* и ба́шка по́рес, итн.

Именки од женски род

§ 174. Три форми разликуваме и кај именките од женски род на *-а*. Општата форма завршува на *-у*, кое е добиено, како што споменавме порано, по гласовен пат. Ова е најдобар доказ дека и во другите наши говори како општа форма се генерализирала акузативната, а не номинативната.

Јужната изоглоса на образувањата на *-у* оди од Шопско Рударе на Коњу, Довезенце, Мургаш, Винце, Бујковце. Во граничните овчеполски села Сакулица, Татомир, Кушање на *-у* општата форма завршува уште кај личните имиња. На исток форми на *-у* се среќаваат до линијата Талашманце—Мождивњак, а од личните и роднинските имиња (мајка, сестра, снаа) изоглосата оди уште по на исток, опфаќајќи ги северните кратовски села и градскиот говор. Исп. таму: на *сéсѓру* ми, *сри́ну*, *ма́јку* ми гу викна́а, *Анѓу* гу кани́ја (Горно Кратово), но: *ќе* ти скрши *ѓлáваѓа*. Од другите северни говори општата форма се разликува од номинативната кај оваа категорија именки уште во ск.-црногорскиот и во говорот на крајните северни полошки села до Белоишта на југ.

Сп.: а) Кога е именката директно дополнение: *Ви́кни* гу *Божа́ну* Град, *виде́* ли гу *Пéрсу* Мург; *не́* гу зна́јеш *мо́ју ба́бу* Ром, пресече́ си *бе́ну* Ор, *но́си вечéру* АгС, *ќе* ми *де́реш* од грп *једну́ ва́шу* Гин, *у́ши* што обрќев *зе́мњу* АгС, *ќе* изгу́би *ѓлáбу* Ор, *да́ј* ми гу *ка́рѓушу*, на́ ти ову́ј *књи́ѓу* Коњу, *и́мам кра́бу* ШР, испе́ри ову́ј *кошу́љу* Ром, једъ́н би́вол поједе́ *лоѓе́нкушу* от ти́кву Мат, да донéсу *моли́ѓву* Мат, *ѓоле́му му́ку* и́мам Одр, не́мам *мешани́ју* Рад, запали́ше гу *опшѓи́нушу* Пч, доната по *не́коју ѓа́ру* Ром, ва́ри *пчени́цу* Одр, запали́л *сбéку* Ранк, пу́шти гу *сбра́ку* како рта Отља.

Општата форма без предлог се употребува уште во вакви случаи: испуни́ле се *бо́ду* Ранк; насади́мо једну *се́мку ш̄и́кву* АгС, качи́л се на *вр ш̄опо́лу* Ранк, едно́ *ши́ше раки́ју* Одр, да пре́ју на дру́гу *стра́ну ре́ку* Кум.

б) Кога е именката употребена со предлог: Иду куде́ *Божа́ну* Мург, да пе́ру за *Миле́ву* Град; на *ба́бу* ми ќе́рку ву Пч, отиде́ на *ба́ћу* Ор, бе́ше у *ба́шчу* Мург, ку́чка не стану́је из *бра́зду* Одр, носи́мо на *бо́јску* АгС, уз *бо́јску* и́де Ранк, и си избега́ла из *воденѝцу* Ранк, змѝја не́ се ва́ќа за *ѣла́ву* Ор, на *држа́ву* не́ка да́де Ром, на *ѣрани́цу* Одр, од *и́скру* пла́мен би́ва Чет, у на́шу *и́збу* Гин, прет *ку́ќу* ти прође́ Лоп, у *ме́нку* Пч, уда́ра у *ѣло́чу* Др, закачѝ гу за *но́ѣу* Одр.

Само во селата што непосредно граничат со скопскиот говор и во Градиште, Колицко, Живиње општите именки во генералната форма почесто завршуваат на *-а*, сп.: отидо́ше на *воденѝца* Мил, *биолѝцата* гу па́су ГК, избега́а у *Ту́рција*, да пла́ту *дабачка* Бујк, но: на *Марѝку* Бујк, откуде́ *Ру́жу* и́ду Град.

Именките употребени како стални ознаки (обично тие се титли и имиња што означуваат сродство или занимање) најчесто остануваат неизменети; на пр.: *баба*-Ма́ру ви́кав гу до́ма Ор; виде́ ли гу *ш̄е́тка*-Стани́ку? Пч. Исто и именките од машки род: Ви́кав га *дега*-Или́ју; бе́ше ма́лко ќуде́ *ба̄шкс*-Стоја́на Кум; съ^{а}с *чорбаџи*-Сто́јка отвори́ја СтН.

Именките од ж. р. на согласка имаат само една форма.

§ 175. Во вокатив, како во сите наши говори, се пазат обете наставки: *-е* и *-о*. Со првата вокатив образуваат само именките што завршуваат на *-ка* и *-ца* и нивните деривати: *Блаѣо́јке* Ос, *Вели́ке* Мург, *Драѣи́нке* Кум, *Да́рке*, *Добрѝнке*, *До́нке* Ос, *За̄ѣорке* Ром, о *Ја́нке* Жег, *Си́мке*, *Николе́ш̄ке* Деил; Кажи ми дали ме ти даваш за њега, *мајке* ВИљ; *сна́шке*, *ш̄е́ш̄ке* Др. Од овој тип именки поретки се вокативни форми на *-о*; сп.: ту́го *ма́јко* Град, *дружѝчко* Руѓ; ста́ни, ца́рева *ќе́рко* Ор. — Или од именките на *-ца*: *Ка̄ш̄ице* Стрез, *Љу́бице* Ром; *Мили́це*, доне́си во́ду АгС; *неве́ст̄ице* Одр, но и: *ли́сицо* Пч, *До́брицо* Ос, *Драѣи́цо*, *Ели́цо* Деил, *е́ребицо* Руѓ, *Мили́цо* Ос, *Ми́цо* Ник.

Сите други именки на *-а* вокатив образуваат со *-о*: *Боѣда́но* Од, море *вр̄ту́но* Руѓ, *Гроздѐно* Ст; *Мари́јо* Стр, *Ст̄ани́јо* Др. Покрај *по́ѣаѓо* ГК имаме и *по́паѓе*: Куде́ си, *по́паѓе* мори́! В.

Повикување со номинативната форма е доста ретко кај овие именки.

§ 176. Како во говорот на Скопска Црногорија така и во кумановскиот во множината превладала наставката од меките основи (*-е*), која е карактеристична и за српските дијалекти. На југ множински образувања со оваа наставка се среќаваат до линијата Винце—Пезово—Шопско Рударе—Тополовиќ, а на исток спрема кратовскиот и кривопаланечкиот говор до Метежево—Длъбочица—Псача—Талашманце—Тополовиќ. Спрема скопскиот

блатски говор границата оди од Винце на Дељадровце и Бујковце. Како што се гледа, изоглосата на оваа црта се поклопува со изоглосата на образувањата на *-у* во општата форма. Во Градиште пообични се множинските образувања со наставката *-и*, како во овчеполскиот говор. Во с. Мождивњак форми со *-е* можат да се чујат кај постарите, инаку се пообични образувањата на *-и*. Само од *свиња* редовно множина се образува со *-е*: *сви́ње* докара́ ли, отка́рај *сви́ње̄те*. Вака гласи множинската форма од оваа именка и во кривопаланечките села, дури и во северниот дел на кратовскиот говор.

Оваа наставка (*-е*) секако е стара овде. Во споменатиот запис на Радина Нагорички (од XIV век) имаме: *Друг҃е кни҃е, сиѥ кни҃е* (Селищев, Очерки, 179).

Сп.: *ба́нице* Ор, *бара́ке* Мург, *бра́боњке о́бче* Ранк, *бу́ке* Руѓ, *банде́ре* Чел, *вамили́је* АгС, *брце* Мург, *въшке* Јач, *ва́врике* Руѓ, *војскет҃е* њи́јне Одр, *го́дине*, *го́шт҃ерке* Пч, *гремаде* Пез, *гла́ве*, *га́ке̄те*, *гра́ње* Ст, *де́лбине*, дванаес *ду́ше* Пч, *дре́е*, те́ј *дебо́јке*, *дра́ке* Др.

Образувања со збирната наставка *-је*, од типот *го́дин҃е*, *гла́нин҃е* и сл. во централните и западните говори, овде се многу ретки. Ги забележив: *го́дин҃е* Мил, *гади́н҃е* покрај *гади́не* Бујк, и месните имиња: *Гла́вје* СтН, *Јазби́ње* Жег, *Бре́кин҃е* Ник, *Коноги́ње* Пч, *Руги́ње* Чел, или *Ливаѓе* Арб.

Именки од среден род

§ 177. Кај именките од среден род можеме да зборуваме само за образувањето на множинската форма.

Со наставката *-а* множина образуваат сите именки на *-о*: *брда*, *гобе́да*, *вреш҃е́на* и др., со исклучок на *око* и *уо* кај кои се запазила старата двоинска форма: *о́чи*, *у́ши*. Сп. уште: *коле́нца* Мал, *гасъ[а]мца* АгС, *не́пца* Пч; *ло́јза* Кум, Стр; *аљи́ш҃та* Пч, *гу́мна* ГК (формата *гумења* овде не се среќава).

Формите на *-ја*, како *дрбја* Ром, *гёрја* Ор (: колективните *дрбје*, *гёрје*), овде се знатно поретки отколку во другите североисточни говори.

Наспоредно се употребуваат формите *ја́гањца* и *ја́гањци* покрај *ја́њаики* и *ја́гњиња* Ддр, *гили́ци*, *ш҃е́лци* В, покрај пообичните *гили́ки*, *ш҃е́лики*, одн. *гилиња*, *шелиња* Бујк; покрај *гра́сци* и *гра́сиња*, *гра́шчики* В.

Другите именки на *-е* (*-ле*, *-че*) множина образуваат со наставките *-иња* и *-ики*, кои се употребуваат паралелно и подеднакво се продуктивни.

Образувањата со првата наставка (*-иња*) познати се на целата разгледуванава територија. Како што е познато, таа е општа множинска наставка во нашиот јазик кај именките на *-е* и се образувала на наш терен[151]). Сп.: *бре́ми́ња* Град, *глушчи́ња* Одр, *Козар-*

[151]) За постанокот на оваа наставка види објаснение кај А. Селишчева, Очерки, с. 176, и малу поинакво кај Белиќа во СДЗ, II, с. 48, VII, с. 178, и кај A. Вајана L'évang. de Kul., с. 96.

ски Ѓубри́ња Ор, *ју́нчиња* Прој, *коиче́ња* ГК, *ку́триња*, *ко́тлиња*, *ку́чиња* Отља, *трли́ња* ШР, *чукари́ња* (в. § 123).

Наспоредно со овие образувања на целата кумановска територија се употребуваат и множински форми со старата деминутивна наставка *-ики*[152]). Сп.: *бу́рики* Ранк, *бу́чики* Ром, *волобчики* Ранк, *голу́тчики* АгС, *грнчики* Кум, *до́лчики* Ор, *дире́кчики* Жег, *жута́льчики* Длъб, *зми́чики* Ст, *јаѓьики* Коњу, *ја́рики*, *коруптчики* Мил, *ко́тчики* Пч, *ка́менчики* Ор, Жег, *кру́шчики* Ор, *кричики* Кум, Мург, *ку́чики* Отља, *ка́чики* Арб, Мал, *кла́шчики* ШР, *лубе́нчики*, *ли́сничики* Жег, *ли́шчики* Мал, *ласта́рчики* Мал, Арб, *маѓа́рики* Мург, ги те́пав *ма́чикитте* Руѓ, *ма́чики* Мал, да се изве́дат *миси́рчикитте* Одр, *невести́ољчики* Одр, *нера́бчики* Рад 'доселеници од селото Нерав', *тиштоо́льчики* АгС, *ти́лики* Ранк, *ра́кчики* Ст, *слани-на́рчики* Љуб, *та́шчики* Др (тас), *трнчики* Ст, *унучики*, *цре́тчики*, *црбчики* Коин, Ст.

Во козјачките села овие образувања се знатно почести од формите со наставката *-ињa*, која пак превладува во јужниот појас на нашиов говор.

Како множинска наставка *-ики* се употребува на целиот северен дел од нашата јазична територија на југ до границата со штипскиот и кочанскиот говор. Во Северозападна Македонија изоглосата оди нешто појужно, бидејќи образувања на *-ики* среќаваме во дервентските села, спорадично се јавуваат и во Каршијака, а на поречкиот дел ги среќаваме до линијата Белица—Могилец[153]). Нејзината употреба е обична и во јужноморавскиот дијалект, „једино у јужноморавскоме дијалекту, и ни у једном више, чак ни у заплањском"[154]), како и во говорот на Сретечка Жупа[155]).

Остатоци од старите падежни форми

§ 178. Остатоци од синтетичните форми можеме да сретнеме повеќе во народната песна, во пословици, фразеолошки состави, во разни петрефицирани изрази и прилошки зборови. На пр.: *Ши́ло боди́ло све́тта* вати́ло Ор; на *ста́роїа бе́ка* не зна́мо Мург; они се бори́ше *це́лоїа дъна* Ник, *бо́їа* ми Ром, *лебо́* ми Аг с, *крсто* ми В, ГК, до *не́беси* Бујк, у *не́беси* ГК; род *ро́да* не ра́ни Чет; што има на *светта* Коин.

Од дативната форма во живиот говор се употребува *боїу* во изразот *фа́ла бо́їу* Ст, Арб, Кум; или: Не му чи́ни ње́му, па *бо́їу* се не пла́ши Коин; *бо́їу* се дожали́ло Ст. Од народната песна се: Стојан си *Сто́јне* гово́ри Ранк. Та написа до три ситне књиге: Једну праќа *Ма́рку* у Пр и́лепа, другу пра́ќа *Ре́ље* у Пазара. . . ХВ 359. Материјалот од народната песна навистина за дијалектологот

[152]) А. Белиќ, Дијалекти, с. 365.
[153]) Б. Видоеска, Поречкиот говор, с. 36.
[154]) Белиќ, дијалекти, 366.
[155]) М. Павловиќ, Говор Сретечке Жупе, стр. 37, 170.

не е многу поуздан, меѓутоа, во приведениве случаи можеме да бидеме сигурни дека дативните форми *Стојне*, *Марку* и *Реље* не се внесени однадвор. И во кумановскиот говор, како во Скопска Црногорија, до скоро била во употреба дативната форма со флексија кај личните имиња. Дативна наставка кај образувањата на *-а* била *-е*, како што покажува формата *Стојне*, и како што е денеска во скопскоцрногорскиот говор.

Остатоци од дативната форма за припаѓање, која во Црногоријата е сеуште жива (MJ V 161, 165), овде нема многу. Ги забележив само овие примери: *Милáну мáјка* Длъб(к), *Јобáну снáба* Цвет, и месност *Урóшу Бáра* Ос.

Нешто повеќе остатоци има од инструменталната и локативната форма, но тие се главно прилози; сп.: *дьњем*, *крíшом* ХВ, *рéдом*, *сíлом* Ник; *блазé* му на њéга Ор, *блазé*[156]) ти на тéбе Кум, Отља, *ѓóре*, *дóле*, *зúме*, *јýтре*, *стрéде* и др. (в. § 218). Спрема *дьњем* образувано е *нóќем* От, како што се образувала и формата *дьња* Пез, Град спрема *нóќа*, сп. *нóќа* свé крúју га Ранк, *нóќа* ми доаѓáше Град. Формата 'ноќу', што би била природна во овој говор, не се употребува; почесто е *ноќе* Др, Кум, Ор, В, Мат, а многу ретко *ноќом* (сп. во народна песна: кът са *нóќом* преноќúле Ранк).

Во топонимите како *Довезéнце*, *Ранкóвце*, *Стрéзовце* и др. се генерализирала старата акузативна наставка.

Остатоци од двоинската форма се: *двесте* (дъвѣ сътѣ), *двáјути* (< пѫти), *óчи* и *ýши*. Место 'раце, нозе' овде имаме *рýке*, *нóѓе*.

Во овој говор е честа појава зад простите броеви и прилозите за количество да се употреби еднина место множина. Сп.: úма *мнóѓо лúс* В, нéшто потепáше *нéшто рóј* фатúше Чет, óколо *двá сáат* Пч, отидóмо у *дванáес сáат* у Бýкуреш Чет, или: *двáес* динáра *бóн* узедé Кум.

Именки што се употребуваат само во множина

§ 179. Освен именките како *бисáѓе*, Ст, кóжне *бисáѓе* Чет, *ѓáќе* Кум, Стрез, Стр, *ѓýсле* Мат, *задýшнице* Мург, *кльéште* Мал, *клáшње* Мург, Ор, Ром, *нькве* Арб, Чел, Стр, Кум, *нóжúце* Агс, Ор, *нúште* Ст, Др, От, *окáлыке* Кум, *сáњке* Ст, *трúце* Ст, Дов, *црéвје* Ник, и др., познати и во другите наши говори, само во множина се употребуваат и *врáта*, *кола*, *леѓа*, *уста*, кои се од среден род; сп.: *обúја врáта* Кум, *ѓолéми врáта*, *врáта се затворúле* Руѓ, *къ се затворúше врáта* Ник, *обúја врáта стójев отвóрени* Жег, отвóри ми *тúја врáта* Коин, *свu врáта* съ[a]м *ѓи* затворúја Агс, *њеѓóви врáта* Ром, *две врáта* Мург, *желéзни врáта* Гин, — *édни кóла* Пч, *шéс кóла* кáмење Пч, *две úљаде кóла* сéно Град, *њеѓóви кóла* Ром, прéгни *ѓи кóла* Кум, *кóла се скрúше* Мал, — *лéѓа* ме *бóлиb* Кум, *злáтни ýста* Ранк, *ýста* ме *бóлиb* Др.

---

[156]) A. Mazon, Contes slaves de la Macédoine sud – occidentale. c. 37.

Најчесто во плуралиа тантум е и именката *чеза*, сп. *пу́шти ги че́зе* Жег, *че́зе дојдо́ше* за њи́ Стр, *скрши́ше се че́зе* Коин, но и: ќе до́јде с *че́зу* МлН.

Промени и колебање во родот

§ 180. Во помала или поголема мера промени и мешање во родот имаме во сите наши говори. Особено е расколебан родот кај именките од женски род од старата *i*- основа. Бидејќи крајните гласови кај именките станале морфолошки знаци за родовото диференцирање (така барем кај неодушевените именки), и при тоа именките што завршуваат на согласка главно се од машки род, нивниот род почнале да го примаат и именките од ж. р. на согласка. Во кумановскиот говор, како и во другите северни говори, споменатава група именки најчесто се од машки род. Ср.: *сва́ки ве́чер* по двојца ва́ркав Ор, он ло́ви *сва́к вече́р* Ром, *једа́н ве́чер* Мал, Ст, *тъ̄ј ва́рош* Ник, *вла́сть̄а́т на́ш* Пез, *вла́съ̄а́т* падна́ у офице́ри Пс, *тъ̄ј бо́лес* Ст, *обе́ј е́сен* Ст, до *е́сень̄а́т* Ор, ќе пи́јемо *ваш крв* Топ, има *јак крв* Кук, *слаб крв* Мург, *једа́н крв* са Ром, *тъ̄ј маз*^{с}, *ма́зъ̄а́т* Ник, да те потсе́кам на *мој мла́дос* Виљ, по *мој па́мет* Жег, *обе́ј па́мет* Мал, *сва́ки па́мет* умо́ује Ник, *тъ̄ј па́кос* Ст, Ор, *једа́н про́пас* Рад, *голе́м па́рат* Оп, *по́моќот* ГК, никна́ *ржат* Град, *есе́ни рж*^{ш} Ст, остави́ја *лош реч* Пч, *голе́м ра́дос* Гин, *оне́ј ста́вар* Ст, *пу́сти ста́рос* От, *со́ль̄а́т* је *си́тъ̄а́н* СтН, *једа́н смрт* Жег, Арб, *смртъ̄а́т* В, *тъ̄ј че́љад*^{т} Др. — Именката 'ноќ' се среќава во сите три рода, сп. *голе́м ноќ* Жег, Град, Ор, *еди́н ноќ* В, и така најчесто, но и: *обу́ј ноќ* Ор, *сву́ но́ќ* шета́ле Отља, пре́ко *но́ќту* до́шле самови́ле да се ба́њав Ст, и: *сво ноќ* Ник, В, *но́ќто* затвори́ше не АгС, *но́ќто* Кум, па според него и *дъ̄нто* Кум, покрај *дъ̄нъ̄а́т*, и *вече́рто* Кум.

Од машки род е и зборот 'педа' и се јавува во формата *пед*, одн. *пе̄т*: еди́н *пе̄т*, два́ *пе́да* Гер, де́сет *пе́да* Петр. — *Зима* се среќава и во формата *зи́мо* (спрема *лето*), како во велешкиот и скопските говори, а поретко и *зи́ме* Петр. — За 'цигара' имаме *цӣга́ре* Кум, да запа́лу *цӣга́ре* Ром, едно́ *цӣга́ре* Мург. — Покрај *че́та* во некои славишки села се употребува и *че́то* Гин, *че́тото* Ранк, опстрели́ше га *че́тото* Петр, съ^{а}с *че́то* Стр. — Именките: копито, кило, сурме, трло и еfе во овој говор се од женски род: *копи́та*, мн. *копи́те* Мал, Пч (во оваа форма се среќава и во некои српски дијалекти во кои проф. Томановиќ ја објаснува со мешање на *копито* и *по̄ткова*[157]), по четири *ки́ле* Пч, *су́рма*, мн. *су́рме* Ник, Др, *тр̄ла*, мн. *тр̄ле* Ранк, Коњу, *Ма́линске Тр̄ле* Пс, *је́ќа*, доне́си му *је́ќӯту* Стр, — а јасла, крбла и пења од среден род: *едно́ ја́сле* Стрез, у *ја́слето* ту́ри сла́ма Стр, како гла́дъ̄ан коњ на *пра́зно ја́сле* Стр, *крбло*, мн. *крбла* Стр., от сапу́н *пе́ње* Петр, покрај *пе́ња*, сп. сапу́њ^{а}т пу́шта мло́го *пе́ња* Рад. — *Пре́мреже* Стр се јавува и во формата

[157]) В. Томановић, Мешање речи и народна етимологија, ГзбСФФ, и. ф. од. I, стр. 74.

пре́мрежа, на пр. *една́ пре́мрежа* му про́шло АгС, и *пре́мреж* Ор, Коњу, едѣн *пре́мреж*^{ш} проје́ ми Град.—Колебање во родот имаме кај именката ‘опаш’: *њо́јњъ*^{а}*т о́паш* Одр, врза́ла ка́нтуту за *о́пашъ*^{а}*т* Одр, но и: да гу врземо ка́нтуту за *тво́јуту о́паш* Одр (сите примери се од едно лице).—Од два рода е и именката ‘доба’: у *то́ј до́ба* Руѓ, у *но́књо до́ба* Кук, Стр, и *тај до́ба* Ор, В, Град. — Покрај *род* В, В, ГК со значење на роднина се употребува и формата *рода*, сп. све *ро́да* са о́ни Град, *ро́да* смо Руѓ, Коњу, по *ро́да* Ранк, како и во другите источни говори[158]). — Место ‘струк’ овде се вели *стру́ка*, една́ скута́ча и́ма две *стру́ке* Кан; покрај *ме́тар* Кум, В и *ме́тро* Петр (сп. во поречкиот говор *метро* и *метре*), покрај *је́зеро* и *је́зере* Бујк (сп. во галичниот *езере*[159]). — Изведенките со пејоративните наставки *-иште*, *-ина* (*-етина*) и *-инка* го задржуваат родот на именката од која се изведуваат, сп. *едѣн дубети́на* Ранк, *едѣн петли́на* Пез, Мург, ку́пи *едно́га коњети́ну* Ром, ја́а *едно́га коњи́ште* Пч, *тъ̄ј бостани́нку* бра́ну от сви́ње Ранк. Ова го нагласуваме затоа што овие образувања во појужните наши говори, до колку се употребуваат, се од среден род (сп. *едно дабиште* во централните и воопшто во западните говори).

Членот

§ 181. И во поглед на членските форми кумановскиот говор ни дава доста разнообразен материјал. Од една страна во него уште се пазат некои форми од старата флексија, кои денеска можат да се сретнат само во некои периферни говори[160]), а од друга членот почнува да се губи.

Како членски форми се јавуваат:

-ъ̄т, -та, -то, -тоїа, -ту, -те, -та;
-ъb, -ba, -bo, -boїa, -by, -be, -ba;
-ъ̄н, -на, -но, -ноїа, -ну, -не, -на.

Меѓутоа, сите тие не се употребуваат подеднакво на целата територија. Формите на *-н* и *-b* ограничени се на крајните источни села и тоа на целиот појас од границата со Горна Пчиња па до границата со овчеполскиот и кратовскиот говор на југ и југоисток (т. е. Бељаковце, Коњу, Шопско Рударе, Талашманце, Опила, Одрено). На запад тие се среќаваат до линијата Герман — Гулинце— Дренък — Руѓинце — Бељаковце, а источната изоглоса оди од Пчиња на Длъбочица и Метежево, откаде што после свртува на исток кон бугарската граница. Интересно е да се проследи до каде

[158]) Д. Ивановъ, Гевгелийскиятъ говоръ, с. 82. — A. Vaillant, L'évang. de Kul., 102.

[159]) Oblak, Macedonische Studien, стр. 34.

[160]) Сп. A. Mazon, Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du Sud, Paris 1936, стр. 73. — А Селищев, Полог, стр. 350—357, — А. Кузовъ, Костурскиятъ говоръ, ИССФ, IV, 1931, стр. 107.

сѐ на север допираат образувањата на *-b* и *-н*, т. е. дали постои некаков континуитет со лужничко-заплањскиот дијалект во кој исто така има троен член (СДЗ I 442 нт.).

На сета другата територија на запад до водоводѓето меѓу Пчиња и Вардар и селата Дељадровце — Винце — Сушица се употребуваат само формите на *-т*. Во граничните села со скопскиот блатски говор (Бучинце, Горно Којнаре, Сушица, Дивле) се јавува веќе троен член, но и тука формите на *-b* и *-н* не се така обични како во Блатијата.

Со ова ние ја означуваме истовремено и североисточната изоглоса на членските форми на *-b* и *-н* во скопските говори.

§ 182. Во источните села што познаваат троен член, кај одушевените именки од машки род казус генералис се разликува од номинативот и во определената форма. Таму сеуште се пази ген.-акуз. форма со флексија, како и во говорот на скопскоцрногорските села, на пр.: *бо́лоштоја, бо́лобоја, бо́лоноја*. Според Каранова во последните децении на минатиот век во кумановскиот говор биле во употреба и формите на *-тому*. „Стари окончаниа на члена има и къмъ кумановско: човѐка-тога, човѐка-тому" (СбНУ IV 317). Денеска, меѓутоа, тие не се среќаваат. Со загубата на дативната неопределена форма со флексија се загубила и членската форма *-тому*.

Овде, како и во говорот на Скопска Црногорија, ние имаме одличен пример за соодветството во развитокот од синтетичната промена кон аналитизмот на неопределената и определената форма кај именските зборови.

Општата членска форма од номинативната се разликува и кај именките на *-а*.

§ 183. *Членски форми на -т*. — Членската форма кај именките од машки род на согласка гласи *-ът* на целата територија. Само спорадично во јужните и источните периферни села можат да се сретнат и образувања со изјаснето ъ во *а* (*-ат*, в. § 36).

Неодушевените именки имаат само една форма без оглед на нивната служба во реченицата. Сп.: Та́мо је *бре́нкъ^{а}т* Коин, ко́лко је *ја́зъ^{а}т* Обл, *јредѐльъ^{а}т* се скрши́ АгС, *ле́бъ^{а}т* съ^{а}стина́ Деил, *мумуру́зъ^{а}т* је до́бъ^{а}р Мал; — да га насáдиш *бостáнь^{а}т* Ром, напуни́ га *казáнь^{а}т* Ранк; — тури́ га жи́то у *амбáръ^{а}т* Одр, *до́ль^{а}т* Мал, по *дру́мъ^{а}т* Ранк, искочи́мо на *дво́ръ^{а}т* Ром, у *ко́вчаъ^{а}т* Одр, сварѝле се де́цата у *кожу́ъ^{а}т* Ранк, да гу врљимо под *мо́съ^{а}т* Гин, пре́ко *но́къ^{а}т*.

Одушевените именки во номинативна служба: Бил едѝн поп. Запраша́л *по́пъ^{а}т*. — Цењи́л по́пъ^{а}т једно́га мо́мка. *Мо́мъ^{а}къ^{а}т* разљути́л се. — Има́ло едѝн ста́ръ^{а}ц. Ишѝл *ста́ръ^{а}цъ^{а}т* ри́бе ваќа́л. — Сретна́л чове́къ^{а}т једно́га ву́ка. *Ву́къ^{а}т* прена́л да бе́га Одр.

Кога се тие дополнение, и до колку се членуваат, членската форма во источниот дел обично завршува на *-штоја*. На пример: Ју́тре ќе га престри́жу *о́бноштоја*. — Иска́рај га *би́волоштоја* из ба́шчу. — — Ја га гаѓа́ *о́рлоштоја* съ^{а}с пу́шка. — Брже дага утѐпамо *смо́коштоја*. —

Чека́ га *крти́ньотоїа* (кртињак). — Уте́пај *цр̀вотоїа*. — Удри га *бра́цотоїа* съ^{а}с ка́мен. — Удри га *мачо́ротоїа*, ќе г'изе́де ја́јцата. Тре́бе да га вржемо *заїа́ротоїа*, ќе га уте́пат милица́јците. — Лиси́цата сък га учи́ла *бу́котоїа*. Ја ќе и́ду ину́тра да га затво́ру *воденича́ротоїа* да ги не зе́ме ри́бете. — И воденича́рът^{а}т истрча́л по *бу́котоїа*. — А же́ната га учи *му́жотоїа*. — Иди куде́ *ковáчотоїа* Одр. — Не да́ват на *сирома́тоїа*. — Ќе му ка́жеш на *командúротоїа*. — На *крчма́ротоїа* та́тко његóв. — На *бе́їотоїа* ќе однесе жи́то. — Нара́ни *бе́їротоїа*. — Иди куде́ *стража́ротоїа*, он ќе ти ка́же. — Сти́гни га *прошљáкотоїа*. — Ви́кни га *Ту́рчинотоїа*. — Иди куде́ *ковáчотоїа*. — Иди га ви́кни *паланчáнцотоїа*. — Да́ј му га ши́ше на *крчма́ротоїа*. — Ива́не, одве́ди га *човéкотоїа* куде́ *воденича́ротоїа*. — Дока́рај га *бóлотоїа* (*кóњотоїа*), иска́рај га *ѝе́тлотоїа* Руѓ. — Ту́ри зоп на *кóњотоїа* Оп. — Ту́рете на *бе́ѝротоїа* нека је́де. — Пре́гни га *бѝволотоїа*. — На *ја́рцотоїа* му остри́же бра́ду. — Да́ј му на *ѝрљáкотоїа* нека пи́је во́ду Коњу. — Рани́ ли *бе́ѝротоїа*? — Накрми́ ли га *бóлотоїа*? Длъб. — Душа́не, пома́ај *ѝе́тлотоїа* Дим. — Да му пока́жу на *човéкотоїа*. — Дете, дока́рај га ова́м *бóлотоїа*. — Пома́ми ми га *заїа́ротоїа*. — Стоја́не, гаѓа́ ли га *óрлотоїа* Стрез.

Примери со неизменето *а* во именскиот дел се многу ретки. Ги забележив само следниве: Ту́ри зоп на *кóњатоїа* От, затво́ри *јýнцатоїа*, пома́ат *голýбатоїа*, *бра́ца-што́їа* Коњу, *пе́тла-што́їа*, утепа́л га *крти́ња-што́їа*, нарани́ ли *заїа́ра-што́їа*, крми́ ли га *бóлашто́їа* Длъб, приказа́л на ца́*ра-што́їа* Минало 76. Како што гледаме, кај повеќето од овие случаи демонстративната заменка — член во акцентски поглед не чини апсолутно единство со именката, како што имаме во погорните примери.

Измената на *а* во *о* пред членската форма *-тоїа* во погорниве случаи (волотога), како што е покажано во студијата на Белиќа (Дијалекти, 454), извршена е по аналогија спрема образувањата како *боловоїа*, *волоноїа* и сл.

Наспоредно со членските образувања на *-тоїа* во општата форма се употребуваат и форми на *-ъ̀т*, особено во јужниот дел на Славиште. Само овие се знатно поретки. Сп.: Побегна́ле до *бе́ъ^{а}т*. — Рекна́ле му на *кме́ть^{а}т*. — *Вýкъ^{а}т* ќе га уте́паш у ви́ръ^{а}т Одр. — Ви́кни га ова́мо *обчáръ^{а}т*. — Добра́ се до *мајсторъ^{а}т* Оп. — И га излъ^{а}жа́ла *воденича́ръ^{а}т* Гин.

Кај именките на *-а* номинатив завршува на *-та*, а општата форма на *-ту*: Ишла́ *бójската*, — *лисúцата* ви́ка Ранк, *а́ѝата* не теа́л да и́де Одр. — Уте́пај црвотога ќе уле́гне у *тóрбуту*. — И после се врна́л куде́ *анџúјуту* да му пла́ти. — И ње́му му исправи́л *кýчкуту* на ора́ње. — Гу извртѐл *ѝоїа́чуту* у сре́т Одр. — Испи́л *ка́рѝуту* ви́но. — И по́пъ^{а}т на *ѝопадúјуту* ви́ка. — Луд је у *ѝијáнкуту* Гин. — Врљај, ба́бо, *доламуту*, но́су ти ќурк. — Вана́ла да се́че *трѝе́зуту* съ^{а}с *зе́лкуту*. — Човéку, зе́ми си *ѝиштовúнкуту*, ќ' и́демо на го́сти.

Именките од женски род на согласка поради колебањето во родот во определената форма најчесто завршуваат на *-ъ̀т*. Само

од именката *нок*, покрај *но́къ^{а}ти*, *но́кто*, може да се сретне и формата *но́ктиу*, сп.: Пре́ко *но́ктиу* до́шле самови́ле да се ба́њав ту́ј Др. — и само еднаш ја јабележив формата *бе́чертиу* Рад.

Во појужните села, каде што е влијанието од југ поосетно, паралелно со членските образувања на *-тиу* во општата форма се среќаваат и форми на *-та*: Ене́ куде́ *че́имата*. — Бе́мо три́есе ду́ше у *фамили́јата*. — Он гу по́јеше *пе́сната*. — Искочи́ло од *ду́ка́та* да си и́гра съ^{а}с ме:и́ња на сл'ънце Кум. — До *ре́ката* стана́ српско Стр. Од оние села каде што е општата форма еднаква со номинативната нема потреба да приведуваме примери.

Именките на *о* и *е* имаат само една форма: *де́тето*, *ју́жето*, *тра́сето* Ор, итн.

Членски форми за множина се: *-те* кај именките што им завршува множината на *-и*, *-е* и *-је*, и *-та* кај именките на *-ја*, *-а* во множинската форма. Сп.: Пушти́л ги *волови́те*, — *ко́ните* не́ са́ сите; — *дре́ете* све ми дигна́ Ранк, *зра́ѓете* Лоп, *кра́вете* Пч, *коли́бете* От, у *каза́рмете* Гин, *ко́реше* Лоп, *коми́тете* Дов, *лиси́цете* Ранк, *па́рете* Гин, *ду́шкете* От, *пче́лете* Дов, *ри́бете*, *ру́кете* Руѓ, *чивчи́јете* Ром; —*ка́чиките* Стрез, *ме́чиките* Пен, *ма́чиките*, *пи́ликите* Руѓ. — На *-те* завршуваат овде и збирните именки на *-је*, на пример: *ро́бје́те* Куј, Обл, *ка́мење́те* са́ би́ле под зе́мњу Мург, *сно́јје́те* Кум. — Договори́ле се *бра́ката* Кум, *ју́жињата* Ром, *кра́шитата* Пез, *ка́билињата* В, *де́цата*, *у́стата* Кук.

§ 184. *Членски форми на -ѣ и -н.* — Членските форми на *-ѣ* и *-н* почесто се среќаваат во северниот дел на Славиште. Што се оди кон југ тие стануваат сѐ поретки, особено во говорот на помладото поколение, а веќе во селата што се наоѓаат југозападно од Страцин единствено можеме да ги чуеме од постари луѓе.

Сп.: *-ъѣ* (темниот вокал место *о* добиен е по аналогија на образувањата со *-ът*): *Мурумузъ^{а}ѣ* до́бар биде́, — како за *ле́бъ^{а}ѣ* што во́ди рет, — *зе́тъ^{а}ѣ* тре́бе да се изба́ња Одр, од *мајсторлъкъ^{а}ѣ*, — *тру́пъ^{а}ѣ* Ранк, — дрш *но́жъ^{а}ѣ* От, *чове́къ^{а}ѣ* Оп, Рад, Длъб;

-воїа: Одве́ди *ко́њовоїа*, — дрш *ко́њовоїа* Оп, *би́воловоїа*, *мисира́новоїа*, *пе́тловоїа* Ор, — и *ја́рцовоїа* отка́рај Оп, — брже да га уте́памо *смо́ковоїа*, — са́кам да га прода́ду *во́ловоїа*, — *ма́чоровоїа*, *крпи́њковоїа*, — да га уте́памо *ѓу́штеровоїа* Одр, — дали ќе би́де не́што од *си́новоїа* мо́јега, — *зе́товоїа* тре́бе да га бра́њимо, — *да́скаловоїа* съ^{а}к смо га начека́ле Ранк, — ви́кни *ма́јсторовоїа*, а при повторување: *обо́їа ма́јсторa* га ви́кни; — пре́гни *би́воловоїа*, при повторување: *обо́їа би́вола* га пре́гни и Стоја́новога Коњу;

-ва, *-ву*: *коми́сијава* на́ша Одр, — зате́кла га *бо́гава* и њ'ега Ранк, — *секи́рава* От; — у *чко́љуву* ќе да́ват по не́ку па́рицу, — смаја́ гу *ба́буву* Ранк, — у́зни *то́рбуву*, — дрш *лубени́цуву*;

-во: У *се́лово* на́ше прво је до́јден Атана́с Стр. — И такој бегајќи, избе́гла му на *дете́во* една девојка у среќу ХВ 338.

-ве, *-ва*: поради *женети́неве*, — за тој ги доби́те *слу́жбеве*, — овде́ј по *воденици́еве* пла́ќав Ранк, — ама са́ црне *сли́веве* Одр, *пре́деве*

Оп, — како *йартизáниве* што рабóтева От, — *болóбиве*, *гýмеве*, *брбеве* Руѓ; — *дéцава* Ранк, — овдé по *сéлава* нáши От.

-ьн, *-ноīа*: *нóжъ^{а}н* Оп, пóза *рúдъ^{а}н* Стр, — *бóль^{а}н* изедé гу лопéнкуну Одр, — енé га зад *мумурýзъ^{а}н*, — од вúше *мóсъ^{а}н*, — енé га кудé *кóньъ^{а}н* Оп;

— Вúдиш га *дáскалоноīа* какó рабóти Ранк; — помáај га *мáчороноīа* Одр, — е онáм кудé *сīáрцоноīа* Ранк, — кудé *бојнúконоīа* туј падná, — на *обчáроноīа* му казувáле От, — вúкни *мóмконоīа*, — *бéīроноīа* úди докáрај От, — *съ^{а}с воденичáроноīа* Рад;

-на, *-ну*: колко *īóрана* што је ондé От, — пóдај му гу *секúруну* Коњу, — колко *бандéруну* га врљáла Рад, — свé избегáле у *йланúнуну* Ранк, — пóдај му гу *лъжúцуну* Оп, — úди донéси ми *лоīáшуну*, — úзни гу *слúвуну* Рад;

-но: *júжено* Оп, *сéноно*, *шéлено* От;

-не: *кньúīене* Оп, *крýшкене* Стр, — на кудé *йлéмњене* изгóрене Ранк, кудé *бúволине*;

-на: До *áнишшана* туј га извадúја жúвога Гин.

§ 185. Сите споменативе форми, како и во другите говори што знаат за троен член, не вршат подеднаква служба. Со чисто членско значење се употребуваат само формите на *-ш*. Но тие исто така не го загубиле ни пространственото значење, одн. показното. Има случаи кога последново може да избледи и тогаш за потенцирање пред членуваната именка се додава демонстративна заменка. На пример: Съ^{а}јузúле се съ^{а}с *шóīа мýжоīоīа* што гу водúл. — *Тóīа воденичáроīоīа* беа га утепáле Одр. — Огрáбит га *шóīа йáшуту* и вójскуту гу све заробúја. — Жéната на *шóīа комúшуту* Ранк. — Узни от *шóīа йбúоīоīа* кáпуту От. — Отидé до *шóīа* Атанáса *воденичáроīоīа* Гин.

Формите на *-b* и *-н*, меѓутоа, со чиста членска служба ретко ќе ги сретнеме. Почесто тие се употребуваат со пространствено значење, а таму каде што треба да се изрази определување на предметот како познат, и каде што би дошол во централните говори членот *-ob* или *-он*, овде ќе се употреби *-ъш*. Тоа значи дека во овој говор членската функција на постпозитивните форми *-ъb* и *-ън* избледува, веројатно под влијание на околните говори кои имаат само еден член (на *-ш*).

§ 186. Во врска со формите на *-b* и *-н* се поставува прашање: дали тие порано не биле познати и на другата кумановска територија. Немаме разлог да се сомневаме во позитивен одговор. Тоа е веројатно до толку повеќе што троен член познава и скопскоцрногорскиот говор кој со кумановскиот има генетичка врска. Во него исто така се пази и општата членска форма со флексија кај одушевените именки (в. MJ V 169—172). Претполагаме дека континуитет меѓу источните кумановски села и Црногоријата имало и во поглед на оваа црта. Друго е прашање кога и зошто исчезнале тие форми. А најверојатно е дека импулсот за нивното губење дошол отстрана, одн. од оние говори со кои се граничи кумановскиот на југ, а про-

цѐсот се одви́вал онака́ како што ни е пре́тставен тој денеска во славишките села. До полно исчезнување пак дошло тогаш, кога започнал процесот на губењето на членот воопшто. Дека е тоа така укажува пред сѐ фактот што формите на *-b* и *-н* не се употребуваат токму на онаа територија каде што и најмногу напреднал процесот на губењето на членот.

§ 187. Погоре споменавме дека членот во овој говор се губи. Процесот на губењето на оваа црта повеќе или помалку ја опфатил целава разгледувана област. Најосетно пак испуштањето на членски форми се забележува во западниот дел и во Козјачијата. Таму членски образувања се јавуваат, како што се истакна порано, само спорадично, а во речта на младото поколение едвај можеме и да ги сретнеме.

Како треба да гледаме на целата оваа појава, кога започнал процесот и дали губењето се јавува во некои поспецијални услови или пак тоа се врши воопшто?

Треба да нагласиме дека за губењето на членот знаат и другите северни говори[161]), а особено е доста раширена во оној појас што непосредно граничи со јужноморавската дијалектна област. — Нема сомнение дека е таа на тој терен релативно нова појава. Во говорот на најстарите, рековме, членски форми можат да се сретнат сеуште, и тоа дури и во најсеверните села. Така, на пример, во Четирце од една 90-годишна жена (тука родена, одрасната и мажена, неписмена) ги забележив следниве членски образувања: Куде́ гу дено́ *и́ѣлуѣу*? — Стоја́не, врљи гу *крѣуѣу*. — Надваса́ше *срѣскеѣе* ко*ми́ѣе*. — Сп. од другите козјачки села: У *ѣре́ќуѣу* го́дину пак почна́ бо́рба Ник. — Тој ви́ка, *ѣа́здаѣа*. — Си́те повтара́ше *де́цаѣа*. — Колко седе́ја Ту́рчинъ^{a}ѣ? Ст. — *Иѣлуѣу* гу натепа́ у *бе́нуѣу* Мал. — Он бе́ше *ѣрвуѣу* го́дину там. — Рекна́ла на *ѣопо́виѣе*: *му́жъ^{a}ѣ* ќе ми оти́де на паза́р. — И *му́жъ^{a}ѣ* сети́ја гу ту́ј рабо́ту. — До́шле *ѣопо́виѣе* вечер и *му́жъ^{a}ѣ* њо́ј^{a}н тропна́ја на вра́та Арб. — Во говорот на помладата генерација пак на овој дел од кумановската територија членски форми едвај можат да се чујат. За да се види како стои во поглед на оваа црта во речта на помладите и постарите генерации показателен е следниов пример. Во една фамилија во Младо Нагоричино, каде што имав можност да се задржам повеќе време, во говорот на постарите членови (баба над 80 години, нејзиниот син околу 60 години и жена му, родена во истото село) почесто можев да чујам членски образувања како во расказниот стил, така и во прашања. Меѓутоа, во говорот на нивните деца (од 8-25 години) не забележив ниту еден членуван збор. Од ова може да се заклучи дека губењето на членот е појава во развој. Во говорот на помладите претставители процесот на губењето се наоѓа готово во својата завршна фаза; новата форма на искажување определе-

[161]) Й. Ивановъ, Сѣвернитѣ македонски говори, Минало I, стр. 65.— А. Селищев, Очерки, стр. 275.

носта на именските зборови наполно веќе превладала. Тоа го потврдуваат и текстовите објавени во *Историски архив*, во кои ретко може да се сретне некоја членувана форма, како и оригиналниот текст на драмата *Ленче Кумановче* од Васил Иљоски и пиеската *Тонфиљм*. Кај постарите пак во многу случаи се јавува паралелизам во употребата на новата и старата форма.

Овој факт доволно зборува дека членот се употребувал на целата област на разгледуваниов говор. Пред педесетина години Белиќ членски образувања слушал дури и во врањскиот говор. Според него оваа категорија порано ја познавал и јужноморавскиот дијалект. Подоцна под влијание на косовскиот и другите соседни говори членот почнал да се истиснува. „Шта више, можда су колоније из тих крајева, ушавши у границе овог дијалекта (т.е. јужноморавскиот, б. н.), прво избациле у једном делу члан, па се доцније то пренело и на остале"[162]).

Во зборовите на Белиќа ние наоѓаме истовремено и одговор на прашањето за причините на губењето на членот во нашите северни говори, респ. и во кумановскиот. Без секакво е сомнение дека губењето настанало под непосредно влијание на српските дијалекти. Импулсот добиен однадвор после можел да биде подзасилуван од она население што идело во кумановската област од север и северозапад, а во говорот на кое исто така немало член.

§ 188. Кога, под кои услови се губи членот, не може да се установи некакво правило. Испуштањето негово може да стане секојпат, во секаква прилика без оглед на функцијата на зборот во реченицата. Во говорот на едно лице при исти услови еден збор може да биде употребен членуван и без член. Сп.: Де́те, иска́ркај *пе́тла*. — а при повторување: Иска́рај *пе́тлотоја* Руѓ. — Стоја́не, врљи гу *крпу́ту*. — при повторување на истата реченица: Врљи гу *ту́ј крпу́*, къ́т ти ка́жу Чет. Во следнава одломка од народна приказна ќе видиме како се употребуваат паралелно членувани и нечленувани (т.е. со испуштен член) форми.

Сп.: Не́кој овча́р це́њет је би́ја у не́кога чорбаџи́ју. Па́ му се досади́ло да се́ди у *та́зду*. И по́сле рекна́ја: „Пла́ти ми, га́здо, не мо́ж ви́ше да се́ду". И он прине́ја једну ка́пу ли́ре да му да́де, а три́ ли́ре у ру́ку држа́ја. *Га́здата на мо́мка* рекна́ја: „Оќеш да у́знеш *обу́ј ка́пу* па́ре или три́ ли́ре? Ови́ја па́ре у ка́пу са ара́м, а *три́ ли́ре* ала́л". И рекна́ло *онój де́те*: „Ќе у́зну ала́л". . . Ст.

Да видиме сега по кој начин се искажуваат формите што во другите говори на нашиот јазик задолжително би се членувале.

Најчесто во такви случаи именките се придружуваат со демонстративна заменка, која обично стои во препозиција. На пример:

а) Збуни́ла се *та́ј домаки́ца*. — Кум му рекна́ја: Ова́ј свеќа је от *тво́је де́те* Ром. — Би́ја неки по́п и има́ја едну к'е́рку. Сѣга *тъ́ј по́п* тра́жи зе́та да призе́ти. — *Онъ́ј мо́мъ^{а}к* почна́ да о́ре Чет. — Би́ле

[162]) Белић, Дијалекти, 443.

два бра́та. Едѣн вика́л кри́вда је бо́ља, дру́ги вика́л пра́вда је бо́ља... Сретна́ле једно́га ста́рца, а тъј би́ја ѓа́вол, и праша́ле га: Да́ли је кри́вда бо́ља или пра́вда? Тъј каза́л да је кри́вда бо́ља. *Оньј брат* не́ је се сложи́ја... — (Еден овчар слушал разговор меѓу три змии. Едната зборувала како ќе ја укаса поповата ќерка за прст). *Оньј овча́р* слуша́л па неќеа́л да и́де да па́ли цига́ре... *Попо́ва ќе́рка* рипна́ла да га ва́ти *оньј по́лоѣ* куде́ што зми́ја би́ла. „Стој, куде́ ќ'и́деш?" При́шъа л па съас *onáj* његову *чаму́ѣу* тргна́л га по́лог... Он зема́л *объ́j ста́ѣ* па врз њу́ма: „Би́вај што си би́ла си́ноќ или питива́н ќе те напра́ву". А *onáj зми́ја* копе́шка се ма́лко, не мрда Кум.

б) Ви́ка на же́ну: Да́j ми гу *ону́j* мо́ју *ѣу́шку* да ниша́ну у тава́н у ка́цу Ник. — Нане́ја га *ѣо́ѣа аѥи́ју* да ме́ља бра́шно у *ѣу́j водени́цу*. — Има́ла една́ же́на три́ девојке ли́чне и уба́ве. Дочу́ја ги цар. На *ону́j пр́ву* ви́ка... На *ѣу́j сре́дњу* рекна́ја... Мал. — (Слепиот брат се наоѓа покрај некоја самовилска вода. Еднаш ги слушал самовилите кога зборувале дека е водата лековна). Онѣ́j што са́ му о́чи изва́дени слуша́ја ги што о́ни збо́рив и сабајле стана́ја и оти́шја на *ону́j самови́лску бо́ду*, изми́ја *о́чи* и прогледна́ја. (Зел од водата и ѝ однесол на некоја царева ќерка што била слепа). И ву да́л на *ќерку* од *ону́j бо́ду*, о́на се изми́ла и прогледна́ла... А његов бра́т къ т виде́ја да је прогледна́ја и доне́ја па́ре, оти́шја си куде́ *ону́j бо́ду* и извади́ја си *о́чи* Стр.

Држи *обо́ѣа ко́ња* Ст. — Па га чува́ла *ѣо́ѣа ста́рца* Кум. — Иска́рај *ѣо́ѣа пе́ѣла* на́двър. — Иди, Гу́те, дока́рај *оно́ѣа бе́ѣра* Ор. — Утепа́ја га Крст. *ѣо́ѣа кача́ка*. — Пра́шај га *ѣо́ѣа кома́нди́ра* Ром. — Оти́шја едѣн чове́к на ора́ње. И му се закачи́ло не́што на *ра́лник*. — Двои́ца лу́ди наи́шле на једѣн дол. На *ѣъj дол* има́ло једно́ дрво препре́чено Мал.

Ретки се случаите кога демонстративната заменка се наоѓа во постпозиција. Сп.: И он га пита́ја *ѣа́шка ѣо́ѣа* Кум. — Он и́де съас *ѣобеда́ра ѣо́ѣа* Кум.

Обична е исто така и употребата на неопределената форма од именката (придавката) без демонстративна одредница. Сп.: *Пчени́ца* ги је сла́ба, а *мумуру́с* је до́бъар. — *Гра* не́како сла́б га бидна́ Коин. — Ма́јка ми на́реди да чу́вам *коко́шку* и *ѣи́лики* од *јасѣре́ба*. И рече́: Ово́j грне немо́j да ва́ќаш, туј е сулуме́н, немој да с'отру́јеш. Ја врза́ *коко́шку* и *ѣи́лики*, а *јасѣреб*ъ се сви́ па однесе *коко́шку* и *ѣи́лики*. — И о́на рече́: *Те́ле* је бо́лно, на́ ти но́ш, ако прери́та *ѣе́ле*, ти га зако́љај". Арно ама *ма́ло ѣу́ле* легна́ да се ва́ља, и ја чу пато́ри, па рекна́ *ѣе́ле* пато́ри, а оно́ би́ло *ѣу́ле*, та ри́пну па зако́љем *ѣу́ле* Ст. — Съамна́ сабајле, даде́ ми *секи́ру* и *маѣари́цу* да бе́ру дрва. Ја отидо́ у ре́ку, па врза́ *маѣа́ре* за врбу. *Врба* се натквеси́ла над ва́ду, ја врза́ *маѣари́цу* за *врбу*, да гу те́гли *врбу* да па́дне пре́ко *ва́ду*. Ја оцеко́ *врбу* и *врба* да па́дне, а *маѣа́ре* тргне па у *ва́ду* та се *у́даби* Ст. — И оту́j гледа́ја де́те се роди́ло. *Аѥи́ја* виде́ја куде́ двои́ца пишува́ле. Рекна́ле: „Ово́j де́те ќе га изе́де на *аѥи́ју* ма́ал." *Аѥи́ја* чу́ја и он се чуди́ја како́ да га за́тре *ѣој де́ѣе*. И на *домаќина* му рекна́ја: „Ја га са́кам *ѣој де́ѣе* и од

бо́га и от те́бе". „Пошто га са́каш, ќе ти га да́м, у́зни га и не́си". Он га зави́ја *де́те*, да́ја га на *аџи́ју. Аџи́ја* јана́ја *ко́ња* и *де́те* пред ње́га га узе́ја Ром.—Би́ја не́ки поп и има́ја а́рну ќерку. Сѣга *тъ̄ј по̄п* тра́жи не́кога зе́та да призе́ти.

Некои посебни услови во употребата на формите без и со демонстративна заменка, како што гледаме од примериве, нема. Наспоредно се употребуваат и едните и другите случаи.

Придавки

Образување на придавките

Образување на квалитативни придавки

§ 189. Обични се образувањата со суфиксот *-ав* и неговите деривати: *брашња́в* Деил, *бљ̀а́нта̄в* Чет, *гу́ша̄в*, *гле́та̄в* Ник, *гусени́чав* Мал, *дрљав* СтН, *кашљича́в* Чет, *метиља́в* Кум, *пепеља́в* Ор; *лъ̀скав*, *љу́та̄в* Топ; проширен: *беличáв* Ром, *бетъ̀а*рњи́чав Ор, *крастиља́в* Ром, *мъ̀лињáво* време Жег.

Суфиксот *-лив* овде се јавува како *-љив*: *жалосљи́в* В, Кум, *миришљи́ву* ди́њу АгС, *ранљи́в* Кум, *страшљи́в* Чет, *црљи́в* Чет; *гра̄бљи́в* Чел, *зборљи́в*; наспоредно се употребуваат *гра̄бљи́в* и *гра̄бежљи́в*, *мрзљи́в* и *мрзељи́в*, *мрзешљи́в* Одр, ШР; интересна е придавката *држешљи́в*, *држешљи́ва* жена Кум (во значење на српската форма *држеќа*). Покрај *го̄рчељи́в* и *го̄рчљи́в*, *жалосљи́в* се употребуваат и образувањата на *-ив*: *го̄рчи́во* Отља, *жалости́ва* Коин.

Од образувањата на *-ън* треба особено да се истакнат оние кои одговараат по значењето на српскохрватските придавки од типот 'ораќи'; на пр.: *ора́ќъ*а*н* Мал, Одр, *ора́ќњи* Мил, *пера́ќъ*а*н* ко́тъ̀ал Кум, *пле̄ти́ќње* и́гле Одр, *стојáќња* во́да, *стојáќња* во́јска Ранк, Одр, *па̄ши́ќњи* гове́да Љуб (сп. *ора̄тен*, *пера̄тен*, *па̄штӣни* во западните говори).

Суфиксот *-ест* се среќава и во формата *-ас(т)*, сп.: *ла̄ќере́с* петѣл Ст, *ваљубе́сто* Гер, *ваљобе́сти* зрна АгС, *гlаваре́с* От, *пло̄чњаве́сто* Ник, *пе̄рдуше́с* Мал, *тркавале́с* МлН, *цуцуле́сто* ме́сто Ор, *чера̄пе́ста* КК — и овие се почести, пообични; но и *бу́настo* Мал, покрај *бу́нестo*, *бу́неста* о́вца Петр, *ѓувезна́сто* Ром, *ши́љас* Ос. Последниве и територијално се поограничени: се среќаваат само во козјачките села, и тоа главно во оние што граничат со српската јазична територија.

Уште е жив во овој говор суфиксот *-а̄т*, кој во бројни наши говори денеска е необичен, или е пак сосем редок. Со него се образуваат придавки од именска основа, сп.: *брада́т*, *бркá̄т* Арб, Петр, све са̀ би́ле *бркá̄ти* Деил, *груда́т* Рам, *космá̄т* Деил, *кошчá̄т* чове́к Длъб, *ле̄ќá̄т* Др, Ник, *срчá̄т* Кук, *пе̄рдуа́та* коко́шка Мал, *шумá̄т* и месност *Шумáти* Ри́т Чел, *Шумна́т* Ри́т Гин.

Образувањата со суфиксите *-ит*, *-овит* се јавуваат во онаа мера како во другите дијалекти: *алеви́та* бе́ше го́дина Руѓ, *беле-*

жи́ѣа Одр, *камени́ѣо* ме́сто, па и *сни́ѣ* Чел, Гер, *расѣоби́ѣа* шу́ма Буј, *ставоби́ѣи* ка́мен Ос, *сушоби́ѣо* ме́сто ШР.

Стариот суфикс *-ъкъ*, кој се јавува во формата *-ък*, се пази во наследени зборови: *кра́ѣъ^{а}к*, *кро́ѣъ^{а}к*, и сл.

Обични се и во овој говор образувањата со суфиксот *-чък* кој може да биде и проширен: *висо́чъ^{а}к* Др, Ст, Мал, От, *големъ́чъ^{а}к* Руѓ, Мал, Кум, *мале́чъ^{а}к* Жег, СтН, Ос *сла́бъчък* Мал, *ста́ръчък* је Ор, *у́бавъчък* Жег. Познати се и *мале́ц^{а}к* Жег, В, ГК, *мале́цка* без некакво поособено нијансирање во значењето.

Образување на односни придавки

§ 190. Основни суфикси за изведување посвојни придавки и овде се *-ов* (*-ев*) и *-ин*: *Бо́ѓанов* Чел, *Душа́нов* Ром, *имењако́ву* ма́јку Ос; проширување на оваа наставка имаме во *бра́ѣњов* Мал, *зе́ѣњова* кошу́ља Жег; — *ба́бин* Кум, *еребе́чин* Ник, Кук, *лисе́чина* ду́пка Чел, *коко́шино* Ник, и *кокоше́њо* ја́јце, *сна́шкин* Ник; *де́дино*, *че́чино* Кум, Ром. Обични се образувањата на *-ин* и од лични имиња на *-а*: *Але́ксин* Кум, *Крстина* је куќа, *Ми́ѣино* де́те Милут, *Сѣо́јчино* је све тој Руѓ, топ. *Оџина* Воденица Ос, па дури и *Ми́лина* ку́ќа Ор (: Миле).

Посесивниот суфикс *-ји* се јавува, како и во многу други наши говори, во некои случаи и без *ј*, сп. *о́вче* бра́боњке Ник, *пе́си* но́кти, *Лисе́чи* Ка́мен Мал, *лисе́че* ду́пке Жег, но: *бо́жја* рабо́та, *ко́јзо* мле́ко, *ко́јзи* ро́г Мал, *бу́чја* ру́па Арб. Обични се образувањата: *јобе́ѓи*, *пиле́ќи*, *пиле́ќо* ме́со Стр, *теле́ќо* Ранк, но и *јобе́цко*, *пиле́шко*, *теле́чко* и *теле́шко* Кум.

Кај односните придавки на *-ов*, *-ен* и *-ски* (*-чки*, *-шки*) нема особено за истакнување, сп.: *блаѓуно́во* дрво Коин, *дубичо́во* Стр (од дубица) покрај *дубо́во*, — *бу́њено* аљи́ште Пч, *бо́шчена* муша́ма Руѓ, *про́чкена* неде́ља Стр; покрај *зе́мњен* забележив и *земња́ни* су́дови Стр. Покрај *ка́мени*, *есе́њи* Кан, се среќаваат и формите *ка́мен* мос Ром, *есен* рш Прој;

ара́пски, *држа́вски* имо́ти Кум, *комите́тски* Ром, — *лива́цки* Др, *о́рицки* От, — *биволе́шко* Чет, *ја́њешко*, *ја́решко* Руѓ, *мата-ре́шке* сли́ве Деил, Коњу, *о́внешко* ме́со Пч.

Образувањата на *-њи* се главно од прилози за време: *вечера́шњи* Ор, *дъ^{а}нѣшњи* СтН, *ле́тошњи*, *ноќѣшњи* Ор, Ром, спрема кои после се образувани *јучера́шњи* Ранк, *сѣа́шњи*, *тѣја́шња* држа́ва Чел, *обда́шњи* Гер, *си́ношњи* гра Стр; поретки се образувања од друга основа; *годи́шњи* Ник, *пашѝќњи* коњ и това́рни Љуб, *рука́шњи* гре́бен МлН, или *бѣдњи* ве́чер Ор, Ник, *ку́тњи* зуп Кум; и неколку случаи остатоци од старото флексивно компарирање: *го́рњи*, *до́љњи* Кум, Ор, Ст. Но паралелно со овие се употребуваат и образувањата со наставката *-ън*, на пр.: *до́љъ^{а}н* Мат, по *до́љъ^{а}н* пут Ст, Чел, Рад, *пре́ѓъ^{а}н* Ст, СтН, Арб, *сре́ѓъ^{а}н* Чет, *го́ръ^{а}њ* Коин, Ос, — *вечера́шъ^{а}њ* Ник, Жег, *дъ^{а}нѣшъ^{а}њ* СтН, *дома́шъ^{а}њ* Жег, Руѓ, *обде́шъ^{а}њ* Коин.

Од другите суфикси да го споменеме турскиот *-лија* кој се додава најчесто на туѓи основи, сп.: *завалија* Пч, *еснавлија* ГК, *јапаклија* АгС, *коштанлија* Кум, Жег.

Сложени придавки

§ 191. Обични се сложените придавски образувања од типот *белобра́дᵀ*, *белоїла́b* Љуб, *белоно́їᵏ*, *їолоїла́b*, *їолоїу́зᶜ*, *їолокра́к* Стр, *їолору́к*, *длъїоко́са* ХП, *кривоїу́за* Стр, *кривоно́їа*, *пушоно́їа* Љуб, *клапоу́*, *клапоу́а* сви́ња, *староли́к*, *шврдоїла́b*, *шврдоу́* Петр, *шесторе́ш* ечме́н Ранк, *пуљоїла́b* Ради *пуноїлаb*); или: *белоко́рес* нош Стр, *црноко́рес* Вет, *клапоу́ес* Љуб; — *вршоїла́b* Милут. Од типот *брзопле́ш* (со втората компонента глаголски корен): *брзоме́шне* пу́шке Ник, *їрадоби́ш* Ранк, *кусоїле́ш*, *саможи́b* Петр, *самоу́чка* рабо́та Ром, *сиропу́сна неде́ља* Кук; исп. и : *зло́чесшо*, *зло́ешљиb* Стр, *самоцрно* Гин, Стр.

Формите на придавките

§ 192. Кај придавките од машки род, кога се однесуваат на именки што значат живо суштество, општата форма се разликува од основната—завршува на *-оїа*; сп.: Имам *ста́роїа* та́тка Кум, вика́ше *шу́рскоїа* до́ктора Арб, съ^{а}с *едноїа срйскоїа* цанда́ра Стр, на Та́су *Ѓорѓи́ноїа*, на то́га *бу́їарскоїа* војво́ду Ст, едѣн си́н има́ја си та́тка *до́броїа*, тра́жи се́ло *ста́роїа* чове́ка Чел, има́ја *едно́їа врзаноїа* (зајца) до́ма Чет, то́га *ста́роїа* оружа́ше га, на *уше́паноїа* брат не сме́е без војво́ду Ром, идо́ у *у́шноїа* до́ктора АгС, траже́мо *држа́вноїа* ко́ња Ст, зе́т на Арсу *Таба́новскоїа* Жег, ко́ња ако и́маш *ја́коїа* не сме́јеш да ја́ваш Арб, съ^{а}с *оно́їа мо́јеїа ма́лечкоїа* ко́ња Рам, *шу́ѓоїа* та́тка та́тко не ви́каш Кум, уби́ше га *Ми́лошевоїа* си́на Чет.

Само кога придавката влегува во состав на името може да остане неизменета, на пр.: Тамо га Турци утепаше бъш на патерицу на *свеши Нико́лу* Мург (ХВ 345). — но ни во такви случаи не секојпат, сп.: Отидо́ на *све́шоїа* Ѓорѓи́ју *мрсноїа* Мург, до *све́шоїа* Нико́лу Стр.

§ 193. Две форми во еднина имаат и придавките од женски род. Општата, како и кај именките, завршува на *-у* на целата територија, со исклучок на граничните села со скопскиот говор (ГК, Буј^{к}, поретко и Буч и Ддр), каде што е таа еднаква со основната. Сп.: Поте́гни ми *де́сну* чи́жму АгС, да у́знемо *бла́їу* при́чешњу Одр, надвлада́а до *Кри́bу* Ре́ку Ранк, улегна́ле у је́дну *їу́сшу* шу́му Руѓ, у *ра́шну* инду́стрију, *їоле́му* куку направи́ Кум, у *їо́рњу* воденѝцу Мат, по *ки́селу* во́ду Прој, на *зеле́ну* тра́ву, мло́го *боїа́шу* же́ну узе́ја Отља, на *бу́їарскушу* во́јску От, да́ј му ту́ј *сре́брну* кути́ју Мург, *уба́bу* неве́сту Дов, у *це́лу* Евро́пу Стрез, съ^{а}с *шу́рску* зе́мњу смо живи́ле Ром.

§ 194. Во множината и овде има само една форма, која кај придавките од машки и среден род е еднаква и завршува на *-и*: *ста́ри* човéци, на́ши са́ *голе́ми* се́ла. — Придавките од женски род, како и именките, во множина имаат *-е*: *са́дене* кру́шке, *но́бе* врце и чара́пе *но́бе*, и́ма мло́го *уба́бе* ку́ке, ови́ја маши́не са *за́дружне*, ти́ја књи́ге са све́ *пи́сане* Јач, *се́лске* о́вце, *пу́не* пле́вње сла́ма, пру́чке *шка́ене*, *разъпи́нене* ко́же, със *бе́зене* ку́рди́је, на *бе́ле* кла́шње *бе́зене* Дов, *мо́дре* ли́ске, *до́лње* га́ке, *илетии́кње* и́гле Одр, месни имиња: *Ми́рчебе* Лива́де, *Вла́шке* Трни́це Мург, *Го́рње* Лива́де, *Ци́ганске* Њи́ве Вак.

На југ и југоисток изоглосата на оваа црта се поклопува со говорната граница. На запад вакви образувања се среќаваат до Орашац и Куманово. Во селата што се среќаваат југозападно од споменатава линија под влијание на појужните наши говори сè повеќе продира наставката *-и*. Така на тој дел имаме една множинска форма за сите три рода. Сп.: Има *уба́би* скри́внице Кум, *сва́какви* че́рге Кум, *гла́дни* го́дине В, од *њи́ните* де́лбине, *дру́ги мо́дри* сли́ве, ти́ја па́ре са *појéдени*, па́ре са *да́дени* Пч, ови́ја *голе́ми* држа́ве, почна́ле от *сви* стра́не Ром. Вакви образувања пообични се кај младото поколение и во градскиот говор.

§ 195. Остатоци од старата определена форма на *-и* за м. род наоѓаме, како во другите говори, најчесто во географски називи, сп.: *Бе́ли* Бре́к, *Ку́си* Ри́т, *Сре́дњи* Ка́мен Ст, *Шу́пљи* Ка́мен Ром, *Го́ли* Вр, *Дебе́ли* Ду́п Арб, *Дебе́ли* Скла́д Ос, *Висо́ки* Рит, *Црвéни* Ка́мен Стр, *То́пли* До́л, *Расцéпени* Ка́мен Жег, — во вокативната форма: *ста́ри*, *црни* Ром, кога придавката влегува како составен дел на некое име, на пр.: *Ку́си Јордáн* Стр, и редовно во придавките 'свети': *свéти* Или́ја, *свéти* Нико́ла, *свéти* Ду, и 'велики': *вели́ки* четвртъ^{a}к, *вели́ки* пе́тъ^{a}к Ник, *вели́ки* по́с Коин; во *вели́дъ^{a}н* имаме малку поинаков случај. Во појужните села во вакви сложеики место *велики* се употребува старата форма 'вели' : *вели-четвртъ^{a}к*, *вели-пе́тъ^{a}к* Град. Формата за женски род од оваа придавка се запазила во составот *бе́ља суббо́та* ГК, Мил, и месност *Бе́ља Стра́на* Руѓ, а во народната песна ќе чуеме и *бељо чудо*. Во разговорната реч вакви образувања се многу ретки; ги забележив: *распе́ти* пе́тъ^{a}к Рад, *пу́сти* ста́рос От, *чести́ти* божи́к, *чести́ти* вели́гдъ^{a}н, *про́сти* пепел, иде по *про́сти* пу́т Ник, *сле́пи* у́зъ^{a}л, кусна́ја *држа́вни* леп Ром, да оти́деш на *но́ви* паза́р АгС, *пу́сти* ти Пч, редовно *дру́ги*: *дру́ги* за́врз^{c} Жег, *дру́ги* дъ́н Кум, *дру́ги* пу́т Ор.

Освен тоа на *-и* завршуваат сите образувања со наставките *-њи* (*бъ́дњи* вечер, *за́дњи* пу́т Чет, *пре́дњи*, *сре́дњи* и др.), *-ски* и *-ји*.

§ 196. Старата разлика меѓу тврдите и меките основи готово е загубена. Така формата за среден род завршува најчесто на *-о* и од придавките на *-ји*, *-њи*: *ко́јзо* мле́ко Ст, *кра́бјо* Ром, *о́вчо* ме́со Бајл, па дури и *Овчо По́ље* покрај *Овче По́ље*, но само *бо́жје* Дов,

бо́жје чу́до Ор; потоа: *їобе́ѓо, пиле́ко, теле́ко* Кум, *за́дњо, зи́мно,* — *дома́шњо, одамна́шњо, овде́шњо, сїа́шњо, сре́дњо, ту́ѓо,* но *їу́жње* цре́во Стр; сп. и: *ба́шо, којо́, чијо́* и др. (в. § 199, 211).

Членување на придавките

§ 197. Членот за машки род (*-ъ̄т, -ъb, -ън*), како и во источните говори, се додава на неодредената форма, сп.: *на́јмалъ^{а}т̄* прогова́ра, *на́јстаръ^{а}т̄* бра́т Одр, *це́лъ^{а}т̄* пу́т, *бе́лъ^{а}т̄* ле́п Дов, *брљи́бъ^{а}т̄* бра́в Пез, *би́стъ^{а}ръ^{а}т̄* и́звор Ранк и *би́стръ^{а}т̄* Ранк, качи́ се на *висо́к^{а}т̄* ри́т Дов, *їоле́мъ^{а}т̄* ме тепа́ Ранк, на *їо́рањат̄* спра́т Јач, *до́љанат̄* ШР, *жу́тъ^{а}т̄* Гин, *ме́съ^{а}нъ^{а}т̄* о́дбор Љуб, *мо́дъ^{а}ръ^{а}т̄* потлица́н Рад, *мо́дъ^{а}ръ^{а}т̄* о́блак Одр, си га пресе́къ^{а}л *мале́чъ^{а}къ^{а}т̄* прс Коњу, зе́ми га *ѝли́тъ^{а}къ^{а}т̄* ко́тъ^{а}л КВ, *ржанъ^{а}т̄* Мург; *Мила́новъ^{а}т̄, Симо́новъ^{а}т̄* КБ; или: куде́ *їоле́мъ^{а}н* мо́с Ранк, *ма́лъ^{а}b* прс Гин.

Но паралелно со овие образувања се употребуваат и формите на *-јъ̄т, -јъb, -јън* (<*иат̄*, в. § 30). На пример: *їоле́мјъ^{а}т̄* ка́мен Одр, *дебе́лъ^{а}т̄* стап Пез, исто такој и *дру́їјъ^{а}т̄* брат, цени́ се *на́јмалъ^{а}т̄* брат Одр, *по́старјъ^{а}т̄* умре́ Ранк, *це́лъ^{а}т̄* славе́ј Одр, посте́ли га *широ́кјъ^{а}т̄* јорга́н Пез. — Придавките што завршуваат на *-н* во основната форма, во членуваната доста често овој глас го сре́каваме смекнат: *зеле́ньъ^{а}т̄* Пез, посте́ли га *сѵиле́ньъ^{а}т̄* јорга́н, Мург, *црњъ^{а}т̄* коњ Дов, и *црњъ^{а}т̄, црве́њъ^{а}т̄* и *црве́ньъ^{а}т̄* Коњу, покрај *црнъ^{а}т̄, црве́ньъ^{а}т̄* Рад, ШР.

Кај придавките што завршуваат на *-и* (*-ски*): *воло́вскиъ^{а}т̄* опѓнъа^{к} КБ, *околи́скиъ^{а}т̄* о́дбор Мург, или со хијатско *ј* меѓу *и* и *ъ*: *дру́їијъ^{а}т̄* дън путу́јемо Ник, потера́л ги воло́вите по *и́стијъ^{а}т̄* пут Одр, прет *ту́рскијъ^{а}т̄* рат Ор, а поретко и: *дру́їъ^{а}т̄* ШР, *ту́рскъ^{а}т̄* рат Ор, за *ту́рскъ^{а}т̄* рат Пч — спрема другите образувања.

По овој начин одредената придавска форма за машки род се образува и во другите североисточни говори (кривопаланечкиот, кратовскиот и овчеполскиот).

Форми за женски и среден род: *ца́рската* ќе́рка погледна́ла Стр, онај ли је *крадената* мо́ма Ранк, — *зре́лаba* кру́шка Гин, *си́baba* кобу́ла Рад, — *бе́лана* кошу́ља Оп, *до́љнана* воденица ШР, — тој *му́шкото* де́те Кум, *мале́цкото* Руѓ, *це́лото* се́ло Одр, — куде́ *го́рноно* ло́јзе Гин, узни от *црноbo* ви́но по́боље је Рад.

Општата определена форма за женски род: напуни́л ка́ртуту съ^{а}с *воло́вскуту* мо́чку Оп, пома́ми гу *кале́шуту* о́вцу, да ти гу ка́жу *јучера́шњуту* прика́жњу Одр, на *мо́јуту* же́ну *ста́руту*, поје́дет *це́луту* за́другу Гин, крс *ту́рскуту* во́јску помина́л От, от *пр̄вњуту* ли́нију одби́мо ги, у *српскуту* во́јску Ранк.

Определената форма за машки род кога се однесува на одушевена именка во општата форма завршува на *-тоїа, -ноїа, -boїа*; сп.: Дове́ди ми *бе́лотоїа* ко́ња Коњу, нара́ни *їоле́мотоїа* Ранк, отка́рај *ста́ротоїа* во́ла Ранк, утепа́л *си́вотоїа* голу́ба, да́ј му на

сúвоmоїа голýба да jéде Оп, вржи *сéлскоmоїа* бúка, *сúвоmоїа* зájца Коњу, упрéгни *црноmоїа* вóла Оп, фáни *шáреноmоїа* пéтла Одр; — *жýmобоїа* карамáна, *шáренобола* голýба.

Вакви членски форми, како што се спомена порано, се употребуваат само во источниот дел и тоа во оние граници каде што се употребува троен член.

Множина: Надвасáше *сpскеmе* комúте АгС, *жéнскиmе* Ром, *сmáриmе* льýди ги терáле на Пýмпало Руѓ, *цéлеmе* зáдруге; — и *мláдиbе* знáт Рад, овúја *мáлиbе* нé ги познáвам Ранк, *сmáриbе* Тýрци; — кудé *їóрњине* кáменчики Гин, там кудé онúја *búсокене* дубúце Петр.

Бројни придавки

§ 198. Во категоријата на придавките ќе ги разгледаме, како што е направено тоа во граматиката на Конески, и т.н. редни и множни броеви и сите оние „придавски заменки" што можат да се членуваат. И едните и другите како по својата форма, така и по службата што ја имаат најблиску стојат до придавките. Првите Конески ги наречува *бројни* придавки, другите *заменски* придавки[163]).

Бројните придавки од 1 до 3 во формата за машки род најчесто завршуваат на *-и*: *прbи*, *дрýїи*, *mрéки*, но и *прb*, *друж* АгС, *mрек* Ст. Формата за среден род од 'три' гласи *mрéко* Ранк, Руѓ, Кум. Другите придавки повеќе од три: *четвpmи*, *пémи*, *шéсmи*, *сéдми*, *óсми*, *девémи*, *десémи*, *едъ[а]нáесеmи*, *дванáесеmи*. . . *дбáесmи*, *дбáес прbи*, итн.; општата форма: *прbоїа*, *дрýїоїа*, *mрéкоїа* Ст, *прbу*, *дрýїу*, *mрéќу* Кум, *дванáесmу* гóдину Гин, дваес *четвpmу* се зáврши Пч; определени форми: *прbъ[а]m* и *дрýїъ[а]m* мéсец Пч, *mрéќъ[а]m* ќе га знáје ШР, дáј му и *дрýїуmу* лубенúцу Руѓ, *прboтоїа* брáта Одр, съ[а]с тýј *mрéкуmу* Ранк, он бéше *прbуmу* гóдину Мал.

Покрај *прb-а-о* се јавува доста често и формата со вметнато *њ*, одн. *н*, кое можело да се јави или под влијание на бројот *едúн*, *еднá*, како што мисли Вајан[164]), или пак е внесено од прилозите *прbин*, *прbињ*, *отпрbин*, *прbењке*, одн. *последњи*, *послеѓ[а]н* итн.; сп.: од *прbњуmу* лúнију одбúмо ги Рад, у *прbњо* Бýгарско Мург, у *прbњоmо* врéме ШР. Во нашиот јазик оваа форма доста е раширена, а особено е честа во западното наречје, како и во говорите по долината на Вардар.

Бројни придавки за умноженост: *дбójно* Чет, *mрójно*, *чémворно* Ник.

Заменски придавки

§ 199. Посвојни заменски придавки за 1 и 2 лице се: *мој*, *мójа*, *мójе*, *мóи*, *мóје*, — *mвој*, *mвójа*, *mвójе*, *mвóи*, *mвóје*, — *наш*, *нáша*, *нáше* и *нáшо*, *нáши*, *нáше*, — *ваш*, *вáша*, *вáше* и *вáшо*, *вáши*, *вáше*.

---

[163]) Б. Конески, Граматика II, стр. 74—75.

[164]) Vaillant, L'évang. de Kul., 149.

Формите за среден род *нашо, вашо* познати се на целата територија. Генерализирањето на наставката *-о* место *-е* кај придавките и придавските заменки е општа појава во сите т. н. шопски говори, а не е непозната таа и во другите наши дијалекти.

Множински форми за женски род на *-е* се употребуваат на она простанство и во оние размери како и кај другите придавки (в. § 194). Сп.: *на́ше* гла́ве, *мо́је* друга́чке Ранк, *ва́ше* ку́ќе, *тво́је* ње́ве От, у *на́ше* лива́де Рад, Стр.

Општата форма: (за женски род) Ја ќе гу пла́ту *мо́ју* ко́жу Арб, ја би ти да́ја *мо́ју* ќе́рку за тво́јега си́на Кум, на *мо́ју* ку́ку Пч, до *тво́ју* ку́ку, на *тво́ју* воденѝцу Ром, у *на́шу* око́лију Ранк, кът си би́ла ко́лко *ва́шу* Ја́году В, под *ва́шу* сламењѝцу Дов; (за машки род) ја *мо́јега* та́тка до та́м га носѝ Жег, с *мо́јега* шура́ка Пч, ту́ј га *тво́јега* бра́та најдо́ Кум, уби́ше *на́шега* про́ту Чет, тъг не мо́жеше да ви́диш *на́шега* чове́ка ору́жанога Ром.

Поинтересни се поради својата форма посвојните заменски придавки за трето лице: *његов-а-о*, мн. *његови* (за м. и ср. род), *његове* (за ж. р.), општата форма: *његова, његову*, — *њујан, њојна-о*, мн. *њојни, њојне*, оп. ф. *њојноја, њојну*; — *њин-а-о*, мн. *њи́ни, њи́не*, оп. ф. *њи́ноја, њи́ну*.

Во Горно Којнаре, Бујковце и Дељодровце не се непознати и формите *њојзин-а-о-и*, сп.: *њојзино* је те́лето, *њојзини* са све́ ти́ја кокóшке Ддр.

Заменката *њин* (< анаф. *њих-* : *њи(х) -на, -но, -ни* =*њин*) се јавува и во формите *њи́јан, њи́јна, њи́јно* (во Славиште) и *нин-а-о* (во селата што граничат со блатскиот говор); сп.: Дооди́ле у *њи́но* вре́ме Др, у *њи́но* се́ло Пуз, тој ме́сто је *њи́но* Ром, *њи́на* и *њи́ња* во́јска Рад, *њи́ноја* Јо́ску Коин, *њи́јни* зако́н не да́ва на мегда́н Ром, съас *њи́ну* бо́рбу Ор, *њи́ни* воло́ви Ром, *њи́не* па́ре не и́дева о́вде Ст, од *њи́нитје* де́лбине Пч, *њи́њитје* пу́тишта, — би́ја съам у *њи́јну* ку́ку Обл, *њи́јне* же́не ќе си ка́жев Руѓ, во́јската *њи́јња* Ранк, — *ни́нитје* домаќи́ни ГК, *ни́но* се́ло Мил.

Посвојната заменка за секое лице: *свој, свója, свóје*, мн. *свóи, свóје*, оп. ф. *свójу, свójеја*. Сп.: *Свој* леп си је́де туѓо га́јле бе́ре Кум, Сва́ка ко́за за *свој* рок се вржу́је В, *свója* у́трина је би́ла та́ј Ром (=наша), на *свóје* би́ле, има́ле си *свóје* има́ње ГК, сва́ки си во́ли *свóје* ро́дно ме́сто Коњу, девојка да збо́ри за *свóје* свршува́ње ВИљ, — *свójеја* ко́ња Оп, жа́ли она *свójеја* си́на Ор, съас *свójеја* та́тка ВИљ, сва́к си и́де по *свójу* рабо́ту Ник, у *свójу* ку́ку съам си СтН, нарот почна́ да зи́ма *свójу* ву́ну Пч, и по *свójу* умира́чку ВИљ. — Поименичена: *Свóји* смо, родни́на смо Ранк.

Определени форми: *мојат* та́тко Гин, у *мојебо* не́ма лѣжно, на *мојуту* куку ста́руту Ранк, *мојуву* лубени́цу Оп, *мојебо* Коњу, *мојете* пра́ске, *мојете* друга́чке Ранк, на *нашетоја* тељевони́сту От, у *нашебо* се́ло, *нашава* за́друга, у *нашуту* во́јску Ранк, *нашиве* пра́вит, у *нашете* ку́ќе Рад, — *ваштат* дел Ранк, на *његовотоја* га́зду Ранк, *њојнъат* син Одр, идо́ у *њи́нуту* копера́цију ШР.

Во граничните села со овчеполскиот говор се среќаваат и форми образувани од демонстративните заменки со основата *об-* и *он-*: *обóїоб-а-о-и*, *онóїоб-а-о-и*, *óбини*, членувани: *обóїобјъ^{а}т*, *онóїобјъ^{а}т*, *обóїобата*, *обóїобутý*, од *обúнутý* ливáду Пез. Така на трите вида показни заменки им одговараат и три вида посвојни заменски придавки што се образуваат од нив. Во западните говори вакви образувања се доста обични[165]). Во источните и североисточните дијалекти посвојни форми од демонстративните заменки не се развиле. За посвојност во нив се употребуваат формите од демонстративните заменки (општата форма) со предлогот *на*: *на обóїа* дете, *на онóїа*, *на обýј*, *на онýј*, итн.

§ 200. Заменски придавки за признаци и качество се:

обакъ́b, *обакbá*, *обакbó*, *обакbú*, *обакbé*, оп. ф. *обакbóїа* човéка нé съ^{а}м видéја СтН, бог да те чýва од *обакbý* жéну Ник; определената форма: *обакъ́bъ^{а}т*, *обакbáта*, *обакbýту*, итн.;

такъ́b, *такbá*, *такbó*, *такbú*, *такbé*, оп. ф. *такbóїа*, *такbý*, член. ф. *такъ́bъ^{а}т*, *такbáта*, *такbýту*;

онакъ́b, *онакbá*, *онакbó*, *онакbú*, *онакbé*, — *онакbóїа*, *онакbý*, и др.

Во селата Пезово, Култибег, Мургаш (гранични со Овчеполието) формата за машки род од овие заменки гласи: *обакbáj*, *такbáj*, *онакbáj* — како во соседните овчеполски села;

оболи́ки, *оболи́ка*, *оболи́ко*, *оболи́ки*, *оболи́ке*;

толи́ки, *толи́ка*, *толи́ко*, *толи́ки*, *толи́ке*;

онолúки, *онолúка*, *онолúко*, *онолúки*, *онолúке*.

Формите за машки род се јавуваат и без крајното *и*, секако и за разликување од множинската форма. Сп.: И он бéше *толúк* Ор, *оболúк* клáс съ^{а}м скинáја Ром. Обични се и образувањата: *оболúцъ^{а}к*, *толúцъ^{а}к*, *онолúцъ^{а}к*, *оболúцка*, итн. — Формите *тóкаb -а-о*, *обóкаb*, *онóкаb*, кои можат спорадично да се сретнат во Градиште, Пезово, Кутлибег карактеристични се за овчеполскиот говор.

§ 201. За прашања се употребуваат: *какъ́b*, *какbá*, *какbó*, *какbú*, *какbé*, оп. ф. *какbóїа*, *какbý*; сп.: *Какbóїа* свéра си убúја Арб, знáјеш ли на *какbý* бољку болýју ВИљ;

колúк и *колúки*, *колúка*, *колúко*, мн. *колúки*, *колúке*, и со деминутивно значење: *колúцъ^{а}к*, *колúцка*, *колúцко*.

§ 202. Со неопределено значење: *нéкакъ^{а}b*, *нéкакba*, *нéкакbo*; — *сbáкакъ^{а}b*, *сbákakba,-o,-u,-e*, сп.: *Сbáкакъ^{а}b* нáрот съ^{а}м видéја Кум' извадúле *сbáкакbи* семúња Руѓ, и на *сbáкакbе* књúге Мург; — *сbакојáк,-а,-и,-е* Деил, Коин, Ранк. — Сп. и: *нúкакъ^{а}b*, *нúкакba*, *-о*, *-и*, *-е*.

Заменската придавка *bьсь* и овде се јавува со метатеза на гласовите *b* — *с*: *съb* дън Кум, *съb* нáрот Ор, *сьbи* éсен Чел, изéла *сьbијъ^{а}т* мет Ром (Книжици I 41), *сba* нóќ ми викáмо АгС, *сbáта* се зéмња организирá Ор, *сbе* зúмав Ст, онó *сbг* доóди СтН, *сbе* изумрéше тúја

[165]) Сп. А. Белић, Галички дијалекат, стр. 189. — Б. Видоески, Поречкиот говор, стр. 38.

Ник, *сво* сéло Ранк, *свóто* сéме Одр, *сво* ју́тре спи́ју Љуб, от *сву* гóру шу́ма попаднáла Руѓ, и́мам маривéт на *сву* вójску да сплéту чарáпе СтН, измъкнája гу *сву́* чéту Мург, *сви* му́жи збрáа Ранк, вечерáле и легнáле *свúше* Кук, *све* жéне Пч, óне *свéше* дóшле Одр, но и: от *сви* стрáне Ром; сложена со 'што' — *свéшто* Кум, Ром, Пч. — Старата неметатезирана форма се запазила и овде само во прилогот *въздън*.

Како општа заменска придавка се употрэбува *свúчъчки* со значење воопшто сите: *свúчъчки* бéа, *свúчъчки* дојдóа ГК. Во некои наши говори се јавува во формата *сичички*[166]).

Степенување на придавките

§ 203. Степенувањето се врши како и во другите говори — со частичките *по-* и *нај-*, кои се секојпат нагласени. Сп.: *пóблизъ^{а}к* ми је Чет, *пóбистъ^{а}р* Ор, *пóскуп* Пч, *пóнисъ^{а}к* је наш Лúпъ^{а}ц Мург, *пóголем* Кум, ја съ^{а}м *пóстара* од њéга Отља, от ту цркву нéма *пóстару* Ст, ќе сúмнемо нéкога *пóстароја* АгС; — *нájскуп* пóрес је бúја у тýрску царевину Руѓ, *нájдобри* и *нájспремни* играчи Мург, *нájспарјат* умрé, *нájбрљив* Прој, *нájдебéл* Ор, *нájлекóбно* Пч.

§ 204. Остатоци од старите компаративни форми во овој говор има повеќе отколку во другите северни говори. Освен во прилозите *беќе* и *више*, познати и во поголем број други наши дијалекти, обични се овде и *боље*, *брже*, многу ретко се среќава *мање*. Сп.: *Брже* ќе се врнеш Жег, *брже* га ýзни Арб, *брже* да га бájу Одр, *бóље* Ст, Цвет, Руѓ, *бóље* сà тражúле Коин, *бóље* ву је туј Ник, *бóљи* живóт Ор, *бóље* је от кóња Др, казája је да је крúвда *бóља* СтН, — не мóгу *вúше* да сéду Рам, да не врне *вúше* Др, *вúше* ли сà *мање* ли сà не знáм Мал, штом се ожéни *вúше* нé се ýчи Кум. — Но овие форми често не се доволни да го изразат компаративното значење, и затоа им се додава частичката *по-* како и кај основните придавски форми. Така имаме: *пóбоље* Чет, Др, *пóближе* Ст, *пóвише* се чýје Арб, *пóвише* однéсе СтН, *пóбрже* Цвет. Во реченицата: *Брже* ли ќе си дójдеш? Пељ — формата *брже*, употребена прилошки, не се чувствува како компаративна, туку има значење 'бргу'. — Прилозите *пóвеќе* и *пóвише* се употребуваат наспоредно: *пóвеќе* не и́ду В, *пóвише* чúни од вóлъ^{а}т Ор; сп. и: *нájвише* кóзе смо чувáле Др, *нájбоље* је тáм СтН.

Како остаток од стариот компаратив може да се смета и зборот *старéја*, мн. *старéи*, оп. ф. *старéјеја* Ранк, кој се употребува во значење 'старешина'. Со истото или слично значење познат е овој збор и во некои други наши говори (сп. Vaillant, L'évang. de Kul., 123; види тука и објаснение за неговото образување), а од североисточните го познаваат уште кривопаланечкиот и кратовскиот.

---

[166]) Сп. А. Белић, Галички дијалекат, стр. 190. — Б. Видоески, Поречкиот говор, стр. 41.

§ 205. Како во другите говори, така и во кумановскиот, можат да се степенуваат и некои општи именки, сп.: *пàдушмàн* од Грк не́ма, кój сте *пójундж* Ром, *пóсùла* немáло од њéга АгС, *нájчорбаџùја* Ор, *пóмр̀за* Стр, *нájїàзда* Мал, *пóширùна* Пч, *пóрабдòшник* Пч, Мург, *пóстрèлци* бúле комúтете Рад.

Односните придавки, кои инаку не се степенуваат, исто така како и именките можат да образуваат состави со компаративните партикули, сп. она је *нájдòвча* АгС, но при тоа тие добиваат ново значење — качествено, впрочем како и степенуваните именки.

Особено се чести во нашиов говор, а така и во другите североисточни говори, образувањата со *по-* и *нај-* кај глаголите. На пр.: *пóбдши лéбъ^а* АгС, со значење 'повеќе' фати, *пó се сúли* кúчето кът је вржано Ром, нáпрет *пó не мóжеше* да вúду Кум, бúе *пó ти нéма* Пч, *пó је стрaубáја* Ст, овúј *пó ти знáје*, *пó не мóже* да издржи, óни *пó ти знájеь* Ром, кът врне *пó бúва* Пч, *пó мóж* да прúјдеш Ор, *пó не ïу нóси* вóда Мург, тúја *пó мóж* да живéјет Ранк, *пó се бр̀шеше* жúтото Одр, *пó нéќеш* да настúнеш Мург; — трóска трáва *нáј др̀жи* врéме да гу пáсев óвце АгС, óна *нáј páѓа* Пч, *нáј усúéба* дивјáк Отља, у Тýрско *нáј се је раѓáло* Др. Во сите овие и вакви случаи *по-* и *нај-* се употребени во значење на прилозите 'повеќе', 'најмногу', одн. 'помалку', 'најмалку' кога е глаголот во негација.

Со вакво (прилошко) значење *по* и *нај* се употребуваат и во изразите како: *пó ме жáл* Ник, *пó ме стрa* Стр (= повеќе ми е жал, повеќе ми е страв), кои во говорите од западното наречје се необични.

Заменки

Лични заменки

§ 206. Личната заменка за 1 лице на целата територија гласи *ја*, општата форма *мене*, кратката акуз. ф. *ме*, дат. *ми*. Сп.: Видé *ме мéне*, откудé *мéне* йде Кум, със *мéне* бéше Пч, за *мéне* зборúја Ром.

Во датив заменската форма, како кај именките, се придружува со предлогот *на*. Во нашите североисточни говори, и воопшто во источните, постои тенденција да се упрости деклинацијата и кај личните заменки на две форми: номинативна и општа, која како директно дополнение стои без предлог, а во другите случаи со предлог. Сп.: *на мéне ми* дадé Кум, *на мéне ми* речé Ром, што *ми* се обрáќаш *на мéне* Арб., *на мéне ми* сведóчи Ст, и *на мéне ми* збóреше Коњу. Но не се непознати и форми без предлогот: Ја бéше тáмо тък и *мéне ми* речé Лоп. — Формата *мен*, која во соседните јужноморавски говори често се среќава, во кумановските села е непозната.

Во миожина се употребуваат две форми: *ми* и *мија*, која е образувана спрема демонстративните *тùја*, *обùја*, *онùја*, како што е образувано и *ми*(*ј*)*е*, одн. *ни*(*ј*)*е* спрема *тùи*(*ј*)*е*, *обú*(*ј*)*е*, *онú*(*ј*)*е* во другите говори. Обете овие форми наспоредно се употребуваат и

во другите североисточни говори без овчеполскиот. Првата форма (*ми*) превладува во градскиот говор и во посеверните села. Сп.: *Ми* кои и́машемо па́ре Рад, *ми* бе́мо преко Ма́рицу От, *ми* смо конши́је Лоп, *ми* ги придо́мо бли́зо до њи Ник, *ми* смо оде́лени Ст, *ми* смо за у Ду́нав Ранк, *ми* Ор, Коњу, Тал, Оп, Пс, Др, Чет, Мал; *ми́ја* га работа́мо ГК, *ми́ја* овча́рите В, и *ми́ја* смо љу́ди Виљ, па *ми́ја* смо ги ку́мови, седна́мо *ми́ја* да вече́рамо Ром, и *ми́ја* сла́вимо Кум, *ми́ја* сви бе́мо Ром, Пч, *ми́ја* не мо́жемо да оста́немо до кра́ј Ор.

Во граничните села со овчеполскиот говор наспоредно со *ми*, *мија* се употребува и формата *нија*, која е карактеристична за источните говори: *ни́ја* смо си́лни Град, ма́ли бе́мо *ни́ја* Пез, добри смо *нија* Мург, — а во крајните источни села и *мије*: *Ми́је* си спи́јешемо Топ, тък *ми́је* се кри́јешемо Рад, *мије* Мождд, От, Пс, Длъб. — Според тоа јужната изоглоса на заменската форма *ми* и *мија* оди приближно со говорната граница спрема овчеполскиот говор, а на исток до линијата Шопско Рударе—Тополовиќ—Опила—Длъбочица. Јужната граница нивна е истовремено и северна граница на заменската форма *нија*.

Во акузатив покрај *нас*, *нас не*, *не*, кои се пообични, се среќаваат и *нам*, *нам не* -*ни*, одн. *нас ни*; сп. :*На́с не* викна́а куде́ њега Кум, *на́с не* виде́ва Ром, *на́с не* пушти́ва АгС, он се секи́ра за *на́с* Пч, буна́а врз *на́с* Англича́ните, збе́рет *не* па на Ма́чков Ка́мен Ранк, и го́спот *не* не́ќе *на́с* В, не́ќе да *не* ра́ни Ддр. — Дативната форма *нам* како акузативна превладува во козјачките села: У Ту́рско вре́ме не́ *ни* съби́рав *на́м* у во́јску Ст, *на́м ни* виде́ тъј војни́к Жег, и *на́м не* тури́ше про́кај њи́ја Кан. Кратката форма *ни* се употребува главно во козјачките и во славишките села, а што се оди по на југ е сè поретка и ѝ отстапува место на енклитичната форма *не*. Може да се рече дека во селата јужно од патот Страцин — Куманово последнава е пообична, но се среќава и *ни*, како што се среќава *не* и во најсеверните села покрај *ни*. Сп.: Кој ќе *ни* напа́ѓа Руѓ, си́гурно и́ма не́кој што *ни* слу́ша Стр, да *ни* те́раш на́с Ора, па *ни* превари́ја Настратин Коњу, Ту́рците повика́ше *ни*, тък *ни* съапна́ Рад, ќе *ни* па́лив, на́с *ни* виде́, потражи́ја *ни* Ту́рците, *ни* збра́а у во́јску Ранк, пушти́ја *ни* Гин, да *ни* сре́тнет Оп, по́сле *ни* докара́а на Штип.

Како акузативна форма *ни* се употребува во целиот т. н. Шоплък и на српска и на бугарска страна (Белић, Дијалекти, 402; Тодоров, ib. 289), а од нашите дијалекти ја познава уште кривопаланечкиот на североисток, и некои западни и југозападни говори (мијачките, преспанските и говорот на Бобошчица)[167]. Се поставува прашање: дали заменските форми *ни* и *би* (за последнава види подолу) во разгледуваниов говор не претставуваат можеби некаква иновација, на пример, да се генерализира дативната форма и во акузативот.

[167]) Сп. А. Белић, Галички дијалекат, 186. A. Mazon, Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du sud, c. 65.

Во кумановскиот говор, како и во другите североисточни дијалекти, има тенденција за израмнување на зависните падежни форми кај личните заменки, но тоа најчесто се врши во таа смисла што се генерализира акузативната форма како општа. Потоа географската распространетост на *ни* и *ви* говори доволно дека тие претставуваат продолжение на старите акузативни форми *нъı*, *въı*, како што е случајот во бугарскиот јазик и во српските дијалекти на појасот од границата со бугарската јазична територија, преку Косово, Црна Гора до Бока[168]).

За датив најчесто се употребува *нас* со предлогот *на*: *На нáс ни* донесóше Кум, донесóше ни пýшке *на нáс* Ром, стóката ни се óтна *на нáс* В, *на нáс* ни дадé Пч, Ор, Пез, Мург; поретко и без предлогот: *Нáс* ни дадóше (земњу) у сéло Војни́к Ник, *нас* нé ни се и́деше у Скóпје Ром, *нáс* ни речé ГК, Оп, Пс, Одр. Постарата форма *нам* се запазила донекаде уште во Козјачијата, каде што се употребува и за акузатив, сп. *нáм* ни рекóше Арб, Ос, Жег, Коин, Деил.

§ 207. Личните заменки за 2 лице гласат: *ти*, дат. *тебе ти*, или со предлогот *на — на тебе ти* Кум, Ром, Коњу; ак. *тебе те*; мн. *ви*, *вуја*; сп.: *Ви* чýвате комúте СтН, и *ви* бéсте Др, Стр, *вúја* ли бéсте Ром, куде ќ'и́дете *вúја* Лоп, *вúа* ГК; кај Иљоски исто така ги наоѓаме двете форми: *вуја* се чýдите, *вуја* чорбаџúје, што сте *ви*? Изоглосите и на едната и на другата форма се поклопуваат со изоглосите на формите за 1 лице мн. Во Славиште наспоредно со овие, но знатно поретко од нив, се употребува и заменката *вúје* Рад, Пс, От, како во паланечките и кратовските села.

Акузативни форми се: *вас*, *вас ви*, *ви*, поретко *вас ве*, *ве*; сп.: бог да *ви* убúје Руѓ, тýрска вójска ќе *ви* исповáќа Жег, бéгајте ќе *ви* однéсе и *вас* Ранк, ќе *ви* вáнет Рад, Одр, *вас ве* видéва Ром, ја ќе *ве* затвóру *вас* Жег; — дативните: *на вас*, *на вас ви*, *ви*; сп.: Кój *ви* казája *на вас*? и: Кój *ви* казája *вас*? (без предлог) Кум; *вас ви* дадé В, *на вас ви* речé Пч, колектúвци *на вас ви* дадéше Ром.

§ 208. Лични заменки за 3 л. едн. се: *он*, *она*, *оно*, мн. *они*, *оне*. Овие форми, како што е познато, како лични заменки се употребуваат на целото северно јазично подрачје и во поголем дел од источните говори.

Општата форма за машки и среден род е *њеīа*, *īа* :*Њéīа īа* видé, за *њеīа*, съ^ас *њéīа* Кум, дали úмаш с *њéīа* друýсто Ник, у *њéīа* нéма амáн Ром, нéќемо га *њéīа* Пч, Ор, *њéīа īа* видó Мург, Ранк, Пс, Можд, Стр. Во селата што граничат со скопскиот говор *н* се изговара тврдо: *неīа īа* утепáа Мил, КГ. — Со *а* на крајот (карактеристичен завршок за српскиот јазик) оваа форма се употребува и во другите северни говори на југ приближно до линијата Злетово — Свети Никола — Дивле — Бујковце (на кратовско-овчепол-

[168]) V. Tomanović, Acc. pl. ličnih zamenica prvog i drugog lica: ni, vi (n*y*, v*y*) ГЗб СФФ, т. 3 (1950), № 2, стр. 4 нт.

скиот и кумановскиот дел) — Стајковце — Бардовци — Ново Село (на скопскиот, MJ V 177).

Акузативната форма *њеīа* со предлогот *на* се употребува и за датив, на пр.: шћпоти му *на њéīа* Руѓ, *на њéīа* му речé Коњу, нé му следýје *на њéīа* Ром, мáлко да му дáдемо *на њéīа* АгС. Но може со истата функција акуз. форма да се сретне и без предлогот, сп.: Ја *њéīа* ќе му га дáду Др, ти си му *њéīа* рот ГК, *њéīа му* дадó Ор, Мург, úде да му се жáли *њéīа*, на кадúју Мал, — но само кога е таа придружена од кратката форма *му*.

Не е необична и формата *њему*: Нé му чúни *њéму* та бóгу Кум, *њéму* му рекнá Ром, пóсле се јавúло *њéму* на сън, зар *њéму* нé му досадúло Мург, зер *њéму* је мúло Одр, контрóла да му прáви *њéму* Град, и *њéму* му одére вáшу Одр, да га рабóту *њéму* Ранк. Спрема формата *на њеīа* предлогот *на* почнал да се употребува и со *њему*, на пример: Продадó му *на њéму* Ром, зар *на њéму* да му се помóлу Пч.

Интересни се овде акузативната и дативната форма од заменката *она*.

Во акузатив се употребуваат две акцентирани форми: *њу* и *њума*, одн. *њум*. Обете се употребуваат на целата кумановска територија паралелно. Сп.: Видé ли гу *њý* Кум, уз *њý* Ром, и *њý* гу вúкни Ник, зър *њý* нé гу вúкаш Чет; — *њýма* видé ли гу Кум, од *њýма* Рсм, какó *њýма*, на *њýма* Ник, ја *њýма* лќко ќе га увáту Руѓ, по *њýма*, прóтив *њýма* Ор, Пч; и *њýм* да гу зáтрев Ром, заплескája се у *њýм*, óколо *њýм* Жег, такój смо ми од *њýм* одéлени Ст, *њýм* гу сретнá на пут, за *њýм* лóшо се збóри Кум, зар *њýм* нé гу бóли Мург. Многу ретко се јавува и *њумај* (со партикулата *j*); кудé *њýмај* Арб, съас *њýмај* испратú га (дете) Жег, и *њумај* гу попоскало ХВ 338.

И двете форми — *њу* и *њум*(*а*) познати се во сите северни говори (MJ V 23, 177), а втората е карактеристична и за јужноморавскиот (СДЗ I 413). Појавата на партикулата *-ма* се објаснува со аналогија спрема множинската форма *њима*, одн. *њум* спрема *њим*[169]).

Формата *њуba*, која се среќава во ск.-црногорските села (MJ V 177), кумановскиот говор не ја познава.

Во крајните југозападни села може да се сретне за акузатив и обликот *њојзе*, одн. *нојзе*, кој се јавил под влијание на блатскиот говор; сп.: *њójзе* гу викнá, повесмáрка конóпле се прéде за *њójзе* В, *њójзе* гу видó Пч, *нójзе* гу вúкни ГК, Вак, не мóже да ги чýва у *њójзе* АгС, óна рáсне ја по *њójзе* и качúмо се у бóга АгС. — Во Горно Којнаре ја забележив и формата *њојзу* (*њојзу* гу убúја), која веројатно е добиена со мешање на *њојзе* и *њу* (*īу*).

Кратката форма на целата територија гласи *īу*, која е добиена со контаминација на *jу* и *īа*, *īи*. Таа е општа форма и за другите

[169]) Повеќе за ова види кај Белића, *Дијалекти*, 413—414.

северни говори и се среќава на југ сè до границата со кочанскиот, штипскиот и скопскиот блатски говор (MJ V 1—2). Преобразувањето на *jy* во *īy* се извршило на овој терен и секако доста рано, но не порано од XV век. Во XV век суштествувала, барем во говорот на Скопска Црногорија, формата *jy* (сп. *Бъ да ю́ прости́* — во приписка од 1420 година[170]). Формата *īy* најрано ја наоѓаме во една приписка од 1711 година (. . . *по много места жīта ѿзеде* ī8)[171]).

Полната акузативна форма *њум(а)* со предлогот *на* обично се употребува и за датив: Не́ ву казу́ју *на њу́ма* Ст, *на њу́ма* ву даде́ Ром, АгС, *на њу́ма* ву казу́ју Кум, *на њу́м* ву каза́ ШР, поретко и без предлог: Те́шко ву *њу́ма* Ранк, и по́пъат ву ви́ка *њу́ма*, на попади́јуту Одр.

Формата *њојзе*, одн. *нојзе* (образувана спрема тврдите основи *тои* и сл.) се среќава само во граничните села со Скопско Блато и Овчеполието, сп.: *њо́јзе* ву рече́ Град, *њо́јзе и* В, ГК, *нојзе* Мил, па дури и со предлогот *на*: *На њо́јзе* гу да́до књи́гата Бујк.

Во славишкото село Длъбочица ја забележив и формата *неву*: Тъг *не́ву* ву рекна́ле. Тука имаме комбинација со кратката форма *ву* и основата *не*, веројатно од *нејзе*, која форма се употребува во соседните паланечки села.

Интересна е во нашиов говор кратката дативна форма *ву*, која е карактеристична и за јужноморавските говори. Сп.: И *ву* ви́кам Кум, рече́ ли *ву* на Ра́тку Пс, куде́ *ву* је су́дба, бо́ље *ву* је та́м Коин, и *ву* да́л ону́ј во́ду Стр, и не́ *ву* казу́ју на те́тку Ст, па *ву* ру́ку целива́ле Арб, на њу́м *ву* ве́ли Отља, љу́ти *ву* Пч, Ор, он *ву* ви́ка Ор, не́ *ву* се љу́ту ВИљ, ву́къат *ву* вика́л на лиси́цуту Одр. Оваа форма се употребува на целата кумановска област. Од другите наши говори неа ја познава кривопаланечкиот и северниот дел на кратовскиот (на југ приближно до линијата Јамиште — Шопско Рударе, в. MJ V 23). На север таа се протегнува во јужноморавскиот дијалект (СДЗ I 410—411), а на североисток во босилградскиот и во говорот на ќустендилските Полчани на бугарската територија (Тодоров, ор. с., 293). Во врањскиот *ву* се среќава и како акузативна форма, што јасно зборува и за нејзиното потекло. По аналогија на множинските форми *ни*, *ви*, *īи*, кои се исти и за датив и за акузатив, акуз. заменка *ју* почнала да се употребува и за датив, истиснувајќи ја постарата форма, како што е случајот и кај нагласените облици (в. погоре). После по загубата на *j* пред *у* се јавило *в* како преоден глас. Целиот овој процес може добро да се следи во врањскиот говор и споменатите бугарски дијалекти. Сп.: Умре́л ју му́ж: Жали́ла *у* се њо́јзе: до́ста *ву* је: какво *ву* је срце (СДЗ I 410, 411). Присуството на согласката *в* овде Цонев сака да го објасни по друг начин — по аналогија на демонстративното *овои*[172]), што е малу веројатно. Овде би

[170]) Й. Ивановъ, Български старини изъ Македония², стр. 114.

[171]) Й Иванов, цитираната книга, стр. 168.

[172]) Б. Цоневъ, История на българский езикъ, т. II, София 1934, стр. 494.

можело да се направи само еден ваков приговор: зошто *ѣ* не се јавило и во акузативната форма, бидејќи условите биле исти. Во некои говори, се истакна погоре, тоа го имаме. Меѓутоа, аналогијата спрема акузативната форма со *ī* (*īа*, можеби и *īи*) се покажала посилна, додека во дативната форма процесот си се развивал непречено. Навистина во некои српски дијалекти и во датив има *īу*, сп. во говорот на Ѓаковица[173]), но така не морало и во кумановскиот.

Множински форми се: *они* за машки и среден род, *оне* за женски. — Како акузативни форми се употребуваат: *њија*, *њи*, *њим*, *њима*. Првата (*њија*), која е образувана спрема *ѿија* и др. показни заменки, позната е на целата територија на овој говор, а освен тоа се јавува и во кривопаланечкиот и во северниот дел на кратовскиот говор негде до линијата Кратово—Железница—Шопско Рударе. Изоглосата спрема овчеполскиот говор оди по говорната граница, а на запад се спѓава до Студена Бара и Агино Село. Сп.: И он викна́ја ги *њи́ја* Коњу, у суббту ќе ви́ду *њи́ја* ШР, по́сле ги почна́ја *њи́ја* за раки́ју Ранк, овъ́ј по́ ги зна́је *њи́ја* Ром, чи́та пи́смо пред *њи́ја* Руѓ, он бе́ше против *њи́ја* Стр, и пове́ла за́јца съас *њи́ја* Кук.

Заменката *њи* (< њих) позната е на цѣлиот северен појас од бугарската граница до Шар. Сп.: Че́зе дојдо́ше за *њи́* Кум, искочи́ съас *њи́* СтН, о́ни еднъ́к по *њи́* Чет, бли́зо до *њи́* Ник, *њи* ги виде́, к'и́демо с *њи* Чел, не́ ги ма́ва *њи* В.

Како акузативна, одн. општа форма се употребува и дативната *њима*, или *њим*, паралелно со другите и тоа исто така на целата територија: О́коло *њи́ма* че́те моли́тву Чет, ти тре́бе да и́деш куде́ *њи́ма* Чел, кът г'исфаќа́ле *њим* Коин, не́ма што да прода́ду од *њи́ма* Жег, работи́ше га на́ши по́сле *њи́ма* ги отпушти, затво́ри ги *њи́м* на едно ме́сто Мал, кът почна́ја да ги те́пав *њим* ГК, на́шите у сре́ку по *њи́м*, виде́ле ги *њим* В. Во ск.-црногорскиот говор *њим*(*а*) се генерализирала како општа форма.

Сите три приведениве заменки (*њи*, *њија*, *њим-а*) со предлогот *на* се употребуваат и за датив: Пису́је *на њи́ја* Мург, та́ј је *на њи́ја* шко́ла Пч, В, не́ ги се допа́да *на њи́ја* Ор, *на њи́ја* ги дадо́мо Ром, вика́ *на њи́ја* АгС, — *на њи́* са́ ги дру́ги казува́ле Мург, и *на њи́* ќе ги напра́вив куќу Ник; — по́ла да се поде́ли *на њи́м* по́ла на на́с ГК, *на њи́м* се створи́ле В, поставѝле ги стра́жу *на њи́м* Мал, *на њи́ма* ги се сме́јев Коин, *на њи́м* ќе ги скро́ју ка́пу Кум.

Примери кога заменката стои без предлогот *на* се поретки; сп.: Дали *њи́ја* гро́бишта ќе пра́ву, дали ку́ќу ќе пра́ву — а при повторување: Гро́бишта ќе им пра́ву *њи́ја* Ранк; мо́јето ќе оста́не *њи́м* Рад.

Кратката акузативна форма гласи како и во литературниот јазик: Да *īи* ви́ду који са Пч, вика́ле *īи* њи́ја Руѓ.Таа се употребува и за датив: Ја *īи* каза́ја Мург, ту́ри *īи* во́ду на кокошките В, дадо́ *īи* раки́ју Пч, не́ *īи* се допа́да на њи́ја, он *īи* гово́ри на љу́ди Ор, што

[173]) М. Стевановић, Ђаковачки говор, стр. 111.

ќе *ѝи* пра́вимо сѣга Ник, не́ *ѝи* се допа́да на љу́ди Чет, да *ѝи* да́м ви́но Чел, партиза́ни са́ би́ле овде́ а фронт *ѝи* је би́ја та́мо СтН, по́напрет ко́њи *ѝи* бе́ва овде́ Коин, ми се чу́димо како́ *ѝи* је рабо́та Мал, леп не́ *ѝи* да́вав сељани́ Ром, не́ *ѝи* чи́ни ал на Герма́нци АгС, па смо *ѝи* ми́ја ку́мови Мат, съ̀к текна́ло *ѝи* Ст, каза́ја *ѝи* он тако́ј Руѓ, он *ѝи* бе́ше забѝт на Ци́ганите Коњу.

Употребата на заменката *ѝи* и за датив е карактеристична црта само за кумановската говорна област. Нејзината изоглоса спрема скопскиот, овчеполскиот и кратовскиот говор се поклопува со говорната граница. Во јужноморавскиот дијалект е доста ретка (СДЗ I 415), а тоа укажува дека таа се јавила овде, на нашиов терен.

Во некои источни села покрај *ѝи* може да се сретне поретко и *њи* и тоа само со дативно значење: Ту́ри *њи* Коњу (тури им), њи́м съ̀а́м *њи* да́л Дим, ту́ри ли *њи* на воло́ви сла́му Обл, дадé ли *њи* вре́ќете ШР, текна́ло *њи* на њи́ја, съ̀к *њи* текна́ло Тал.

§ 209. *Кра̀ткиѝе да̀ѝивни фо́рми од ли́чниѝе заменки со ѝосвојно значење*:

бра́т *ми*, та́тко *ми*, се́стра *му* Кум, на ма́јка *ми* бра́т Ром, ја́ га чи́че *ѝи* Ки́ре Пч, на ба́бу *ми* ќе́рка *ѝу* Ор, избега́ла от стри́ну *ѝу* Ранк, ма́јка *ѝу* бе́ше куде́ на́с Кум, ма́јка *ѝу* зна́је бо́ље од њу́ма Ник, и му́ж *ѝу* рабо́ти и о́на АгС, казу́је на му́жа *ѝу* Ранк.

§ 210. *Ли́чната заменка за секое лице*: *себе*, *себе се*, *себе си*, *се*, *си*. Сп.: Ка́рав се меѓу *се́бе* Кум, дрш при *се́бе* Ром, от *се́бе* се ранив Пч, сва́к си зна́је за *се́бе* В, *се́бе си* се тепа́ше Др, да забора́виш *на се́бе* си и на сви́ Ор; *си* со глаголите, т. н. етички датив: Би́ја *си* едѣ́н поп Кум, и де́да *си* оти́шја Отља, исти́на *си* је тако́ј Ник, и́ма *си* родни́на Одр; со посвојно значење: купи́ *си* ку́ќу у Ско́пје Кум. Во примерите од типот: *си* и́де, рабо́ти *си* итн. *си* внесува нијанса во лексичкото значење на глаголот; сп.: Ја ги пусти́ да *си и́деѣ* куде́ родни́на и прија́тели на чести́то, а о́ни ви́диш куде́ *си оти́ѝиле* Кум. *Рабо́ѝу си* тако́ј сва́ки пу́т Стр.

Лично-ѝредмеѝни заменки

§ 211. Прашалните заменки за лице: *кој*, *која*, *које* и *којо*, мн. *кои* (за машки и среден род), *које* (за женски), кога се употребени со именка, се менуваат како придавките. Заменките за машки и женски род во еднината имаат и општа форма: *коѝа*, *коју*, сп.: *Кој*а́ ќе иско́чи ВИљ, *кој*а́ је девојка Петр, *кој*а́ же́на Рад, *кој*е́ вре́ме је би́ло тој Лоп, *кое́* да ги кол'ам ГК; заменката за среден род најчесто се јавува во формата *којо*: *Кој*о́ де́те пла́че Мал, *кој*о́ ќе ти се па́дне Одр, не зна́м *кој*о́ бе́ше Оп, *кој*о́ Мург, ШР, Гин; *коѝа́* си виде́ја Мал, Ром, от *коѝа́* купи́те жи́то Пч, *коѝа́* ла́је ку́че Јач, у *коѝа́* Коњу, *коѝа́* виде́ Мат, съ̀ас *коѝа́* ќе и́де Град; *кој*у́ гу виде́, на *кој*у́ ву даде́ Кум, на *кој*у́ си да́ја Ром, *кој*у́ же́ну Ор, у *кој*у́ ку́ку Гин.

Старата дативна форма *кому*, која во западните говори уште добро се пази, во овој говор само спорадично се среќава: *ко́му* се роди Руѓ; *ко́му* педесе́ и́љаде тра́жив, *ко́му* четресе́ Кан. Почесто за датив, како и во источните говори, се употребува општата форма со предлото *на*: *на коїа́* му зборѝш Мург, *на коїа́* си да́ја АгС, *на коїа́* да оста́вимо Ранк.

За заменката *што* нема особено што да се истакне.

Прашалната заменка за припадност *чиј* (*чија́*, *чије* и *чијо*, мн. *чи* за м. и ср. род, *чије* за женски) се јавува и во формата *чиb* (*чиba*, *чибо*, *чибu*), како во скопските, полошките и поречкиот говор. Северната изоглоса ја преминува нашата говорна територија, опфаќајќи ги прешевскиот и врањскиот говор (СДЗ II 51). За појавата на *b* овде споменавме порано (в. § 65). Сп.: *Чи́ј* је овъ́ј ко́њ, *чија́* си Кум, *чија́* је Коњу, она́ј куќа *чија́* је Бељ, *чија́* Рад, Гин, *чи́је* си бре де́те ГК, *чијо́* Ранк, Ст, Кук, ШР; — *чиb* је, *чи́ba* је она́ј куќа, *чи́bo*, *чи́bu* са ови́ја гове́да Лоп, *чиb* си бре де́чко Ром, *чи́bu* си, *чи́bu* са АгС, *чи́bu* са ови́ја сви́ње Ддр, *чиb* реч В. Формите со *b* превладуваат во западната половина на нашава област.

Место *чиј* итн. за прашања доста често се употребува општата форма од заменката *кој-а-е* со предлогот *на*: *на коїа́* је та́ј пле́мња Ром, *на коїа́* си Мат, *на коїа́* је от Коњу́ Ор, *на коју́* Миле́ву си Ст.

§ 212. Неодредената заменка за лице *нѣкој*, *нѣкоја*, *нѣко(ј)е*, *некои*, *нѣко(ј)е* се јавува и во формата *неки*, *нѣка*, *неко*, мн. *неки* (за м. и ср. род), *нѣке* (за женски), и *никој*, *никоја*, *нико(ј)е* итн. Првава (неки) се употребува главно во козјачките села и тоа наспоредно со *некој*. Сп.: Би́ја си *не́кој* човек, *не́која* ба́ба, *не́кој* трго́въ^{а}ц *не́које* се́ло Ром; до́шја *не́ки* Ту́рчин Ник, *не́ки* сељак Арб, *не́ка* длибо́ка ре́ка Чет, *не́ко* Чет, Ст, *не́ки* коњуша́нци Кум; општата форма: у *не́коїа* чорбаџи́ју Ст, и говори́ле на *не́коїа* ца́ра има́ло ќе́рка ќо́рава Стр, чу́ја съ^{а}м да си тражи́ја *не́коїа* мо́мка Чет, тъј потражи́ *не́коїа* зе́та да призе́ти Чет, тъ́га фати́ше да би́рав по *не́коїа* Ром, утепа́ја *не́коїа* чове́ка от ти́ја черга́ри Ром, ќе те оже́ну за *не́коїа* овча́ра Рад, направи́мо на *не́коїа* пле́мњу на *не́коїа* коша́ру Ранк, да ме поче́каш још *не́коју* неде́љу ВИљ, испе́чи *не́ку* пипе́рку Деил; — ватѝле *ни́коїа* Јусу́фа Мург, у *ни́коїа* комши́ју Ранк, Турци *ни́коїа* уте́пав *ни́коїа* затво́рив Ранк, ако га осе́тив *ни́коїа* ќе оти́де Мург, *ни́коїа* при́мав *ни́коїа* те́шко В, ако уте́паш *ни́коїа* и те́бе ќе те уте́пав Отља, да ва́тимо *ни́коїа* Мат, зашто не́ съ^{а}м се за другу *ни́коју* оженѝја ВИљ, *ни́које* вре́ме му́шкото приказа́ло, *ни́кој* пу́т *ни́које* си вре́ме Кум, *ни́ко* вре́ме би́ло ло́за МлН.

Општата форма од заменката за женски род поретко се сретнува и со *ј* на крајот: кът до́шле до *не́кој* висо́ку пла́нину Ор, питува́ле гу *не́кој* же́ну Руѓ — како показните заменки *тој*, *обу́ј*, итн.

Неодредената заменка за предмети исто така се јавува во две форми: *нешто* и *ништо*; сп.: Елај да ти ка́жу *ни́што* Мал, ка́жи му *ни́што* Чел, ќе купу *ни́што* ГК, *ни́што* Кум, Град, Пез, Мург. Формите со *и* (*никој*, *ништо*), кои се карактеристични за некои

источни и југоисточни говори[174]), почести се во јужниот дел и тоа на целиот појас од Рударе до Бујковце.

За засилување неопределеноста обична е формата *не́кој си*, *не́која си* итн.

Во својство на неопределени заменки се употребуваат прашалната *кој*, сп. *кој се́ди кој рабо́ти* Пч, и *е́дън*, *една* итн.: *Би́ја е́дъ́н ца́р* Одр, *едни́ и́дева едни́ се́дева* Кум, *едни́ но́сив дру́ги је́дев* Ник; сп. и: *ко́ј* да *би́ја све́ едно́* Кум, *ко́ј ӣо́дър* Пч, *шӣо ӣо́д би́ло* Др, Град.

Неменливата заменка *ни́шӣо*, *не́шӣо* може да се употреби како супстантив, како во случајов: Голе́мо ни́што купи́ја съ[а]м ти Ор.

Општата неодредена заменка гласи: *сва́к*, *сваки*, *свака*, *свако*, оп. ф. *свако̄а*, *сва́ку* (за лица), *сваш̄та* (за предмети); сп.: *сва́ки дъ́н* Чел, *сва́ки па́мет уму́је сва́ки па́мет богру́је* Ник, *зи́мус сва́ки ве́чер си се́деемо прет крчму* Ранк, *гле́да си сва́к сво́ју рабо́ту* Ром, *на сва́ко ме́сто* Град, от *сва́ко се́ло* Ст; *на сва́ко̄а* по е́дъ́н леп Кум, *на́ша ку́ќа је на сва́ко̄а* отво́рена ВИљ, има *пра́во* да *жа́ли сва́ко̄а* Мург, *сва́ко̄а* ја не *мо́лу* Стрез, ус *сва́ку ча́шку* ме *спо́ми́ња* Мал, *на сва́ку* лакрди́ју Кум, *на сва́ку* ње́ву От. Остатоци од старата дативна форма: *сва́ком* до́ди крај па ќе и њим да до́јде Коин, па и: *на сва́кому* дал Кан.

Формите образувани спрема *кој* се знатно поретки, но не и непознати: *сва́кој̇а* девојка Кум, *сва́кој̇а ку́ќа* Пч, *сва́кој̇а* неде́л'а ГК, тъј зна́је *сва́кое се́ло* Пч, а во граничните села со скопскиот и овчеполскиот говор и: *сва́кој* чове́к, *сва́кој* зна́је В, *сва́кој* дома́ќи́н зна́је ГК, от *сва́кою* опа́снос Ор.

Сп. и: *не́чиј*, *не́чија*, *не́чије*, *не́чӣ*, покрај *не́чиь*, *не́чиьа*.

Одречни се: *ни́кој*, *ни́која*, *ни́ко*(*ј*)*е*, оп. ф. *ни́ко̄а*, *ни́кою*, *на ни́ко̄а*, *на ни́кою*, поретко *ни́кому*; *ни́чиј*,*-а*,*-е* и *ни́чиь*, *ни́чиьа*, итн., но почесто: *на ни́ко̄а*.

§ 213. *Кој* и *шӣо* како релативни заменки: *Уте́кја* тъј *војво́да шӣо* ги *би́ја* Ник, за *ме́не* лек је да се *изго́ри де́те шӣо* је едно́ у *ма́јку* Кум; *по́сле оти́шја куде́ оно́га шӣо* је *има́ја ви́но* и *раки́ју* Кук; на *ови́ја шӣо* ти *ка́жу* Ром; *сви́њете са́* на *ти́ја шӣо* ги *пла́ти́ја*; — *велеша́ни кои са́ би́ле* Кум; *ту́рскиот мос кој* га *зна́јемо ми́ја* ГК; *ти́ја са́ гла́ве* на *јуна́ци кои са́ сака́ле* да *на́јдев* на *мо́ју ќе́рку тра́к* Ор; — *све село збра́ше у куп ко̄ј шӣо* је *има́ја збра́ше* све Ром; *кој шӣо мо́же* да ги *зна́је* Ор.

Показни заменки

§ 214. Показните заменки гласат: за м. р. *объ̄ј*, *ӣъ̄ј*, *онъ̄ј*, за ж. р. *обај*, *ӣај*, *онај*, с. р. *обој*, *ӣој*, *оној*, мн. *обија*, *ӣија*, *онија* за м. и с. род, *обе*, *оне* и *обеј*, *ӣеј*, *онеј* за женски. Сп.: *Объ̄ј* чове́к Ст, *объ́̄ј* век мердеве́н Кум, *ӣъ̄ј па́ша пу́шти ко́ња* врз *на́с* Кум, *онъ̄ј* пове́де ме Ник. Формите за машки род кога се однесуваат на одушевена

[174]) A. Vaillant, L'évang. de Kul., 132. — К. Мирчевъ, Неврокопскиятъ говоръ, стр. 105 — 106. Види тука и толкувањето на Мирчева.

и́менка во општата форма гласат: *обоїа*, *т̄оїа*, *оноїа*; сп.: ка́жи му на *обо́їа* Ром, и Тра́јко га је пита́ја *обо́їа* де́ду Кум; праша́ *т̄о́їа* команди́ра Ор, да ти ка́жу за *т̄о́їа* Тра́јка Ром, *т̄о́їа* ца́ра га смени́ше Мат, на *т̄о́їа* му блазе́ ШР; по́сле съ^ас *оно́їа* мла́дога оди́ле Мал, а онój де́те ви́ка на *оно́їа* чове́ка Ст, и́сто тако́ј како на *оно́їа* што направи́мо Одр.

Дативните форми *обэму*, *оноэму*, *т̄ому* се доста ретки; сп.: *обо́му* та́тко Костади́н Ник, *оно́му* бра́т Арб, *обо́му* Ранк, Деил, — во служба на посесивен датив; во пословици: Род рода не ра́ни, те́шко *т̄о́му* кој га нема Кум (сп. и кај ХВ 331). Поретко во служба на датив се среќава и акузативната форма без предлог: Те́шко *т̄о́їа* што ќе га однема В, те́шко *т̄о́їа* што ќе га ува́тив Кан;

обáj на́ша ста́ра куќети́на Ром, *т̄áj* кꙋ́ка је на велеша́ни, *онáj* женети́на Стр; општата форма: *обꙋ́j* ру́ку не мо́же да гу ди́за Ром, дај *обꙋ́j* ди́њу да гу исе́чу Руѓ; — живи́ле у *т̄ꙋ́j* коли́бу Кум, на *т̄ꙋ́j* прву ви́ка Ст; — колко до *онꙋ́j* згра́ѓу Мург, за *онꙋ́j* коли́бу не́ се лъ́жу Мат, под *онꙋ́j* кру́шку Одр; у *т̄у* ду́пку Рад, *т̄у* о́вцу дока́рај гу От.

Множинските форми за машки и среден род се исти: *обу́ја* на́ши сле́пци Кум, *обу́ја* дъ́нови Ром, вика́ ги Рус на *обу́ја* балка́нци АгС, на *обу́ја* де́ца Стрез; бога́ти са̀ *т̄у́ја* љу́ди Кум, *т̄у́ја* седо́ше туј два дъ́на Чет; *ону́ја* ги фати́ше там Рад, вати́ја *ону́ја* попо́ви и сви ги утепа́ја Чет, и на *ону́ја* ајду́ци рекна́ја Жег.

Во западниот дел на овој говор множинските форми се исти за сите три рода: на *обу́ја* же́не ќе ги ку́пу нал̀не Кум, сретна́ ли ги *обу́ја* девојке, *обу́ја* гла́ве Ор, *обу́ја* зграѓе Град, Пез, *т̄у́ја* го́дине Ром, *т̄у́ја* бо́мбе Пч, *ону́ја* га́ќе Ор, съ^ас *ону́ја* ви́ле теа да се поте́пав Пч. Овие форми за ж. р. не се сосема непознати и во козјачките села, сп.: *обу́ја* па́ре у ка́пу са̀ ара́м Жег, *обу́ја* кꙋ́ќе Коин.

Во Славиште и воопшто во источниот дел на разгледуванава област формите за ж. р. се разликуваат од заменките за м. и с. род: *обе*, *оне*, *т̄е* и *обеј*, *онеј*, *т̄еј*; сп.: *обéј* на́ше домаќи́нке Ранк, *обéј* држа́ве Рад, *óбе* женети́не Стр, *т̄еј* о́вце, *т̄еј* по́старе што са̀ носи́ле Ст, колко па́ре прода́ваш *т̄еј* ка́це Кан, ја ги купи́ *т̄еј* дуби́це Ор, *т̄еј* бе́лете о́вце Мург, *т̄еј* се но́сив на дрсавицу Кук; *онеј* друге зрејев ХВ 348, *онéј* ги *фат̄и́ше* Рад, *онéј* њо́јне јетрве укра́ле ву де́цу От; за *т̄е* три го́дине Стр, и штом ту́риш *óне* же́гре ка́жи „за́кис" Чет, кру́шкене *óне* там Ранк, *óне* мло́ѓо бележи́те Одр, *óбе* свира́льке Гин. Последниве превладуваат и во козјачките села, а спорадично се среќаваат и далеку на југ, сè до границата со овчеполскиот говор.

Броеви

§ 215. *Основни броеви*: *едъ́н*, *една́*, *едно́*, *два*, *т̄ри*, *четы́ри*, *пе́т̄*, *шест*, *се́дъ^ам*, *о́съ^ам*, *де́вет̄*, *де́сет̄*; кај броевите од 11—19 крајното *т̄* се губи редовно, а доста често и целиот последен слог (*-ет̄*): *едъ^ана́ес* В, АгС, *једъ^ана́ес* Ром, Ник, ШР, *еданáес* ГК, Мил (фор-

мата *единаесе* не се употребува), *дванáес*, *тринáес*, *четрнáес*, *петнáес*, *шеснáес*, *седъ^{а}мнáес*, *осъ^{а}мнáес*, *деветнáес* Ром, Руѓ, В, одн. *дванáесе*, *тринáесе*, *четрнáесе*, *петнáесе* итн. Крајното *т* се губи и во десетиците од 20—90: *дбáесе*, *трúесг*, *четъресé* Ром, *четересé* АгС, Милут, *пéдесé* (*пéесе* АгС), итн., или: *дбáес*, *трúес*, *четърéс* и сл. во сложени состави со единиците, сп.: *дбáес еднó*, *дбáес дбé*, *трúес три* итн.

Бројот *óба*, ж. р. *óбе*, член. *óбата*, *óбете* — секојпат со акцент на почетниот слог — во овој говор има поширока употреба отколку во појужните говори; сп.: *óба* Кóлевци Коњу, *óба* ајдýци Ранк, *óба* нáс не наредúше Ник, Тодóров тáтко и тъј *óба* бúле качáци Ром, *óбата* домаќúна Мург, кът се најéдев *óба* Мал, с *óбе* стрáне úма кáмен Јач, од *óбете* рýке по едѣн прс брцнáл у грнето Одр, заклáле *óбе* жéне АгС; или: sevгáрите продадó *óба дбá* ГК.

Бројот *четири* во состав со *десет* се јавува и во формите *четр-* (*и* се редуцира наполно): *четрнáес* Коин, Кан, Коњу, *четрнáесе* Дов, Мург, сп. и *четрстóтине* Ранк, Рад — *четър* (од *четр*): *четъресé* Стр, Ос — и *четер*: *четересé* АгС, Милту, Ник (в. објаснение за ова во RJA, s. v.).

При побрзо броење од 20 нагоре сврзникот *и* често се испушта, на пр.: *дбáесе еднó*, *дбáгс дбé*, *д'áес трú*, *дбáес четúри*, *тúрес пéт*, *пéдесé еднó*, итн.

Кај сложените броеви при брзото броење среќаваме една доста необична појава за нашиот јазик: десетиците се заменуваат со единици; на пр.: *óсъ^{а}м еднó*=осъмдесе едно, *óсъ^{а}м дба*, *óсъ^{а}м три*, *óсъ^{а}м четúри*, *óсъ^{а}м óсъ^{а}м*, итн. Овој начин на броење поупадлив е во посевернúте села, а се среќава и во градскиот говор кај некои претставители.

Стотиците гласат: *сто*, *дбéсте* и *дбéста*, *трúста*, *четрстóтине* Ранк, и *четиристóтине* Љуб, *петстóтине*, *шестóтине*, *седъ^{а}мстóтине*, *осъ^{а}мстóтине*, *деветстóтине*. Формите *дбéсте* (*дбéсте* и *педесé* Ранк, *дбéсте шеесé* Петр) и *дбéста* Ник, Коин, (вторава е образувана спрема *трúста*) се употребуваат поедначкво на целата територија. Обете форми се јавуваат и во други наши говори.

Бројната именка *илъадa* овде, како и во другите северни говори, се јавува во формата *илъáдо*, но: *дбе úлъаде*, *три úлъаде*, *дéсет úлъаде*.

§ 216. Од другите броеви интересни се да се одбележат збирните *дво(j)е*, *тро(j)е* и образувањето на множинските броеви.

Збирните *двое*, *трое* во множина се употребуваат, како и во српските дијалекти, со именки што имаат само множина, поретко во други случаи; сп.: *двóја* врáта ШР, úмамо *двóи* кóла Љуб, *двóје* мртви Петр, *дбóе* чéте Пс, пáртије *дбóје* сà бúле Гин, *двóи* волóви Милут, и месност *Двóи* Вúрови Можд, *трóи врáта* и *трóја* врáта Љуб, *трóја* мéћа Петр, сéло Дукáт бúло *трóја* мéћа Можд.

Множните броеви се образуваат со *пут* (*пута*, *пути*), сп. *једѣн пýт*, *дбá пýта*, *трú пýта*, *стó пýта* и *стó пýтиу*.

Покрај бројните именки на *-ица*, сп. *дво́ица* Ранк, Кум, *тро́ица* Ор, Одр, Кан, *тро́ица сѝнови* Мат, *четворо́ица* Ник, Мург, Одр, или *дву́ица*, *тру́ица*, после и *четвору́ица* (последниов само во граничните села со кратовскиот говор — ШР, Тал, Топ, Кет), како во кратовскиот говор (MJ III 142), во крајните југозападни села обични се и образувањата со наставката *-ичка*: *дво́ичка* Пч, Ор, *тро́ичка* човéци КБ, *дватро́ичка* Ор, Пч, В, кои се карактеристични за овчеполскиот говор. Покрај *о́боица* Ор имаме и *о́боје* СтН, Ос.

За означување збир на лица повеќе од пет и овде обични се образувањата со наставката *-ина*: *пе́тина*, *ше́стина*, *седми́на* итн., секојпат акцентирани на претпоследниот слог.

Броеви за приближна бројност: *дба-три́*, *три́-четири*, *пе́т-ше́с*, *се́дъ^{а}м-о́ъ^{а}м*.

Прилози

§ 217. Најпродуктивна прилошка група е секако онаа што се образува од придавките со наставката *-о*. Само треба да одбележиме дека оној „стремеж за формално диференцирање на прилозите од соодветните придавки" што се појавува во централните и западните говори, овде не се забележува. Така сите оние случаи што во централните говори, респ. во литературниот јазик завршуваат на *-у*, на пр. близу, далеку, малу и сл., на овој дел од нашата јазична територија — а така е и во другите северни говори — на крајот имаат *-о*: *бли́зо*, *дале́ко*, *ма́ло*, *мло́го*, *ре́тко*; исто и: *обáмо*, *онáмо*, *тáмо*.

Обични се во овој говор и прилозите со предлогот *на*, на пр.: *на-тънко*, *на-си́тно* гáзи Пч, држи се *на-висóко* В, како и образувањата со предлогот *по*: тéра *по-стáро* Ор, облáча се *по-стари́нски* Мург.

Од сложените придавски прилози најбројни се, како и во другите говори, оние со предлогот *на*: *нáблизо* В, *нáпусто* Стрез (в. § 145).

§ 218. Не се малубројни ни прилозите изведени од именска основа. Добар дел од нив претставуваат остатоци од некогашните коси падежни форми на именките без и со предлози. Сп.: а) без предлози: *го́ре*, *до́ле* Кум, Мат, От; *ју́тре* Мал, АгС, ШР, *ју́тре дън* Чет, *ју́тре ве́чер* Др, *ве́чер*; *зи́ме*, *ле́те*, *сре́де* Кум, *е́сење* ГК, *дьње* Кум, Пч. Спрема *дъње* образувано е *но́ќе* Пч, Ор, Др. Но паралелно со оваа форма се употребува и *но́ќа*, која одговара на стариот инструментал: *йду но́ќа* КБ, *но́ќа* све кри́ју Петр. На оваа територија споменатава форма секако е внесена однадвор, зашто по гласовен пат овде не можело да се добие *а* од *ѫ*. Покрај обичното *дъње* во славишките села ќе чуеме и *дъњем* Др, Ранк, От, каде што се јавило *-м* најверојатно во поново време како и во *ве́ќем*, *по́слем* и сл. (в. подолу); *до́ма*, *јучéра* Длъб; последниов пример се јавува и во формата *јучéр* Ос, Деил, *ичéра* Кум, Отља, *ичéр* ГК, Кум

Пез, Ор, Одр; *ла́не* Чет, Мал, *ла́не* те́ше да си ку́пу Ранк, и *ла́ни* Одр, В, Пез; во значење на 'после' во Славиште се употребува *час*: *Ча́с* ќе оти́ду на њи́ву сѣг не мо́гу Гин, *ча́с* ќе до́јду Петр; *исти́на* и *исти́н* Мал, Ст, *исти́н* је тако́ј Кум, *ре́дом* Обл, и во сложенката *сѣуре́дом* СтН; *си́лом* Петр, *кри́шом* В. Прилошки образувања на *-ум* од типот *силум*, *молкум* во западните говори, овде се необични.

б) Со предлози: *добе́ка* АгС, *до́боїа* Кум, *доїоди́на* Кум, В, *до́шуша* Стр, *до́шуша* ќе ти да́м Љуб, *до́шуша* ќе зе́му Стр, *на́дбор* Ром, АгС, во Славиште *на́дбър* Рад, Стр, Одр, *најабе* АгС, ВИљ, *на́їоре* Ранк, *на́доле* Обл, *на́вечер* Ор, *наст̄рана*, *на́поле* Ром, В, КБ, *оздо́ла* ГК, АгС, *оздо́ле* Ор, или *оздо́л* В, ГК, *оздо́л* и́дев Ром, *озїо́ра* Кум, *озїо́р* Ром, Др, *озїо́р* па до до́ле Кум; *у́доле* и *у́дле* Др, *у́їлас* пла́че Ранк, *у́вечер* Обл, *у́кол на́кол* Куч; *при́вечер* Мург, *по́друку* Стр; *за-ча́с* Мил; *унушра* Кум, Стр, ГК, и *изнушра* Ник; *усре́ге*, *усре́ш* Стр; *о́коло* Ник и *у́коло* От, *у́коло* сто́јев Др, сви по рет *у́коло* Ранк, *у́кол* чу́ваше стра́жу Рад, *у́кол* Коњу, Дов, Јач. Со значење 'преќе, преќеска' во Козјачијата и во Славиште се употребува прилогот *о̄шо́чке* Стр, Ранк, Рад, Одр, Др, како во призренско-јужноморавските говори (СДЗ I 133, VI 43). Тој се употребува исто така во кривопаланечкиот говор и во Скопска Црногорија (MJ V 180).

Сложени прилози од именка и заменка: *дъ^{а}нѣс* Кум, Стр, Ранк, *ноќѣс* Мал, Жег, Др, *ле̄тос* Чет, Коин, Ник, *зи́мус* Кум, Рад, *зи́моска* АгС, ГК, *зи́моске* Др, Мал, *јесенѣс* Петр, Стр, Мал, *їоди́нова* ГК, *бѣздъ^{а}н* Кум, Мал, ШР, *си́ноќ* АгС, *си́ноќа* В, Пч, *си́нојка* Кум, *си́нојке* Стр, *си́ноќе* Рад, Гин, *си́ној* дојдо́а Ранк.

Обични се на целата кумановско-славишка територија и прилошките образувања со наставките *-ачки*, *-ечки*, одн. *-ачке*, *-ечке*; на пример: *їрбачки* Пч, Рад, ГК, *їрбачки* ле́жи В, *йде їу́зачки* Др, Гин, *наїѣзачки* Ор, Коњу, *їѣзачки*, *ме́шечки* Кум, *ме́шачки* Гин, *поме́шачки* Мат, *їрбачке* Ранк, ќе зари́је *но́сачке* Мург, Дов.

§ 219. Заменски прилози исто така има доста голем број и различни по значење. Кај нив се карактеристични две појави: честото испаѓање на крајниот вокал и поврзувањето со разни партикули. Сп.: *обáмо*, *тáмо*, *онáмо* Кум, и *обáм* Пез, *там* Чет, ја *там* се́деше Ранк, *онáм* Др, Коњу; *сѣ̀їа* Ник, От, *тѣ̀їа* Пез, Дов, Ром, *сък* Ор, Кум, Руѓ, *тък* Одр, *къ̄т* Мат; *обдé* Ст, СтН, *óбде* ГК, В, *ондé* Гин, Рад, *обдéка* Кум, Мал, *туј* се роди́ја *туј* ќе у́мре Ник, *тýја* Мал, В. Прилозите 'вака', 'така', 'онака' најчесто се среќаваат со партикулата *-ј*: *тако́ј* му бо́ље на ње́га Др, сѣшто *тако́ј* Длъб, *обако́ј* Ст, *онако́ј* Одр, но и: *обако́* Пс, како́ је *тако́* је Гин. — За прашања по место најчесто се употребува *куде*: *Кудé ќ'и́деш* Ник, Чет. Во селата јужно од Страцин — Куманово паралелно со *куде* се употребува и прилогот *дека*, кој е карактеристичен за источните говори. Во граничните села со Овчеполието последниов превладува: *Дéка* смо? В, ГК. *Дéка* ќе ку́кам сѣга? Пч; или: Не́мамо *дéка* да

преноќимо Дим, *дéка* óќеш печáли Кук. — Прилогот *нéкњи* Ник, Рад, Арб, *њéкњи* Мал, Ст се јавува и во формата *њéкња* Стр, Пч, Буjк, Ром, Стр, *нéкња* ноќ В (така е и во скопските говори), која е образувана веројатно спрема *jучéра*. Во некои славишки села се среќава и *њéкње* Гин, От, како *дъ̀ње* и слични образувања. Сп. уште: *тóлко* В, *тóко* От, Рад, *тóко* врéме Ранк, и *тóлко* Руѓ, *кóлко* Дов, Руѓ и *кóко* Ранк, *кóко* ти је *тóко* Рад, *онóлко* Дов, *нéколко* Гин; *што* со значење 'колку' и 'многу': *што* офици́ри и́ма исте́пано Пч. *зашój* Ром, Руѓ, *заштó* си дóшъ^{a}л Ор, *зáи* се дéлите ГК; *некá* ги Кум; *кáмо* ви мýжи Стр, *кáмо* гу дúњу Руѓ.

Заменски прилози во составот на кои влегува предлог: *нáвамо* Пч, Ор, *нáамо* Одр, *нáтамо* АгС, В, Ранк, *пóтамо* Ор, *пóвамо* Кум, *пóнатамо* Кум, *пóнаамо* от ста́ницу бéше В, *пóтам* Одр; *отýда* Кум, *одовýда*, *одонýда* Мург, *отýдт* Стр, Мал, *одовýт* Кум, *одонýт* Ром, Стрез, нема *откýт* Ром, *отýдiа* Стр; *отськ* Кум, *отьк* Мал, *дотьк* Ник, Руѓ, *докът* Кум, *дóвде* ГК, *одóвде* В, *одовдéка*, *дондéка*, *одондéка* Ор, Мург, Вет; *отýj* Ст, Кум *отýj дотýj* Оп, Пч, *отýja* вра́ќамо се Ром, *дотýja* ГК, *довдé* Стр, *накудé*, *откудé*, *о^{т}дéк* Можд; прилози со частичките *ни* и *не*: *ни́куде* не и́ду Стр, *ни́где*, *нéгде* Ром, Др. Формата *ни́где* често се употребува и место *нéгде*: ќ'и́ду *ни́где* В, ме ви́кав *ни́где* Гер, Ст. — Интересен е прилогот *невéгде* Стр 'не знам каде', кој се среќава само во источните села.

Прилошки состави со *-годъ^{a}р*: *нéгде-гóдъ^{a}р* В, *кудé-гóдъ^{a}р* Ор. Сп. и: *свýде* Рад, *свýгде* Мург, *сасвéм* Стр, *свáкојако* Рад.

§ 220. Прилози од броеви: *еднъ̀ши* Пс, *еднъ̀шке* идó Одр; со *-пута* (пут, пути); *едъ̀н-пýт*, *едъ̀н-пýти* Др; се среќаваат и образувањата *двàш*, *трùш* во граничните села со овчеполскиот и скопскиот говор. Покрај сложените образувања со *пута*, сп. *двáпута*, *трúпута* или *двáпути*, *друк пýт* Кум, *дрýги пýт* Ст, се среќаваат и форми со *-ката*: *двáкáта* Оп, Коњу, *трúкáта* árно видéа Коин. Сп. уште: *óтпрвин* Буjк, *првењке*; *еднък* Ор, Др, Вет, *једнък* Ник, Кум, Ром, *једнък* оздравé Стр, *одједнък* АгС, или *веднък* Рад, Гин 'веднаш' (од **едьнъкъ*, **въ-едьнъкъ*); прилогот *дрýгпúпýт* Пез е добиен со конта́минација од *двàш* и *дрýги пут*.

§ 221. Бројот на прилозите изведени од глаголски дел е знатно поограничен. Образувања на *-ица*, како 'јаваница, трчаница' во говорите од западното наречје, и на *-ана* (*трчана*) во овој говор се непознати, а необични се и во другите северни говори. Не се така чести ни прилозите со наставката *-ечки(м)*, која е типична за југоисточните српски дијалекти (СДЗ I 469). Сп.: и́де све *трчечкúм* Стр; све *трчечкúм* да и́деш Стр; *стоечкúм* испи́ га Ранк; *стоечкúм* спи́је, не́ма куде́ да се́деш; *предечкúм* и́де От, *одéчкúм* éде леп, *легéчким*, *седéчким* Стр, овèj све *трчечким* дојдé отýда, ја пржу *сéдечки* Кум. Во селата што се наоѓаат јужно од патот Страцин—Куманово овие образувања се необични.

Од другите глаголски прилози интересен е да се одбележи порадинеговата форма *съшто*: *съшто* такój Длъб, *съшто* бéше Рад,

Петр (в. стр., 53). Се употребува во славишките села на запад до Дренък и Страцин. На другиот кумановски дел се употребува *исто*.

§ 222. Најпосле ќе приведеме неколку прилози и прилошки образувања што претставуваат интерес било поради нивната форма, било по значењето или акцентот: *блазе́* му на човека Отља, *блазе́* ти те́бе АгС, Кум (сп. Vaillant, L'évang. de Kul., 144, 170), *оса́т* ГК, Рсм, *одоса́т* Кук, *одса́т* Петр, *наса́т* Др, Кум, *унаса́т* Пч, врна́ се *унаса́т* АгС, *одсаду* Ник, *на́прет* В, Пч, *однапреј* Пч, Ром; *далечињабе* Стр 'далечко', *убли́зу* Гер. Како прилози можат да бидат употребени и предлозите *врз* и *више*, првиов со значење 'згора', сп. по четвори́ца *врз* трчав Пч, а вториов во значење 'горе, погоре': и́ди ма́лко *ви́ше* Одр, *по́више* нека и́дев Гин. Сп. уште: *топ'рь* Кум, В, Мург, *топ'рва* Бујк, *о́дма* Стр, *одамна* вре́ме Стр, и *одъмна* Др, *пре́ѓеска* АгС, Ром, Кум, *пре́еска* Бујк, *додек* Јач, *дода́ка* Ор, *до́цно* Мал, *късно* бе́ше От, *късно* иска́ча Одр; *друјојачке* Ранк, *друјојаче* Пч, Коњу, *друјојаче* Рад, *подрујојачке* је ора́ње; покрај *ма́лко* во славишките села се употребува *мрвка* Стр, Рад, *по-мрвка* Ранк, *пољцка* Кум, *натами́нку* Стр; ќе те у́дру *опакъчки* Стр; *јо́ште* Дов, Одр, Ст, Ос, Др, *о́ште* Ром, Бујк, Град, *оши* Пч, *је́ште* Одр, *је́шт* едън Ранк, *и́ште* Коњу, *и́ш* држа́ва си је Јач, отсеја́ло *и́ш* едно́ бре́ме, изгоре́ло *и́ш* по́ла ко́ла дрва Ор; *то́кмо* Кук, Руѓ и *то́кма* Мург, Град; *бо́ље* Арб, да тра́жимо *бо́ље* живо́т Обл, *бр'же* Ос, Гин, *брже* да га уте́памо Коњу. Како во другите северни говори и овде наспоредно со *по́веќе* Ром, ГК се употребува и *више*: у Ту́рско *ви́ше* смо тегльи́ле Ор, *ви́ше* на буњи́ште не́ќу да и́ду Ранк, *ви́ше* немо́ј од на́с да тра́жиш Ор, *ви́ше* не́ се у́чи Кум, и со предлози: *о́двише* и́ма Кум, ја съам *по́више* путува́л Ор, *пре́више* Кум; *ма́лко* и *ма́лко* От. Исп. и: *ве́ќе* и *ве́ќем* Кум, по то́ј съм *ве́ќем* сто́ пут каза́ла ВИљ; *одва́ј* Кум, Дов, *едва́ј* Длъб, *едва́м* Петр, *едва́* Стр, до *сьм* до ње́га Стр, *чу́до* на́рот Дов 'многу' (едночудо), *сък* до го́ре Ст, — *ни́чке* и *ни́чки* Руѓ, Стр, лежи *ни́чке* Ранк, *пе́шки* и́де Кан; — *како-да́-је* Стр, *къш-да́-је* В, *къш-и-да́-је* Ор.

Прилошки партикули

§ 223. Треба да истакнеме дека во овој говор употребата на партикулите е многу честа, почеста одошто во западните говори.

Најчесто, во најголем број примери се среќава партикулата *-ска* (*-ске*, *-ски*), сп.: *дъ*[а]*нъ́ска*, *зи́муска*, *јесењска*, *си́нојка*, *де́ка*, *обде́ка*, *онде́ка*, или *оба́мока*, *она́мока*, одн. *оба́мка*, *она́мка* (: *оба́мо*, *она́мо*, и *оба́м*, *она́м*), *обу́дека* бе́ше, *ону́дека*, *та́мока* и *та́мка*, *ту́дека* Рад, Гин, Стр, *тьіака* Кум; спрема двојните форми *тамока* и *тамка* се образувани *ту́дека*, *ону́дека*, одн. *тудека*, *онудека*, и *ту́дја*, *ону́дја*, *одону́дја* Стр.; *дъ*[а]*нъ́ске*, *зи́моске* Др, Мал, *зи́муске* Ранк, *нокъске* Стр, *отъ́чке* Стр, Рад, Гер, *пр'вењке* Рад, *пре́ѓеске* Пч, *си́нојке* Стр, *си-нокке* От, *съіајке* га ограби́ Петр, *тьіајк'е* и *тьіак'е* Стр, *наіъзачке* Кол, *друјојачке* Ор, *подрујојачке* Ранк, *скра́јачкę* сто́јеше од на́с Рад; *зи́муски* Дов, Мург,

Бројни се примерите и со партикулата *-j* и нејзините деривати *-ја, -је*. Таа се додава главно на прилози образувани од заменки; сп.: *тӯј* Ник, Коњу, Ор, *отӯј* Ст, Кум, *дотӯј* АгС, *тӯја* М, В, *отӯја* Ром, *дотӯја* ГК, *тӯје*, *отӯје* Бујк. Во овој прилог *-j* се среќава и во другите северни говори, па дури и знатно по на југ — во кочанскиот, во говорите во Скопско, Пореч е и Полог. Во кумановскиот таа оди и со прилозите *обде*, *онде*, *туда*, *тъ̄а*, *зато*, *овако* и др., сп.: *обдéј*, *ондéј* Гин, *отобдéј* Кум, *тудéј* Стр, *тудéј* бéше Ранк, *тудéја* Рад, Кан, *съ̄ај* Стр, *тъ̄ај* Рад, Др, Ос, *обдéј* је бúло сéло Ранк, *отобдéј* съ[а]м ја ШР, *овакóј*, *онакóј*, *такóј*, *такóје* Стр, *затóј* (в. погоре).

Овие две партикули често се комбинираат во една сложена: *-јка, -јке*, напр: *тӯјка* Мат, *тӯјека* Бујк, *тъ̄ајке* викáле Стр, *тъ̄ајке* дошл мýж ву Рад, *съ̄ајке*. Јасно е дека *-ка* (*-ке*) во овие примери е поново. Обратно, во *тъ̄акај* Кан, Кум поново е *-j*.

Со партикулата *-м* забележив само неколку примери: *бóжем* Ор, а може да се чуе и *бóжемски* СтН, *бóжемски* такó је Кум, Прој, *бáрем* Стрез и *берéм* Пс, *бéќем* Стр, *бéќем* дóшло врéме Одр, *пóслем* Рад, Ранк, Стр.

Неколку само примери забележив и со *-н*, *-на*: *одубáден* От, сéвер дýва *одубáден* Стр, *тудéна* бéше Стр, и *-ba* во *тудéba* Можд.

Образувања на *-ц*, како *тӯјекац* во скопско-црногорските села (MJ V 180), не се среќаваат.

Старата партикула *-ре* < *-же* се јавува во оние случаи што ни се познати и од другите говори: *дýри* В, Ор, Стр, *сбéѓере* Стр[175]), *такóѓере* ШР, Стр и зборовите со *-ӣодър*, на пр. *штоӣóдър*, *къ̄ӣóдър* и сл. Во овој ред примери некои го земаат и *барем*[176]). Објаснението даденово RJA—дека е тој туѓ збор (пер. *bārī*), мисе чини неприемливо.

Предлози

§ 224. Ќе се задржиме главно на оние предлози што во литературниот јазик или не се употребуваат, или пак се разликуваат од литературните било по форма, било по некое значење. Другите предлози само ќе ги наброиме.

врз (< *врху* + *възъ*). — Овој предлог на кумановската територија има широка употреба. Сп.: Вáди се *врз*-нáс ГК, *врз*-глáву Пч, шýма орóва тýра *врз*-нáс Можд, *врз*-ньéга је закóпана Мург, *врж*-ньéга је закóпан српски војни́к Пс, па озгóр *врз*-мéдъ[а]т мáлко мáсло АгС, и кади́ја *врз*-ньéга лéга Ром, *врз*-мéне легнáше Кум, удри́је *врз*-Бугáрију Ор, *врс*-пости́лците Стр, и лега *врз* закован ковчак на бунар прет куќу Отља (ХВ 341), донéси ми од лóзу ли́сје да тýру *врс*-сирéњето Стр.

---

[175]) Бл. Конески, Сеѓере, MJ, V, стр. 104—106.
[176]) Сп. кај С. Младенов, ЕР, стр. 17.

§ 225. *вишe*. — Како предлог *вишe* се употребува (на целата кумановска област) со пространствено значење 'над нешто': *Вишe*-шкóлото је óдборъат Мал, бостáн је туј *вишe*-Бéговце Ст, *вишe*-áн Ранк, *вишe*-цр̀кву В, *вишe*-глáву Пч, грéбен ќе се клáде *вишe*-глáву Кум, *вишe*-мóсъат Кук, *вишe*-пéндаќскога пóпа Коњу, *вишe*-држáван пут Обл. Со вакво значење *вишe* се употребува на целото северно јазично подрачје од нашата територија, вклучувајќи ги тука и полошките говори и северниот дел на Пореч̀е (Сп. Видоески, Пореч̀киот говор, стр. 53).

Поретко се јавува комбиниран со *по* — *повишe*, но со малку поизменето значење: *пóвишe* Дељáдровце Ром, *пóвишe* дóлъат Пч, *пóвишe* Јовáнку Мал.

§ 226. *За* — се употребува со сите основни значења познати и во другите говори. Сп.: Нáши гóсти не могáва да дójдев *за*-слáву Ром. Змíја нé се вáќа *за*-глáву Кум. Не мóжу да ти кáжу *за*-сéло Мат. И овде *за* често оди со други предлози, внесувајќи при тоа значење на целност; на пр.: Бóжем *за у* Ср̀бију да íде Кум. Наканíја се *за у* плáнину Стр. Или со сврзникот *да* за појачување неговото значење: *За да* нé би чекáле Ром.

§. 227. *Зарадu* — се јавува и во формата *зарад*, и се употребува главно со каузално значење, поретко со финално. Сп.: *Зарадu* тáтка му íде Мал, само *зарадu тóј* не мóжу Дов, *зарад* њéга Кум. Во Агино Село забележив и *зарај* (*зарадu* < *зарau* < *зарај*), како во пореч̀киот и некои скопски говори: *Зарај* тéбе натепáше ме.

§ 228. *Из* (*ис*, *иж*) — се употребува со две основни значења: место откај што произлегува нешто и правец.

а) Бéја пóшле *ис*-Кýклицу Стр, къд истúча жúтото *ис*-кóшъат Стр, нé ги се искáча *ис*-кýќу Чел, испрéгнев се бúволи *из*-јáръам Ник, и тък се појавúја *ис*-кáцу Мал, *из*-Гéрман донéје съам сéме Коин, дóшле *из*-Ресáву Жег, úма издójдени *ис*-Станьéвце АгС, искáрај бúволотога *из*-бáшчу, стъамнúло се а кýчка не станýје *из*-брáзд Одр, мéне ми мóзък *из*-глáву избú Гин, излéгъал *иж*-његóву кýќу испаднáло дéте *иж*-љýљку Стр.

б) За посочување правец на глаголското дејство од горна површина: *Ис*-плáнину докарýјев Ранк, *ис*-крýшкуту падná, и óна се смéтне *ис*-крýшкуту Одр, дóшле *ис*-плáнину Мал, слегнá *из*-дýбъат Кан, ќе га пýшту *ис*-крýшкуту Петр.

Со вакво значење вопросниов предлог се употребува и во некои југоисточни македонски говори[177]).

в) Доста е обична употребата на предлогот *из* со значење поминување низ еден предмет, какво што има во западните говори предлогот *низ*. Сп.: Врáта *из* врáта бúле Чел, ќе прójдев нáдоле *ис* сéло Ора, *из*-нáшу кýќу ги пропустúше Ник, пójев *ис*-цéлото сéло,

[177]) К. Мирчевъ, Неврокопскиятъ говоръ, стр. 110; истиот: Черковни пѣсни на разлошки говоръ отъ срѣдата на XIX вѣкъ, ГСУ, XXXV, с. 16.

све съ[а]м тка́ла *из*-ру́ке, прола́зи *из*-во́ду СтН, *из*-раса́дници и́дев Ранк, ќ'и́деш *из*-ону́ј ку́ку да дове́деш ба́бу једну́ ќо́раву Петр.

г) Движење на сите страни по една одредена површина имаме во случаите: Фати́ да ме́ша *ис*-ку́фер, да превр̀ќа *ис*-ку́ќу МлН. Сп. уште: го́дина *из*-го́дина Можд, дън *из*-дън Ранк; или: *из*-ноќ до ноќ Ранк; поробени народи *из* дън у дън дизав се против крвави окупатори. . . ИА 20.

Со ова значење (место предлогот *низ*) се употребува и во некои крајни западни говори (ресенскиот, струшкиот, во говорот на Малесија и дримколските села, а спорадично се јавува и во некои дебарски говори).

§ 229. *Из* во состав со други предлози (*испод*, *испред*, *измеѓу*, *искрај*).

Предлозите *испод*, *испред*, *измеѓу* се употребуваат паралелно со *под*, *пред* и *меѓу*. Некои особени спецификации во значењето меѓу простите и сложените форми нема. Сп.: Прође́ *и́спод* воденѝцу Отља, *и́спод* коле́но ГК, *и́спод* зграѓе Чел, *и́спод* ње́га Кум, *и́спо̄т* пут СтН, *и́спо̄т* Се́рес Чет. — *Измеѓу* се́бе си се тепа́ше Мал, *и́змеѓу* њи́ја МлН, *и́змеѓу* но́жеви остана́ Мург.

§ 230. *Искрај* — ги содржи значењата на обата составни дела: означува пространство во непосредна близина на предметот на кој се однесува. Така во реченицата: *Искрај* његóву ку́ку замина́ Петр — *искрај* означува дека некој заминал покрај самата куќа. Тоа е едно негово значење. Но тој може да значи и *накрај*: На́ше се́ло је *и́скрај* ре́ку Обл (на крајот на реката). Сп. и: *Искрај* вас Кум, *и́скрај* ру́ке Ранк, би́ја *и́скрај* њи́ја Ор.

Со вакво значење *искрај* се среќава, вистина не многу често, на целата северна јазична територија северно од линијата Кратово—Скопје. Инаку тој е карактеристичен и за црногорските дијалекти во кои се среќава многу почесто[178]).

Во состав со *прекрај* = *испрекрај* се јавува многу ретко. Имам забележено само еден пример: *Испрекрај* гре́ду протече́ Љуб.

§ 231. *Крај* — се јавува и во формите *кра*, *крј* и *кр*. Основно негово значење е „дека еден предмет се наоѓа во непосредна близина на друг": *Кра*-ме́не спи́је Кум, тури́ја га *кра*-ко́ла Кум, се́ди *кра*-ме́не и *кра*-ба́буту зад бре́гъ[а]т Ранк, се́ди си *кра*-ма́јку и *кра*-та́тка Обл; ќе си ле́га *крј*-ње́га Ранк, тој девојче што је *крј*-ме́не Гин; ќе и́де *кр*-ма́јку ву Рад.

Доста често тој се употребува и со значење 'кај', 'каде': Дојде́ Спа́са *кра*-ме́не (кај мене); кът ќе до́јде та́тко му, не́ка до́јде *кра*-на́с Мат; ќ'и́ду *кра*-ле́кар Стр, ќ'и́ду *кра*-чи́чу ми Јована Руѓ, оди ова́мо *крај*-ме́не Стр. Јутре дън дошле овчари *кр* овце и чорбација си оти-шја дом ХВ 340. Купи́ле кра́ве и вра́ќа се он *крај*-та́тка му на́зат

[178]) М. Стевановић, Источно-црногорски дијалекат, Београд 1935, стр. 98—99. — Б. Милетић, Црмнички говор, СДЗ, IX, стр. 516.

Руѓ; у нѣ́кве *крј*-ле́п; дојдé еден човéк *крј*-ње́га па не зна́м што на-прави́ СтN, оти́дев *крј*-девójку на́право КВ, о́на *кр*-се́стру ву би́ла Стр, до́шле овча́ри *крј*-о́вце Ник.

§ 232. Со првово значење почесто се употребува како сложен предлог со *йо — йокрај*. Сп.: Замина́ја *йо́крај* не́ку во́ду Ром, *йо́крај* се́лово ГК, *йо́крај* грањи́цу Пч, *йо́крај* че́шму Ор. Или со извршена метатеза: Сто́и *йро́кај* њи́м Обл, прооди́ле *йро́кај* едну́ ре́ку Петр, и ја *йро́кај* њи́ да преми́ну, бубо́вњаци што се наши́јев крв *йро́кај* ви́мето Стр, *йро́кај* меѓа́ци, гли́сте *йро́кај* во́ду што са Ранк, мо́ра да стоји *йро́кај* њи́м СтН, и ја кът продо́ *йро́кај* ку́ќете се́лске Петр. Последнава форма позната е и во граничните српски дијалекти (СДЗ I 237), а од нашите говори ја познаваат уште кривопаланечкиот, северниот дел на кратовскиот, а спорадично се јавува и во говорот на Скопска Црногорија.

§ 233. *крз* (*крс*). — Предлогот *крз* во нашиов говор се употребува доста често и се среќава на целата негова територија. Неговото пространствено значење е дека нешто минува преку внатрешноста на предметот. На пр.: *Крз*-Бугáрију сà и́шле Коин, и́де *крз*-њи́ву Чет, но́симо гу вре́ку *крс*-се́ло Чел, гле́даше *крс*-пр̀сте Ник, *крз*-во́јску и́де Ранк, насоли́л сла́му *крз*-њи́ја Одр, истегњи́ле се *крз*-ма́лу Стр, про́шле *крз*-во́јскуту, *крз*-ту́рскуту во́јску помина́ле Рад, *крз*-Пала́нку запоја́мо От, *крз*-осови́ну, *крс*-ќемéр и́дев Мург, *крс*-сѣ́н разбуди́ се Кан, по́сле вати́ *крс*-се́ло (*кр*-се́ло), о́вче вѣ́шке *крз*-ву́нуту и́дев, га́здата *крз*-воден и́цу утéкъал Стр.

Со временско значење: *Крз*-ме́сец дѣ́на Мал, *крс*-три́ ме́сеца дојдé здрав Чел, *крз*-не́колко вре́ме па почéше Ор.

Се среќава во оваа форма и со истиве значења и во другите североисточни говори (кривопаланечкиот, кратовскиот, поретко во овчеполскиот), а од западните говори констатиран е досега во преспанскиот (јас го имам забележено во селата Љубојно и Д. Дупени, сп. крс село, крз ливада).

§ 234. *Куде* — одговара на литературната форма ‘каде’. Се употребува со овие пространствени значења:

а) правец на движењето — место предлозите ‘кон’ и ‘накај’ во другите наши дијалекти: Они и́дев *кудé* Кума́ново От, упути́ја се *кудé* Ранко́вце Гин, управи́ле се *кудé* а́ништата Ранк, замина́ше *кудé* Кри́ву Др (в. накуде);

б) наоѓање или упатување кон нешто — место предлогот ‘кај’, одн. ‘каде’: Заби́т оти́шја у се́ло *кудé* кме́та Ром, *кудé* Ла́зара би́ја Коин, *кудé* голе́му воден и́цу ту́ј бѣ́ш ту́ј бе́ше Ранк, по́сле оти́шја *кудé* оно́га што има́ја ви́но и раки́ју Кум, до́шле *кудé* му́жа ву Ник, тъг оти́шле *кудé* ње́га Одр, и́ди *кудé* стража́ротога он ќе ти ка́же Оп.

§ 235. Со *на, до* и *од* образува сложени предлози:

накуде: Бѣш къд вóзеше снóпјете *накудé* гýмно, рéката ги затечé на рéку Одр; обрнáше *накудé* Палáнку Обл; задáја се је óблак *накудé* Војни́к СтН — во сите случаи со значење правец на движењето.

Може да значи и време (около): Нéгде *накудé* Петрóвдъ^{а}н бéше, такój знам Руѓ.

Докуде — има значење слично како предлогот *докај*: Докле јéде леп, óне се спушти́ле *докудé* калајџи́ку Ст.

Откуде (=откај, откаде): *Откудé* Óрљак ги видé ГК, *откудé* тéбе и́ду Ром, Дóнчеви са дójдени *откудé* Стањéвце АгС, зајдé *откудé* плóтишта Др. Се срекáва и во формата *откуд*: *Откýд*^{т} Бýгари бéше Ранк.

§ 236. *на*. — Како во другите македонски дијалекти така и овде предлогот *на* освен со простанствените значења се употребува и за искажување разни односи меѓу зборовите. Обична е неговата употреба, на пример, за обележување припаѓање: *На йоӣ Јобáна* је овъј Др, зет је *на Арсу Табáновскоīа* Ст, *на Никóлу* съ^{а}м ја Ром, *на мójеīа ӣáӣка* тáтко Ранк. Како граматички знак за изразување дативен однос: Дадó *на Никóлу*, итн. (в. § 359).

Како во источните говори така и овде *на* се употребува место предлогот *b* (*bo*). Сп.: Пóсле ни докарáа *на* Шти́п От (=во Штип). Иди *на* кр̀чму Кук (=*b* крчма). Спреми́мо се *на* Канарéво Обл (*за bo* Канарево). Па ќе и́ду на њéга Стр (= *кај* него, *за кај* него).

§ 237. *Низ* — се употребува само во значење на управеност надолу по некоја површина: Извéја ги *низ*-рéку Ст, уз-дóл *низ*-дóл Ранк.

§ 238. *Од* (*оӣ*): Рýчката рипнáла *оӣ*-камари́цу та у и́збу Гин. Вечерáле што вечерáле што им леп останáл збрáле *оӣ*-трпéзуту и дáле на кучи́њата Одр. Со посвојно значење се употребува многу ретко; сп. *Оӣ*-попóви кóже су млóго скýпе Арб.

§ 239. Сложен со други предлози:

открај: Иде *открај* сéло Петр;

отпреко: Сирома човек му рекнаја на вука: „Што ќе имам *отпреко* жену и овој магаренце, ако има поднова ќе ти гу даду (ХВ 337);

одобуӣ (=одовде): *Одобýӣ* рéку је његóва куќа Ор, *одобýӣ* Дълго СтН, *одобýӣ* његóву куќу Обл;

одонуӣ (=одонде, диј. оданде, оданаде): *одонýӣ* сéло;

оӣуд (=отаде): *Оӣýд* Вéлинуту куќу Коњу, *оӣýӣ* стáницу Ник, *оӣýд* њéга тéче дол Кан; имало *оӣуӣ* Павлешенце анови ХВ 344.

§ 240. *Око* — се употребува доста ретко. Сп.: Зéше тој у јéсен *око* Митрóвдъ^{а}н Арб (со темпорално значење). Кът тики задале

се вуци *око* трло и почнале да се вијев ХВ 340. Баба имала кутриња *око* себе Оп (ХВ 338).

Како разновидност на предлогот 'около' се среќава *уколо* со исто значење: *у́колу* сѣт Стр, *у́колу* ограѓата Рад; сп. и: Съабра́ле се *о́колу* огњи́штето Пч; *о́колу* Петро́вдъан или Или́ндъан ќе бе́ше Стр.

§ 241. *Осбен* — е многу редок предлог. Може да се сретне и во формата *оџим*, како во другите говори. Сп.: *Осбен* чува́ра ни ду́ша не́ма АгС. Не́ма дру́го *оџим* ре́ка Мал.

§ 242. *по.* — Во врска со овој предлог го истакнуваме само неговото значење на последување. На пр.: *По*-едно́ вре́ме он прист*и́*гна Мал. *По*-Атана́са Стоја́н дојде́ Ром. *По*-кида́ње вр́ови ќе до́јдев Пч. *По*-кидање врови пројдев две три недеље ХВ 348. *По* некоје време враќав се измеќари ВИљ. *По*-јурие́т по́сле искочи́ше коми́те Ст. И кът умре човек и *по* умирачку у свои деца живи ВИљ. Исп. и: Оти́шле *по* паза́р Коњу, оти́шъал *по* печа́лбу Рад (*на* печалба), и́деа си *по* печа́лба Ранк.

Прилогот *по́сле* со предлошко значење не се употребува ни во овој говор.

§ 243. *про́з* (*про́с*). — Предлогот *про́з*, кој е карактеристичен за јужноморавскиот (СДЗ I 654) и ск.-црногорскиот (MJ V 194), се среќава и во нашиов говор, но со нешто поограничена употреба. Сп.: Прође́ше *про́с*-Пала́нку Ст. *Прос*-се́ло помина војво́да Др. За неговото потекло има две толкувања. Некои го објаснуваат со контаминација на предлозите *пре́з* и *кроз* (сп. Б. Милетиќ, Црмнички говор, с. 446). За нашиов говор при постоењето на предлогот *кроз*, т. е. *крз* оваа претпоставка тешко би била приемлива. Ми се чини поверојатно толкувањето дадено во RJA (sv. 53, с. 481) — дека „proz nije postalo od kroz, nego od pro-z tako, da se prijedlogu *pro* dodao nadovezak *-z*, što ga imaju i drugi predlozi: bez, iz, niz, prez, uz. . .“

§ 244. *Поза* — се употребува само со просторно значење: означува да се наоѓа нешто непосредно зад некој предмет. Сп.: Прича́ше за едно́ се́ло *по́за* Ско́пје Мал. На́шла зла́тъан прстен *по́за* вра́та Руѓ. Не́јкеш ви́ше да ми скри́ваш *по́за* вра́та ВИљ. Овце ене́ ги *по́за* лива́ду Мал. *По́за* вра́та има́ло кош Жег. Удри́ га *по́за* у́ши АгС. *По́за* те́бе има бѣчвата славе́ј Ранк. Ако вр̀љиш *по́за* се́бе, ќе на́јдеш прет се́бе Ром.

§ 248. *Позад*, *позади* — се доста ретки предлози. Сп.: Они сто́ив *по́зад* ри́т СБ, *позади́* Челопе́к Чел, *позади* ри́т Мал, оти́де *позади* го́л Пч.

§ 246. *Поради*— се употребува поретко од *заради*, кој има исто така причинско значење. Сп.: *По́ради* женети́неве ќе постра́ѓа Ранк, *по́ради* то́ј познава́ње одлежа́ три го́дине Пч.

§ 247. *Пореd* — е исто така доста редок: Ѝдев *по́ред* ре́ку Ја̀ч. Са́мо да ја не́-съ^{а}м *по́ред* ња́има Стр. Проа́ѓа *по́рет* цр̀кву Мал.

§ 248. *Пред* и *преко* — се употребуваат како и во другите говори: Ишја кудé кади́ју *пред*-вра́та гѣзачки АгС. Тој је би́ло *пред* двана́есту го́дину Др, *прет*-пре́свету Ранк. — Па са̀ по́шле *пре́ко* пла́нину Мал, *пре́ко* гра̀ницу Ник, *пре́ко* но́кту до́шле самови́ле да се ба́њав Др.

§ 249. *Према* — се употребува во значење на предлогот ‘спрема’. М ѣгленце је там пре́ко ри́т *пре́ма* тъ̀ј срт Коин. Се среќава ретко.

§ 250. *При* — се среќава почесто отколку во централните говори, каде што со истово значење е пообичен предлогот ‘кај’. На пр.: И о́ни до́шле *при*-ово́га ста́рога чове́ка Руѓ. *При*-њé га съ^{а}м жи́вела Ром, *при*-ста́рцотога и́ди Ранк, *при*-та́тка ву, *при*-на́шу рабо́ту мло́го смо испусти́ле Ранк, и́шле *при*-му́жа ву Рад, бе́ше *при*-Ми́лета Длъб, с ви́лу откара́ше ме *при*-че́туту Ранк, проодив *при* девојку у оро... ХВ 345, мож да је *при*-Ле́нку Петр.

§ 251. *Протѝв, спореd, спрема, спрòти*: Он бе́ше *про́тив* њи́ја Стр. Бори́ше се *про́тив* Ту́рчина Кан. — *Спо́ред* ње́га како́ ми кажува́ле Петр. — У субо́ту *спре́ма* неде́љу СтН, *спре́ма* љу́ди да и́ду Ром; — За нашу ќерку требе... *спрòти* њума: убаво, младо ВИљ; *спро́ти* све́тога Јова́на МлН, *спро́ти* дру́гите се́ла овде је на́јдобро Ор, *спро́ти* се́лото Град, плаќа бе́ше петна́ес ли́ре го́дишњо *спро́ти* чкља́нови Ром.

§ 252. *Среде* се јавува и во формата *срет* (*сред*): *Сре́т се́ло* ШР, на *сре́т* ре́ку Одр, на *срѐт* дру́мје сретóмо сва́тови АгС, до *сре́т* чарши́ју Кум.

§ 253. *Със, съ, с.* — Предлогот ‘со’ се јавува во формите *с*, *съ* и удвоен *със* : *съ^{а}с*-мле́кото Град, *съ^{а}с*-ња́има Пч, пушти́л једну бра́зду *съ^{а}с*-воло́ви Одр, *съ^{а}с*-Го́цевуту гру́пу Ор, утече́ он *съ^{а}с*-че́туту Ор, испрати́л *съ^{а}ш*-ње́га једну ку́чку Рад; *с*-ко́ла Чел, сака́т је *с*-ру́ку Коин, тъ̀ј што и́деше *с*-те́бе Мал, *с*-ка́мење съ^{а}м га ма́вал ГК, *с*-ту́ѓа ко́ла ГК, до́шле *с*-те́нкови Пч, с-лупа́ње и *с*- тепа́ње Ор, *с*-мо́јега шура́ка, нека и́де *с*-ово́га чове́ка Ор, ќе тре́бе да збо́риш *с*-та́тка ВИљ, *з*-бо́га на́прет Пс; *съ*-што́ ќе рабо́тимо В.

Редупликацијата на предлогот *съ*, како што е познато, ја опфатила целата источна половина од нашата јазична територија готово до границата со централните говори на запад и на целото северно подрачје. Таа е општа појава и во бугарскиот јазик, како и во граничните српски дијалекти.

§ 254. *у*. — Стариот предлог *у* во нашиов говор се јавува доста често, знатно почесто отколку во другите дијалекти. Обично се употребува со лични имиња, со имиња што значат сродство и со личните заменки, поретко со други именки. На пр.: *У*-Ма́ркови ќ’и́ду В. Би́ле не́кој му́ж и же́на па по́шле *у*-ба́бу на го́сти

Одр. Идо́ *у*-у́шнога до́ктора у Ско́пје АгС. Ќе ле́га једну́ неде́љу *у*-ме́не, једну́ *у*-Стоја́на Мал.

§ 255. *у* < *бъ*. — Стариот предлог *бъ*, како што се истакна порано, на целата кумановска област е изменет во *у*. Сп.: *У*-Ту́рско бе́ше голе́ма слепо́ќа Ром, издави́ се *у*-ка́л Коин, да и́ду *у*-пла́нину Кум, *у*-на́ше се́ло не́ гу би́ва ца́ревка Мал, *у*-зо́ру съ^{a}м стана́ја АгС.

Обична е употребата на овој предлог во вакви случаи: И о́на се качи́ла *у*-кру́шкуту и почна́ла да тре́се кру́шке Одр. Качи́ја се *у*-топо́лу Кап. Он бегаја, бегаја, нема куде, па тики качија се *у* едну буку високу ХВ 343. Ќ'и́демо под оњу́ј кру́шку ситни́цу... а ја ќе се ука́чу *у*-кру́шку ќе тре́су кру́шке Одр. И качи́ле се *у*-кру́шку да спи́јет Одр. А ма́лъ^{a}т бра́т му рекна́л: ќе спи́јемо *у*-ову́ј кру́шку. И качи́ле се *у*-кру́шку да спи́јет Петр.

§ 256. *Удно* — како предлог се јавува само спорадично во Славиште. Сп.: *У́дно* зе́мњу га накара́ жи́тото Стр. *У́дно* бу́ре не́ма раки́ја Петр.

§ 257. *уз*. — Место стариот предлог *бъзъ* и овде, како во другите северни говори, вклучувајќи ги тука скопските и поречкиот[179]), имаме *уз*. Означува непосредна близост до нешто, и тоа е негово основно значење. Сп.: *Уз*-ре́ку замина́ Рам, *уз*-би́ло о́ди пу́т, *уз*-ре́ку и́дев Деил, фана́а *уз*-дру́м да бе́гав Ранк, *ус*-пу́т с ко́ла Ор, ма́че како́ се изви́ва *ус*-чове́ка Гер, *уз*-до́л низ до́л Ранк, *уж*-њи́ву Стр. Со значење правец нагоре: Насради́н о́ца отпочна́л да ва́ља ка́мен *уз*-ри́т на́горе Ор, удри́ле *уз*-брдо не́кои десети́на ду́ше Стр.

Поретко се јавува и во формата *уза*: *уза*-сли́ву Петр, *уза*-цр́кву Мал, туј *уза*-се́ло Чел.

§ 258. *Уз* и *крај* да̄ле сложен предлог *ускрај*, кој се употребува со пространствено значење: пу́тъ^{a}т *у́скрај* до́лъ^{a}т Пез, ку́че ри́па *у́скрај* ње́га Одр, фана́л *у́скрај* ре́ку Петр, ќе га ста́ву *у́скрај* ово́га Дов.

§ 259. *Уочи* — како предлог е доста редок. Сп.: *у́очи* Божи́ќ, *у́очи* сре́ду, *у́очи* пе́тъак Обл, а̄ј съг оста́ви не рабо́ти *у́очи* неде́љу Стр, *у́очи* пра́зник Чел, *у́очи* Вели́гдъ^{a}н Жег — сѐ со темпорално значење. Со вакво значење, како што видовме, почесто се употребува предлогот *спрошти*. Во Бујковце овој предлог се јавува и во формата *изучи*, сп. *Изучи* Ѓурѓо́вдъ^{a}н и́дев у пла́нину на би́ље биљ^{a}рке. — позната уште во поречкиот и горнополошкиот говор.

За предлозите *без*, *до*, *зад*, *меѓу*, *место*, *под* не забележив ништо поособено.

§ 260. *Удвојување на предлозите*. — Обична е појава и овде да се употребат еднододруго два предлога. Сп.: *Пре́ко сре́ѓ* ко-

[179]) Б. Видоески, Поречкиот говор, стр. 53.

ри́ју замина́ Пч, *от̄ пре́ко* до́л Ранк, вана́л *на пре́ко* пла́нину Ранк, *до у* пе́тък Др, *до сре́т̄* чарши́ју Кум, вати́ја *на куде́* Куманово, *пре́ко сре́т̄* њи́вата Стр, *от̄ по̄за* де́цата Кум, итн.

Глаго̄ли

Образӯвање на гла̄голӣте

§ 261. *Образӯвање на изве̄дени гла̄голи.* — Најчести деноминативни глаголски образувања и овде се со суфиксите *-и* и *-ује/-уба*: *жа́ли, же́ни; болу́је, вару́је, збору́је*; поретки се образувањата на *-ее* и *-а*: *зелене́е, слабе́е*; *бр̀за, че́шља.* Грчката наставка *-са*, во презентската форма видоизменета во *-ише*, сѐ јавува во ограничен број примери, сп.: *бенди́ше, вари́ше, уjди́ше*, од словенски основи: *рѝ́ше, тр̄убо́ше, црвљо́ше.* Глаголски образувања на *-ичи* се необични, а туѓата наставка *-ира* се јавува само во зборови примени по литературен пат, на пр., *адреси́ра, те̄лефони́ра.*

Најпродуктивни суфикси за образување девербативни глаголи се, како и воопшто во нашиот јазик, *-не* и *-ује/-уба*, првиов за изведување свршени глаголи од несвршени, а вториов за образување итератива. Образувањата со суфиксите *-а* и *-ба* и нивните деривати (*-ја, -аба, -јаба*) се исто така доста бројни, особено тие со *-а*. Но бидејќи кај последниве (девербативни) образувања се засега прашањето за видот, ќе приведеме примери подолу (§ 263). Изведените глаголи на *-ка* се обични колку и во другите дијалекти.

§ 262. *Образӯвање на сложени гла̄голи.* — Мислиме на сложените глаголи со предлози (префикси). Најпродуктивни меѓу нив и во нашиов говор се образувањата со префиксите *до-, за-, из-, на-, од-, по-* со сите основни видски значења познати во современиот јазик[180]). Примери сметаме нема потреба да се приведуваат. Има извесен број глаголи во кои се меша префиксот *за-* со *со-*, одн. *съ-*, на пр.: *зачека* га Гер, *заслу́ша* Љуб, *заста̄ви́* ги краи́штата Гер, и: *съ^ачека, съчека́мо* ги, *съ^ста̄ви́мо* ги њи́ја Др.Значењето на двата префикса е видско — означуваат свршено дејство (сп. во срп. саслушати, сачекати, саставити). — Со резултативно значење *до-* се јавува и во глаголот *донема* АгС, Кум, *донема се* Ром. — Со префиксот *од-* заслужуваат внимание образувањата од негирани глаголи, како: *однема́* Стр, Ор, Мург, Ст, *одневиде́л* Петр, *одневидо́* Љуб, Ром, Кан. — *Про-* и *пре-* се мешаат во глаголот ‘чита’ одн. ‘чати’: *про-чи́та̄j* га пи́смо Ор, *пречи́та̄j* га пи́смо Мат, *прочи́та̄ш* и *пречи́та̄ш* Ник, Кум. Вакви двојни форми од овој глагол се среќаваат и во некои говори од западното наречје (скопските, полошките, пореч-киот). — Префиксите *о-* и *об-* (еднакви по значењата) овде се особено чести за образување глаголи од свршен вид, најчесто со резултативно значење. На пример: *обра́, очисти́* Петр, *оружа́ле се* девојке Гер

[180]) Б. Конески, Граматика, II, стр. 141—148.

'наружале', *ожљебúло* се кýче Гер, *окапúло*, *оцерúло се* Љуб (схр. церити), *опечé* га слѣнце Др, *омéси* погáчу Петр, *оглобú се* Др, *ојагнúла се* óвца (во западните говори *објагни*), *омајáл се*, *очајáл* Гер, *обрнеш*, *оспкe* ВИљ, *обéка* Кум, Љуб, *окладúл се* Кук, *обложúја се* От. Такво значење имаат и следниве образувања кои се малу необични за другите дијалекти: *окулúло се* кýчето Љуб, *отрајá* нéма да плáче дéте Ранк, *отрéси* да обéремо Петр, *отопúло се* Рад, *отопúл се* снек Пс, *огадú* ми се Стр, *оплéтено* Гер, *ороними* клáсје Милут, *ожалúл* га Рад, *оплашú се* Руѓ, брат ми се *оплáши* ќеýмре Ранк, *осукá* банúцу Стр, *осукáмо* кóру Гер, *омлáти* тој слúве Ник, Ранк, *омúе*, да однéсу вóду на цáреву ќерку да се *омúје* Стр, *оседлá* кóња Дов, *осéдлај* кóњотога Ранк, да *очýвам* еднó дéте Љуб, *одомúла се* Гер 'удомила'. Во вакви случаи во другите говори се употребуваат префиксите *с-*, *из-*, *за-*, или *у-*. Поради честата употреба со ова значење вопросниов префикс почнал дури и да се механизира, не внесувајќи некое посебно значење од она што се содржи во неизведениот глагол. Таков е случајот со глаголот 'опушти', сп. нé ни *опушти́ја* там Ранк 'пуштија'. Исто така обични се образувањата со значење дека нешто станува некакво (придобивање некакво качество): *осрамоти́ се* Гер, *окумúмо* Ст, *обогати́ја се*, *окаменúло се* СтН, немój да *се осрамóтиш* Чет, *опријатељúмо се* Руѓ, *ородúл се* тој Рад, *опрашéла* аљúнка Гер, *оглуéја* Петр, *обрљáл се* Ром, *ошумúло се* дрвото Оп, *онемéе*, *окорабéе* Руѓ. Со други пространствени значења: *оградúмо* гу њúву Мал, *окопá* Гер, *околúле* 'опколиле', *обрушúло се* Др, *обдушú* ме СтН, Љуб, *обиграле* мéсто óколо, *оплéте* óколо От, *облазú* ме бýа Деил, *облетé* óколо нáс Дим, *обжежáло се* Мъг, Гер.

Стариот префикс *съ-* се јавува во формите *съ-* и *с-* (*з-* пред звучна согласка): *съ^{a}брá*, *съ^{a}бéре* Ник, *съ^{a}кýпиb* Ром, *състинá* Деил, *съкрú се* *съпрéло*, *съпнáл* Бељ; *збра* Гин, *сбрáкав се* от пýт, *смъкни*, *сронúло се*, *спузнá* Ром, *снижéбље се* От, *згрејáла* Руѓ, *здéни* Кан. Во значењата, меѓутоа, нема особено за одбележување.

Префиксот *у-* во кумановскиот, и воопшто во северните говори има знатно поширока употреба отколку во другите наши дијалекти, зашто во него и стариот предлог *bъ-* фонетски се изменил во *у-*.

Во оние случаи каде што *у-* стои на местото на некогашното *bъ* има главно пространствено значење — означува правец на дејството навнатре кон нешто; сп.: *улáза*, да *удéну кóњ^{a}ц*, *уведé*, *увртé се* Ранк, *укопá се*, *усукáл се* Петр, *упрéпни* волóви Ром, *утаднá* и удавú се Петр, *урасналá* трáва у жúто Љуб, *улéл се*, *упúла се* вóдата СтН, да *се увлéчемо*, *умéшам* ВИљ, *улетé* Руѓ, *утераа* не у сéло АгС, *укарáмо* свúњу Дим, и со поапстрактно значење: *уледá* Мат, *уледа́ле* га Др, *умазáл се* От, Стр, *улетúло се* дéтето Петр, *умрљáло се* дéте Дим, *убљувá се* Љуб, *уговéе* Ст, *урубú* Кан, *урýбено* је Мург, *утопú* ги конóпље, *уградúл* си бáчу Петр, *увáту* Мал, *уфáнеb* АгС. Интересен е глаголот *укáчи* Ром, у еднó гнéздо *се укачú* еднá змúја Љуб, ја ќе се *укáчу* у крýшку Одр, ја *се укачú* у вр топóлу Гер.

Во глаголите како *ужéже* Рад, немój да *се ужéжеb* От, *ужýти*, *ужутéле* крýшке Милут, *укоравú* Кук, *укоравéла* кошýља Ос, *укостúл се* Кан, *уљутú* Пез, *ранúла се* свúња Петр, *узобúло се* добúче Гер, *уседенл се човéк* не мóже да рабóти Др, *умртвú се* Рад, Љуб, и други слични, — префиксот *у-* има допирни точки со *о-* и *с-*, кои во централните говори токму во ова значење тие се мешаат (сп. вжеже—зжеже, вжолти—зжолти, вкамени—скамени), како и со префиксите *на-* и *за-*. Сп. уште: *утрајувáше* га Кум, свé да ме *услýшаш* Одр, ако *се уљýтy* Одр, *умлóжи се* нáрот Мург, *увампирú се* Стр 'повампири'.

Стариот префикс *у-* (стсл. *оу-*) има прилично ограничена употреба. Ретки се образувањата во кои *у-* значи оддалечување: *утéче* ВИљ, *уклóни* Гер, *уклóни се* да не укúснеш Љуб. Почесто се употребува со видско значење — за образување свршени глаголи со значење моментно или дефинитивно. Во таков случај неговото значење се доближува со значењето на префиксот *с-*, како на пример: *рабóти* Ранк, тако да *се рабóту* Жег, *работú* ли гу тýј рабóту Гин, *úграбú* и ја мáло от тој Петр, *úдази* Руѓ, да *се úдази* Петр, *úотвú* мáнцу Милут, *умéти* тој жúто Рад. Со значење на почетно дејство: *убрза* Стр, нека *убрза* рабóту Ранк, *усилúл се* Др.

Префиксот *въз-* се јавува во формата *уз-*. Се среќава во ограничен број примери, главно наследени, со пространствéно значење; на пример: *узвúва се* орѣл високо Милут, *узвишýје се* и снижéвље се Ранк, мáче *се узвúва* ус човéка Гер, *ускачúла се* лозни́ца ус топóлу и уза слúву От (движење нагоре). Во редот на овие образувања би дошол и глаголот *уjáши* Ник, *уjáши* брáва Ор, *уjáни* га Коин (< *узjани*, сп. схр. узјашити); или: дéца *усплакáле* АгС.

Во глаголите од типот *узврнá се* Мал, *узврнá* Др, *уздьᵃнá* Ор, да *уздьнемо* Ром, СтН, *уздржá се* Мург, Тон, *узедé* Ром, *узврé* Ром, *узаврéло* Милут, овој префикс означува движење на дејството во спротивен правец; со значење на дејство што станува наеднаш: *успуцáа* пýшкете Ром, *узвикá*, *узгрмéло* Гер.

Образувања со префиксите *без-*, *прéд-*, *прóтив-*, кои се во нашиот јазик исклучиво книжовни, во разгледуваниов говор се необични.

Сложување со два префикса и овде има широка употреба. Меѓутоа, образувања со три префикса, кои се толку обични во централните говори, овде се многу рéтки. Сп.: За тој ќе *се поизладши* Тон. Некоjи коцкари што са *се изнашúле* Тон. Она се туј *позачудила* Одр.

Перфектизација и имперфектизација

§ 263. *Перфектизација.* — Наставката *-не* за образување свршени глаголи е една од најпродуктивните кај глаголите. Поради нејзината честа употреба таа почнала дури да се механизира, да се додава и на глаголи од свршен вид, како на пр.: *бúдне* Пч, Пс, Арб, *отúдне* Ор, Пч, *рéкне* Кум, Топ, Чет.

За префиксирањето на глаголите, како средство за образување на свршени глаголи, колку што беше нужно споменавме погоре (§ 262).

§ 264. *Имперфективизација.* – И во овој говор најпродуктивни се образувањата од несвршен вид со суфиксот *-ује/-уба*: *бендиша́ује, бржу́је, ку́пу́је, пра́шу́је, пису́је, стану́је, сре́тну́је* Ром, *слезну́је, умо́ру́је се, ускуќу́је* Ор. Особено се многубројни образувањата на *-ује* од префиксирани глаголи: *добршу́је, дотеру́је, доѓоду́је, донесу́је, закуку́је, запренсу́је* Ром, *запишиту́је, ископу́јеб, изучу́је* Кум, *наиќу́је, намиту́је, насрќу́јемо* Гин, *остану́јеб* Пч, *поднесу́је, поздрабу́јеб, подбутну́је се* Пч.

Бројни се исто така и образувањата со наставката *-а*, кои, спрема тоа дали го менуваат кореновиот вокал или не, можеме да ги поделиме на две групи.

Од првата група — со редување на кореновиот вокал, за нас се најинтересни оние глаголи што имаат во кореновиот слог *и*. Тие се глаголски образувања од типот на старословенските т и ц а т и, р и ц а т и, с ъ п л и т а т и или н а ч и н а т и, и з б и р а т и, кои во многу наши говори во нивниот историски развиток биле истиснати од образувањата на *-уба*. Така во говорите од западното наречје образувањата од типот т и ц а т и денеска готово не се среќаваат, а доста е ограничен и бројот на примерите и од другиве типови. Во кумановскиот и во другите североисточни говори, меѓутоа, вакви итеративно-имперфективни образувања не само што се запазиле, туку до извесен степен станале продуктивни, како што имаме случај во некои југоисточни говори[181]). На пример:

а) аа) тип н а р и ц а т и: *нари́ца* Пч, *нари́цаб* ги гркома́ни Мург, *одри́ца* Ром, *одри́ца се* он од уговор Ор, или: *нари́ча* (спрема *рече*), *нари́чаба се* Одр, тој ексáрх не *се нари́чаше* Ор, ти какó се си́ној *зари́чаше* (од народна песма), *пори́ча* Длъб, ШР, *ури́чемо* Пс, *проси́чам* Чел, *проси́чемо* Ник, кудé је *проси́чана* пруга Чел, *проси́чамо* Ник, *по*т*ци́чемо* Одр, *иси́ча* Одр, Ранк, *доти́ча* (: тече), *проти́ча* Ст, *прети́чаб се* Мал, Ор, *прети́ча* Одр, Ос, Мал, како те *прети́че* Арб, Вáрдар пак *прети́че* Пез, да *исти́ча* В, *оти́чаш* му ру́ке Гин, о*д*дéк *пошти́чаш* От, *доти́ча* Ор, Отља, *зати́ча* Рад, *зати́ча се* Ранк, *нати́ча се* на слѣнце Гер;

бб) тип п о г р и б а т и: *оѓри́ба* Гин, Петр, ту́ј ги *пошри́баб* Мат 'погребуваат';

вв) *запли́там* (:плете), *напли́па* Оп, Одр, *пропли́па, распли́па* Одр. Понови се и пообични образувањата со изменето *т*>*ќ*: *препли́ќа* Ром, Кум, Стр, *запли́ќа* Отља, *запли́ќа, распли́ќа* Др, Длъб, *преми́ќа* Одр (:мете), *преми́ќа* Стр 'преметува', жи́тото *се преми́ќа* Бељ, *сми́ќамо, сми́ќај* жи́то Петр.

Спрема овие почнале да се образуваат несвршени форми готово од секој глагол што имал во коренот *е*, освен во оние случаи

[181]) К. Мирчевъ, Стари и нови iterativa въ източно-македонскитѣ говори, СпБАН, L (24), 1934, стр. 197—222

каде што се затемнувало основното значење на глаголот. Сп.: *добли́ча* Оп, *обли́ча се* Гин, покрај *обла́ча*,*потри́са* Ранк, *претри́са* Одр, *истри́са* Стр, Др, или *претри́ша* Жег, Ми́ле *претри́ша* мо́га ко́ња Коин (:тресе), *проли́та* снек Чел, Мал, Пез, *зали́та* на Ора́шъац Мург, *изли́та* КБ, чиви́је да не *изли́тав* Мург, *мо́зъ*[а]*к* му *изли́та* Ранк, одн. *проли́ка* Кум, Ор, От, *нали́ка* Арб, *нали́кав* Руѓ, *зали́ка* От, АгС, Кум, *доли́ка*, *проли́ка*, *одли́ка* Отља, *оси́ка* Мург, *оси́кам* се слаб[ш] Мал, *потси́ка се* Одр, Рад, *поли́да* Ранк, и *поли́ѓа*, са́л *се поли́ѓав* Руѓ, ШР, *прели́ѓа* Обл, *прели́ѓав* ка́рте Коњу; *запри́да* От, и *запри́ѓа* От, Ор, Ранк, Одр,*нари́ѓа* Кум, Ник, Чел, Мал, Пч, лѣсно *се нари́ѓа* Кан, *нари́ѓа* Ту́рчин Ранк, и глаг. именка *нариѓа́ње* Гин, *распори́ѓа* Петр, Длъб, *одри́ѓа* Кан, на́рот ме *одри́ѓа* Ор. Несвршени форми со *д* (нарида) не се употребуваат. Така и: *ури́ѓа* (:уреди), сък не мо́жу да те *ури́ѓам* Стр, *поди́ѓа* Ранк (:једе), не га *поди́ѓа* Стр 'подјадува', *преи́ѓа* Орд 'прејдува'; *потсми́вка се* Стр, *поджни́ва* ШР.

Доста се чести и образувањата со наставката *-ање/ -ања*, каде што се јавило *њ* место *н* по аналогија (тука влегуваат и старите образувања од типот н а ч и н а т и): *запи́ња* Кум, *начи́ња*, *прокли́ња* Одр, *почи́њав* да и́грав Ор, *проти́ња* Ст, Кум, *съпи́ње* Одр, Гин, Кум, Ор, Мал, или: *седи́њемо* Можд, Петр, *срети́ња* Ранк, *сретиња* ни параót Рад, *теки́ње* Пс, *препи́њам* Ник, Бељ, *преипи́ња* Кум, *споми́ња* ме Жег, Чет, уз сва́ку ча́шку ме *споми́ње* Мал, *леи́њам* Ранк, *леи́њаш*, *замрзи́ња*, *опи́ња*, *преи́ња* Пез, Мург, *спади́ња*, *смети́ња*, Ор, Пч, Ром, *съми́ња* Кум, у четúри *се стъми́ња* Ник, *срети́њав се* љу́ди Кум, *срети́ња* Ник, Ник, Ос, Жег, *распроми́ња* Ром. Готова наставката *-ања* после се пренесла и на глаголи што немаат во свршениот вид *и*, на пр.: *замеси́ња* леп Ник (:замеси), *постради́ња* Пез, *постради́њав* СтН, на правду *постради́њав* човéци Ст(:пострада).

Оваа група несвршени глаголски образувања жива е и во другите наши говори, но не е веќе продуктивна. Во некои полека тие отстапуваат пред образувањата со наставката *-ува*.

в) Посебна група од овој тип претставуваат глаголите со карактеристичниот глас *р* во основата: *би́ра*, *набúра*, Кум, Ст, *одби́рав* Мал, *потпи́рам*, *прости́ра* 'спростира', *распрости́ра*, *разби́ра* Бељ, *съби́ра* Коин, *уми́ра* Кум, *испи́ра* Одр, *испи́ра се* пла́тно Оп, ста́лно га *преипи́ра* Гин (:пере), сестре немав крпе да *испи́рав* ХВ 366.

Со редување на *е* во *и* несвршени форми образуваат и глаголите 'земе' и 'постеле': *зи́ма* ГК, *пози́ма* От, *поспи́ља* Дов, Ор. Спрема свршениот *отме* (*опне*) имаме несвршен *оти́ма*, *оти́мамо* Стр, *оти́мав* Ор.

Реликти од старото редување имаме и во глаголските форми: *добла́ча*, *собла́ча* Мил, *обла́ча се* Отља, *обла́чав* Ор (:облече), *изла́зам* Град, *сла́за* Ор : *сла́зи* Мург, *ула́за* Жег, *ула́заш* у ку́ку Оп. Исп. и: *помáїа*, *полáїа*, *скáка* и сл.

Од несвршените глаголски образувања со *-а* без редување на кореновиот вокал интересни се: *ди́за* Ор, Ранк, *ди́зав* Мург, и́ма да *се изди́зав* ови́ја се́ла Жег, *сти́за*, *сти́замо* Ор, не *сти́за* че́ргата Стр, *пре́за* (:прегне), *исте́за* Ор, Пч, Мат, *пу́ца*, *пу́цав* Ром, *пу́ца* зе́мњата

ГК, *ма́ца* Град, *умьца*, *измьца* Ник, како *се смьца* Мург, *ни́ца* От, ста́лно тра́ва *ни́ца* Ром, *изни́ца*, *прони́ца* Пч.

§ 265. Два вида глаголски образувања — со редување и без — имаме и со наставката *-ја*.

Повеќе од глаголите кај кои алтернира кореновиот вокал познати се и во други говори. Сп.: *ја́ѓа* Оп, *поја́ѓа*, *ра́ѓа* Коњу, Ранк, Кум, *доа́ѓа* Чет, *доа́ѓамо* със арга́ти Ром, *доба́ѓа* Ор, Чет, *прода́ѓа* Чет, *проба́ѓа* Ор, *наа́ѓа* ману Мат, *наба́ѓа* Кан, *наба́ѓам* Кум, слнѣце *заба́ѓа* Мат, тък *загоа́ѓаb* Вла́сите Руѓ, но и: *доѓа* поли́ција Коин, *наоѓа* Кан, *заоѓа*, *забоѓа* Чет. Примерите: *добдеше* Пч, ќе си *добдиb* Мург, *наоди* ШР се нови образувања во кои согласката *д* е внесена од неизведената форма. Потоа: *заобика́ља* Пч, *позва́ља* КБ, *позва́ља* ги ме́стото Мург, *пона́вља* Тал, *пона́вл'а* В, *кла́ња се*, *покла́ња*, *насла́ња* Ром, ШР. Од овој тип се и глаголите: *дона́са* Ник, *дона́саb* по́шту Ром, *изна́са*, *прена́са* АгС, Ор, *зана́са се* В, *одна́са* Руѓ, Ник — во кои *с* се јавило отпосле од простите форми. Но паралелно со овие се среќаваат и форми без редување: *доно́са* Пс, ла́ставица не *доно́са* про́лет Петр, кои се понови.

Глаголите од типот 'обора', 'затвора' и сл., кај кои во централните и западните говори разликата во видот може да се изрази преку наставката во 2 и 3 л. едн., овде најчесто се употребуваат со редуван вокал, сп.: *затва́ра*, *затва́раb* Ор, Пч, Ром, *отва́раш* ми ра́ни Пч, *оба́ра* Ор, *претва́ра*, *раства́ра*, *повта́ра*, Стр, *повтара́ше* си́те де́цата НС, *ства́ра*, *уда́ра* Кум.

Свршената и несвршената форма се разликуваат по вокалот од основата кај глаголите од типот *това́ра*, *ту́ра*, *уда́ра*: *това́ри*, *ту́ри*, *уда́ри* и во: *брља-брљи*, *ту́шта-ту́шти*, *нару́ча-нару́чи* 'нарачува'.

Образувањето на глаголот *иска́ча* От, Кум, ГК и други сложени од овој корен (*прескáча* Пч) може да се објасни на два начина: или имаме проста замена на *к* во несвршената форма (скакам) со *ч* (од скочи), или се образувани под влијание на глаголите од типот *обла́ча*.

Од изведените глаголи со наставката *-ја*, кај кои кореновиот вокал не се менува, најинтересни се оние што завршуваат во оптитиот дел на *-b*; на пример: *забра́вља* Чет, или *забра́ља* ВИљ, *заба́вља*, *ја́вља*, *испра́вља* Пез, *оста́вља*, не га *оста́вљаb*, и *оста́ља* Отља, *оста́љаb* Ор, *наста́ља* Коњу, *поста́вља* телифо́н Ник, *поста́ља* Ор, *преста́ља се*, *распра́вља му* Пч, съ[а]с до́ктори *се распра́љаb*, *ста́ља* и *ста́вља* Ор, *спра́ља се* Мал. По примерот на овие образувани се *изја́вља*, *изја́вљаb* о́ни Ор, *оса́вља се* Гин и *осо́вља се* Ор, Одр 'одзива'. — Образувања од овој тип само уште овде и во Скопска Црногорија (MJ V 182) можат да се сретнат денеска. Во овчеполскиот и кратовско-кривопаланечката група приведениве примери се јавуваат без епентетско *љ*, како и на другата наша територија: *забра́ва*, *испра́ва*, *оста́ва*, *поста́ваш*, *попра́ваш*: свршените *оста́виш*, *забра́виш* итн.

Спрема глаголот *мења* направен е и *смéња* Гин ‘сменува’, *смéњаш* Одр, *промéња* Мург ‘се променува’, *сломéња* АгС, Ор, Пч, Стр, *сломéња* те нéкој От, ГК, да *се сломéња*, да ме *промéња* за умирáчку Кум.

Приличен број несвршени глаголи се образувани по аналогија на глаголите од типот *брáќа*, *плáќа*, *сврáќа*, *сéќа се*, *трýќа*. Во нив *-ќа* се сфатило како формант и почнал да се пренесува на оние глаголи што им завршува општиот дел на *-ш*, *-д*. Сп.: *запрéќа*, *запрќаљ* Кум, *заслúќаш* Кук, Кум, *обрќа се* Ос, *одврќав* граната Мал, *наспрќаш* Дов, *проспрќа* АгС, *подспрќам* Кум; *вúћаш* ли га, *пострáћа* Чет, *пресáћам* Ор, *разбýћав се* Пс, *стрáћа*, *стрáћав* Ник, како *пáћа*, и др.; сп. и *намéшќа* Ром, *прошќáва*, *кршќáва* (§ 89).

§ 266. Глаголските образувања со суфиксот *-ва* (*-аба*, *-јаба*) ни овде не се продуктивни. Но сепак бројот на примерите е поголем отколку во појужните говори. Сп.: *добúва*, *закрúва*, *извúва*, *завúваш*, *набúва*, *навúва*, *повúва*, *открúва*, *покрúва*, *развúва*, *свúва* Петр, *убúвав* От, *умúва се* Мат, па и *бива* Пч, АгС, од úскру плáмен не *бúва* Ром, орашáчки кáмен *бúва* га за вáр Мург, мој чича све кмет *бúваше* Ранк; *гáба*, *раздáба*, *продáбав* Ром; *познáваш* Ром, *претпáва* ГК, *обеќáва* Ор, *запрéва*, кът слънце *отрéва* Ранк, тутýнъат *успéва* ГК, *одéвам*, а спрема нив и *поцрнéва* Мождд, не *поцрнéва* свúлата Оп, не *поцрнéва* срамóта Петр, *решáва* Ром, не *се покорáва*, ќе *се смењáвав* Мург, *смењáвамо* Ник, *наводњáва* Пч, *скмењáва* НС, *цењáваш* Одр, *промењáвав* Пч, *насиљáва* Ром, *намаљáва* рéката Мург, *дозвољáва* Ром; *сеќáваш* ли се НС; секундарни образувања се: *подељáвамо* Коин, *убеѓáваш* ШР; во: *измешќáва* Мал, *прошќáва* ВИљ, не *прошќáва* бок В, ти *прошќáвам* Ор, или *отросќáваш* Ром, све га *отросќáва* Град, ти *отросќáвам* грéшке Ром, *измешќáва* Стр, *упропашќáва* Ром, он сам *се упропашќáва* ГК — промената на основната согласка е од поново време.

По аналогија на глаголите од типот ‘оставља’ образувани се: *задржáвља* Бељ, *одржáвља* Мал, да *се подржáвља* Жег, *сеќáвља* Мург, ќе се *сеќáвљам* Пез, или *одржéвља* Ст, със тój *се одржéвља* Ранк, *снижéвља* Руѓ, и *снижéвље се* От, Петр.

При анализата на материјалот при секоја категорија изведени несвршени глаголи среќаваме нови образувања што се добиле по аналогија на слични форми. Воопшто аналогијата во северните говори, посебно пак во кумановскиот, кај глаголите одиграла прилично голема улога како во преобразувањето на некои категории, така и во нивното прегрупирање и продуктивност.

Меѓусебно влијание на глаголските основи

§ 267. Стариот однос на презентската и аористната основа најдобро се пази кај глаголите од втората и четвртата група по Лескина. Кај глаголите од првата група промени претпреле во аористната основа глаголите од типот *клáти* и сложените глаголи со *-áти*, кај кои се генерализирала презентската основа и во

образувањата од аористната основа, впрочем како и во другите наши дијалекти; сп.: *прокълна́*, *почна́*, *почна́ла*; спрема през. *о́тмеш* (*о́тнеш*, *о́тњеш*) во аор. имаме *отна́*, но спрема *у́зне* — *узедо́*, *зедо́* (како *дадо́*). — Од глаголот *кълне* аор. гласи *кълна́*, гла. л-форма *кълна́ла*, *кълна́ло*, но во некои северни села се пази и старата аористна основа: *прокле́ја* га, *закле́ја се* Мал, *прокле́ла* његóвога тáтка Арб, Жег. — Две аористни форми се среќаваат и од глаголите 'коле', 'мене', 'постеле': *закољáше* свúњу Ром, *закољáја* си жéну Кум, *постељáла* чéргу Ор (: през. *коља*, *меља*), и : *послáла* си Кук, *закláла* вóла Стр; и двете се употребуваат наспоредно, но кај помладите веќе се пообични образувањата со презентската основа.

Кај глаголите од типот 'купује/купува' (стсл. коуповати), како и во другите северни говори, се пази стариот однос меѓу презентската и аористната основа, сп.: *берýје*, *дарýје*, *сънýје*, *купýје*: аор. *берубá*, *дарубá*, *сънубá*, *купубá* — но со таа разлика што во аор. основа вокалот *о* се заменил со *у* од презентската основа. Само спорадично во претеритската основа се јавува *-оба*: нóкто *ноќобáле* у сéло Ром, тýј са *путобáле* камúле ГК.

Сп. и: *бéре*, *дéре*, *кóбе*, *зóбе* : *набрá*, *одрá*, *ковá*, *заковáмо* Пч *позвá* ли га на вечéру Кум.

Глаголски групи

§ 268. Промените што се извршиле во глаголските групи се минимални. Глаголите *закълне*, *почне*, *расне*, како насекаде кај нас, се изедначиле со глаголите од групата на *-не*; *пкáе* се повел по глаголите од типот *лае*; *живи*, *лови*, *спаси*, *чати* минале во *и*-група, а *коља*, *меља*, *постеља* се изедначиле со глаголите од типот *деља*, како во призренско-јужноморавскиот дијалектен тип (СДЗ I 495, VIII 191), сп.: *кóљаш*, *кóљаb*, *постéљам*, *постéља*, óни ќе *мéљат* Тал, *мéљеb* Стр, Руѓ, Дов, *мéл'аш* В, но и *кóље*, *мéље*; кај глаголите од типот 'купува' (во лит. јазик), рековме, во презентската основа нема промени: *видýјеb се*, *зъbрýје* вóда; така и глаголите *óре* Кум, Ор, Стр, *пóје* Ром, *óтме* Бујк, *óтње* Бајл, *зóбе* Ст, *сúпе* Кум, *исúпе* Мал, *зóбе* Роб, *трéбе* Кум, Мал.

Релативно најмногу промени се извршени во основите на глаголите од третата Лескинова група. Голем дел од нив ја образуваат *а*-група. *И*-група се пази добро, најдобро од другите. Глаголот *спúе* (сапиши) и овде отишол во групата од типот 'мие', а *работи* минал во а-група: *рабóта*, *рабóтамо* Руѓ, ШР, Ранк, СгН, но поретко ќе чуеме и *рабóти* Ор, Пч, Кум. Глаголите од типот 'оздрави', како во скопско-црногорските села (MJ V 183), завршуваат на *-е*: *оздрábе*, да *ослéпеш* Ром, ќе *опýстемо* Пч, СБ, све ќе *се опóле* ГК, В, Проj, да *онéме*, *разбóлеb се* Ор, Пч, Мург, и ти ќе *остáреш* како мéне Мат.

Формите: *нарéде*, *ослобóде*, *насéле*, *мéре*, *рабóте*, *олáде се*, забележени во граничните села со овчеполскиот и кратовскиот

говор, покрај пообичните *наре́ди*, *ме́ри* итн., се јавиле под влијание на споменативе говори, во кои, како што е познато, групата *-и* се разложила (MJ V 24), како и во штипско-кочанско-радовишката дијалектна област.

Глаголите изведени со туѓата наставка *-са* (*-иса*, *-оса*) на ова јазично подрачје, како и во кривопаланечкиот и скопско-црногорскиот говор, се од *е-* група; во презентската основа имаме и фонетска измена на *с* во *ш*, сп. *балди́шемо* Коин, Ром, *бенди́ше* и *беѣенди́ше* Кум, да му се не *бати́ше* Коин, *варо́ше* чкóљу Деил *калеми́ше* Руѓ, *ли́пше* Ром, *ли́пшеѣ* Мат, *мери́ше* Мал, у́ста му *мири́шеѣ* Кум, да не *муљо́ше*, да *пато́шемо* Чет, ќе *пцо́јше* Чет, Руѓ, ќе *се рати́шемо*, *салди́ше се* Чет, во́јска *сарди́ше* гу Пчи́њу Ром, да га *трубо́ше* пла́тно Ник, *црвљо́ше* Чет, *уѯди́ше* В, но и *уѯди́ша* Кум.

Има извесен број глаголи кај кои се јавува колебање во основниот вокал. Погоре споменавме за глаголите *ко́ље*, *ме́ље* и *посте́ље*; приведуваме уште неколку примери: *ко́љаѣ*, *зако́љаѣ* Кум, ако не ство́риш ќе те *зако́љам* Ор, *изме́ља*, *сме́љаѣ* Ром, они ќе *ме́ља̄т* Тал, *посте́ља̄ш*, *посте́ља̄ѣ* Пч, СтН, СБ: *сме́ље̄мо* Кум, да *сме́ље̄мо* жи́то Ник, ќе *сме́љу* Чел, *зако́ље* Ст, по две сви́ње *зако́љеѣ* Ром, *зако́ље̄ш* Кум. Покрај *ко́веш*, *зако́веш*, *ко́веѣ*, *сно́вемо* Кум, *ко́вемо* ГК имаме и: *ко́вам*, *ко́ваш*, *ко́ваѣ* Кум, да *ко́вамо* Ранк, *сно́ваѣ* Пч, Кан, *сно́ва* Кум. Колебање се забележува и кај глаголите од типот *пре̄пиња*, *пре̄пича*; на пр.: *запи́ње* Пч (: *запне*), *съпи́ње* Одр, Гин, *спомѝње* ГК, *седи́ње̄мо* Можд, *теки́ње* Пс, Можд, или: *исти́че* Град (: *тече*), *пре̄ти́че* Длъб, *по*ᵀ*ци́че̄мо* Одр, лини́ју што *проси́че̄мо* Коин, *ури́че̄мо* Кан, Ва́рдар пак *пре̄ти́че* Длъб, покрај пообичните *прори́ча*, *проси́ча*, *доти́ча*, *исти́ча* итн. (§ 264). Овој паралелизам се јавува на целата територија и во говорот на сите претставители. — Двојни форми се јавуваат и од глаголите од типот *обрќе*, *наспрќе*, сп.: *обрќе се*, *наспрќеш* Мург, да га *наспрќе̄мо* Ром, у́ши што *обрќеѣ* зе́мњу АгС, *оспрќе се* да не излезе Чет и: *проспрќа* Стр, *обрќа се* Ос, *проспрќа* АгС, *подспрќам* Кум, *наспрќаш* Дов, *заспрќаѣ* Кум. Покрај *уздиша* се среќава и формата *уздиша* ГК. Глаголот 'честита' овде се јавува и во *и*-група: да *честитиѣ* ХВ 344, ќе ми *чести́тиѣ* дън Дов.

Како што гледаме, во овој говор има добар број глаголи од *е*-група што во другите дијалекти завршуваат на *-а* или *-и*. И воопшто глаголите со основата на *-е* на ова јазично подрачје, како и во другите наши говори, претставуваат најпродуктивна група. Нејзиниот број го наголемуваат глаголите на *-не* и *-ује*, кои се, видовме, најпродуктивни.

Глаголските форми и нивното образување

§ 269. Од глаголските форми познати во современиот наш јазик во кумановскиот говор не се употребуваат некои од конјугацијата со *има*, *нема* и партиципот на *-ел*. Така глаголскиот систем во него го сочинуваат: а) времињата: сегашно, минато

определено свршено и несвршено, минато неопределено, предминато, идно, минато-идно, идно прекажано, б) начините: императив и потенцијал, в) глаголскиот прилог, г) глаголската л-форма, д) глаголската придавка и ѓ) глаголската именка. Од формите сложени со *има*, *нема* забележив три: од типот *има дојдено*, *имаше дојдено* и *имал дојдено*.

Од споменативе форми поретко се употребуваат предминатото и идното прекажано време, и доста се ретки формите со *има*.

Сеѓашно време

§ 270. Лични наставки за сегашно време се:

едн.	1. л. *-м*, (*-∅*)	мн.	1. л. *-мо*
	2. „ *-ш*		2. „ *-т̄е*
	3. „ *-∅*		3. „ *-ѣ*, *-т̄*.

§ 271. 1 лице еднина. — Процесот на генерализирањето на наставката *-м* од некогашните атематски глаголи не се одвивал рамномерно во сите наши дијалекти. Во еден дел *-м* станала општа наставка за 1 л. ед. Во некои говори, како на пр., во поречко-кичевската група и во крајните западни, *-м* се јавува спорадично. И најпосле има говори во коишто процесот се задржал на глаголите од *а*-група. И во северните, меѓу кои и кумановскиот, *-м* се среќава како наставка само кај глаголите од *а*-група. На пример: *бѣ́цкам* Пч, *ви́кам* Кум, Тал, *ва́љам*, *ѓли́т̄ам*, *ѓа́ѓам*, *дона́сам*, *до-т̄ѣ́цам*, *да́вам*. Од другите глаголи *-м* редовно се јавува во *дам*, *знам*, *јем*, *смем* и во помошниот *сум*; сп.: *зна́м* ли што рабо́тиш Деил, не *зна́м* ни́што Пч, АгС, тој ќе те *дам* Коњу, ќе ти *дам* па́ре Деил, ќе те *изе́м* Мат, покрај *изе́ду*, да *про́дам*, покрај *т̄ода́ду* Отља, не *сме́м* Ст.

Сите други глаголи од *е*- и *и*-група во 1 л. едн. завршуваат на *-у*, кое, како што се истакна порано, претставува директен рефлекс на носовката *ѫ*. Сп.: *бе́ру* От, Кум, Ор, да *набе́ре* дрва Ст, ќе ти *да́ду* ШР, све да *збе́ру* МлН, *и́ду* От, *кажу́ју*, да ти *ка́жу* ни́што Дов, не *мо́жу* да *ли́т̄ну* Ранк, да си *ле́ѣну* Длъб, *мрзну* от стут Кум, *на-т̄пра́ву*, *на́јду*, *о́ру* си Оп, *оздрабу́ју*, за ма́лко да *се от̄ру́ју*, да *обу́ју* опѣнци Кум; *бро́ју*, *бри́чу се* Ром, да *ви́ду*, *дро́бу*, *де́лу* Кан, да не *забра́ву* Мал, дај да *за̄па́лу* Тал, не *мо́жу* да *т̄а́нт̄у* Гин, *ми́слу* се кът ќе *у́мру* Ром, *ме́су* леп Рад, със ќе ти *наме́ст̄у* АгС.

Покрај наставката *-ѣ* во 3 л. мн. во сег. време и *-ја* во глаголската *л*-форма, *-у* во 1 л. едн. спаѓа меѓу најкарактеристичните особености на глаголскиот систем во разгледуваниов говор. Таа е во него секако стара црта. Освен во кумановскиот форми на *-у* се среќаваат во кратовскиот, овчеполскиот на југ готово до границата со кочанскиот и штипскиот говор, или уште поточно до линијата: Кнежево—Јамиште—Добрево—Пробиштип—Стрмош (на кратовскиот дел)—Судиќ—Врсаково—Богословец (на овчеполскиот)[192]). Од се-

[183]) MJ, III, 198.

верозападните оваа црта ја познава говорот на Ск. Црногорија северно од линијата Љубанце—Бразда (MJ V 184). Во соседните српски дијалекти вакви образувања познати се на целиот граничен појас од кумановско-пр.шевскиот дел на Црногоријата па до границата со бугарската јазична територија на исток и на север до Врање (СДЗ I 510).

§ 272. Во Славиште, особено во оние села што непосредно граничат со кривопаланечкиот говор, наспоредно со формите на *-у* се употребуваат и образувања со наставката *-м*. Последнава станува с почеста колку што се оди по на исток, така што веќе во Псача, Мождивњак, Длъбочица тие веќе и надвладуваат. Во Псача од едно исто лице од средовечна возраст забележив: *бе́ру*, *но́су*, *рабо́шу* и: *бе́рем*, да гу *донесем* ако о́кеш, ќе га *пресе́чем*, да му *про́стим*; во Мождивњак: ќ'*и́дем* це́л жи́вот да *кълнем*, да га *оста́вим* не зна́м, не *мо́жу* да *рабо́тим* — како во кривопаланечките села. Вакви форми не се необични и во Козјачијата, а веќе во полошките села се знатно поретки. Сп.: да ви *ка́жем* ни́што Мал, *па́мним* га ја како га не *па́мним* Чет, не́ га *па́мтим* урие́т Чел, па ри́пну па *зако́љем* пу́ле Ст, да *сме́љем* па тък ќе ти вра́ту Коин, *шу́рим* пу́шку на го́товс Ник, ја ти *казу́јем* Чел, да ти *ка́жем* не *сме́м* Ст, ви́диш како́ ја не мож да се *опра́вим* Бајл (ХВ), не мо́жу да *издр́жим* ку́ку, не́што *де́љем*, ја ќу га њега *зако́љем*, не́ га *веру́јем* Мал.

Проширувањето на наставката *-м* во 1 л. едн. и на глаголите од *е-* и *и-* група во нашите северни говори има за последица и промена на основниот вокал. По аналогија на глаголите од *а-* група и кај овие дошло до изедначување на основата во сите лица и во еднината и во множината; сп. *ка́жем*, *ка́жеш*, 3 л. *ка́жеѣ*, *но́сим*, *но́сиш*, *но́сиѣ*. Тие две појави во споменативе говори одат секојпат заедно. Погрешно е да се мисли дека промената на вокалот од основата во 1. л. овде се јавила под влијание на српските говори[183]). Како што е познато, оваа појава се среќава на целиот граничен појас меѓу нашите *ж*>*у* и *ж*>*а*, *ъ*— говори и тоа од Шар па до границата со бугарската јазична територија[184]). Тука, меѓутоа, не може да станува збор за влијание од север.

§ 273. 2 лице. — И овде како во јужноморавските говори во 2 л. од глаголот *може* покрај полната форма *мо́жеш* се употребува и скратената *мож*, сп.: не *мо́ж* да и́деш Чет, ти по́ *мо́ж* да про́јдеш Мург; глеј како *мож* да *мож* да ми га предадеш у руке ХВ 338; не *мож* да гу тераш кобилу ХВ 340; и бре, ненастинику, не *мож* да се наједеш, ало житна ХВ. Во нашиов говор оваа форма секојпат бара како дополнение глагол со *да*; состави од типот 'не мож најдеш', какви што се јавуваат во тимочко-јужноморавските дијалекти, овде се непознати.

Оваа форма исто така може да се употреби и за другите лица: Ама ни́којзу рабо́ту не *мо́ж* да сврши́ш Стр, не *мо́ж* ве́ќе да и́ду

[183]) В. такво мислење кај А. Селишчева, *Очерки*, 217 и *Полоѓ*, стр. 395—360.
[184]) MJ, IV, 115; V, 25, 184.

Ром, не *мо́ж* ви́ше да о́ду Ст, не *мо́ж* да жи́ву, не *мо́ж* да о́ду Стр; не *мо́ж* да мрдне Одр, не *мо́ж* да до́јде Ром, по́ *мо́ж* да живе́је Ддр; не *мо́ж* да га ва́тимо Гин; по́ *мо́ж* да живе́јет Ранк.

§ 274. 1 лице множина завршува на *-мо*: *бр̀жемо* Дов, да га *иска́рамо* Ранк, *и́демо* Кум, Длъб, Петр, *и́мамо* Ор, Пч, Град, *се* *̄граничимо* Арб, не́ *се* *љӯшимо* Мург, *ме́љемо* Рад, *на̄ну́нимо* АгС, не *мо́жемо* да *се* *̄провесе́лимо* Кум. Таа е општа наставка во нашите северни говори. Нејзината јужна изоглоса спрема кочанскиот и штипскиот говор оди приближно со изоглосата на формите со *-у* во 1 л. презент, а спрема скопските и полошките форми на *-мо* се среќаваат до линијата Миладиновци—Кучково (MJ V 185) и јужно од Тетово (Селищев, Полог, стр. 361).

§ 275. 3 лице мн. — Кумановскиот говор покажува сличност со призренско-јужноморавската група и во наставката за 3 л. мн. Како во тие говори, така и овде, по загубата на крајното *-т̄* вокалот *у* (< ж) во позиција зад самогласка преку едно билабијално *и̯* се изменил во *b*. Порано покажавме дека процесот се одвивал по фонетски пат: прво се јавил кај глаголите што завршуваат на *-ају*, одн. *-ау*, по загубата на меѓувокалното *ј*, сп. имају > имау > имаи̯ > имав. „Према глаголским облицима са сад. временом на *ам* : *аш* : *а* : *амо* : *а̄те* : *ају* почело се образовати и према *ем* : *еш* : *е* : *емо* : *е̄те* — *еју*... Тако је исто и према *им* : *иш* : *и* etc. образовано и *-ију*" (СДЗ I 514). По загубата на *ј* вокалот *у* > *b*. Така *b* станало општа наставка за 3 л. мн. на презентот. Сп.: *ба́њаb* Кум, *ви́каb*, *ва́ркаb*, *гл̀баb* Дов, *збу́раb* ги АгС, *закле́баb* се Ор, *и́маb*, *ӣра́b* Пч, *испра́ќаb*, има да *се* *изду́заb* Мал, *ка́раb се*, *ко̄ра́b* От, *кӯра́b* Ранк, *мењáбаb* Стр; — *бри́шеb* Кум, *бу́јеb* се изну́тра Мал, *бу́јеb* се о́рли Ст, како́ га *зо́беb* АгС, *замо̄ту́јеb* по́јас Ром, по две сви́ње *зако́љеb*, же́не нека *оста́неb* нека *жне́јеb* Ор, не *зна́јеb* да рабо́тив Коњу, *дре́меb*, *и́деb* аргáти, да *изе́деb*; *доо́дub* Пч, до́бро *се држиb* Кан, *здрbиb* Кум, *но́сиb*, *ме́сиb*, *ме́риb* Ст, СтН, *мрзиb* ги да *рабо́тӣш* Стр, о́ни *се* *окла́дub* Ром, у пла́нине *жи́биb*, ако *се* *запа́лиb*, *закло́ниb* си Чет, *по̄чу́дub* АгС.

Во граничните села со врањско-прешевската област и со Скопска Црногорија спорадично се јавуваат, и тоа главно во говорот на постарата генерација, и форми со билабијално *b* (*и̯*), карактеристични за тие говори, сп.: *и́маи̯* Ор, *бе́ѓаи̯*, *ле́ѓаи̯*, *̄преле́ѓаи̯* Коин, до́шле самови́ле да се *ба́њаи̯* туј Ст, *ӯше́паи̯*, *̄прека́раи̯* Арб, Цвет (§ 63). Образувања со *у̯*, какви што среќаваме во скопско-црногорските села и во северниот дел на Полог[185]), овде се многу ретки; сп. Сви́ње почна́ше да *се* *заба́љају* Чет; кът ви́диш о́рли да *се* *бу́ју*, да ви́диш на што *се* *бу́ју* Ст.

§ 276. Во Славиште и во селата што непосредно граничат со кратовскиот говор источно од линијата Шопско Рудare — Страцин наспоредно со формите на *-b* се употребуваат и образувања

[185]) А. Селищев, Полог, стр. 362.

со наставката *-ат*, како во кратовско-кривопаланечката говорна област; сп.: *бе́ѓат, здрже́бат* ги, *и́мат, искара́т, почна́а да изда́бат*, не́ ни *пу́штат* преко гра́дъ[а]т, и же́нете да *рабо́тат, стбара́т* Ранк, да *вече́рат, оти́чат* но́гете, *оте́рат, ру́чат, прина́сат, ту́рат*, да *се цењабат* Одр, ќе *ко́пат* Оп, Пс; — или: *да́дет, о́рет*, си *по́јет* Топ, *зачубу́јет*, не мога́ле да *зами́нет* Ранк, *изе́дет, седну́јет* да *вече́рат, пречеку́јет, је́дет, пи́јет, сре́тнет*, да те *чу́јет*, да *се избе́дет* мисирчи́киште, *чу́јет* га овча́рите Одр, *збе́рет* не, ако ни *ба́нет, си́пет, пое́дет, произбе́дет, разне́сет* Милут, *би́јет* Гин; — *бро́ит, бр̀шит* Пс, *доо́дит* про́чке Гин, *испра́тит* Одр, *кро́ит, но́сит, нишани́т* Пс, *напра́вит* Ранк, Одр.

Овие образувања превладуваат во говорот на помладата генерација, додека кај постарите обични се и форми на *-ѣ*. Од едно исто лице (на 60-годишна возраст, неписмено) во еден подолг разговор ги забележив формите: *испра́тиѣ, са́каѣ* да *рабо́тиѣ, доо́гиѣ, пра́тиѣ, у́геѣ, на́јгеѣ, че́каѣ*, и: *бри́чит, зарабит, доо́дит, напра́вит, пое́дет, це́пит*. Во говорот на неговата петнаесетогодишна внука формите на *-ѣ* беа понеобични. Овој факт веќе доволно зборува дека образувањата на *-ѣ* овде се постари, основни, а наставката *-т* се јавила под влијание на кривопаланечкиот и кратовскиот говор.

§ 277. Генерализирањето на вокалот од основата и во 3 л. мн., како што видовме, се извршило на целата разгледувана територија, сп. и: *вик-а-т, нос-и-т, бер-е-т*: *вик-а-мо, вик-а-те, нос-и-мо, нос-и-те, бер-е-мо, бер-е-те*. Овој процес зафатил и еден дел од кратовскиот говор.

§ 278. Во некои гранични села со кривопаланечкиот говор под негово влијание се јавиле и образувања со наставката *-ат*: *бе́рат, жне́јат, се́јат, сы́нат*, покрај *ко́вет, пе́рет, црпет*, — *ра́нив, се́дит* Пс, *но́сат* Можд, Длъб, *се́чат*, покрај *но́сит* и *но́сиѣ* Длъб. — Во Петраљица, последно североисточно село од разгледуванава област, образувањата на *-ат* се многу пообични, сп.: *засти́јат*, да *се нати́јат*, нека *се скри́јат, изми́јат* (и редовно така кај глаголите од овој тип), *држат, ле́тнат*, ќе *шо́тнат*. Спрема нив после се преобразувани и: *жне́јаѣ, ле́тнаѣ, но́саѣ*, ќе *се отру́јаѣ, по́јаѣ*. Но овде се среќаваат и примери со темен вокал, сп.: *де́рът, но́сът, стру́жът*, кои се карактеристични за говорот на северните паланечки села (MJ V 26), според коишто после се образувани и: *у́дъѣ, но́съѣ, отру́јъѣ, прода́въѣ, се́дъѣ, у́знъѣ*.

§ 279. За времето кога почнала да се врши измената на *у* во *ѣ* во нашиве северни говори немаме указанија. Врз основа на една приписка од XIV век, чиј автор е порано споменатиот Радин од с. Нагоричино, Селишчев заклучува дека „во XIV в. во кумановската говорна област формата за 3 л. мн. на сегашното време завршувала на *-у*", сп. до кого дойдоу сиѣ книге[186]). Тоа значи дека

[186]) А. Селищев, Очерки, 223.

преодот на *у* во *ѣ* почнал да се врши подоцна од XIV век. Најстар податок каде што е одразена оваа појава датира од почетокот на минатиот век. Тоа е формата *искарав* во една приписка од 1837 г. во пчињскиот манастир (сп. да се знае како дође Миша Шиаче та излажа люди та да искарав сѫлеиманъ бега[187]).

§ 280. Дали оваа црта во нашиов говор не би можела да биде внесена отстрана а после генерализирана? Сигурно не. За тоа зборува пред сѐ нејзината географска распространетост. Како што е познато, таа доминира денеска на граничниот појас меѓу нашата и српската територија од Шар до бугарската граница, опфаќајќи ги говорите во северен Полог, Скопска Црна Гора, кумановскиот и овчеполскиот на југ до линијата Теарце (во Полог)—Радишани—Стајковце (на скопскиот)[188]) — Миладиновци—Дивле—Џидимирци и натаму Богословец—Врсаково—Судиќ[189]), и на исток до Талашманце—Псача—Длъбочица—Метежево—Луке (спрема кратовската и кривопаланечката говорна област).

Од другите говори надвор од нашата територија неа ја познаваат призренските[190]), ѓаковичкиот[191]) и јужноморавскиот на север негде до Лесковац[192]).Меѓутоа, треба да истакнеме дека во последниов процесот уште не е наполно завршен. Дури и во врањскиот говор, кој непосредно граничи со кумановската област, Белиќ приведува маса примери со запазено *у*. Тогаш е природно дека во поглед на оваа црта јужноморавскиот не можел да влијае врз нашите говори каде што е, видовме, преодот на *у* во *ѣ* наполно завршен процес и тоа отпоодамна.

Презентската форма од помошните глаголи

§ 281. Од помошниот глагол 'сум' презент гласи: *съм, си, (ј)е, смо, сте, сӑ (су)*; негираната форма: *нѐ съ^{а}м (нѐ сам), нѐ си, нѐ (ј)е, нѐ смо, нѐ сте, нѐ сӑ (нѐ су)*. Во северните села наспоредно со *сӑ* се среќава и формата *су*: И кът *су* седе́ле на вечéру XB 388, и о́ни *су* би́ле Ник, ту́ј *су* Чет, зборѝле *су* Петр, те́ј сви́ње *су* на́ше Коин, от попо́ви ко́же *су* мло́го ску́пе Арб; они сӑ крена́ле, нѐ *су* пуца́ле Ник, у ту́ј ма́лу би́ле *су* дваная́есе Ник; шко́ле *су* би́ле го́ре у се́ло Мал.

Другата форма — *сӑ* се употребува на целата територија; во Славиште и во селата јужно од патот Куманово — Крива Паланка таа е и единствено во употреба. Освен во источните говори, каде што се добила фонетски (стсл. сѫть), неа ја наоѓаме и во сите северни *ѫ* > *у* — говори. Несомнено е дека во последниве таа е вне-

---

[187]) Ј. Хаџи-Васиљевиќ, Свети Прохор Пчињски и његов манастир, Годишњица Н. Чупића, књ. XX, стр. 49.

[188]) MJ, V, 185.

[189]) MJ, III, 197—198.

[190]) СДЗ, VIII, 100.

[191]) М. Стевановиќ, Ђаковачки говор, стр. 122 нт.

[192]) А. Белиќ, Дијалекти, стр. 157, 514.

сена од југ. По редукцијата на *у* во *ь* во 3 л. мн. на сег. време кај другите глаголи формата *су*, бидејќи тука немало фонетски услов да премине *у* во *ь*, почнала да станува сè понеобична и да се заменува со *са* (в. § 44). Во скопскиот говор, според Селишчева, оваа форма е фиксирана уште во почетокот на XIV век, во послесловието на еден апостол[193]).

§ 282. Жива е во кумановскиот говор и полната презентска фрома од глаголот 'оќе': *о́ќу, о́ќеш, о́ќе, о́ќемо, о́ќеше, о́ќеь* (како во другите глаголи од *е*-група). Сп.: *Оќу* да пи́там за до́м Ник, да́ли *о́ќеш* да ми ка́жеш, дека *о́ќеш* печа́ли Кук, *о́ќеше* ли га Јова́на Мал, *о́ќеь* да рату́јев Руѓ. Негираната форма се јавува во две варијанти: *не́ќу, не́ќеш, не́ќе, не́ќемо, не́ќеше, не́ќеь*, и: *не́јќу, не́јќеш, не́јќе, не́јќемо, не́јќеше, не́јќеь*, како во повеќето наши говори. Сп.: *Не́јќу* ви́ше да чу́ју Кум, *не́ќу* Мург, *о́ќеш не́ќеш* ќе се уте́паш Ор, по́ *не́ќеш* да насти́неш Мург, и го́спот те *не́ќе* Пч, *не́ќемо* га ње́га Ром, *не́јќеь* Ор, ГК, *не́ќеь* Кум. Кратката форма *ќе* и овде се морфологизирала: служи само за образување на идно време. Поретко можат да се сретнат и формите од другите лица, сп.: ја *ќу* га ње́га зако́љем Мал, што *ќу* му ја Чет, он доо́ди тики што́ *ќеш* Стр, што́ *ќеш* му Руѓ, куде́ *ќемо* Ник, како́ *ќеь* што́ *ќеь* Жег (како *о́ќев, неќеь*).

Минато определено свршено време

§ 283. Лични наставки за ова време се:

едн.	1. л.	-∅	мн.	1. л.	*-смо, -мо*
	2. „	-		2. „	*-сте, -те*
	3. „	-		3. „	*-ше, -а* (*-ја, -ba, -cba*).

По загубата на гласот *х* првото лице едн. се изедначило со второто и третото, освен кај глаголите од *о*-раздел. Сп.: ја *беѓа* Ром, (ја) *доаѓа́ со́с* ње́га у Ско́пје Кук, *земá* ма́ло и ја Кум; *забрáви* га ње́га ја Др, *оста́ви́* съ^ас њи́ја и ја Мург, *оста́ви* га ко́ња и не *моѓа́* да га ви́ду Ор, *виgо́* о́ни трчав по ме́не па ги се *съкри́* Коин. Така е и во другите северни говори, и воопшто во говорите во кои *х* се загубило наполно на апсолутниот крај.

§ 284. Во 1 лице мн. се употребуваат две наставки: *-мо* (<*-хмо*) и *-смо*, во која *с* е внесено од второто лице. Првава се среќава на целата територија, сп.: њи́м ги *видо́мо* В, *зате́ко́мо* коми́тете Пч, *бидна́мо* Ор, *вечера́мо, збра́мо* се, ми́ја се *излъжа́мо* Ром, *љсна́мо* Коин, све *уреќа́мо* Жег, *бркáмо* ги ГК, *бласиљáмо* Мил.

Наставката *-смо* има поограничена употреба. Се среќава во Козјачијата, во црногорските села и во градскиот говор со најблиската околина, и тоа наспоредно со *-мо*. Во селата јужно од патот Крива Паланка—Куманово форми со *-смо* се веќе помалу

[193]) А. Селищев, Говори области Скопья, МП, VII, 1, с. 45.

обични. Сп.: *доручкувáсмо* Ник, Ст, *имáсмо* Кум, *јавúсмо* Кум, *купúсмо* Коин, *останáсмо* мúја на тéбе Ром, одбúмо ги и *отéсмо* 125 кóтла Ник.

Интересно е дека ниту во еден од соседните говори, ни од српска ни од македонска страна, оваа наставка не се употребува, барем не е досега констатирана. Во говорот на Ск. Црногорија има само *-мо* (MJ V 186), како и во српските дијалекти од призренско-тимочки (СДЗ I 564) и косовско-ресавски тип. Во ѓаковичкиот говор, кој е од призренски тип, неа Стевановиќ ја смета како импорт однадвор и отпосле се генерализирала.[194]) Како тогаш да се објасни *-смо* во нашиов говор? Како импорт од друга дијалектна средина не може да се толкува. Останува да се прими претпоставката дека таа се формирала на овој терен, и тоа секако не во најново време. Зашто сега се има тенденција *-смо* и *-сте* да се генерализираат како имперфектни, а *-мо* и *-те* како аористни наставки.

§ 285. Во 2 лице мн. покрај старата наставка *-сте* се употребува и *-те*, која се јавила несомнено под влијание од југ. Што се однесува за нивната географска раширеност важи она што го рековме за *-смо* и *-мо*. Образувањата на *-те* се општо раширени на целата територија и многу се пообични, а во говорот на младото поколение готово и единствено се употребуваат. Сп.: *донесóсте* Коин, *крадéсте* Ром, *острижóсте* Лоп, *продадóсте* ли га вóла Чел, тъг и ви *утечóсте* Жег, вúја гу бéлки *свршúсте* рабóту и без мéне Кум, што *учинáсте* Коин; *зимáте* ли му на човéка Ром, и вúја *кажáте* му на њéга Тал, *направúте* ли Коњу, от когá *купúте* жúто Пч; заштó нé га *утепáте* додéк је бúја у планину? Ром.

§ 286. Во поглед на наставката за 3 л. мн. разгледуванава територија не е единствена. На кумановскиот дел во потесна смисла суштествуваат две наставки: старата *-ше* и *-а* (*-ја, -ba, -cba*). Првава превладува во селата што се наоѓаат северно од патот Паланка—Куманово а на југ се среќава до линијата Шопско Рударе—Коњу—Мургаш—Орашъц—Пчиња—Студена Бара—Агино Село, откаде што изоглосата се продолжува на црногорскиот дел и оди по линијата Раштак—Бразда—Кучково (MJ V 187), а на исток до Шопско Рударе—Страцин—Отошница. Оваа наставка за нас е интересна до толку што се одржала само на овој терен и во ск.-црногорскиот говор, додека на сета другата територија била усвоена имперфектната наставка. Но овде не се непознати и образувањата со *-а*, односно *-ја*, *-ba* и *-cba*. Во градскиот говор и во јужниот појас во говорот на помладото поколение тие се многу почести од формите на *-ше*. Природно е, ако ја сметаме наставката *-ше* како основна во овој говор, *-а* да се јавило под влијание на појужните наши говори. Во Славиште и во селата што се наоѓаат

[194]) М. Стевановић, Ђаковачки говор, стр. 127.

јужно од Погоре споменатата линија образувањата со наставката *-а* (*-ја*, *-ba*) се единствени. За појавата на согласките *ј* и *b* овде споменавме во фонетиката. Интересна е наставката *-cba*, во која *с* продрело од 1 и 2 л. (спрема *-смо*, *-сйе* се образувало и *-cba*). Се среќава во градот и во околните села.

Примери: *бастисува́ше* Кум, *сък мно́го бидна́ше* куќе Ром, *йрабна́ше* Чет, *докара́ше* ме у Кру́шево АгС; сите *йовтара́ше* де́цата Чел, како *йовася́ше* српските коми́те, *йливна́ше* одозго́р Др, *йрича́ше* за едно́ се́ло Чет, ме *йреїледа́ше* Чел; туј *се бори́ше* от соба́јле Чет, тричети́ри пу́та *се би́ше* Пч, кме́та га *ваши́ше* Пч, па гу *души́ше* цркву́, *запусти́ше*, тър га *запали́ше* Деил, не́колко бо́мбе *испали́ше*, мно́го *ши́ше* и. *изїнаше*, *изучи́ше* Деил; *дојдо́ше* АгС, *донесо́ше* ми пу́шке Ром, че́зе *дојдо́ше* за њи́ Кум, *исечо́ше* дрва, о́бе му ру́ке *отечо́ше* Ор, *йропадо́ше* Ром, *утеко́ше* Чет, Ник;

-а: *врна́а* се Ор, *їласа́а* ГК, у Српско ни га *зема́а* Драга́ново ГК, *заковба́* га В, *замина́а* Ор, *исйеїа́а* си све АгС;

-ја: *врши́ја* Пч, *вати́ја* Тал, зет му га *испуди́ја* Пч, Влаи́нкете *изучи́ја се* Коњу, *искочи́ја* Пез, по́сле се *насели́ја* Мил. Во крајните западни села како преоден глас *ј* поретко може да се сретне и меѓу другите вокали, сп.: *закла́ја* о́ни не́колко ду́ше Ор, нели ти *кажа́ја* Пч, ни́што не *моїа́ја* да му испра́тив Мил, къ́т га *утеїа́ја*, мло́го *умири́ја* ГК, *оши́до́ја* на кожа́нски манастир АгС, *оши́до́ја* у Бага́рију Пч, му *рекоја* на Васи́л'а Мил;

-ba: *добеїа́ва* АгС, *доїрча́ва* сви Кум, *курїулиса́ва се* Ст, не *моїа́ва* да до́јдев Ром, у на́ше се́ло *остана́ва* Ст, *йочна́ва* съ[а]с на́с Ор; *bugéba* ги Кум; *исчеїи́ва* вра́та АгС, *наредува се* Кум, *свршува* ли Ром, *йокрсти́ва* АгС, љу́ди *йозавриши́ва* рабо́ту, први пут къ́т *тражи́ва* Пч, *тури́ва* В; *дојдо́ва* Ром, *донесо́ва*, *изедо́ва* Ор, *йродадо́ва се* Ром;

-cba: *изїинаcba*, *најдécba*, *йројдécba* Кум, *bugécba* Ром, *испи́сba* Прој, *йи́сba* СБ, *изbадисba* га це́лога из ре́ку Ор, *наљуйи́сba* се на њи́ја Ром.

Разновидности во аористните основи

§ 287. Тенденција е во овој говор да се генерализира една основа низ целата парадигма во аористната форма и кај оние глаголи од некогашната консонантска основа, од типот *рекоb* и сл. во централните говори. Така покрај формите со *о* во 1 л. едн. и во множината, на пр.: *дојдо́ Руѓ*, *дадо́*, *зајдо́* Ром, *йројдо́* Ст, *одведо́* га Кум, *сйлето́* Ор, Ник, от къ́т *се удадо́* Кум, *убодо́*, *украдо́* Град, се употребуваат и примери со изедначена основа спрема 2 и 3 л.: ја му гу *дадé* ќерку и *венчá* ги Кум, и ја тър *дојдé* Кум, Ор, Ром, ја *отидé* Чет, Ор, Ром, ми *отидéмо* Пч, ми *се најдéмо*, *најдéмо се* съ[а]с њи́ја, *наједéмо се* гро́јзе, *кладéмо* о́гањ Ром, *дојдéба*, *отидéба*, *украдéба* Ром, *дадéа* Пч, *дадéба*, *донесéба*, *изедéба*, *сйлетéба*, *убодéба*, *украдéба* Ор, они *отидéше* Ром, *најдéше* Коњу, колекти́вци ми *дојдéше* Кум; или покрај *најдо́* одн. *наѓо́* Ник имаме *најдé* га (ја), *најдéте* ли га Ром; наспоредно со *о*[т]*цекó* врбу Ст, *облекó*

В, *испекó* Ор, *улеѓó* В, *затекóмо* Мил, В, *острѝпóмо* Лоп, *пòблекóмо* Стр, *облекóа се* В, *отекóа* Ор, *облекóше* Ник, *рекóше*, *отекóше* Чел, или: *затечó* ја Ром, њýма ву *речó* Дов, ја ти *речó* Град, *исечó* Отља, коњетѝну *пòвлечó*, *пèчó* клáсје Ром, *соблечó* га гóлога Ник, ја га *острижó* Отља, такój *затечóмо* од врéме Коњу, *исечóмо* Лоп, *пèчóмо* Чел, *сечóмо*, *речóмо* Чет, *острижóсте* Лоп, *утечóсте* Коин, *пèчóа*, *затечóа се* óбата Ром, *исечóа* Пч, *исечóше* дрва, óбе рýке *отечóше* Ром, волóви ми *се затечóше* Чет — со изменет консонантот спрема 2 и 3 л. едн. — се јавуваат и формите: *испечé* (ја) Пез, ми *се облечéмо* Ром, *речéба* Пч, Ром, *сечéба*, *испечéба* леп Ром, *дотечéба* вóде, *отечéба* ми рýке, óно ги *острижéба* óвце АгС. Само уште да нагласиме дека формите со изменетиот вокал од основата се поретки од првите и повеќе се особина на говорот на помладото поколение.

Употребата на двојни форми кај оваа категорија глаголи повлијаела да се јават паралелизми и кај некои други глаголи што им завршува аористната основа на *-е*. Тоа се пред сѐ глаголите од типот 'остари — остарев' (*и*-група, *е*-раздел кај Конески, Граматика II 150), кои се овде од *е*-група, и глаголите од типот 'умре— умрев' (е-група, *е*-раздел). Така покрај *изѝгорé—изѝгорéмо*, *оздравé—оздравéмо*, *обелé—обелéмо*, *оѝлубé*, итн. или *умрé—умрéмо*, обични се и формите: *ѝгорó*, *изѝгорó* Ор, *оживó*, *оздравó* Ром, једнѣк *оздравó* Пч, *обелó*, *оѝлубó*, *ослепó* Ор, *остарó* Ром, Кум, *оцрнó* Ор, *разболó се* Пч, *умрó* Ор; мн. *брт̀óа* Ранк, *изѝгорóа* В, *остарóа* Ор, Мург, *обелóмо*, *оздравóмо* Ор, *изѝгорóмо* од врукѝну Коњу, *изѝгорóва* АгС, *разболóмо се* Чет, *разболóва*, *оздравóва*, Ор *завртóше се* Чет, *брт̀óше се* и *отидóше* Чет, *пропиштóше* Ор, *усмрдóа се* Ор, *измрóа* дéцата В, деветѝна *умрóва* Деил, *изѝладнóа* Ром, *сък се сѝрóа* От. По овие се повеле и некои други глаголи: мумурýзите *останóа* АгС, *јанóва* Коин, *одлетóше* Мал, *измешóа* Ор, *изорóа* Рад, Ранк.

Глаголите 'види', 'обиди' (стсл. видѣти, обидѣти) исто така спаѓаат во *о*-раздел, сп.: *видó* га Мѝлета Жег, *видóмо*, *видóте*, *видóа* В, *видóше* Ник, или: нас не *видéва* óни Ранк, *обидó* и *обиѓó* Жег, ја га *обиѓó* млóго пут Ст: *обидé*, *обидéмо* га Ром.

Глаголите од типот 'брои' и овде, како во некои од централните и западните говори, во аористот имаат две основи: *брój*, *броѝмо*, *броѝва*, гл. *л*-форма: *броѝја*, *броѝла*, и *брojá*, *брojáмо*, гл. *л*-форма: *брojáја*, *брojáла*.

Од глаголот 'иде' се пазат и двете стари основи: *идó* — *идé*, *дојдóше* — *дојдéше*, и парт. *ѝшја*, *дóшја*, *дóшле* СтН, *ишѝл*, *ишлá*, Ранк, покрај *отидóше* — *отидéше* имаме и *одóсмо* Ник, и *отóше* (*одóше* + *отѝде=отóше*) Др, *отóше* да га вѝкав Чел, како во јужноморавскиот (СДЗ I 479). Две аористни основи имаат и глаголите *кóље*, *пòстѐље*: *закољáше* свѝњу Ром, *закољáја* си жéну Кум, и *заклáше*, *заклá* Кум, Ор, Ник, *пòстељáла* чéргу и *послáла* Ор.

Глаголите од типот 'грее' (стсл. грѣти, грѣ|ж) и овде се со проширена основа, сп.: *ѓрејá*, *заѓрејáмо* вóду Мал, *насмејá се*, *пòсејá*, *сејá* Пч. Со овие се изедначил и глаголот 'жнее' во кој превладала

презентската основа и во формите што се образуваат од аористната основа: *жнејá, ожнејáле* Дов, ШР. Со таква проширена основа се јавува и глаголот 'знае', сп.: ја *знајá* ГК, не *знајá* да се упрáвља Ранк, одде́к сам *знајáла* Одр, но од сложените: *по̄знáмо* се, *по̄знáла* Мург. Порано споменавме дека покрај *закълнáја, по̄кълнáла* се среќаваат и форми со старата претеритна основа: *по̄клéја, по̄клéла*, нé съм *клéла* Гер. Исто така беше нагласено дека глаголите од типот 'купува' ја пазат старата инфинитивна основа малу нешто изменета. — Покрај *по̄падна́ше* позната е формата со постарата основа *по̄падóше* Ром, Ор, Мат. Сп. и формата *по̄чáмо* Ор, покрај *по̄чнáмо*. Најверојатно е дека таа претставува видоизменување на *по̄чéмо* (по-чѧти).

Аористната форма од помошните глаголи

§ 288. Старата аористна форма од *бѣ|ти* до денеска се запазила само во некои западни говори (струшкиот, дебарските, во дел од охридскиот, преспанскиот, демирхисарскиот, кичевскиот и во некои јужни поречки села), сп.: *биф, би, би, бифме, бифте, бија*. На другата територија таа се загубила. Реликтот *би* веќе го загубил своето временско значење и се употребува во функција на партикула. Во кумановскиот говор имаме поинаков случај. Старата аористна форма се загубила и во него, но се образувала нова, и тоа на два начина. Во славишките села, како и во кривопаланечкиот говор, таа се образувала од основата *бид-* (за сегашно време): *бидó, бидé, бидé, бидóмо, бидóте, бидóа*; сп.: *бидó* и ја тъ̀га Ранк; *бидé ли* ти тъ̀га Длъб; он *бидé* мáлко съ[а]с нáс Пс, *бидóмо* и ми Оп. Во кумановскиот дел западно од Страцин и Дренък аористот се образува врз имперфектната основа, а за диференцирање се користи акцентот. Тука всушност имперфектната форма, која гласи *беше* (за сите три лица во еднината), го примила само аористниот акцент: *бешé*, а после за поголема изразност по аналогија на глаголите од *о*-група во 1 л. едн. и овде се јавило *-о*: (спрема *идó*: *идé, идé* = *бешó, бешé, бешé*). Сп.: Додéк *бешó* ја дóбро *бешé* СтН; *бешó* и ја у грат Ник, у аутосаобраќáјну шкóлу *бешó* Коњу, не ли *бешó* млади аџáмија АгС, ја *бешó* ХВ 336; како *бешé* што *бешé* не знáм АгС. Во множината пак акцентот не можел да врши смисларазличителна функција, бидејќи е основата еднослжна. Затоа тука гласот *с* од наставката станал ознака за имперфект; сп. (имперфект) *бéсмо, бéсте, бéсба* (*бéба*): (аорист) *бéмо, бéте, бéа*. Треба да се нагласи дека вакво диференцирање во множината сеуште не е консеквентно спроведено.

Очигледно е дека аористната форма се образувала допрва откога настанало изедначување на 1 л. едн. со 2 и 3 во имперфектот.

§ 289. Две аористни форми се среќаваат и од глаголот *хо̄тѣ̄ти/ хо̄тѣ̄ти*. Во крајните источни села, како во кривопаланечкиот говор се пази поархаичната форма, преобразувана само во 1 л. едн. и во множината спрема глаголите од *о*-група: *то̄, те̄, те̄, то̄мо,*

тоѓе, *тоа* (<хто). Сп.: Не *тѝ* да се врну, ја не *тѝ* да и́ду Ром, не *тѝ* да рабо́ти Длъб; он не *тѐ* да и́де Милут; ми не *тѝмо* да се преда́демо Ранк, не *тѝмо*, не *тѝѓе*, не *тѝа* Петр, на́шите не *тѝа* да пу́цат Ранк; о́ни не *тѝа* да врнат ко́њите и чове́ците Пс.

На другата територија се образувала нова форма од проширената аористна основа, сп.: *теа́* (за сите три лица во еднината), *теа́мо*, *теа́ше*, *теа́ѓе*. Најчесто се употребува кога е негирана, а тоа е сосем природно, зашто во такви искази особено се потцртува временскиот отсек. Сп.: не *теа́* (*теја́*), не *теа́мо*, не *теа́ѓе*, не *теа́ше*, или преобразувана спрема *ќе/оќе/нејќе*: не *ќеа́*, не *ќеа́мо*, не *ќеа́ѓе*, не *ќеа́ше*. Примери: Ову́ј го́дину сади́ше па не *ќеа́* да ни́кне АгС, он не *ќеа́* да и́де Ром, не *ќеа́* ни́кој да оти́де од на́шите, кът не *ќеа́* да завр́не Пч; ти ич не *ќеа́* да пи́јеш Коњу, човѐкъ[а]т не *ќеа́* да до́јде Ром; не *ќеа́мо*, не *ќеа́ѓе* Ор, не *теа́ше* ви́но Коин; кума́новци не *ќеа́ше* да га оста́вив Пч, не *ќеа́мо* да га поди́гнемо вста́нието Град; не *теа́ше* да се сло́жив Лоп; не *теа́мо* да му ре́чемо ни́што Ранк; ми не *теа́мо* да гу је́демо слани́нуту Гин. Во 3 л. мн. може да се сретне и *теа́*, на пр.: Они не *теа́* страцинќа́ни да се обрќев Лоп. Но имаме и ваква форма: кој *оќа́* предаде́ се Ор; Мана́с *оќа́* да и́де, тики те́ јо́ш га не́ма Клеч. (: през. *оќе*).

Минато определено несвршено време

§ 290. Лични наставки се:

едн.	1. л.	*-ше*	мн.	1. л.	*-смо*,*-а*(*е*)*мо*, *-шемо*
	2. л.	*-ше*		2. л.	*-сте*, *-а*(*е*)*те*, *-шете*
	3. л.	*-ше*		3. л.	*-а* (*-ва*, *-сва*), *-шеја*

§ 291. По аналогија на аористната форма (пред сѐ од несвршените глаголи) и во имперфектот 1 л. едн. се изедначило со второто и третото; наставката *-ше* станала општа еднинска наставка. Сп.: Ја не *мо́жеше* да и́ду Стр, ја *бе́ше* де́чко тѣ́га и *чу́ваше* ко́зе Мал, *ми́слеше* да и́ду до њѐга ју́тре Чел, ја у шко́лу кът си *и́деше* Ст, ја не *зна́еше* ни́што у Кума́ново Ром, ја та́м *сѐдеше* куде́ Јова́на у Кума́ново АгС, овде́ *прима́ше* ја по́више Коњу.

Овој процес на генерализирањето на *-ше* и во 1 л. ги зафатил сите северни говори на југ приближно до линијата Злетово—Свети Николе—Цидимирци (на кратовско-овчеполскиот дел) — Миладиновци—Стајковце—Оризаре—Вучи Дол (на скопскиот). За истава појава знае и јужноморавскиот дијалект сѐ до бугарската граница на исток, а спорадично се јавува и во некои западни бугарски говори[195]). Само во еден дел од јужноморавскиот говор процесот отишол уште понатаму: во 1 л. после се јавила презентската наставка *-м*[196]). Пренесувањето на презентската наставка и во имперфектот не е сосема случајно. Кај голем дел глаголи презентската и

[195]) Тодоров, цит. труд, стр. 356.
[196]) Broch, Dialekte, стр. 111.

имперфектната основа се еднакви, а освен тоа тие имаат сличност и во значењето, зашто и едната и другата форма значат дејство во процес, незавршено.

Кога започнал овој процес во споменативе говори, не можеме поодредено да кажеме. Израмнувањето можело да се изврши секако откога се изедначиле сите три лица во аористот, т. е. по загубата на *х*.

§ 292. Во поглед на множинските наставки разгледуванава територија не претставува апсолутно единство. Во 1 и 2 л. мн. се употребуваат по две наставки: *-смо*, *-сте* и *-мо*, *-те*. Првите превладуваат во посеверниот дел, а наспоредно со *-мо*, *-те* се среќаваат и во најјужните кумановски села готово сѐ до Орашац, Довезенце и Рударе, а спрема скопските говори до Студена Бара и Агино Село. Источната изоглоса оди сѐ по Крива Река до Псача и Длъбочица. Сп.: *-смо*: *ви́касмо* Отља, *ду́васмо* Ром, *и́масмо* је́дну коли́бу Прој, *ко́љасмо* Ром, *чи́тасмо* но́вине Ник; *бе́ресмо*, *бро́есмо* Ром, *зна́есмо* АгС, *и́десмо* у Рома́новце Ник, *је́десмо* Ром, *кажу́јесмо* Ор, *но́сесмо* Отља, *ки́несмо* Мал, *пи́есмо* Прој, Кум. Како индивидуална црта во некои западни села се среќаваат и форми со *ш* место *с*: *бе́решмо*, *зна́јешмо*, *стри́жешмо* Ром, *ме́решмо* СБ; — *сте*: *ви́каште*, *и́маште*, *не́маште* Отља, *и́деште*, *казу́јеште* Ром, *бр̀шеште*, *зна́јеште* Ром.

§ 293. Во селата јужно од Крива и Пчиња и источно од Рударе — Страцин пообични се образувањата со наставките *-мо*, *-те* (< *-хмо*, *-хте*). Но во овој дел од нашава територија интересна е промената што се извршила во крајот на имперфектната основа. По загубата за гласот *х* како компензација за него, како што е воопшто во источните говори, се јавило извесно удолжување на претходниот вокал (од основата). Но бидејќи по загубата на *х* првото и второто лице мн. и формално и акцентски се изедначиле со презентот, се јавила потреба за отклонување омонимијата на овие две форми. Малата должина на основниот вокал сеуште била недоволна за да може да послужи за нивното диференцирање, но затоа таа била исползувана да се развие нов вокал кој влегол во состав на наставката. Покажан на пример процесот се одвивал по овој начин: *ви́ка-х-мо* > *ви́ка̄-мо* > *ви́ка-амо*, *но́се-хмо* > *но́сē-мо* > *но́се-емо*, итн. Сп.: *и́маамо* Мург, *ко́паамо* Оп, *ме́њаамо* КБ, *ру́чаамо*, *ру́чаате* От, *је́деемо*, *но́сеемо*, *се́јеемо*, *сто́јеемо* Град. Преобразувањето во 1 и 2 л. мн. во оваа смисла се извршило и во другите источни говори што знаат за губење на *х* пред консонантите (штипскиот, радовишкиот, дел од тиквешките, овчеполскиот, кратовскиот и кривопаланечкиот). Во кратовскиот говор процесот отишол уште понатаму. Од глаголите од *а*-група наставките *-амо* и *-ате* се изделиле како посебни наставки и почнале да се додаваат и на глаголи што им завршува имперфектната основа на *-е*, на пр.: *но́сеамо*, *се́чеамо*, одн. *но́сеате*, *се́чеате*. Вакви форми можат да се

сретнат и во оние села од кумановската територија што непосредно граничат со кратовскиот говор; сп. *бе́реамо* Оп, ШР, *и́деамо*, *кри́еамо* Топ, *но́сеамо* Топ, ШР, *по́чеамо*, *се́деамо*, *се́деаше* ШР.

§ 294. Во Славишге на запад и југозапад до линијата Дренък—Страцин—Шопско Рударе—Тополовиќ и на исток до границата со кратовскиот говор и Крива Река сѐ до државната граница со Бугарија, наспоредно со образувањата на *-смо* (*-сше*) и *-мо* (*-ше*) се употребуваат и имперфектни форми со наставките *-шемо* (1 л.) и *-шеше* (2 л.), кои се карактеристични за јужноморавските говори[197]); на пример: *бо́зешемо*, *бе́ешемо* Длъб, *ѣа́ѓашемо* Петр, *сѣдашемо* Длъб, *и́машемо* па́ре Ранк, *и́машемо* леп Љуб, ла́ньску го́дину сва́к дън *и́дешемо* у ло́в Рад, ми́ја *се кри́јешемо* тък От, *пе́чешемо*, *пи́ешемо*, *се́дешемо* це́лу зи́му Ранк, *стру́жешемо* Петр; *ви́кашеше*, *ѣа́ѓашеше* Ранк, *бе́решеше*, *ко́пашеше*, *се́дешеше* Длъб.

Проширувањето на имперфектната основа со *-ше* и во множинската форма било диктирано од истите оние услови што предизвикале промени во основниот вокал во погорниве примери: да се избегне омонимијата со презентот. Наставката *-ше* се сфатила како дел од имперфектната основа. Ова најдобро го потврдува материјалот од јужноморавските говори. Во врањскиот, на пример, поради изедначувањето на презентот и имперфектот, имперфектната основа се проширила со *-ше* во целата парадигма (*чувашем*, *чувааше—чувашемо*, *чувашеше*, *чувашеѣ*)[198]). Во говорот на селото Луково (Врањско), каде што во 2 л. мн. се задржала наставката *-сше*, а во 3 л. се јавило *ѣ* пред крајното *у*, проширувањето се извршило само во 1 лице, т. е. таму каде што се јавила омонимија[199]), а во лесковачкиот и во 3 лице мн., сп.: *чувашемо*, *чувашеѣ*, но *чувасше*[200]).

§ 295. Во 3 л. мн. старата наставка *-у* (<*ж*) може да се сретне' но многу ретко, само во козјачките села. Сп.: Та́мо што *рабо́теву*' *рабо́теву* за њи́ма Ник, *бе́ву* Коин, по́лане кои *бе́ву* там Мал, на́прет *бе́ву* коми́те Жег, о́вде *бе́ву* Ту́рци, не *и́деву* та́мо Коин, же́не *се мо́леву* све од рет Арб. Вакви образувања карактеристични се за некои југоисточни врањски села[201]).

Општа наставка за 3 л. мн. на целата територија од овој говор е *-а* (*-ја*, *-ва*): *бе́сеа* Ром, *брѣеја* Оп, *га́ваа* Пс, Гин, партиза́ни га *држеа* тъј рит Ром, *и́маа* Пч, Мург, *и́деа* Тал, *кри́јеа* Тал, *ко́паа* Оп, Пс, Длъб, *крѣеа* Пс, *о́реа*, *се́деа* Отља; почести се со *-ва*: *се бо́рева* Ор, Мал, *бро́ева* Ром, *брше́ва*, *бо́геба* чеслѣк Ром, *ви́кава* Отља, *ге́лева* АгС, не *зна́јева* што је Ту́рско Ос, *кажу́јева* Ор, *иска́чава* но́ќе Чет, *ко́љава* Ром, *лѣжева* Пч; *ле́ѣава* Отља, *ни́жева*, *но́сева* Ром, Ор, *одобру́јева* Мал, ко́њите си *о́геба* Арб, *пи́ева*, *пу́цава* Кум, *пису́јева*, *пу́шѣава* Чел, *пла́ќава*, *па́лева* Ром, *рабо́теева* Мург, *ри́ѣава* НС.

---

[197]) Broch, o. c.,
[198]) Broch, o. c., 112.
[199]) Broch, o. c., 142.
[200]) Broch, o. c., 170.
[201]) Broch, o. c., 142.

Формите со наставката *-сва* пообични се во говорот на младото поколение и почести се во југозападните села и во градскиот говор. Сп.: *бе́ресва* и *бе́решва* Ром, *бро́есва* Прој, *гу́васа*, *ге́несва*, *зна́јесва зна́јешва* Ром, *је́gесва* Кум, *кажу́јесва* ШР, *ни́жесва* и *ни́жешва*, *пре́gесва*, *пла́касва*, *по́есва* Ром, *пу́gесва* Отља, *стри́жесва* Прој, *шиjесва* Ром.

Во славишките села само неколку примери забележив на *-ше(j)а*: *ја́ѓашеа* Петр, *па́сешеа* Љуб, Ранк, *но́сешеја* Петр (сите забележени од постари луѓе). Во северните паланечки села вакви форми се јавуваат почесто (MJ V 27).

Потеклото на наставката *-а* овде е јасно. Таа се генерализирала најверојатно уште пред *у* да се редуцира во *b*. Форми на *-а* се среќаваат далеку на север преку границата на нашата јазична територија. Во говорот на Крива Феја, во кој имперфектната форма се образува по ист начин како во Славиште и во кривопаланечките села, Брох покрај формите на *-шеву* приведува и форми на *-а*, сп. *трeсеја—трeсеа, чувaа, молеја — молеа*[202]).

§ 296. Целата парадигма на имперфектната форма гласи:

един.	1—3 л.	*и́маше*	*бе́реше*	*но́сеше*	
мн.	1. л.	*и́масмо*	*бе́ресмо*	*но́сесмо*	
	2. л.	*и́масте*	*бе́рестe*	*но́сестe*	
	3. л.	*и́маа*	*бе́реа*	*но́сеа*	
		и́маba	*бе́реba*	*но́сеba*	
		и́масва	*бе́ресва*	*но́сесва*	(Кум),
или:					
	1. л.	*и́маамо*	*бе́реемо*	*но́сеемо*	
			бе́реамо	*но́сеамо*	
	2. л.	*и́маашe*	*бе́реeшe*	*но́сеeшe*	
			бе́реашe	*но́сеашe*	
	3. л.	*и́ма(b)а*	*бе́ре(b)а*	*но́се(b)а*	(ШР),
одн.					
	1. л.	*и́машемо*	*бе́решемо*	*но́сешемо*	
	2. л.	*и́машeшe*	*бе́решeшe*	*но́сешeшe*	
	3. л.	*и́ма(b)а*	*бе́ре(b)а*	*но́се(b)а*	
			бе́реше(j)а	*но́сеше(j)а*	(Оп).

Имперфектната форма од помошните глаголи

§ 297. Од *бити*: *бе́ше*, мн. *бе́смо* (*бе́мо*, *бе́шемо*), *бе́сте* (*бе́ете*' *бе́шете*), *бе́а* (*бе́ја*, *бе́ba*, *бе́сва*, во Козјачијата и *бе́by*).

Од глаголот *хтеѣти/хотеѣти* се употребуваат двојни форми:

	един.		мн.
а)	1.		1. л. *те́смо*, *те́мо*
	2.	*те́ше*	2. л. *те́сте*, *те́те*
	3.		3. л. *теа* (*теја*, *теba*),

[202]) Broch, o. c., 224.

и: б) 1.			1. л. *ќе́мо, ќе́смо*
2.	*ќе́ше*		2. л. *ќе́те, ќеспе*
3.			3. л. *ќе́а (ќеја), ќе́ва.*

И едната и другата се употребуваат паралелно на целата територија. Другата, која е понова (добиена е со контаминација на *ше* и *ќе, оќе, неќе*), е повеќе црта на говорот на помладите, и превладува во западниот и јужниот дел на оваа област. Карактеристична е таа и за скопско-велешката група говори, а се среќава и во некои источни дијалекти.

Во Куманово ја забележив и формата *чеже*: за ма́лко *чеже* па́днев у ре́ку. Во велешкиот говор таа е доста обична и овде секако е внесена отаде преку говорот на велешаните кои се овде доста бројни. Нејзиното образување може да се објасни по овој начин: *ќеше да — ќеш' да — ќеж' да* и оттука *ќеже* > *чеже.*

Се забележува тенденција за генерализирање на еднинската форма и во множината, сп.: они *ше́ше* да ме те́пав Мал, *ше́ше* да поки́снемо Др, еднѣк *ќе́ше* да ме при́мив Пч, *ќе́ше* да ме уте́пав Ор, ми *ќе́ше* да и́демо Кум.

Заповеден начин

§ 298. 2 лице едн.: а) *брќај* се Дов, *ѕле́дај* ма́јку Кум, *прошќа́бај* Жег, *подиза́ј, су́кај*; б) *бржи* му ру́киte ГК, *јобо́ри* Др, *жми* Кук; *бej, јобе́j* Кук, *изашка́ј* га пла́тното, *изброј* ги о́вце Ор, *јосто́ј, скроj* му кошу́љу Пч, *обу́ј се* Ор, *шра́ј* си Кум. Кај глаголите од типот 'мие' и овде крајното *ј* често се испушта. Така покрај: *наши́ј се* Кум, *ши́ј* Ранк, *съ[а]ши́ј* га аљи́ште Дов, *уби́ј* га пога́нцотога Длъб, имаме: *наши́ се* во́ду В, Коњу, *изми́* се Дов, Кан, *изми́* си ги но́шчики Ст, *јови́* га де́те В, *скри́ се* СтН, Мал, Стр.

Глаголите на *-ује* имаат само една форма: *излеку́ј* си се, *казу́ј* ми Кум, *кажу́ј, купу́ј* ШР, *шишу́ј* га Чел, *пушу́ј, сшану́ј.*

2 лице мн.: *бе́ѣајше* у го́рњи крај Ром, *ви́кајше, прошќа́бајше* Кум, *пои́шрајше се* Мург. Глаголите од *е-* и *и*-група обично во 2 лице завршуваат на *-еше*: *дојдеше* Мал, *доне́сеше* ла́дну во́ду В, *бр̀зеше* га, *бр̀неше се* Дов, *зе́меше* Руѓ, *изле́зеше* Кум; *но́сеше* Длъб, Ор, *напу́неше* КБ, *нара́неше* ги де́цата Пч, *нани́жеше* га тутун В, *оспа́веше* ми Ст. Во оние случаи каде што во еднинската форма имаме *ј* од *и*, тоа се јавува и во множината: *да́јше, избро́јше* Кум, *насме́јше се* Коњу, *пи́јше, јосе́јше, съ[а]ши́јше, обу́јше се.* Но не ретко овие и слични случаи можат да се чујат и без *ј*: *изми́ше се* Ор, Коњу, *јови́ше* ги де́цата Пч, Одр, *скри́ше* се Стр, редовно: *обу́јше се, купу́јше* и слични образувања.

Во градскиот говор паралелно со формите на *-еше* се слушаат и образувања со наставката *-ише*: *ле́ѣнише, избе́рише, ку́пише, се́днише, у́дрише.* Обични се вакви образувања во говорот на младото поколение.

Во неколку примери наставката *и* се губи. Најчесто тоа станува кај глаголите 'бежи', 'држи', 'нижи', и тоа обично при засилена заповед или возбуда: *Дрш* се за же́ну Кум, једнóга *дрш* при се́бе Ром, *бе́ш* та́мо Ст, *ни́ж* тутýн Пч, покрај *бе́жи* и *бе́јај*, *држи*, *ни́жи*; множина: *бе́шīте* и́де тýрска вóјска Ст, *дрши́те* га и овъ́ј бе́ше Мал. Често без наставка се употребува и глаголот 'чека' : *Че́к* још ма́ло де ВИљ, *че́к* да ти изеса́пу ВИљ, *че́к* да те ви́ду Кан; *чек* малко, Донче, *чек* ВИљ — покрај *че́кај*, но само *че́кајте* во множината. Неколку пати забележив и *леī*: *ле́ī* зър ќе те убијý Ник; исп. кај ХВ: А снашка му рекна́ла: *леī*, чичо, *леī*, ја мома, ја трбу чешу (343). Сп. уште: *ајд* да ти сипу ВИљ; *оше́ш* Гер (=отежи). — Заповедната форма од 'јем' гласи *је́ди* Кум, Стр, Мал, Пч, мн. *је́дете*.

§ 299. *Описно искажување на заповед.* — Заповед за 3 лице се изразува како во другите говори — со частичката *нека* и презентот: *нека и́де*, же́не *нека оста́нев* нека жне́јев Ор.

Желба и почит и овде се искажуваат со презентската форма и сврзникот *да*: *Да се забра́ни* Чет, *да и́деш* пра́во куде́ њега ГК, овój де́те *да* га *изīу́бите*, *да* си га *тр̄не́те* дóма Ром; *да у́знемо* и ми Ник.

Заповед повикување се изразува по синтаксички пат — со императивот и *ајде* (*ај*), или *ајде* и презентот со *да*: *Ајде*, *уле́зи* у ку́ку Ром, *а́ј ра́ни се*, *а́ј замо́ни* си, *а́јде уле́зете* Кум, *а́ј по̄и́прај* си *се* Ст; *а́ј да сīуле́теш* чара́пе Ст, *а́ј да си по̄и́немо* Мал, *а́ј да запа́лимо* по је́дну. Поретко во ваква функција се употребува и *ела*: *Ела*, *е́ла* да си пи́немо В. Поради ваквата своја употреба частичката *ела* почнала да добива глаголско својство. Таа ги примила и наставките од императивната форма: *е́лај*, *е́лајте* ГК, СтН, КБ, како *ви́кај*, *ви́кајте* (*а*-група).

По углед на овие форми множинската наставка *-те* почнала да се пренесува и на некои прилози што содржат нијанса на заповед, на пр.: *бр̄и́те* ва́мо Кум, со значење 'иди бргу'. Вакви образувања се познати и во други наши говори, сп.: *ва́муте*, *до́ста̄те* — во полошките и поречко-кичевската група говори, *ела́јте*, *бар̄о́јте*, *хајде́јте* — во говорот на Бобошчица[203]).

Негирање. — Негираната форма освен со частичката *не*, сп.: *не́* ги *ка́рај* Коин, *не́ забо́дуј* трн у здра́ву но́гу, *не́ ку́сај* муке́ницу Кум, *не́* га *чъ́чкај* њега Ром — се искажува и описно со частичката *немој*, *немојте* и презентот со *да*, и тоа само за 2 и 3 лице: *Немо́ј да осе́бне* Мал, *немо́ј да īа īа́зиш* Жег, *немо́ј да и́деш* куде́ Ко́сета Ор. Форми со *немој* и *импера̄ив* или *немој* и *скра̄ената инфинӣивна форма*, какви што можат да се сретнат во граничните српски дијалекти и во северозападните бугарски говори, во кумановскиот, и воопшто во североисточните говори, не се употребуваат.

[203]) A. Mazon, Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du Sud, str. 86.

§ 300. Формата за машки род има две наставки: *-л* и *-ја*. Првава превладува во јужниот дел на кумановската област, почеста е и во Славиште, а колку што се оди по на север од патот Страцин—Куманово станува сè поретка. Во козјачките села се јавува веќе спорадично. Образувањата со наставката *-ја* се среќаваат на југ до линијата Студена Бара—Пчиња—Орашац—Коњу—Шопско Рударе—Талашманце. Во соседните кратовски села Сакулица и Татомир веќе се тие непознати. Спрема кратовскиот и кривопаланечкиот говор изоглосата оди приближно по линијата Талашманце—Опила—Одрено—Длъбочица—Метежево, а после свртува на исток спрема Црцорија и бугарската граница. Во северните паланечки села Луке, Метежево, Подржикоњ, Огут формата на *-ја* е сосем обична. На запад спрема скопските говори оваа наставка се среќава до Агино Село и Студена Бара.

Меѓутоа, на целата оваа територија таа не се употребува подеднакво: превладува во козјачките и црногорските села, а пообична е и во градскиот говор. Во југозападните села од Агино до Клечовце таа е исто така обична во речта на помладите, додека во говорот на постарите формите на *-л*, како што рековме, доминираат.

Освен во кумановскиот говор наставката *-ја* ја познаваат и граничните српски дијалекти на целиот појас од Призрен и Ѓаковица па до границата со бугарскиот јазик на исток[203а]). Во некои од тие говори постанокот на *-ја* може да се објасни фонетски, на пример во ѓаковичкиот говор, во кој „крајното *л* во м. р. во сите случаи доследно се изменило во *о*"[203б]). Меѓутоа, во призренскиот и во јужноморавскиот дијалект таа фонетски не може да се изведе, зашто крајното *л* во нив нити отпаѓа нити пак преоѓа во *о*[203в]), како впрочем и во кумановскиот говор. Белиќ се обиде да ја поврзе неа со имперфектната форма,[203г]) но тоа останува сеуште само хипотеза.

Сп.: *викáја* Кум, Ник, *ваќáја* Жег, МлН, *варкáја* Ром, *īледáја*, *дабáја* Ранк, *достāвљáја* Чел, *досаѓáја* ВИљ, *земáја* Ор, Мург; — *врāшīја се* Ор, Арб, он је *изучúја* занáат Мург, *исцепúја се* Ст, *качúја се* Арб, он *нальутúја се* Кан; — *видéја* Пч, Ор, Ст; — *акнáја се* Кум, *врнáја* Ром, Ник; кај глаголите од типот 'јаде' и 'плете': *јéја* Ор, Стр, Ром, он је *īлéја* Стр, *īрéја* Кан, *испрéја*, *смéја* га гúмното Дим, *срéја* га еден човéк Ром; од 'краде': *крáја* Др, *украја* Стр; или од глаголите од типот 'пече' и 'стриже' наставката *-ја* се додава на општиот глаголски дел, сп.: *īéкја* Коин, Жег, ШР, *испéкја* га је

[203а]) Белић, Дијалекти, с. 596. — Broch, Dialekte, с. 113. — Г. Елезовић, Извештај са дијалектолошког путовања од Вучитрна до Пећи, СДЗ, II, с. 471. — М. Стевановић, Ђаковачки говор, СДЗ, XI, сс. 133 — 134.

[203б]) М. Стевановић, Ђаковачки говор, с. 133.

[203в]) Белић, Дијалекти, с. 597.

[203г]) Белић, о. с., 596 — 604.

Др, *рéкја* Отља, Ор, От, Ст, он му *рéкја* на њéга Ром, *сéкја* је Руѓ, *прeсéкја* От, Кан, *исéкја* Кум, Отљ., *стéкја* имáње Ром, *утéкја* беше Ор; или глаголите изведени од основата *блек-*: *доблéкја* Кум, Ник, *облéкја се* Мал, Кум, *соблéкја* Кум; *лéїја* Кум, Ор (аор. легó, легóмо), *налéїја се* на рýку Кум, *улéїја* Ор, *побéїја* АгС, Мал, *спрúїја* Кан, *острúїја* ги óвцете От. Спема овие се преобразувани: *избрúкја* Кум (сп. *исбриков* во другите говэри), покрај *избричúја*, и *плáкја* Кум, *расплáкја се* Кум, Ром, покрај *расплакáја* и *расплачáја* (:аор. *расплакá* и *расплачó*). Овој тип глаголи поретко партицип образуваат и со наставката *-áја*, на пр.: Две гóдине је *леїáја* у затвор Ос, къд би *моїáја* ВИљ (аор. *леїá* и *лежá*, *моїá*; исп. во овој говор и несвр. глаıол *леїа*).

Формите на *-аја* почесто се јавуваат кај глаголите сложени со 'иде'. Така, покрај *дóшја* (*дóшла*, *дóшло*, *дóшле*) Ром, Кум, Жег, Пч, *úшја* Отља, Ром, *наúшја* Ор, Ник, *отúшја* Стр, Ор, Деил, Кум *пóшја* је на пазáр Руѓ, *прóшја* Коин, имаме и: *Дошáја* тег и он Отља, кудé си *прошáја* Ранк. Последниве форми исто така ги наоѓаме на целата територија, но во селата јужно од Страцин и Куманово се многу ретки.

Во славишките села, и само спорадично во источниот дел на Козјачијата, се среќава и наставката *-ъја* (:ъл) и тоа само кај последниве глаголи (од типот 'иде'). Сп.: *дошъја* Ранк, Стр, *нашъја*, *ишъја* Стр, *зашъја* зат куќу Стр, *отшишъја* Стр, *пошъја* у лóв да úде Гин, покрај *дóшја*, *úшја* итн. Формите од типот *ишъја* треба да ги сметаме за постари. Наставката *-ъја* била општа за сите глаголи од овăа подгрупа (сп. паралелни форми: ишъл, дошъл, рекъл, и др.), значи и *рекъја*, *пекъја* и сл. Губењето на темниот вокал можело да стане само по аналогија и тоа спрема формите за другите родови (спрема *рекла*, *рекло*, мн. *рекле* — *рекъл*), и тоа станувало веројатно откога се пренесол акцентот од последниот слог. За тоа укажува материјалот од славишките села, каде што имаме: *ишъја* — *ишлá*, *ишлó*, *ишлé* и *úшја* — *úшла*, *úшло*.

Кај глаголите од типот 'плака' исто така се употребуваат двојни форми — со *-аја* (*плакáја* Кум, *расплакáја се* Чет, или *расплачáја* Ром: *плáче*, *сукáја*, *струїáја* Коин) и со *-ја*: *расплáкја* Кум, дете *преплáкло* Кан, *истрýїја* (последниве се доста ретки), кои се преобразувани спрема формите од типот *рекја*.

Примери со наставката *-л* сметам нема потреба да приведуваме. Уште еднаш само да нагласиме дека глаголите што им завршува општиот дел на согласка во формата за машки род имаат ъ, сп. *блéкъл*, *дóшъл*, *рéкъл* или *рекъл* итн. (в. § 39).

Има овде неколку случаи што треба да се одбележат поради нивната основа.

Сложените глаголи со *несе-* (донесе, однесе итн.) глаголската *л-* форма ја образуваат од основата *-не-* ,сп. *донéја* — *донéл*, *донéла*, *донéло*, *донéле* Кум, Руѓ, Пч, *однéја* Кум, Чет, *принéја* Ор, *понéл* Кум, *принéле* рýчъ^{q}к Одр, От, жена му *принéла* вечéру ХВ, *принéле* Ранк, *нанéле* смо штéту Гин.

Вака се образува таа од ови глаголи на целото северно јазично подрачје, вклучувајќи ги и говорите во Горно Повардарје, и во сите источни наши говори, подразбирајќи ги тука и пиринските[204]). Како што е познато, оваа црта е карактеристична и за српскиот јазик, и поради тоа некои неучници, меѓу кои и Јагиќ[205]), ја објаснуваат неа во македонските говори како нанос од српскиот јазик. Меѓутоа, и нејзината географска распространетост во нашите говори, и фактот што неа ја наоѓаме дури во источните бугарски дијалекти[206]), кои немаат никаква врска со српската јазична територија, зборуваат во прилог на тезата на К. Мирчев: дека е таа стара особина и во македонскиот јазик[207]).

Поделени се мислењата меѓу научниците и во поглед на нејзиното образување. Повеќето од нив ја изведуваат од стариот сигматски аорист, чија основа после се проширила и во инфинитивот[208]). За српско-хрватскиот јазик веќе нема опонирања. Македонската форма, според Мирчева, се добила со скратување од *донесъл*[209]). Меѓутоа, неговото мислење во науката останува сеуште осамено. Се нема овде некој поособен разлог за сомневање во тоа дека порано на македонскиот терен егзистирале и двете основи: *-нес-* и *-не-*. За образувањето на оваа форма има и други објаснувања (Вајан, на пр., ја сврзува со итеративниот глагол *донеѣам*). Повеќе по ова прашање види во цитираната расправа на Мирчева.

Кај глаголите од типот 'знае', 'ткае' имаме двојна основа, сп.: *зна́ја* Кум, Ром, АгС, *зна́л* Мург, Ор, *ткája* Кум, *исткája* Мал, *ткал* Пч, и проширена: *знајája* Ор, *знајáл* је Пч, Мург, *знајáла* Рад, одде́к съ^{a}м *знајáла* Одр, *ткајája* Кум, Отља, потоа: *теája*, *неќејája* МлН, Кум, *неќејája* да о́де Ор, *неќеáл* Стрез, *неќеáле* Стр, *теáл* Ранк, покрај *тел*, *те́ја* (аор. теá, неќеá); *мислеáл*, *мислеáла*, *мислеáле* Ранк образувани се секако спрема имперфектот (*мислеамо*, *мислеаше*). Глаголите со некогашната основата на *-л* (од типот *по-чѧти*) ја пазат старата претеритна основа: *начéја* га ле́бъ^{a}т, *начéл* Стр, *почéл*, оно *почéло* да ви́ка Карл, *почéла* да иде без кошуљу ХВ 342, у Ту́рско се је *почéло* Др, *съпéл се* Ранк, *заклéја се* Ник, *распéле* га на крс Ор, *отéја* Ром, *узéја* га за зе́та Руѓ, но и *почнája*, *узнáл* Ранк. Сп. уште и: *бол*, *убóл* Стр, *бóла* Одр,

[204]) К. Мирчевъ, Неврокопскиятъ говоръ, ГСУ, XXXII, стр. 84.

[205]) V. Jagić, Entstehungsgeschichte der altkirchenslawischen Sprache², Berlin 1913, c. 278.

[206]) Бернштајн неа ја наоѓа во некои бугарски говори во Советскиот Сојуз кои имаат генетичка врска со источнобугарските дијалекти. Врз основа на овој факт тој заклучува дека оваа форма ја познаваат и источните бугарски говори (сп. во статијата *Заметки по болгарской диалектологии*, Славянска филология, Сборник статей, вып. II, Москва 1954, стр. 75).

[207]) К. Мирчевъ, Неврокопскиятъ говоръ, с. 90.

[208]) Сп. литература по ова прашање во студијата на Мирчев во ГСУ, XXXII и во СпБАН, L, 215—222.

[209]) Мирчев, ibid. — За оваа теза тој инсистира и во неговата *Историческа граматика на български език*, София 1952, стр. 133.

изб̄о́ла Гин, Одр, *зап̄р̀л* Дљб, *узре́л*, *узре́ло* гро́јзе Мург, покра̀ј *узрејáло*, *бржáја* Ст, Кум, *запúсája* и *запúшúја* (: пише — записá), *избрúсája* и *избрúшúја* Кум, *кажáја — казáја* Ром, Стр, *опасája — опашúја*; *курдúшúáле се* Руѓ, и *курдúсáле* Коин, *лúпшáло* Ром, *мулосáло* Мал, *брáја*, *набрáја* Ром, *испрáја* Ром, *одрáја*, *умрéја*, *заклáја* и *закољáја*, *послáја* и *постељáја* Ор; *бејáја* Отља, *избејáја* Кум, *грејáле се* Ром, *живејáл* Ор, Пч, поретко *живéл*, *живéле* Ник, *насмејáја* СБ, *посејáја* Отља; *броúја* Чел и *брojáја* Кум, Ник, *гоúја се* Отља, како *се згojáја*, *згojáл* Ром. Покрај *набезáја* Ник имаме *набéзја* СтН; од 'чини' — *чинáл* Кум, мáлко ли съм тój *чинáла*, што съм ти *учинáла* ВИљ.

Форми на *-ел*, од типот *носел* во централните говори, споменавме веќе, овде не суштествуваат.

Глаголска придавка

§ 301. Глаголската придавка најчесто завршува на *-н*, *-на*, *-но*: *жéнен* Ор, *заплéнени* Пч, *забранено* Др, *кáнен* Ром, *некáнени* гóсти Чет, *напýнен* Ром, *плéнени* АгС, *посúнено* Ром, *променéн* Пч, у бело *променени* Ор, *ранен* Ник. Спрема овие преобразувана е после и формата кај глаголите од типот 'падне/падна', сп.: лúсник *дéнен* Мал, шýма *здéнена* Ром, *закълнен* Ром, *закúсњени* Чет, *зафáнен* Ранк, *искúнено* Ром, мумурýс останá *ненагрнен* Чет, *наврнен* Ром, *врнено* СБ, *ожнéено* Ранк, Ор, *обрнено* Ник, *поврнено* Ор, *побýтнена* Ор, *пáднено* Пч, слáма *пáднена* Ром, *подúтнено* Руѓ, *прокълнена* Ор, *пýкнено* ШР, *пóчнено* Мал, или *пóчено* Мург, *разъпнене* кóже Ор, кньúге му са *ýзнене* Ор. Многу се ретки случаи на *-ан*, сп. слáма *дењана* Ник, *здењана* Арб, *ненагрнан* Чет.

Образување на *-т*, *-та*, *-то* се среќаваат само спорадично, и тоа главно во западните села, сп.: *жењети*, *забрáњето* Пч, *здењáти* Коин, *плењето*, си гу земája *променењету* невéсту Ром, *пýнети* ГК, *попúнато* Бељ, свúње *рањете* АгС, *рањет* Пч, ГК, *цењет* је бúја Ст; исп. и: *открúто* Мург, *убúт* В, овдé је *убúт* Стр, *ýмрет* ГК, покрај *открúен*, *убúен*, *ýмрен*.

Од другите глаголи: *бúкан*, *закóвано*, *истéпан*; *бúдено* Ранк, сéме *бáрено* Пч, *завáтено* ГК; *бézено*, *кáзано*, *пúсано* Ор; *писýвано*; *сардúшано* Ром, АгС, *зóбен*, *зóбени* Ник, Коин.

Кај глаголите од типот 'дере/дра' глаг. придавка се образува од презентската основа: *бérени* ШР, *испérени* ли сà аљúшта Ор, *опérени* Ром, *одérени* Пч, Ор; сп. и од 'коле': вол је *закóљан*, *закóљана* Ром, *закóљане* óвце АгС, *закóљани* Ст; кај глаголите од типот 'грее/греа': *згréено* ШР, *засéено* Коњу, *посéено*, *одвéено* ли је жúтото Ор.

Остатоци од старото јотување се запазиле, како што се истакна порано, само кај глаголите од типот 'брани', сп.: нáше кýќе сà *бráњене* Арб, *жéњен* Мал, *жéњети* смо бúле Ник, *забráњето* Пч, они сà *збýњени* Арб, *закúсњени* Ник, бъчве сà *испráзњене* Арб, *напýњено* Жег, Ор, *непроméњена* Мал, *променéн* Арб, *препроméњен* човéк

Ник, *ра́њени* мно́го је има́ло Чет, све па́ре са́ *сме́њене* Арб, бе́ше *це́њен* у Кума́ново Чел, или: *ра́њеши* Пч, Ник, *це́њеш* Кук, покрај: *же́нен*, *забра́нено* итн. (в. погоре). Спрема овие образувани се после и формите: *зде́њаша* Коин, сла́ма *де́њана* Ник, све је *обр̀њено* Чет (в. §§ 60, 89).

Покрај *на́јден*, *одре́дено*, *осу́ден*, *ро́ден* (и тие се пообични) овде-онде се среќаваат и формите: *на́ѓен* Кум, Ор, *одре́ѓено* Жег, *осу́ѓен* Ник, *ро́ѓен* Кум, кои се карактеристични и за јужноморавскиот дијалект (СДЗ I 152).

Глаголски *н*-форми од непреодни глаголи се доста ограничени: ги среќаваме знатно поретко отколку во говорите со кои се граничи кумановскиот на запад и југозапад. А оние образувања што ги наоѓаме најчесто се употребуваат во состав со глаголот 'сум' во именски прирок. Сп.: У на́шево се́ло прво *је до́јден* Атана́с Ба́бата Стр. Он *је оти́ден* по воло́ви В. Овде је *би́ла про́јдена* бриго́да. — Сък *је до́јден* из Ма́врово Пч. Што *је до́јдено*! Зна́јеш на́ши што *је оти́дено* по работу Мург. Откако *је* Турчин *иско́чен* ШР. У ва́шата ку́ќа *смо оти́дени* ГК. Де́те још не́ ми *је за́спано* СБ. Кру́шката *је би́ла ѝадне́на* Пез.

Со глаголите 'има'/'нема': *Не́ма о́дено* у печа́лбу ГК. *Има* овде́ *про́јдено* Пч. Мо́ж да *и́ма до́јдено* Мург. Дваесе луше партиза́ни *и́маше по́јдени* Стр (в. § 314).

Глаголски прилози

§ 302. За глаголскиот прилог имаме две наставки: *-ќи*, како во повеќето наши говори, и *-ќе*, која претставува остаток од некогашната номинативна множинска наставка. И едната и другата се употребуваат на целата разгледуванава територија, но не во подеднаква мера. Образувањата со првата превладуваат во Козјачијата, пообични се тие и во градскиот говор, а формите на *-ќе* во јужниот појас.

Интересни се за нас образувањата со наставката *-(е)ќе*, и тоа до толку повеќе што таа не се среќава, не е барем досега констатирана, во појужните дијалекти. Освен во кумановскиот говор такви образувања наоѓаме уште во кривопаланечкиот, и тоа превладуваат во градскиот говор и во говорот на селата што се наоѓаат од левата страна на Крива, потоа во кратовскиот и овчеполскиот (MJ V 27), а од северозападните забележени се во скопските говори (MJ V 190) и во поречкиот[210]). Со други зборови, тие се употребуваат на целиот северен појас од нашата територија почнувајќи од бугарската граница па до Дервен, Сува Гора и Добра Вода на запад. Северната изоглоса на оваа црта оди приближно со говорната граница меѓу кумановскиот и српските говори во Горна Пчиња и Прешевско (само спорадично се јавуваат образувања на *-ќе* во бујановачките села), а на кривопаланечкиот терен до Крива Река.

[210]) Б. Видоески, Поречкиот говор, стр. 49.

Во Скопска Црна Гора таа оди по линијата Љуботен—Љубанце—Бразда—Кучково (MJ V 190). На југ вакви образувања се среќаваат сѐ до границата со кочанскиот, штипскиот и велешкиот говор[211]). Во поречкиот говор глаголскиот прилог завршува на *-ќе* на целата територија.

Овде таа е секако стара црта. Како потврда за тоа може да ни послужи и формата *ѿисаке* (место денешната *ѿисаеќе*) во една приписка во житието на Григорија Оморитски, кое настанало во осоговскиот манастир, а којашто Ј. Иванов ја датира во XV до XVI век (сп. оувы мнѣ ѭю проводих нощию писаке ѿ зависти)[212]). Споменатава форма истовремено ни покажува дека во времето кога настанала таа вокалот *е* пред наставката уште не бил генерализиран во сите глаголи. Во српскохрватскиот јазик партицински форми на *-ќе* се среќаваат сѐ до крајот на XVI век[213]).

Примери: а) кај глаголите од *а*-група: *Алáеќе* по славејъ^{а}т нашѣл једнý лисúцу Одр; Отýј *беїáеќе* отидó у једнý воденúцу Ст; *викáеќе* Ром, Ст, *їледáеќе* Мал, *зимáеќе* Отља, *иїрáеќе* Ст, Топ, *избивáеќе* вóда Ранк, *копáеќе* Дов, Можд, *ковáеќе* Дов, *литáеќе* Можд, *мељáеќе* Рад, Ром, *ѿревркáеќе*, *ѿушѿáеќе* Ранк, *ѿлакáеќе* Ст, Ром; б) кај другите групи: *бршéеќе* От, *зборéеќе* ШР, *месéеќе* леп Отља, *мучéеќе се* Ранк, *косéеќе* Жег, Дов, *носéеќе* вóду Ранк, муабéт *ѿрабéеќе* Пч, *работéеќе* Рад, *ѿеїлéеќе* Одр, *бројéеќе* Дов, *идéеќе* срéтне једнý лисúцу Гин, *ѿојéќе* Дов;

или со изменето *е* во *ј*[214]): *ѿробаѓájќе* покрај бунáр Ор, *ѿрогабájќе* ГК, *возéјќе* Ром, заболéше ме нóге *одéјќе* Мал, *седéјќе* умрéла Кум, *ѿеїлéјќе*, *чинéјќе* Ром, *ѿлачéјќе* АгС.

Од глаголите ‘бере’, ‘дере’, ‘пере’, ‘коље’ се употребуваат двојни форми: *берéеќе*, *дерéеќе* Ром, *перéеќе* Мург, и од аор. основа: *бráеќе*, *ѿráеќе*, одн. *брájќе*, *клájќе*, *ѿрájќе*, па дури и *берájќе*, *дерájќе* Ром. Колебање во основата покажуваат и глаголите од типот *ѿоје*, *сѿои*, *жнеје*, сп.: *ѿојáеќе* Топ, *ѿојáќе* Мал, *сѿојájќе*, *жнејájќе*, *сејájќе*, *їрејájќе*, *ѿкајájќе*, покрај: *сѿојéјќе* и сл., или: *їребájќе*, *їризáеќе*, *лижájќе* Ром.

Глаголите од типот *кажýје/кажувá*, кои се овде од *е*-група, глаг. прилог образуваат од аористната основа: *кажувáеќе* Ром, *лекувáеќе* гу пчéлкуту Пч, *оѿишѿувáеќе* Ром, *однесувáеќе* тие човéците снемá ги Ранк, скршúл ги јájцата *седнувáеќе* на њи Одр, *лизáеќе* изéла му кýковите Оп.

Примери со *-ќи* (*-јќи*) нема потреба да приведуваме. Само да нагласиме дека во текстовите пишувани на кумановскиот говор вакви образувања се доста чести. Кај Иљоски тие и единствено се употребуваат. Во текстовите објавени во Истор. архив се употребуваат и двете наставки, сп. *изїрадувајќе*, *улеїнувајќе*, но и *ѿла-*

---

[211]) Сп. *одéќе*, *седéќе* (Орешани), *крекáќе* (Зелениково, Скопско).

[212]) Й. Ивановъ, Български старини изъ Македония², стр. 147.

[213]) Ђ. Даничић, Историја облика, Београд 1874, стр. 355.

[214]) За промените на вокалот пред наставката *-ќе* в. објаснение кај Селищев, Полог, стр. 370.

шејќи се во еден ист напис; сепак сè почести формите на *-ќе* (*-јќе*). Во текстовите пак забележени од Хаџи Васиљевиќа, кои се претежно од козјачките села, образувањата со последнава наставка се многу ретки.

Образувања на *-уќи*, што се среќаваат во вид на остатоци во јужноморавскиот дијалект, и форми на *-ќим* (*идееќим*), што ги наоѓаме кај некои наши постари писатели (в. кај Пејчиновиќа) овде се непознати.

Минато неопределено време

§ 303.

Едн.	1.	*носи́л, носи́ја*	*съ[а]м*
	2.		*си*
	3.		*(ј)е*
мн.	1.	*носи́ле*	*смо*
	2.		*сте*
	3.		*сѝ (са), су.*

Во врска со минатото неопределено време во кумановскиот говор треба да се одбележи дека во 3 л. едн. и мн. помошниот глагол (*је, са-су*) во голем број случаи не се испушта. Во кои сè случаи се пази, а кога се испушта тој е доста сложен проблем кој во еден ваков преглед не може да се исцрпе. Затоа овде ќе укажеме само на најважните тенденции во поглед на употребата на вопроснава форма.

§ 304. Најчесто споната се испушта кога со перфектната форма се искажуваат минати непреживеани дејства, т.е. кога се изнесуваат дејства што ни се кажани од други, а ние ги прекажуваме. Тоа добро може да се види од следнава одломка од една народна приказна.

Има́ја еден сироми́ чове́к па са́мо *има́ја* едно́ магаре́нце и же́ну; и *нема́ја* ни́како де́ца. *Ишја* у дрва, *копа́ја* пењу́ге и *носи́ја*, *продава́ја* та *се изранува́ја* със же́ну си. Еден ден копа́јќи тако́ј пењу́ге, ко́лко пу́ти *удри́ја* у зе́мњу, све́ му по една́ о́вца *излегнува́ла*, Тако́ј, тако́ј, *излѐгле* му пу́но о́вце и ду́ри не *моја́ја* да ги отка́ра до́ма. Кад, тера́јќи о́вце до́ма у сре́ку му *излѐгја* еден ву́к и му *ре́кја*. . . — Овде имаме перфект и од свршени и од несвршени глаголи, употребени и во приредена и во подредена реченица.

Сп. уште: *Би́ле* трои́ца бра́ќа и *прооди́ле* прокај едну́ ре́ку и *нашле́* едну́ воденѝцу. Ма́лљ[а]т бра́т *рекна́л*: да у́зну овѣ́ј воденѝчъ[а]н ка́мен на ма́јку за запреда́лце. *Оди́ле, оди́ле* и се стъ[а]мни́ло. — *Ишѣ́л* еден поп у го́ру за дрва. И *изгуби́л* секѝруту. *Нашла́* гу една́ ме́чка. И ме́чката *има́ла* де́те полови́н чове́к, полови́н ме́чка. — Едно́ вре́ме како ово́ј го́дина *би́ла* кѣ́тна, *нема́ло* бериќе́т. *Виде́ле* љу́ди му́ку за све. На то́ј вре́ме ста́рите љу́ди ги *тера́ле* на Пу́мпало, *утепува́ле* ги. Еден син има́ја си та́тка до́брога, не *гја́ја* му се да га уте́пав Руѓ. — *Оти́шја* еден чове́к на ора́ње и та́мо *ора́л, ора́л*, и

му *се закачи́ло* не́што на ра́лник. Кът *пое́дна́ја*, је́дън је́ш *би́ја*. Ју́трето дън у њи́н гра́т *би́ја* паза́р. И *зема́л* оно́га је́жа, *тури́ја* га у бисаге, *оти́шја* на паза́р Кум. — *Пу́тува́ле* двоица љу́ди. Је́дън *би́ја* пијани́ца, је́дън по́божъ^{a}н. *Наи́шле* на је́дън дол. Арно ама тъг падна́л дъш, па *до́шја* дол голе́м Мал.

Како што гледаме, повеќето од приведениве примери се од народни приказни во кои раскажувачот ни предава случки од далечното минато, а за кои знае само по слушање.

Треба истовремено да истакнеме дека во оваа категорија (за прекажување) не се испушта помошниот глагол апсолутно секојпат. Има случаи кога и при такви значења споната се пази.

Сп.: Па ву да́ле же́нете едно́ клу́пче да напра́ви кла́шње. Она́ ишла́ на во́ду, па са там *крека́ле* жа́бе Руѓ. — Они стана́ле, де́вери и му́ж ву и етрве, растовари́ле ками́лу, *оста́ви́ле са* зла́то, ками́лу исправи́ле на пу́т па напуди́ле Стр. — *Има́ла је* една́ ма́јка три ќе́рке. А сироша́шка била. Па би́ла ги ку́ќа до гла́ваъ^{a}н пут. Туј врве́л све на́рот. Оне порасна́ле голе́ме и узе́ле да пре́дев како́ на седе́љке. Рабо́тив и меѓу се́бе *збори́ле су* Кум. — И къ́т *су седе́ле* на вече́ру, казува́ја ву муж како́ се е́дън страшан вук појави́ја до́ле у поље. — Ува́ти се пољак у Ора́шъц. Седе́ја там, не знам колко време *је седе́ја* ХВ. — Не́кој овча́р це́њет *је би́ја* у не́кога чорбаџи́ју Ст. — Поставиле ги стра́жу на њега са́мога и на њи́м двоица. Къ́т *су поста́ви́ле* стра́жу, скитни́ца си спи́је, а они́ја двоица си зборив:... Мал. — Има́ло е́дън воденича́р Миле́нко. Мло́го *је би́ја* лъжа́ч, мло́го лъжа́л АгС.

Сите примериве се од народната проза. Перфектот тука е употребен за прекажување чуени дејства. Се поставува сега прашање: дали има некаква семантичка разлика меѓу полниот перфект и перфектот без глаголската спона во категоријата за прекажување, или пак имаме просто мешање на двете форми без семантичка нијанса. Во доста случаи каде што споната не се испушта имаме потенцирање на некој факт, извесно тврдење или заклучување[215]). Тоа може да се види и на следниов пример: Па си де́те и́шло, и́шло и сретна́ло дру́гу ба́бу, и њу́мај гу попоска́ло, и она му да́ла едно́ ку́тре. А тој *не́ је би́ла* дру́га ба́ба, тики и́сто она́ј првњи пу́т што га пресретна́ла де́тето. — Во обичното, мирното прераскажување имаме неполн перфект (*ишло, срешнало, попоскало, дала*). Во реченицата: *А тој не је била друга баба* — каде што е употребен перфект со помошниот глагол, раскажувачот внесува тон на тврдење. Ова особено често се јавува во раскажување на историски настани. Сп. на пр.: Къ́т *се је бадила* ру́да у Цгу́ру у Кра́товско, деведесе́т и де́вет же́не *са работи́ле* и една́ ба́ба деведесе́ и де́вет љу́љке љуљала де́ца. И цар Душа́н *је каза́ја*...

Има, меѓутоа, случаи кога полниот перфект употребен за прекажување не внесува посебна семантичка нијанса. Така, на пр.,

---

[215]) Сп. сличен случај и во бугарскиот јазик (Андрейчин, и др.: Български език, учебник за педагогическите училища, София 1955, стр. 224).

ѐден раскажувач народната приказна за Ѝнастрàдин-о̀ца ја започна со полн перфект, а после стално употребуваше перфект без помошниот глагол. Сп.: Настрадѝн-оца *је бѝја* тргóвъ[a]ц. Продавája стóку. Имája еднóга сѝна. И сѝн му рекнája:... Воопшто честа е појава во нашиов говор при исти синтаксички услови во еден расказ да се употребува перфектната форма во 3 л. и со помошниот глагол и без него (сп. во текстовите на крајот).

Овој паралелизам во употребата на кратката и полната форма се јавува и во пословиците и разни пословички изрази, каде што дури и во српскохрватскиот јазик најчесто го наоѓаме краткиот перфект[216]). Сп.: Кудé *је ѿукнáла* зéмња, тој ќе биде гроп. Кутéк *је* од рај *искочѝја. Нашло* грнче поклóпче. Вода *донéла*, вода *однéла. Дóшја* ву ум, къд *оѿѝшја* кум (сите примери се од збирката на Х. Поленаковиќ).

§ 305. Кога се употребува ова време за директно кажување, во 3 л. помошниот глагол најчесто се пази. Сп.: (Едно лице раскажува за побуната на Арнаутите во Овче Поле за која тој бил очевидец): Тај година у пролет почнаа Арнаути да се бунив. У наше село дојдоа бъш на Ѓурѓев дън. *Дошле са* млого, и силни беа... Страшно *је било*... Женете *са се криле*... *Теле са* да орезилив доста жене (ХВ 346).

Во директни кажувања:

Она ву одговорѝла озгóр: „Камѝло, не мóжу да те вóду дóма, мýж ме *је ѿшѝал*, ме стрá да те одвéду". — И дéдата рекнája: „Чáвке *са бѝле* óвце, пá чáвке ќе бѝднев." И пá чáвке биднáле си Кум. — Тъг домќѝн рекнája: „Кój кóлко óвце *је чувáја* да си ги тргнете дóма, у вáшу кýку" Ром. — А жéната му вѝка: „Мáчка те *је наѓазѝла*, зашто̀ оставѝ да не јéдеш" Одр.

За да се покаже колку е честа употребата на полната перфектна форма во 3 лице, ќе приведеме уште неколку примери.

Четири гóдине гу *је сакáла* Кум. — Кýќе *је немáло*. — Што ми *је дóшло* лѣсно Чет. — Осѣмдесе кýќе оно *је имáло*. — Дóбро *је бѝло* за живеáчку Ром. — Кój *је имáл* пáре, ќе ýзне. — Истóрија *је билá* голéма Ранк. — Тój *је бѝло* цáде, нáсип *је бѝл* ГК (знае лично за тоа, го видел). — Едѣн *је чувáл* двáесе грла говéда. — Мучéње голéмо пóсле *је бѝло* ГК. — Затój тъј ќе ýмре што *је јéл* В. — У Тýрско га *је немáло* В. — Голéма *је бѝла* мýка тѣга Ор (зборува за турското ропство во неговото детство). — Цáне *је бѝја* у нáше сéло, у нáше сéло бéше он Ор (вторава реченица при повторување). *Нé са се зѝодѝле* Пч. — Они *са имáле* опредéлени мéста Ор. — Тýрци знájеш какó *са ѿисувáле* Мург. — Тýј *са* ги *ѿравѝле*. — Кáмењете *са бѝле* под зéмњу. — Оне *са носѝле* црни пóеси Мург. — Такój *са кажувáле* стáри ШР.

---

[216]) И. Грицкат, О перфекту без помоћног глагола у српскохрватском језику и сродним синтаксичким појавама, Београд 1954, с. 63.

Бидејќи приведените примери се дадени надвор од контекстот, анализирани вака не се секојпат доволно јасни дали станува збор за прекажани или доживеани дејства. Но точно е дека во сите нив со перфектот се искажани дејства доживеани од говорителот. Во централните говори, респ. во литературниот јазик во многу од нив би се употребило дури и определено време.

Поретки се случаите кога и во ваква употреба (за директно кажување) глаголската спона се губи. Сп.: *Има̀ја* ме́сто куде́ да избе́га, тики не тејá Ник. — *Ушѐкја* тъј војво́дата што ги *бѝја* Чет. — Једъ́н Герма́нъ^{a}ц *зага̀ја се* па га́ѓа (раскажувачот сето тоа го посматрал лично). — *До̀шја* и туј *се заселѝја* и он Ром. — *Зашѐкла* га во́дава и њé га Ранк (го затече — раскажувачот е сведок на извршеното дејство). — Ми насади́мо едну́ лози́нку боста́н и о́на *се усили́ла* и *замина́ла* преко ре́ку АгС (се усили и замина. . .).

Би сакал уште да нагласам дека е ва̀ков односот во врска со употребата на полниот и скратениот перфект и од рефлексивните глаголи. На пр.: *Нé се је зна́ло* кът ќе отсту́пимо Чет. — Уријéт *се је да́ло* АгС. — У Ту́рското *са се крсќева́ле* Ром. — Од Грчку *оцепи́л се је* Ор. — За слободну Македонију *бориле су се* наши девци ИА 17. — Но и: Он *се добра́л* до с'ъдъ^{a}т Одр. Ова го истакнуваме затоа што во јужноморавскиот и воопшто во говорите од призренско-тимочки тип кај овие глаголи споната најчесто се губи[217]).

Предминато време

§ 306 Едн. 1.) 2.) 3.) *работа̀ја/работа́л беше*

мн. 1.) 2.) 3.) *работа́ле* *бе́смо* (*бе́емо*, *бе̄мо*) *бе́сте* (*бе́ете*, *бе̄те*) *бе́ва* (*бе́сва*).

Примери: Ја *беше напрàвија крчму* Ор. Глава *беше* га *боле́ла* Кум. Васи́љ сам *беше до̀шја* АгС. *Изе́ла* га рѓа *бе́ше* Коин. Он *неќе́л беше* да се преда́де. Ту́рчин ги *кри́л бе́ше* Пч. *Бе́ше же́на* му *и́шла* куде́ њéга Ранк. Да *бе̄мо и́шле* със Стојáна Пч. Тáмо *бе́ва* ги *истепа́ле* от Пчи́њу на́долe Мал. *Бе́ва* гу *по̄ја́ле* ту́ј пе́сму АгС. Они *бе́а се набута́ле* Ор. Но и: *Бе́ше заӣна́ле* од во́јскуту бу́гарску пет војни́ци Арб.

Идно време

§ 307. Едн. 1.) 2.) 3.)	*ќе*	*ӣпрам*	*но́су*	*о́ру*
		ӣпраш	*но́сиш*	*о́реш*
		ӣпра	*но́си*	*о́ре*

[217]) СДЗ, I, 635; VIII, 193.

мн.	1.)		*ӣрамо*	*но́симо*	*о́ремо*
	2.}	*ќе*	*ӣрате*	*но́сите*	*о́рете*
	3.)		*ӣрав, ӣрат*	*но́сив, но́сит*	*о́рев, о́рет.*

Доста се обични во овој говор и образувањата со сврзникот *да*; на пр.: Што́ *ќе да ра́ду* Ст. Ту́ј *ќе да би́де* и ов'ј Ник. Ако, па *ќе да* ги кажу ВИљ. Такој *ќе да би́де* Мург. За ма́ло *ќе да по̄и́не* Кан. Што́ *ќу да рабо́ти* Мал. Такъв је мој карактер и такъв *ќу да оста́ну* Тон.

Ваков начин на искажување (со *да*) не е непознат и во другите наши дијалекти. Меѓутоа, има разлика во поодделни говори во значењето на таа конструкција. Во централните и западните говори, на пример, со неа обично се искажува извесна претпоставка, во негирани искази и сомнение[218]). Сп.: Што мислиш, колку пара ќе да има? Не ќе да има многу, трошкајлија си је чоекот (Пореч̀е). Во северните говори пак, респ. и во кумановскиот, таа нијанса во значењето не е основна. Сврзникот *да* може да биде употребен и без да внесува некаков нов значенски момент. Тоа го покажуваат добро веќе приведениве погоре случаи како и следниов пример откај Крчовски: *ќе да тӣ по̄бедим* и тебе (Чудеса, 38).

Покрај частичката *ќе* за образување футур во козјачките села може да се сретне и формата *ќу* во 1 л. едн., но е многу ретка. Сп.: Што́ *ќу пра́бу* Мал. Ја *ќу* га њега *зако́љу*. Ја *ќу и́дем*, ти како́ о́ќеш Жег. Што́ *ќу* му *рабо́ти* Арб. Ја *ќу* гу *тӣрам* кобилу ХВ 340 (Карловце).

Сп. и: Ај мори жено, како *ќемо* овој съг *да пра̄вимо*, ово́га човека како да скриемо СтН (ХВ).

За исказ со идно значење обични се и формите сложени со *има да*; на пример: *Има да ча́ти* Мург. *Има да се изду́зав* ови̯а се́ла Мал. Жена *има*, да ре̯чу, само *да слуша* ВИљ.

Негирани форми: а) Од јутре *не ќе сме́јеш* ни да се оче́шаш Виљ. б) *Не́ма да на́јдемо* ни а́рно В. *Не́ма да и́ду* АгС. в) Ја *не́ќу да и́ду* Арб. Ни́кът гре *не́ќе да* му *испа́дне* Мал. Синко, салте ќе се поруга́мо, а ништо *нејќе да би́дне* ВИљ.

§ 308. Поедначко се обични овде футурските форми од ‘сум’ и ‘бидам’; сп.: Ја *ќе сам* цел ноќ овде́ка Ром. Ќе *съ[а]м* послу́шъ[а]н Мург. Жи́в *ќе си*, ама без о́чи *ќе си* Ром. Ти до́ма ли *ќе си*? Ако испе́реш ову́ј кошу́љу, чи́ста *ќе је* Ром. Ми́слу од десе́ти *ќе је* В. Кој купу́је срп, тъј *ќе је* војво́да Ор. Такој *ќе је* Ранк. Оно *ќе је* од мајсторлќъ[а]в Рад. Кът би́деш у невољу ми̯а *ќе смо* туј Ор. Што́ *ќе смо* ми Коин. Ту́ј *ќе са* Ром. Кът *ќе са* докто́рите туј Пч. — И: *Ќе би́деш* ли ту́ј? *Ќе би́ду*, та куде́ ќе и́ду Ор. Или со сврзникот *да*: Туј *ќе да би́де* и ов'ј Ник.

[218]) Б. Конески, Граматика, II, стр. 210.

§ 309. За означување идни дејства спрема минат момент во кумановскиот, и воопшто во североисточните говори, се употребуваат неколку форми.

Формата образувана со партикулата *ќе* и минатото определено време на дадениот глагол, која е карактеристична за централните и западните говори, се среќава и во кумановскиот, но не на целата негова територија. Таа почесто се употребува во крајните западни села, приближно западно од линијата Орашац—Романовце, поретко се јавува и во градскиот говор. На другата територија такви форми се среќаваат само спорадично. На пр.: Кът *ќе* ме *мијеше* мајка, сандалийу у корито *ќе* тури Кум. Пијан па съас фењер *ќе идеше* партизани да фаќа Чет. — Од свршени глаголи: За малко *ќе паднеше* от керамиде Кум. Ама *ќе летнеше* он Пч. У Рударе *ќе* ти *најдеше* место ја Ор. Да видеше ја она колко *ќе узнеше* Ник. Та извор да беше, *ќе пресушеше*. Море сам не ќејá прет тебе, та *ќе* си га *најдеше* она татка пурјачкога ВИљ.

§ 310. Многу е почеста, пообична и се употребува на целата територија на нашиов говор формата што се образува од минатото несвршено време од глаголот *оќе* и сегашното време на дадениот глагол со сврзникот *да*. Така, на пр., од глаголот 'иде' целата парадигма на овој облик ќе гласи:

едн.	1.		*идy*
	2.	*тéше да*	*идеш*
	3.		*идe*
мн.	1.	*тéсмо да*	*идемо*
	2.	*тéсте да*	*идете*
	3.	*тé(b,cb)а да*	*идеb,*

или:

едн.	1.		*идy*
	2.	*ќеше да*	*идеш*
	3.		*идe*
мн.	1.	*ќé(с)мо да идемо*	
	2.	*ќé(с)те да идете*	
	3.	*ќé(b,cb)а да идеb.*	

Формата со *ќеше* итн., како што беше истакнато и порано (§ 297), превладува во западниот и јужниот дел на нашиов говор, додека образувањата со *теше* итн. се среќаваат на целата област — во западниот и југозападниот дел наспоредно со образувањата со *ќе* и *ќеше*, а во козјачките и во славишките села тие се пообични. Сп.: *Тéше да умру* од муку Кум. Ја там *тéше да* га *дам* АгС. За малко *тéше да паднеш* Пс. *Тéсмо да* му *кажемо* Ром. Свé *тéа да* не *утéпаb* АгС. За малко *тéва да запинеb.* За малко кола

ќе́ва да па́дневь у дол Ром. — Или: Бре за малко *ќеше да па́дну* и да си искршу но́гу Ром. *Ќеше да зе́му* и ја Град. Да рабо́теше *ќе́ше да би́де* Мил. *Ќе́ше* грдно тутýн *да и́ма* Мил. *Ќе́ше да у́мре* на сва́дбу В. Он *ќе́ше да* ми *напра́ви* ко́ла, разболе́ се Ром. Ми ода́мна *ќе́мо да ликвиди́рамо* В. За ма́лко *ќемо да напу́шти́мо* Пч. Ви *ќе́сте* да му *ка́жете* на Ки́рета Ор. *Ќе́ва да* ме *уби́јеь*, ја съ^{a}м утéкја Ор. Они *ќе́ја да го́јдеь* Ром.

Се забележува тенденција за генерализирање на еднинската форма од помошниот глагол и во множината, како што е извршено тоа, на пример, во скопско-црногорскиот (MJ V 191) и во другите говори во Скопската котлина и во Велешко, каде што минато-идно време се образува по овој начин. Сп.: *Те́ше да исте́паь* Мал. *Те́ше да* ме *изе́ду* Мал. Ако не беа удари́ле, овде́ка *те́ше да* не *поте́паь* Ор. Еднъ́к *ќеше да* ме *при́миь* Пч.

Образувањата како 'ќеше дојдеше', одн. 'ќеше да дојдеше', кои се карактеристични за скопско-велешката дијалектна област, овде се јавуваат спорадично, и тоа само во западниот дел. Сп.: Да да́деше го́спот дъш, *ќе́ше да бе́ше* ни́што В. *Ќе́ше да сви́кнеше* и он да рабо́ти, тики земáа га Ор. *Ќе́ше да зе́меше* и он, тики брго га затвори́ше АгС. Ако не бе́ше у Бугáрију у во́јску, *ќе́ше да го́јдеше* си́гурно съ^{a}с на́с у Ко́јзак СБ. — За образувањето на оваа форма објаснение дава Белиќ во студијата за галичкиот говор (СДЗ VII 225).

Идно прекажано време

§ 311. И по образувањето на оваа форма кумановскиот говор се разликува од централните.

Форми со партикулата *ќе*, како што се образува идно прекажано време во централните и западните говори, на оваа територија се многу ретки, во Козјачијата и во Славиште готово и непознати. Неколку примери што ги имам забележено се од западните села и од градскиот говор. Сп.: Бег *ќе се је кажа́ја* Ром. Све съ^{a}с а́тови *ќе до́шле* Кум. Он *ќе умре́ја* за ма́лко, тики га спаси́ле Кум. Бре, што си бија никој звер. Жену *ќе си те́паја*! Ако си муж иди карај се с мужи, а не овде, пред жене да приказујеш палавре! — Бре *ќе ишја*, иди де, с тој ли ќе ме плашиш, ај стопи се от туј! Тон.

§ 312. Почесто се употребува овде формата образувана од минатото неопределено време од глаголот 'оќе' и сегашното време на даденият глагол со сврзникот 'да':

едн.	1.	*ќе́л* (*ќе́ја*, *те́л*, *те́ја*) *съ^{a}м да и́ду*
	2.	*ќе́л си да и́деш*
	3.	*ќе́л* (*је*) *да и́де*
мн.	1.	*ќе́ле* (*те́ле*) *смо да и́демо*
	2.	*ќе́ле* (*те́ле*) *сте да и́дете*
	3.	*ќе́ле* (*те́ле*) *сâ да и́деь* (*и́дет*).

Примери: Ја *ќе́л съ^{а}м да дојдy*, ама бе́ше у сут Ром. *Те́л си да па́днеш* из брдото Длъб. *Ќе́ја да оста́не* две го́дине Ром. Он *ќе́л да дојде*, ама умре́ло му де́те Ром. Кајмака́м *ќе́л да дојде* Пч. Би́ло су́ша, на́рот *ќе́л да по́мре* Град. Она *ќе́ла да дојде*, ти́ки сири́ла мле́ко Ром. Да нема́ја срце здра́во, *те́ја да у́мре* Кум. *Те́л да* га *уро́чи* не́кој В. Не́ је зна́л, *те́л је да оти́де* и он Ранк. Оне *ќе́ле са да дојдеb* Ром. Они *ќе́ле да и́деb* Ор. *Те́ле да ја·врљиb* у мо́ре Ранк.

Можен начин

§ 313. Се образува како во другите наши говори:

едн.	1. *ја*	}	*би рекна́ја, рекна́л*
	2. *ти*		
	3. *он*		
мн.	1. *ми*	}	*би рекна́ле.*
	2. *bи*		
	3. *они*		

Сложени форми со 'има/нема'

§ 314. Од образувањата сложени со 'има/нема', споменавме, во овој говор се среќаваат формите од типот: 'има работено', 'имаше работено' и 'имал работено'. Меѓутоа, сите тие не се подеднакво раширени. Последниве две можат да се сретнат во западниот дел, и се јавуваат спорадично. Нешто се пообични образувањата од типот 'има работено' и се јавуваат готово на целата територија, но ни тие не се така чести, како што ги наоѓаме, на пример, во граничните скопски говори или во велешкиот. — Интересирајќи се за географската распространетост на овие образувања на север и исток, бележев и од која возраст се луѓето што ги употребуваа. Најголем број од случаите што ќе ги приведеме се забележени од помлади луѓе. По тоа би можело да се суди дека конјугацијата со 'имам' на овој терен се јавила во поново време.

Примери:

а) Тип 'има дојдено':

Не́мам ни́што *недадено* Коин. *Не́мам* ни́што *чу́ено* В. Ја *не́мам* га *bи́дено* Пч. Едно Грче *и́ма пти́пано* о́вде. *Има напи́сано* о́вде у на́ше гро́бје. *Не́ма о́дено* на печа́лбу ГК. И он *и́ма дојдено* Ддр. *Има запа́лено* ко́пе. Што офице́ри *и́ма исти́пано*. *Не́ма* с копа́чи *ба́дено*. *Има про́јдено* Пч. Мо́ж да *и́ма дојдено* Мург. *Има пи́сано* све Коњу. Около два́ес му́жа *и́ма пти́пано* Стр. Тој човек *и́ма* не́што *збо́рено* Ник. Од на́ше се́ло *и́ма* четвори́ца *запи́нено* Ранк. Дите *има цењето*, ама не може да гледа стоку ХВ 349. *Имамо* еднн ру́дник *на́јдено* Пч. Ми *и́мамо* по́више *засе́ено* Одр.

б) Тип 'имаше дојдено':

Не́колку ду́ше *и́маше до́јдено* Ром. Не́колко војни́ка *и́маше по̄стра́дано* Мург. Ку́че *и́маа бржано* Ор.

в) Тип 'имал дојдено':

Има́ло је *по̄а́днено* и Ту́рци Пч. На тој дол *има́ло* једно́ дрво *пре̄пре́чено* да преоѓав љу́ди Мал. *Не́ је има́ло одре́ѓено* шко́ла Жег. Ми *смо има́ле те̄́пано* три́ес пи́ника, ни́што не́ се је призна́ло Мург.

Со малку поинакво значење исп.: *Има* две (жене) *у́мрене* Коин. Има до́јдени од Дебар В. *Има издо́јдени* мло́го из Ба́ништа АгС. Дваесе дӯше партиза́ни *и́маше по̄́јдени* Стр. *Имам* се́дъ^{а}м ја́завци *уте́пани* Топ.

Употреба на глаголските форми

§ 315. Употребата на глаголските форми во најголем број случаи се слага со употребата нивна во другите наши говори. Но има и некои отстапувања, и овде ќе се задржиме главно на нив.

§ 316. *Презент.* — Познато е дека во бројни наши говори, меѓу кои спаѓаат и оние што ја сочинуваат основата на литературниот јазик, презентската форма од свршени глаголи, освен со сврзниците *ако* и *да*, не може да се употреби. Во кумановскиот, и воопшто во североисточните говори, како и во источните дијалекти перфективниот презент има знатно поширока употреба. Може да се сретне и во приредена и во подредена реченица.

Во приредени реченици во расказниот стил најчесто овој облик се употребува за искажување минати свршени дејства, т. н. *историски перфективен презент*. Со такво значење тој е употребен во следниве реченици:

(Се зборува во една приказна за некоја мрзлива жена која сè што донесла од дома износила и почнала да оди дури без кошула. Мажот ѝ ѝ донесол памук и коноп и ѝ вели да исткае платно. Таа се брани дека нема мотовило).

„За мотавилку ли је мука; ќе ти направу мотавилку сѫг", и *по̄ѓе* туј до куќу да исече дрво да ву изделја мотавилку, а она брго, брго, од другу страну, кришом, *отпидне* поза едну дубину и *сакрије се*, па чим *по̄чне* муж ву да удара сас секиру у дрво, да сече за мотавилку, а она *по̄чне* отуд да вика... И такој се муж *ӯплаши* што му тој вика из гору да ќе му умре жена, *узне* секиру на рамо па си се врне дома. А жена му па брго, брго *бра̄ти* се дом понапрет од њега и *седне* до огњиште та се греје и боже дреме (ХВ 342).

Глаголите *отпидне*, *сакрије се*, *по̄чне*, *узне*, *бра̄ти се*, *седне* се свршени во сегашно време. Во централните говори во вакви случаи место сегашното време ќе се употреби аорист.

Сп. уште:

(Еден старец раскажува како одел на печалба) Дојде́ дру́г во́с и *ка́чимо се*, и *до́јдемо* у Будимпешту Ник. По́сле по то́ј у зо́ру *наи́ѓеb* троица ловци́је и *бу́дub* ме́чку куде́ но́си де́те. И они *уте́пab*

ме́чку, *о̄тне̄в* де́те Кум. После пошто се узна́ле до́шја вук и девојка му све искажа́ла, и како̀ је тој мо́мче куде́ њу́мај. Вук *по́чне* да мо́ли се́стру си Ст. Ја оцеко́ врбу и врба *па́дне*, а мага́ре *тре̄не* па у во́ду та се уда́ви Ст. Арно ама ма́ло пу́ле легна́ да се ва́ља, а ја чу пато́ри, па рекна́ те́ле пато́ри, а оно би́ло пу́ле, па *рӣне* та га *зако́љем* пу́ле Ст. Е сăг наиґу́је тргóвъ^{a}ц што је би́ја пијáн и крсти се... и до́јде на по́ла дрво, *па́дне* у ре́ку и удави́ја се Мал. Ја вана́, удави́ га и оно́ почна́ у ме́не да ви́ка: а, а, ву́че у о́вце. И овча́рите ме *помаа̄т* и тако́ј ве́ќе прегладно́ од глат Одр. И она *се сме́тне* ис кру́шкуту, *збе́ре* њи́њите о́паши и наста́ви си њо́њъ^{a}т о́паш Одр. Га́здата ми ви́ка: Вече́рај, не́ е голе́ма ште́та. Ако дип приуми́ра, еве́ ти ла́мба и нош да га зако́љеш (биволчето). Ја се *разбу́ду* а не пали́ ла́мбу и *по́чну* да ко́љем там. Саба́ле се разбуду́ју и *по̄гле́дну*, закла́ја съ^{a}м ждре́бе Петр.

§ 317. Обична е употребата на презентот од свршени глаголи и за изразување дејства што се повторуваат, дејства што често се вршат, т. н. *по̄вто̄рливо се̄гашно вре̄ме*. На пример:

И зема́л онóга је́жа, тури́ја га у бисáге, оти́шја на пазáр и куде́ *про́јде* по сокáк, све викáл: продáвам, продáва Кум. Од онój пáрче стану́је гóлуб. Док је чове́к у куќу, гóлуп сто́и на бáцу, а кът и́де на рабóту, гóлуп *спáдне* у кýќу и се ствóри нáјлепа девójка и све́ по кýќу му суре́ди, а *си* пáк *оти́де* на бáцу Ор. Узне кýтрики, врљи ги, а њу изне́ле на цáде куде́ врви свет, па нареди́ да гу зако́пав, па како *зами́не*, наре́ди цар, све́ да гу рка и пљýка. ... Рка́ле, пљука́ле, рка́ле, пљука́ле, не́ се гле́да од гат. Они́ја де́ца полѓчка, полѓчка порасна́ле, *зами́неb*, *изми́јеb*, *зами́неb*, *изми́јеb* гу мájкуту, *исчи́стӣb*, *изми́јеb*, *изба́њаb* Кум. Ако на́јдев мýшко де́те *уби́јеb* га Ром. Ако и́маш кóња дóброга, *у́зneb* ти га Ор. Такój прáвив: óни еднóга *уби́еb*, па на́ши њи́ни дватроѝцу *уби́еb* Ор. Врце но́ве, чарáпе но́ве, *сре́тне* те и *собу́је* те Ор. Они *дójgeb* куде́ бе́га, *бáneb* га Ту́рци, та *тӣе́паb*, *тӣе́паb* Град.

Во западните говори во вакви случаи се употребуваат сложените времиња со *ќе* и императивот (в. Конески, Граматика, II, 161).

§ 318. Идно време со повторливо значење се употребува и во кумановскиот, но тоа нема тука таква широка употреба како во другите наши дијалекти. Сп.: Такој, *ќе се зберемо* пуно деца, па *ќе се по̄делимо* на две стране, све чифт и чифт. Двоица бидев цареви: свак на по једну страну. Пошто се разделимо, *ќе се размъкнемо* едни о' други по дваесе корака и *ќе се уредимо* како леса, едни спроти други ХВ 347. — Привечер почнев да доодив гости, демек, роднина и пријатељи што не служив тога свеца, едни порано доаѓав. „Помози бог" или „Добро вечер", како је къд време, *ќе рекнеb* гости кад улезев у куќу или ако има никога од домаќини прет куќу, *ќе здравуjеb* ... Турив жене мезе и приносив ракију и гости сас домаќина сал ќе пијев и ќе мезив и ќе бласиљав ХВ 344.

§ 319. Како што гледаме, во овие реченици наспоредно со повторливо значење се употребуваат и перфективен презент и идно време. За појужните говори такво слагање на времињата е доста необично. А во следната реченица паралелно се јавуваат перфективен презент, повторливо идно време и презент од несвршен глагол. Сп. На вечеру *ќе се принесе* вино грнајка или карта, како кој да има и *ќе седиб* и *ќе чинив лав, чинив* муабет еден овој, други оној, *седиб* до полноќ, кога *ќе седиб* па *исполегнеб* и *преспијеб*. Па сабајле *ќе станеб* па *ќе се измијеб* надвор еден по еден... ХВ 344.

Во зависни реченици со сврзниците *ако* и *да* употребата на перфективниот презент е сосем обична со значење како и во другите говори. Но треба да се нагласи дека при извесни прилики таму каде што би дошол во другите говори сврзникот *да*, во кумановскиот тој се испушта. Сп.: А може и полошо да искочи: *дознаје*, да речеме, татко ти дек се сакамо скришно, *помисли* бог знаје што, *наљути се* и *удаде* те, за инает, једнък за другога ВИљ.

Сегашно време со значење на готовност овде се среќава доста ретко. Во такви искази обично се употребува идно време.

§ 320. *Императив.* — Погоре споменавме дека е обична и употребата на императивот за соопштување на минати дејства (било да ги доживеал соопштувачот или ги дознал од друг) што се повторуваат. Сп.: После он седеја, седеја туј а вук никако не бега, па му текнало та соблекја онеј гаќе та ги напунија сас шуму, па ги тутне на вука, а вук *потрчи* по њи у долину а он се скине од буку па *беж'* дома Кан (ХВ 343). — Тъг станаја муж, па грабнаја едну остегарку, па *удри* жену, *удри*, докле не му се почела да моли да неќе више да тражи да ву каже тој, што имаја да ву каже ХВ 340. Ми *бе́гај*, *бе́гај* како трмке, о́ни а по на́с Ник. — Повторливоста особено јасно се гледа во следнава реченица: Жово́т те́шъ^{а}к бе́ше. *Оти́ди* дъ^{а}н'ѣс, *оти́ди* ју́тре, сва́к дън те ви́кав кулу́к да пра́вимо. Па ти се доса́ди. Па тики еден пу́та збе́ремо се, оти́демо у бе́га, па *у́дри*, *у́дри*, се наплати́мо Мург.

Сп. и: Работи́мо, мучи́мо се, подигно́мо едну́ згра́ѓу. Оно несре́ќа куде́ сирома́си и́де. Падна́ гром та изгоре́, све изгоре́. Ај *подизај* пак на́ново Ром. — Мучимо се и дън и ноќ не доспијујемо, не доједуемо, *стани* у зору, *легни* у полноќ, балдишемо од работу... ИА 255.

§ 321. Негирани форми од свршени глаголи возможни се, како и во другите говори, освен во пословици, и со условно значење во ваков тип искази: *Не ле́гни*, да не́ те ују́аши Отља. (Ако не легнеш, нема да те јавне, одн. ако легнеш, ќе те јавне). — Сп. уште: *Не ле́гни* да не́ се разбо́лиш Пч. *Не изле́зи* не́што да не забора́виш В.— Или кога се императиви во двете реченици: *Не ме́си* та *не је́ди* Ддр (=ако не месиш, нема да јадеш). — Малку поинакво значење имаме во ваков вид искази: *Не донеси*, па ќе разбе́реш Кум — кои се чести и на другата наша територија.

§ 322. Најчести времиња за искажување минати дејства и овде остануваат аорист и перфект.

Аорист. — Со аорист, како и во другите наши дијалекти, се искажува дејство преживеано, и затоа тој најчесто се употребува во директен говор, во дијалози и во прашања. Честата негова употреба иде отаде што може да се образува од секој глагол — значи и од глаголи несвршени по вид. Ова особено го истакнуваме, зашто во централните говори употребата на аористот од имперфективни глаголи е доста ограничена.

Примери: а) У Бо́јводину бе́ше па *бе̄а́* Мал. Кът *доаѓа́ше* српске коми́те, ете, тъг бе́ше то́ј Мал. За да́скала *учи́* Чет. *Вика́мо* ту́рскога до́ктора Мъг. *Тера́ше* на́горе, на́доле, па си остана́ Др. Там *работи́* две го́дине. *Седо́* до Божи́ќ Стр. Ми *кажува́мо* му што зна́есмо Деил. Овде́ *се шета́ше.* — *Братими́ше се, мири́ше се,* не зна́м што са́ работа́ле Чет. Ја мо́јега та́тка до та́м га *носи́* Жег. *Траж и́мо* држа́внога ко́ња Ст.

б) Зашто оња̀ј што̀ ти *се моли́* не́ га *спаси́*? Мал — Доа́ѓа поли́ција, . . . пи́та га ње́га: Ти ли си укра́ја ноќ́ѕс дуќа́ни? *Има́* ли другари"? *Има́*? — *Тура́* ли на ја́гањците се́но? *Тура́. Пои́* ли ги во́ду? *Пои́* ги Гин. — *Еде́* ли ни́што? Стр.

в) Трипут *вика́* по те́бе не́кња, ти зър не́ ме чу́? Чел. — Миле́нко ичер цел дън *брии́.* — Ње́кња *иго́* у *Ра́дибуш, купува́* жито. — Цел дън *чука́мо* сно́пје и ни́што не *моја́мо* да начу́камо, само едну́ вреќу начука́мо Стр.

Делењето на примерите во три групи за определувањето на значењето на имперфективниот аорист нема важност. Со тоа само сакавме да покажеме дека аорист од имперфективни глаголи е можен при секакви ситуации: и во расказниот стил, и во прашања[219]), и кога глаголот има временска одредница и кога ја нема неа.

§ 323. Што означува аорист од несвршените глаголи и каква е разликата во значењето меѓу имперфективниот и перфективниот аорист, од една страна, и имперфективниот аорист и имперфектот, од друга? Обете овие прашања во крајна консеквенца се сведуваат на едно, наиме: во каков однос стои временското и видското значење на глаголите во дадениве форми[220]).

---

[219]) Прашањата имаат важност само до колку станува збор дали е дејството доживеано. Сп. Л. Андрейчин, Основна българска граматика, София 1944, стр. 289. — П. Ивић, Систем значења основних претериталних времена у говору Галипољских Срба, ЈФ, XX, стр. 241—242.

[220]) Како што е познато, во последно време за овие прашања често се дискутира. Исп.: A. Musić, Aorist imperfektivnih glagola u srpskohrvatskom jeziku, ЈФ, V, 27—41. — А. Белић, Аорист имперфективних глагола, ЈФ, V, 171—182; сп. и неговите објаснувања во СДЗ, II, 94 (за српскохрватскиот јазик). — Й. С. Маслов, Из наблюдений над категориями вида и времени в современном болгарском языке, Доклады и сообщения Филологического института, вып. 1, Ленинград 1949. — Л. Андрейчин, Основна българка граматика, София

Имперфективниот аорист, како и перфективниот, означува свршено дејство. Така, на пример, аористната форма од глаголите 'викне' и 'вика' — *викна́*, *вика́* во временски поглед (мерено спрема моментот на соопштувањето) не се разликуваат, зашто и во едниот и во другиот случај дејството е свршено. Разликата меѓу нив е во траењето на процесот на дејството. А тоа не се определува од аористот, туку се содржи во самиот глагол надвор од неговата временска употреба, во глаголската основа[221]). Глаголот *викне* сам по себе значи „дејство што се сфаќа како целосно извршено", а користната форма само го сврзува извршувањето за определен временски момент[222]). Тоа значи, видското значење и временското се две посебни категории и како такви суштествуваат во аористната форма.

Глаголот *вика* е несвршен по вид — значи дејство во процес на вршење; завршниот момент тука не се истакнува (така земен надвор од временското значење). Аористната форма покажува дека трајното дејство во еден определен временски момент престанало да се врши, дејството траело до определен момент во минатото и после се прекинало. Тоа значи дека во случајов немаме изделување на временска отсечка од процесот на трајното дејство, туку прекинување на процесот. Глаголот останува пак несвршен по вид, т. е. видот останува неизменет (ЈФ V 173). Оваа разлика во значењето меѓу перфективниот и имперфективниот аорист може добро да се посматра на примери од овој вид:

Доведо́ едну́ (же́ну) из Ге́рман. *Седе́* ни́које си вре́ме, ама и она не *доседе́*; едън дън збра си аљи́нете и отиде́ си Рад

Имперфективниот аорист *седе́* покажува на извесен процес во траење после прекинат. Перфективниот аорист *доседе́* го констатира фактот кога даденото дејство се завршило, укажува на завршниот момент.

Спрема сето ова што го рековме досега, горната дефиниција за имперфективниот аорист можеме да ја проширime вака: дека тој покажува трајно дејство што се *свршило* (не извршило) во одреден момент во минатото.

Тука нема никакво совпаѓање со имперфектната форма, која покажува дека дејството трајно се наоѓало во процес во времето за кое говориме. Со него се истакнува *незавршеноста*, неограниченоста на глаголското дејство, додека во имперфективниот аорист се нагласува неговата свршеност.

1944 (за бугарскиот). — Б. Конески, Граматика на македонскиот литературен јазик, II, стр. 163—164, 166 (за македонскиот). Во помала или поголема мера тоа прашање се засегнува и во ред други работи. Сп., на пр., цитираната расправа на П. Ивић во ЈФ, XX, стр. 244 — 246; Djuro Grubor, Aspektna značenja, Rad, knj. 293 (1953), стр. 5—230; И. К. Бунина, Значение и употребление прошедших времен в говоре села Суворова Измаильской области УССР, Статьи и материалы по болгарской диалектологии СССР (изд. АН СССР, Институт славяноведения, вып. 6), Москва 1954, стр. 78—96.

[221]) СДЗ, II, 94.

[222]) А. Белић, Аорист имперфективних глагола, ЈФ, V, 177.

Има случаи кога долготрајно дејство може да се изрази и со имперфективниот аорист, но во таков случај се употребуваат и други средства (лексички и синтаксички). Во речениците: Ја два дѣна *работи́*. — Цел дѣн *ира́*, па́ не могá да се наи́грам Обл. Три го́дине *трои́* па́ре да га изу́чу зана́ат Ор. — долготрајноста на дејството е одредена од глаголските временски определби (два дѣна, цел дѣн, три години); или со прилози за количество: Млого *jегó* па ме бо́ли трбу́ Кум. *Чека́мо* га ни́које вре́ме па си замина́мо Дим.

§ 324. Доста често долгота траење на дејството може да се изрази и со дуплирање на имперфективната аористна форма; сп. *Трчá, трчá* дури ми ду́ша и́скочи Ст. *Диза́мо, диза́мо*, ама те́шко, не́ се ди́за Др. И о́ни *отстуупува́ше, отстуупува́ше*, чък до Пала́нку дојдо́ше Арб. Оту́т *пренаса́мо, пренаса́мо* бостáн Ор. — Или со комбинирање на двава начина: Цел дѣн *влачи́, влачи́*, па ми руке падна́а и ни́што не могá да изва́ду тек 'влас'. — Цел дѣн *оди́, оди́* и ни́што не направи́ Ром.

Повторувањето на глаголот може да биде и повеќе пати, сп. *Работи́. работи́, работи́*, и цел живо́т работи́, па́ сирома́ остана́ Прој.

Меѓутоа, во сите овие случаи траењето на дејството сепак е временски ограничено.

§ 325. *Имперфект.* — И имперфектот е жива категорија, но неговата употреба е нешто потесна од употребата на аористот. Во многу случаи каде што би дошол во говорите од западното наречје имперфектот, овде ќе се употреби имперфективен аорист. Тоа иде оттаму што во тие говори имперфективниот аорист, рековме, станува сè поредок; аористот повеќе се ограничува како минато време за глаголи од перфективен вид, а имперфектот останува како минато време за глаголи имперфективни.

Како и минатото свршено време, така и имперфектот најчесто се среќава во разговорната реч, во дијалози и изјави. Во народните приказни се јавува знатно поретко.

Ср.: Ја у шко́лу кът си *и́деше*, по́друкше бе́ше Ст. Што *рабо́теше* Икони́ја? Мумуру́с *бе́реше*. — Ва́шъ^{a}т пипе́р ла́ни мло́го *лу́теше*, ову́ј го́дину не зна́м какъв ќе би́де Гин. *Идесмо* у Руму́нију на рабо́ту Ст. Ла́њску го́дину свак дѣн *и́дешемо* у ло́в Топ. Зи́мус сва́ки вечер си *се́деамо* прет крчмуту, *разговара́амо, пи́еамо* раки́ју, *и́граамо* ка́рте Ранк. Герма́нци га *држеа* тъј рит Ор. Виде́ ли ги куде́ бе́а? *Се́деа* там куде́ ба́шчу, *пи́еја* цигари́ња Кум. Они ста́лно *се́деба* туј Ром. — Особено е честа употребата на оваа форма кога таа означува траење на несвршено дејство, а кога во тоа време се случило дејство на друг глагол (свршен или несвршен). Сп.: Зашто́ не дојде́ чи́че ти? Не могá, *бршеше*. — Кът замина́ Васи́љко? Ми се́но *де́неамо* у Бостани́ште, он тък замина́ Рад. Саба́јле пољакъ^{a}т замина́ и *би́каше* да и́дев на конфере́нцију Ранк. Куде́ *бе́ете* кът *бе́ше* би́тката? — Ми кът *бе́ѣаамо*, еропла́ните *бе́а* на

Sѣну Стр. Кът *се врáкашемо* отýт, све *бéше* разрýшено по зграѓете и отвóрено Рад. Ми заминáмо по друм, Дéнко *кóсеше* у Герéн Стр.

§ 326. Со значење на дејство што се вршело по навика имаме во следниве реченици: Тетин чéсто *доáѓаше* куде нáс и све по нéшто *донáсаше*, сѣга нéма одáмна да дójде Стр. Лáни *úдеше* Милош дýпке да кóпа и свáки дън се *врáкаше* у крчму Др.

§ 327. Обични се и овде имперфективни форми од перфективни глаголи. Најчесто стојат во подредени реченици со сврзникот *да*, како на другата наша јазична територија: Арно бéше *да дójдеше* Иван, ама нéма га Рад. *Да дáдеше* гóспод дъш, тéше да úма бериќéт Стр. *Да* ву *ūýштеше* глýсци, тéа да с'истéпав Мург.

За употребата во состав со *ќе* види примери во § 309.

§ 328. Имперфектот од свршени глаголи во нашиов говор има и една друга употреба, која е необична за западното дијалектно подрачје. Тој се употребува за означување дејство што се повторува. На пр.: Како беше мој татко крупан, па кът *стáнеше* покрај њега, како дете спроти старога човéка ХВ 345. А сът веќе бидна модеран, кът ти гу туј модерну песну *отсвиреше*, сѣга ти још фалив едни френски аљишта Тон. Кът *сéднеше* Дóка да га плáче сúна ву па забрáви да стáне от што гу жáл Стр.

Имперфектот се наоѓа во зависна реченица. Во другите дијалекти во вакви искази би дошло минато идно време пак од свршен глагол. Ваква употреба познаваат и другите северо-источни говори, а карактеристична е и за бугарскиот јазик.

Имперфектни форми со 'да' со значење на блага заповед (сп. Да ми *дадеше* малу пари — во литературниот јазик) на оваа територија не забележив.

§ 329. *Перфект.* — Две се основни функции на перфектот: 1) за соопштување познати дејства што се извршиле во минатото, и 2) за соопштување чуени дејства. Поради ваквата негова широка употреба него и најчесто го среќаваме во раскажувања на историски настани; тоа е основно време во народните приказни.

Општо земено употребата на перфектот во кумановскиот говор се слага со неговата употреба во другите дијалекти.

При соопштување на преживеани или познати дејства перфектот и овде најчесто се употребува за констатирање (во сегашност) дејство што се зема како факт (не процес), т. е. свршено дејство во минатото воопшто без да се мисли на еден определен временски отсек. На пример: Па ја *съ^{а}м* га *срет̄нáла* овóга човéка у Кумáново МлН (соопштува една жена за еден службеник од Управата за приходи во Куманово). — Тука имаме соопштување на еден реален факт во минатото без да се нагласува и моментот кога станало точно тоа дејство. Во таков случај замената со аорист е невозможна.

§ 330. Да ги посматраме сега овие реченици:

Ја *съ^{а}м тр̄зáл* мло́го Ор. Зми́је, ма́чке, ву́ци, све́ *съ^{а}м bugéja* Ром. Дваесе ка́нте ја *съ^{а}м сеја́ја* АгС. Ја *съ^{а}м би́ја* със Јова́на Довезе́нскога чък до Пала́нку Лоп. *Съ^{а}м* га *чу́ја, не́ съ^{а}м* га *bugéja* Пч. Има еди̏н са́ат откако *съ^{а}м дошáја* овдé Ор. Мно́го *смо има́ле* у́трину Ром. Ту́ј *смо* га *зат̄е́кле* ми АгС. *Чувáле смо* гове́да. — Зър не знајеш па ми какви *смо* биле у младе године съ тој играње на тупани и пијење Тон.

Со вакво значење особено е честа употребата на перфектот во негирани искази: *Не́ съ^{а}м* га *bugéja* ово́га чове́ка Ром. *Не́ смо се* ни *п̄ознавáле* мп с ње́га АгС. По́рано *не́ смо моґáле* да ру́чамо ни да вече́рамо, *не́ смо моґáле* ни но́ќе да заспи́емо у ку́ку Др.

Во овие и вакви примери перфектот може да се замени со аористната форма, но во таков случај се менува и временската ситуација. Да ги анализираме овие две реченици:

1. По́рано *не́ смо моґáле* да ру́чамо. — и:
2. По́рано *не моґáмо* да ру́чамо.

Во првата се истакнува само фактот дека дејството се вршело во минатото. Во втората реченица се наложува веќе и одредена временска ситуација[223]).

§ 331. Има една категорија случаи кога место перфект со вакво значење, да го наречеме „реално", во другите говори би се употребил аорист. Сп.: 1.Чим он умре́, ја *съ^{а}м заст̄ӯпи́ја* Ром. 2. Ја *съ^{а}м се изву́кал* съ сво́јуту че́ту Ор. 3. Куде́ бе́ше? *Иш̄ја съ^{а}м* у Трно́въ^{а}ц Ранк. 4. Тък *смо живи́ле* на ґу́туре. 5. Тък *смо* гу *п̄ојáле* и ту́ј пе́сму, до ту́ј *смо* гу *п̄ојáле* АгС. 6. У мо́је зна́ење два́есе куќе *сa̓ би́ле* АгС.

Временската ситуација се наслутува во секој пример. Во овој поглед особено е показателна првата реченица. Аористот *умре* во временската реченица *Чим он умре* сам по себе укажува на определен временски отсек, и во таква ситуација во централните говори мора да дојде аорист (т. е. застапив). Таква е и третата реченица. Во реченициte под 4) и 5) на временскиот отсек укажува прилогот *тъ̄ıс*, а во шестата времето е одредено од глаголската определба (у моје знаење). Останува понејасна реченицата под 2), бидејќи е изделена од контекстот. Меѓутоа, и тука, кога ќе го имаме текстот, временскиот момент е точно набележен.

Во оваа смисла можат да бидат поучни и следниве примери:

1. Дете гу попоскало онуј бабу, и она га прашала: „Синко, што оќеш да ти дам, што *си* ме *п̄опоскаја*?" (ХВ 338). 2. Кът се пробуди́ла девојка цар гу повику́је и на шеши́рка казу́је: „Ка́жи што́ си виде́л". И почна́л да казу́је шеши́рко. А девојка почна́ла да се ка́ра съ^{а}с ње́га. Шеши́рко поче́л да казу́је први трак. „Ста́ни, ца́рева ќерко. Прво. кът *си искочи́ла* из вра́та, не́ ли *си п̄ро̄говори́ла:* сва̓ки

[223]) Конески, Граматика, II, 194. — Интересни се посматрањата на П. Ивиќ врз материјалот на говорот на Галиполските Срби (в. цитираната расправа во ЈФ, XX, 251—259).

вéчер по двоѝца ме вáркав, а овъ̀ј вéчер нéма ни́кој. Нé ли *си оштѝла* у гро́бје и *си извади́ла* трн из гроп и пот трн црн брав, и узјáши брáва; и кът *си летѐла* преко сре́брну го́ру, нé ли ти *је* го́ра *проговори́ла*. . . "Ор. 3. И ѓáвол га пи́та што сà направи́ле. Они ви́кав ни́што. „Што *сте* *бидéле* ус пут?" „Ни́што *нé смо бидéле*, сáмо *смо бидéле* едну бáшчу и едън цвет" Ор.

Во сите примериве имаме непосреден говор, директно обраќање на едно лице кон друго и разговор за преживеани и временски одредени дејства. Во другите говори во такви ситуации задолжително би дошло минато определено време.

Очигледно е, овде имаме просто мешање на перфектот со аористната форма. Има случаи кога при исти опстојателства истиот глагол може да дојде и во минато определено време. Сп. *Цане је бија у наше село* (тврди дека бил Цане во селото, значи не се работи за прекажано дејство), а при повторување на истата реченица, мислејќи дека јас не сум го чул, беше употребен аорист: *Цане бидé у наше село* Ор. Исто и во реченицата: *Турци са ѣа закољале* — а при повторување: *Закољаше ѣа Турци.*

Примерите намерно ги дававме во 1 и 2 лице, зашто во овие две лица и најдобро може да се следат нијансирањата во значењето меѓу перфектот и аористот, а освен тоа во 1 лице и најочигледно е значењето на доживеаност, па најчесто се употребува и аорист.

§ 332. Обична е употребата на перфектот за означување на претполагани дејства: Зър вино не може да те опије? Не може. Пију га, а не га ни осиќам. Требе да га *је* Шишко *прекрсти́ја* ВИљ. Божáно, ама ти *си би́ла* у бáбу ти на го́сти? Кум. Мáмо мори́, ене́ га тáте врáќа се сам, си́гурно *је продáја* бостáн СтН. — како и место сегашно време во изрази од овој вид: Да не *съм* те више *бидéја* у овъ̀ј сокáк. Немój више ни лаф да *си* ми *прозбори́ја* ВИљ. Немój да *си* му *рéкъ*^{a}*л* на њéга, ќе ти се нању́ту Пч (=да му речеш).

Сп. и: Што *си* бре толко *навикаја* на деца дек са си отишле у бивоскоп. Што *си се развикаја* како никој протогер Тон. — „ . . . а кучиња само викав, само вијев, а ми си викамо: деде, *квичело, не квичело*, што да ти праву, за мене леп нема. . . ИА 255.

Или: А овъ̀ј ви́ка: Ја и́мам деведесé и дéвет грéва, па чéкај и сто́ нека *би́ле* АгС (нека бидат). Иш не *викнáја* жи́в СтБ. Пу́сто и́ме му *оста́ло*! Ром.

§ 333. Широка е употребата на минатото неопределено време за соопштување прекажани дејства, и со тоа значење се јавува обично во народните приказни. Со ваква служба најчесто се среќаваат формите за 3 л., и во врска со тоа, како што видовме порано (§ 304), стои и употребата на помошниот глагол. Формите за 1 и 2 лице се јавуваат во прекажувања само во определени ситуации[224]).

[224]) Конески, Граматика, II, 202.

Сп.: Они при́чав да *би́ле* от Шар Пла́нину. Казу́јев да *су би́ле* ни́ко вре́ме у Ра́мне, четѝри ку́ќе на пља́чку живејале Коин. Ту́рци *би́ле*, три дѣна, четѝри ли дѣна бо́рбу води́ле. Ноќто ноќова́ле у се́ло а дѣнта оти́шле. Та́тко ми за то́ј кажува́л, ја не́ съ^{a}м виде́ја Ром. Би́л Настради́н о́ца на го́сти. До́шја он па́к куде́ њега, и тури́л Настради́н да му пра́ви ру́чъ^{a}к. Закачи́л ко́тле на топо́лу и запали́л о́гањ пот ко́тле Ддр. Едън пут лиси́цата виде́ла куде́ *се ѳура́ло* мет Книж I 41. Не зна́јеш ти како је тешко. Бре, тешко *било*! Што не ми је те́шко на мене ВИљ. Ма́мо, кој ќе и́де куде́ До́ку у Кума́ново? Не зна́м, та́тко ти ви́ка не *моїа́л* да и́де, *има́л* рабо́ту, та зър ја не́мам рабо́ту Стр. (Види уште примери во § 304).

Како што гледаме, категоријата за прекажување доста е развиена и во кумановскиот говор, но сеуште не до онаа мера како што е во другите, појужните наши говори.

§ 334. *Идни времиња.* — Порано споменавме дека и овде идно време може да биде употребено за искажување дејства што се повторуваат, но не со таква доследност како во централните или западните говори, бидејќи со истово значење пообично се среќава презент од свршени глаголи. Сп.: Е такој бе́ше, си́нко, у ста́ро вре́ме по́више смо се поштева́ле. Зе́т *ќе дојде* у ку́ку, прво *ќе се ѳоздра́ви* съ^{a}с ба́бу, съ^{a}с де́ду, па *ќе цели́ва* ру́ку на де́ду и на ба́бу, па тък, си́нко, съ^{a}с дру́ги у ку́ку, па *ќе се́дне*, па ла́в, па муабе́т. А сѣга, не́ ти гле́да ни де́ду ни ба́бу Кум.

Исто така со перфективниот презент се поограничува и употребата со вакво повторливо значење и на минато идно време.

§ 335. Обично со минато идно време се искажува дејство што требало да се изврши во минатото, но не било остварено: *Те́ше да зе́му* лубени́цу, ти́ки па́ре нема́ Кум. На́ше се́ло *ѳе́ше да оѳи́де* Ром. За ма́лко *ѳе́ше да ѳа́дне* Пс. — Најчесто се употребува во условни реченици (со условно значење): На́јпосле *ѳе́ше* и воло́ви *да ѳрода́ду*, да не бе́ше да́ла држа́ва за тутю́н Чет. Да и́маше па́ре, *ѳе́ше да му ку́ѳу* аљи́шта Ром. Ако бе́ше ово́ј изо́рено, *ѳе́ше да жњеје́мо* и *ѳе́ше да и́ма* бериќе́т. Ако не́ се во́деше рет, *ѳе́мо да ѳо́мремо*. Ако не бе́а о́ни, *ѳе́а да се иско́љев* Ранк. *Те́ше да рабо́ѳу*, да бе́ше до́шја Го́рѓи Ром.

Од приведениве примери се гледа дека формите со глаголот ‘теше’, одн. ‘ќеше’ како помошен изразуваат модално или временско значење. Но во кумановскиот говор оваа конструкција може да се сретне и со волитивно значење, како во српскохрватските дијалекти[225]), а кое во другите македонски говори се искажува обично со формите на глаголот ‘сака’. Сп.: Ју́тре *ѳеше да и́ду* у Кума́ново Чет (=сакав да одам). Ја там *ѳеше да ја дам* Агс (=сакав да го дам). Он *ѳеше да* ме *оста́ви* Мал (=сакаше

[225]) Jovan Vuković, Posebni perifrastični modalni glagolski oblici u srpskohrvatskom jeziku (Poseban otisak od Radovi — II, Naučno društvo NR Bosne i Hercegovine), Sarajevo 1954, str. 18 нт.

да ме остави). Остина́ во́дата, *ќешѐ да ѿе́ру* за Миле́ву Гра́д (=сакав да перам). Они *ќеја да го́јдеb*, ама скршија ги се ко́ла Ром (=сакаа да дојдат).

§ 336. *Можен начин.* — Оваа форма и овде, и во другите северни говори, е нешто пожива отколку во појужните наши дијалекти. Сп.: А ти, штрбане, што си штрб па не мож' да јадеш, а и *ѿи би се нафурија* ХВ 340. Е, да си ти́ на мо́је ме́сто и ти́ *би се љуѿи́ја* Ник. Па и он *би* те за то́ј *доѿепа́ја*. — И *расцъфна́ле би* ти се како трендафил. — *Рекна́ла би* ти она, тики срамýје се. — Море тој *би било* арно, тики мене ме стра да не искочи епте́н работа. — Е кът *би моїаја* још да те. . . да те цели́вам. — Тики не дај боже моја да оти́де у рај, зашто рај *би* ми *бија* потежък и од пакъл без тебе ВИљ. — Е бре Наско, не *би ѿребаја* да се љутиш на зета. — Ја *би* ги *ѿушшија* још одма, ама не можу да гу гледам туј стару, куде зева у њија и дава зор Тон.

§ 337. Во речениците: Ја *би* ти и у коли́бу *до́шла*; Он *би* ме једнък *земаја*; Ја *би се* поарно, што се вика, од вас *ородила*, отколко със њума да се засвату; *Рекнала би* ти она, тики срамује се ВИљ — се назира и желбено значење (Јас би сакала и в колиба да ти дојдам, итн.). Меѓутоа, само со желбено значење се употребува многу ретко. Во клетви и благослови пообична е употребата на презентот со *да*, сп. Бог *да* га *убије* Ром. *Да осле́ѿиш* Кум. Во други случаи вакво значење се изразува со глаголот 'теше' и сегашното време со сврзниоот 'да', на пр.: И он *ѿе́ше да и́де* съ^{a}с њега́ Др. *Те́ше* да но́си ка́мење за бра́зду, па не зна́м што направи́ Пч (=сакаше). *Те́ше* да и́ма две ку́ке Мург. *Те́мо* да га врљимо Жег. — Сп. и во негирани искази: Они *не ѿеја́ле* да па́сев на ри́т Коин. Сви једев, само оно́ј старо куче не *ѿеја́ло* ХВ 340.

§ 338. Најчесто се употребува оваа форма во условни реченици, и може да стои и во главната и во одредницата. Сп.: Да је тако́ј, не́ *би* те о́на то́лко сънува́ла. — Да и́ма гро́јзе съга, ја *би* ти *да́ја* мо́ју сна́ву за тво́јега си́на Ник. (И во двете реченици со иреално значење). — Он да дава́ја, не *би бидна́ја* га́зда Кум. Да са има́ле изградбу, *би* ги *ѿраши́ле* Ром. А да си сака́ја, *учина́ја би* ми најголему добрину. — Да гу је и моју чуја, одамна *би* ме *умрѿвија*, зашто и ја одамна за тој молу ВИљ. Е да је тако́ј, не *би* те она толко ни *сънувала* ВИљ. Кът *би бија* такъв, не *би* га *ѿризнава́ја* за сина ВИљ.

§ 339. Во прашања: Са́лте да ви́ду дали *би* гу аџи́ја *да́ја*, једнък ќе ти гу свршу. — Зър *би* она *дошла* од овакву куку, како сара́ј, у ваш мутвак! ВИљ. Што *би работа́ја* ту́ј? Др.

Во финални реченици обично се употребува презент, а само спорадично може да се сретне потенцијал. Сп. За да не *би чека́ле*, продадо́ше све Ром.

Во реченицата: Съг *би* да зине земња па да ме глътне, та да не глътам више срам ВИљ — скратената потенцијална форма употребена е со желбено значење.

СИНТАКСА

§ 340. Во прегледот на зборовните категории укажувавме и на значењата на поедини форми и на нивната употреба, до колку за тоа имаше потреба да се истакне. Заштo навистина понекојпат е доста тешко да се изделуваат морфолошките појави од синтаксичките. Во оваа глава ќе се задржиме главно на реченицата, на нејзиниот склоп и механизам.

Редот на зборовите

§ 341. Во градењето на простата реченица кумановскиот говор покажува отстапувања од западните дијалекти во многу случаи во распоредот на реченичните делови. Во редот на зборовите оппито земено има прилична слобода.

Атрибутските одредници од придавско потекло можат да стојат и пред и зад именката на која се однесуваат. На пример: Врзáмо га съ^{а}с *йојáси ньúни* Ник. Дóшле попóвите вечер и *мýжъ^{а}ш ньójъ^{а}н* тропнája на врáта Чел. Тój сам га од *гéду мójеīа* чýја. — Имája си нéки мýж *жéну дóбру* Чет. Едън сúн имája си *шáшка дóброīа* и нé је дája да га тéрав на Пýмпало Руѓ. Кът вúдиш *бóду īолéму*, немój да гáзиш Ст. *Кóња* ако úмаш *јáкоīа*, не смéеш да јáваш Мал. Што úма *сúна злáшноīа* Кум. Бес *сýдбину бóжју* не мóже Мат. Пóсле фатúја *зájца једнóīа* и вржája за рáзбој Пч.

Кога се две еднородни определби, едната обично стои пред именката а другата зад неа. Сп. Сто дукáта врéди една *жéна йойóвска* Чет. Отúшја до *едн бóду мýшну* Ст. Одúле, одúле, сретнája ги *еден дéда сшар* АгС. Тъг не мóжеш да вúдиш *нáшеīа човéка орýжаноīа* Ром. *Два īенерáла рýски* фатúше Чет. Случаите кога и двете детерминанти се наоѓаат во постпозиција се многу ретки: *лáсшар īóлем едъ́н* АгС.

§ 342. Во постпозиција атрибутскиот збор стои, како што е обично и во другите говори, кога има логички акцент: Имája си едъ́н пóп *кóња дóброīа* Ник. Онъ́ј ѓáвол имája је *рýку дебéлу* и *јáку* Ст. — Кога се сака да се истакне особината на предметот: Има си *кýќу* мнóго *убáбу*. — Или кога има повеќе еднородни детерминанти во набројување: Имав си свáкакве *слúве*: и *бéле*, и *црне*,

и *прсли́ве*, ви́камо ги њи́ја прсли́вке, па мо́дре Арб. Обично се во постпозиција и посвојните заменки кога се јавуваат со појачајно значење, како во случајов: И *бра́т* му *њеїо́в* бе́ше съ^{a}с на́с Руѓ.

§ 343. Во беспредложните именски состави редот е како во другите говори: Доне́се му *едъ́н ме́ вино* Руѓ. Да́ла му *ілави́цу кроми́т* АгС. Укачи́л се на *вр по̄по́лу* В. — Поинаку стои во составите кога именката во служба на определба е со предлог. Од тој вид состави особено се интересни оние за изразување посвојност. Сп.: Ту́ј је уби́ен *на Андо́на си́нь^{a}т* АгС. Овој де́те ќе га изе́де *на ами́ју мал* Ром. *От по̄по́ви ко́же* су мло́го ску́пе Арб. Ваков распоред — општата форма со *на* (*од*) да стои пред именката на која се однесува не е непознат и во другите наши говори, но таму не се јавува со онаква доследност како во кумановскиот. Сп. уште: Зна́јеш ли га *чорбаџи Сто̄ја́новоїа си́на* ВИљ.

Местото на зборовите групирани околу глаголот

§ 344. Во сложените глаголски форми помошниот глагол може да стои и пред и зад основниот глагол. На пример: Тража́ја си ме, *чу́ја съ^{a}м*. *Тепа́ле сте* га, збо́рив Кум. Така и во предминатото време: Еден Ту́рчин *оста̄ја́ја бе́ше* Ром. *Изе́ла* га рѓа *бе́ше* Коин. Бу́гарските коми́те кът *ста̄пи́ле бе́ва* Мург.

Глаголските компоненти во вакви случаи обично стојат еднододруго. Но може исто така меѓу нив да се вметнуваат и други зборови, со исклучок на кратките заменски форми, што за западните говори веќе е необично. На пример: Пот ста́рос чу́до ќе пра́ву, ве́нци ќе кршу, па да се чуди и крсти цел свет и *да се* до века *прика̄зу́је* како *си је* ами́ја жену *оста̄ја́ја*. — Е *да си* тој нешто на време *учинаја*. — Јели *да не си* ме никако *узимаја*. — А демек пишман си што *си се* за мене *удала*. — Све *съм* по твој памет *одила* и по твоју вољу работала, и све *съм* по тебе *ишла* како твоја сенка. — По тој *би* те за тој *ута̄ја́ја*. — Е кът *би* те малце *избъцкаја* със њија ВИљ. — Тъга *ќе* од обе стране *да искленза* по един, и тој от крај што су најслаби ХВ 347.

За местото на помошниот глагол во сложениот предикат нема особено ништо да се истакне.

§ 345. Најмногу отстапувања од нормативниот јазик во врска со местото во реченицата покажуваат кратките заменски форми како глаголско дополнение. Најчесто (во однос на глаголот) тие се наоѓаат во постпозиција. Така е и во другите северни говори. Сп.: *Носи́мо ју* вре́ку крс се́ло Чет. Не́ ву казу́ју на те́тку, *ку́ту си* Ст. Оди́ле, оди́ле, *сретна́ја ју* еден де́да ста́р. — *От*е́*мо ју* сви ша́нци Ник. *Виде́ ја* оњ домаќи́н Мург. *Испродаде́ ја* жи́то Мат. *Поїоди́ле се* и оти́шја да о́ре Чет. *Зема́ ме* и ја бега́ у Бу́гарску Кук. *Ључи́мо ју* о́вце Ор. И му́жъ^{a}т *сети́ја ју* ту́ј рабо́ту Арб. И *праша́ле ја* да́ли је кри́вда бо́ља или пра́вда Стр. У то́ј вре́ме ста́рите љу́ди *тера́ле ју* на Пу́мпало и *утеју́ва́ле ју* Руѓ. Едну́ сре́ду до-

несé дéда две мéтра дрва и *наредúмо ѣи* дрвата Кум. Воденичáр *изѣадúја ѣа* жúво дéтето Пч. Четúри држáве *бúше ѣа* Тýрчина Отља. Два сúна имáла, *заѣубúле* ву *се* Отља. Но зад сврзник во зависните реченици: Кáжи му нéли *ме заштворúше* Прој. Они тéше *да ѣа стрéљаѣ*. Ако *ѣу сéти* мýжъ^{a}т. — Обратно пак во заповедната форма кратката заменка оди и пред глаголот: Лѣсно је тój: дáј, ќе ти га подржу магáре, а ти врáти се и *ѣа зéми* Кум.

Кога се употребуваат и нагласената и ненагласената форма, тогаш имаме поголема слобода. И двете форми можат да стојат и пред и зад глаголот, а можат и да се одделат од глаголот. Само во последниов случај полната форма ќе стои зад глаголот. На пример: Ја *ѣа ѣидó њéѣа*: *Видó ѣа њéѣа*. — Ја *ѣе ѣéбе ѣидó* Ром. Ја *ѣе ѣéбе чéкаше* Дов. А, не! Тики стра гу је да не се разбере дек *ѣе ѣебе сака* ВИљ.

Во случаите кога ќе се најдат едноподруго две енклитики — дативната и акузативната, последнава стои зад дативната: Цáр *ѣоклонúл му ѣа* грáдъ^{a}т Пч. *Ошткупúше му ѣу* зéмњу Ром. *Одзеѕê му се* на тъј бек Коин. Он отидé, земá биволúцу и *дошерáл си ѣу* дóма АгС. *Уштепáл си ѣу* кýчку и *ѣурúл си ѣу* на бáцу кýчкуту АгС.

Кога ќе се најдат заедно глаголските и заменските кратки форми, глаголската обично стои пред заменската: *Оштавúл съ^{a}м ѣу* нáдвор АгС. Јучéр *ѣражúја си ме* Кум. *Купúја съ^{a}м ѣу* бýнду. — *Ќе му ѣрекúну* стрýју па нек се жáли Кум. Ја *ќе ѣа њеѣа закóљем* Мал. Или: Ја *ќе ѣа закóљем* њéга. — Само глаголската форма *је* редовно стои зад заменката: Четúри гóдине *ѣу је сакáла* Ром. *Видéја ѣа је* сúноќ Обл. И он *се је ѣрнáја* туј Пч. Уријéт се је дáло АгС. У Тýрско *се је ѣочéло* Кан. Млóго *се је* мýка *ѣрúнáло* Ос. Мýка *се је ѣидéло* Коин. Грдна глóба *се је ѣлакáло* Чет. Од Грчку *оцепúл се је* Ор. Меѓутоа, множинската форма *са* (*су*) стои, како и другите, пред заменската форма: Дéца *са му ѣросúле* за леп ГК. Аџúја мúсли *заштрле са ѣа* Мат.

Ретки се случаите каде што би дошла заменката пред глаголската енклитика, но не се и непознати. Сп.: Ама *дóшла ми си* ти овде да се караш. — Да *ми си* ти, да речу, при памет ВИљ.

§ 346. Погоре споменавме дека е возможно во овој говор одделувањето на глаголските енклитики од основниот глагол. Ќе приведеме неколку примери каде што кратките заменски форми се одделуваат од глаголот. Сп.: Попóви *ѣи* свé оставúше Коин. Па *си* дете *ишло* и сретнало другу бабу ХВ 348. И дала му баба едно кутре и оној *си* дете *ѣошло* па се досетило и повратило и прашало бабу . . . — И одредиле му да *се* у туј и туј лединy къд биде *ѣдаѣи* у бунар ХВ. И такój *се* муж *ѣупáши* што му тој вúка из гóру. — И на пóпотога *му се* па *јéде* Одр.

Исп. и: Аџúјата му рекнáл: Ќе *си ми* три јáјца *дýжан*, тики ќе ти ги опрóсту Одр. Не, мáјке! *Не ми* више *збори* за тој! ВИљ. Туј *ѣа* твójега тáтка *најдó* Чет. Или: Онѣј што *сѝ му* óчи *изѣáдени* слушáја ги штó óни збóрив Стр.

Во степенуваните глаголи: У Ту́рско *на́ј се је раѓа́ло* Ст. *По́ је зо́дно* на Ко́кино. — *По́ је страубја́ја* Мал.

§ 347. Партикулата 'не' со сложени глаголски форми: *Не́ је има́ло* бо́рба В. *Не́ је има́ло* да се зарабо́ти. — *Не́ са пра́ви́ле* ло́шо Пч. *Не́ се је зна́ло* кът ќе осту́пимо Чет. — Заедно со заменските форми: Ја *те не да́вам* да те те́рав Руѓ. Ја *те не пу́штам* Ор. Ни́кој не те те́ра. Ја *те не му́чу*, сам *си се му́чиш* ВИљ. Ви́ше *се* во́јска пред на́с *не за́врте* Кан. — А на апсолутниот почеток: *Не́ не пу́шта́ва, не́ ју да́ваше* Ник. Сп. и: Стој ти, кумаши́не, ја ќе и́ду ну́тра да га затво́ру воденича́ротога да *ни ју не зе́ме* ри́бете Одр.

§ 348. *Местото на некои сврзници по однос на глаголот.* — Пред сè ова се однесува на сврзникот *да*. Најчесто тој оди со глаголот. Но исто така не се необични и случаи кога се одделува од глаголот. На пр.: До́шле самови́ле *да се ба́њав* и говори́ле *да на* не́кога ца́ра *има́ло* ќе́рка ќо́рава Ст. Борба мора да се продужи и против нови зулумќари, крвави фашисти и *да* сас туј борбу *земе* достојно место меѓу други славјански народи. — Од стра *да се* македонски народ... *не сложи* братски сас други народи што живив у Македонију... ИА.

Кај релативните сврзници возможен е и ваков ред: Вечера́ле што вечера́ле, *што им* ле́п оста́нал, збра́ле от трпе́зуту и да́ле на кучи́њата Одр. Сложените сврзници со 'што': И он оти́де *куде́* та́тко *што* му би́ја Пч. Па га прове́ја на тъј мос *куде́* ма́јка *што* ги је зась́дана Ст. Обрна́л се *откуде́* о́н *што* гле́да АгС. *Како* на у́ста *што* ди́ја Деил.

Сврзниците во зависните реченици, кога се тие во инверзија, се доста слободни по однос на местото. Сп.: Арнаву́тин *кът биде́* дек ќе га стре́љав, забега́ у дол, тики пак га вана́ше Ор. *Чим дојдо́ше* о́ни, пристигна́ и пољак В.

Во редот на главните реченични делови и глаголските дополненија нема поособено за одбележување.

Прости реченични искази

§ 349. Простите реченични искази се изразуваат со веќе познатите средства. За негирање — партикулата 'не', негативните заменки и прилози; прашања се изразуваат со прашалните заменки, разни прилози и частички, со измена на редот во зборовите и со разни интонациски средства. Сп.: *Какво́га* све́ра си убија? Арб. *Каквý* му́ку и́ма? Мург. *Коли́цък* је и коли́ку но́гу и́ма Ранк. Од прашалните частички најчеста е 'ли': Виде́ *ли* га чи́чу ти? — Покрај 'дали' за прашања се употребува и партикулата 'али', и тоа главно во западниот дел: *Али* оврши́те у Ско́пје? Ор. *Али* га сѣпна́ ко́ња? Ром. Же́на га питу́је: *Али* ќе вршиш, *али* да вршу ја? Мат. — Како прашална партикула 'али' често се среќава и во скопско-полошката група говори, а не е непозната и во централните. Овие две парти-

кули се употребуваат и во зависни, индиректни прашања: Питýј га *дали* ќе дójде jýтре да ми прекри́је кýќу Стр.

За негирани прашања 'ли' се комбинира со 'не' = *нели*: *Не́ли* те срам такój да збориш? — Како да гу остáву, *не́ли* гу ви́диш каквá је? — *Не́ли* си ти на шетáње с ергéни? ВИљ. *Не́ли* ќе забрáвиш? Жег.

Во некои крајни западни села покрај *нели* се јавува и формата *нали*, поретко и *лели*, и двете познати во централните области: *На́ли* ѝдева, Јована́не, ти си пóстар пó ги знáјеш тија рабóте В. *Де́ли* такój бе́ше? АгС.

За изразување разни емоции и потенцирања, било во прашања или во негации, покрај повишената артикулација често се употребуваат частичките: *и, ја, а, ѝа, ма, ли, ѿа, аj* и др. Сп.: Сака, ама *ја* кът застáне кóска у грло? — *Ја*, нек те избъцка мало?! Их, што има ручицу онај Васкэ! Меку, меку, како памук. *Ја* па образ да ву пипнеш? — *А*, што рабóтиш? — *Та* бере шкембе да га напуну, кът не можу срце ВИљ. Чудна *ли* је тај работа! Кум. Господи, голема *ли* је тај држава! Пч. *Ма* што да работу сам тýј! Отља. Их, да је да можу да чујý! Да је, ја да съм, ете, на твоје место ВИљ. *Па* има ли нешто за једенье? Ор. *Аj*, седи да поседимо В. — Со *е* се изразува одобрување, чудење, повикување: *Е*, другáре, такój ли је? — И он је бѝја илиндéнац. *Е* бѝја истѝн, чýја за Илѝндъ^{а}н! — Приближно значење има и *ега*: *Ега* за мáло тéше да ýмре, áма преболé АгС.

Конѓруенција

§ 350. Согласување на реченичните делови се врши како и во другите говори. Формално согласување имаме во еднинската форма меѓу придавските детерминанти и именката што се определува и меѓу субјектот и придавскиот збор во složениот предикат. Во другите случаи имаме логично (по значење) согласување. Сп.: Дójде куде нáс едън војни́к и ме питá: Кудé ти је, бáбо, домаќи́н? НС. Имате једнóга лóшога човéка Ст. Имáл си, сѝнко, мýку голéму Цвет. И она је бóлна какó мéне Ор. Син ву је голéм, војни́к је бѝја СтН.

Придавските определби со именка од машки род на *-а*: Дочекáше га сви *ѿýрскоїа судѝју* Стр. *На́ши їлавеши́не* глéдав за свој џеп Руѓ. Бѝја кудé *бýїарскоїа владѝку* Ор; съас *на́шеїа коншѝју* Пч; *Једнóїа шýру* бéше одвéја. — *Дóбри бóѓе* сä бѝле Ник. Купѝ *једнóїа коњеѿѝну* Ром. — Со збирните именки 'браќа' и 'деца': *На́ши бра́ќа*, на́ши сѝнови и *на́ши дéца*.

Во прегледот на придавките видовме дека и во овој говор множинските форми за машки и среден род се изедначиле на целата негова територија, а во јужниот појас и формата за женски род, генерализирајќи ја наставката *-и*. Во посеверниот дел пак придавките од женски род уште ја пазат родовата наставка *-е*, така што тие со именките се согласуваат и формално. На пр.: *Сbе кýќе* изго-

ре́ше Мат. *Све* са тој *куќе за́дружне* Рад. *Маїаре́шке сли́ве* до́бро роди́ше Ст. Купи́ше две *о́вце дебе́ле* Обл. Те́ј *сви́ње* су *на́ше* Коин.

Во согласувањето на предикатот со субјектот интересно е да се истакне една појава која е општа во нашиот јазик, а доста е раширена и во граничните српски дијалекти[226]), наиме употребата на глаголската *л*-форма безлично, во среден род, без оглед во кој род е субјектот. Сп.: Уриjе́т се је *да́ло* АгС. Мно́го се је му́ка *тр̄на́ло* Ос. Му́ка се је *виде́ло* Коин. Грдна гло́ба се је *пла́ка́ло* Чет. *До́шло* рет и на њу́ма Обл. *Боле́ло* га гла́ва Дов.

Сложена реченична конструкција

§ 351. Во поглед на редот на речениците во сложената реченична конструкција нема некои посебности. Истакнувањето на поедини реченици и создавање на инверзии е нормална појава.

§ 352. *Начинот на сврзувањето на реченицитѣ*. — Приредените сврзници: *а, ама, и, или-или, ни-ни, па, та* и овде имаат широка употреба. Сп.: Ту́рци га ви́кав да се преда́де, *а* Крста одврка́ бо́мбу Ром. Или во цели спротивни низови: И рекна́л ста́рја^{a}т брат: Куде́ ќе спи́јемо? *А* ма́ља^{a}т брат му рекна́л: ќе спи́јемо у ову́ј кру́шку Петр. — Покрај *ама* како адверзативен сврзник се употребува и *ма*, сп.: Ја га вика́ два пута, *ма* он не теја́ да до́јде Ор. Коми́те оти́шле куде́ његову́ куку́, *ма* бек не излега^{a}л и запали́ле му ку́ку Ром.—Сврзникот *и* во обичниот расказен стил се употребува и како засилувачка партикула: Би́ле трои́ца браќа *и* прооди́ле пр̄бкај едну́ реку, *и* на́шле едну́ воденицу. — Ќе спи́емо у ову́ј кру́шку. *И* качи́ле се у кру́шку да спи́ет. *И* пот тој кру́шку до́шле ајду́ци што крадна́ле ра́зне работе, *и* тој одмори́ле Петр. — Копулативниот сврзник *па* поради честата своја употреба веќе како да се механизирал и станал еден вид помошен збор за поголема изразност. Такво значење има тој и во другите наши говори. Сп.: Ќе си бе́гам, *па* распра́ља̄ј си се ти съ^{a}с њу́ма како зна́јеш. — Поне́ја си све́къ^{a}р ви́но, раки́ју' пијалък, *па* ги остави́ја на́вечер у куку, *па* легнаја ХВ. Дури и во прости искази: *Па* како́ си? Ор. . . . *па* дојде́ съ^{a}с њега и Јова́н Стр. *Па* остаро́мо, де́те, еве́ ја ве́ке одневидо́ СтН.

И *та* како копулативен сврзник се среќава многу често. Сп.: Та́тко му га пи́та: Си́нко, што ти је *та* пла́чеш? Руѓ. Те́тке са̄ ни скри́ле, *та* са̄ ву зага́рчики тури́ле Ст. А они́ја двои́ца си збо́рив: А бре овъ̄ј куде́ бе́ше *та* не виде́? Жег. Она му дала ништо *та* изе́ја и поче́ја да зна́је сви језици. — Била една жена и не тејала си мужа, *та* станала и отишла у неки камен голем. Ишја у дрва, копаја пењуге и носија *та* се изрануваја сас жену си ХВ.

Туку како адверзативен сврзник е редок. Место него почесто се употребува *тики*, кој може да се јави и во формата *теки*. Сп.: Не пла́чу, *ти́ки* се́лото са́ка да те те́ра на Пу́мпало Руѓ. Не́ ме

[226]) Белић, Дијалекти, 624.

жа́лба што гу преотéше, *ти́ки* ме жа́лба што се ороди́мо Ст. Тéшко је, *ти́ки* што́ да пра́вимо ГК. Аци́јата му рекна́л: Ќе си ми три ја́јца ду́жан, *тики* ја ќе ти ги опро́сту Одр. Дру́го не́ма, попади́јо, спас, *ти́ки* да и́демо на оњ̀ј мос и да ги врљимо под мо́съ[а]т Одр.

Обични се адверзативните реченици со сврзникот *али* (многу редок во другите наши говори): Они те́ле да ку́пив кра́ве, *али* на ово́га фрли́ле јо́ште пет ба́нке Арб. Он гу ви́ка, *али* она́ј сна́шка ни́што не́ му одговара́ла Чет. Вати́ ноќ, *али* врна́а се на́зат, и врна́ле и Бу́гари Ром. Двои́ца по́па се стави́ле, оти́шле куде́ једну же́ну, *али* о́на ги полъжа́ла Бујк. Много славјански народи биднава робови на германски фашисти, *али* све тој му беше малко... ИА.

Знатно се поретки адверзативни реченици со *ами*. Овој сврзник се јавува и во формата *еми*, исто така познат и во други наши говори (сп. МП, X,3-4,73): Ја ги каза́ д'и́дев, *еми* о́ни не́ќев Пч. Он ги ви́каше на вече́ру, *еми* о́ни кът не́ќев, што да ги пра́ву Прој. Многу ретко со адверзативно значење се јавува *да*. Сп.: Ја не мо́жу, рекна́ла, да спле́ту чара́пе за ме́не, *да* не́ за твоју во́јску Ст.

Покрај *или-или*, *и-и*, *ни-ни* како динсјуктивен сврзник се употребува и *ем-ем* (од *хем*): *Ем* не чи́ни, *ем* је ма́ло Пч. *Ем* и́демо на сла́ву, *ем* што́ љу́ти смо Кум. *Ем* да те нањути, *ем* да те насмеје Тон. Или: И ги затва́ра *ем* девојку *ем* де́те Ор. Го́спот не дава две добра на едно место: *ем* паре, *ем* па́мет ВИљ. — Сврзникот *или* може да биде заменет и со *ели*: *Ели* Ту́рчин да вла́да, *ели* о́ни Алба́нци Ром. Не и́де пра́во, ти́ки *ели* пот се́ло, *ели* нат се́ло ГК. Да зи́мав *ели* ле́п, *ели* дру́го Стр. *Ели* његóву гла́ву да ми донесеш, *ели* твоју ќе у́зму Др. *Ели* ќе ка́жеш кој ти каза́, *ели* ќе те уби́ју Ст. Зър ме не́кој праша́ ја сакам *ели* нејќу? Виљ. Имате ли памет што зборите *ели* не? Тон. Понекојпат се јавува и во формата *јели*: А куде сакаш да гу цунеш?... у обрас! у лев *јели* у десъ̀н? ВИљ.

Обичен е овде и турскиот сврзник *ја* : *Ја* и́ди *ја* се́ди, па нека и́де друк АгС. А он завика́ја: *ја* она, *ја* некоја друга.Пч.

§ 353. Од подредените сврзници најширока употреба има сврзникот *да*. Сам или во корелација со разни други сврзници (*пред*, *дури*, *како*) тој се употребува во сите хипотетички реченици, освен каузалните и консекутивните. Со финално значење почесто се употребува сам. Сложениот сврзник *за да* има знатно поограничена употреба отколку во другите, појужните говори. Сп.: *За да* га сруши до темељ славјанство, он удара на славјанство. — Сега требе да се повлече војска од други места *за да* се закукав дупке на централни фронт ИА. — Декларативни реченици со *да*: До́шле самови́ле да се ба́њав и говори́ле *да* на не́кога ца́ра има́ло ќе́рка ќо́рава Ст. А њего́в брат кът виде́ја *да* је прогледна́ја, оти́шја си куде́ во́ду Ст.

§ 354. Декларативни реченици со својата управна се сврзуваат и со *дека* (*дек*), *како* и *што*. Сврзникот *оти* не се употребува. Сп.: Ја зна́еше *дек* нејќеш да ми веру́јеш, ацијо, за тој ти понесо́ паре ВИљ. Куде́ је мој домаќи́н да ви́ди *дека* и на́с ни дојде́ гос у

ку́ку Кум. И он каза́л *дека* на пу́т виде́л едну́ топо́лу Ор. Ни́које си вре́ме му́шкото приказа́ло се *дека* је њо́јно де́те Кум. Ми́слу си *како* ќе жи́ву сам чове́к.

Таканаречените зависно-прашални реченици за својата главна често се сврзуваат со *али* = *дали*: Не зна́м *али* ќе рабо́ти ју́тре ГК. Не́ли ти је рекна́ја *али* ќе га у́зне пра́сето АгС. Но најчесто тие се во асиндетон, како и разни други видови декларативни реченици, или пак се изразуваат со частичката *ли*: Не зна́м ќе до́јде *ли* или не́ма да до́јде Пч.

Обични се темпоралните сврзници: *кът*, *къ̄т да*, *дури*, *дур*, *додека* или *додек*, *што̄м*. Сп.: *Къ̄т* чу́ла она, једно́га скрила у ка́цу, једно́га у рого́жу Мал. *Къ̄т да* отсту́пнмо, а они тък пристигна́ше Мург. *Дури* да до́јду ја, да га же́ните Ор. *Доде́к* бешо́ ја кмет до́бро бе́ше АгС. *Доде́к* мо́же чове́к да се чу́ва, ќе се чу́ва В. *Што̄м* сврши́мо њи́но, тък ќе по́чнемо на́ше Ор. *Што̄м* се сва́ри, ќе је́деш Пч. *Што̄м* сврши тој, по едно́ вре́ме иска́ча девојка, изна́са прстен Мург. И *што̄м* ту́риш оне же́гре, ка́жи „за́кис" Ник. — Но исто така се употребуваат и темпорални реченици со сврзниците *док*, *докле* и *чим*, кои во другите дијалекти на нашиот јазик не се среќаваат или се пак сосѐм ретки. Првите два се употребуваат паралелно со сврзниците *додек*(*а*) и *дури*, со исто значење и се шират на нивна сметка. Во Козјачијата речениците со *додека* и *дури* се многу поретки од речениците со *док*, *докле*. Сврзникот *чим* значи исто што и *што̄м*. Сп.: *Док* д'оти́демо, они се истегльи́ле Ром. *Док* је чове́к у ку́ку, голуп сто́и на ба́ду Прој. *Докле* је́де леп, о́ни се спушти́ле докуде́ калајџи́ку Стр. *Докле* да га осво́и во́да, воденича́р извади́ја га жи́в Ром. *Докле* га не на́јдеш, немо́ј да се вра́ќаш Ор. Збори, збори до ни́једно време, *докле* не гу надва́ша сън ВИљ. Тъг станаја муж, па грабнаја едну остегарку па удри жену, удри, *докле* не му се почела да моли да неќе више да тражи да ву каже тој, што имаја да ву каже ХВ. *Чим* га утепа́ше Васи́ља, уриє́т престана́ Ром. *Чим* он умре́, по́сле ја съ^{a}м заступи́ја Ром. И они *чим* виде́ле, зема́ле си гу. И *чим* гу зема́ле, почна́ле да гу леку́јев Ор. *Чим* се стъмни они не сме́јев да о́див. И *чим* је виде́ја, побегна́ја ле́каръ^{a}т Ром. — Обични се на целата територија на разгледуваниов говор и временски реченици со сврзникот *како*, кој означува дека она што се изразува со главната реченица треба да дојде веднаш зад она што е искажано со подредената. А такво значење имаат, како што ни е познато, и сврзниците *што̄м* и *чим*. На пример: Комитлъ^{a}къ т *како* почна́, а́рно бе́ше Ранк. Арно ама воденича́ри врљи́ле ка́нту на тава́н, и ја *како* вид6 ме́чку, почна́ да чу́кам у ка́нту Ст. Ту́рчина *како* га истера́а, не́ се сми́ри. *Како́* смо га напа́ле, не́ смо оти́шле Јач. *Како́* је до́јден на Кума́ново не́ је је́л Коњу. *Како́* искочи́мо, о́ни до́шле Пч. *Како́* избега́ше, а́ј си до́ма Ром. *Како́* се јави́ комитлък, шпиво́ни не́маше Ром.

Со временско значење може да се сретне и сврзникот *колко*, само такви реченици не се многу чести. Сп.: *Ко́лко* стигна́ те́нкъ^{a}т до мо́с, врљи́ше ракéту В (=само што, штом, чим, туку што).

Ко́лко сврши́ја рабо́та, по́сле ги пушти́ја ГК. Темпоралниот сврзник *маде́м* се јавува многу ретко: *Ма́дем* не́ма леп, гото́во је, смрт В.

Исп. и временски реченици од типот на следниве: *Ел* ме пи́таш, пра́во ќе ти ка́жу Ранк (=штом, кога, чим). *Едно́* иде́ње уби́ја га Ник.

§ 355. Најчести условни сврзници и овде се: *ако, да, къ̄т, ли.* Сп.: *Ако* би утёкъ^{a}л от та́мо, да се зна́је куде́ да се спа́си Ор. — Во корелација со *да*: *Ако да* беше бра́ла свака муа мет, бу́мбъ^{a}ръ^{a}т би набра́ја најмлого Книж, 40. Море, цунеш *ли* гу еден пут, ќе са́ка ете, сто години да живиш па по сто пути на дън да гу цели́ваш ВИљ. Зашто́ не́ си побегна́ја? *Къ̄т* би могája, побегája би, тики куршу́м те че́ка Коин.

Се употребува исто така и сврзникот *буди* во ваков тип реченици: *Бу́ди* не́ма чове́к, и несре́ка га снаа́ќа. — *Буди* и́спит не положи́, па и па́ре потроши́. — *Буди* съ^{a}м сирома́, па съ^{a}м бо́лан. — *Буди* си крив, па још можеш да збориш. — *Буди* си задоцни́л, па још ми се препра́вљаш Кум. *Буди* слеп, па и трн у око ХП. Како што се гледа, сите приведениве реченици со *буди* се реални. Со вакво значење *буди* се употребува и во јужноморавската дијалектна област[227]). Од другите наши говори тој се среќава уште во долнополошкиот, црногорскиот, а сосема ретко може да се чуе и во скопскиот градски говор. Во кривопаланечкиот и кратовскиот е исто така редок.

Условни искази без сврзник се возможни со употреба на заповедната форма, како во случајов: Оти́ди у та́тка, ќе укра́де, оти́ди у све́кра, па ќе укра́де, па кој ќе те те́бе трпи сал да кра́деш АгС (место: ако отиде, да отиде).

§ 356. Најчести каузални реченици се со сврзниците *зашто* и *по̄што.* На пример: И да́ле у́редбу стар чове́к да не́ се уби́је, *зашто* он каза́л семи́ньата Руѓ. Улегна́ја у шу́му, *зашто* њи́јни зако́н не да́ва на мегда́н Ром. Обле́чи два еле́ка, *зашто* ќе ме те́пав Кум. Не дај боже моја да отиде сама у рај, *зашто* рај би ми бија потешък и от пакъл. От къ̄т се уда́до́, мужа слу́шам, мужа повише од татка, *зашто* мој татко, бог да га прости, не беше толко своје-глав како татко ти што је ВИљ. — *По̄што* зе́мньата бе́ше бе́говска, и а́нът бе́ше бе́говски ГК. *По̄што* и́маше бек, има́ње и́маше пољаци В. Тре́бе да доби́јеш ти, *по̄што* си́ се бори́л против Ту́рчина Ранк. *По̄што* не мо́жев да жи́вив, бо́ље са́ тража́ле Др. Си́нко, ти не мо́жеш да би́деш тргóвъ^{a}ц, *по̄што* не зна́јеш како́ се купу́је и прода́ва Руѓ. *По̄што* пису́је ацији́а, ќе свршимо Ранк. *По̄што* ви́каш, ќе га дам Кум. Последниов сврзник, како што е истакнато и во граматиката на Конески (II, 247), во нашиот јазик не е така чест. Тој се јавува претежно во северните говори, и тоа на це́лиот појас од Шар Планина до Осогово (MJ V 195), потоа во скопските, поречкиот и кичевскиот говор Како причински сврзник се среќава и *чим*; *Чим* не мо́же он, и ја

[227]) Белић, о. с., 648.

не мо́жу Пч. *Чим* ме одри́ѓа на́рот, к'и́ду Ор. *Чим* таква́ ви је рабо́та, ете́ гу Кум. *Чим* о́див Ту́рците, не́ се помѣца В. — *Што́м* и *ел* со причинско значење се поретки: *Што́м* он и́де, ја не и́ду Пч. — Немо́ј да ме му́чиш ви́ше, *ел* ќе у́мру Прој. — Со вакво значење се среќава (не често) и турското *зърем*: Доста! Збери га тъј језик, зърем ако га пустиш малко ќе ти га иску́бу ВИљ. — *Дека* со причинско значење е редок, а *бидејќи* и *оти* воопшто не се употребуваат. Необичен е и сврзникот *по́чим*, кој е доста чест во соседните ск.-црногорски села (MJ V 195).

§ 357. Од релативните сврзници *што* има најширока употреба. Сп.: Сука́лька *што* су́камо баницу АгС (=со која). — Онѣј *што* са му о́чи изва́дени, слуша́ја ги *што* збо́рив Стр (=на кого). Е сък наиѓу́је тргóвъ^{a}ц *што* је би́ја пија́н и крсти се Мал. На то́га *што* ми ме́не каурски збори АгС. Исп. и: По се́лата *што* смо живи́ле Кум (=каде што). — Сврзникот *што* во корелација со *кој* се јавува во вакви случаи: *Кój што* мо́же снаóди се Пч. *Кój што* си рабóти, и́ма си Ром. *Кој што* си има́ја, пак си и́ма и сѣга АгС.

§ 358. Други подредени сврзници: *како што, камо, камо ли, а камо ли, него ли* — за сврзување разни видови начински реченици; *иако, макар, та* — со концесивно значење; сп. *Макар* и голи ишле, сал ти да ми не умреш ХВ. Не кумаши́не, мо́зъ^{a}къ^{c}т ми испаде, *та* за тој ба́ју Одр. — Финалниот сврзник *ега* (<егъда), карактеристичен за тимочко-јужноморавската дијалектна област[228]), овде се среќава многу ретко. Сп. Иди ми гу са́кај, бре Мале *ега* ли гу да́дет Ранк (во народна песна). А се јавува и во вакво значење: А, Симке, мори! *Ега* ти искочи́ло тој око, а? ВИљ. — Реченици со *без да* се исто така многу ретки, но не се и непознати: Ку́чето искочи́, *без да* ла́је се зѣгна меѓу ме́не и ја га удри́ Петр. Тај же́на му би́ла ма́јка, ама *бе́з да* зна́је и он и о́на Кум.

Други појави од синтаксата

§ 359. Посвојноста се изразува со веќе познатите средства: до посвојните придавки и заменки, со кратките форми на личните заменки во датив, и описно со предлозите *на* и *од* и општата форма на именките (заменките). Остатоци од некогашниот посесивен датив, кој е така чест во соседниот ск-црногорски говор (MJ V 161, 165), видовме, овде нема многу.

Што се однесува за употребата на предлозите *на* и *од* со вакво значење, треба само да нагласиме дека образувањата со *на* се многу почести, пообични, како и воопшто во источните говори. Сп.: Ба́бо, куде́ је о́глав *на бо́ла* Руѓ. *На пой Јобáна* је овъј Др. Ту́ј је уби́јен *на Андона си́нъ^{c}т*. — Една́та кобúла је *на То́му* Ник. Овój девојче́нце је *на голе́мога си́на* Ром. — Со *од*: Куде́ је, си́не, *од ко́ња* оглав? Руѓ. *От попóви* ко́же су мло́го ску́пе Арб.

---

[228]) Белић, о. с., 652.

Кога е именката на која ѝ припаѓа предметот лично име, присвојноста во такви случаи се изразува почесто со придавка, на пр.: *Ки́рина* кобѝла не врши, *Миланова* не мо́же Ник. Зашто не сте узе́ле *Ко́чиноѓа* ко́ња? Чет. Уби́ше га *Ми́лошевоѓа* си́на. — До́шле у *Сто́јкову* ду́пку Коин. Знајеш га чорбаџи *Стојановоѓа* сина? ВИљ.

§ 360. Употребата на двоен објект е нормална појава и во овој говор, и затоа нема потреба да се документира. Меѓутоа, во него не се необични ни случаи кога кратките заменски форми можат да бидат испуштени. Тоа најчесто се јавува во оние случаи кога се испушта и членот. На пример: Коми́те оти́шле куде́ његóву куќу, ма бек не излéгьᵃл и запали́ле му *ку́ќу* Ром. Ко́ко па́ре си прода́ја *кра́ве*? — га прашу́је Настратин (м. си ги продаја краве). Руѓ. Шеши́рко скри́л на *дебо́јку ча́шу* (гу скрил чашу) Ор. — И ѓа́волъᵃт тражѝ онój *де́те* да га на́јде съᵃс тој две ца́рске ќе́рке Петр. Ма́лјьᵃт брат рекна́л: да у́зну овъ́ј *воденѝчан ка́мен* на ма́јку за запреда́лце Петр. И поп му обе́ќа да му даде *ќерку* Ром. И да́ле у́редбу оᵀтъ̀к стар чове́к да не́ се уби́је, зашто́ он каза́л *се́миња̀та* Руѓ. И лиси́цата се разљутѝла, зна́ла њо́јните *мечѝња* (и ги знала њојните мечиња). А она се сме́тне из кру́шкуту, збере њѝњите опа́ши и наста́ви си њо́јњьᵃт опаш Одр. На место ја да съᵃм утепа́л *ку́чето*, оно би́волчето съᵃм га утепа́л. Ѓа́волъᵃт мрдне *ју́жето*. И къд искочѝле го́ре, орли́цата му да́ла *ме́сото* на ѓа́волотога Петр.

§ 361. Повторувањето на зборовите како средство за поголема изразност и уверливост, за засилување на исказот или за искажување множина е општа појава во нашиот јазик, која ја познава и кумановскиот говор. Сп.: *Сък, сък*, ќе до́јду. — Къд оти́де та́м у мана́стир што ќе ви́ди — *наро̄т, наро̄т*, пу́но, све пу́но, от сви стра́не доаѓав љу́ди Мург. Повторувањето на глаголите внесува извесни промени и во категоријата на видот. Повтореният глагол, како што забележува Реформатски за рускиот јазик[229]), означува продолжителност во областа на несвршеният вид. На пример, кога ќе речеме *бе̄ја́, бе̄ја́*, или *тра̄жѝ, тра̄жѝ*, се чувствува продолжителност во процесот на вршењето на глаголското дејство.

[229]) А. А. Реформатский, Введение в языкознание, Москва 1955, с. 222.

ЛЕКСИКА

§ 362. Не може да се зборува за целостен преглед на еден говор ако остане незасегната неговата лексичка страна. Речничките особености заедно со фонетските се важни елементи со кои се изделуваат говорите во посебни јазични индивидуалности. Од друга страна, лексичкиот состав, како најподвижен дел во јазичниот систем, не треба да се потценува ни како елемент за воспоставување врските на даден говор со другите дијалекти на еден јазик, или со дијалектите на други слични јазици, поготово ако тие се наоѓаат во непосредно соседство. Во тој поглед овој дел од речникот може да ги дополнува сосем добро фонетските факти.

Во лексиката — во одделни зборови, разни петрефицирани изрази и фразеолошки единици доста често ќе најдеме запазени постари јазични промени, најчесто од фонетски карактер, што во историскиот развој на дадениот говор можеле да исчезнат дури и без трага.

Поради сето ова дијалектологот не смее да ја запоставува оваа област на јазикот.

Лексичкиот фонд на кумановскиот говор и неговото богатење денеска

§ 363. Одамна е отфрлено како неточно и ненаучно мислењето дека територијалните говори се сиромашни во изразот. Сестраното проучување на дијалектите и нивната лексика во одделни јазици покажува дека територијалните говори имаат огромен лексички фонд, во кој се содржат и маса зборови — имиња за т.н. апстрактни поими.

Ова го посведочува и нашиов говор, кој се одликува со големо богатство на зборови и изрази. Поради својот различен релјеф кумановската област обилува со разнообразен животински и растителен свет, кој, од друга страна, придонесол за развојот на разни стопански гранки (земјоделство, дрводелство, разни видови занаети, домашна рачна преработка итн., итн.). Сета таа разнообразност во материјалниот живот создавала и разнообразност во терминологијата.

§ 364. Во богатењето на речникот од друга страна многу придонесло и мешањето на населението. Голем број доселеници

од разни области (од Западна и Централна Македонија, од Косово и Призренско), кои се доселувале етапно во оваа област, стално го подновувале речникот на кумановскиот говор со зборови карактеристични за оние дијалектни средини откаде што тие иделе. По таков начин се создал голем број смисловни синоними. Бројот на синонимите понатаму се зголемувал со зборови што биле примани од околните говори и литературните јазици и по пат на директно позајмување. Примените зборови сè повеќе си пробивале пат и станувале општопознати, но едновремено останувале во употреба и месните зборови. Тој паралелизам доста добро може да се следи и денеска. Доста често се случува оние зборови што уште се чувствуваат како неудомаќени, при нивната употреба да се додадат како дополнение нивните синоними што суштествуваат како основни зборови во јазикот на говорителот. Така, на пример, покрај *ѝлеќе* се употребува *ѯрѝ*, со исто значење често се употребуваат *аљѝна* и *бъстáн*, во градот и *рóба*; паралелно со *бродáр*, *бродарѝца* Стр се среќава *вражарѝца*, како дублетен варијант *вражалѝца*; за селскиот пазач имаме два термина — *ѯољáк* и *ѯудáр*; во некои села последниов се употребува само за пазачот на лозјата. Синонимен однос имаме меѓу зборовите: *лýѯа* и *бълѯа*, *бáрка* и *чýва*, *заѯрада* и *óѯрада*, *кáра* и *ѯéра*, *обáли* и *обóри*, *обéѯ* и *рýчьᵃк*, *оѯлéдник* и *ѯрстенѝја*, *ѯрéѯас* и *рéмен*, *úска* и *сáка*, *секúра* и *брágва*, *áли* и *ѯáли*, *брдúца* и *рáлица*, *бýѯа* и *ѯрка*, *бéза* и *ѯýжва*, *боéва* и *командýје*, *ѯорýа* и *ждриѯóвина* или *џиѯóвина*, *ѯълѯáњ* и *ѯлуж*(*д*), *жéѯа* и *жежúна*, *мúжи* и *жмúе*, *заѯобóрка* и *ѯоденѝца*, *љубóвник*, *љубóвница* и *чиѯанúк*, *чиѯанѝца*, *залúсе* и *залéе*, *зѯобóрник* и *бóѓа* или *намéрник*, *искáча* и *излáза*, *оздрáве* и *исцелéе*, *целúнка* и *лéдинка*, *мéнка* и *размéна*, *úсѯо* и *съшѯо*, *ѯреѓеске* и *оѯóчке*, *úња* и *друѯа* итн. Јасно е дека во многу случаи меѓу синонимните зборови има и мали нијансирања во нивното значење, сп. *исцелéе* и *оздравéе*, *залоѯа* и *залошка* или дублетот *заложúнка* и др.

Се разбира, сите синонимни зборови не се употребуваат подеднакво нити на целата територија на овој говор, нити пак во говорот на сите претставители. На пример, зборовите: *бродар*, *иска*, *сшѯо*, *ињи* се употребуваат како синонимни само во славишките села, *ѯрéѯас*, *уруљче*, *чора* — во крајните западни.

Добар дел синонимни зборови се развиле и со примањето на туѓици. Такви има доста особено во терминологиите. Денеска, на пример, обични се во народниот говор *чес*(*ѯ*) и турскиот збор *икрам* со исто значење, *ајле* и *млоѯо* (*моѯо*), *дајма* и *сѯално* (сваки пут) и др.

Синонимите што се јавиле при замена на еден збор со друг со посилна емоционалност, или при замена на изрази и појава на разни еуфемизми, поради својата малубројност не можеле многу да придонесат во богатењето на речникот.

Карактеристично е за кумановскиот говор, па и воопшто за североисточните и источните говори, појавата на бројни дублетни форми. Причините за нивното појавување се различни. Има ду-

блетни образувања што се добиле по пат на различни изведувања — тие се главно суфиксни образувања. Особено се чести вакви кај глаголите; сп. *сте́за-сте́йња-сте́йнује, ле́ја-ле́йња-ле́йнује, проли́ка-проле́тује, ула́ја-ула́за-ула́йнује, пострáґа-пострадúња-пострадýје*; како деминутиви се јавуваат *óрле* и *орли́че* (од орел), од нокъ^{а}т — *нóкте* и *нóктиче*; сп. паралелната употреба на заменките *мимúја-нúја, њóјно-њóјзино*, или на прилозите *там-тáмо-тáмка-тáмока, тој-тýја-тýјка-тýјека, дъ^{а}нѝс-дъ^{а}нѝска-дъ^{а}нѝске* и други слични. Потоа, има разни аналогни испреплетувања и образувања со мешање на два збора, макар што таков вид зборови нема многу.

§ 365. Во врска со промените на нашиот општествен строј, со создавањето на нови политички, културни, социјални и економски односи, во речникот на нашиот јазик, земајќи ги тука и народните говори, се јавија маса нови зборови. Со устројувањето на новата власт се создадоа зборовите: одбор, милиција, собрание, од новите форми на општественото организирање никнаа зборовите: фронтовец, партиец, младинец, синдикалец и др.; со преустојувањето на селското стопанство кон колективна обработка изникнаа зборовите: укуќница, бригада, бригадир, колектив, колективец, блок и др. Во врска со новите промени што настануваат секој ден кај нас се јавуваат нови зборови кои сè повеќе и повеќе го богатат нашиот речник.

По таков начин денеска се богати и речникот на разгледуванив говор, како и на секој друг дијалект, само со таа разлика што новите зборови, кои се примаат единствено по литературен пат, често се преобразуваат и сообразуваат со гласовните закони што важат за овој говор. Така во него имаме: *милицáјъ^{а}ц*, или по народна етимологија преобразуван во *мелецáјъ^{а}ц, фрóнтовъ^{а}ц*, или *фронтовáк* спрема бројните образувања на *-ак, колектúвъ^{а}ц, укýтњица* и други слични.

Поглед врз лексичкиот состав

§ 366. Во основниот речнички фонд меѓу кумановскиот говор и нашите дијалекти во Западна и Источна Македонија нема некои поголеми диференцирања. Она што ни се чини како разновидност во однос на литературната лексика иде најчесто поради дијалектните разлики во фонетиката и во зборообразувачките морфеми. Таков е случајот, на пример, со зборовите од типот *кудеља, лука, рука*; *јабука, пужаљ, слуза*; *ичер, иште*; случаите со ъ од ъ ь: *бъчва, нъкъве, пъкъл*; образувањата од типот *донаса, пролита, прегли́ќа*; *водаруша, мрсољача, сивоња, добриња, лошоќа* итн. Повеќе отклонувања од литературната лексика се среќаваат во областа на оној дел од лексичкиот состав што го сочинуваат разни видови специјализирани терминологии. Овде ќе укажеме само на некои потипични лексички дијалектизми.

Во делот од лексиката што е сврзана со релјефот, метеорологијата, хидрографијата и разни видови природни појави речничките дијалектизми се доста мали. Во употреба е на овој терен зборот *брдо* како географски термин, кој во појужните наши дијалекти се среќава само како топоним. Жив е исто така и географскиот апелатив *би́ло*. Место меѓу два рида каде што е најпогодно за поминување се вика *про́лука* Стр, одн. *про́лук* Ор. Покрај *јáма* за дупка во пештера или карпа се употребува *јáзбина* Пч, Стр. За поголеми вдлабнатини се употребуваат *јарýга* Чет, Коин и *рóвина* Стр, Обл 'дол'. Покрај *ледина* во источниот дел на кумановската област се употребува *цели́на* Дов, Мург. Сп. уште: *брли́на* СтН, Стр 'стрмно место', *брл, -а, -о* Ор 'стрм', *бр̀кавица* Рад 'вид бела земја', *ли́нгар* Мат 'танка каменлива и неродна земја', *сганова́к* Мург 'вид камен', *и́лавица* Коин 'вид црвена леплива земја', *пешча́р* Петр 'песоклива земја'; *грби́на* Стр 'погрбен срт', *рбе́т* Ранк 'срт', *си́пиште* Рад 'нанос од вода или ветар', *скрт* Стр 'гола планинска страна, без вегетација', *смкна́тина* Руѓ 'сунатиште, спуштена земја'; *жлеб* 'прекопано место', *про́лок* Стр 'просек меѓу две карпи или два рида'; — *бýра* 'силен пороен дожд'; за 'виножито' се употребуваат два термина: *суница* и *би́но и раки́ја и óцът* Мург; *а́лина* Кум 'јак ветар', *бúволица* Стр 'циклон', *ла́павица* Стр 'лапавица', *мла́вина* Стр 'дожд и снег измешано', *напрсни́ца* Стр 'големи капки дожд кога паѓаат едноподруго', *ки́нгуле* Ранк 'облаци што носат дожд', *супра́шица* Мург и *супра́шка* Стр 'снежна прашина', *сула́дица* Ор 'ситни зрна замрзнат снег'; *жежи́на* Ор, Стр 'жега', *суопи́ња* Стр 'суша', *сло́та* Ранк, Стр 'лошо, мокро време', *ци́брас* 'цибрина'; *капчу́к* Стр 'капавец, капавица од стреа', *со́спа* Кум, Стр, Пч 'снежен нанос', *сулендáр* Пч 'мразулец од стреа'; покрај *мрас* се употребува и *лет* (лед) Ник, Дов. — Поинтересни водни имиња се: *бу́чало* Дов 'место во река каде што паѓа водата и бучи', *витла́к*, мн. *витла́ци* 'вител во река', *думóљ* Јач 'подмол', *ѓерéн* Ор 'водоврик', *мртви́ца* Дов 'напуштен речен меандер', *состáнци* Бељ 'место каде што се состануваат две реки, влив', *натљчиште* Мург 'речен нанос', *шмрк* 'мочурлива месност, мочуриште'.

Повеќе лексички дијалектизми се среќаваат во областа на растителноста и животинскиот свет. Сп. : *абът* СтН 'Sambucus ebulus', *бре́кина* Чет 'Sorbus torminalis', *глóжѓе* МлН, Ор, Мург, *ме́сечњак* Стр 'Glechoma hederaceum', *ра́пуљ* Бујк 'вид дрво од редот дабје'; — *бледничáвка* Стр 'вид трева', *букењáч* Бујк 'вид горчлива трева', *бузáлък* АгС, *глýшина* Стр 'Vicia cracca', *голопи́тњак* Мург 'вид полска трева', *дре́зга* Ник 'Nasturtium off.', *добрóвка* Град 'Teucrium chamaedrys', *змијáњ^{а}ц* Ранк 'Arum', *кајмакýља* Стр 'вид трева што им се дава на кравите за да имаат млеко', *луди́ца* Ст 'болвавица', *меки́шка* АгС 'трева, се употребува за крмење стоката', *нáѓ^{а}ц* Чел, *обрте́н* Стр 'полско цвеќе што го берат девојките за да се вртат околу нив момчињата', *пијáнка* АгС 'болвавица во жито', *подлáница* Ром 'Caucalis daucoides', *пресекли́вка* Дим,

Гин 'Hypericum perf.', *пузáљка* Стр, *спреш* Град 'Helleborus niger'; — *јужјак* Бујк 'лазач сличен на змија'; *кóштерица* Грд, Ор 'вид змија со шарени прачки згора', *престрéлка* КБ 'змија црна по боја и танка', *шилúшка* Гер 'змија што се фрла при движењето'; *шóндрак* Др 'црвец, живее во скапано дрво'[230]); *шор* Бељ, Дов 'Mustela putoribus', *кáшерица* Дов 'веверица'; *бобóвњак* Пч 'голем бел крлеж', *шушмáра* Ор 'буба мара'; — *булúшин* Чет, Ор 'вид ноќна грабливица', *гóшерка* Ст, Пч, *дрóпља* Стр 'Otis', *кáња, киселопéја* Деил 'Oriolus oriolus', *плáшушка* Деил, *трепéрка* Пч 'Coturnix coturnix', *сврáка* Стр, Рад, *чаврљýга* Чет 'Alauda', и др.

Од термините сврзани непосредно со човекот (неговото тело, физичките и психичките особини, хигиената, и др.) како дијалектни за овој терен се: *биљáк*, мн. *биљáци* Гер 'заб качор', *жлебúне* Стр, Ор 'венците над забите', *мазýл'а* 'плик на кожата', *мéзга* Пч 'танка кожичка околу месото', *мáдечка* В 'младеж на лице', *пéсница* Кум, Деил 'тупаница'; за 'глужд' се среќаваат три термина — *глéжъ^{a}њ* Дов, Ранк, Мъг, *гљáњ* Ром, *чкљан* Мург; *úљав* 'разрок', *збáбљан* Пч 'бабуњосан' и *бублóсан* Дов; *горýа* Стр 'ждриговина', *небúдница* В 'болест', *рúкавица* Рад 'голема кашлица', *сýгреј* Стр 'вид кожна болест'; за 'чекор' има два збора — *кроч* Стр, одн. *скроч* Чел, Ник, и *скрáчка* Пч, Ор.

Во областа на лексиката сврзана со роднинските односи и со возраста како дијалектизми по однос на другите наши наречја се јавуваат: *брашáнъ^{a}ц* Ранк, Пч 'внук од брат', *брашáница* 'внука од брат', *сешрúчић* 'внук од сестра', *сешрíчња* Ор 'внука од сестра', *пáјсторак* Дов 'пасинок, пасторок', *пасторкúња* 'паќерка, параќерка', *посешрúма* Отља 'сестра само по едниот родител', *посињенúк* 'посинето дете', *рáненица* Мург 'посвоено и одгледано женско дете', *сшарéјко* Коин 'старосват', *óкеb* Ор, Пч и *óкаа* Др 'очув'; — *кéжо* 'машко некрстено дете', *урýљче* Мат 'руле, рулче', *пýше* Стр 'крже', *чóрка* Пч 'женско некрстено дете', *испóрче* Деил 'мало неразвиено дете', *урúбњак* Бајл 'дете што ќе се роди пред да наполни постарото братче или сестриче една година', *кошуљáк* Одр 'машко дете што оди уште по кошула, уште не облекло гаќи', *дешшáр* Ор, *дешшиљáк* Пч 'машко дете од околу 15—17 години', *девошљáк* Стр: нé је бúла девójка тики девошљáк 'женско дете од околу 15—17 години', *мужък* Одр 'мал маж, маже', *момчáк* АгС 'момче, младич', *едноíóдъ^{a}ц* 'врсник', *намéскиња* 'втората жена кога ќе се прежени некој'.

Називи на лица според нивната работа или по некој признак психички или телесен: *бардакýља* Стр 'распуштена жена', *бежáнка* Обл 'бегалка, девојка што побегнала за момче'; *бикýља* Стр 'неработна жена', *блашнúк* Стр 'легач, неработник', *бродáр* Стр 'гатач, вражар', *бродарúца* 'вражачка', *бóћа* Мург 'наводација', *глóша* Кум 'нечиста жена', *гузодéрица* Ранк 'жена плачка', *дебељáча* Ор 'лена

[230]) Сп. схр. *pondrijeti* 'uroniti, pasti, oboriti' (RJA, s. v.), стсл. пондрѣти понрѣти (Miklosich, Lexicon, s. v.).

жена', *дру́сла* Стр 'незграпна, запуштена жена', *дукуљак* Стр 'несреќа, мрза', *душоґу́бница* 'пакосна жена', *жьґла* Стр, Др 'луталица', *заведо́јка* 'девојка што се мажи без свадба', *заґобо́рка* Бујк 'вереница, свршеница', *зґобо́рник* В 'снабник', *изе́сник*: пу́кни изе́снику изе́шъ^{а}н Стр 'изедник', *је́ткавъ^{а}ц* Стр 'човек што тепка', *куцозу́бъ^{а}ц* Стр 'човек што крцка со забите при спиење', *маала́рка* 'покуќешница', *мило́сник* СтН 'љубовник', *милому́жица* Стр 'жена што сака машко друштво', *наме́рник* Кум, Стр, Др 'снабник, наводација', *недељу́ша* Вет 'редница = жена што ја води куќата една недела', *оцепо́лко* Ор 'одрпанко', *пропа́сник* Кан 'пустикуќа', *съ^{а}пе́тничáвъ^{а}ц* Стр 'неспретник', *про́пуда* Стр 'недомаќин човек', *сма́троша* Стр 'гледачка' (син. бродарица), *супруґу́ља* Стр 'неработна жена', *че́пља* и *чепу́ља* 'жена што развикува многу, сп. гл. *чепи се*).

Вакви дијалектни зборови има особено многу од областа на битовата и производствената лексика. Сп. термини во врска со куќата и нејзиното уредување: *крибу́ља* Мал 'една крива греда на куќата', *коли́ште* Бујк 'местото во куќа каде што стојат црепните', *прекла́дник* Стр, Руѓ 'каменот што се клава околу огништето во селски куќи'; *намéска* Кум 'намештај', *самоґво́рка* Љуб 'троножно столче готово пресечено од дрво'; *ґрна́јка* Стр 'земјен сад за вино', *коґја́нче* Кум 'ваганче, копанка', *коґља́јка* Руѓ 'земјен сад со две рачки што има облик на котел', *мило́јка* Стр 'некаков земјен сад за вино', *ґасни́ца* 'тацна';

